Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

Скопје, 2011

Роза Тасевска
РЕЧНИК НА АНТОНИМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК СО РУСКИ ЕКВИВАЛЕНТИ

Рецензенти:
Проф. д-р Максим Каранфиловски
Д-р Олга Иванова

Редактор:
Таисија Попспирова

Корици:
Роза Тасевска

Компјутерска подготовка:
БороГрафика

Печати:
БороГрафика

Тираж: **300 примероци**

Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје

РОЗА ТАСЕВСКА

РЕЧНИК НА АНТОНИМИТЕ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК
СО РУСКИ ЕКВИВАЛЕНТИ

прво издание

ПРЕДГОВОР

Во основата на антонимијата лежи асоцијацијата по контраст со која се одразуваат суштинските разлики на еднородни по својот карактер предмети, појави, дејства, својства и признаци. Антонимијата претставува една од најважните лингвистички универзалии, една од суштествените димензии на лексичко-семантичкиот систем на различните јазици.

Потребата да се најде, да се избере зборот со спротивно значење, да се „уловат“ поларните појави на некое својство, признак, квалитет, претставува природна склоност на човековиот ум и често се јавува кај луѓето од најразлични професии што се интересираат за јазикот, особено кај оние чија професија е поврзана со јазикот, т.е. кај филолозите, наставниците, писателите, преведувачите, новинарите (Новиков 1984:5). Антонимијата широко се користи во фоклорот (особено во пословиците, поговорките) во поезијата, во новинарството. Посебен акцент се става на антонимијата во наставата по странски јазици.

Антонимните речници заземаат важно место меѓу лексикографските трудови. Тие ја опишуваат лексиката од аспект на семантичката опозиција на нејзините единици.

Речникот на антонимите во македонскиот јазик со руски еквиваленти според својата структура вклучува зборови со разни корени и со исти корени (разнокоренски и истокоренски антоними). Меѓу истокоренските антоними, што се нарекуваат и граматички или афиксални антоними, се изделува значителна група зборови, главно глаголи и придавки од странско потекло, кои спротивставеното значење го добиваат преку соодветни антонимни префикси, на пример: *влезе-излезе=войти-выйти, внесе-изнесе=внести-вынести, отвори-затвори=открыть-закрыть*, или со префикси што му придаваат на зборот спротивна смисла (во македонскиот јазик најчесто тоа се: *не-, без-, анти-, контра-, а-, против-, де-, дез-, диз*-(*дис-), и- аб-;* во рускиот: *не-, без-* (*бес-*)*, а-, анти-, контр-, противо-, де-, дез-* (*дес-*), *диз*-(*дис-*): *убав-неубав=красивый-некрасивый, морален-аморален=моральный-неморальный,тактичен-нетактичен=тактичный-нетактичный/бестактный, револуција-контрареволу-*

ција=револуција-контрреволуција, напад-противнапад=атака-контратака.

Повеќето антоними се зборови со различен корен. Разнокоренската антонимија ги опфаќа најважните лексичко-граматички класи (зборовни групи), особено придавките, прилозите, именките и глаголите: *висок-низок=высокий-низкий, мал-голем=маленький-большой, добар-лош=хороший-плохой; горе-долу=вверх(у)-вниз(у), блиску-далеку=близко=далеко, брзо-бавно=быстро-медленно; почеток-крај=начало-конец, вистина-лага=правда-ложь, подем-пад=подъём-упадок; крева-спушта=поднимать-спускать, сака-мрази=любить-ненавидеть, пречекува-испраќа=встречать-провожать; сè-ништо=всё-ничего, сите-никој=все-никто; овој-оној=этот-тот, да-не=да-нет, од-до=из, с- до, по* итн.

Семантичката класификација на антонимите се заснова на видот на спротивставеност. Во зависност од карактерот на означената спротивставеност антонимите се обединуваат во соодветни класи: градациски или степенести антоними (***надарен**-генијален-способен-**бездарен**=**одарённый**-гениальный-способный-**бездарный**, **умен**-способен-итар-ограничен-**глупав**=**умный**-способный-толковый-ограниченный-глупый; **жежок**-топол-млак-**ладен**= **горячий**- тёплый-тепловатый-**холодный***), комплементарни, кога негацијата на едниот пар му дава значење на другиот, зашто помеѓу нив нема ништо средно (*живот-смрт=жизнь-смерть, вистински-лажен=истинный-ложный, почитува-нарушува=соблюдать-нарушать*) и векторски (*влегува-излегува=входить-выходить, обвинува-заштитува=обвинять-защищать, изгрев-залез=восход-заход, продавач-купувач=продавец-покупатель*).

Речникот на антонимите во македонскиот јазик со руски еквиваленти содржи над 1700 антонимни парови. Во речникот се претставени и менливи и неменливи зборовни групи.

Основен извор за составување и дефинирање на антонимните парови со руски еквиваленти беа речниците:

Речник на македонскиот јазик I-III, под редакција на Б. Конески, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 1961-1966.

Речник на македонскиот јазик I-IV, под редакција на С. Велковска, К. Конески, Ж. Цветковски, Институт за македонски јазик „Крсте Мисирков“, Скопје 2003-2008.

Мургоски З., *Речник на македонскиот јазик*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 2005.

Македонско-руски речник I-III, под редакција на Р.П. Усикова, МАНУ, „Детска радост“, Скопје 1997.

Чундева Н., Најческа-Сидоровска М., Накев С., *Руско-македонски речник,* Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје 1997.

Львов М.Р., *Словарь антонимов русского языка* под редакцией Л.А. Новикова, „Терра“, Москва 1997.

Львов М.Р., *Словарь антонимов русского языка* под редакцией Л.А. Новикова, „Терра“, Москва 2008.

Колесников Н.П., *Словарь паронимов и антонимов*, „Феникс“, Ростов-на-Дону 1995.

Введенская Л.А., *Словарь антонимов русского языка*, „Феникс“, Ростов-на-Дону 1995.

Введенская Л.А., Зимин В.И., Колесников Н.П., *Словарь синонимов и антонимов*, „Феникс“, Ростов-на-Дону 2009.

Антонимите се сретнуваат во различни зборовни групи, но зборовите што го сочинуваат антонимниот пар припаѓаат главно на иста зборовна група. На пример: *млад - стар=молодой-старый* (придавки); *изгрев- залез=восход-заход* (именки); *земе-врати= взять-отдать* (глаголи); *наутро-навечер=утром-вечером* (прилози); *до-по= до-после* (предлози). Во извесен број случаи антонимен пар образуваат и зборови од различни групи. На пример *паметен-будала=умный-дурак, богаташ – сиромашен=богач-нищий* (именка и супстантивирана придавка).

Секој антонимен пар образува самостојна речничка единица. Покрај најупотребливиот, доминантен, семантички еднороден и стилски неутрален симетричен антонимен пар се наведуваат и синоними. На пример: *радост-тага= радость-грусть, радост-жал=радость-тоска, радост-болка=радость-горе.* Во отсуство на стилски неутрална варијанта се наведува симетричен, но стилски обоен антонимен пар што има широка и општоприфатлива употреба како *тазе-бајат=свежий- несвежий.*

Именките се дадени во неопределена форма во еднина.

Придавките се дадени во машки род еднина, освен во ретки примери кога се употребува само женски род, *(о)мажена-немажена=замужняя= незамужняя*.

Глаголите се даваат во трето лице еднина во двата вида со ознаката *св*. (свршен), *несв*. (несвршен).

Редот на зборовите во антонимниот пар е обусловен според традиционално утврдената практика: *војна–мир=война-мир*; според логичната или временска последователност: *изгуби–најде=по-*

терять-најти, денес-ӯтре=сегодня-завтра; според позитивни својства, дејства, чувства: *добар-лош=хороший-плохой, п̄ријат̄ен-непријат̄ен=приятный-неприятный, среќен-несреќен=счастливый-несчастный.* Во отсуство на ваква обусловеност редот е азбучен.

Секој член на антонимниот пар е снабден со толкување на значењата со кои е спротивставен на значењата на другиот пар што му дава експликативен карактер на речникот. Толкувањето на антонимите е пожелно, бидејќи зборовите не образуваат антонимни парови со сите свои значења. Освен тоа, дефинициите овозможуваат да се покаже општотото и спротивното во лексичкото значење на антонимите. Толкувањето се прави описно или преку синоними. Под толкувањата се даваат примери, без кои значењето на антонимните парови не е секогаш јасно.

Под македонските се наведуваат руските еквиваленти без дефиниции. Доколку значењата на едниот или на двата члена на антонимниот пар не се опфаќаат со еден руски збор, тогаш се наведуваат повеќе зборови или зборовни состави кои точно или најблиску ги изразуваат спротивставените значења на македонскиот антонимен пар.

На руските антонимни парови е обележан акцентот, бидејќи истиот може да стои на кој било слог во зборот, односно не е фиксиран на еден слог како во македонскиот. Кај македонските антонимни парови со акцент се обележани само зборовите што отстапуваат од правилата на акцентирање во македонскиот стандарден јазик.

Илустрациите што содржат примери на антонимни парови употребени во ист контекст се ексцерпирани од дела на македонската уметничка литература, од научна и стручна литература, од публицистиката, од разни периодични изданија, од усното народно творештво (особено поговорките и пословиците во кои поуката или поентата се изразува преку зборови со спротивно значење) или се авторски конструкции. Тие овозможуваат во доволна мера да се потврдат поупотребливите типови спротивставени значења на зборовите во речникот. Во ретки случаи под антонимните парови се дадени само дефиниции.

На крајот на речникот е даден регистар на антонимните парови двапати: по азбучен ред на првиот и на вториот пар. Антонимите што се дадени како втори имаат упатување на зборот под кој треба да се бараат. На пример: *г̄рд-* в. *убав=безобразный-красивый, лош-* в. *добар=плохой-хороший.*

Технички е решено вака: македонскиот пар е даден со големи масни букви. Руските еквиваленти се дадени со масни големи букви од помала димензија. Дефинициите се дадени со нормален шрифт. Екс-

церпираните примери од различен вид четива се дадени со курзив. Авторските конструкции (реченици или зборовни групи) се одделени со црно полно квадратче пред нив а напишани се исто така со курзив. Со празно квадратче пред примерите се обележува преносното значење на антонимите. Во сите примери антонимните парови се истакнати со масни букви.

БЛАГ – ЛУТ
СЛА́ДКИЙ/МЯ́ГКИЙ – О́СТРЫЙ/РЕ́ЗКИЙ

1. Она што содржи шеќер, мед; 2. Мирен, мек, нежен.	1. Што ги надразнува органите за вкус и мирис (пече, штипе); 2. Нервозен, остар.
▪ ***Благ*** *кромид.*	▪ ***Лут*** *кромид.*
▫ ***Благ*** *човек.*	▫ ***Лут*** *човек.*

Климент го прелеваше сосот со долга лажица, внимавајќи да ги наполни раните на рибата, низ кои таа го губеше своето ***благо*** *месо, а ги примаше нашите* ***лути*** *миродии.* Д. Солев*, Црно огледало.*

несв. ГУБИ – НАОЃА
ТЕРЯ́ТЬ – НАХОДИ́ТЬ

Останува без некого или нешто поради невнимание, отсутност.	Открива случајно или со напор, со барање.
▪ ***Губи*** *пари.*	▪ ***Наоѓа*** *пари.*
▫ ***Губи*** *пријател.*	▫ ***Наоѓа*** *пријател.*

ДОМА – НАДВОР
ДО́МА/ДОМО́Й – НА У́ЛИЦЕ/У́ЛИЦУ/НАРУ́ЖУ/ВНЕ

1. Во својата куќа, стан; 2. Во своја земја.	1. На отворено, на улица; 2. Во странство.
▪ *Одам* ***дома****.*	▪ ***Излегувам*** *надвор.*
▪ *Седам* ***дома****.*	▪ *Патувам* ***надвор****.*

И да не повторувам: поради срамот од работа ***дома*** *и поради стравот од сиромаштија* ***надвор****. Воа сме ти ние, пред порти и во светот*. Д. Солев*, Црно огледало.*

Речникот на антонимите во македонскиот јазик со руски еквиваленти сведочи за богатството на изразни средства на македонскиот јазик и нè запознава со начинот на употребата на антонимите во литературата и во говорниот јазик.

Речникот би требало да биде прилог во наставата по македонски за Руси и во наставата по руски за Македонци, но бидејќи странците што доаѓаат од универзитетите главно се слависти, па рускиот им претставува јазик-посредник во усвојувањето на македонскиот, овој речник ќе биде корисен пошироко и за сите слависти.

Авторката им изразува огромна благодарност на рецензентите - проф. д-р Максим Каранфиловски, д-р Олга Иванова и на редакторката Таисија Попспирова за ценетите забелешки и несебичната помош при изработката на Речникот.

Посебна благодарност на д-р Наташа Бороникова, македонистка од Пермскиот државен универзитет во Русија, за внимателното читање на Речникот, за бројните и многу корисни забелешки и предлози.

Авторката

А

АВЕРС – РЕВЕРС
А́ВЕРС – РЕ́ВЕРС

Предна страна на монета или медал.

Задна страна на монета или медал.

АДРЕСА́НТ – АДРЕСА́Т
ОТПРАВИ́ТЕЛЬ – ПОЛУЧА́ТЕЛЬ
АДРЕСА́НТ – АДРЕСА́Т

Оној што испраќа писмо или пратка; испраќач.

Оној што прима писмо или пратка; примач.

АКТИВ – ПАСИВ *лингв.*
АКТИ́В – ПАССИ́В
ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ ЗАЛО́Г– СТРАДА́ТЕЛЬНЫЙ ЗАЛО́Г

Работна состојба на глаголот.

Трпна состојба на глаголот.

АКТИ́ВА – ПАСИ́ВА *фин.*
АКТИ́В – ПАССИ́В

Севкупен имот на една фирма, сите нејзини потражувања (парични, материјални).

Сите долгови, обврски на една фирма.

АКТИВЕН – ПАСИВЕН
АКТИ́ВНЫЙ – ПАССИ́ВНЫЙ

Работлив, вреден, подвижен; претприемлив.

Неактивен, неработлив; рамнодушен.

▪ ***Активна*** *улога.*

▪ ***Пасивна*** *улога.*

Публиката станува ***пасивна*** *и некритички рецептивна затоа што сè повеќе се воздржува од литерарно и политичко резонирање. Со други зборови, сè е помало и сè е послабо учеството на публиката во јавниот живот, нејзиното* ***активно*** *учество.*Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

св.несв. **АКТИВИ́РА(СЕ) – ПАСИВИЗИ́РА(СЕ)**
АКТИВИЗИ́РОВАТЬ(СЯ) – ПАССИВИ́РОВАТЬ(СЯ)

Стави во дејство, забрза; стапи на работа.	Повлече од дејство; престане со работа.
▪ *Се **активира** процесот.*	▪ *Се **пасивизира** членството.*

АКТИВНО – ПАСИВНО
АКТИ́ВНО – ПАССИ́ВНО

Работно, дејствено.	Без иницијатива, рамнодушно.
▪ ***Активно** делува*	▪ ***Пасивно** набљудува*

АКТИВНОСТ – ПАСИВНОСТ
АКТИ́ВНОСТЬ – ПАССИ́ВНОСТЬ

Делување, ангажираност; учество во акција.	Бездејство, отсуство на акција.
▪ *Појавува **активност.***	▪ *Појавува **пасивност.***

АКТУЕ́ЛЕН – НЕАКТУЕ́ЛЕН
АКТУА́ЛЬНЫЙ – НЕАКТУА́ЛЬНЫЙ

Сегашен, современ, што е на дневен ред.	Што не е сегашен, надминат, застарен.
▪ ***Актуелен** настан.*	▪ ***Неактуелен** настан.*

АКУТЕН – ХРОНИЧЕН
БЕЗОТЛАГА́ТЕЛЬНЫЙ/О́СТРЫЙ/НЕОТЛО́ЖНЫЙ – ХРОНИ́ЧЕСКИЙ

Брз, критичен, неодложен (проблем, болест).	Проблем или болест што трае долго време.

*Последица на тоа е раѓањето на длабока дезориентација, психолошка збрканост и, со самото тоа, на **хронична** или **акутна** паника и тескобност.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

АЛКОХОЛЕН – БЕЗАЛКОХОЛЕН
АЛКОГО́ЛЬНЫЙ – БЕЗАЛКОГО́ЛЬНЫЙ

Она што е од алкохол; што содржи алкохол.

Без присуство на алкохол.

▪ ***Алкохолен*** *пијалак.*

▪ ***Безалкохолен*** *пијалак.*

АЛТРУИ́ЗАМ – ЕГОИ́ЗАМ
АЛЬТРУИ́ЗМ – ЭГОИ́ЗМ

Несебичност, љубов кон другите луѓе.

Себичност, ставање на своите интереси пред општите.

АЛТРУИ́СТ – ЕГОИ́СТ
АЛЬТРУИ́СТ – ЭГОИ́СТ

Несебичен, благороден човек.

Себичен, себељубив човек.

▪ *Тој е* ***алтруист****.*

▪ *Тој е невиден* ***егоист****.*

АНАЛИ́ЗА – СИНТЕ́ЗА
АНА́ЛИЗ – СИ́НТЕЗ

Расчленување, разложување целина на нејзини делови.

Спојување, составување делови во целина.

АНАЛИТИЧКИ – СИНТЕТИЧКИ
АНАЛИТИ́ЧЕСКИЙ – СИНТЕТИ́ЧЕСКИЙ

Што се служи со анализа; заснован на анализа.

Што се служи со синтеза; заснован на синтеза.

▪ ***Аналитички*** *метод на истражување.*

▪ ***Синтетички*** *метод на истражување.*

АПСОЛУ́ТЕН – РЕ́ЛАТИ́ВЕН
АБСОЛЮ́ТНЫЙ – ОТНОСИ́ТЕЛЬНЫЙ

Независен од какви и да е услови, релации; неограничен, безусловен.

Што постои во рамките на некои детерминирани релации; условен, ограничен.

▪ ***Апсолутна*** *вредност.*
▪ *Не постои* ***апсолутна*** *слобода.*

▪ ***Релативна*** *вредност.*
▪ *Верноста на преводот е само* ***релативна****.*

АПСОЛУ́ТНО – РЕ́ЛАТИ́ВНО
АБСОЛЮ́ТНО – ОТНОСИ́ТЕЛЬНО

Безусловно; неограничено, независно.

Условно; ограничено; вака или онака.

▪ ***Апсолутно*** *точно.*

▪ ***Релативно*** *точно.*

АРЕН *разг.* **– ЛОШ**
ХОРО́ШИЙ/ГО́ДНЫЙ – ПЛОХО́Й

Добар; што има позитивни својства; точен, убав, успешен.

Што има негативни својства; што не е добар, не е точен, не е успешен.

▪ ***Арен*** *човек****.***

▪ ***Лош*** *човек****.***

АРНО *разг.* **– ЛОШО**
ХОРОШО́ – ПЛО́ХО

Добро; тоа што има позитивни својства; точно, убаво, успешно.

Тоа што има негативни својства; што не е точно, неуспешно.

▪ ***Арно*** *прави.*

▪ ***Лошо*** *прави.*

ø *Но понекогаш тоа е така во животот, кога чекаш нешто* ***најарно*** *тоа доаѓа* ***најлошо****, а понекогаш се случува и обратно, така сега беше и со мене, ме погоди голема среќа.* Ж. Чинго*, Накусо;*

ø ***Арно*** *си е арно поминува, ама* ***лошото*** *никогаш не се заборава.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен.*

АРО́МА – СМРДЕА
АРОМА́Т – ВОНЬ/ЗЛОВО́НИЕ

Мирис обично пријатен.

Лош мирис.

▪ *Од кујната излегува пријатна* ***арома****.*

▪ *Однекаде доаѓа страшна* ***смрдеа****.*

АРХАИ́ЗАМ – НЕОЛОГИ́ЗАМ *линг.*
АРХАИ́ЗМ – НЕОЛОГИ́ЗМ

Застарен збор или израз; преживеана старина.

▪ *'Аферим' (браво!) е* ***архаизам****.*

Нов збор или израз и стар збор со ново значење.

▪ *'Тендер' е* ***неологизам*** *и многу згоден за „чесни" зделки.*

несв. **АРЧИ** *разг.* **– ШТЕДИ**
ТРА́ТИТЬ – ЭКОНО́МИТЬ

Троши (пари, време, средства, енергија).

▪ ***Арчи*** *пари.*
▫ ***Арчи*** *зборови.*

Троши умерено (пари, време, средства, енергија).

▪ ***Штеди*** *пари.*
▫ ***Штеди*** *зборови.*

АТА́КА – КОНТРААТА́КА
АТА́КА – КОНТРАТА́КА

Напад, налет, јуриш.

▪ *Оди во* ***атака.***

Напад со цел одбивање напад.

▪ *Оди во* ***контраатака.***

АФИРМАТИ́ВЕН – НЕГАТИ́ВЕН
УТВЕРДИ́ТЕЛЬНЫЙ – ОТРИЦА́ТЕЛЬНЫЙ

Потврден, позитивен.

▪ ***Афирмативен*** *одговор.*

Одречен, негативен.

▪ ***Негативен*** *одговор.*

АФИРМАЦИЈА – НЕГАЦИЈА
УТВЕРЖДЕ́НИЕ – ОТРИЦА́НИЕ

Потврда, поткрепа, признавање.

▪ *Општа* ***афирмација.***

Одрекување, одбивање, непризнавање.

▪ *Целосна* ***негација.***

Б

БЕЗ – СО
БЕЗ – С/СО

Отсуство на некој или нешто; немање, недостаток.	Присуство на некој или нешто (друштво, инструмент).
▪ ***Без*** *пријател.*	▪ ***Со*** *пријател.*
▪ ***Без*** *љубов.*	▪ ***Со*** *љубов.*

Дали од пребрзото темпо или од мачнината што е сам ***без*** *своето семејство, наеднаш ќе станеше од компјутерот* ***со*** *болки во грбот... и онака висок и несмасен ќе се спростреше на паркетот.* Д. Михајловски, *Избор;*

Тешко тебе ***со*** *мене, вели Варвара, ама тешко тебе и* ***без*** *мене.* П. М. Андреевски, *Последните селани;*

За време на мандатот, членовите на Финансискиот суд не смеат да вршат други работи ***со*** *надомест или* ***без*** *надомест.* Т. Бендевски, *Право на Европска унија.*

БЕЗБЕДЕН – ОПАСЕН
БЕЗОПА́СНЫЙ – ОПА́СНЫЙ

Сигурен, неопасен.	Небезбеден, несигурен.
▪ ***Безбеден*** *град.*	▪ ***Опасен*** *град.*

БЕЗБЕДНО – ОПАСНО
БЕЗОПА́СНО – ОПА́СНО

Сигурно, неопасно.	Небезбедно, несигурно.
▪ ***Безбедно*** *за живеење.*	▪ ***Опасно*** *за живеење.*

БЕЗБЕДНОСТ – ОПАСНОСТ
БЕЗОПА́СНОСТЬ – ОПА́СНОСТЬ

Сигурност, неопасност.	Несигурност, небезбедност.
▪ *Гаранција за* ***безбедност.***	▪ *Борба против* ***опасности.***

БЕЗОПАСЕН – ОПАСЕН
БЕЗОПА́СНЫЙ – ОПА́СНЫЙ

Што не може да доведе во опасност или да предизвика опасност; безбеден.

▪ ***Безопасно*** *животно.*

Што носи, претставува или вклучува опасност или штета; ризичен.

▪ ***Опасно*** *животно.*

БЕЛ – ЦРН
БЕ́ЛЫЙ – ЧЁРНЫЙ

Што има боја на снег, на млеко.

▪ ***Бел*** *мантил.*

Што има боја на јаглен, на саѓи.

▪ ***Црн*** *мантил.*

Ама кој многу и искрено љуби, многу и за на век ќе страда; како еднаш што рече Алах, ќе го види и ***бело*** *море и* ***црно*** *море пак аир и бериќет не ќе видит.* Ж. Чинго*, Накусо;*

*Кој мислиш да победи, велам јас***,** ***белине*** *или* ***црнине*** *пилишта? Јас сум за белине, вели Јон, јас сум за сонцето, ајде да копаме, вели, пченкава во нас глега!...* П. М. Андреевски*, Пиреј;*

Секогаш дали е мачката ***црна*** *или* ***бела****, само да лови глувци. Посл.*

БЕЛО – ЦРНО
БЕЛОЕ – ЧЁРНОЕ

Што има бела боја.

Што има црна боја.

А тоа пак предизвикуваше и многу други непријатности, нели се знае каков е нашиов народ, ако му речиш ***бело****, тој ќе рече* ***црно****, само да биде на неговото...* Ж. Чинго*, Накусо.*

несв. **БЕЛЕЕ СЕ – ЦРНЕЕ СЕ**
БЕЛЕ́ТЬ – ЧЕРНЕ́ТЬ

Постанува бел; паѓа во очи со белина; се одделува со својата бела боја.

▪ ***Се белее*** *снегот.*

Постанува црн; добива црна, темна боја.

▪ ***Се црнеат*** *облаци.*

БИВШ – ИДЕН
БЫ́ВШИЙ – БУ́ДУЩИЙ

Поранешен, некогашен, екс.

▪ ***Бивш*** *студент.*

Што доаѓа, следен, нареден.

▪ ***Иден*** *професор.*

БИВШ – СЕГАШЕН
БЫ́ВШИЙ – ТЕПЕ́РЕШНИЙ/НЫ́НЕШНЫЙ

Поранешен, некогашен, екс.

▪ ***Бивша*** *манекенка.*

Што постои, се јавува, или е таков сега.

▪ ***Сегашна*** *директорка.*

БИСТАР – МАТЕН
ПРОЗРА́ЧНЫЙ – МУ́ТНЫЙ

1. Чист, прозирен;

2. Ведар, јасен.

▪ ***Бистра*** *вода.*
▫ ***Бистра*** *глава.*

1. Непрозирен, нечист, валкан;
2. Маглив, нејасен.

▪ ***Матна*** *вода.*
▫ ***Матна*** *вглава.*

И насетувам дека имало и некоја друга
пуста правда,
освен мојата,
дека во животот сè се израмнувало
во приливите меѓу доброто и злото
како ***матна*** *и* ***бистра*** *река кога ќе се стават,*
како бранови во море што се успокојува.

Б. Конески, *Избрани дела;*

▫*...и пак преку плуканка горчината ја снемува и* ***бистра*** *мисла* ***матните*** *мисли ги прекрива.* Г. Тодоровски, *Трепетлика.*

БИСТАР – ГЛУПАВ/ГЛУП
СООБРАЗИ́ТЕЛЬНЫЙ – ГЛУ́ПЫЙ
СМЕ́ТЛИВЫЙ – ОГРАНИ́ЧЕННЫЙ

Кој сфаќа брзо и лесно; остроумен, проникliв.

▫ *Тој е* ***бистар*** *човек.*

Кој е со ограничени умствени способности; неинтелигентен.

▪ *Тој е* ***глуп*** *човек.*

БИСТАР – ТАП
СООБРАЗИ́ТЕЛЬНЫЙ – ТУПО́Й

Кој сфаќа брзо и лесно; остроумен, проникliв.	Ограничен, кој тешко сфаќа; глуп.
▫ ***Бистар*** *човек.*	▫ ***Тап*** *човек.*

БИТЕН – НЕБИТЕН
СУЩЕ́СТВЕННЫЙ – НЕСУЩЕ́СТВЕННЫЙ

Што е важен, значаен.	Што не е важен, не е значаен
▪ *Тоа е* ***битен*** *проблем.*	▪ ***Небитна*** *работа.*

БИТНО – НЕБИТНО
СУЩЕ́СТВЕННОЕ/ВА́ЖНОЕ – НЕВА́ЖНОЕ

Што е важно, значајно.	Што не е важно, не е значајно.

ø Во богатството информации важно е да научиме да го разликуваме ***битното*** *од* ***небитното*** *на нивната содржина.*Т.Груевски, *Историја на новинарството.*

БЛАГ – ЛУТ
СЛА́ДКИЙ/МЯ́ГКИЙ – О́СТРЫЙ/РЕ́ЗКИЙ

1. Она што содржи шеќер, мед; 2. Мирен, мек, нежен.	1. Што ги надразнува органите за вкус и мирис (пече, штипе); 2. Нервозен, остар.
▪ ***Благ*** *кромид.*	▪ ***Лут*** *кромид.*
▫ ***Благ*** *човек.*	▫ ***Лут*** *човек.*

Климент го прелеваше сосот со долга лажица, внимавајќи да ги наполни раните на рибата, низ кои таа го губеше своето ***благо*** *месо, а ги примаше нашите* ***лути*** *миродии.* Д. Солев, *Црно огледало.*

БЛАГО – ЛУТО
СЛА́ДКОЕ/МЯ́ГКО – О́СТРОЕ/РЕ́ЗКО

1. Што содржи шеќер, мед; 2. На благ начин; смирено,	1. Што ги надразнува органите за вкус и

меко, нежно.

мирис (пече, штипе);
2. На лут начин; нервозно, остро.

ø Многу сакам ***благо.***
▫ *Го праша* ***благо.***

ø Не јадам ***луто.***
▫ *Му се обрати* ***луто.***

БЛАГ – ГОРЧЛИВ
СЛА́ДКИЙ – ГО́РЬКИЙ

1. Што има вкус на шеќер, мед; 2. Добар, пријатен.

1. Што има вкус на пелин, кинин; 2. Мачен, непријатен.

▪ ***Благи*** *семки.*
▫ ***Благ*** *живот.*

▪ ***Горчливи*** *семки.*
▫ ***Горчлив*** *живот.*

БЛАГ – ОСТАР
ПЛА́ВНЫЙ– КРУТО́Й/РЕ́ЗКИЙ
МЯ́ГКИЙ – СУРО́ВЫЙ

1. Што врти, што го менува правецот постепено; 2. Мек, не многу студен; 3. Смирен, нежен, мек.

1. Што врти, што го менува правецот нагло;
2. Лут, студен;
3. Нервозен, лут, строг.

▫ ***Блага*** *кривина.*
▫ ***Блага*** *зима.*
▫ ***Блага*** *казна.*

▫ ***Остра*** *кривина.*
▫ ***Остра*** *зима.*
▫ ***Остра*** *казна.*

БЛАГ – СТРОГ
МЯ́ГКИЙ/НЕ́ЖНЫЙ – СТРО́ГИЙ

Кој е мек по карактер; попустлив.

Кој е непопустлив во своите барања.

▫ ***Благ*** *по карактер.*

▪ ***Строг*** *по карактер.*

БЛАГО – СТРОГО
ЛА́СКОВО – СТРО́ГО

На благ начин; меко, попустливо.

На строг начин; тврдо, непопустливо.

▫ ***Благо*** *се однесува.*

▪ ***Строго*** *се однесува.*

БЛАГ – СУРОВ
МЯ́ГКИЙ – СУРО́ВЫЙ

1. Нежен, кроток, ненасилен;
2. Не многу студен; мек.

▫ ***Благ*** *родител.*
▫ ***Блага*** *зима.*

1. Немилосрден, груб; жесток, тврд;
2. Јак, остар.

▫ ***Суров*** *родител.*
▫ ***Сурова*** *зима.*

БЛАГО – СУРОВО
МЯ́ГКО – СУРО́ВО/ГРУ́БО

На нежен, ненасилен начин.

▫ ***Благо*** *настапува.*

На суров начин, грубо.

▫ ***Сурово*** *настапува.*

БЛАГОРОДЕН – НЕБЛАГОРОДЕН
БЛАГОРО́ДНЫЙ – НЕБЛАГОРО́ДНЫЙ

Што има високи морални својства; хуман, великодушен.

▪ ***Благороден*** *гест.*

Што не е благороден, не е хуман, великодушен.

▪ ***Неблагороден*** *гест.*

БЛАГОРОДЕН – НИЗОК
БЛАГОРО́ДНЫЙ – НИ́ЗКИЙ/ПО́ДЛЫЙ/БЕСЧЕ́СТНЫЙ

Што има високи морални својства; хуман, великодушен.

▪ ***Благородни*** *луѓе.*

Што е неморален, нечесен, ништожен.

▫ ***Ниски*** *луѓе.*

БЛАГОРОДНОСТ – НИСКОСТ
БЛАГОРО́ДСТВО – НИ́ЗОСТЬ

Висока моралност, пожртвуваност и чесност.

Ниска, неморална нечесна постапка.

БЛАГОРОДЕН – ПОДОЛ
БЛАГОРО́ДНЫЙ – ПО́ДЛЫЙ

Кој има високи морални својства; хуман, великодушен.

▪ ***Благороден*** *човек.*

Кој е неморален, нечесен; кој е со злобни намери.

▪ ***Подол*** *човек.*

БЛАГОРОДНОСТ – ПОДЛОСТ
БЛАГОРО́ДСТВО – ПО́ДЛОСТЬ

Висока моралност, пожртвуваност и чесност.

Подла, неморална нечесна постапка.

БЛАГОСЛОВ – КЛЕТВА
БЛАГОСЛОВЕ́НИЕ – ПРОКЛЯ́ТИЕ

Посакување добро, среќа некому со повикување божја милост.

Посакување зло некому со повикување натприродни сили.

▪ *Даде* ***благослов.***

▪ *Изрече* ***клетва.***

Ги оставивме мускулите на село,
Ги оставивме легендите, ливадите, лошините,
Зарециите, ***клетвите, благословите****.*

Г. Тодоровски, *Зборови од земја и од злато.*

БЛАГОСЛОВЕН – ПРОКЛЕТ
БЛАГОСЛОВЕ́ННЫЙ – ПРОКЛЯ́ТЫЙ

1. Што примил благослов; 2. Благотворен, корисен; блажен, среќен.

1. Што е проколнат; омразен; 2. Злобен, пакосен; несреќен.

И заспав, ме одвлекоа ѓороите на сиот јад ѓод черноѓорицата на ѓовеќе ***проклетата*** *отколку* ***благословена*** *мала Склавинија или вчерашна Византија.* С. Јаневски, *Кучешко распетие.*

БЛЕД – РОЗОВ
БЛЕ́ДНЫЙ – РО́ЗОВЫЙ/РУМЯ́НЫЙ

Без природно руменило (за лице, кожа...)

Што има светлоцрвена боја (за лице, кожа...)

▪ ***Бледо*** *лице.*

▪ ***Розово*** *лице.*

БЛЕД – ЦРВЕН
БЛЕ́ДНЫЙ– РУМЯ́НЫЙ

Без природно руменило (за лице, кожа...).

Што има црвена боја (за лице, кожа...).

▪ ***Бледи*** *усни.*

▪ ***Црвени*** *усни.*

несв. **БЛЕДНЕЕ – ЦРВЕНЕЕ**
БЛЕДНЕ́ТЬ – КРАСНЕ́ТЬ

Станува блед; губи природно руменило,

▪ *Болниот* ***бледнее.***

Станува црвен; се изделува со црвена боја.

▪ *Здравиот* ***црвенее.***

несв. **БЛЕСНУВА – ГАСИ СЕ**
ВСПЫ́ХИВАТЬ – ГА́СНУТЬ

Светнува силно; дава отсјај.

Прекинува да свети; исчезнува.

Една вечер Ленче во градината бркаше светулки, но не успеа да фати, оти де ***блеснуваа****, де* ***изгаснуваа****, така е и со нас, мислеше.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

несв. **БЛИЖИ СЕ – ОДДАЛЕЧУВА СЕ**
ПРИБЛИЖА́ТЬСЯ – УДАЛЯ́ТЬСЯ

Доаѓа поблиску просторно и временски.

▪ *Возот* ***се ближи.***
▪ *Староста* ***се ближи.***

Заминува подалеку просторно и временски.

▪ *Возот* ***се оддалечува.***
▪ *Младоста* ***се оддалечува.***

По една од неколкуте стрмнини лево и десно се тркалаше дробен камен под шепи на претпазливо животно, можеби рис, а можеби и мечок, и не се ***ближеше*** *како што не се ни* ***оддалечуваше****.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

БЛИЗИНА – ДАЛЕЧИНА
БЛИЗЬ – ДАЛЬ

Мало растојание во простор и време.

▪ *Во непосредна* ***близина.***

Големо растојание во простор и време.

▪ *На голема* ***далечина.***

БЛИЗОК – ДАЛЕЧЕН
БЛИ́ЗКИЙ – ДАЛЁКИЙ/УДАЛЁННЫЙ

1. Што е на мала оддалеченост, растојание; 2. Неодамнешен

1. Што е на голема оддалеченост, на

скорашен; 3. Тесно поврзан роднински или пријателски.

▪ ***Блиска*** *земја.*
▪ ***Блиска*** *иднина.*
▪ ***Близок*** *роднина.*

големо растојание;
2. Одамнешен;
3. Што е во слаба роднинска врска.

▪ ***Далечна*** *земја.*
▪ ***Далечно*** *минато.*
▪ ***Далечен*** *роднина.*

...на таков начин се овековечуваат, нациите, народите, од тие гробови се прават приказни за дечињата и кога ќе патуваш по патиштата, кога ќе видиш такви шарени камења на некои заборавени гробови, во душата ќе си замислиш едно време полно со јунаштини и силни луѓе и горд си дека си и ти ***близок*** *или* ***далечен*** *потомок на тие времиња и тие луѓе.* М. Фотев, *Потомците на Кат;*

ø...делникот платена денгуба, делникот пот и крв,
делникот што нè дели на ***далечни*** *и* ***блиски***
делникот шанса на добри и шанса на лоши,
делникот останат без поет,
делникот обврска за да се живее.

Г. Тодоровски, *Зборови од земја и од злато.*

БЛИЗОСТ – ДАЛЕЧИНА
БЛИ́ЗОСТЬ – ДАЛЬ

Мало растојание во простор и време.

Големо растојание во простор и време.

За оној што се бара, ***далечината*** *привлекува а* ***близоста*** *одбива.* Д. Солев, *Црно огледало.*

БЛИЗОК – ТУЃ
БЛИ́ЗКИЙ – ЧУЖО́Й/НЕПОНЯ́ТНЫЙ

1. Тесно поврзан пријателски или роднински;
2. Познат, разбирлив, сличен.

▪ ***Блиски*** *луѓе.*
▫ ***Блиска*** *научна област.*

1. Што не е свој, што не е близок; 2. Непознат, неразбирлив.

▪ ***Туѓи*** *луѓе.*
▫ ***Туѓи*** *идеи.*

БЛИЗУ/БЛИСКУ – ДАЛЕКУ
БЛИ́ЗКО – ДАЛЕКО́

На мало растојание просторно и временски.

▪ ***Близу*** *до градот.*
▪ ***Блиску*** *до мене.*

На големо растојание просторно и временски.

▪ ***Далеку*** *од градот.*
▪ ***Далеку*** *од мене.*

Сандар ги слушаше што зборуваа како низ магла, беше некаде ***далеку*** *во мислите, не, не, мислите му се вртеа* ***близу****, околу куќа, но беше задлабочен во тие мисли и како да ги слушаше домашните искачен на некој врв.*. М. Фотев*, Потомците на Кат;*

Јас бев замислен прво во мечтите на едно селско сираче гонето од маштеа. Потурната Пепелашка. Мајко моја, колку сме ***далеку****, колку сме* ***блиску****!* Б. Конески*, Избрани дела.*

БОГАТ – БЕДЕН
БОГА́ТЫЙ – БЕ́ДНЫЙ

Кој има имот, пари, материјални добра.

▪ ***Богат*** *човек.*

Кој нема имот, пари, материјални добра.

▪ ***Беден*** *човек.*

БОГАТСТВО – БЕДА
БОГА́ТСТВО – БЕ́ДНОСТЬ

1. Поседување имот, пари, материјални добра;
2. Духовно богатство.

▪ *Не се живее со* ***богатство****, туку со човек.*

1. Немање имот, пари, материјални добра неопходни за живот;
2. Духовна сиромашност.

▪ *Цел век живее во* ***беда****.*

БОГАТ – СИРОМАВ/СИРОМАШЕН
БОГА́ТЫЙ – НЕИМУ́ЩИЙ/НИ́ЩИЙ

Кој има доста материјални добра, имот.

▪ ***Богат*** *човек.*

Кој нема доволно пари или средства за удобен живот

▪ ***Сиромав*** *човек.*

...таа редовно даваше часови на децата од побогатите биголчани ако тогаш воопшто можеше некој да се нарече ***побогат*** *или* ***посиромав.*** Д. Михајловски*, Избор;*

ø Може затоа понекогаш и ***богатите*** *мислат како* ***сиромаси*** *и сакаат повеќе отколку што можат да носат, си вели Трајан Ендековски.* П. М. Андреевски*, Последните селани;*

ø Разбираш, ќе немат ***богати*** *и* ***сиромаси****, едно лепче ќе се делит на сите, не ќе имаш гладен, не ќе имаш жедни, власт народна, човече.* Ж. Чинго*, Накусо.*

БОГАТАШ – СИРОМАШЕН/СИРОМАВ
БОГА́Ч – БЕДНЯ́К

Човек што има богатство.

Човек што нема средства.

ø Оној Кулиц, претседателот, велеше „на ***богаташот*** *му треба сал еден ден да стане двојно побогат, а на* ***сиромашниот*** *два за да стане двојно посиромашен“.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен;*

ø Немој да мислиш дека не го сфатив веднаш твојот однос. Јас само ти простив во оној исти миг, како што ***сиромавиот*** *му простува на* ***богаташот*** *кого што секогаш би можел да го презре.* Б. Конески*, Избрани дела.*

несв. БОГАТИ(СЕ) – ОСИРОМАШУВА
БОГАТЕ́ТЬ – БЕДНЕ́ТЬ

1. Прави богат, збогатува; станува богат;
2. Зголемува се.

▪ *Некои луѓе* ***се богатат*** *лесно.*

1. Прави сиромав или посиромав; станува сиромав; 2. Намалува се.

▪ *Некои* ***осиромашуваат*** *лесно.*

БОГАТО – СИРОМАШКИ/СИРОМАШНО
БОГА́ТО – БЕ́ДНО

На богат начин; изобилно.

▪ *Да живееш* ***богато****, треба да имаш пари.*

Како сиромав; оскудно.

▪ *Немаме многу пари, живееме* ***сиромашки****.*

БОГАТСТВО – СИРОМАШТИЈА
БОГА́ТСТВО – НИЩЕТА́

Поседување имот, пари, материјални добра.

Немање имот, пари, материјални добра неопходни за живот.

▪ *Ако **богатството**, како што велат, не носи среќа, **сиромаштијата** – ич.*

*Простикави, тие не знаат дека човекот живее право и најред, секогаш дали газел по мермер или кал, дали по градини или песочни пустини, дали во **богатство** или **сиромаштија**.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

БОГАТ – СКУДЕН
БОГА́ТЫЙ – СКУ́ДНЫЙ/УБО́ГИЙ

Обилен, добар, голем.

Мал, недоволен, слаб, сиромашен.

▫ *Книгата е **богата** со податоци.*
▪ *Масата е **богата** со јадење.*
▫ *Тој има **богат** речник.*

▫ *Во книгата има **скудни** податоци.*
▪ *Имаше **скудно** јадење.*
▫ *Тој има **скуден** речник.*

БОГАТО – СКУДНО
БОГА́ТО – СКУ́ДНО/БЕ́ДНО/УБО́ГО

1. Обилно, добро;
2. Раскошно, во изобилство.

1. Слабо, недоволно;
2. Без доволно пари или средства.

▪ *Нивата раѓа **богато.***
▪ *Живее **богато.***

▪ *Нивата раѓа **скудно.***
▪ *Живее **скудно.***

несв. **БРАНИ – ДОЗВОЛУВА**
ЗАПРЕЩА́ТЬ – РАЗРЕША́ТЬ

Не дозволува, скратува, забранува, спречува.

Дава дозвола или согласност, допушта.

▪ *Ми **брани** да пушам.*
▪ *Му **брани** да влезе.*

▪ *Ми **дозволува** да пушам.*
▪ *Му **дозволува** да влезе.*

св. **ЗАБРАНИ – ДОЗВОЛИ**
ЗАПРЕТИ́ТЬ – РАЗРЕШИ́ТЬ

Воведе забрана; одбие да даде дозвола.

Даде дозвола, дозволи.

▪ *Ми* ***забрани*** *да пијам.*

▪ *Ми* ***дозволи*** *да слушам.*

БРГУ/БРЗО – ПОЛЕКА
БЫ́СТРО – МЕ́ДЛЕННО

На брз начин; брзо.

На бавен начин; бавно.

▪ *Одам* ***брзо.***
▪ *Зборува* ***брзу.***

▪ *Одам* ***полека.***
▪ *Зборува* ***полека.***

Стево*: Многу* ***брзо*** *судите за мене.*
Сара*: Зар може да се суди* ***полека****?* Г. Стефановски*, Диво месо.*

БРЗ – БАВЕН
БЫ́СТРЫЙ – МЕ́ДЛЕННЫЙ

Кој во покусо време поминува поголемо растојание или прави нешто за кусо време; што протекува со голема брзина.

Кој за долго време поминува кусо растојание или прави нешто за подолго време; што протекува со мала брзина.

▪ *Оди со* ***брзи*** *чекори.*
▪ ***Брз*** *е во пишување.*

▪ *Оди со* ***бавни*** *чекори.*
▪ ***Бавен*** *е во пишување.*

Поважните изрази на темпа можат да се поделат во три основни групи: ***бавни****, умерени и* ***брзи****. Секое од нив има свои нијанси.* К. Лазаров, *Основи на музичката теорија.*

БРЗО – БАВНО
БЫ́СТРО – МЕ́ДЛЕННО

На брз начин.

На бавен начин.

▪ *Зборува* ***брзо****.*
▪ *Вози* ***брзо****.*

▪ *Зборува* ***бавно****.*
▪ *Вози* ***бавно****.*

...„Кажете ми човек, жив или мртов што нема своја приказна... Овде се родил онде се родил, вака растел онака растел,

несвесен се вљубил свесен се одљубил, млад се женел стар се женел, не се женел, болен бил не бил болен, пред умирање кажал нешто не кажал ништо, умирал ***бавно*** *умирал* ***брзо*** *и точка.* Д. Михајловски*, Избор;*

Антим ја завлече раката во ленената торба призалепена на левиот колк и ***бавно****, за мене* ***пребрзо*** *за да се соземам, извади, држејќи ја за врат, сива отровница со тапо рокче на премалата глава.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

БРЗ – ПИПАВ
БЫ́СТРЫЙ/СПО́РЫЙ – НЕРАСТОРО́ПНЫЙ/КРОПОТЛИ́ВЫЙ

1. Кој во кусо време сработува повеќе; прави нешто за кусо време; 2. Што протекува со голема брзина.

- ***Брз*** *е во рацете.*
- *Шиењето е* ***брза*** *работа.*

1. Кој е спор во работа; тром, невешт, неодлучен; 2. Што бара многу внимание, напрегање, трпеливост;

- ***Пипав*** *е во рацете.*
- *Везењето е* ***пипава*** *работа.*

БРЗО – ПИПАВО
БЫ́СТРО/СРО́ЧНО – НЕРАСТОРО́ПНО

За кусо време, веднаш.

- *Работи* ***брзо****.*

Бавно, невешто; внимателно трпеливо.

- *Работи* ***пипаво****.*

БРЗ – ТРОМ
БЫ́СТРЫЙ – МЕДЛИ́ТЕЛЬНЫЙ

Што за кусо време поминува големо растојание; прави нешто за кусо време; што протекува со голема брзина.

- ***Брз*** *е во спремање.*
- ***Брз*** *човек.*

Што се движи тешко, бавно, мрзливо, без волја.

- ***Тром*** *е во спремање.*
- ***Тром*** *човек.*

БРЗО – ТРОМО/ТРОМАВО
БЫ́СТРО – ВЯ́ЛО/НЕПОВОРО́ТЛИВО

На брз начин.

▪ ***Брзо*** *се движи.*

На тром начин.

▪ ***Тромо*** *се движи.*

Од скок застана на полегнатото стебло и заигра, најпрвин тврдо и ***тромаво****, потоа* ***забрзано****, смешно, на една нога.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

БРОИТЕЛ – ИМЕНИТЕЛ
ЧИСЛИ́ТЕЛЬ – ЗНАМЕНА́ТЕЛЬ

Бројот над цртата во дропка; деленик.

Бројот под цртата во дропка; делител.

Видот на тактот дропката го означува на тој начин што нејзиниот ***броител*** *покажува од колку дела се состои тактот, а* ***именителот*** *покажува која нотна вредност служи како таков дел.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

БРУТО – НЕТО
БРУ́ТТО – НЕ́ТТО

1. Приход без одбиени трошоци; 2. Тежина со амбалажа.

▪ ***Бруто*** *плата.*
▪ ***Бруто*** *тежина.*

1. Приход по одбиени трошоци; 2. Тежина без амбалажа.

▪ ***Нето*** *плата.*
▪ ***Нето*** *тежина.*

В

В (ВО) – ОД
В (ВО) – ИЗ/С/ОТ

Означува насоченост кон внатре.

▪ *Влезе* ***во*** *двор.*
▪ *Седне* ***во*** *фотеља.*
▫ *Влезе* ***во*** *мојот живот.*
▫ *Влезе* ***во*** *долг.*

Означува оддалечување, излегување од некаде.

▪ *Излезе* ***од*** *двор.*
▪ *Стане* ***од*** *фотеља.*
▫ *Излезе* ***од*** *мојот живот.*
▫ *Излезе* ***од*** *долг.*

*Ни ќар ни зијан, - рече Трајко кога си дојде со новата невеста, една **од** порта, друга **в** порта.* С. Попов, *Крпен живот.*

ВАЖЕН – НЕВАЖЕН
ВА́ЖНЫЙ – НЕВА́ЖНЫЙ
ЗНАЧИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕЗНАЧИ́ТЕЛЬНЫЙ

Што има големо значење; што заслужува посебно внимание.

- ***Важна** личност.*
- ***Важен** податок.*
- ***Важен** настан.*

Што нема големо значење; што не заслужува посебно внимание.

- ***Неважна** личност.*
- ***Неважен** податок.*
- ***Неважен** настан.*

ВАЖЕЧКИ – НЕВАЖЕЧКИ
ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ
ДЕ́ЙСТВУЮЩИЙ – НЕДЕ́ЙСТВУЮЩИЙ

Што важи, што е во сила.

- ***Важечки** билет.*
- ***Важечки** закон.*
- ***Важечка** победа.*

Што не важи, што не е во сила.

- ***Неважечки** билет.*
- ***Неважечки** закон.*
- ***Неважечка** победа.*

ВАЖНО – НЕВАЖНО
ВА́ЖНО – НЕВА́ЖНО

Значајно, сериозно.

- ***Важно** е за оваа работа.*
- ø ***Важното** треба да се знае.*

Безначајно, небитно.

- ***Неважно** е за оваа работа.*
- ø ***Неважното** го забораваме.*

*ø Деталите ја прават целината, разбирате, тоа е филозофијата, вие сега ќе морате подробно да ми раскажете за сè и **важно** и **неважно**, (особено, рече тоа **неважното**, го интересира) – зашто, објасни, тоа што вам ви се чини **неважно**, можеби за мојата работа да биде основното, **најважното**.* Ж. Чинго, *Накусо.*

ВАКА – ОНАКА
ТАК/ВОТ ТАК – ТАК/ЭДА́К
ТАКИ́М О́БРАЗОМ – ТАКИ́М О́БРАЗОМ

На овој начин.

На оној начин.

▪ *Ќе се соѓласам со тебе: и* ***вака*** *и* ***онака****, немам избор.*

▪ ***Вака*** *се прави салата.*

▪ ***Онака*** *се прави салата.*

...обајцата дебели и недоквакани и жестоко „бистреа“ политика..., те ***вака*** *ќе било те* ***онака*** *ќе било, зависи од ова, зависи од она...* Д. Михајловски*, Избор;*

...Кажете ми човек, жив или мртов што нема своја приказна... Овде се родил онде се родил, ***вака*** *растел* ***онака*** *растел, несвесен се вљубил свесен се одљубил, млад се женел стар се женел, не се женел, болен бил не бил болен, пред умирање кажал нешто не кажал ништо, умирал бавно умирал брзо и точка.* Д. Михајловски*, Избор.*

ВАКА – ПОИНАКУ
ТАК – И́НА́ЧЕ

На ваков начин.

На друг, различен начин.

▪ *Тоа беше* ***вака.***

▪ ***Вака*** *се прави јадењето.*

▪ *Тоа беше* ***поинаку.***

▪ ***Поинаку*** *се прави.*

ВАЛИДЕН – НЕВАЛИДЕН
ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ
ИМЕ́ЮЩИЙ СИ́ЛУ – НЕ ИМЕ́ЮЩИЙ СИ́ЛЫ

1. Што е валиден, што важи; 2. Што има законска основа.

1. Што не е валиден, што не важи; 2. Што нема законска основа.

▪ ***Валиден*** *чек.*

▪ ***Валиден*** *ѓоворор.*

▪ ***Невалиден*** *чек.*

▪ ***Невалиден*** *ѓоворор.*

несв. **ВАЛКА – ЧИСТИ**
ПА́ЧКАТЬ – ЧИ́СТИТЬ

Прави да стане нечист.

Прави да стане чист.

▪ *Еден да* ***валка****, сите да* ***чистат*** *– не можат да исчистат.*

св. **ИЗВАЛКА – ИСЧИСТИ**
ЗАГРЯЗНИ́ТЬ – ОЧИ́СТИТЬ
ОЧЕРНИ́ТЬ – ПОПРА́ВИТЬ

1. Направи да стане валкан;
2. Оцрни некого; наклевети.

1. Направи да стане чист;
2. Оправда; поправи.

▪ ***Извалка*** *облека.*
▫ ***Извалка*** *образ.*

▪ ***Исчисти*** *стан.*
▫ ***Исчисти*** *образ.*

ВАЛКАН – ЧИСТ
ГРЯ́ЗНЫЙ/АМОРА́ЛЬНЫЙ – ЧИ́СТЫЙ

1. Нечист, неуреден; што не внимава на чистота;
2. Нечесен, неморален.

1.Чист, уреден; што внимава на чистота;
2.Чесен, морален.

▪ ***Валкана*** *куќа.*
▫ ***Валкана*** *работа.*

▪ ***Чиста*** *куќа.*
▫ ***Чиста*** *работа.*

Ангеле*:* ***Валканите*** *си легнуваат навечер* ***валкани*** *со чиста совест, а* ***чистите*** *се тријат до појас за да ги симнат од себе замислените гревови.* Г. Стефановски*, Лет во место.*

ВАЛКАНО – ЧИСТО
ГРЯ́ЗНО – ЧИ́СТО

На нечист начин, со валканици; неуредно.

На чист начин, без валканици; уредно.

▪ *Работи* ***валкано.***

▪ *Работи* ***чисто.***

ВАМУ – ТАМУ
СЮДА́ – ТУДА́

На ова место, овде; наваму.

На тоа место, таму; натаму.

▪ *Дојди* ***ваму****.*

▪ *Седни* ***таму****.*

Их, ебаго, не ќе го фатиме, рече Најден Близнаковски. Ако тргнеме онаму, ќе го најдеме ***таму****, ако тргнеме* ***ваму****, ќе го најдеме...*П.М. Андреевски*, Последните селани;*

Тие беа љубезни, го канеа Петрета де ***ваму****, де* ***таму****, како да е богато облечен јунак, разговараа со него, се интересираа за пана-ѓурот со дикат...* О. Николова*, Вежби за Ибн Пајко;*

Но бргу, многу бргу ми домачна. Тоа катерење угоре-удолу, тоа јазење а ***таму*** *а* ***ваму****...* Х. Крстевски*, Раскази од Равен.*

св. **ВДЕНЕ – ОДДЕНЕ**
ВДЕТЬ – ВЫ́НУТЬ

Провне нешто низ или меѓу; заборе.

Извади, ослободи.

▪ ***Вдене*** *конец во иглени уши.*

▪ ***Оддене*** *конец.*

несв. **ВДЕНУВА – ОДДЕНУВА**
ВДЕВА́ТЬ – ВЫНИМА́ТЬ

Провнува нешто низ или меѓу; забодува.

Вади, ослободува.

▪ ***Вденува*** *конец во иглени уши.*

▪ ***Одденува*** *конец.*

св. **ВДИШЕ – ИЗДИШЕ**
ВДОХНУ́ТЬ – ВЫ́ДОХНУТЬ

Земе воздух преку уста или нос.

Испушти воздух преку уста или нос.

▪ ***Вдиши*** *малку планински воздух*

▪ *Тој длабоко* ***издиша****, па почна да раскажува.*

несв. **ВДИШУВА – ИЗДИШУВА**
ВДЫХА́ТЬ – ВЫДЫХА́ТЬ

Зема воздух преку уста или нос.

Испушта воздух преку уста или нос.

▪ ***Вдишуваме*** *прашина.*

▪ ***Издишува*** *полека.*

Се олабавува детето, му олабавува болката. Ама уште тешко дише, со мака го истерува воздухот. Небаре низ иглени уши ***вдишува, издишува****.* П. М. Андреевски*, Пиреј.*

ВЕДАР – ОБЛАЧЕН
СО́ЛНЕЧНЫЙ – ПА́СМУРНЫЙ
Я́СНЫЙ – ХМУ́РЫЙ

1. Без облаци, чист, јасен; 2. Весел, расположен.

1. Наоблачен, прекриен со облаци, матен; 2. Мрачен, нерасположен.

▪ ***Ведар*** *ден.*
▫ ***Ведро*** *лице.*

▪ ***Облачен*** *ден.*
▫ ***Облачно*** *лице.*

ВЕДРО – ОБЛАЧНО
Я́СНО – О́БЛАЧНО

Без облаци, чисто, јасно.

▪ *Надвор е* ***ведро****.*

Прекриено со облаци.

▪ *Надвор е* ***облачно****.*

Јас сум роб, Варваро, а може по̄веќе од то̄а! От̄и јас и очӣте свои не смеам да г̄и кренам. Да видам кое време е: дали е ут̄ро, дали-вечер, дали ***ведро*** *или* ***облачно****.* П. М. Андреевски*, Последнӣте селани.*

ВЕДАР – МРАЧЕН
Я́СНЫЙ – ПА́СМУРНЫЙ
ВЕСЁЛЫЙ – МРА́ЧНЫЙ

1. Без облаци, чист, јасен; 2. Полн со животна радост, расположен.

▪ ***Ведро*** *по̄ладне.*
▫ ***Ведри*** *мисли.*

1. Наоблачен, прекриен со облаци, матен, тмурен; 2. Лошо расположен, намуртен.

▪ ***Мрачно*** *по̄ладне.*
▫ ***Мрачни*** *мисли.*

ВЕДРО – МРАЧНО
Я́СНО/ВЕ́СЕЛО – МРА́ЧНО/УГРЮ́МО

1. Со светлина, јасно; 2. На ведар начин, со ведрина.

▪ *Надвор е* ***ведро.***
▫ ***Ведро*** *расположен.*

1. Со малку или без светлина; 2. Песимистички.

▪ *Надвор е* ***мрачно.***
▫ ***Мрачно*** *расположен.*

ВЕДАР – НАМУРТЕН/НАМРШТЕН
ВЕСЁЛЫЙ – МРА́ЧНЫЙ

1. Што има весел, расположен израз на лицето; 2. Безоблачен, чист.

▫ *Доаѓа со* ***ведро*** *расположение.*
▪ *Денес имаме* ***ведро*** *небо.*

1. Што има нерасположен, налутен израз на лицето; 2. Облачен, мрачен.

▪ *Редовно е* ***намурт̄ен****.*
▫ ***Намурт̄ен*** *ден.*

несв. **ВЕДНЕ(СЕ) – ИСПРАВА(СЕ)**
СГИБА́ТЬ(СЯ) – РАЗГИБА́ТЬ(СЯ)/ВЫПРЯМЛЯ́ТЬ(СЯ)

Свиткува надолу глава или тело.

▪ *Тие* ***се веднаат*** *кога пишуваат.*

Става или доведува глава или тело во исправена положба.

▪ ***Се исправаат*** *ако ги опоменеме.*

Гледајќи ја пред себе како со нервозни и отсечни движења изразува навреденост на телото, онака стројна и толку свитлива, како косата ѝ се истура најпред преку лицето кога ќе ***се вредне*** *и како потоа, кога ќе* ***се исправи*** *ја слушта главата назад, при што вратот ѝ се издолжува како на лебед...* М. Јовановски, *Патот до осаматa.*

ВЕКОВЕН – МИНЛИВ
ВЕКОВО́Й – ПРЕХОДЯ́ЩИЙ

Што трае со векови, многу долго.

▪ *Имаме* ***вековно*** *пријателство.*

Што трае кратко време, што поминува брзо.

▪ *Младоста е* ***минлива****.*

ВЕКОВЕН – ПРИВРЕМЕН
ВЕКОВО́Й – ВРЕ́МЕННЫЙ

Што трае со векови, многу долго.

▪ ***Вековна*** *градба.*

Што трае кратко време, временски ограничено.

▪ ***Привремена*** *градба.*

ВЕКОВНО – ПРИВРЕМЕНО
ВЕ́ЧНО – ВРЕ́МЕННО

Без почеток и крај, бескрајно; до века.

▪ *Трае* ***вековно****.*

Краткотрајно, што трае кратко време.

▪ *Работи* ***привремено****.*

ВЕЛЕГРАД – ПРОВИНЦИЈА
СТОЛИ́ЦА – ПРОВИ́НЦИЯ

Голем и развиен град.

▪ *Живеам во* ***велеград****.*

Подрачје, крај надвор од главниот град.

▪ *Живеам во* ***провинција****.*

ВЕЛИК – НИШТОЖЕН
ВЕЛИ́КИЙ – МЕ́ЛКИЙ
ВЫДАЮ́ЩИЙСЯ – НИЧТО́ЖНЫЙ

Што е над просечното, по значење; виден.

Безвреден, безначаен; ситен.

▪ ***Велик*** *човек.*

▪ ***Ништожно*** *суштество.*

ВЕЛИКАН – НИШТОЖЕСТВО
КОРИФЕ́Й – НИЧТО́ЖЕСТВО

Велик, познат човек; со признати способности и талент.

Безначаен човек; недостоен за внимание.

▪ ***Великан*** *во науката.*

▪ *Тој е* ***ништожество.***

ВЕЛИКОДУШЕН – СЕБИЧЕН
ВЕЛИКОДУ́ШНЫЙ – ЭГОИСТИ́ЧНЫЙ

Што е несебичен, благороден.

Што е преокупиран само со свои интереси.

▪ *Тој е* ***великодушен*** *човек, им помага на сите.*
▪ *Тој е* ***себичен*** *човек, само себе си се гледа.*

ВЕЛИКОДУШНО – СЕБИЧНО
ВЕЛИКОДУ́ШНО – ЭГОИСТИ́ЧНО

Благородно, несебично.

На себичен начин.

▪ *Тој* ***великодушно*** *ги награди децата.*
▪ *Тој се однесува* ***себично****, не му е грижа за никого.*

ВЕЛИКОДУШНОСТ – СЕБИЧНОСТ
ВЕЛИКОДУ́ШИЕ – ЭГОИ́ЗМ/СЕБЯЛЮ́БИЕ

Благородност, несебичност.

Егоизам.

▪ *Сиромасите не ја заборавија неговата* ***великодушност****.*
▪ *Поради својата* ***себичност*** *остана без пријатели.*

св. **ВЕНЧА СЕ – РАЗВЕНЧА СЕ**
ПОЖЕНИ́ТЬСЯ – РАЗОЙТИ́СЬ

Стапи во брак; мажи се; жени се.

▪ ***Ве венчаа*** *со љубов.*

Разведе се; раскине брак.

▪ ***Се развенчаа*** *со омраза.*

ВЕРЕН – НЕВЕРЕН
ВЕ́РНЫЙ/ПРА́ВИЛЬНЫЙ – НЕВЕ́РНЫЙ/НЕПРА́ВИЛЬНЫЙ
ТО́ЧНЫЙ/НАДЁЖНЫЙ – НЕТО́ЧНЫЙ/НЕНАДЁЖНЫЙ

1. Постојан, цврст во своите чувства, односи; во исполнување на обврските, на долгот; 2. Точен, соодветен.

▪ *Имам* ***верни*** *другари.*
▪ *Тој ќе е* ***верен*** *на својата девојка.*
▪ ***Верен*** *опис на настаните.*

1. Непостојан, променлив во своите чувства, односи; во исполнување на обврските, на долгот; 2. Погрешен, несоодветен.

▪ *Тие се* ***неверни*** *другари.*
▪ *Тој ќе е* ***неверен,*** *оди со друга.*
▪ *Дава* ***неверни*** *податоци.*

ВЕРНИК – НЕВЕРНИК
ВЕ́РУЮЩИЙ – НЕВЕ́РУЮЩИЙ

Оној што признава постоење на бог; религиозен човек.

Оној што не признава постоење на бог; атеист, безбожник.

▪ ***Верникот*** *поинаку ги прима и среќата и премрежјата од* ***верникот.***

ВЕРНО – НЕВЕРНО
ВЕ́РНО – НЕВЕ́РНО

1. На верен начин, доследно, приврзано; 2. Точно.

▪ *Во книгата* ***верно*** *се опишани сите обичаи.*
▪ *Во книгата* ***неверно*** *се опишани некои обичаи.*

1. Предавнички, лажливо; 2. Неточно.

ВЕРНОСТ – НЕВЕРНОСТ
ВЕ́РНОСТЬ – НЕВЕ́РНОСТЬ

Особина на оној што е верен.

▪ *Ја цени* ***верноста*** *кај луѓето.*

Особина на оној што е неверен.

▪ ***Неверноста*** *ја разочара.*

ВЕРНОСТ – НЕВЕРСТВО
ВЕ́РНОСТЬ – ИЗМЕ́НА

Особина на оној што е верен.	Особина на оној што е неверен.

▪ ***Верноста*** *е важна и во браков и во другарството.*
▪ ***Неверството*** *е причина за разделби.*

ВЕРНИК – БЕЗБОЖНИК
ВЕ́РУЮЩИЙ – БЕЗБО́ЖНИК

Кој верува во бог.	Кој не верува во бог.

▪ ***Верникот*** *се моли и за* ***безбожниците.***

ВЕРНИК – АТЕИ́СТ
ВЕ́РУЮЩИЙ – АТЕИ́СТ

Оној што признава постоење на бог; религиозен човек.	Оној што не признава постоење на бог; безбожник.

▪ *Тој е* ***верник****, на секој празник оди во црква.*
▪ *Тој е* ***атеист****, не посетува црква, не пали свеќа.*

ВЕРНОСТ – ПРЕДАВСТВО
ВЕ́РНОСТЬ – ПРЕДА́ТЕЛЬСТВО

Особина на оној што е верен.	Особина на оној што е предавник.

▪ ***Верноста*** *на соборците е одлучувачка за победа.*
▪ ***Предавството*** *е карактеристика на слабите луѓе.*

ВЕРОЈАТЕН – НЕВЕРОЈАТЕН
ВЕРОЯ́ТНЫЙ – НЕВЕРОЯ́ТНЫЙ

Возможен; што изгледа вистинит.	Невозможен; што не изгледа вистинит.
▪ ***Веројатна*** *случка.*	▪ ***Неверојатна*** *случка.*

ВЕРТИКА́ЛА – ХОРИЗОНТА́ЛА
ВЕРТИКА́ЛЬ – ГОРИЗОНТА́ЛЬ

Права линија што формира прав агол со хоризонтална површина.

Права линија, паралелна со хоризонтална површина.

*Од една страна релативно долгото животно искуство му овозможуваше да го развива текстот, редејќи настани по **хоризонтала**, синхрониски, како што се вели, а од друга да го збогатува истиот по **вертикала**, дијахрониски, оставајќи свесно или несвесно, делови од богатото читачко искуство...* Д. Михајловски*, Избор;*

*Неговата побуна не е активистичка, по **хоризонтала**, ами строго интимистичка, по **вертикала** на душевната драма.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

ВЕРТИКА́ЛЕН – ХОРИЗОНТА́ЛЕН
ВЕРТИКА́ЛЬНЫЙ – ГОРИЗОНТА́ЛЬНЫЙ

Поставен под прав агол во однос на хоризонтална рамнина; исправен нагоре.

Паралелен со хоризонтот, со мирна вода; легнат.

*Информациско-комуникациските текови во месната заедница беа битни за остварување на општественото комуницирање по **вертикална** и **хоризонтална** линија па затоа системот на јавно информирање во месната заедница беше неопходна инстанца и претпоставка за функционирање на пошироките и посложени системи на информирање во општеството.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ВЕРТИКА́ЛНО – ХОРИЗОНТА́ЛНО
ВЕРТИКА́ЛЬНО – ГОРИЗОНТА́ЛЬНО

Поставено под прав агол во однос на хоризонтална рамнина; исправено нагоре.

Паралелно со хоризонтот, со мирна вода; легнато.

▪*Ова огледало може да биде поставено и **хоризонтално** и **вертикално**.*

*Го гледате бледо а тој блада ли блада нешто како: ако заокружите три бројчиња **вертикално**, ќе добиете шест нови можности **хоризонтално**...* Д. Михајловски, *Колумни.*

ВЕСЕЛ – НЕВЕСЕЛ
ВЕСЁЛЫЙ – НЕВЕСЁЛЫЙ

Што е радосен, среќен, расположен.

▪ *Тој е* ***весел****, пòложи испùт.*

Што не е весел; тажен, нажален.

▪ ***Невесел*** *е, нешто го мачи.*

ВЕСЕЛ – ТАЖЕН
ВЕСЁЛЫЙ – ПЕЧА́ЛЬНЫЙ

Што е радосен, среќен, расположен; што предизвикува веселба.

▪ ***Весела*** *прèтстава.*

Што не е весел; натажен, нажален; што предизвикува тага.

▪ ***Тажна*** *средба.*

▪ *На улица среќаваме и* ***весели*** *и* ***тàжни*** *лица.*

Сватовúте донесоа тèписи со ориз, со грав, со компири - пùра. Со скала да се качуваш на нив. И погачи донесоа подлеани со јајце одозгора и со дупчиња на коркàта, зацрвенèти ко жар, ко сушно лèто. Извадиле луѓèто сè што закривале за ***весели*** *и* ***тàжни*** *денови.* П. М. Андреевски, *Пиреј.*

ВЕСЕЛБА – ТАГА
ВЕСЕ́ЛЬЕ – ГРУСТЬ

Безгрижно радосен однос.

▪ *Одам на* ***веселба.***

Состојба на разочараност, душевна болка.

▪ ***Таѓàта*** *ја остàвам дома.*

несв. ВЕСЕЛИ СЕ – ТАГУВА
ВЕСЕЛИ́ТЬСЯ – ГРУСТИ́ТЬ

Чувствува или изразува радост.

Чувствува или изразува тага.

▪ *Има тàкви луѓе, велàт, нùту* ***се веселàт*** *нùту* ***тàгуваат.***

ВЕСЕЛО – ТАЖНО
ВЕ́СЕЛО – ГРУ́СТНО

На весел начин.

▪ ***Весело*** *ја дочекавме новàта гòдина.*

На тажен начин.

▪ ***Тажно*** *е да се гледаàт стрàдањàта на луѓèто.*

ВЕСЕЛ – ЖАЛЕН
ВЕСЁЛЫЙ – ЖА́ЛОСТЛИВЫЙ

Што е радосен, среќен, расположен; што предизвикува веселба.

Што не е весел; тажен, нажален; што предизвикува жал.

▪ ***Весела*** *девојка.*

▪ ***Жален*** *филм.*

Најчесто одвеќе прашлива и кална,
Топаана е колку ***весела****, толку и* ***жална****...* Г. Тодоровски*, Зборови од земја и од злато.*

ВЕСЕЛО – ЖАЛНО
ВЕ́СЕЛО – ПЕЧА́ЛЬНО

На весел начин.

На жален начин.

Ги побара. Ги виде сите со погледи насочени кон неа. ... и ѝ се насмеаја ***весело****, иако во срцата им беше неизмерно* ***жално****.* В. Костов*, Нов ум.*

ВЕСЕЛ – МРАЧЕН
ВЕСЁЛЫЙ – МРА́ЧНЫЙ

Добро расположен, радосен, среќен,

Песимистички расположен.

▪ *Тој е секогаш* ***весел*** *и насмеан.*

▪ *Тој има* ***мрачен*** *поглед.*

ВЕСЕЛОСТ – ГОРЧИНА
ВЕСЕ́ЛЬЕ – ГО́РЕЧЬ/ДОСА́ДА

Својство на оној што е весел, весела расположба.

Својство на оној што е огорчен.

Разбрав како и зошто, капка по капка, се собирала ***горчина*** *во овој човек, ништејќи ја неговата* ***веселост****, не оставајќи ни трага од осмев на неговото лице.* Б. Конески*, Средба во рајот.*

ВЕ́ЌЕ – УШТЕ/СЀ УШТЕ
УЖЕ – ЕЩЁ

Укажува на нешто извршено, завршено.

Укажува на нешто неизвршено, незавршено.

▪ ***Веќе*** *ручав.*

▪ ***Уште*** *не сум ручала.*

ВЕЧЕН – ПРИВРЕМЕН
ВЕ́ЧНЫЙ – ВРЕ́МЕННЫЙ

Кој никогаш не престанува; постојан, непрекинлив.

Временски ограничен, краткотраен, времен.

▪ ***Вечна*** *е неговата слава.*
▪ ***Вечно*** *живеалиштето имаме горе.*

▪ ***Привремена*** *е неговата слава.*
▪ ***Привремен*** *ни е престојот на земјата.*

ВЕЧЕН – МИНЛИВ
ВЕ́ЧНЫЙ – ПРЕХОДЯ́ЩИЙ

Кој никогаш не престанува; постојан, непрекинлив.

Временски ограничен, краткотраен.

▪ *Има* ***вечни*** *пријателства.*

▪ *Убавината е* ***минлива.***

ВЕЧНОСТ – МИГ
ВЕ́ЧНОСТЬ – МИГ

Многу долго време; време без почеток и крај.

Многу кратко време; момент.

▪ *Кај си, те нема цела* ***вечност****!*

▪ *За* ***миг*** *го снема, се изгуби.*

ВЕШТ – НЕВЕШТ
ЛО́ВКИЙ/УМЕ́ЛЫЙ – НЕЛО́ВКИЙ/НЕУКЛЮ́ЖИЙ
НАХО́ДЧИВЫЙ/ИСКУ́СНЫЙ – НЕСМЕКА́ЛИСТЫЙ

Кој поседува, покажува мануелна или ментална умешност.

Кој не поседува, не покажува мануелна или ментална умешност.

▪ *Многу е* ***вешт****, за сè го бива.*

▪ *Има* ***невешти*** *раце, за ништо не го бива.*

ВИДЕЛО – МРАК
СВЕТ – МРАК

Присуство на светлина.

Отсуство на светлина.

▪ *Дојди додека е* ***видело****, по* ***мрак*** *ќе ти биде тешко да одиш.*

Не те занима тебе мојата семка, од која нажалост
сè произлегува
Ниту имаш верба во посебниот пристап кон
виделото *и* ***мракот****.*
Што можат да ти ветат тебе моите посебни агли
на посматрање? Б. Конески*, Избрани дела.*

ВИДЕЛО – ТЕМНИЦА/ТЕМНИНА
СВЕТ – ТЬМА

Присуство на светлина.

▪ *Трѓнав по* ***видело****.*

Отсуство на светлина.

▪ *Не возам по* ***темница****.*

Но меѓу мајсторите имало еден млад мајстор кому му се сожалило на Дуња-ѓизели и тој решил да ѝ помогне, за да не остане цел век cosидана, да не види ни бело ***видело****, ни ноќна* ***темнина****.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот.*

ВИДЛИВ – НЕВИДЛИВ
ВИ́ДИМЫЙ – НЕВИ́ДИМЫЙ

Кој може да се види; воочлив; очигледен.

Кој не може да се види; скриен.

▪ *Има* ***видливи*** *оштетувања на куќата.*
▪ *Знакот е* ***невидлив*** *од ѓранките.*

ø Во својата раскажувачка постапка авторот стриктно се држи до принципот на почетното откривање на ***видливото*** *и постепено насочување кон* ***невидливото****, недоловливото.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

ø...се спротивставија, издржаа и, преминувајќи од ***видливото*** *во* ***невидливото****, ѓи победија не само, навидум многу посилните противници, туку и времето.* Д. Михајловски, *Избор.*

ВИДЛИВ – СКРИЕН
ВИ́ДИМЫЙ – СКРЫ́ТЫЙ

Кој може да се види; воочлив; очигледен.

Кој не може да се види; невидлив; таен.

▪ ***Видлива*** *беше неговата намера.*

▪ *Тој имаше* ***скриени*** *намери.*

*...најчесто под поимот на девијантноста се подразбираат оние **видливи** форми на нерифатливо однесување за средината. Меѓутоа, мислам дека има и извесни **скриени** видови на девијантност...* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ВИСОК – НИЗОК
ВЫСО́КИЙ – НИ́ЗКИЙ

1. Што е голем по висина; 2. Што има високо ниво, степен; 3. Голем по количина, сила; 4. Добар по квалитет.

- ***Висок** човек.*
- ***Висок** стандард.*
- ***Висок** притисок.*
- ***Висок** квалитет.*

1. Што има мала висина; 2. Што има ниско ниво, степен; 3. Незначителен по количина, сила; 4. Лош по квалитет.

- ***Низок** човек.*
- ***Низок** стандард.*
- ***Низок** притисок.*
- ***Низок** квалитет.*

*Со три збора „жива наспана педантерија“ како што велеа незадоволни што има некој во училиштето којшто, намерно или ненамерно, секогаш, поставува толку **високи** критериуми за претежно **ниската** култура на живеење во повоената Битола.* Д. Михајловски*, Избор;*

*Пред сè, средната класа може да постои како таква само при постоење на **висока** и **ниска** класа.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ВИСОКО – НИСКО
ВЫСО́КО́ – НИ́ЗКО

На високо ниво, положба или состојба.

- *Се качи **високо**.*

На ниско ниво, положба или состојба.

- *Се спушти **ниско**.*

*Давид доста добро се качувал по таа скала, макар колку секое следно скалило да било невидливо, **повисоко** или **пониско**.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

*Кој **високо** лета, **ниско** ќе падне. Посл.*

ВИСТИНА – ЛАГА
ПРА́ВДА – ЛОЖЬ

Она што одговара на стварноста; тврдење

Свесно изречена невистина; намерно

или информација за случка или настан што се изнесува онаков каков што е.	извртување на факти; невистина.
▪ ***Вистината*** *секогаш излегува на видело.*	▪ ***Лагата*** *има кратки нозе.*

Најати ќе посака да заборави дека е жив, да му е сеедно што е ***вистина****, а што* ***лага****.* П. М. Андреевски*, Последните селани;*

И како да почнуваше одново љубовта, омразата, ***вистината****,* ***лагата****, клетвата, молитвата, добрината, пцоститe...* Ж. Чинго*, Големата вода;*

На ***лагата*** *повеќе ѝ веруваат одошто на* ***вистината****. Посл.*

ВИСТИНИТ/ВИСТИНСКИ – ЛАЖЕН
ИСТИННЫЙ – ЛОЖНЫЙ

1. Заснован на факти; точен; реален, искрен; 2. Природен, оригинален.	1. Заснован на лага; неточен; невистинит; неискрен; 2. Вештачки, фалсификуван.
▪ ***Вистинит*** *одговор.*	▪ ***Лажен*** *одговор.*
▪ ***Вистински*** *причини.*	▪ ***Лажни*** *причини.*
▪ ***Вистинити*** *пари.*	▪ ***Лажни*** *пари.*

Се разбира клучното прашање притоа е кој е ***вистинскиот*** *Месија, како да ги разликуваме* ***лажните*** *пророци од вистинскиот.* Д. Михајловски, *Колумни;*

Не ми се допаѓа ни мене таа твоја занимавка, баботеше гласот на Ќелешот. Тоа со картите не мирисе на арно. Ако си направил ***лажна*** *карта, ќе направиш и* ***вистинска****, само ако се најде некој да ти покаже повеќе пари.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот;*

Твоите идоли, твоите јадни кумири... не можат никогаш да ја исполнат вакватa задача. Затоа се празни и ***лажни****. Оставај ги што побргу можеш и приклони се кон* ***вистинскиот****!* Д. Михајловски*, Избор.*

ВИСТИНИТО – ЛАЖНО
ИСТИННО – ЛОЖНО

На вистинит начин; она што реално.	На лажен начин; она што не е реално.

▪ *Неговата лага звучи* ***вистинито***.

▪ *Приказната звучи* ***лажно***.

ø Па, иако ***лажното*** *може да постигне привремена победа, она што е* ***вистинито****, доведувајќи во сопствена одбрана и дополнителни сили, на крајот ќе остане...* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

ВИСТИНА – НЕВИСТИНА
ПРА́ВДА – НЕПРА́ВДА

Она што е во склад со реалноста.	Намерно искривување на реалноста.

▪ *За него зборуваме и* ***вистини*** *и* ***невистини****, зашто е згоден и интересен за озборување.*

Ох, молчи, молчи, брану див, кажи во овој случај кој е прав, а кој е крив, и се разбира, во часот стивна браноѓ, стана една долга пауза, крајбрежните води тивко шумолеа, божем, го предеа платното на ***вистината****, бело, а отровот,* ***невистината****, се претвораше во малечки, црни меурчиња што ништожно умираа на брегот.* Ж. Чинго, *Големата вода.*

ВИСТИНИТО – НЕВИСТИНИТО
И́СТИННО – НЕИ́СТИННО

На вистинит начин.	На невистинит начин.

▪ *Сè што ти кажав е* ***вистинито****, нема ништо* ***невистинито****.*

О, боже, сето тоа колку беше убаво, страшно, ***вистинито, невистинито****, единствено, блиско, болно.* Ж. Чинго, *Големата вода.*

ВИСТИНА – ПРИКАЗНА
ПРА́ВДА – СКА́ЗКА

Она што одговара на стварноста; тврдење или информација во која некоја случка или некој настан се изнесува онаков каков што е.	Она што е измислено; што не одговара на вистината; лага.

▪ *Тука нема* ***вистина****, луѓето си измислуваат разни* ***приказни****.*

И никогаш не дозна што била таа работа, дали ***приказна*** *или* ***вистина****: сите во селото знаеја оти што го нашла мајка му во племната својот син Исидора Самосатски, како ја милува една млада Мацирка..* М. Фотев*, Потомците на Кат.*

ВИСТИНА – МИТ
ПРÁВДА – МИФ

Она што е во склад со реалноста.

Измислени настани, неверојатни приказни.

▪ *На луѓето им е потешко да веруваат во* ***митови****, посебно кога* ***вистината*** *е нерифатлива.*

Оттука веројатно и турскиот назив кркардаш за местово што буквално значи четириесет браќа и многуто легенди врзани за него кои прилично, по народниот обичај за правење ***митови****, отклонуваат од* ***вистината*** *иако никогаш целосно не ја затемнуваат.* Д. Михајловски*, Избор.*

несв. **ВИТКА(СЕ) – ИСПРАВА(СЕ)**
ГНУ́ТЬ(СЯ) – ВЫПРЯМЛЯ́ТЬ(СЯ)

Криви; прави да биде крив; криви се; подгрбавува се.

Прави да биде исправен, прав; прави да стои право; застанува право.

▪ ***Витка*** *жица.*
▪ ***Витка*** *грб.*

▪ ***Исправа*** *жица.*
▪ ***Исправа*** *грб.*

св. **СВИТКА(СЕ) – ИСПРАВИ(СЕ)**
СОГНУ́ТЬ(СЯ) – ВЫ́ПРЯМИТЬ(СЯ)

Искриви; направи крив; искриви се; подгрбави се.

Направи да биде прав; направи да стои право; застане право.

И умре Диме од Милевци. Олкав маж беше, ама гладта го ***свитка*** *и не се* ***исправи*** *повеќе.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

ВИШОК – НЕДОСТИГ
ИЗБЫ́ТОК – НЕХВА́ТКА

Она што ја надминува потребата за нешто; обилност.

Отсуство на нешто во нужна, доволна количина.

▪ *Никогаш нема* ***вишок*** *пари.*
▪ *Има* ***вишок*** *енергија.*
▪ *Нема* ***вишок*** *време.*

▪ ***Недостиг*** *од пари.*
▪ ***Недостиг*** *на енергија.*
▪ ***Недостиг*** *на време.*

св. **ВКЛУЧИ – ИСКЛУЧИ**
ВКЛЮЧИ́ТЬ – ИСКЛЮЧИ́ТЬ/ВЫ́КЛЮЧИТЬ

1. Стави во состав, во членство, присоедини во група; 2. Стави во работа, во употреба електричен апарат, радио, светло.

1. Отстрани од состав, од членство, лиши од право на учество во нешто; 2. Прекине работа на нешто или проток на нешто, запре.

▪ ***Вклучи*** *во партија.*
▪ ***Вклучи*** *радио.*
▫ ***Вклучи*** *мозок.*

▪ ***Исклучи*** *од партија.*
▪ ***Исклучи*** *радио.*
▫ ***Исклучи*** *мозок.*

несв. **ВКЛУЧУВА – ИСКЛУЧУВА**
ВКЛЮЧА́ТЬ – ИСКЛЮЧА́ТЬ/ВЫКЛЮЧА́ТЬ

1. Става во состав, во членство, присоединува во група; 2. Става во работа, во употреба електричен апарат, радио, светло.

1. Отстранува од состав, од членство, лишува од право на учество во нешто; 2. Прекинува работа на нешто или проток на нешто; запира.

▪ *Ја* ***вклучуваат*** *во многу акции.*
▪ *Го* ***вклучувам*** *компјутерот.*

▪ *Ме* ***исклучуваат*** *од друштво.*
▪ *Ја* ***исклучувам*** *струјата.*

ВКЛУЧУВАЊЕ – ИСКЛУЧУВАЊЕ
ВКЛЮЧЕ́НИЕ – ВЫКЛЮЧЕ́НИЕ/ИСКЛЮЧЕ́НИЕ

1. Ставање во состав, во членство, присоединување

1. Отстранување од состав, од членство, лишување од

во група; 2. Пуштање на електричен апарат, светло итн.

право на учество; 2. Прекинување работа на електричен апарат, светло итн.

Тресок од врати на ветар, шуштење на казанчето за вода во клозетот, работа на роботот од машината за прање изместена во тресењето од нивелираното лежиште, ***вклучување*** *и* ***исклучување*** *на сандакот за смрзнување, на феното за сушење коса, на пеглата, на бојлерот, на миксерот:* Д. Солев*, Црно огледало.*

св. **ВКОРЕНИ – ИСКОРЕНИ**
ВКОРЕНИ́ТЬ – ИСКОРЕНИ́ТЬ
ВСАДИ́ТЬ/ВБИТЬ – ОТУЧИ́ТЬ

Цврсто всади, зацврсти нешто (навики, принципи) во свеста.

Целосно уништи, се ослободи од; елиминира (навики, принципи) во свеста.

▪ ***Вкорени*** *љубов кон музика.*

▪ ***Искорени*** *навика за пушење.*

ВКУС – НЕВКУСНОСТ
ВКУС – БЕЗВКУ́СИЦА

Чувство, мерило и смисла за убаво.

Немање чувство за вкус, смисла за убаво.

▫ ***Вкус*** *во облекување*

▫ ***Невкусност*** *во облекување*

ВКУСЕН – НЕВКУСЕН
ВКУ́СНЫЙ – НЕВКУ́СНЫЙ/БЕЗВКУ́СНЫЙ

Што е вкусен, што има добар вкус.

Што не е вкусен, што нема добар вкус.

▪ ***Вкусно*** *мезе.*
▪ ***Вкусна*** *риба.*

▪ ***Невкусно*** *мезе.*
▪ ***Невкусна*** *риба.*

ВКУСНО – НЕВКУСНО
ВКУ́СНО – НЕВКУ́СНО
СО ВКУ́СОМ – БЕЗВКУ́СНО

На вкусен начин; со вкус.

На невкусен начин; без вкус.

▪ ***Вкусно*** *го̄тви.*
▫ ***Вкусно*** *се облекува.*

▪ ***Невкусно*** *го̄тви.*
▫ ***Невкусно*** *се облекува.*

ВЛАСТ – ОПОЗИЦИЈА
ВЛАСТЬ/ПРА́ВЯЩАЯ ПА́РТИЯ – ОППОЗИ́ЦИЯ

Група, партија што е на власт; државна управа; влада.

Група, партија која истапува против владина политика или против мислење на мнозинство.

▪ ***Власта*** *ӯправува.*

▪ ***Опозицијата*** *крӣтикува.*

Се̄гашната влада ве̄тува дека оваа го̄дина ќе биде го̄дина на економска офанзива. Секој умен, без разлика дали е на ***власт*** *или во* ***опозиција****, би тре̄бало да биде задоволен доколку тоа нешто се оствари.* Ј. Корубин*, Аномично опшество;*

Ако 'курцшлусот' по̄ме́гу ***власта*** *и* ***опозицијата*** *е прӣроден и сам по̄ себе се по̄дразбира, 'курцшлусот' во комуникацијата по̄ме́гу власта и сопственио̄т народ секако е не̄прӣроден и добрата, инте̄ли-ге̄нтна власт секо̄гаш се обидува што по̄бргу и што по̄безболно да го̄ отстрани.* Д. Михајловски, *Колумни.*

ВЛЕВО – ВДЕСНО
ВЛЕ́ВО – ВПРА́ВО

На лево; по левата страна.

На десно; по десната страна.

▪ *Одиме* ***влево****.*

▪ *Одиме* ***вдесно****.*

несв. ВЛЕГУВА – ИЗЛЕГУВА
ВХОДИ́ТЬ – ВЫХОДИ́ТЬ

1. Со движење стапува, во внатрешен, ограничен, затворен простор;
2. Станува член, вклучува се;
3. Стапува во мода.

1. Со движење напушта внатрешен, ограничен, затворен простор;
2. Исклучува се од членство;
3. Престанува да биде во мода.

▪ ***Влего̄вува*** *во соба.*
▫ ***Влего̄вува*** *во жири.*
▫ ***Влего̄вува*** *во мода.*

▪ ***Излего̄вува*** *од соба.*
▫ ***Излего̄вува*** *од жири.*
▫ ***Излего̄вува*** *од мода.*

Море, ќерата, беше велеле тие, кога ***влегува****, кога* ***излегува****. Дали ангелот го носи на рамо, велеле.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

Влегуваа *и* ***излегуваа*** *луѓе, некои од пратниците, сѐ стана и старшијата, и само кметот не се помрдна од место.* Б. Конески, *Средба во рајот;*

Сите траги од волкот ***влегуваат*** *во куќата, велеа, а ниедна не* ***излегува****. Ниедна трага не е видена да излегува, велеа. Ама кај неа и сонцето да влезе еднаш и повеќе не барај го да излезе.* П. М. Андреевски, *Последните селани;*

Марија ***влегуваше*** *и* ***излегуваше*** *од собата, пафкаше со широките фустани и пискаше по децата.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

св. **ВЛЕЗЕ – ИЗЛЕЗЕ**
ВОЙТИ́ – ВЫ́ЙТИ

1. Со движење стапи, во внатрешен, ограничен, затворен простор; 2. Стане член, се вклучи; 3. Стапи во мода.	1. Со движење напушти внатрешен ограничен, затворен простор; 2. Се исклучи од членство; 3. Престане да биде во мода.
▪ ***Влезе*** *во кино.* ▫ ***Влезе*** *во ликовна секција.* ▫ ***Влезе*** *во мода.*	▪ ***Излезе*** *од кино.* ▫ ***Излезе*** *од клубот музичари.* ▫ ***Излезе*** *од мода.*

Не успеав точно да ги избројам колку беа на број, беше невозможно, секогаш некој ќе ***влезе****, а друг ќе* ***излезе*** *не се знае дали тоа беа истите луѓе или нови, беа со маски на лицата, во хигиенска униформа и со апарати за дезинфекција.* Ж. Чинго, *Накусо;*

Сите траги од волкот влегуваат во куќата, велеа, а ниедна не излегува. Ниедна трага не е видена да излегува, велеа. Ама кај неа и сонцето да ***влезе*** *еднаш и повеќе не барај го да* ***излезе****.* П. М. Андреевски, *Последните селани;*

Игор едно време го забележа татко си и ништо не направи да ги избере усилбите на Најда: гледаше во него и гостите очекуваа да започне да се насмевнува Игор, така некако беше престорен во лицето. Потоа, како што ***влезе*** *во одаата се сврте и полека* ***излезе*** *надвор.* М. Фотев, *Потомците на Кат;*

Во едното уво му ***влезе****, од другото му* ***излезе****. Посл.*

ВЛЕГУВАЊЕ – ИЗЛЕГУВАЊЕ
ВХОД – ВЫ́ХОД

1. Движење од надвор кон внатре; стапување во затворен простор;
2. Вклучување во организација, во состав.

▪ ***Слободно*** *влегување.*

1. Движење од внатре кон надвор; напуштање затворен простор;
2. Напуштање на организација, состав.

▪ *Забрането* ***излегување****.*

▫ ***Влегувањето*** *во академијата му ги подобри условите за работа.*
▫ *Со моето* ***излегување*** *од комисијата се променија критериумите.*

Најпосле, откако Петре ќе решеше да влезе во друг дуќан, дуќанџиите, како што му палеа темјан при ***влегувањето****, така при* ***излегувањето*** *го поздрскуваа со ѓулсуи...* О. Николова*, Вежби за Ибн Пајко;*

Седум часот вечерно. Градот е во молк, во темница. Особено е тихо на периферијата каде што се наоѓа болницата. Во зимско време згрдата се заклучува во пет, потоа нема ***влегување****, нема* ***излегување****.* Ж. Чинго*, Накусо.*

ВЛЕЗ – ИЗЛЕЗ
ВХОД – ВЫ́ХОД

Место (отвор) низ кое се влегува, се стапува во затворен простор.

▪ *Главен* ***влез****.*

Место (отвор) низ кое се излегува, се напушта затворен простор.

▪ *Споредeн* ***излез****.*

Да има простор, троа сал појќе
од Фаустовиот клед-
да има два-три ***влеза****,*
но трет ***излез*** *да нема.* Г. Тодоровски*, Зборови од земја и од злато.*

ВЛЕЗЕН – ИЗЛЕЗЕН
ВХОДНО́Й – ВЫХОДНО́Й

Што служи за влез, за влегување.

▪ ***Влезна*** *врата.*

Што служи за излез, за излегување.

▪ ***Излезна*** *врата.*

св. **ВЛЕТА – ИЗЛЕТА**
ВЛЕТЕ́ТЬ – ВЫ́ЛЕТЕТЬ

Влезе со летање во заграден, ограничен простор.	Излезе со летање од заграден, ограничен простор.
▪ *Во зградата* ***влета*** *птица.*	▪ *Од гнездото* ***излета*** *птица.*

св. **ВЛОЖИ – ИЗВАДИ/ПОДИГНЕ**
ПОЛОЖИ́ТЬ/ВНЕСТИ́ – СНЯТЬ

Стави, внесе пари во банка.	Земе пари од банка.
▪ ***Вложи*** *пари на книшка.* ▪ ***Вложи*** *многу пари во банка.*	▪ ***Извади*** *пари од банка.* ▫ ***Подигна*** *пари од сметка.*

несв. **ВЛОЖУВА – ВАДИ/ПОДИГА**
ВНОСИ́ТЬ – СНИМА́ТЬ
ВКЛА́ДЫВАТЬ – ЗАРАБА́ТЫВАТЬ

1. Внесува, става; 2. Дава.	1. Извлекува; 2. Добива.
▪ ***Вложува*** *пари на сметка.* ▪ ***Вложува*** *во културата.*	▪ ***Вади*** *пари од сметка.* ▫ ***Вади*** *големи пари.*

ВНАТРЕ – НАДВОР
В ПОМЕЩЕ́НИИ/В ПОМЕЩЕ́НИЕ – НА У́ЛИЦЕ/НА У́ЛИЦУ
ВНУТРЬ/ВНУТРИ́ – НАРУ́ЖУ/ВНЕ

1. Во затворен простор; во внатрешност; 2. Од внатрешна страна.	1. На отворено, на отворен простор; 2. Од надворешна страна.

...како да го бараше прозорецот за наеднаш, со крупните, влакнести раце да го отвори и да го пушти ***внатре*** *студениот воздух од* ***надвор***. Д. Михајловски, *Избор:*

*...****внатре*** *јадеа, пиеја, плачеа, повраќаа, се тепаа, се разголуваа, а* ***надвор*** *цела ноќ се виеја ора и пискотници...* М. Фотев, *Потомците на Кат;*

Тоа е ***надвор****, сечењето дрвја во дворот на соседот. И****, внатре****, печењето пиперки на огнот во кујната.* Д. Солев, *Црно огледало;*

*Она што е **надвор** од тебе а кое ти го нудат твоите лажни богови е минливо а само она што е **внатре** во тебе, а до кое може да те одведе само мојот бог, е вечно!* Д. Михајловски, *Избор.*

ВНАТРЕШЕН – НАДВОРЕШЕН
ВНУ́ТРЕННИЙ – ВНЕ́ШНИЙ/НАРУ́ЖНЫЙ

1. Што се наоѓа, што е сместен внатре; 2. Внатре, во границите.	1. Што се наоѓа однадвор или надвор; 2. Надвор од границите.

*Но, тоа е неговиот поетски свет, полн со бои и пејзажи на змиски и сиви ветрови, полн со **внатрешни** и **надворешни** луњи, полн со богата симболика...* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос;*

*Треба да се каже дека ниедна промена во општеството не може да се случи само под влијание на некои **внатрешни** или **надворешни** субјективни фактори. За нешто да се случи треба да постојат и објективни услови за тоа.* Ј. Корубин, *Аномично општество;*

*Сега, кога не беа заедно, се гледаа повеќе нивните разлики одошто нивните сличности. Не само **надворешни**, што беа видливи за секој што ќе ги погледнеше еден покрај друг, туку и **внатрешни**, што не беа уочливи додека човек не ги запознае подобро.* Д. Солев, *Мртва трка.*

ВНАТРЕШНОСТ – НАДВОРЕШНОСТ
ВНУ́ТРЕННОСТЬ – ВНЕ́ШНОСТЬ

Внатрешна страна, дел, изглед, површина.	Надворешна страна, изглед, аспект, дел, површина.

▪ *Со своето уредување **внатрешноста** потсетуваше на музеј.*
▪ ***Надворешноста** на дворецот беше со убави скулптури.*

св. ВНЕСЕ – ИЗНЕСЕ
ВНЕСТИ́ – ВЫ́НЕСТИ
ВВЕЗТИ́/ВВЕСТИ́ – ВЫ́ВЕЗТИ/ВЫ́ВЕСТИ

1. Носејќи внесе во внатрешност; 2. Донесе од страна, од друга земја; увезе.	1. Премести од внатре надвор; 2. Однесе на друго место, во друга земја; извезе.
▪ *Ги **внесов** алиштата внатре.*	▪ *Ги **изнесов** алиштата на балкон.*
▪ ***Внесе** цигари од странство.*	▪ ***Изнесе** пари во странство.*

несв. **ВНЕСУВА – ИЗНЕСУВА**
ВНОСИ́ТЬ – ВЫ́НОСИТЬ
ВВОЗИ́ТЬ/ВВОДИ́ТЬ – ВЫ́ВОЗИТЬ/ВЫ́ВОДИТЬ

1. Носејќи внесува во внатрешност; 2. Носи од страна, од друга земја; увезува.

1. Преместува од внатре надвор; 2. Носи на друго место, во друга земја; извезува.

▪ ***Внесува*** *книги во библиотека.*
▪ ***Внесува*** *стока од Русија.*

▪ ***Изнесува*** *ретки книги.*
▪ ***Изнесува*** *стока од Македонија.*

Тогаш се знаело каде и како се минува, што може да се ***внесува*** *и* ***изнесува****.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот;*

Од каде страста да исправаш
да искреваш од каде нужноста
што ***внесуваш*** *во трајноста*
каква трајност ***изнесуваш***
од каде пак ружата. А. Вангелов*, Преданија.*

ВНИМАТЕЛЕН – НЕВНИМАТЕЛЕН
ВНИМА́ТЕЛЬНЫЙ– НЕВНИМА́ТЕЛЬНЫЙ
УЧТИ́ВЫЙ – НЕУЧТИ́ВЫЙ

1. Прави со внимание; појавува внимание; 2. Учтив.

1. Прави без внимание; не појавува внимание; 2. Неучтив.

▪ ***Внимателен*** *е кога вози.*

▪ ***Внимателен*** *е на час.*
▪ *Многу е* ***внимателен*** *со мене.*

▪ ***Невнимателен*** *е на семафор.*
▪ ***Невнимателен*** *е на час.*
▪ ***Невнимателен*** *е и некултурен.*

ВОВЕД – ЗАКЛУЧОК
ВВЕДЕ́НИЕ – ЗАКЛЮЧЕ́НИЕ

1. Почетен дел на книга, расправа и сл; кој воведува во предметот, во содржината; предговор во научно или книжевно дело; 2. Почеток на некој говор, разговор.

1. Последен дел, извадок од пошироко излагање; резиме; 2. Крај, завршеток.

▪ *Го чита* ***воведот*** *на секоја книга.*

▪ *Во книгите обично не стои* ***заклучок*** *туку поговор.*

▪ ***Воведот*** *од неговото предавање беше долг, за* ***заклучок*** *не остана време.*

ВОВЕДЕН – ЗАКЛУЧЕН
ВВО́ДНЫЙ/ВСТУПИ́ТЕЛЬНЫЙ – ЗАКЛЮЧИ́ТЕЛЬНЫЙ

Почетен; што служи како вовед.

Краен, завршен.

▪ ***Воведниот*** *текст е најпишан добро.*

▪ ***Воведен*** *збор има директорот.*

▪ ***Заклучен*** *дел нема.*

▪ ***Заклучно*** *излагање има професорот Јаневски.*

св. ВОВЕДЕ – УКИНЕ
ВВЕСТИ́– ОТМЕНИ́ТЬ
УСТАНОВИ́ТЬ – ЛИКВИДИ́РОВАТЬ

Воспостави; направи; донесе.

Поништи; забрани; стави крај; ликвидира.

▪ ***Воведе*** *нови правила.*

▪ *Го* ***укинаа*** *законот за пушење.*

несв. ВОВЕДУВА – УКИНУВА
ВВОДИ́ТЬ/УСТАНА́ВЛИВАТЬ – ОТМЕНЯ́ТЬ

Воспоставува; прави; носи.

Поништува; забранува; ликвидира; става крај.

Растел бројот на законите и другите прописи преку кои, наизменично, се ***воведувале*** *или се* ***укинувале*** *претходните дозволи, цензурата, таксите и сл.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ВОЕН – МИРЕН
ВОЕ́ННЫЙ – МИ́РНЫЙ

Поврзан со војна.

Што се одвива во ситуација на мир.

▪ ***Воена*** *разврска.*

▪ ***Мирна*** *разврска.*

ВОЈНА – МИР
ВОЙНА́ – МИР

1. Организирана вооружена борба меѓу држави, општествени класи, племиња; 2. Состојба на непријателство.

1. Отсуство на војна; 2. Согласност, пријателство.

*Во нашата мала куќа крај езерото, во **војната** останувавме сами со мајка ми. А во времето на нашите детства имаше повеќе **војна** отколку **мир**. **Мирот** ни го носеше постојано само големата, спокојна душа на мајка ми. Да, и кога беше **војна**, од нејзината душа зрачеше **мир**, сигурност, надеж.* Л. Старова, *Татковите книги.*

ВОЕН – ЦИВИЛЕН
ВОЕ́ННЫЙ – ШТА́ТСКИЙ/ГРАЖДА́НСКИЙ

Што се однесува, припаѓа на војска; определен за воени цели.

Граѓански, не униформиран; определен за граѓански цели.

▪ ***Воена** облека.*

▪ ***Цивилна** облека.*

ВОЗМОЖЕН – НЕВОЗМОЖЕН
ВОЗМО́ЖНЫЙ – НЕВОЗМО́ЖНЫЙ
ОСУЩЕСТВИ́МЫЙ – НЕОСУЩЕСТВИ́МЫЙ

Остварлив, можен.

Неостварлив, неможен.

▪ ***Возможна** средба.*
▪ ***Возможно** патување.*

▪ ***Невозможна** средба.*
▪ ***Невозможно** патување.*

ВОЗМОЖНО – НЕВОЗМОЖНО
ВОЗМО́ЖНО – НЕВОЗМО́ЖНО
ОСУЩЕСТВИ́МО – НЕОСУЩЕСТВИ́МО

Остварливо, можно.

Неостварливо, не е можно.

▪ *Дали е тоа **возможно** да се среди или е **невозможно**?, прашав јас.*

ВОЗМОЖНОСТ – НЕВОЗМОЖНОСТ
ВОЗМОЖНО́СТЬ – НЕВОЗМО́ЖНОСТЬ

Остварливост, можност.

Неостварливост, неисполнивост.

▪ *Има* ***возможност*** *за средба.*

▪ *Ја нервираше* ***невозможноста*** *да се видаат.*

ВОКАЛ – КОНСОНА́НТ *лингв.*
ГЛА́СНЫЙ – СОГЛА́СНЫЙ

Звук образуван со слободно струење на воздухот низ усната празнина.

Звук образуван со струење на воздухот низ преграда на некое место од говорниот апарат.

▪ *Македонската азбука има 31 буква. Од нив 5 се* ***вокали*** *и 26 се* ***консонанти****.*

И „Б“ и „О“ и „Л“ во БОЛ,
два ***консонанта****, еден* ***вокал****,*
се оној тон во познат moll
црн звук на стихов што му дал... Г. Тодоровски*, Трепетлика.*

ВООБИЧАЕН – НЕВООБИЧАЕН
ПРИВЫ́ЧНЫЙ/ОБЫ́ЧНЫЙ – НЕПРИВЫ́ЧНЫЙ/НЕОБЫ́ЧНЫЙ
ОБЫКНОВЕ́ННЫЙ – НЕОБЫКНОВЕ́ННЫЙ

Што обично се случува, се прави; општоприфатен.

Извонреден, редок; што не е прифатен.

▪ ***Вообичаено*** *време за ручек е околу пладне.*
▪ ***Невообичаена*** *и некултурна е навиката да се доцни на средба.*

ВООБИЧАЕНО – НЕВООБИЧАЕНО
ОБЫ́ЧНО/ПРИВЫ́ЧНО – НЕОБЫ́ЧНО/НЕПРИВЫ́ЧНО

На вообичаен начин.

На невообичаен начин.

▪ *Со моето друштво* ***вообичаено*** *се среќаваме во ресторан.*
▪ ***Невообичаено*** *е некој да отсуствува на тие средби.*

ВООРУЖЕН – РАЗОРУЖЕН
ВООРУЖЁННЫЙ – РАЗОРУЖЁННЫЙ

Оној што носи, што има оружје.

Оној што нема, не носи оружје.

▪ ***Вооружен*** *војник.*

▪ ***Разоружен*** *криминалец.*

св. **ВООРУЖИ(СЕ) – РАЗОРУЖИ(СЕ)**
ВООРУЖИ́ТЬ(СЯ) – РАЗОРУЖИ́ТЬ(СЯ)

Снабди со оружје, со воена опрема; снабди се со оружје.	Одземе, лиши од оружје, обезоружи; остави, лиши се од оружје.

▪ *Војската ја **вооружија** со современо оружје.*
▪ *Непријателските војници ги **разоружија** и ги заробија.*

несв. **ВООРУЖУВА(СЕ) – РАЗОРУЖУВА(СЕ)**
ВООРУЖА́ТЬ(СЯ) – РАЗОРУЖА́ТЬ(СЯ)

Снабдува со оружје, со воена опрема; снабдува се со оружје.	Одзема, лишува од оружје, обезоружува; остава, лишува се од оружје.

▪ *Во денешно време многумина **се вооружуваат** илегално.*
▪ *Нелегално вооружените групи тешко **се разоружуваат**.*

ВОСПИТАН – НЕВОСПИТАН
ВОСПИ́ТАННЫЙ – НЕВОСПИ́ТАННЫЙ

Што има добро однесување; учтив.	Што нема добро однесување; неучтив.

▪ ***Воспитан** студент не доцни на час.*
▪ *Тешко можеш да се разбереш со **невоспитани** луѓе.*

ВОСПИТАН – ПРОСТ
ВОСПИ́ТАННЫЙ–НЕВОСПИ́ТАННЫЙ/НЕВЕ́ЖЛИВЫЙ

Што има добро однесување; учтив.	Неучтив, груб, невоспитан.

▪ *Јас се дружам само со **воспитани** луѓе.*
▪ ***Прости** и невоспитани луѓе ме вадат од такт.*

св. **ВОСПОСТАВИ – ПРЕКИНЕ**
УСТАНОВИ́ТЬ – ПРЕРВА́ТЬ

Отпочне односи со некого.	Стави крај, запре.

▪ ***Воспоставивме** врски со две фирми.*
▪ *Ги **прекинавме** односите со една од двете фирми.*

св. **ВОСПОСТАВИ – РАСКИНЕ**
УСТАНОВИ́ТЬ – РАСТО́РГНУТЬ

Отпочне односи со некого.

Стави крај, прекине.

▪ ***Воспоставивме*** *убава соработка.*

▪ *Ја* ***раскинавме*** *соработката.*

св. **ВПРЕГНЕ/ПРЕГНЕ – РАСПРЕГНЕ**
ЗАПРЯ́ЧЬ – РАСПРЯ́ЧЬ

Стави животно во запрега (вол, коњ, елен, куче итн.).

Ослободи животно од запрега (вол, коњ, елен, куче итн.).

▪ *Ги* ***впрегна*** *воловите и отиде на орање.*

▪ *Ги* ***распрегна*** *коњите да пасат.*

ВРЕДЕН – БЕЗВРЕДЕН
СТО́ЯЩИЙ/ЦЕ́ННЫЙ – НИЧЕГО́ НЕ СТО́ЯЩИЙ
ДОРОГО́Й – ДЕШЁВЫЙ

Што вреди, што има вредност; скапоцен.

Што е без вредност или со мала вредност; ништожен.

▪ *Тоа се* ***вредни*** *слики. Од познат уметник се.*
▪ *Тргни ги тие* ***безвредни*** *украси. Само прашина собираат.*

... еден ***безвреден*** *предмет со оглед на цената што треба да се плати, стекнува огромни* ***вредности***. Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

ВРЗ – ПОД
ПОВЕ́РХ/НА – ПОД

Се употребува за означување лице, предмет, место, простор над кои, на чија површина некој или нешто се наоѓа, стои, се појавува.

Се употребува за означување лице, предмет, место, простор од кои пониско некој или нешто се наоѓа или нешто се случува.

▪ *Го обесив капутот* ***врз*** *твојата јакна.*

▪ *Куферот го чувам* ***под*** *кревет.*

Но сето тоа покажа налик втуривање по сопствената сенка, која, кога ќе легнеш ***врз*** *неа, се крие* ***под*** *тебе.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

св. **ВРЗЕ – ОДВРЗЕ/РАЗВРЗЕ**
СВЯЗА́ТЬ/ПРИВЯЗА́ТЬ – РАЗВЯЗА́ТЬ/ОТВЯЗА́ТЬ

Спои два краја од јаже, врвка во јазол, панделка; прицврсти со канап, жица, синџир итн.

Оддели, одвои нешто што било врзано; ослободи врзано; отпушти, ослободи.

▪ *Кучето го* ***врзав****.*

▪ *Ги* ***одврзав*** *пајаците.*

несв. **ВРЗУВА – ОДВРЗУВА/РАЗВРЗУВА**
СВЯ́ЗЫВАТЬ – РАЗВЯ́ЗЫВАТЬ

Спојува два краја од јаже, врвка во јазол, панделка; прицврстува со канап, жица итн.

Одделува, одвојува нешто што било врзано; ослободува врзано; отпушта, ослободува.

Во расказот „Непознатиот“ авторот ќе забележи дека ‘Животот чудесно ги испрелетува луѓето ги ***врзува одврзува*** *залепува одлепува доближува одближува‘ итн.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Луѓето од караваните ги ***одврзуваа*** *вреќите:со истурениот ориз испаѓаа книгите, и тие ги собираа и ги ставаа на куп. Потоа наполу испразнетите вреќи одново ги* ***врзуваа*** *и ги товареа на коњи.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот.*

ВРУ́Ќ – ЛАДЕН
ГОРЯ́ЧИЙ – ПРОХЛА́ДНЫЙ

Што има висока температура, силно загреан, топол, врел.

Што има ниска температура.

▪ *Секоја вечер пијам* ***вруќ*** *чај од нане.*

▪ *Оваа зима беше долга и многу* ***ладна***

ВРУ́Ќ – СТУДЕН
ГОРЯ́ЧИЙ – ХОЛО́ДНЫЙ

Што има висока температура, силно загреан, топол, врел.

Што има ниска температура.

▪ *Водата во Дојранското Езеро е* ***врућа****.*
▪ *Секој ден се туширам со* ***студена*** *вода.*

св. **ВСЕЛИ(СЕ) – ИСЕЛИ(СЕ)**
ВСЕЛИ́ТЬ(СЯ) – ВЫ́СЕЛИТЬ(СЯ)

Смести некого во стан, куќа, куќа, насели; смести се, насели се.

Направи или присили некого да напушти место на живеење; напушти место на живеење (стан, куќа).

▪ ***Се всели*** *во еден од студентските домови во Скопје.*
▪ *Го* ***иселив*** *кирацијата, бидејќи не плаќаше кирија.*

несв. **ВСЕЛУВА(СЕ) – ИСЕЛУВА(СЕ)**
ВСЕЛЯ́ТЬ(СЯ) – ВЫСЕЛЯ́ТЬ(СЯ)

Сместува некого во стан, куќа, населува; сместува се, населува се.

Прави или присилува некого да напушти место на живеење; напушта место на живеење (стан, куќа).

▪ *Треба да честиш. Не се* ***вселуваш*** *секој ден во нов стан.*
▪ *Многу пензионери* ***се иселуваа*** *од Скопје и заминуваа во Охрид.*

св. **ВТЕРА – ИСТЕРА**
ЗАГНА́ТЬ – ВЫ́ГНАТЬ

Натера сосила да влезе во ограничен простор.

Натера сосила да излезе од ограничен простор.

▪ *Ги* ***втера*** *овците во трло.*

▪ *Ги* ***истера*** *овците од трло на пасење.*

ВЧЕРА – ДЕНЕС
ВЧЕРА́ – СЕГО́ДНЯ

1. Во ден што претходи на денешниот ден; 2. Во најблиско минато време, неодамна.

1. Во текот на овој ден; 2. Во ова време, сега.

▪ ***Вчера*** *имав гости.*

▪ ***Денес*** *сум на работа.*

▫ ***Вчера*** *беше дете, а* ***денес*** *има свои деца.*

Со мала нежност да те разубавам
твоето ***денес*** *го разбрав ко чекор појќе*
од ***вчера***. Г. Тодоровски, *Зборови од земја и злато.*

ВЧЕРАШЕН – ДЕНЕШЕН
ВЧЕРА́ШНИЙ – СЕГО́ДНЯШНИЙ

Што е од вчера; што се однесува на вчера.

- ***Вчерашен*** *леб.*
- ***Вчерашната*** *забава беше добра.*

Што е од денес; што се однесува на денес.

- ***Денешна*** *супа.*
- ***Денешниот*** *ден ќе биде тежок.*

ВЧЕРА – УТРЕ
ВЧЕРА́ – ЗА́ВТРА

1. Во ден што претходи на денешниот ден;
2. Во најблиско минато време, неодамна.

- ***Вчера*** *бевме на пазар.*

1. Во денот по денешниот;
2. Во блиска иднина, наскоро.

- ***Утре*** *ќе работам цел ден.*

Роса Трпкова ја чешла белата коса и гледа во празниот сокак. А ништо нема за гледање, зашто сокакот е исто како ***вчера*** *и таа ќе е иста како* ***утре.*** Д. Солев, *Црно огледало.*

ВЧЕРАШЕН – УТРЕШЕН
ВЧЕРА́ШНИЙ – ЗА́ВТРАШНИЙ

Што се случил, бил вчера.

- ***Вчерашната*** *ноќ беше свежа.*

Определен за утре.

- *Не сум го направила* ***утрешниот*** *план.*

Г

ГАЛОВЕН – ПЕЈОРАТИВЕН
ЛА́СКОВЫЙ – ПЕЙОРАТИ́ВНЫЙ/ГРУ́БЫЙ

Нежен, топол.

▪ ***Галовно*** *обраќање.*

Погрден, навредлив.

▪ ***Пејоративно*** *обраќање.*

ГЕНИЈ – БЕЗДАРЕН
ГЕ́НИЙ – БЕЗДА́РНЫЙ

Лице со највисока вродена творечка способност.

▪ *Тој е* ***генијален*** *во науката.*

▪ *Тој е* ***генијален*** *за раскажување вицеви.*

Лишен од дарба.

▪ *Тој е* ***бездарен*** *за математика.*

▪ *Тој е* ***бездарен*** *за раскажување вицеви.*

ГИГАНТ – ЏУЏЕ
ГИГА́НТ – КА́РЛИК/НИЧТО́ЖЕСТВО

1. Митолошко суштество со огромен раст;
2. Лице со ненормално висок раст; 3. Голема и моќна фирма, организација;
4. Лице со извонредни способности и достигнувања.

▪ *Постојат растенија* ***гиганти.***
▫ *Таа е* ***гигант*** *во медицината.*

1. Ситно митолошко суштество од приказните;
2. Лице со ненормално мал раст; 3. Мала и безначајна фирма, организација;
4. Безначајна личност.

▪ *Бонзаите се растенија* ***џуџиња.***
▫ *Таа е* ***џуџе*** *во општеството.*

ГИГАНТСКИ – ЏУЏЕСТ
ГИГА́НТСКИЙ – КА́РЛИКОВЫЙ

Многу голем, огромен; како гигант.

▪ ***Гигантски*** *растенија.*

Многу помал од вообичаеното.

▪ ***Џуџести*** *дрвја.*

ГИГАНТСКИ – МИНИЈАТУ́РЕН
ГИГА́НТСКИЙ – МИНИАТЮ́РНЫЙ

Многу голем, огромен; како гигант.

▪ *Вчера јадевме* ***гиганска*** *пастрмајлија.*

Многу помал од вообичаеното.

▪ *Сакам* ***минијатурни*** *предмети.*

ГЛАВЕН – ВТОРОСТЕПЕН
ГЛА́ВНЫЙ – ВТОРОСТЕПЕ́ННЫЙ

Што е прв по важност; што е решавачки; основен, битен, суштествен; централен.

Што е втор по ред; помалку важен од нешто друго.

▪ *Сега* ***главен*** *проблем е да им се помогне на луѓето, другите се* ***второстепени*** *прашања.*

ГЛАВЕН – СПОРЕДЕН
ГЛА́ВНЫЙ – ПОБО́ЧНЫЙ

Што е прв по важност; што е решавачки; основен, битен, суштествен; централен.

▪ ***Главните*** *задачи ги решивме.*

Што не е главен; што има помало или релативно помало значење или важност.

▪ ***Спородните*** *ќе ги оставиме за другпат.*

...бидејќи стапалата се делат на ***главни*** *и* ***споредни****, истата карактеристика важи и за квинтакордите на тие стапала.* К. Лазаров, *Основи на музичката теорија.*

ГЛАДОК – РАПАВ
ГЛА́ДКИЙ – ШЕРША́ВЫЙ
РО́ВНЫЙ – ШЕРОХОВА́ТЫЙ

Мазен, зарамнет.

▪ *Масата има* ***глатка*** *површина.*

Што не е мазен, не е зарамнет.

▪ *Клупите во паркот се* ***рапави.***

ГЛАСЕН – ТИВОК
ГРО́МКИЙ/ГОРЛА́СТЫЙ – ТИ́ХИЙ

1. Што звучи силно;
2. Што се слуша добро;
3. Зборлест.

▪ *Не сакам* ***гласна*** *музика.*
▪ ***Гласно*** *зборување.*
▪ ***Гласен*** *човек.*

1. Што не звучи силно;
2. Што едвај се слуша;
3. Молчалив.

▪ *Сакаме* ***тивка*** *музика.*
▪ ***Тивко*** *зборување.*
▪ ***Тивок*** *човек.*

Постоеше можеби основна противречност: ***тивкото*** *и тажно пеење на Дарвиш не се совпаѓаше со* ***гласното*** *и оптимистичко верување на Арафат во враќањето и најдените зборови на слободата.* Л. Старова*, Амбасади.*

ГЛАСНО – ТИВКО
ГРО́МКО – ТИ́ХО

На гласен начин.

▪ *Зборува* ***гласно****.*
▪ *Пее* ***гласно****.*

На тивок начин.

▪ *Зборува* ***тивко****.*
▪ *Свири* ***тивко****.*

ГНАСЕН – ЧИСТ
ГРЯ́ЗНЫЙ – ЧИ́СТЫЙ

1. Нечист, извалкан;
2. Одвратен, непријатен, подол, низок.

▪ ***Гнасна*** *чаша.*
▫ ***Гнасна*** *игра.*

1. Неизвалкан; уреден;
2. Морално беспрекорен, неизвалкан.

▪ ***Чиста*** *чаша.*
▫ ***Чиста*** *совест.*

ГНАСНО – ЧИСТО
ГРЯ́ЗНО – ЧИ́СТО

1. На гнасен начин;
2. Одвратно, гадно.

▪ ***Гнасно*** *е овде.*

1. Без нечистотија; уредно;
2. Морално беспрекорно.

▪ ***Чисто*** *работи.*

ГНАСОТИЈА – ЧИСТОТА
ГРЯЗЬ – ЧИСТОТА́

Состојба или својство на гнасен; отсуство на

Состојба или својство на чист; отсуство на физичка

физичка или морална чистотија.

▪ *Собата му е* ***гнасотија****.*

или морална нечистотија.

▪ *Дома одржува* ***чистота****.*

ГОЛЕМ – МАЛ
БОЛЬШО́Й – МА́ЛЕНЬКИЙ

1. Кој е над просечното, обичното, или над она што се спротивставува по обем, по размер, по количество, број, раст; 2. По значење; 3. Возрасен.

1. Кој е под просечното, нормалното по димензии; кој е незначителен по обем, по волумен, по раст, по ширина; 2. По значење; 3. Малолетен.

Таа неизвесност во која заживеа Давид се протегна низ времето, станувајќи без крај и почеток, ***мала****, но во него* ***голема*** *како и самиот век и свет.* М. Јовановски*, Патот до осаматa;*

Никогаш не треба да нè напушти свеста и за тоа дека полека ќе откриваме уште многу други ***помали*** *и* ***поголеми*** *пречки, кои ќе ни наметнуваат нови* ***помали*** *и* ***поголеми*** *задачи што се воопшто непредлидливи а чие запоставување коби неуспех.* М. Јовановски*, Патот до осаматa;*

▫ *Од преголема амбиција, не сака сам прв да ги понуди своите текстови. Сака да влезе низ* ***голема*** *а не низ* ***мала*** *врата.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Ако не е важно дали си ***голем*** *или* ***мал****, како што тврдат мислителите, свртен кон човекот, тогаш е барем важно во светот,* ***мал*** *или* ***голем****, да се чувствуваш жив колку што е и тој.* Д. Солев*, Црно огледало;*

ø Изутрина селаните малку почекаа да не дојдат нови војски на местото на старите, или да не дојде однекаде некоја забрана и се втурна и ***мало*** *и* ***големо*** *во штабот да граба.* М. Фотев*, Потомците на Кат.*

ГОЛЕМ – СИТЕН
БОЛЬШО́Й – МЕ́ЛКИЙ
КРУ́ПНЫЙ – НЕЗНАЧИ́ТЕЛЬНЫЙ

1. Значителен по величина; 2. По значење.

▪ ***Големи*** *зрна.*
▪ ***Голема*** *работа.*

1. Незначителен по величина; 2. По значење.

▪ ***Ситни*** *зрна.*
▪ ***Ситна*** *работа.*

Ситните *крадци ги затвораат, а* ***големите*** *ги пропуштаат. Посл.;*

Не станува збор само за ***големите*** *криминални дејства, туку и за оние* ***ситните*** *– склоноста да се подвали, да се остварат целите по некакви околни патишта...* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

ГОРД – ПОНИЗЕН
ГО́РДЫЙ – ПОКО́РНЫЙ/СМИРЁННЫЙ

Кој има или покажува превисоко мислење за себе; што е надмен, непристапен.

Кој има или покажува ниско мислење за себе; сервилно послушен.

▪ *Ги сакаше* ***гордите*** *луѓе, зашто од нив научи дека* ***понизното*** *однесување е срамно за човечкиот род.*

ГОРДО – ПОНИЗНО
ГО́РДО – ПОКО́РНО

На горд начин, горделиво.

На понизен начин.

▪ *Крени* ***гордо*** *глава.*

▪ ***Понизно*** *јаведне главата.*

ГОРДЕЛИВ/ГОРД – СКРОМЕН
ГО́РДЫЙ/НАДМЁННЫЙ – СКРО́МНЫЙ

Што покажува превисоко мислење за себе; надмен, непристапен.

Повлечен, срамежлив; воздржан; невообразен.

▪ *Многу е* ***горд****, не разговара со секого.*

▪ *Таа е* ***скромна*** *и тивка.*

ГОРДО – СКРОМНО
ГО́РДО – СКРО́МНО

На горд начин, горделиво.

На скромен начин.

▪ *Оди* ***гордо*** *со кренатата глава и никого не забележува.*
▪ *Влезе,* ***скромно*** *се поздрави и седна во аголот на собата.*

несв. **ГОРДЕЕ СЕ – СРАМИ СЕ**
ГОРДИ́ТЬСЯ – СТЫДИ́ТЬСЯ

Се чувствува горд за постигнати успеси.

▪ ***Се гордее*** *со своето дете.*

Чувствува силен срам, се кае за лоша постапка.

▪ ***Се срами*** *од своето дете.*

ГОРДОСТ – СРАМ
ГО́РДОСТЬ – СТЫД

Чувство на задоволство од своите квалитети; чувство на самопочит.

▪ ***Гордост*** *е да бидеш учител.*

Чувство на душевна болка, жалење поради лоша постапка; чувство на несигурност во друштво.

▪ *Голем* ***срам*** *е да лажеш.*

ГОРЕ – ДОЛУ
ВВЕРХ/НАВЕРХУ́ – ВНИЗ/ВНИЗУ́

Повисоко, на повисоко место.

▪ *Одам* ***горе*** *пешки.*
▪ *Те чекам* ***горе****, на втори кат.*

Пониско, на пониско место.

▪ *Доаѓам* ***долу*** *со лифт.*
▪ *Те чекам* ***долу****, пред влезот.*

Гледам јас ***горе****, па гледам* ***долу*** *во нозете, во чевличињата, не сум ја прашал кој ѝ ги купил чевличињата со жајчиња што се запетлуваат. Таа оди напред, а јас мислам дека цела земја оди по неа.* П.М. Андреевски*, Пиреј;*

Преку раменатa на мојот пријател гледав низ двокрилната, широм отворена врата пред него каде што ниско ***долу*** *гореа свеќи, а* ***горе*** *на каминот, врз некое бело чипкаво милје беше поставена раскошно обликувана газиена ламба зад која со помошта на еден гоблен, се откриваше глетката во тајната вечера.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Чудно, толку пати се качив ***горе****, и* ***долу*** *загледав, ама Вани го немаше. Т.* Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Луѓето се качуваат ***горе*** *да сведат поглед уште еднаш пред умрената, слегуваат* ***долу*** *и ги пречекуваат новите поклоници одвраќајќи им: бог да ја прости.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ГОРЕН – ДОЛЕН
ВЕ́РХНИЙ – НИ́ЖНИЙ

1. Што се наоѓа горе, над нешто; 2. Што се облекува над долната облека; 3. Што го сочинува повисокиот дел од населба или простор.

1. Што е под нешто друго; 2. Што се облекува под горната облека; 3. Што го сочинува понискиот дел од населба или простор.

*На средето куќата се дели на два дела, но не со преграда, ами со една долга греда колку што е широка куќата (колку да се знае оти е разделена) стружена од едниот до другиот sид поземи; таа греда се вика „**долното** било“. Од гредата нагоре е „**горни** крај“, а од неа надолу- „**долни** крај“, каде што остануваат и вратите.* С. Попов, *Крпен живот;*

*На **горниот** и на **долниот** крај на sидот - војници со пушки и со камшици.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

ГРАД – СЕЛО
ГО́РОД – СЕЛО́/ДЕРЕ́ВНЯ

Големо населено место, административен, индустриски, трговски и културен центар.

Мало населено место од неградски тип.

*Потоа, така трчајќи, детето и кученцето стигнале до некое друго **село**, непознато, пошле в **град**, го виделе на некој брег, крај голема вода...* Ж. Чинго, *Големата вода;*

*Каква ќе биде таа моја проектирана вистинска љубов, не можев да си претставам, или сосема сматно си претставував, но бев внатрешно уверен дека сепак тоа на **село** станува полесно и попросто отколку во **градот**.* Б. Конески, *Средба во рајот.*

ГРАДСКИ – СЕЛСКИ
ГОРОДСКО́Й – СЕ́ЛЬСКИЙ/ДЕРЕВЕ́НЬСКИЙ

Што се однесува на град; карактеристичен за град.

▪ ***Градски** улици.*

Што се однесува на село; карактеристичен за село.

▪ ***Селска** чешма.*

Како можеа толку убави, толку ***градски****, вака грдо да се зацапаат во една, благо речена, од естетски аспект, најадно* ***селска*** *надворешност, никогаш не ми стана јасно.* Д. Михајловски*, Избор.*

несв. **ГРАДИ – РУШИ/УРИВА**
СТРО́ИТЬ/ФОРМИРОВА́ТЬ – СНОСИ́ТЬ/РАЗРУША́ТЬ

1. Крева, зида;
2. Создава, образува.

1. Прави нешто изградено да падне, да се растури;
2. Уништува, упропастува.

▪ *Секој ден* ***градат*** *нови куќи.*
▫ *Полека го* ***гради*** *својот углед.*

▪ *Старите куќи ги* ***рушат****.*
▫ *Со својот лош однос го* ***руши*** *угледот на агенцијата.*

ГРАДЕЊЕ – РУШЕЊЕ/УРИВАЊЕ
СТРОИ́ТЕЛЬСТВО – РАЗРУШЕ́НИЕ

1. Правење, зидање објект зид; 2. Создавање, формирање.

1. Дејство што предизвикува нешто да падне;
2. Уништување.

▪ *Градежните фирми се занимаваат и со* ***градење*** *и со* ***рушење****.*

Се враќав во земјата на која ѝ се надираше 'картагинската судбина', но во една нова проекција. Зарем и самата европска историја не претставуваше вечно ***уривање*** *и* ***градење*** *на 'Картагина' од страна на минливите империи?* Л. Старова*, Амбасади.*

несв. **ГРАДИ – РАЗГРАДУВА**
СТРО́ИТЬ – РАЗРУША́ТЬ

1. Крева, зида; 2. Составува, создава, образува.

1. Прави нешто изградено да падне, да се растури; 2. Да пропадне, да се разори.

▪ *Родителите* ***градеа*** *и куќи и углед, а синовите* ***разградуваа****.*

И талкајќи по бурјаните и капините среќава еден свој врсник, сега маж и цврст селанец, па откако се поздравиле и го прашал дали сè уште постои нивната куќа, а тој со мудроста на ситe свои претци, му одговорил важно е што постоиш, а куќата се ***гради*** *и* ***разградува****!* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

несв. **ГРАДИ – РАЗУРНУВА**
СТРО́ИТЬ – РАЗРУША́ТЬ

1. Крева, зида; 2. Составува, создава, образува.

1. Прави нешто изградено да падне, да се растури; 2. Да пропадне, да се разори.

▪ ***Гради*** *зграда.*

▪ ***Разурнува*** *зграда.*

ГРАДИТЕЛ – РУШИТЕЛ
СОЗИДА́ТЕЛЬ – РАЗРУШИ́ТЕЛЬ

1. Кој гради; 2. Создавач, творец, архитект.

1. Кој руши; 2. Разорувач, уништувач.

И има поголем контраст од нас двајцата, јас продолжувач и ***градител*** *на вечната, со поколенија градена култура, и тој-* ***рушител*** *на сето свето и традиционално што со векови го градел овој народ?* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Останало во толкувањето на тоа време сфаќањето дека Словените, како варвари, по својата природа биле повеќе наклонети кон нередот отколку кон редот, повеќе ***рушители*** *отколку* ***градители*** *и како такви дале голем придонес и во создавањето на ханската и во градењето на Самоиловата држава.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

несв. **ГРЕЕ(СЕ) – ЛАДИ(СЕ)**
РАЗОГРВА́ТЬ/СОГРВА́ТЬСЯ – ОСТУЖА́ТЬ/ОХЛАЖДА́ТЬ(СЯ)

1. Прави врело, топло;
2. Чувствува топлина во тело, станува топол.

1. Прави ладно, студено;
2. Чувствува ладно, станува ладен.

▪ ***Грее*** *супа.*
▪ ***Грее*** *раце.*
▪ ***Се грее*** *на сонце.*

▪ ***Лади*** *чај.*
▪ ***Лади*** *лице.*
▪ ***Се лади*** *на чешма.*

св. **ЗГРЕЕ(СЕ) – ОЛАДИ(СЕ)**
РАЗОГРЕ́ТЬ/СОГРЕ́ТЬСЯ – ОСТУДИ́ТЬ/ОХЛАДИ́ТЬ(СЯ)

1. Направи врело, топло;
2. Почувствува топлина во тело, стане топол.

1. Направи ладно, студено;
2. Почувствува ладно, стане ладен.

▪ ***Згрее*** *вода.*
▪ ***Згрее*** *раце.*
▪ ***Се згреа*** *на топло.*

▪ ***Олади*** *чај.*
▪ ***Олади*** *лице.*
▪ ***Се олади*** *на чешма.*

ГРЕШЕН – БЕЗГРЕШЕН
ГРЕ́ШНЫЙ – БЕЗГРЕ́ШНЫЙ

Кој има грев; кој направил грев.

▪ ***Грешен*** *човек.*

Кој е без грев; кој не направил грев.

▪ ***Безгрешен*** *човек.*

ГРЕШНО – БЕЗГРЕШНО
ГРЕ́ШНО – БЕЗГРЕ́ШНО

На грешен начин; со вина.

▪ *Дејствува* ***безгрешно.***

На безгрешен начин; без вина.

▪ *Дејствува* ***грешно.***

ГРУБ – ДЕЛИКА́ТЕН
ГРУ́БЫЙ – ДЕЛИКА́ТНЫЙ/ВЕ́ЖЛИВЫЙ

Неделикатен, неучтив; суров, жесток.

▪ ***Груб*** *човек.*
▪ ***Груб*** *однос.*

Внимателен, учтив, тактичен; нежен, фин, чувствителен.

▪ ***Деликатен*** *човек.*
▪ ***Деликатен*** *однос.*

ГРУБО – ДЕЛИКА́ТНО
ГРУ́БО – ДЕЛИКА́ТНО/ВЕ́ЖЛИВО

На груб начин.

▪ *Кон своите деца се однесува* ***грубо****.*

На деликатен начин.

▪ *Кон своите соработници се однесува* ***деликатно****.*

ГРУБ – ЉУБЕЗЕН
ГРУ́БЫЙ – ЛЮБЕ́ЗНЫЙ/ВЕ́ЖЛИВЫЙ

Неделикатен, неучтив непријатен.

▪ ***Груб*** *човек.*
▪ ***Грубо*** *обраќање.*

Срдечен, учтив, внимателен.

▪ ***Љубезен*** *човек.*
▪ ***Љубезно*** *обраќање.*

Колку е ***погруб*** *и понепристојен, толкие се* ***пољубезни*** *со него.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

ГРУБ – НЕЖЕН
ГРУ́БЫЙ – НЕ́ЖНЫЙ

1. Неделикатен, неучтив, суров, жесток.
2. Нерамен, рапав.

▪ ***Груб*** *човек.*
▪ ***Грубо*** *обраќање.*

1. Благ, љубезен, кроток, чувствителен.
2. Мазен, пријатен.

▪ ***Нежен*** *човек.*
▪ ***Нежно*** *обраќање.*

Едни раце две-
раце господови,
раце џелатови,
раце гробарови,
раце војникови,
раце човекови,
ираце етиц.-
без кои гревот помал ќе е грев
без кои доброто смисла ќе нема,
светли и темни,
нежни *и* ***груби****,*
мирни и гневни,
неопходни наши
трансмисии и парадокси! Г. Тодоровски, *Зборови од земја и од злато.*

ГРУБО – НЕЖНО
ГРУ́БО – НЕ́ЖНО

На груб начин.

▪ ***Грубо*** *работи.*

На нежен начин.

▪ ***Нежно*** *работи.*

Пред влезот на колибата минуваа нозе од меки дождовни кајки, но колку и да беа меки, постепено ја замесуваа црвеницата, прво ***нежно*** *и внимателно, а потоа* ***грубо****, чиниш со илјада клунови ѝ ја исколваа снагата, како што си поиграа животот со него пред неколку години.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

ГРУБ – УЧТИВ
ГРУ́БЫЙ – УЧТИ́ВЫЙ

Неделикатен, неучтив, невоспитан.

▪ ***Груба*** *продавачка.*

Срдечен, услужлив, внимателен, воспитан.

▪ ***Учтива*** *продавачка.*

ГРУБ – ФИН
ГРУ́БЫЙ – ДЕЛИКА́ТНЫЙ/ТО́НКИЙ

1. Неделикатен, неучтив; суров, жесток; 2. Лошо изработен, рапав.	1. Деликатен, учтив; нежен, чувствителен; 2. Добро, прецизно изработен.
▪ ***Груб*** *човек.*	▪ ***Фин*** *човек.*
▪ ***Груба*** *изработка.*	▪ ***Фина*** *изработка.*

ГРУПА – ПОЕДИНЕЦ
ГРУ́ППА – ОТДЕ́ЛЬНЫЙ ЧЕЛОВЕ́К

Определен број луѓе што ги поврзуваат заеднички идеи, мислења, цели; заедница.	Лице како засебна единка; индивидуа.

А со оглед на различноста на мотивите, различни се и интересите на ***поединците,*** *на* ***групите****, на институциите и на заедниците.* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Сè уште не е предоцна да се искористи постигнатата свест кај луѓето и да се доразоружа секој ***поединец****, секоја* ***група****, секој мрачен, подмолен ум.* Д. Михајловски*, Колумни.*

несв. ГУБИ – НАОЃА
ТЕРЯ́ТЬ – НАХОДИ́ТЬ

Останува без некого или нешто поради невнимание, отсутност.	Открива случајно или со напор, со барање.
▪ ***Губи*** *пари.*	▪ ***Наоѓа*** *пари.*
▫ ***Губи*** *пријател.*	▫ ***Наоѓа*** *пријател.*

св. ИЗГУБИ/ЗАГУБИ – НАЈДЕ
ПОТЕРЯ́ТЬ – НАЙТИ́

Остане без нешто од невнимание, од заборав.	Откриe случајно, со напор или со барање.
▪ ***Загуби*** *пари.*	▪ ***Најде*** *пари.*
▫ ***Загуби*** *мир.*	▫ ***Најде*** *мир.*

ГУСТ – РЕДОК
ГУСТО́Й – ЖИ́ДКИЙ/РЕ́ДКИЙ

1. Со голема концентрација на нешто; не воденикав; 2. Што се состои од многу, блиску поместени еднородни предмети или делови.	1. Со недоволна густина, воденикав; 2. Што се состои од еднородни предмети или делови оддалечени еден од друг.
▪ ***Густа*** *чорба.*	▪ ***Ретка*** *чорба.*
▪ ***Густа*** *коса.*	▪ ***Ретка*** *коса.*

Д

ДА – НЕ
ДА – НЕТ

Частица за потврдување. Се употребува во одговор за изразување согласност, потврдување.	Частица за негирање. Се употребува во одговор што изразува негирање, несогласност.

*Момчакот, во секој случај, ја истерува својата замисла, ја тера својата работа. Како да седнал на љубовно дрво, кое со едната гранка кажува „**да**“ а со другата „**не**“ на неговите желби, оди кон кореното што ќе му го каже крајот.* Д. Солев*, Црно огледало;*

*Ми беше позната изреката дека кога еден дипломат вели ’**да**‘ тоа значи ’можеби‘; кога вели ’можеби‘, тоа значи ’**не**‘; а кога вели ’**не**‘ тогаш тој не е дипломат.* Л. Старова*, Амбасади.*

несв. **ДАВА – ЗЕМА**
ДАВА́ТЬ – БРАТЬ/ОТНИМА́ТЬ

1. Врачува; подарува; 2. Создава, нуди.	1. Фаќа во раце, прифаќа; 2. Одзема.
▪ ***Дава*** *книга.*	▪ ***Зема*** *книга.*
▫ ***Дава*** *живот.*	▫ ***Зема*** *живот.*

▫ *Си ги **зема** господ луѓето, исто како што си ги **дава**. Голи и без заби ги дава и голи и без заби си ги бара*. П.М.Андреевски*, Последните селани.*

св. **ДАДЕ – ЗЕМЕ**
ДАТЬ – ВЗЯТЬ

1. Врачи; подари;
2. Создаде, понуди.

▪ ***Даде*** *книга.*
▫ ***Даде*** *живот.*

1. Фати во раце, прифати;
2. Одземе.

▪ ***Земе*** *книга.*
▫ ***Земе*** *живот.*

▫ *Господ да чува! Туку што да чува? Кај мене ништо не дочува. Сè што ми* ***даде*** *сè си* ***зеде****. Негово си е. Немам против кого да одам на поплака. Нема тука што, нема тука каде. Ме остави квачка без пилиња.* П.М. Андреевски*, Пиреј;*

▫ *Ама, зар ова е мојата смрт? Смртта треба да ми ја донесе господ, а не некои долни арамии. Не е така? Да не исчекам, ако не е! Па господ ме* ***дал****, господ нека ме* ***земе****, ќе си речам, и пак ќе се окуражам.* П.М. Андреевски*, Пиреј;*

Има сили за сите желби на светов, а нема никој да го види таков-готов повеќе да ***даде****, одошто сам да* ***земе****.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ДАЛЕКОВИД/ДАЛНОГЛЕД – КРАТКОВИД/КУСОГЛЕД
ДАЛЬНОЗО́РКИЙ/ДАЛЬНОВИ́ДНЫЙ – БЛИЗОРУ́КИЙ

1. Што го гледа она што е далеку, а не го гледа добро она што е близу; 2. Остроумен, проникliв, што може да предвиди идни настани.

▪ *Јас сум* ***далекувид****, докторе.*

▫ ***Далековида*** *политика.*

1. Што го гледа она што е близу, а не го гледа добро она што е далеку;
2. Што нема претчувство, интуиција.

▪ ***Кратковид*** *сум, читам без очила.*

▫ ***Кратковида*** *политика.*

ДАЛЕКОВИДОСТ – КРАТКОВИДОСТ
ДАЛЬНОЗО́РКОСТЬ/ДАЛЬНОВИ́ДНОСТЬ – БЛИЗОРУ́КОСТЬ

1. Својство на оној што е далекувид; 2. Остроумност; предвидливост.

1. Својство не оној што е кратковид; 2. Ограниченост, неспособност да се сфати вистинското значење на некој настан за иднината.

▪ *И* ***далекувидоста*** *и* ***кратковидоста*** *во голем број случаи се наследни.*

ДАРЕЖЛИВ – СКРЖАВ
ЩЕ́ДРЫЙ – СКУПО́Й/СКУ́ДНЫЙ

1. Кој со задоволство ги дели своите средства, имот со други; кој не жали да троши;
2. Плоден, богат.

▪ ***Дарежлив*** *човек.*
▫ ***Дарежлива*** *земја.*

1. Кој е прекумерно штедлив, на секаков начин избегнува да троши, да даде;
2. Скуден.

▪ ***Скржав*** *човек.*
▫ ***Скржава*** *земја.*

ДАРЕЖЛИВОСТ – СКРЖАВОСТ
ЩЕ́ДРОСТЬ – СКУ́ПОСТЬ

Особина на оној што е дарежлив.

▪ ***Дарежливоста*** *е благородна човечка особина.*

Особина на оној што е скржав.

▪ ***Скржавоста*** *не се поистоветува со домаќинлак.*

ДАРЕЖЛИВ – ЦИЦИЈА
ЩЕ́ДРЫЙ – СКРЯ́ГА

Кој со задоволство ги дели своите средства, имот со други; кој не жали да троши.

▪ *Тој е многу* ***дарежлив****.*

Кој е прекумерно штедлив; на секаков начин избегнува да троши, да даде.

▪ *Тој е голем* ***цицију****.*

ДАРЕЖЛИВОСТ – ЦИЦИЛАК
ЩЕ́ДРОСТЬ – СКУ́ПОСТЬ

Особина на оној што е дарежлив.

Особина на оној што е цицију.

▪ ***Дарежливоста*** *и* ***цицилакот*** *се чести теми на народните приказни.*

ДВИЖЕЊЕ – МИРУВАЊЕ
ДВИЖЕ́НИЕ/АКТИ́ВНОСТЬ – БЕЗДЕ́ЙСТВИЕ/ПОКО́Й

Активност; процес на менување местоположба.

Отсуство на активност; отсуство на движење.

Појавите треба да се разгледуваат не само во состојба на ***мирување*** *туку и во нивниот постојан развиток,* ***движење*** *и променливост.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ДЕБЕЛ – СЛАБ
ТО́ЛСТЫЙ – ХУДО́Й

Кој има поголеми димензии од нормата; кој има поголема тежина од нормата.

▪ ***Дебел*** *човек.*

Кој има помали димензии од нормата; кој има помала тежина од нормата.

▪ ***Слаб*** *човек*

несв. **ДЕБЕЛИ(СЕ) – СЛАБЕЕ**
ТОЛСТЕ́ТЬ – ХУДЕ́ТЬ

Станува дебел.

▪ *Ужива во јадење и се* ***дебели****.*

Станува слаб.

▪ *Го намали јадењето и почна да* ***слабее****.*

св. **ЗДЕБЕЛИ(СЕ) – ОСЛАБИ**
ПОТОЛСТЕ́ТЬ/РАСТОЛСТЕ́ТЬ – ПОХУДЕ́ТЬ

Направи да стане некој дебел или подебел; стане дебел или подебел

▪ *Ме* ***здебели*** *со вкусни јадења.*
▪ ***Се здебелив*** *пет кила.*

Направи да стане некој слаб или послаб; стане слаб или послаб.

▪ *Ме* ***ослабе*** *без готвење.*
▪ ***Ослабев*** *од љубов.*

ДЕБЕЛ – ТЕНОК
ТО́ЛСТЫЙ/НИ́ЗКИЙ – ТО́НКИЙ/ВЫСО́КИЙ

1. Што има широк попречен пресек, што има големи димензии; 2. Полн; 3. Длабок.

▪ ***Дебело*** *дрво.*
▪ ***Дебел*** *човек.*
▫ ***Дебел*** *глас.*

1. Што има мал попречен пресек, што има мали димензии; 2. Слаб; 3. Висок.

▪ ***Тенко*** *дрво.*
▪ ***Танок*** *човек.*
▫ ***Тенок*** *глас.*

ДЕБЕЛО – ТЕНКО
ТО́ЛСТО/НИ́ЗКО – ТО́НКО/ВЫСОКО́

На дебел начин; длабоко.

▪ ***Дебело*** *сече.*
▫ ***Дебело*** *пее.*

На тенок начин; високо.

▪ ***Тенко*** *сече.*
▫ ***Тенко*** *пее.*

Одиме така, а жегата натежнува и нè занесува. Ко лепкаец трева ни се плетка во нозете и ни ги менува чекорите и гласот. Оние што зборуваат ***натанко****, сега зборуваат* ***надебело****, а оние што имаат дебели гласови почнуваат да цвичат.* П.М. Андреевски, *Пиреј.*

ДЕВОЈКА – МОМЧЕ/МЛАДИЧ
ДÉВУШКА – ПÁРЕНЬ

Лице од женски пол, физички зрело, немажено.

Лице од машки пол физички зрело, неженето.

... во Горни Ливади, од Даброво исто така доаѓаа ***момчињата*** *и* ***девојките*** *сите што сакаа да си најдат човек за цел живот...* М. Фотев, *Потомците на Кат;*

Онаму каде што сите чекаа автобус имаше и други ***младичи*** *и* ***девојки****: едни се држеа за раце, други се прегрнуваа, некои и се бацуваа.* Т. Ширилов, *Тимотеј и Лидија.*

ДЕВОЈЧЕ – МАШКО
ДÉВОЧКА – МÁЛЬЧИК

Дете од женски пол.

Дете од машки пол.

„Ако минеш под виножитото, ќе се претвориш во ***девојче****, а девојчето во* ***машко*** *дете“, им кажуваше.* М. Фотев, *Потомците на Кат.*

ДЕДУКТИ́ВЕН – ИНДУКТИ́ВЕН
ДЕДУКТИ́ВНЫЙ – ИНДУКТИ́ВНЫЙ

Заснован на дедукција.

Заснован на индукција.

ДЕДУКЦИЈА – ИНДУКЦИЈА
ДЕДУ́КЦИЯ – ИНДУ́КЦИЯ

Изведување конкретен заклучок поаѓајќи од општото или познатото; заклучок изведен на ваков начин.

Метод на стигнување до општи правила од конкретни факти или принципи.

ДЕЛИВ – НЕДЕЛИВ
ДЕЛИ́МЫЙ – НЕДЕЛИ́МЫЙ

Кој може да се дели.

▪ *Бројот шест е* ***делив*** *со два.*

Кој не може да се дели.

▪ *Бројот седум е* ***неделив*** *со два.*

ДЕМИНУТИ́В – АУГМЕНТАТИ́В *лингв.*
ДЕМИНУТИ́В – АУГМЕНТАТИ́В

Збор, обично изведена именка што во однос на основната именка значи мало, смалено; нежно.

▪ ***Деминутив*** *од баба е бабичка.*

Збор, обично изведена именка што во однос на основната именка значи големо, зголемено; грубо.

▪ ***Аугментатив*** *од баба е бабиште.*

ДЕМОКРАТСКИ – НЕДЕМОКРАТСКИ
ДЕМОКРАТИ́ЧЕСКИЙ – НЕДЕМОКРАТИ́ЧЕСКИЙ
ДЕМОКРАТИ́ЧНЫЙ – НЕДЕМОКРАТИ́ЧНЫЙ

Кој се основа на начелата на демократијата, кој е во духот на демократијата.

▪ ***Демократско*** *општество.*

▪ ***Демократски*** *принцип.*

Што не е демократски; авторитарен, кој не е во духот на демократијата.

▪ ***Недемократско*** *општество.*

▪ ***Недемократски*** *принцип.*

ДЕН – НОЌ
ДЕНЬ – НОЧЬ

Време од изгрев до заоѓање на сонцето.

Време од заодот до изгревот на сонцето.

Утре ќе узнаете што сè имаме сторено. – Демек, ***денот*** *ќе кажел што мислела* ***ноќта****.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Герман навистина беше толку исцрпен, што не забележа ни кога ручаа ни кога воопшто тој ***ден*** *и таа* ***ноќ*** *поминаа.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Смисли нешто, вели Теофил, ***денот*** *е секогаш поумен од* ***ноќта****.* П.М. Андреевски*, Последните селани;*

- Та вие сосема сте паднале во очај, - рече непознатиот, - и ништо не видувате, а сè ви се приспорува, пријателе. ***Денот*** *ви се приспорува во* ***ноќ****, а* ***ноќта*** *во* ***ден****, сè сте помешале!* Ж. Чинго*, Накусо.*

ДЕНЕС(КА) – УТРЕ
СЕГО́ДНЯ – ЗА́ВТРА

1. На овој ден; во текот на овој ден; 2. Во ова време; сега.

1. На денот по денешниот; 2. Во некое идно време.

Проклет да бидам, ако не го видат ***денеска****, ќе го видат* ***утре****, задутре, тие се неуморни во тоа, ќе го надушат.* Ж. Чинго, *Големата вода;*

Вака може поевтино да поминеме, вели, ***денеска*** *јас ќе јадам, а* ***утре*** *ти ќе гледаш,* ***утре****, пак, ти ќе јадеш, а јас ќе гледам.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

Гумното им се испразни: веќе немаше ни коњ, ни волови, ни кола, а тие, како ***денеска*** *ќе посадат компири, а како* ***утре*** *ќе појдат да ги откопаат.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

Поарно ***денеска*** *јајце, отколку* ***утре*** *кокошка. Посл.*

ДЕНЕШЕН – УТРЕШЕН
СЕГО́ДНЯШНИЙ – ЗА́ВТРАШНИЙ

1. Што е од денес, припаѓа на денешниот ден;
2. Припаѓа на сегашноста.

▪ ***Денешниот*** *ден го поминавме работно.*
▪ ***Денешна*** *ситуација.*

1. Што е за утре, припаѓа на наредниот ден;
2. Припаѓа на иднината.

▪ *Сè подготвив за* ***утрешниот*** *ручек.*
▪ ***Утрешни*** *планови.*

ДЕЊЕ/ДЕНСКИ – НОЌЕ
ДНЁМ – НО́ЧЬЮ

Преку ден, во тек на ден.

▪ *Возам само* ***дење****.*

Преку ноќ, во тек на ноќ.

▪ ***Ноќе*** *одам по ресторани.*

Така, Цеко Цветков е принуден да води љубов ***дење****, а* ***ноќе*** *да одржува другарство.* Д. Солев, *Црно огледало;*

Еминот се грижеше за езерото и за брегот, обиколувајќи го и ***дење*** *и* ***ноќе*** *со своите двесте вооружени луѓе.* О. Николова, *Вежби за Ибн Пајко;*

О, неправда!
тие им припаѓале на неизбрани мажи,
нивните коси ***дење*** *сплетени во прстлења*
ноќе *распуштени по градите и колковите,*
нивниот пост на препелица
набрзо го сопирала унечка,
нивната младост поминувала
како мирис на липа што го одвева ветрот. Б. Конески, *Избрани дела.*

ДНЕВЕН – НОЌЕН
ДНЕВНО́Й – НОЧНО́Й

1. Што се однесува на денот, што припаѓа на денот; 2. Што се случува дење.

▪ ***Дневна*** *светлина.*
▪ ***Дневен*** *одмор.*

1. Што се однесува на ноќта, што припаѓа на ноќта; 2. Што се случува ноќе.

▪ ***Ноќна*** *светлина.*
▪ ***Ноќен*** *сон.*

ДЕТЕ – ВОЗРАСЕН
РЕБЁНОК – ВЗРО́СЛЫЙ

Машко или женско лице во најрано доба од животот.

Полнолетно, возрасно лице.

▪ ***Возрасните*** *честопати се однесуваат како* ***деца****.*

Сандар виде како се оддалечуваат ***децата*** *едно по едно, безволно и немо, замислени и очајни како* ***возрасни*** *и трѓна и тој повторно кај Лука Аврамов...* М. Фотев*, Потомците на Кат;*

Најмодерната „играчка“на современиот свет, не само за ***возрасните****, туку и за* ***децата*** *го направи своето.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ДЕ ФАКТО – ДЕ ЈУРЕ
ДЕ-ФА́КТО – ДЕ-ЮРЕ

Фактички, во суштина, на дело.

Правно, врз основа на закон.

▪ ***Де факто*** *постои,* ***де јуре*** *не е признат.*

ДЕФИЦИТ – СУФИЦИТ
УБЫ́ТОК/ДЕФИЦИ́Т – ИЗБЫ́ТОК/ИЗЛИ́ШЕК

Поголем расход од приход во државен буџет; недостиг од нешто.

▪ *Има* ***дефицит*** *од математичари.*

Поголем приход од расход во државен буџет; вишок што останува по задоволување на потребите.

▪ *Има* ***суфицит*** *во буџетот.*

ДЕФИЦИТА́РЕН – СУФИЦИТА́РЕН
ДЕФИЦИ́ТНЫЙ – ИЗБЫ́ТОЧНЫЙ

Што се наоѓа тешко, што не ја задоволува побарувачката; редок.

▪ ***Дефицитарен*** *производ.*

Што ја надминува побарувачката; што е вишок.

▪ ***Суфицитарен*** *кадар.*

ДИВ – ПИТОМ
ДИ́КИЙ – РУЧНО́Й/ОКУЛЬТУ́РЕННЫЙ

1. Неприпитомен, кој живее во природа;
2. Необработен, што расне слободно во природа, некултивиран;
3. Што избегнува контакт со луѓе; плашлив.

▪ ***Диви*** *животни.*
▫ ***Дива*** *природа.*
▫ ***Див*** *човек.*

1. Припитомен, кој живее дома;
2. Обработен, култивиран;
3. Што лесно се зближува со луѓето.

▪ ***Питоми*** *животни.*
▫ ***Питома*** *природа.*
▫ ***Питом*** *човек.*

ДИВ – ДОМАШЕН
ДИ́КИЙ – ДОМА́ШНИЙ

Неприпитомен, што живее во природа.

▪ ***Диво*** *животно.*

Припитомен, што живее дома.

▪ ***Домашно*** *животно.*

ДИВ – КОМУНИКАТИ́ВЕН
НЕОБЩИ́ТЕЛЬНЫЙ – ОБЩИ́ТЕЛЬНЫЙ
ДИ́КИЙ – КОММУНИКА́БЕЛЬНЫЙ

Кој избегнува контакт со луѓе; плашлив.

▫ ***Див*** *човек.*

Кој лесно се зближува со луѓето.

▪ ***Комуникативен*** *човек.*

несв. **ДИГА(СЕ) – СПУШТА(СЕ)**
ПОДНИМА́ТЬ(СЯ) – СПУСКА́ТЬ(СЯ)

1. Става, поместува, помрднува на повисоко

1. Става, поместува, помрднува на пониско

место; преместува се нагоре; 2. Враќа во вертикална положба; 3. Покачува, зголемува; покачува се, зголемува се.

место; преместува се надолу; 2. Враќа во хоризонтална положба; 3. Намалува; намалува се.

▪ ***Дигa*** *дете.*
▪ ***Дигa*** *рамa.*
▫ ***Дигa*** *брзина.*
▪ ***Се дигаат*** *облаци.*
▫ ***Се дигаат*** *цените.*

▪ ***Спушта*** *дете.*
▪ ***Спушта*** *рамa.*
▫ ***Спушта*** *брзина.*
▪ ***Се спуштаат*** *птици.*
▫ ***Се спуштаат*** *цените.*

Како болен човек што ги ***дигa*** *и* ***спушта*** *градите на некоја внатрешна гореа така и воздухот се буфкаше на земјата, па се креваше пак горе...* М. Фотев*, Потомците на Кат.*

св. **ДИГНЕ(СЕ) – СПУШТИ(СЕ)**
ПОДНЯ́ТЬ(СЯ) – СПУСТИ́ТЬ(СЯ)

1. Стави, помести, помрдне на повисоко место; премести се нагоре; 2. Врати во вертикална положба; 3. Покачи, зголеми; покачи се, зголеми се.

1. Стави, премести, помрдне на пониско место; премести се надолу; 2. Врати во хоризонтална положба; 3. Намали; намали се.

▪ ***Дигне*** *рака.*
▪ ***Дигa*** *рамa.*
▫ ***Дигa*** *цена.*

▪ ***Спушти*** *рака.*
▪ ***Спушта*** *рамa.*
▫ ***Спушта*** *цена*

ДИНАМИКА – СТАТИКА
ДИНА́МИКА – СТА́ТИКА

1. Дел од механиката што ги проучува законите на движење на телата; 2. Подвижност, променливост.

1. Дел од механиката што ги проучува законите на рамнотежа на телата; 2. Мирување, непроменливост.

▪ ***Статиката*** *и* ***динамиката*** *се физички науки.*

ДИНАМИЧЕН – СТАТИЧЕН
ДИНАМИ́ЧНЫЙ – СТАТИ́ЧНЫЙ

Подвижен, жив; променлив.

▪ ***Динамичен*** *развој.*
▪ ***Динамична*** *професија.*

Неподвижен; непроменлив.

▪ ***Статична*** *ситуација.*
▪ ***Статична*** *професија.*

ДИНАМИЧНОСТ – СТАТИЧНОСТ
ДИНАМИ́ЧНОСТЬ – СТАТИ́ЧНОСТЬ

Особина на оној што е динамичен, и на она што е динамично.

Особина на оној што е статичен, и на она што е статично.

ДИРЕКТЕН – ИНДИРЕКТЕН
ПРЯМО́Й – КО́СВЕННЫЙ
НЕПОСРЕ́ДСТВЕННЫЙ – ОПОСРЕ́ДСТВОВАННЫЙ

1. Она што е поврзано, што се прави без посредник;
2. Отворен, непосреден.

▪ ***Директни*** *преговори.*
▪ ***Директна*** *информација.*

1. Она што не е поврзано, што се прави со посредник;
2. Заобиколен, посреден.

▪ ***Индиректни*** *преговори.*
▪ ***Индиректна*** *информација.*

ДИРЕКТНО – ИНДИРЕКТНО
ПРЯ́МО – КО́СВЕННО

На директен начин, непосредно.

На индиректен начин, посредно.

... овој вид проза во која се слика најцрната трагика, не го поднесува премногу метафоричниот јазик, дека деталот, самиот по себе страотен и ужасен, има функција во создавањето експресивна, натуралистичка поетска слика и сугестија, кои ***директно*** *или* ***индиректно*** *се соопштуваат во овој роман*. Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Во смисла на овој член поимот „плаќање“ подразбира редовна основна или минимална надница или плата и сите други надоместоци, без разлика дали се во пари или натура, што работникот ги прима ***директно*** *или* ***индиректно*** *од работодавачот врз основа на работниот однос.* Т. Бендевски*, Право на Европска унија.*

ДИ́СКРЕ́ТЕН – ИНДИСКРЕ́ТЕН
УМЕ́ЮЩИЙ ХРАНИ́ТЬ ТА́ЙНУ – НЕУМЕ́ЮЩИЙ ХРАНИ́ТЬ ТА́ЙНУ
ДОВЕРИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕДОВЕРИ́ТЕЛЬНЫЙ

Кој знае да чува тајна, доверлив; внимателен, ненаметлив.

▪ ***Дискретен*** *човек.*

Кој не знае да чува тајна, дрдорлив; премногу љубопитен.

▪ ***Индискретен*** *човек.*

ДИСКРЕТНО – ИНДИСКРЕТНО
ДЕЛИКА́ТНО/ДОВЕРИ́ТЕЛЬНО – НЕДЕЛИКА́ТНО

На дискретен начин.

▪ *Се однесува* ***дискретно****.*
▪ ***Дискретно*** *прашува.*

На индискретен начин.

▪ *Се однесува* ***индискретно****.*
▪ ***Индискретно*** *прашува.*

ДИ́СКРЕ́ТНОСТ – ИНДИСКРЕ́ТНОСТ
ДЕЛИКА́ТНОСТЬ – НЕДЕЛИКА́ТНОСТЬ
ДОВЕРИ́ТЕЛЬНОСТЬ – НЕСДЕ́РЖАННОСТЬ

Особина на оној што е дискретен.

Особина на оној што е индискретен.

ДИСКРЕ́ЦИЈА – ИНДИСКРЕ́ЦИЈА
ДЕЛИКА́ТНОСТЬ – НЕДЕЛИКА́ТНОСТЬ
ДОВЕРИ́ТЕЛЬНОСТЬ – НЕСДЕ́РЖАННОСТЬ

Дискретност, дискретно однесување.

Индискретност, индискретно однесување.

ДЛАБИНСКИ – ПОВРШИНСКИ
ГЛУБИ́ННЫЙ – ПОВЕ́РХНОСТНЫЙ

Кој се однесува на длабочина; што оди во длабочина.

▪ ***Длабински*** *кој.*
▪ ***Длабинска*** *анализа.*

Кој се однесува на површина; што не оди во длабочина.

▪ ***Површински*** *кој.*
▪ ***Површинска*** *анализа.*

ДЛАБНАТИНА – ИСПАКНАТИНА
ВПА́ДИНА/УГЛУБЛЕ́НИЕ – ВЫ́ПУКЛОСТЬ

Издлабено или вдлабнато место.

Испакнато место, грпка.

▪ *На ѓаѕот има* ***длабнатини*** *и* ***испакнатини****.*

ДЛАБОК – ПЛИТОК
ГЛУБО́КИЙ – MÉЛКИЙ/ПОВЕ́РХНОСТНЫЙ

1. Што има голема длабочина; што е на големо растојание од површината;
2. Што се одликува со длабочина, темелност, мудрост.

1. Што има мала длабочина; што е на мало растојание од површината;
2. Што не се одликува со длабочина, што е без темел, несериозен.

▪ ***Длабока*** *река.*
▫ ***Длабоко*** *размислување.*
▫ ***Длабок*** *сон.*

▪ ***Плитка*** *река.*
▫ ***Плитко*** *размислување.*
▫ ***Плиток*** *сон.*

Да е ***длабока*** *вода, може и да ја прецајаш, ама* ***плиток*** *ум, не можеш до никаде...* П. М. Андреевски*, Последните селани;*

*▫Бургиба ѓливаше во старосста во '****плитки*** *води'. Ги одбегнуваше* ***длабокиѓе****. Така ѓо совеѓуваа неѓовиѓе совеѓници.* Л. Старова*, Амбасади.*

ДЛАБОКО – ПЛИТКО
ГЛУБОКО́ – MÉЛКО/ПОВЕ́РХНОСТНО

На длабок начин, длабински.
▪ *Коѓа* ***плиткo****.*
▫ ***Длабоко*** *мисли.*

На плиток начин, површно.
▪ *Коѓа* ***длабоко****.*
▫ ***Плиткo*** *мисли.*

ДЛАБОК – ПОВРШЕН
ГЛУБО́КИЙ – ПОВЕ́РХНОСТНЫЙ

Што се одликува со длабочина, темелност, мудрост.

Што не навлегува во суштината на работите; што е несериозен.

▫ ***Длабоко*** *знаење.*

▫ ***Површно*** *знаење.*

ДЛАБОКО – ПОВРШНО
ГЛУБОКО́ – ПОВЕ́РХНОСТНО

На длабок начин.

▫ ***Длабоко*** *проучува.*

На површен начин.

▫ ***Површно*** *знае.*

ДО – ПО
ДО – ПО́СЛЕ

Се употребува при укажување крајна граница во простор и време.

▪ ***До*** *Ресен.*
▪ ***До*** *војната.*
▪ ***До*** *вечера.*
▪ ***До*** *два часот.*

Што следи во простор време или редослед.

▪ ***По*** *Ресен.*
▪ ***По*** *војната.*
▪ ***По*** *вечера.*
▪ ***По*** *два часот.*

несв. ДОАЃА – ЗАМИНУВА(СИ)
ПРИХОДИ́ТЬ – УХОДИ́ТЬ

Пешки или со превоз се приближува до местото на говорителот; пристигнува.

▪ ***Доаѓа*** *на работа.*
▫ ***Доаѓа*** *зимата.*

Пешки или со превоз се оддалечува, го напушта местото на говорителот.

▪ ***Си заминува*** *од работа.*
▫ ***Си заминува*** *зимата.*

...Над нашите глави има многу авиони... Нацистички се, ***доаѓаат*** *и* ***заминуваат****...* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

св. ДОЈДЕ – ЗАМИНЕ СИ
ПРИЙТИ́ – УЙТИ́

Одејќи или возејќи се стигне до местото на говорителот; пристигне.

▪ ***Дојде****, исти едно кафе и* ***си замина*** *веднаш.*

▫ *Доне само му рече дека ако го одредат да ја истои ноќта нека ја истои, а ако* ***дојде*** *ветрот, ќе* ***дојде*** *и ќе* ***си замине****. Тука ништо не се може.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

ДОАЃАЊЕ – ЗАМИНУВАЊЕ
ПРИХО́Д – УХО́Д

Пристигнување; појавување.

▪ ***Доаѓањето*** *е навечер.*
▪ *На* ***доаѓање*** *се изморил.*

Оддалечување; губење.

▪ ***Заминувањето*** *е наутро.*
▪ *На* ***заминување*** *се поздрави.*

несв. **ДОАЃА – ОДИ (СИ)**
ПРИХОДИ́ТЬ – УХОДИ́ТЬ

1. Пешки или со превоз се приближува до местото на говорителот; пристигнува;
2. Настанува, се појавува.

1. Пешки или со превоз се оддалечува, го напушта местото на говорителот;
2. Исчезнува, се губи.

▪ *Таа* ***доаѓа*** *секој ден и* ***си оди***.

Додека бдеевме, некои луѓе излегуваа, ***си одеа*** *за да се вратат или не, а други* ***доаѓаа***. М. Јовановски, *Патот до осамата;*

▫ *Не знаеш зошто* ***доаѓаш***, *не знаеш зошто* ***си одиш***. *Само мегувремето е твое.* Д. Солев, *Црно огледало;*

▫ *Болеста лесно* ***доаѓа***, *а лесно не* ***си оди***. *Посл.*

св. **ДОЈДЕ – ОТИДЕ СИ**
ПРИЙТИ́ – УЙТИ́

Одејќи или возејќи се стигне до местото на говорителот; пристигне.

▪ *Вчера* ***дојде*** *кај мене.*

Одејќи или возејќи се оддалечи се од местото на говорителот; замине си.

▪ ***Си отиде*** *откај мене доцна.*

Признавам, ништо особено не се случи, ја свршија работата и ***си отидоа***. *Како* ***дојдоа***, *така и* ***си отидоа***... Ж. Чинго, *Накусо;*

Сега што поскоро треба да ***одам***, *зашто ако* ***дојде*** *Давид, готово е, не ќе можам така брзо да побегнам.* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

ДОАЃАЊЕ – ОДЕЊЕ
ПРИХО́Д – УХО́Д

Стигнување.

Заминување.

▪ ***Доаѓањето*** *е навечер.*
▪ *На* ***доаѓање*** *се изморил.*

▪ ***Одењето*** *е наутро.*
▪ *На* ***одење*** *не се поздрави.*

Не знам зошто наеднаш брзо решив да се вратам во сопчето. Веднаш, брзо, тоа мое нагло ***доаѓање*** *и уште понагло* ***одење*** *малку ги зачуди Тања и Владо ...* Ж. Чинго, *Накусо.*

ДОБАР – ЛОШ
ХОРО́ШИЙ – ПЛОХО́Й

1. Што има позитивни особини; 2. Што ги задоволува критериумите за квалитет; 3. Што може да се одобри.

1. Што има негативни особини; 2. Што не ги задоволува критериумите за квалитет; 3. Што предизвикува негативна оценка.

Секаде каде ќе сретневме луѓе, познати и непознати, ***добри*** *и* ***лоши****, на сите им го кажувавме името на нашата мајка, името на нашиот татко, имињата на нашите сестри и браќа, нашите кришни знаци.* Ж. Чинго, *Големата вода;*

... па на крај ги испитуваше очите на рибарот: ако му беа матни белките, значи дека пиел со ***лошо*** *мезе и нема добра риба; а, ако му се бистри, па дури и искрат, значи дека му се погодило* ***доброто*** *мезе со доброто вино и дека некаде на пазарот, во дуќанов, под тезгана, има свежа риба.* Д. Солев, *Црно огледало;*

Од нив не се ни ***подобри*** *ни* ***полоши*** *будалите, тие како тебе. Мислиш дека си итрец, нели?* С. Јаневски, *Кучешко распетие.*

ДОБРО – ЛОШО
ХОРОШО́ – ПЛО́ХО

На добар начин; на правилен начин; правилно.

▪ ***Добро*** *пишува.*

На лош начин, на неправилен начин; неправилно.

▪ ***Лошо*** *пишува.*

И ***добро*** *и* ***лошо****: како кога и како кому, велеше Солунка Зенговска и си одеше покрај овците и говедата.* П. М. Андреевски, *Последните селани;*

Оти, да му нанесуваш некому болка, треба и ти да си нешто болен. Не е така? Иако знам дека нему му е ***добро****, само кога мене ми е* ***лошо****.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*Времето, сваше Лукане, да е добро не **е добро**, времето е **лошо**... и господ сите да нè исчува...* Ж. Чинго, *Накусо.*

ДОБРИНА – ЛОШОТИЈА
ДОБРОТÁ – ЗЛОСТЬ/ЗЛÓБНОСТЬ

Позитивно чувство, однос кон луѓето, кон околниот свет.	Негативно чувство, однос кон луѓето, кон околниот свет.
▪ *Од очите му зрачеше **добрина**.*	▪ *Треба де се заборави **лошотијата**.*

ДОБРО – ЛОШО
ДОБРÓ/ДÓБРОЕ ДÉЛО – ЗЛО/ПЛОХÓЕ (ДÉЛО)

Она што е добро; што е корисно и морално непорочно; добро дело.	Она што не е добро; што е морално негативно; лошо дело.
▪ *Прави **добро**.*	▪ *Прави **лошо**.*

*Двајцата беа сами и така живееја од ден на ден. Понекогаш среќни, понекогаш несреќни, навикнати и на **добро** и на **лошо**, тие прилегаа на мирни јагништа.* Ж. Чинго, *Накусо;*

*За **добро** треба да си подготвен, вели Лазор Ночески, ама и за **лошо** треба да си подготвен, вели, слегувајќи од воловската кола што ја носеше рубата од Велика.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

*Во нормално расположение се наоѓаме кога не сме свесни за сопствената состојба на духот, кога никому не сме сториле ништо **добро** и ништо **лошо**, кога некој не ни сторил ни нешто **добро** ни нешто **лошо**, кога во нас не одзвучува пријатната или непријатната последица на нешто сторено во минатото.* М. Јовановски, *Патот до осаматa;*

*Основи на неговиот аргумент беа претпоставките дека луѓето со својот разум можат да разликуваат меѓу точното и погрешното, **доброто** и **лошото**, а за да го примени таквиот талент, човекот мора да има неограничен пристап до идеите и мислите на другите луѓе.* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

ДОБАР – ЗОЛ
ДО́БРЫЙ – ЗЛОЙ

Што има позитивни особини; сочувствен, срдечен.

- ***Добар*** *човек.*
- ***Добра*** *намера.*

Што има негативни особини; што е склон кон зло, пакосен.

- ***Зол*** *човек.*
- ***Зла*** *намера.*

ДОБРО – ЗЛО
ДОБРО́/ДО́БРОЕ ДЕ́ЛО – ЗЛО

Она што е позитивно.

Она што е лошо.

Ако си тргнал да стануваш поет,
бездруго треба да ги знаеш сите ***зла*** *по име*
и ***доброто*** *да не ти биде замашен поим.* Г. Тодоровски, *Зборови од земја и од злато;*

Така е, вели Глигор, така е. Кај што има пари, вели, повеќе се прави ***зло****, ама и повеќе се прави* ***добро****.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

И насетувам дека имало и некоја друга
пуста правда,
освен мојата,
дека во животот сè се израмнувало
во приливите меѓу ***доброто*** *и* ***злото***
како матна и бистра река кога ќе се стават,
како бранови во море што се успокојуваат. Б. Конески, *Избрани дела;*

Тоа сигурно го измислил Помајкин, на овој начин, се разбира, засекогаш би се ослободил, го знам јас нашиот човек, ќе му направиш некое ***добро****, а тој по секоја цена ќе гледа да ти го врати со* ***зло****.* Ж. Чинго, *Накусо;*

Тоа колено, си мислам, мојата тајна и мојата одгатка. Претчувствува ли таа, што вака и сега ме предизвикува со нив? Зое, ***зло*** *и* ***добро*** *мое!* Д. Солев, *Црно огледало;*

Тоа е она што оваа проза ја прави блиска и на читателот од сосема други јазични подрачја, со оглед дека на поширок филозофски план се судираат принципите на ***доброто*** *и* ***злото****, хуманизациите и дехуманизациите на современата цивилизација, насилствата и отпорите, љубовта и омразата, храброста и страшливоста, издржливоста и попуштањето.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

ДОБРИНА – ЗЛО
ДОБРОТА́ – ЗЛО́БА

Позитивно чувство,
однос кон луѓето,
кон околниот свет.

▪ *Прави само* ***добрини****.*

Негативно чувство,
однос кон луѓето,
кон околниот свет.

▪ *Не прави никому* ***зло****.*

... во тоа време Мануил беше разделен на две, не знаеше каде е ***добрината****, каде е* ***злото*** *и не знаеше каде припаѓа тој самиот...* М. Фотев*, Потомците на Кат;*

Секое ***зло*** *за* ***добро****. Посл.*

ДОБРОВОЛЕН – ПРИНУДЕН
ДОБРОВО́ЛЬНЫЙ – ПРИНУДИ́ТЕЛЬНЫЙ

Што се врши по сопствена
желба, без присила.

▪ ***Доброволна*** *работа.*

Што се врши со принуда,
со присила.

▪ ***Принудна*** *работа.*

ДОБРОВОЛНО – ПРИНУДНО
ДОБРОВО́ЛЬНО – ПРИНУДИ́ТЕЛЬНО

На доброволен начин;
без присила.

▪ *Работи* ***доброволно****.*

На принуден начин;
со присила.

▪ *Работи* ***принудно****.*

Тоа е фактот дека, врз основа на тоа што почна да им се допаѓа на луѓето, Цеко Цветков од своја страна почна и да ги слуша, не ***принудно*** *туку* ***доброволно****, на прво место оние на кои им се допаѓа самиот тој со своите песни.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ДОБРОВОЛЕН – ПРИСИЛЕН
ДОБРОВО́ЛЬНЫЙ – ПРИНУДИ́ТЕЛЬНЫЙ

Што се врши по сопствена
желба, без присила.

▪ ***Доброволно*** *заминување.*

Што се врши со принуда,
со присила.

▪ ***Присилно*** *заминување.*

ДОБРОВОЛНО – ПРИСИЛНО
ДОБРОВО́ЛЬНО – ПРИНУДИ́ТЕЛЬНО/НАСИ́ЛЬНО

На доброволен начин;
без присила.

▪ *Се со̄гласи* ***доброволно***.

На принуден начин;
со присила.

▪ *Се со̄гласи* ***прӣсилно***.

ДОБРОНАМЕРЕН – ЗЛОНАМЕРЕН
ДОБРОЖЕЛА́ТЕЛЬНЫЙ – ЗЛОНАМЕ́РЕННЫЙ/ЗЛОНРА́ВНЫЙ

Кој има добри намери;
кој пожелува на друг добро;
што изразува добронамерност,
пријателско чувство.

▪ ***Добронамерен*** *човек.*
▪ ***Добронамерна*** *идеја.*

Кој има зли, лоши намери;
кој пожелува на друг лошо;
што изразува злонамерност,
непријателско чувство.

▪ ***Злонамерен*** *човек.*
▪ ***Злонамерна*** *идеја.*

ДОБРОНАМЕРНО – ЗЛОНАМЕРНО
ДОБРОЖЕЛА́ТЕЛЬНО – ЗЛОНАМЕ́РЕННО

Со добра намера; пријателски.

▪ ***Добронамерно*** *сове̄тува.*

Со зла, со лоша намера.

▪ ***Злонамерно*** *се смее.*

ДОБРОНАМЕРНОСТ – ЗЛОНАМЕРНОСТ
ДОБРОЖЕЛА́ТЕЛЬНОСТЬ – ЗЛОНАМЕ́РЕННОСТЬ

Особина на оној што е
добронамерен и на она
што е добронамерно.

▪ *Ми кажа од* ***добронамерност̄***.

Особина на оној што е
злонамерен, она што е
злонамерно.

▪ *Ми кажа од*
злонамерност̄.

ДОБРОТВОР – ЗЛОТВОР
БЛАГОДЕ́ТЕЛЬ – ЗЛОДЕ́Й

Што прави добро;
што пружа помош,
заштита.

▪ *Тој човек е го̄лем* ***доброт̄вор***.

Што прави зло;
крвник, зликовец.

▪ *Тој е го̄лем* ***злот̄вор***.

ДОБРОТВОРЕН – ЗЛОТВОРЕН
БЛАГОТВО́РНЫЙ – ЗЛОНАМЕ́РЕННЫЙ

1. Што прави добро;
2. Што се однесува на правење добро.

▪ ***Добротворна*** *акција.*

1. Што прави зло;
2. Што се однесува на правење зло.

▪ ***Злотворен*** *чин.*

несв. **ДОБИВА – ГУБИ**
ПОЛУЧА́ТЬ/ВЫИ́ГРЫВАТЬ – ТЕРЯ́ТЬ/ПРОИ́ГРЫВАТЬ
ПОБЕЖДА́ТЬ – ТЕРПЕ́ТЬ ПОРАЖЕ́НИЕ

1. Прима нешто;
2. Постигнува нешто;
3. Заработува.

▪ ***Добива*** *книга.*
▪ ***Добива*** *натпревар.*
▪ ***Добива*** *на карти.*

1. Се лишува, не поседува повеќе; 2. Не постигнува;
3. Трпи штета.

▪ ***Губи*** *книга.*
▪ ***Губи*** *натпревар.*
▪ ***Губи*** *на карти.*

Доколку едните не ги исполнеа очекувањата, ***губеа****. Другите* ***добиваа*** *и, повторно, не успевајќи да ги остварат таквите очекувања, губеа.* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

св. **ДОБИЕ – ЗАГУБИ**
ПОЛУЧИ́ТЬ/ПОБЕДИ́ТЬ – ПОТЕРЯ́ТЬ
ВЫИГРАТЬ – ПРОИГРА́ТЬ

1. Прими нешто;
2. Постигне нешто;
3. Заработи.

▫ ***Добие*** *другар.*
▪ ***Добие*** *на конкурс.*
▪ ***Добие*** *на лото.*

1. Лиши се од нешто;
2. Не успее;
3. Претрпи штета.

▫ ***Загуби*** *другар.*
▪ ***Загуби*** *на конкурс.*
▪ ***Загуби*** *на лото.*

Неговото излезе како што му велеше Бина на плетчето:и отспреди поп и одзади поп. Ништо ни ***доби*** *ни* ***загуби****.* С. Попов, *Крпен живот.*

ДОБИВКА – ЗАГУБА
ПО́ЛЬЗА/ВЫ́РУЧКА – ПОТЕ́РЯ/УЩЕ́РБ
ПРИ́БЫЛЬ/– УБЫ́ТОК

1. Материјална или

1. Губење, лишување од

друга корист;
2. Заработка, доход.

▪ ***Добивката*** *не е парична.*
▪ ***Добивка*** *од работа.*

нешто или од некого;
2. Штета.

▫ *Човечки* ***загуби****.*
▪ ***Загуба*** *во работа.*

ДОБЛЕСТ – НЕДОСТАТОК
ДОБРОДЕ́ТЕЛЬ/ДО́БЛЕСТЬ – НЕДОСТА́ТОК

Позитивна особина; добри својства; непорочност.

Мана; негативна црта.

▪ *Секој човек има* ***доблести*** *и* ***недостатоци.***

ДОБЛЕСТ – МАНА
ДОБРОДЕ́ТЕЛЬ/ДО́БЛЕСТЬ – НЕДОСТА́ТОК

Позитивна особина; добри својства; непорочност.

Недостаток; негативна црта.

▪ *Тој има многу* ***доблести*** *и една голема* ***мана****.*

ДОБЛЕСТ – ПОРОК
ДОБРОДЕ́ТЕЛЬ/ДО́БЛЕСТЬ – ПОРО́К

Позитивна особина; добри својства; непорочност.

Слабост; негативна црта.

▪ *Тој има многу* ***доблести.***

▪ ***Порок*** *му е коцкањето.*

св. ДОБЛИЖИ(СЕ) – ОДДАЛЕЧИ(СЕ)
ПРИБЛИ́ЗИТЬ(СЯ) – УДАЛИ́ТЬ(СЯ)

Премести на поблиско растојание до некого до нешто; премести се на поблиско растојание до некого до нешто.

▪ *Го* ***доближи*** *столот.*
▪ *Детето* ***се доближи*** *до мене.*

Премести на подалечно растојание од некого од нешто; премести се на подалечно растојание од некого од нешто.

▪ *Го* ***оддалечи*** *телевизорот.*
▪ *Детето* ***се оддалечи*** *од мајка си.*

*Палестинското прашање и неговите главни протагонисти со кои ме **доближи** функцијата и природно требаше да ме **оддалечи**, стана значаен дел од мојот живот.* Л. Старова*, Амбасади.*

несв. **ДОБЛИЖУВА(СЕ) – ОДДАЛЕЧУВА(СЕ)**
ПРИБЛИЖА́ТЬ(СЯ) – УДАЛЯ́ТЬ(СЯ)

Преместува на поблиско растојание до некого до нешто; преместува се на поблиско растојание до некого до нешто.

▪ *Го **доближува** огледалото до лицето.*
▪ *Ана **се доближува** до таблата.*

Преместува на подалечно растојание од некого од нешто; преместува се на подалечно растојание од некого од нешто.

▪ *Го **оддалечува** лицето од огледалото.*
▪ *Ана **се оддалечува** од прозорецот.*

св. **ДОВЛЕЧЕ(СЕ) – ОДВЛЕЧЕ(СЕ)**
ПРИТАЩИ́ТЬ(СЯ) – ОТТАЩИ́ТЬ
ДОПЛЕСТИ́СЬ – ДОПЛЕСТИ́СЬ

Влечејќи донесе; одвај дојде, со влечење дојде.

▪ *Со мака го **довлечкав** куферот.*
▪ ***Се довлечкав** со напор.*

Влечејќи однесе; одвај си отиде, со влечење си отиде.

▪ *Одвај ја **одвлечка** торбата.*
▪ *Едвај **се одвлечка** до дома.*

ДОВОЛЕН – НЕДОВОЛЕН
ДОСТА́ТОЧНЫЙ – НЕДОСТА́ТОЧНЫЙ

Што е во онаа мера колку што треба; достатен.

▪ ***Доволен** е уште еден правилен одговор за позитивна оценка.*

Што не е во онаа мера колку што треба; недостатен.

▪ *Таа торта е **недоволна** за сите гости.*

*Важно е да знаеме дека при поставувањето, отворањето и водењето на процесот на пресистематизирање на системот потребна е **доволна** стрпливост и истрајност, толкава стрпливост и истрајност на која понекогаш ѝ се **недоволни** годините што ги живееме и која ќе вроди со плод можеби во едно од поколенијата по нас.* М. Јовановски*, Патот до осаматa.*

ДОВОЛНО – НЕДОВОЛНО
ДОСТА́ТОЧНО/ХВА́ТИТ – НЕДОСТА́ТОЧНО

Што е во онаа мера колку што треба.

Што не е во онаа мера колку што треба.

▪ ***Доволно*** *научивме денес.*
▪ ***Доволно*** *е, не ми ставај повеќе.*

▪ ***Недоволно*** *си научил.*
▪ ***Недоволно*** *ми е, сакам уште.*

несв. **ДОДАВА – ОДЗЕМА**
ПРИБАВЛЯ́ТЬ – ВЫЧИТА́ТЬ
ДОБАВЛЯ́ТЬ – ОТНИМА́ТЬ

Зголемува, дополнува, повишува.

Скусува, намалува.

▪ *Редовно ми* ***додава*** *пари за превоз.*

▪ ***Одземаат*** *денови за одмор.*

Сето време нешто поправаше, дотеруваше, ***додаваше****,* ***одземаше****, се грижеше за горењето на свеќите.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

св. **ДОДАДЕ – ОДЗЕМЕ**
ПРИБА́ВИТЬ – ВЫ́ЧЕСТЬ
ДОБА́ВИТЬ – ОТНЯ́ТЬ

Зголеми, дополни, повиши.

Скуси, намали.

▪ *Ми* ***додадоа*** *пари за преводот.*

▪ *Ми* ***одзеде*** *од времето.*

несв. **ДОАЃА – ПРОАЃА**
ПРИХОДИ́ТЬ – ПРОХОДИ́ТЬ
ХОТЕ́ТЬСЯ – МИНОВА́ТЬ

Чувствува желба да каже, да направи нешто.

Престанува да чувствува желба да каже, да направи нешто.

▪ *Ми* ***доаѓа*** *да го бацам.*

▪ *Брзо му* ***проаѓа*** *желбата.*

св. **ДОЈДЕ – ПРОЈДЕ**
ПРИЙТИ́ – ПРОЙТИ́
ЗАХОТЕ́ТЬСЯ – МИНОВА́ТЬ

Почувствува желба да каже, да направи нешто.

▪ *Ми **дојде** да го бацам.*

Престане да чувствува желба да каже, да направи нешто.

▪ *Му **помине** желбата за пишување.*

*Еднаш дури и на телевизија го видов. Пцуеше ли пцуеше. И толку. Како му **дојде** така му **помина**. По два месеци пак си седеше на масата ... малку ко усрамен.* Д. Михајловски, *Избор.*

св. **ДОКАЖЕ – ПОБИЕ**
ДОКАЗА́ТЬ – ОПРОВЕ́РГНУТЬ

Потврди вистина со факти, аргументи.

▪ *Ќе му **докажам** дека сум во право.*

Докаже невистинитост со факти, аргументи.

▪ *Тој ја **победи** нејзината теза.*

несв. **ДОКАЖУВА – ПОБИВА**
ДОКА́ЗЫВАТЬ – ОПРОВЕРГА́ТЬ

Потврдува вистина со факти, аргументи.

Докажува невистинитост со факти, аргументи.

▪ *Јас ти **докажувам** постојано дека е така, а ти ме **побиваш** без аргументи.*

ДОЛГ – КРАТОК/КУС
ДО́ЛГИЙ/ДЛИ́ННЫЙ – КРА́ТКИЙ/КОРО́ТКИЙ

1. Голем по должина; подолг од обично;
2. Што трае повеќе од обичното време;
3. Што има големо растојание.

▪ ***Долга** блуза.*
▪ ***Долго** време.*
▪ ***Долг** пат.*

1. Мал по должина; помал во должина од обично; 2. Што не трае долго, не трае колку што треба;
3. Што има мало растојание.

▪ ***Краток** капут.*
▪ ***Кратко** време.*
▪ ***Краток** пат.*

Така, вратени во земјата, на иста утока како на ист врутток – можеби пак ќе заживеат. Во ***кратката*** *памет на нашите* ***долги*** *животи.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Колку деновите стануваа сè ***пократки*** *и* ***пократки****, толку прикаските на Јаким Камбур стануваа сè* ***подолги*** *и* ***подолги****.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен.*

ДОЛГО – КРАТКО/КУСО
ДО́ЛГО – КО́РОТКО/КРА́ТКО

Долго време.

▪ *Зборува* ***долго****.*

Кратко време.

▪ *Објаснува* ***кусо****.*

По ***долго*** *време за* ***кратко*** *излезен од сопствениот занес, погледна наоколу во речиси нестварниот, фантомски, приквечерен пејзаж...* Д. Михајловски*, Избор.*

ДОЛГОВЕЧЕН – КРАТКОВЕЧЕН
ДОЛГОВЕ́ЧНЫЙ/МНОГОЛЕ́ТНЫЙ – КРАТКОВРЕ́МЕННЫЙ

Што е со долг век;
што трае или живее
долго; долготраен.

▪ *Во селото има* ***долговечни*** *жители.*

Што е со краток век;
што трае или живее
кратко; краткотраен.

▪ ***Кратковечна*** *градба.*

ДОЛГОРОЧЕН – КРАТКОРОЧЕН
ДОЛГОСРО́ЧНЫЙ – КРАТКОСРО́ЧНЫЙ

Што е со долг рок;
чиј рок е долг.

▪ ***Долгорочен*** *план.*

Што е со краток рок;
чиј рок е краток.

▪ ***Краткорочен*** *план.*

ДОЛГОТРАЕН – КРАТКОТРАЕН
ДЛИ́ТЕЛЬНЫЙ – КРАТКОВРЕ́МЕННЫЙ

Што трае долго.

▪ ***Долготраен*** *процес.*

Што трае кратко.

▪ ***Краткотраен*** *филм.*

несв. **ДОЛЖИ – КРАТИ/КУСИ**
ПРОДЛЕВА́ТЬ – СОКРАЩА́ТЬ

1. Прави нешто да биде долго или подолго;
2. Продолжува; одолжува.

1. Прави нешто да биде кратко или пократко;
2. Скратува.

▪ *Ја **должи** работата, никако да ја заврши.*
▪ *Ги **кратиме** роковите за пријавување.*

св. **ДОЛЕТА – ОДЛЕТА**
ПРИЛЕТЕ́ТЬ – УЛЕТЕ́ТЬ

Дојде со летање, пристигне.

▪ ***Долета** штрковите.*

▪ ***Долета** авионот.*

Замине со летање, оддалечи се со летање.

▪ *Ластовиците **одлетаа** на југ.*

▪ ***Одлета** авионот.*

несв. **ДОЛЕТУВА – ОДЛЕТУВА**
ПРИЛЕТА́ТЬ – УЛЕТА́ТЬ

Летајќи стигнува до целта; стигнува со авион.

▪ *Авионот **долетува** навреме.*

Летајќи заминува, оддалечува се; заминува со авион.

▪ *Авионот **одлетува** рано.*

ДОМА – НАДВОР
ДО́МА – НА У́ЛИЦЕ
ДОМО́Й – НА У́ЛИЦУ/НАРУ́ЖУ/ВНЕ

1. Во својата куќа, стан;
2. Во своја земја.

▪ *Одам **дома**.*
▪ *Седам **дома**.*

1. На отворено, на улица;
2. Во странство.

▪ *Излегувам **надвор.***
▪ *Патувам **надвор**.*

*И да не повторувам: поради срамот од работа **дома** и поради стравот од сиромаштија **надвор**. Вие сте ти ние, пред порти и во светот.* Д. Солев, *Црно огледало.*

ДОМАЌИН – ГОСТИН
ХОЗЯ́ИН – ГОСТЬ

Оној што прима некого дома, во своја средина.

▪ *Македонија е **домаќин** на саемот.*

Лице покането дома или во средината на домаќинот.

▪ *Македонија е **гостин** на саемот.*

*Се распрашаа, се распитаа еден со друг како **гостин** и **домаќин**.* С. Попов, *Крпен живот;*

Борис*: Страшно како вие одеднаш станавте началници. Никој веќе никого не слуша, никој никого не сака да служи. Нема веќе келнери. Сите келнери се началници. Сите се **гости**. И **домаќините** се **гости** со гостите.* Г. Стефановски, *Hi-Fi.*

ДОМАЌИН – НЕДОМАЌИН
ХОРО́ШИЙ ХОЗЯ́ИН – ПЛОХО́Й ХОЗЯ́ИН

Кој има добро снабден дом; човек приврзан на домот, на семејството.

▪ *Тој е добар **домаќин**, кога да појдеш ќе те нагости.*

Лош домаќин, расипник; човек што не се грижи за домот, за семејството.

▪ *Тој е **недомаќин**, парите ги остава на коцка.*

ДОМАЌИНСКИ – НЕДОМАЌИНСКИ
ХОЗЯ́ЙСТВЕННЫЙ – НЕХОЗЯ́ЙСТВЕННЫЙ

Како што доликува на домаќин; на пристоен начин; штедливо.

▪ *Правиме **домаќински** муабет.*

Како што не доликува на домаќин; на непристоен начин; трошливо.

▪ ***Недомаќински** трошиш пари.*

ДОМАШЕН – СТРАНСКИ
ОТЕЧЕ́СТВЕННЫЙ – ИНОСТРА́ННЫЙ

1. Кој се однесува на свои краеви, што е својствен на свој народ; 2. Произведен во сопствената земја.

1. Кој се однесува на туѓи краеви, што е својствен на странски земји; 2. Произведен во странска земја.

▪ *Дојдоа* ***домашни*** *и* ***странски*** *новинари.*

Понатаму следуваат неизбежните адреси на познати естрадни уметници, хороскопот, наградната игра, енигматиката, ...рубриката во која се нудат тој листи на забавни и народни песни, на ***странски*** *и* ***домашни*** *со купони за гласање ...итн.* Т. Груевски*, Историја на новинарството;*

...освен другите работи што, веројатно, нашиот трет претседател треба да ги направи..., да се опкружи со фантастични ***домашни*** *и* ***странски*** *експерти од сите важни области а особено економската...* Д. Михајловски*, Колумни.*

ДОМАШЕН – ТУЃ
ОТЕЧЕ́СТВЕННЫЙ – ИНОСТРА́ННЫЙ

Што припаѓа на своја земја, свој; што е од сопствената земја.

▪ ***Домашни*** *производи.*

Што припаѓа на друга земја; што е од друга земја.

▪ ***Производи*** *од туѓо потекло.*

св. **ДОНЕСЕ – ОДНЕСЕ**
ПРИНЕСТИ́/ПРИВЕСТИ́ – УНЕСТИ́/ОТНЕСТИ́
ДОВЕЗТИ́ – ОТВЕСТИ́/ОТВЕЗТИ́

Носејќи пренесе, приближи до местото на говорителот.

▪ ***Донесе*** *пари.*
▫ *Ја* ***донесе*** *Ана.*

Носејќи пренесе, оддалечи од местото на говорителот.

▪ ***Однесе*** *куфер.*
▫ *Ја* ***однесе*** *Ана.*

▫ *Море грамотен човек, му велам јас на даскалот, да не си учел нешто за крал, за цар, му велам на даскалот, Харалампије ли се викаше, му го заборавив името. Не можеш сите да ги паметиш. Токму ќе му го научиш името и ќе го* ***однесат****. Па ќе* ***донесат*** *друг.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

несв. **ДОНЕСУВА – ОДНЕСУВА**
ПРИНОСИ́ТЬ – УНОСИ́ТЬ

Носејќи пренесува, приближува до местото на говорителот.

Носејќи пренесува, оддалечува од местото на говорителот.

*Овде од целото маало се носеа разни јадења за печење. Едни **донесуваа**, други ги **однесуваа** испечените тави, тепсии со баници и со бурeци, разни таплии, сомуни лебови, сомуни лебови наредени на долга штица и завиткани во топли цедила, грав-тепсичиња, чомлеци во земјени грнчиња на кои капаците им беа залепени со тесто.* О. Николова, *Вежби за Ибн Пајко.*

ДОСЛЕДЕН – НЕДОСЛЕДЕН
ПОСЛЕ́ДОВАТЕЛЬНЫЙ – НЕПОСЛЕ́ДОВАТЕЛЬНЫЙ

Кој во своето дејствување и мислење е постојан.

▪ *Тој е **доследен** на својот збор.*

Кој во своето дејствување и мислење е непостојан.

▪ *Тој е **недоследен** на својот збор.*

ДОСЛЕДНО – НЕДОСЛЕДНО
ПОСЛЕ́ДОВАТЕЛЬНО – НЕПОСЛЕ́ДОВАТЕЛЬНО

На доследен начин.

▪ ***Доследно** ги применува правилата.*

На недоследен начин.

▪ ***Недоследно** ги применува правилата.*

ДОСТАПЕН – НЕДОСТАПЕН
ДОСТУ́ПНЫЙ – НЕДОСТУ́ПНЫЙ

1. До кој може да се допре, да се стигне;
2. Што може да се набави;
3. Што е на располагање;
4. Што е по поволна цена;
5. Комуникативен.

▪ ***Достапно** место.*
▪ ***Достапен** производ.*
▪ ***Достапна** просторија.*
▪ ***Достапни** цени.*
▪ ***Достапен** човек.*

1.До кој не може да се допре, не може да се стигне;
2. Што не може да се набави;
3. Што не е на располагање;
4. Што е по неповолна цена;
5. Некомуникативен.

▪ ***Недостапно** место.*
▪ ***Недостапен** производ.*
▪ ***Недостапна** просторија.*
▪ ***Недостапни** цени.*
▪ ***Недостапен** човек.*

ДОСТАПНО – НЕДОСТАПНО
ДОСТУ́ПНО – НЕДОСТУ́ПНО

На достапен начин.

На недостапен начин.

▪ *Се подобрија условите и сè што беше **недостапно**, стана **достапно** за сите.*

ДОСТИЖЕН – НЕДОСТИЖЕН
ДОСТИЖИ́МЫЙ – НЕДОСТИЖИ́МЫЙ

Што може да се достигне.

Што не може да се достигне.

▪ *Сеѓа ми е **достижен** Дубровник.*
▪ *Порано ми беше **недостижна** нова кола.*

ДОЧЕК – ИСПРАЌАЊЕ
ВСТРЕ́ЧА – ПРО́ВОДЫ/ПРОЩА́НИЕ

1. Прифаќање посетител според вообичаени правила на однесување; 2. Чекање посетител на местото на пристигање или на договорено место;
3. Одбележување празник што доаѓа.

1. Придружување посетител при заминување, збогување;
2. Придружување посетител на местото на заминување или до договорено место;
3. Одбележување празник што поминува.

▪ *Му направивме убав **дочек**.*
▪ ***Дочекот** беше на автобуска.*

▪ *На **испраќање** се пречекнавме.*
▪ ***Испраќањето** беше до врата.*

▪ *Во хотелите организираат **испраќање** на старата и **дочек** на новата година.*

св. **ДОЧЕКА – ИСПРАТИ**
ВСТРЕ́ТИТЬ – ПРОВОДИ́ТЬ

1. Прифати посетител според вообичаени правила на однесување; 2. Прими посетител на местото на пристигање или на договорено место;
3. Одбележи доаѓање на празник.

1. Придружи посетител при заминување, збогува се;
2. Придружи посетител до местото на заминување или до договорено место;
3. Одбележи завршување на празник.

▪ *Нè **дочекаа** со богата трпеза.*
▪ *Ги **дочекавме** на станица.*

▪ *Нè **испратија** со музика.*
▪ *Ги **испративме** на аеродром.*

▪ *Ја* ***дочека*** *новата година.*

▪ *Ја* ***испрати*** *старата година.*

Затоа Доста сега засука поли и ракави и почна да се спрема да ***испрати*** *и* ***дочека****, да* ***дочека*** *и* ***испрати*** *два табора сватови.* С. Попов*, Крпен живот.*

несв. **ДОЧЕКУВА – ИСПРАЌА**
ВСТРЕЧА́ТЬ – ПРОВОЖА́ТЬ

1. Прифаќа посетител според вообичаени правила на однесување; 2. Прима посетител на местото на пристигање или на договорено место; 3. Одбележува доаѓање на празник.

1. Придружува посетител при заминување, збогува се; 2. Придружува посетител до местото на заминување или до договорено место; 3. Одбележува завршување на празник.

▪ *Нè* ***дочекуваа*** *убаво.*
▪ *Ги* ***дочекувавме*** *на станица.*
▪ *Ја* ***дочекува*** *новата година.*

▪ *Нè* ***испраќаа*** *со солзи.*
▪ *Го* ***испраќавме*** *на аеродром.*
▪ *Ја* ***испраќа*** *старата година.*

ДРЖАВЕН – ПРИВАТЕН
ГОСУДА́РСТВЕННЫЙ – ЧА́СТНЫЙ/ЛИ́ЧНЫЙ

Што ѝ припаѓа, што се однесува на државата; што е во државна сопственост.

Што му припаѓа, што се однесува на одделно лице; што е во лична сопственост.

▪ ***Државна*** *кола.*
▪ ***Државен*** *стан.*

▪ ***Приватна*** *кола.*
▪ ***Приватен*** *стан.*

св. **ДРЖИ – ПУШТИ**
ДЕРЖА́ТЬ – ОТПУСТИ́ТЬ

1. Фати некого или нешто и не пушта; 2. Примора да остане на едно место, задржува.

1. Престане да држи, да задржува; 2. Ослободи затворен, задржан.

... и ја гледа право во лицето и ја ***држи*** *за раменици. Не може да ја држи, не може да ја* ***пушти***. С. Попов*, Крпен живот.*

Е

ЕВТИН – СКАП
ДЕШЁВЫЙ – ДОРОГО́Й

Што е со мала, ниска цена.

▪ ***Евтини*** *производи.*

Што има висока цена.

▪ ***Скапи*** *производи.*

ЕВТИНО – СКАПО
ДЁШЕВО – ДО́РОГО

1. За малку пари; со ниска цена;
2. На лесен начин.

▪ *На нашите зелени пазари сè е* ***евтино***
▫ ***Евтино*** *ја купи неговата доверба.*

1. За многу пари; со висока цена;
2. На тежок начин.

▪ *Секогаш е* ***скапо*** *пред празници..*
▫ ***Скапо*** *ќе те чини оваа лага.*

ЕДНАКОВ – РАЗЛИЧЕН
ОДИНА́КОВЫЙ – РАЗЛИЧНЫЙ/РА́ЗНЫЙ

Кој по ништо не се разликува од друг; точно таков; ист.

▪ *Имаме* ***еднакви*** *блузи.*
▪ *Имаат* ***еднакви*** *желби.*

Нееднаков по изглед, форма, природа, квалитет во споредба со друг.

▪ *Имаме* ***различни*** *блузи.*
▪ *Имаат* ***различни*** *желби.*

ЕДНАКВО – РАЗЛИЧНО
ОДИНА́КОВО – РАЗЛИ́ЧНО

На ист начин, исто.

▪ ***Еднакво*** *знаат.*

На поинаков начин.

▪ ***Различно*** *зборуваат.*

Од тоа може да се заклучи дека тоновите кои ***еднакво*** *звучат, а* ***различно*** *се викаат и пишуваат, се викаат енхармонски тонови.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

ЕДНИНА – МНОЖИНА *грам.*
ЕДИ́НСТВЕННОЕ ЧИСЛО́ – МНО́ЖЕСТВЕННОЕ ЧИСЛО́

Граматичка форма на зборот за означување еден предмет, поим, едно лице; сингулар.

▪ ***Именка*** *во еднина.*

Граматичка форма на зборот што означува повеќе од еден предмет, поим, повеќе од едно лице; плурал.

▪ *Именка во* ***множина****.*

ЕДНОБОЕН – РАЗНОБОЕН
ОДНОЦВЕ́ТНЫЙ – РАЗНОЦВЕ́ТНЫЙ

Обоен во една боја; со една боја.

▪ *Носи* ***еднобојна*** *блуза.*

Обоен во различни бои; со различни бои.

▪ *Носи* ***разнобоен*** *фуста̄н.*

ЕДНОБОЕН – ШАРЕН
ОДНОЦВЕ́ТНЫЙ – ПЁСТРЫЙ

Обоен во една боја; со една боја.

▪ *Носи* ***еднобојна*** *блуза.*

Обоен во различни бои; со различни бои.

▪ *Носи* ***шарен*** *фуста̄н.*

ЕДНООБРАЗЕН – РАЗНООБРАЗЕН
ОДНООБРА́ЗНЫЙ – РАЗНООБРА́ЗНЫЙ

Еднаков по облик, по природа, по квалитет.

▪ ***Еднообразни*** *вежби.*

Нееднаков по облик, по природа, по квалитет.

▪ ***Разнообразни*** *вежби.*

ЕДНООБРАЗНО – РАЗНООБРАЗНО
ОДНООБРА́ЗНО – РАЗНООБРА́ЗНО

На еднообразен начин.

▪ *Го̄тви* ***еднообразно****.*

На разнообразен начин.

▪ *Го̄тви* ***разнообразно****.*

ЕДНОСТАВЕН – КОМПЛИЦИ́РАН
ПРОСТО́Й – СЛО́ЖНЫЙ

1. Лесен за разбирање или за правење; 2. Без многу детали.

1. Сложен, заплетен, тежок; за разбирање, за правење; 2. Со многу детали.

▪ ***Едноставна*** *задача.*

▪ ***Комплицирана*** *задача.*

ЕДНОСТАВЕН – СЛОЖЕН
ПРОСТО́Й – СЛО́ЖНЫЙ

1. Лесен за разбирање или за правење; 2. Без многу детали.

1. Заплетен, тежок; за разбирање, за правење; 2. Со многу детали.

▪ ***Едноставен*** *механизам.*

▪ ***Сложен*** *механизам.*

За разлика од ***едноставните*** *тактови,* ***сложените*** *тактови се разликуваат по тоа што во себе содржат две или повеќе тези.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

ЕДНОСТРАН – МНОГУСТРАН
ОДНОСТОРО́ННИЙ – МНОГОГРА́ННЫЙ

1. Што има една страна; 2. Што се однесува само на една страна; 3. Што е разгледан, разработен само од една страна.

1. Што има повеќе страни; 2. Што се однесува на повеќе страни; 3. Што е разгледан, разработен од повеќе страни.

▪ ***Едностран*** *приод.*
▪ ***Едностран*** *проблем.*

▪ ***Многустран*** *приод.*
▪ ***Многустран*** *проблем.*

ЕДНОСТРАН – ПОВЕ́КЕСТРАН
ОДНОСТОРО́ННИЙ – МНОГОГРА́ННЫЙ

1. Што има една страна; 2. Што се однесува само на една страна; 3. Што е разгледан, разработен само од една страна.

1. Што има повеќе страни; 2. Што се однесува на повеќе страни; 3. Што е разгледан, разработен од повеќе страни.

▪ ***Едностранo*** *решение.*

▪ ***Повеќестран*** *пристап.*

ЕДНОСТРАН – РАЗНОСТРАН
ОДНОСТОРО́ННИЙ – РАЗНОСТОРО́ННИЙ

1. Што има еднакви страни по должина; 2. Што се однесува само на една страна; 3. Што е разгледан, разработен само од една страна.

1. Што има различни страни по должина; 2. Што се однесува на разни страни; 3. Што е разгледан, разработен од разни страни.

▪ ***Едностран*** *триаголник.*
▪ ***Еднострано*** *мислење.*

▪ ***Разностран*** *триаголник.*
▪ ***Разнострана*** *дејност.*

ЕДНОСТРАН – СЕСТРАН
ОДНОСТОРО́ННИЙ – ВСЕСТОРО́ННИЙ

Што е насочен само кон една насока; ограничен.

Што е насочен во сите правци; што има широко образование; чие знаење опфаќа многу области; што се бави успешно со многу дејности.

▪ ***Сестран*** *човек.*

▪ ***Еднострано*** *решение.*

ЕКСПОРТ – ИМПОРТ
Э́КСПОРТ/ВЫ́ВОЗ – И́МПОРТ/ВВОЗ

Извоз на стока во странство; извозна стока.

Увоз од странство; увозна стока.

▪ ***Експортот*** *на стока е помал од* ***импортот****.*

ЕФИКА́СЕН – НЕЕФИКА́СЕН
ЭФФЕКТИ́ВНЫЙ – НЕЭФФЕКТИ́ВНЫЙ

Успешен, што дава добар резултат.

Неуспешен, што не дава резултат.

▪ ***Ефикасна*** *воспитна мерка.*

▪ ***Неефикасен*** *воспитен метод.*

ЕФИКА́СНО – НЕЕФИКА́СНО
ЭФФЕКТИ́ВНО – НЕЭФФЕКТИ́ВНО

На ефикасен начин.

▪ ***Ефикасно*** *делува на здравје̄то.*

На неефикасен начин.

▪ ***Неефикасно*** *делува на инсектӣ.*

Ж

ЖЕГА – СТУД
ЖАРА́ – ХО́ЛОД

Горештина од силно греење на сонцето, вруќина.

▪ *Излезе во најго̄лема* ***жего̄а****.*

Ладно предизвикано од ниска температура.

▪ *Не по̄днесувам* ***сто̄уд****.*

ЖЕЖОК – СТУДЕН
ГОРЯ́ЧИЙ – ХОЛО́ДНЫЙ

Што жежи, врел, топол, со висока температура.

▪ ***Жешко*** *ле̄то.*

Што е со ниска температура.

▪ ***Сто̄удена*** *зима.*

ЖЕШКО – СТУДЕНО
ЖА́РКО – ХО́ЛОДНО

Врело, многу топло.

▪ *Во ле̄то е* ***жешко****.*

Со ниска температура, многу ладно.

▪ *Надвор е* ***сто̄удено****.*

Жешко *е: секакви го̄дурини и од секаде. Само во мене е* ***сто̄удено****. Мислам дека во срцево ми сто̄и некоја осојница, некоја мразарница.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

ЖЕЖОК – ЛАДЕН
ГОРЯ́ЧИЙ – ХОЛО́ДНЫЙ

Што жежи, врел, топол, со висока температура.

▪ ***Жешка*** *вода.*

Што е со ниска температура.

▪ ***Ладна*** *вода.*

ЖЕШКО – ЛАДНО
ЖА́РКО – ХО́ЛОДНО

Врело, многу топло.

▪ *Дење е **жешко**.*

Со ниска температура.

▪ *Навечер е **ладно**.*

ЖЕНА – МАЖ
ЖЕ́НЩИНА/ЖЕНА́ – МУЖЧИ́НА/МУЖ

Возрасно лице од женски пол; сопруга, брачна другарка.

Возрасно лице од машки пол; сопруг, брачен другар.

*Кога го видаше калето во Варош, Марко собра голема ангарија, **мажи** и **жени**, големо и мало.* Б. Конески, *Избрани дела;*

*Главната грешка на **мажите**, ми се чини, во односот кон **жените** е што забораваат дека жената треба постојано да се заведува и освојува.* Д. Михајловски, *Избор;*

*Баба ми имала една од највисоките позиции, иако му беше **жена** на најмалиот и најпотиснет **маж** во фамилијата.* М. Јовановски, *Патот до осамата;*

***Жената** плаче, а сите убавини ѝ се смејат. „**Мажот**, каде ми е мажот“? Што може **мажот**, па и вооружен, против **жената**, кога го пресретнува со љубов*? Д. Солев, *Црно огледало;*

*Околу масата седат три **жени**, двајца **мажи** и едно дете.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен.*

ЖЕНЕТ – НЕЖЕНЕТ
ЖЕНА́ТЫЙ – ХОЛОСТО́Й

Машко лице во брак.

▪ *Брат ми е **женет.***

Машко лице што не е во брак.

▪ *Брат ми е **неженет.***

несв. ЖЕНИ СЕ – РАЗВЕДУВА СЕ
ЖЕНИ́ТЬСЯ – РАЗВОДИ́ТЬСЯ

Стапува во брак. (маж)

Растура брак, разделува се.

▪ ***Се жени** и **се разведува** неколкупати.*

св. **ОЖЕНИ СЕ – РАЗВЕДЕ СЕ**
ЖЕНИ́ТЬСЯ – РАЗВЕСТИ́СЬ

Стапи во брак.
(маж)

Растури брак,
раздели се.

▪ ***Се ожени*** *и* ***се разведе*** *за кратко време.*

ЖЕНКА – МАЖЈАК
СА́МКА – САМЕ́Ц

Животно од женски пол.

▪ ***Женка*** *од овен е овца.*

Животно од машки пол.

▪ ***Мажјак*** *од жаба е жабок.*

ЖЕНСКИ – МАШКИ
ЖЕ́НСКИЙ – МУЖСКО́Й

1. Спротивен пол на машкиот; 2. Што се однесува на жена; припаѓа на жена; што е наменето за жена; 3. Што има особини на жена.

▪ ***Женски*** *пол.*
▪ ***Женски*** *кајут.*

1. Спротивен пол на женскиот; 2. Што се однесува на маж; припаѓа на маж; што е наменето за маж; 3. Што има особини на маж.

▪ ***Машки*** *пол.*
▪ ***Машки*** *кајут.*

Рибарот му ја измери, му ја завитка и му ја наплати, поминувајќи со неговата банкнота по својата брада како да наведува ***женска*** *рака на* ***машка*** *кожа.* Д. Солев*, Црно огледало;*

*Од десната страна на огништето слободниот простор се вика „****машки*** *кат“, а од левата –* ***женскиот****.* С. Попов*, Крпен живот;*

ø ***Женските,*** *бидејќи сепак биле жени, го научиле манијаков и секој час, по наговор на* ***машките*** *кои гледале да се спасат... зашто никој абер си немал од математика... на големиот одмор или на еден од малите, ги терале* ***машките*** *да соберат пари и да ги честат...* Д. Михајловски*, Избор.*

ЖЕНСКО – МАШКО
СУЩЕСТВО́ ЖЕ́НСКОГО ПО́ЛА – СУЩЕСТВО́ МУЖСКО́ГО ПО́ЛА

Лице, животно, растение од женски пол.

▪ *Се роди* ***женско****.*

Лице, животно, растение од машки пол.

▪ ***Машкото*** *не е дома.*

ЖЕНСТВЕН – МАЖЕСТВЕН
ЖЕ́НСТВЕННЫЙ – МУ́ЖЕСТВЕННЫЙ

Што има типични особини, што е својствен за жените; што е како кај жените.

▪ ***Женствено*** *одење.*

Што има типични особини, што е својствен за мажите; што е како кај мажите.

▪ ***Мажествена*** *фигура.*

ЖИВ – УМРЕН
ЖИВО́Й – МЁРТВЫЙ/У́МЕРШИЙ

1. Кој живее; 2. Актуелен, важечки.

▫ ***Жив*** *занает.*

1. Мртов, починат; 2. Неактуелен, неважечки.

▫ ***Умрен*** *занает.*

ø Ама ете, се нашол адет, закон, пој да брчи над ***жив****, над* ***умрен****. Не бидувало без поп! Лели сакаат, најпосле, па нека плаќаат?* С. Попов*, Крпен живот;*

Два дена сум ти стоел и никако да стигнам до него, а на третиот станав на полноќ, и го видов, ама мене не ми се виде како ***жив****. Умрен човек си е* ***умрен*** *човек, а другo си е што Ленин си живее инаку.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

ЖИВ – МРТОВ
ЖИВО́Й – МЁРТВЫЙ

1. Што живее, што има живот; 2. Што живее, сегашен; 3. Полн со живот; 4. Што се користи или функционира; 5. Што постои, се развива што е полн со луѓе, со врева.

▪ ***Жив*** *човек.*
▫ ***Жива*** *улица.*

1. Што не е повеќе жив; 2. Што не живее сега, што не е активен; 3. Што нема живост, енергија; 4. Што не се користи; што згаснал, не се развива; 5. Што е напуштен, пуст.

▪ ***Мртов*** *човек.*
▫ ***Мртва*** *улица.*

ø Тоа ***живите*** *и* ***мртвите*** *се мешаат, а сиромашијата секогаш живеела до гробишта.* Д. Солев*, Црно огледало;*

ø Тоа беше земја на ***живите*** *и* ***мртвите*** *и на допрва родените, еден неброен народ, земја и народ на идејата што требаше да се оствари.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Самоил ѓи полни раните со сол и чувствува како прстите му ѓи стега некоја сила, што е уште ***жива*** *во оваа* ***мртва*** *риба.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ЖИВ – ПОЧИНАТ
ЖИВО́Й – ПОКО́ЙНЫЙ

Оној што живее,
што не е мртов.

▪ *Тој е уште* ***жив****.*

Оној што не живее,
што е мртов.

▪ *Тој е одамна* ***починат****.*

Молитвата ѝ го враќаше сето недоживеано време со нејзините најблиски, ***починати*** *и* ***живи*** *и недостижни...* Л. Старова*, Татковите книги.*

ЖИВЕЈАЧКА – УМИРАЧКА
ЖИЗНЬ – СМЕРТЬ

Живот.

▪ *Имаме убава* ***живејачка****.*

Смрт.

▪ *Од* ***умирачка*** *не се бега.*

св.несв. **ЖИВЕЕ – УМРЕ/УМИРА**
ЖИТЬ – УМЕРЕ́ТЬ/УМИРА́ТЬ

Жив е или постои.

Престане да живее.

...Ќе ***умрам*** *колку за доказ*
дека навистина сум ***живеел****.*
Г.Тодоровски*, Трепетлика, (Биографија);*

Барем малку пореволуционерно да ***поживееме****... Малку, потоа нека се* ***умре****... очи да видат... со видело да се појде в земја... да не жалиш што си* ***умирал****! Си живеел –* ***умираш****, да* ***умреш*** *како човек...* Ж. Чинго*, Накусо;*

И да им дадеш вода, - мислеше тој- тие пак ќе ***умрат****. Со водата само им се одложува смртта. Сѐ што* ***живее умира****. Сѐ што постои исчезнува.* В. Костов*, Нов ум;*

Како ***живеел****, така и* ***умрел****.* Посл.

ЖИВОТ – СМРТ
ЖИЗНЬ – СМЕРТЬ

1. Физиолошко постоење на човек или животно;
2. Постоење, опстанок.

1. Престанување на животните функции на човек или животно;
2. Пропаст, уништување.

*Нејзин е **животот**, си просуди тогаш Теофил, нејзина си е и **смртта**. Ништо не ѝ преправам. Оти **животот** и **смртта** секогаш одат заедно, речиси рака под рака се водат...* П.М. Андреевски*, Последните селани;*

*Како ли е – да го надживееш оној, на кој живот си му дал? Што **живот** ќе е по тебе **смрт**?* Д. Солев*, Црно огледало;*

*Како дојде, така појде, уморен, слаб и жеден. Несреќен. Се чинеше тој како навистина да знаеше нешто за тие работи, за духовите, за луѓето, за **смртта**, за **животот**. Не рече ни збогум, толку беше изгубен проколнат.* Ж. Чинго*, Накусо.*

З

ЗА – ПРОТИВ
ЗА – ПРÓТИВ

Искажува одбрана, поддршка, согласност.

Изразува противење, несогласување.

*А кога е осамен, а не сака сам да биде, ќе почне да си зборува со себеси: се борев, прашува, се бореше, сам си одвраќа. А **за** кого се борев, прашува, **за** кого и **против** кого, прашува, кој е поразениот, се прашува, ама одговор сега не си дава.* П.М. Андреевски*, Пиреј;*

Димитрија*: И кој го покани него на ракија?*

Стево*: Јас! Имаш нешто **против**?*

Димитрија*: Немам многу против, ама ама немам ни многи **за**.* Г. Стефановски*, Диво месо;*

*Со оглед на тоа што таквата состојба поединецот не може лесно да ја преброди, тој е во постојана потрага по нејзините извори. Во нашите услови тие најчесто се бараат во политиката, во нејзините актери, со постојано менување на ставот кон нив - од „**за**“ во „**против**“ и обратно, особено видливо при изборите.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ЗАБАВЕН – ЗДОДЕВЕН/ДОСАДЕН
РАЗВЛЕКÁТЕЛЬНЫЙ/ЗАНИМÁТЕЛЬНЫЙ – СКÚЧНЫЙ/НАДОЕ́ДЛИВЫЙ
ИНТЕРЕ́СНЫЙ – НЕИНТЕРЕ́СНЫЙ

Што нуди забава; пријатен; интересен.

- ***Забавно** момче.*
- ***Забавно** место.*

Што предизвикува досада; неинтересен.

- ***Здодевно** момче.*
- ***Здодевно** место.*

ЗАБАВНО – ЗДОДЕВНО/ДОСАДНО
ЗАБА́ВНО/ЗАНИМА́ТЕЛЬНО – СКУ́ЧНО/НАДОЕ́ДЛИВО

На забавен начин.

▪ *Овде ни е многу* ***забавно****.*
▪ *Раскажува* ***забавно****.*

На досаден начин.

▪ *Овде е* ***здодевно****.*
▪ ***Здодевно*** *е во тоа друштво.*

несв. **ЗАБЛАЗНУВА – ЗАВИДУВА**
ЗАВИ́ДОВАТЬ БЕ́ЛОЙ ЗА́ВИСТЬЮ – ЗАВИ́ДОВАТЬ

Изразува задоволство за нечиј успех, среќа.

Чувствува незадоволство за нечиј успех, среќа.

И сега на Велигден, кога му го донесе подарокот на Илка, да ти е мило да ја гледаш. Затоа едни му ***завидуваа****, други му* ***заблазнуваа****, а некои од нив тешко воздивнуваа со жедни погледи.* С. Попов*, Крпен живот.*

св. **ЗАБОРЧИ СЕ – РАЗБОРЧИ СЕ/ОДБОРЧИ СЕ**
ВЛЕЗТЬ В ДОЛГИ́ – РАСПЛАТИ́ТЬСЯ С ДОЛГА́МИ

Земе назаем пари; стане должен некому.

▪ ***Се заборчив*** *до гуша.*

Врати позајмени пари; оддолжи се.

▪ *Едвај* ***се разборчив****.*

несв. **ЗАБОРЧУВА СЕ – РАЗБОРЧУВА СЕ/ОДБОРЧУВА СЕ**
ВЛЕЗА́ТЬ В ДОЛГИ́ – РАСПЛА́ЧИВАТЬСЯ С ДОЛГА́МИ

Зема назаем пари; станува должен некому.

▪ *Често* ***се заборчува****.*

Враќа позајмени пари; оддолжува се.

▪ *Никогаш не* ***се разборчува****.*

св. **ЗАБРАДИ(СЕ) – ОДБРАДИ(СЕ)**
ПОВЯЗА́ТЬ ГО́ЛОВУ ПЛАТКО́М – СКИ́НУТЬ ПЛАТО́К С ГОЛОВЫ́
ПОВЯЗА́ТЬСЯ ПЛАТКО́М – СНЯТЬ С СЕБЯ́ ПЛАТО́К

Стави (си) на глава шамија, шал, врзувајќи ги краевите под брадата.

▪ ***Забради*** *шамија.*
▪ ***Забради се****, надвор дува.*

Симне (си) од глава шамија, шал, одврзувајќи ги краевите под брадата.

▪ ***Одбради*** *шамија.*
▪ ***Одбради се****, ќе ти биде топло.*

ЗАБРАНА – ДОЗВОЛА
ЗАПРЕ́Т – РАЗРЕШЕ́НИЕ

Наредба или указ што забранува или со кој се забранува нешто.

Одобрение, согласност; документ со кој се дозволува нешто.

▪ *Има **забрана** за излегување.*

▪ *Имам **дозвола** за влегување.*

ЗАБРАНЕТ – ДОЗВОЛЕН
ЗАПРЕЩЁННЫЙ – РАЗРЕШЁННЫЙ

Што не смее да се прави, да се користи; недозволен, недостапен.

Што смее да се прави, да се користи; достапен, допуштен.

▪ ***Забранет** премин.*
▪ ***Забрането** пушење.*

▪ ***Дозволен** премин.*
▪ ***Дозволено** пушење.*

ЗАБРАНЕТО – ДОЗВОЛЕНО
ЗАПРЕЩЕНО́ – РАЗРЕШЕНО́

Недозволено, недопуштено.

Допуштено, достапно.

*Обично се вели дека во една демократска држава сè е **дозволено** што изрично не е **забрането**. Ј. Корубин, Аномично општество.*

св. ЗАБРАНИ – ДОЗВОЛИ
ЗАПРЕТИ́ТЬ – РАЗРЕШИ́ТЬ

Воведе забрана; одбие да даде дозвола.

Даде дозвола, дозволи.

▪ *Ми **забрани** да пијам.*

▪ *Ми **дозволи** да слушам.*

несв. ЗАБРАНУВА – ДОЗВОЛУВА
ЗАПРЕЩА́ТЬ – РАЗРЕША́ТЬ

Воведува забрана; одбива да даде дозвола.

Дава дозвола, дозволува.

▪ *Ми **забранува** да пушам.*

▪ *Ми **дозволува** да слушам.*

ЗАБРАНЕТО – ДОПУШТЕНО
ЗАПРЕЩЕНО́ – РАЗРЕШЕНО́

Недозволено, недопуштено.

Дозволено, достапно.

*Тоа е, би рекле, еден вид морална амнезија во која се губи границата помеѓу „она што е **дозволено** и она што е **забрането**“, помеѓу „она што е праведно и она што е неправедно“.* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

св. **ЗАБРАНИ – ОДОБРИ**
ЗАПРЕТИ́ТЬ – РАЗРЕШИ́ТЬ

Воведе забрана; одбие да даде дозвола.

Даде дозвола, дозволи.

▪ *Ми **забрани** да пијам.*

▪ *Ми **одобри** да слушам.*

несв. **ЗАБРАНУВА – ОДОБРУВА**
ЗАПРЕЩА́ТЬ – РАЗРЕША́ТЬ

Воведува забрана; одбива да даде дозвола.

Дава дозвола, дозволува.

▪ *Ми **забранува** да одам.*

▪ *Ми **дозволува** да одам.*

ЗАБРАНА – ОДОБРЕНИЕ
ЗАПРЕ́Т – РАЗРЕШЕ́НИЕ

Наредба или указ што забранува или со кој се забранува нешто.

Дозвола, согласност; документ со кој се дозволува нешто.

▪ *Има **забрана** за градба.*

▪ *Има **одобрение** за градба.*

св. **ЗАБРЗА – ЗАБАВИ**
УСКО́РИТЬ – ЗАМЕ́ДЛИТЬ

Наголеми брзина; почне да се движи побрзо.

Намали брзина; почне да се движи побавно.

▪ *Го **забрза** одењето.*
▪ ***Забрза** со пишување.*

▪ *Го **забави** одењето.*
▪ ***Забави** со колата.*

несв. **ЗАБРЗУВА – ЗАБАВУВА**
УСКОРЯ́ТЬ – ЗАМЕДЛЯ́ТЬ

Наголемува брзина; почнува да се движи побрзо.

Намалува брзина; почнува се движи побавно.

*Ако темпото постепено се менува, **забрзува** или **забавува**, се употребуваат изразите...* К. Лазаров, *Основи на музичката теорија.*

св. **ЗАБРЗА – УСПОРИ**
УСКО́РИТЬ – ЗАМЕ́ДЛИТЬ

Зголеми брзина; почне да се движи побрзо.

▪ ***Забрзај**, ја работата!*

Намали брзина; почне да се движи побавно.

▪ ***Успори**, полиција!*

несв. **ЗАБРЗУВА – УСПОРУВА**
УСКОРЯ́ТЬ – ЗАМЕДЛЯ́ТЬ

Наголемува брзина; почнува да се движи побрзо.

Намалува брзина; почнува се движи побавно.

св. **ЗАВИВА – ОДВИВА**
ЗАВОРА́ЧИВАТЬ – РАЗВОРА́ЧИВАТЬ

1. Витка; прави да има цилиндрична форма; покрива нешто со мек, свитлив материјал; 2. Пакува.

▪ *Го **завива** подарокот.*

1. Отвора нешто завиено; открива нешто покриено со мек, свитлив материјал; 2. Распакува.

▪ *Го **одвива** подарокот.*

св. **ЗАВИЕ – ОДВИЕ**
ЗАВЕРНУ́ТЬ – РАЗВЕРНУ́ТЬ

1. Завитка; направи да има цилиндрична форма; нешто со мек, свитлив материјал; 2. Спакува.

▪ *Го **зави** подарокот.*

1. Отвори нешто завиено; покрие откриe нешто покриено со мек, свитлив материјал; 2. Распакува.

▪ *Го **одви** подарокот.*

ЗАВИЕНО – ОТВОРЕНО
ЗАВУАЛИ́РОВАННО/НАМЁКАМИ – ПРЯ́МО

Прикриено, одоколу.

Отворено, директно.

▪ *Не ми зборувај **завиено**, кажи **отворено** во што е работата.*

ЗАВИСЕН – НЕЗАВИСЕН
ЗАВИ́СИМЫЙ – НЕЗАВИ́СИМЫЙ

Што зависи од некого или од нешто.

Што не зависи од некого или од нешто.

▪ ***Зависен*** *човек.*
▪ ***Зависни*** *медиуми.*

▪ ***Независен*** *човек.*
▪ ***Независни*** *медиуми.*

ЗАВИСНО – НЕЗАВИСНО
ЗАВИ́СИМО – НЕЗАВИ́СИМО

На зависен начин; обусловено.

На независен начин; самостојно.

▪ *Не знам што ќе направам. Тоа е* ***зависно*** *од други.*
▪ *Комисијата работи* ***независно****.*

ЗАВИСНОСТ – НЕЗАВИСНОСТ
ЗАВИ́СИМОСТЬ – НЕЗАВИ́СИМОСТЬ

Состојба на зависен.

Состојба на независен.

▪ *Не може да се ослободи од* ***зависноста*** *на родителите.*
▪ *Државата се стекна со* ***независност*** *пред многу децении.*

св. **ЗАВИТКА – ОДВИТКА/РАЗВИТКА**
ЗАВЕРНУ́ТЬ – РАЗВЕРНУ́ТЬ

1. Направи да има тркалезна, цилиндрична форма, смота, намота;
2. Спакува.

1. Одмота нешто што е завиткано; 2. Распакува.

▪ *Ве молам,* ***завиткајте*** *ја чоколадата.*

▪ *Ја* ***одвитка*** *блузата да ја видиме.*

несв. **ЗАВИТКУВА – ОДВИТКУВА/РАЗВИТКУВА**
ЗАВЁРТЫВАТЬ – РАЗВЁРТЫВАТЬ

1. Прави да има тркалезна цилиндрична форма, смотува, намотува;
2. Пакува.

1. Одмотува нешто што е завиткано; 2. Распакува.

▪ *Таа ја* ***завиткува*** *книгата.*

▪ *Таа го* ***одвиткува*** *чаршафот.*

св. **ЗАВРЗЕ – ОДВРЗЕ**
ЗАВЯЗА́ТЬ – РАЗВЯЗА́ТЬ

Прицврсти, стегне, прицврси со врвка.

Разлабави нешто стегнато, прицврстено со врвка.

▪ *Ги **заврза** патиките.*

▪ *Му ги **одврза** рацете.*

несв. **ЗАВРЗУВА – ОДВРЗУВА**
ЗАВЯ́ЗЫВАТЬ – РАЗВЯ́ЗЫВАТЬ

Прицврстува, стега, прицврстува со врвка.

Разлабавува нешто стегнато, прицврстено со врвка.

св. **ЗАВРТИ – ОДВРТИ**
ЗАВЕРНУ́ТЬ – ОТВЕРНУ́ТЬ
ЗАКРУТИ́ТЬ – РАСКРУТИ́ТЬ

Сврти; затвори со вртење сопре или намали ток, прилив на нешто (течност, гас итн).

Со вртење отвори, пушти, засили активност, ток, прилив на нешто (течност, гас итн.).

▪ *Ја **заврти** чешмата.*

▪ *Го **одврти** капакот.*

несв. **ЗАВРТУВА – ОДВРТУВА**
ЗАКРУ́ЧИВАТЬ – РАСКРУ́ЧИВАТЬ

Свртува; затвора со вртење сопира или намалува ток, прилив на нешто (течност, гас итн).

Со вртење отвора, пушта, засилува активност, ток, прилив на нешто (течност, гас итн.).

▪ *Плиното треба да го **завртуваш** и да го **одвртуваш** внимателно.*

ЗАГАТКА – ОДГАТКА
ЗАГА́ДКА – РАЗГА́ДКА

Исказ или прашање што треба да се реши.

Одговор, решение на загатка.

*Браќата, бидејќи двајцата беа решени да бидат колку што можат повнимателни, се обидоа во разговор насамо, да ја уловат некако **одгатката** на големата **загатка**, но не постигнаа ништо друго освен што се посомневаа еден во друг за тоа кој колку е готов да го прифати татковото како грижа и товар на своето семејство.* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

св. ЗАГРАДИ – ОДГРАДИ
ОГОРОДИ́ТЬ/ЗАГОРОДИ́ТЬ – ОТГОРОДИ́ТЬ/РАЗГОРОДИ́ТЬ

Направи ограда околу земјиште, куќа и сл.

Тргне ограда, разгради.

▪ *Го **заīради** двороӣ.*

▪ *Го **одīради** двороӣ.*

несв. ЗАГРАДУВА – ОДГРАДУВА
ЗАГОРА́ЖИВАТЬ – РАЗГОРА́ЖИВАТЬ

Прави ограда околу земјиште, куќа и сл.

Трга ограда, разградува.

▪ *Ја **заīрадува** īрадинаӣа.*

▪ *Ја **одīрадува** īрадинаӣа.*

св. ЗАГРЕЕ СЕ – ОЛАДИ СЕ
ЗАИНТЕРЕСОВА́ТЬСЯ – ОХЛАДЕ́ТЬ
ВДОХНОВИ́ТЬ – ОСТУДИ́ТЬ

Постане приврзаник на нешто; прифати нешто; воодушеви се од нешто.

Направи да ослабе некаков голем занес, отрезни, вразуми; постане ладен; смири се; изгуби јачина; помине.

▫ ***Се заīреа** за ӣливање, ама брзо **се олади**.*
▫ ***Се заīреа** ӣрилично за ӣој ӣиӣ. Сеīа **се олади**, не īо сака ӣовеќе.*

св. ЗАГРНЕ(СЕ) – ОДГРНЕ(СЕ)
ЗАКУ́ТАТЬ(СЯ) – РАСКУ́ТАТЬ(СЯ)

Покрие, наметне нешто околу телото; покрие се, наметне се со нешто околу телото.

Тргне, симне нешто со кое телото било загрнато.

▪ ***Заīрни** īо ӣалӣоӣо, ладно е.*
▪ ***Се заīрна** со шал.*

▪ *Го **одīрна** īрбоӣ.*
▪ ***Се одīрна**.*

несв. **ЗАГРНУВА(СЕ) – ОДГРНУВА(СЕ)**
ЗАКУ́ТЫВАТЬ(СЯ) – РАСКУТЫ́ВАТЬ(СЯ)

Покрива, наметнува нешто околу телото; покрива се, наметнува се со нешто околу телото.

Тргнува, симнува нешто со кое телото било загрнато.

▪ *Надвор* ***се заг̄рнува*** *со шал.*

▪ *Внат̄ре* ***се одг̄рнува****.*

ЗАДОВОЛЕН – НЕЗАДОВОЛЕН
ДОВО́ЛЬНЫЙ – НЕДОВО́ЛЬНЫЙ

1. Кој го има она што го пожелува; 2. Кој не бара повеќе и поинаку од она што го има; 3. Добро расположен, среќен.

1. Кој го нема она што го посакува; 2. Кој бара повеќе и поинаку од она што го има; 3. Лошо расположен, несреќен.

▪ ***Задоволен*** *сум од усп̄ехот̄.*

▪ *Замина* ***незадоволен*** *и несреќен.*

ЗАДОВОЛИТЕЛЕН – НЕЗАДОВОЛИТЕЛЕН
УДОВЛЕТВОРИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕУДОВЛЕТВОРИ́ТЕЛЬНЫЙ
ПОЛОЖИ́ТЕЛЬНЫЙ – ОТРИЦА́ТЕЛЬНЫЙ

Што задоволува, што одговара на определени услови, барања, критериуми, потреби

Што не задоволува, што не одговара на определени барања, критериуми, потреби.

▪ ***Задоволит̄елни*** *резулт̄ати.*

▪ ***Незадоволит̄елни*** *резулт̄ати.*

ЗАДОВОЛСТВО – НЕЗАДОВОЛСТВО
УДОВО́ЛЬСТВИЕ – НЕУДОВО́ЛЬСТВИЕ

1. Чувство на оној што е задоволен; 2. Уживање, разонода.

1. Чувство на оној што не е задоволен; 2. Страдање.

▪ *Со* ***задоволст̄во*** *п̄ат̄увам.*

▪ ***Незадоволст̄вото*** *г̄о изразија со п̄рот̄ест̄.*

св. **ЗАДОЛЖИ СЕ – ОДДОЛЖИ СЕ**
ВЗЯТЬ В ДОЛГ – ВЕРНУ́ТЬ ДОЛГ
ОБЯЗА́ТЬ(СЯ) – ВЫ́ПОЛНИТЬ

1. Стане должен, земе пари од некого или од некаде; 2. Земе обврска, вети.

1. Врати долг некаде или некому, исплати; 2. Исполни обврска.

▪ ***Се задолжив*** *кај друг̄ар ми.*

▪ *Му* ***се оддолжив*** *на друг̄ар ми.*

несв. **ЗАДОЛЖУВА СЕ – ОДДОЛЖУВА СЕ**
БРАТЬ В ДОЛГ – ВОЗВРАЩА́ТЬ ДОЛГ
ОБЯ́ЗЫВАТЬ(СЯ) – ВЫПОЛНЯ́ТЬ

1. Станува должен, зема пари од некого или од некаде; 2. Зема обврска, ветува.

1. Враќа долг некаде или некому, исплаќа; 2. Исполнува обврска.

▪ ***Се задолжував*** *чест̄о.*

▪ ***Се оддолжував*** *рет̄ко.*

св. **ЗАДОЛЖИ(СЕ) – РАЗДОЛЖИ(СЕ)**
СДЕ́ЛАТЬ ДОЛЖНИКО́М – ОСВОБОДИ́ТЬ ОТ ДО́ЛГА
ВЗЯТЬ В ДОЛГ/ОБЯЗА́ТЬ(СЯ) – ВЕРНУ́ТЬ ДОЛГ/ВЫ́ПОЛНИТЬ

1. Оптовари некого со долг;
2. Стане должен, земе пари од некого или од некаде;
3. Даде некому обврска;
4. Земе обврска, вети.

1. Ослободи некого од долг;
2. Врати долг некаде или некому, исплати;
3. Ослободи некого од обврска;
4. Исполни обврска.

▪ *Ме* ***задолжи*** *со мног̄у п̄ари.*
▪ *Се* ***задолжив*** *во банка.*
▪ *Ме* ***задолжија*** *со п̄оп̄ис.*

▪ *Ги вра*т̄*ив п̄ари*т̄*е и ме* ***раздолжија****.*
▪ *Се* ***раздолжив*** *на банка*т̄*а.*
▪ *Ме* ***раздолжија*** *од обврска*т̄*а.*

несв. **ЗАДОЛЖУВА(СЕ) – РАЗДОЛЖУВА(СЕ)**
ДЕ́ЛАТЬ ДОЛЖНИКО́М – ОСВОБОЖДА́ТЬ ОТ ДО́ЛГА
БРАТЬ В ДОЛГ – ВОЗВРАЩА́ТЬ ДОЛГ
ОБЯ́ЗЫВАТЬ(СЯ) – ВЫПОЛНЯ́ТЬ

1. Оптовара некого со долг;
2. Станува должен, зема пари од некого или од некаде;
3. Дава некому обврска;
4. Зема обврска, ветува.

▪ *Ме **задолжуваш** со многу пари.*
▪ *Се **задолжувам** со кредити.*
▪ *Ме **задолжуваа** со попис.*

1. Ослободува некого од долг; 2. Враќа долг некаде или некому, исплаќа; 3. Ослободува некого од обврска;
4. Исполнува обврска.

▪ *Ги враќав парите и ме **раздолжуваа**.*
▪ *Се **раздолжувам** редовно.*
▪ *Го **раздолжуваат** од обврската.*

ЗАДОЛЖИТЕЛЕН – ФАКУЛТАТИВЕН
ОБЯЗА́ТЕЛЬНЫЙ – ФАКУЛЬТАТИ́ВНЫЙ

Обврзен; што мора да се исполни.

▪ *Јазикот е **задолжителен** предмет.*

Што може да се избира, оставен на слободен избор; незадолжителен.

▪ *Историјата е **факултативен** предмет.*

ЗАДОЛЖИТЕЛНО – ФАКУЛТАТИВНО
ОБЯЗА́ТЕЛЬНО – ФАКУЛЬТАТИ́ВНО

Обврзно; што мора да се исполни.

▪ *Тоа ми е **задолжително.***

На факултативен начин; незадолжително.

▪ ***Факултативно** посетувам курс.*

св. **ЗАДРЕМЕ – РАЗБУДИ СЕ**
ЗАДРЕМА́ТЬ – ПРОСНУ́ТЬСЯ

Фати дремка некого, почне да дреме.

▪ *Лежејќи **задрема** пред телевизорот.*

Освести се од дремка, прекине дремка.

▪ ***Се разбуди** од гласната музика.*

несв. **ЗАДРЕМУВА – БУДИ СЕ**
НАЧИНА́ТЬ ДРЕМА́ТЬ – ПРОСЫПА́ТЬСЯ

Фаќа дремка некого, почнува да дреме.

▪ ***Задремувам*** *во автобус.*

Освестува се од дремка, прекинува дремка.

▪ ***Се будам*** *од гласната музика.*

ЗАЕДНИЦА – ПОЕДИНЕЦ
КОЛЛЕКТИ́В – ОТДЕ́ЛЬНЫЙ ЧЕЛОВЕ́К

Здруженост на луѓе или на друштва, организации, установи и др. во една целина заради определени причини, цели.

Одделна личност, индивидуа, единка.

Дефинирајќи го односот на ***поединецот*** *кон* ***заедницата*** *на која ѝ припаѓа како „долг“ на секого,... тој сепак, ќе забележи дека „долгот кон тоткоината зависит од приликите историјски...“.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ЗАЕДНИЧКИ – ПОЕДИНЕЧЕН
СОВМЕ́СТНЫЙ – ОТДЕ́ЛЬНЫЙ

Што им припаѓа на сите, што е општ, колективен; што им припаѓа на две или повеќе лица.

▪ ***Заеднички*** *натпревари.*
▪ ***Заеднички*** *консултации.*

Што се однесува на поединец, граѓанин; што се однесува, припаѓа на едно лице; на одделна област.

▪ ***Поединечни*** *натпревари.*
▪ ***Поединечни*** *консултации.*

Промената на организациската структура ќе се одвива по принципот на целосно почитување на ставовите на постојните катедри и принципот на организирање согласно со компатибилноста и ***заедничкиот*** *интерес за работа на сродни и блиски подрачја. Како критериум ќе биде поставена рамноправноста во застапувањето на* ***поединечните*** *подрачја во менаџментот на Факултетот. Универзитетски весник.*

ЗАЕДНИЧКИ – ПОЕДИНЕЧНО
СОВМЕ́СТНО – ОТДЕ́ЛЬНО

Заедно, здружено.

▪ ***Заеднички*** *настапуваме.*

Одделно, издвоено, едно по едно.

▪ ***Поединечно*** *настапуваме.*

Во текот на годините што следуваа родителите повеќепати, ***поединечно****, а на неколкупати дури и* ***заеднички****, ги посетуваа де едниот де другиот син, секогаш поседувајќи барем еден ден.* М. Јовановски*, Патот до осаматa.*

ЗАЕДНИЧКИ – ЛИЧЕН
О́БЩИЙ/СОВМЕ́СТНЫЙ – ЛИ́ЧНЫЙ

Што им припаѓа на сите, што е општ, колективен; што им припаѓа на две или на повеќе лица.

▪ *Ова е* ***заеднички*** *кабинет.*
▪ *Ова е* ***заедничка*** *сопственост.*

Што се однесува на поединец, граѓанин; што се однесува, припаѓа на едно лице.

▪ *Ова е* ***личен*** *кабинет.*
▪ *Ова е* ***лична*** *сопственост.*

ЗАЕДНИЧКИ – ОДДЕЛЕН
СОВМЕ́СТНЫЙ – ОТДЕ́ЛЬНЫЙ

Што им припаѓа на сите, што општ, колективен; што им припаѓа на две или повеќе лица.

▪ ***Заедничка*** *просторија.*
▪ ***Заедничка*** *прослава.*

Што е посебен, изделен од нешто; што се однесува, припаѓа на одредено лице.

▪ ***Одделна*** *просторија.*
▪ ***Одделна*** *прослава.*

ЗАЕДНО – ОДДЕЛНО
ВМЕ́СТЕ – ОТДЕ́ЛЬНО

1. Во заедница, здружено, сложно; 2. Во исто време, истовремено.

▪ *Живееме* ***заедно****.*
▪ *Стигнуваме* ***заедно****.*

1. Посебно, одделено, поединечно; 2. Во различно време.

▪ *Живееме* ***одделно****.*
▪ *Стигнуваме* ***одделно****.*

ЗАЕДНИЧКИ – ПОСЕБЕН
СОВМЕ́СТНЫЙ – ОТДЕ́ЛЬНЫЙ

Што им припаѓа на сите, што е општ, колективен; што им припаѓа на две или повеќе лица; што е својствен за сите; што е определен за сите.

Што е одвоен, одделен од други; што постои самостојно; што не е споен, слеан со другите во една целина; што се разликува од другите; што е посебно определен за нешто.

▪ ***Заедничка*** *канцеларија.*
▪ ***Заедничко*** *својство.*

▪ ***Посебна*** *канцеларија.*
▪ ***Посебно*** *својство.*

Во главата „Сочинувала ли, сочинува ли, може ли да сочинува Македонија посебна етничка и политичка единица“ тој докажувал дека Македонците имаат ***заедничко*** *историско минато со Србите и со Бугарите, но сепак претставуваат* ***посебен*** *етнос.* А. Шешкен, *Студии за македонската литература.*

ЗАЕДНО – ПОСЕБНО
ВМЕ́СТЕ – ОТДЕ́ЛЬНО

1. Во заедница, здружено, сложно; 2. Во исто време, истовремено.

1. Одвоено, одделено, поединечно; 2. Во различно време.

▪ *Спиеме* ***заедно****.*
▪ *Излегуваме* ***заедно****.*

▪ *Спиеме* ***посебно****.*
▪ *Излегуваме* ***посебно****.*

ЗАЕДНО – БАШКА *разг.*
ВМЕ́СТЕ – ОТДЕ́ЛЬНО

1. Во заедница, здружено, сложно; 2. Во исто време, истовремено.

1. Одвоено, посебно, оддалечено; 2. Во различно време.

▪ ***Заедно*** *седиме.*
▪ ***Заедно*** *почнуваме.*

▪ ***Башка*** *седиме.*
▪ ***Башка*** *почнуваме.*

св. **ЗАЗЕМЕ – ОСЛОБОДИ**
ЗАХВАТИ́ТЬ/ЗАНЯ́ТЬ – ОСВОБОДИ́ТЬ

1. Завладее, освои (земја, град) со војна, со борба;

1. Врати заземена територија (земја, град) со борба;

2. Насели определен простор.	2. Напушти определен простор.
▪ *Го* ***заседоа*** *градот.*	▪ *Го* ***ослободија*** *градот.*
▪ *Ја* ***заседе*** *масата.*	▪ *Ја* ***ослободи*** *масата.*

несв. **ЗАЗЕМА – ОСЛОБОДУВА**
ЗАХВА́ТЫВАТЬ/ЗАНИМА́ТЬ – ОСВОБОЖДА́ТЬ

1. Освојува (земја, град) со војна, со борба; 2. Населува определен простор.	1. Враќа заземена територија (земја, град) со борба; 2. Напушта определен простор.
▪ ***Заземаа*** *град по град.*	▪ *Ги* ***ослободуваа*** *градовите.*
▪ *Ја* ***заземаа*** *најдобрата маса.*	▪ *Ја* ***ослободуваа*** *масата на полноќ.*

св. **ЗАЈАКНЕ – ОСЛАБИ**
ОКРЕ́ПНУТЬ/УКРЕПИ́ТЬ – ОСЛАБЕ́ТЬ/ОСЛА́БИТЬ

1. Стане појак, посилен, закрепне; 2. Направи да биде појак, посилен; 3. Зацврсти позиција.	1. Стане физички слаб, послаб; 2. Направи да биде послаб; 3. Разниша позиција.
▪ *Детето* ***зајакна***.	▪ *Детето* ***ослабе***.
▫ *Ја* ***зајакна*** *позицијата.*	▫ *Ја* ***ослабе*** *позицијата.*
▫ *Денарот* ***зајакна***.	▫ *Денарот* ***ослабе***.

св. **ЗАКЛОПИ – ОТКЛОПИ**
ЗАКРЫ́ТЬ – ОТКРЫ́ТЬ

Стави поклопец на нешто, покрие со поклопец; затвори.	Симне, крене капак; отвори.
▪ *Го* ***заклопи*** *тенџерето.*	▪ *Го* ***отклопи*** *тенџерето.*
▪ *Ја* ***заклопи*** *книгата.*	▪ *Ја* ***отклопи*** *книгата.*

ЗАКЛУЧЕН – ОТКЛУЧЕН
ЗА́ПЕРТЫЙ – О́ТПЕРТЫЙ

Затворен со клуч.	Отворен со клуч.
▪ *Вратата е* ***заклучена***.	▪ *Вратата е* ***отклучена***.

св. **ЗАКЛУЧИ – ОТКЛУЧИ**
ЗАПЕРЕ́ТЬ – ОТПЕРЕ́ТЬ

Затвори со клуч.

▪ ***Заклучи*** *кола.*

Отвори со клуч.

▪ ***Отклучи*** *кола.*

несв. **ЗАКЛУЧУВА – ОТКЛУЧУВА**
ЗАПИРА́ТЬ – ОТПИРА́ТЬ

Затвора со клуч.

▪ ***Заклучува*** *шкаф.*

Отвора со клуч.

▪ ***Отклучува*** *шкаф.*

св. **ЗАКОВЕ – ОТКОВЕ**
ЗАКОЛОТИ́ТЬ – ОТОРВА́ТЬ
ЗАБИ́ТЬ/ЗАКОВА́ТЬ – ОТКОВА́ТЬ/ОТБИ́ТЬ

Зацврсти, прикове, прибие нешто со шајки или со нешто друго.

▪ *Ја* ***закова*** *вратата со штица и замина.*

Извади шајки, клинци со кои нешто било заковано, прицврстено.

▪ *Ја* ***откова*** *вратата и влезе.*

ЗАКОН – БЕЗЗАКОНИЕ
ЗАКО́Н – БЕЗЗАКО́НИЕ

Постоење на закон; применување закон.

Немање закон; неприменување закон.

▪ *Се прашувам има ли овде* ***закони*** *или живееме во* ***беззаконие****.*

ЗАКОНИТ – ПРОТИВЗАКОНИТ
ЗАКО́ННЫЙ – ПРОТИВОЗАКО́ННЫЙ

Што е во склад со закон.

▪ *Ова е* ***законита*** *постапка.*

Што не е во склад со закон.

▪ *Ова е* ***противзаконита*** *постапка.*

ЗАКОНСКИ – НЕЗАКОНСКИ
ЗАКО́ННО – НЕЗАКО́ННО

Што е во склад со закон; според закон.

▪ *Работи* ***законски****.*

Што не е во склад со закон; според закон.

▪ *Работи* ***незаконски****.*

Сиве овие куќи, на некој начин, беа изградени и ***законски*** *и* ***незаконски****, тоа беше како некое небеско градилиште, магионичарско живеалиште.* Ж. Чинго*, Накусо.*

св. **ЗАКОПА – ОТКОПА**
ЗАКОПА́ТЬ – ОТКОПА́ТЬ

Покрие, огрне со земја, затрупа; стави, сокрие со закопување во земја.

Извади, открие со копање.

▪ ***Закопав*** *шише ракија. Ќе го* ***откопам*** *за свадбата на син ми.*

... ако му речете засолнете го малку несрекниот, покријте го со некое гранче за да го спасат од мувите, тие ни пет, ни шест, ќе земат и ќе го ***закопаат*** *најдлабоко што можат. Ајде потоа* ***откопувај*** *го, буди го од вечниот сон. Многу непријатна работа.* Ж. Чинго*, Накусо.*

несв. **ЗАКОПУВА – ОТКОПУВА**
ЗАКА́ПЫВАТЬ – ОТКА́ПЫВАТЬ

Покрива, огрнува со земја, затрупува; става, крие со закопување во земја.

Вади, открива со копање.

▪ ***Закопуваат*** *мртовец.*

▪ ***Откопува*** *гробница.*

св. **ЗАКОПЧА(СЕ) – ОТКОПЧА(СЕ)/РАСКОПЧА(СЕ)**
ПРИСТЕГНУ́ТЬ(СЯ) – ОТСТЕГНУ́ТЬ(СЯ)
ЗАСТЕГНУ́ТЬ(СЯ) – РАССТЕГНУ́ТЬ(СЯ)

Соедини, спои два дела на облека, обувки со копче, со патент.

Раздвои нешто споено со копче, патент.

▪ *Ја* ***закопча*** *кошулата.*
▪ ***Се закопча*** *и излезе.*

▪ *Ја* ***откопча*** *кошулата.*
▪ ***Се откопча*** *и се соблече.*

несв. **ЗАКОПЧУВА(СЕ) – ОТКОПЧУВА(СЕ)/РАСКОПЧУВА(СЕ)**
ПРИСТЁГИВАТЬ(СЯ) – ОТСТЁГИВАТЬ(СЯ)
ЗАСТЁГИВАТЬ(СЯ) – РАССТЁГИВАТЬ(СЯ)

Соединува, спојува два дела на облека, обувки со копче, со патент.

Раздвојува нешто споено со копче, со патент.

▪ *Не* ***се закопчува*** *патентот.*

▪ ***Се откопчуваат*** *копчињата.*

св. **ЗАКОЧИ – ОТКОЧИ**
ЗАТОРМОЗИ́ТЬ – ОТПУСТИ́ТЬ ТОРМОЗА́

1. Притисне на кочница; сопре или забави со кочница; заглави; 2. Запре, блокира.

▪ ***Закочи*** *ја колата.*

1. Ослободи кочница; ослободи; 2. Пушти во функција.

▪ ***Откочи*** *ја кочницата.*

св. **ЗАКРЕПНЕ – ОПАДНЕ**
ОКРЕ́ПНУТЬ – СДАТЬ/СНИ́КНУТЬ

1. Поврати здравје или нормална состојба (по болест, шок...); 2. Поврати свежина, сила.

▪ *По операцијата брзо* ***закрепна****.*

1. Ослаби здравствено; 2. Изгуби од својата сила.

▪ *Зимава го фати грипот и и многу* ***опадна****.*

несв. **ЗАКРЕПНУВА – ОПАЃА**
КРЕ́ПНУТЬ – СДАВА́ТЬ/СНИКА́ТЬ

1. Повраќа здравје или нормална состојба (по болест, шок...); 2. Повраќа свежина, сила.

1. Ослабува здравствено; 2. Губи од својата сила.

▪ *Уште не е сосем добро, но постепено* ***закрепнува****.*
▪ *Со години* ***опаѓаат*** *виталните функции.*

св. **ЗАЛЕПИ (СЕ) – ОДЛЕПИ (СЕ)**
ЗАКЛЕ́ИТЬ/ПРИЛИ́ПНУТЬ – ОТКЛЕ́ИТЬ/ОТЛИ́ПНУТЬ
ПРИСТА́ТЬ – ОТВЯЗА́ТЬСЯ

1. Спои, прицврсти со лепење; 2. Приближи (се) сосема, допре (се); 3. Следи некого во чекор.

▪ *Го* ***залепи*** *јликот.*
▫ *Што си* ***се залепил*** *за мене?*

1. Извади нешто залепено; 2. Одвои (се); 3. Оддалечи (се).

▪ *Ја* ***одлепи*** *марката.*
▫ *Едвај* ***се одлепи*** *од мене.*

▫ *Во расказот „Непознатиот“ авторот ќе забележи дека „животот чудесно ги испреплетува луѓето ги врзува одврзува* ***зале-***

пува одлепува *доближува одближува“ итн.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

несв. **ЗАЛЕПУВА(СЕ) – ОДЛЕПУВА(СЕ)**
СКЛЕ́ИВАТЬ/ПРИЛИПА́ТЬ – ОТКЛЕ́ИВАТЬ/ОТЛИПА́ТЬ
ПРИСТАВА́ТЬ – ОТВЯ́ЗЫВАТЬСЯ

1. Спојува, прицврстува со лепење; 2. Приближува (се) сосема; 3. Допира(се).

1. Вади нешто залепено; 2. Одвојува (се); 3. Оддалечува (се).

▪ *Ги **залепувам** маркиче.*
▪ *Ги **одлепувам** маркиче.*
▫ ***Се залепуваат** за групи туристи и слушаат објаснувања.*
▫ *Не **се одлепува** од групата, се плаши да не се изгуби.*

св. **ЗАМАТИ(СЕ) – ИЗБИСТРИ/РАЗБИСТРИ(СЕ)**
ЗАМУТИ́ТЬ – СДЕ́ЛАТЬ ПРОЗРА́ЧНЫМ
ЗАТУМА́НИТЬ – ПРОЯСНИ́ТЬ

Направи матен, валкан; замагли; стане матен; направи нејасен.

Направи бистар, прозирен, чист; исполни со сјај; објасни, расчисти.

▪ *Ја **замати** водата.*
▪ ***Се замати** небото.*
▫ *Ми **се замати** главата.*

▪ ***Се избистри** водата.*
▪ ***Се разбистри** небото.*
▫ *Ми **се разбистри** главата.*

св. **ЗАМИНЕ – ВРАТИ СЕ**
УЙТИ́ – ВЕРНУ́ТЬСЯ/ПРИЙТИ́

Напушти определено место, отиде некаде; тргне некаде.

Дојде повторно на местото што го напуштил, од каде што тргнал.

▪ *Тој **замина** на одмор.*
▪ *Пред малку **си замина** (дома).*

▪ *Тој **се врати** од град.*
▪ *Не знам дали ќе **се врати**.*

*Обновив минат ден за да те сакам повеќе на заминување. **Заминував** во правец во кој не постои. Птиците **заминале** во предел од каде што не **се враќа** времето!* Л. Старова*, Амбасади.*

несв. **ЗАМИНУВА – ВРАЌА СЕ**
УХОДИ́ТЬ – ВОЗВРАЩА́ТЬСЯ/ПРИХОДИ́ТЬ

Напушта определено место, оди некаде; тргнува некаде.

Доаѓа повторно на местото што го напуштил; од каде што тргнал.

▪ *Утре **заминувам** за Охрид.*

▪ ***Се враќам** по една недела.*

Секој ден ***заминуваше*** *во* *градот*, *ја* *гледаа како* *порева* *по улицата сè додека не се скриеше зад куќите, а* ***се враќаше*** *многу* *доцна, уморна и напрашена. Само очите* *ѝ искреа во забрадот на шамијата, и тие мали жарчиња* *што* *ѝ* *тлееја во челото, никогаш ни се* *жегнуваа, ни потемнуваа, постојано и со* *исти блесок* ***заминуваа*** *и* ***се враќаа***. Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

св. ЗАМОРИ(СЕ) – ОДМОРИ(СЕ)
УСТА́ТЬ – ОТДОХНУ́ТЬ
УТОМИ́ТЬ/УТОМИ́ТЬСЯ – ДАТЬ ОТДОХНУ́ТЬ

Предизвика замор; стане уморен, почувствува замор.

▪ *Ги* ***замори*** *очите од компјутерот.*
▪ *Многу* ***се заморив*** *на работа.*

Даде некому одмор, пауза да собере сили; поврати сила со одмарање.

▪ *Направи* *пауза,* ***одмори*** *ги малку.*
▪ *В недела ќе* ***се одморам***.

св. ЗАМОТА(СЕ) – ОДМОТА(СЕ)/РАЗМОТА(СЕ)
ЗАМОТА́ТЬ(СЯ) – РАЗМОТА́ТЬ(СЯ)
ЗАКУ́ТАТЬ(СЯ) – РАЗМОТА́ТЬ(СЯ)

Завие, обвитка.

▪ *Го* ***замота*** *конецот на макара.*
▪ ***Се замота*** *во ќебе.*

Одвие, развие нешто замотано; одвитка.

▪ *Го* ***одмота*** *клопчето.*
▪ ***Се одмота*** *јажето.*

св. ЗАМРЕ – ОЖИВЕЕ
ЗАМЕРЕ́ТЬ – ОЖИ́ТЬ

Опадне, ослабне, исчезне, стиши се (за звук, активност и сл).

▫ ***Замре*** *животот во* *градот.*
▫ ***Замре*** *посетата на театар.*

Зголеми, засили, врати (активност, раздвиженост).

▫ ***Оживеа*** *градот.*
▫ ***Оживеа*** *посетата на клубови.*

св. ЗАМРЗНЕ(СЕ) – ОДМРЗНЕ(СЕ)/РАЗМРЗНЕ(СЕ)
ЗАМОРО́ЗИТЬ/ЗАМЁРЗНУТЬ – РАЗМОРО́ЗИТЬ/РАСТА́ЯТЬ

Стане мраз; направи нешто да се претвори во мраз; смрзне се;

Стопи се; доведе од смрзната во течна состојба; стопи се;

прекине, запре
(односи, процес итн.).

▪ *Реката* ***замрзна***.
▫ *Ги* ***замрзнаа*** *односите.*

возобнови (односи,
процес итн.).

▪ *Месото* ***се одмрзна***.
▫ *Ги* ***одмрзнаа*** *односите.*

св. **ЗАМРЗНЕ – СТОПЛИ(СЕ)/ЗГРЕЕ(СЕ)**
ЗАМЁРЗНУТЬ – СОГРЕ́ТЬ(СЯ)

Измрзне, вкочани се
од студ.

▪ *Ми* ***замрзнаа*** *рацете.*
▪ ***Замрзнав*** *чекајќи автобус.*

Стане топол, потопол;
почувствува топлина.

▪ *Ги* ***стоплив*** *рацете.*
▪ ***Се згреав*** *дома.*

св. **ЗАМРСИ(СЕ) – РАЗМРСИ(СЕ)/ОДМРСИ(СЕ)**
ЗАПУ́ТАТЬ(СЯ) – РАСПУ́ТАТЬ(СЯ)/РАЗЪЯСНИ́ТЬСЯ/ОБЪЯСНИ́ТЬ

1. Направи да биде
нешто во неред (конци,
коса); 2. Направи нешто
нејасно, неразбирливо;
збуни.

▪ *Ветерот ѝ ја* ***замрси*** *косата.*
▪ ***Се замрси*** *конецот.*
▫ *Ја* ***замрсивме*** *работата.*

1. Расплете, раздвои
нешто што е сплетено,
замрсено; 2. Разјасни
нешто што не е разбирливо,
што не е сфатливо.

▪ *Ја* ***размрси*** *косата со*
чешел.
▪ ***Се одмрси*** *конецот.*
▫ *Ја* ***одмрсивме*** *работата.*

св. **ЗАПЕЧАТИ – ОТПЕЧАТИ/РАСПЕЧАТИ**
ЗАПЕЧА́ТАТЬ/ЗАКЛЕ́ИТЬ – РАСПЕЧА́ТАТЬ/ОТКЛЕ́ИТЬ
ЗАКРЫ́ТЬ – ОТКРЫ́ТЬ

Затвори нешто со печат.

▪ *Го* ***запечати*** *писмото.*

Отвори нешто запечатено.

▪ *Го* ***отпечати*** *пликот.*

ЗАПИШАН – ИСПИШАН/ОТПИШАН
ЗАРЕГИСТРИ́РОВАННЫЙ – ВЫ́ЧЕРКНУТЫЙ
ПРИ́НЯТЫЙ (В ШКОЛУ, НА ФАКУЛЬТЕТ) – ИСКЛЮЧЁННЫЙ

Вклучен, внесен во
некаков список, група
(школо, членство).

▪ ***Запишан*** *на факултет.*

Исклучен, избришан од
некаков список, група (од
школо, од членство).

▪ ***Отпишан*** *од факултет.*

св. **ЗАПИШЕ(СЕ) – ИСПИШЕ(СЕ)/ОТПИШЕ(СЕ)**
ЗАПИСА́ТЬ(СЯ)/ПОСТУПИ́ТЬ – ВЫ́ЧЕРКНУТЬ/ВЫПИСА́ТЬ(СЯ)

1. Внесе во список; 2. Вклучи (се) во некаква група (школо, членство).	1. Избрише од список; 2. Исклучи (се) од некаква група, (школо, членство).
▪ *Го* ***запиша*** *во хор.* ▪ ***Се запиша*** *на факултет.*	▪ *Го* ***отпиша*** *од хор.* ▪ ***Се отпиша*** *од факултет.*

несв. **ЗАПИШУВА(СЕ) – ИСПИШУВА(СЕ)/ОТПИШУВА(СЕ)**
ЗАПИ́СЫВАТЬ(СЯ)/ПОСТУПА́ТЬ – ВЫЧЁРКИВАТЬ/ ВЫПИ́СЫВАТЬ(СЯ)

1. Внесува во список; 2. Вклучува (се) во некаква група (школо, членство).	1. Брише од список; 2. Исклучува (се) од некаква група, (школо, членство).
▪ *Го* ***запишува*** *во список.* ▪ ***Се запишува*** *на факултет.*	▪ *Го* ***отпишува*** *од список.* ▪ ***Се отпишува*** *од факултет.*

ЗАПЛЕТ – РАСПЛЕТ
ЗАВЯ́ЗКА – РАЗВЯ́ЗКА

Судир на тежнеења, интереси на личности од книжевно дело.	Решавање на заплет, судир на тежнеења, интереси на личности од книжевно дело.

Всушност, тој ја наоѓа саканата, но не и среќата, а Ташко Георгиевски на нему својствен начин, мошне пластично опишувајќи го ***расплетот****, всушност, како да најавува нов* ***заплет****, ново „Време“...*
Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

св. **ЗАПЛЕТКА(СЕ) – РАСПЛЕТКА(СЕ)**
ЗАПУ́ТАТЬ(СЯ) – РАСПУ́ТАТЬ(СЯ)

Направи да стане меѓусебно испреплетен; замрси.	Размрси нешто заплеткано.
▪ *Ја* ***заплетка*** *косата.* ▪ *Конецот* ***се заплетка****.*	▪ *Ја* ***расплетка*** *косата.* ▪ *Конецот* ***се расплетка****.*

св. **ЗАПОЧНЕ – ЗАВРШИ**
НАЧА́ТЬ – ЗАКО́НЧИТЬ

Направи прв чекор, дел; направи почеток, отпочне.

Доведе до крај; направи да биде комплетен; дојде до крај.

▪ ***Започна*** *да пишува.*
▪ ***Започна*** *ручекот.*

▪ ***Заврши*** *со пишување.*
▪ ***Заврши*** *ручекот.*

Стоеше меѓу учениците од прво одделение со кои Ленка го ***започна*** *своето учителствување и со кои го* ***заврши***. В. Костов*, Нов ум.*

несв. **ЗАПОЧНУВА – ЗАВРШУВА**
НАЧИНА́ТЬ – ЗАКА́НЧИВАТЬ

Прави прв чекор, дел; прави почеток, отпочнува.

Доведува до крај; прави да биде комплетен; доаѓа до крај.

Живеејќи долги години на бреговите на едно од најстарите и најубави езера во светот, Охридското Езеро, уште од раните па до доцните години на животот ги следев со посебно внимание миграциските процеси на птиците и рибите кои ***започнуваа*** *и* ***завршуваа*** *во езерото и неговите брегови, како еден од планетарните центри на големите преселби.* Л. Старова*, Амбасади.*

св. **ЗАПРЕТА– ОТПРЕТА**
ЗАКОПА́ТЬ – ОТКОПА́ТЬ

Покрие нешто со земја, пепел; закопа.

Извади, открие; растрга земја, пепел од нешто запретано.

▪ *Ги* ***запрета*** *нозете во песок.*

▪ *Ги* ***отпрета*** *нозете од песок.*

св. **ЗАРОБИ(СЕ) – ОСЛОБОДИ(СЕ)**
ПОРАБОТИ́ТЬ/ПОДЧИНИ́ТЬ – ОСВОБОДИ́ТЬ

1. Воспостави контрола врз некого со сила; направи заробеник; оневозможи да избега или да се движи; 2. Оптовари (се) со обврски.

1. Направи да биде слободен; пушти на слобода; дозволи да излегува или излезе; испушти; 2. Заврши обврски.

▪ ***Зароби*** *непријателски војници.*
▫ *Ги* ***зароби*** *децата со земјоделие.*
▫ ***Се зароби*** *со речникот.*

▪ *Ги* ***ослободи*** *војниците.*
▫ *Ги* ***ослободи*** *од работа.*
▫ ***Се ослободи*** *од грижи.*

св. **ЗАСИЛИ(СЕ) – ОСЛАБИ**
УСИ́ЛИВАТЬ – ОСЛАБЛЯ́ТЬ

Направи да биде појак, посилен; стане појак, посилен, поинтензивен.

Направи да биде послаб, понемоќен; стане послаб.

▪ *Го* ***засили*** *притисокот врз вработените.*
▪ ***Се засилија*** *врнежите.*

▪ *Го* ***ослабе*** *притисокот врз вработените.*
▪ ***Ослабеа*** *врнежите.*

несв. **ЗАСИЛУВА(СЕ) – ОСЛАБУВА**
УСИ́ЛИВАТЬ – ОСЛЯБЛЯ́ТЬ

Прави да биде појак, посилен; станува појак, посилен, поинтензивен.

Прави да биде послаб, понемоќен; станува послаб.

▪ *Го* ***засилува*** *притисокот врз народот.*
▪ ***Се засилува*** *дождот.*

▪ *Го* ***ослабува*** *притисокот врз народот.*
▪ ***Ослабува*** *дождот.*

ЗАСПАН – БУДЕН
УСНУ́ВШИЙ/ЗАСНУ́ВШИЙ – БО́ДРСТВУЮЩИЙ
АПАТИ́ЧНЫЙ – ВНИМА́ТЕЛЬНЫЙ

1. Што спие или како да спие; 2. Незаинтересиран, апатичен, невнимателен.

1. Што не спие, разбуден; 2. Внимателен, претпазлив.

Заспани *или* ***будни****. Непрестајно и дење и ноќе се баравме.* М. Јовановски*, Патот до осаматa;*

Таа имаше лесен и плиток сон и тешко е да одредиш на што е. Дали ***заспана*** *или сè уште* ***будна****.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

несв. **ЗАСПИВА – БУДИ(СЕ)**
ЗАСЫПА́ТЬ/УСЫПЛЯ́ТЬ – ПРОСЫПА́ТЬСЯ/БУДИ́ТЬ

1. Почнува да спие;
2. Успива некого.

1. Престанува да спие;
2. Прекинува некому сон.

▪ ***Заспивам*** *доцна.*
▪ *Го* ***заспива*** *детето.*

▪ ***Се будам*** *рано.*
▪ *Го* ***буди*** *синот.*

Е, ај да си легнеме, му велам, и така како што си прилегнувам, наместо да ***заспијам****, јас* ***се разбудувам***. П.М. Андреевски, *Пиреј;*

Сето време нешто сонуваше, но сè што памети е тоа дека ***се будеше*** *во болен очај и* ***заспиваше*** *како да умира во очај.* М. Јовановски, *Патот до осаматa.*

св. **ЗАСПИЕ – РАЗБУДИ(СЕ)**
ЗАСНУ́ТЬ/УСЫПИ́ТЬ – ПРОСНУ́ТЬСЯ/РАЗБУДИ́ТЬ

1. Почне да спие;
2. Успие некого.

1. Престане да спие;
2. Прекине некому сон.

▪ ***Заспав*** *доцна.*
▪ ***Го заспа*** *детето.*

▪ ***Се разбудив*** *рано.*
▪ *Го* ***разбуди*** *синот.*

И ***заспи*** *– исто,* ***разбуди се*** *– пак исто: сè си врши в постела. И јадење и пиење и нужда.* П.М. Андреевски, *Последните селани.*

несв. **ЗАТВОРА – ОСЛОБОДУВА**
ЗАКЛЮЧА́ТЬ/АРЕСТОВА́ТЬ – ОСВОБОЖДА́ТЬ

Лишува од слобода;
апси.

Враќа некому слобода;
пушта од затвор.

▪ *Го* ***затвораа*** *за крадење.*

▪ *Го* ***ослободуваа*** *поради недостиг на докази.*

св. **ЗАТВОРИ – ОСЛОБОДИ**
ЗАКЛЮЧИ́ТЬ – ОСВОБОДИ́ТЬ

Лиши од слобода;
уапси.

Врати некому слобода;
пушти од затвор.

▪ *Го* ***затворија*** *за крадење.*

▪ *Го* ***ослободија*** *поради недостиг на докази.*

ЗАТВОРЕН – КОМУНИКАТИ́ВЕН
ЗА́МКНУТЫЙ – ОБЩИ́ТЕЛЬНЫЙ

Кој тешко воспоставува
врски, контакти со други;
повлечен, молчалив.

Кој лесно воспоставува
врски, контакти со други;
разговорлив; достапен.

▪ ***Затворен*** *човек.*

▪ ***Комуникативен*** *човек.*

несв. **ЗАТИНА – ОТИНА**
ЗАТЫКА́ТЬ/ЗАКУПО́РИВАТЬ – ОТКУПО́РИВАТЬ

1. Става затка на шише;
2. Затвора со нешто некаков отвор.

▪ *Го* ***затина*** *шишето.*
▪ ***Затина*** *дупка.*

1. Вади затка од шише;
2. Отстранува нешто од некаков отвор.

▪ *Го* ***отина*** *шишето.*
▪ ***Отина*** *канализација.*

св. **ЗАТНЕ – ОТНЕ**
ЗАТКНУ́ТЬ/ЗАКУПО́РИТЬ – ПРОЧИ́СТИТЬ/ОТКУПО́РИТЬ

1. Стави затка на шише;
2. Затвори со нешто некаков отвор.

▪ *Го* ***затна*** *шишето.*
▪ ***Затне*** *вода.*

1. Извади затка од шише;
2. Отстрани нешто од некаков отвор.

▪ *Го* ***отна*** *шишето.*
▪ *Ја* ***отна*** *канализацијата.*

св. **ЗБОГАТИ(СЕ)/ОБОГАТИ(СЕ) – ОСИРОМАШИ**
ОБОГАТИ́ТЬ – СДЕ́ЛАТЬ БЕ́ДНЫМ
РАЗБОГАТЕ́ТЬ – ОБЕДНЕ́ТЬ

1. Направи да биде богат; стане богат;
2. Наголеми или додаде;
3. Добие нешто вредно, значајно, драгоцено.

▪ *Се* ***збогати*** *тешко.*
▫ *Го* ***збогати*** *речникот.*

1. Направи да биде сиромав; стане сиромав;
2. Намали или одземе;
3. Изгуби нешто вредно, значајно драгоцено.

▪ ***Осиромаши*** *брзо.*
▫ *Ја* ***осиромаши*** *библиотеката.*

несв. **ЗБОГАТУВА(СЕ) – ОСИРОМАШУВА**
БОГАТЕ́ТЬ – БЕДНЕ́ТЬ

1. Прави да биде богат;
2. Станува богат;
3. Наголемува или додава;
4. Добива нешто вредно, значајно, драгоцено.

▪ *Се* ***збогатува*** *брзо.*
▫ *Ги* ***збогатува*** *знаењата.*

1. Прави да биде сиромав;
2. Станува сиромав;
3. Намалува или одзема;
4. Губи нешто вредно, значајно драгоцено.

▪ ***Осиромашува*** *уште побрзо.*
▫ ***Осиромашува*** *духовно.*

Чорбации ***осиромашуваа****, сиромаси* ***се збогатуваа****, болни оздравуваа, здрави се разболуваа... така, „господ си правеше скали од луѓе“.* С. Попов*, Крпен живот.*

несв. **ЗБОРУВА – МОЛЧИ**
ГОВОРИ́ТЬ – МОЛЧА́ТЬ

Соопштува нешто со зборови; води разговор.

Се воздржува од зборување; не води разговор.

▪ ***Зборува*** *глупости.*

▪ *Умно* ***молчи****.*

Ништо, вели Варвара, само гледа во мене и ***молчи****. – Па кај си чула мртовец да* ***зборува****, вели Теофил. Може сакал само да те види, вели и станува да го запали светлото.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

ЗБОРЛИВ/ЗБОРЛЕСТ – МОЛЧАЛИВ
БОЛТЛИ́ВЫЙ – МОЛЧАЛИ́ВЫЙ/НЕМНОГОСЛО́ВНЫЙ

Што сака многу да зборува.

Што не сака многу да зборува.

▪ *Многу е* ***зборлест****, уста не затвора.*

▪ ***Молчалив*** *е, уста не отвора.*

несв. **ЗБОРУВА – ЌУТИ** *разг.*
ГОВОРИ́ТЬ – МОЛЧА́ТЬ

Соопштува нешто со зборови; води разговор.

Се воздржува од зборување; не води разговор.

▪ *Не* ***зборува*** *ништо.*

▪ *Само* ***ќути*** *и гледа во таваноt.*

ЗБОРЛИВ/ЗБОРЛЕСТ – ЌУТЛИВ *разг.*
БОЛТЛИ́ВЫЙ – МОЛЧАЛИ́ВЫЙ/НЕМНОГОСЛО́ВНЫЙ

Што сака многу да зборува.

Што не сака многу да зборува.

▪ *Тој е* ***зборлив*** *и забавен.*

▪ *Тој е* ***ќутлив*** *и досаден.*

ЗВУЧЕН – БЕЗВУЧЕН
ЗВУЧНЫЙ/ЗВО́НКИЙ – БЕЗЗВУЧНЫЙ/ГЛУХО́Й

1. Што има звук, што користи звук; 2*лингв.* Изговорен со треперење на гласилките

▪ ***Звучна*** *камбана.*
▪ ***Звучна*** *согласка.*

1. Што нема звук; тивок, нечуен; 2*лингв.* Изговорен без треперење на гласилките.

▪ ***Безвучен*** *еркондишн.*
▪ ***Безвучна*** *согласка.*

ЗВУЧНО – БЕЗВУЧНО
ШУ́МНО/ГРО́МКО – БЕСШУ́МНО/ТИ́ХО

На звучен начин.

▪ *Апаратот работи* ***звучно****.*
▪ ***Звучно*** *го најави излегувањето на романот.*

На безвучен начин.

▪ *Моторот работи* ***безвучно****.*
▪ *Влезе* ***безвучно*** *и седна.*

ЗГОДА – НЕЗГОДА
РА́ДОСТЬ – НЕВЗГО́ДА

Удобност, поволност; пријатна случка.

▪ *Се сети на ситe* ***згоди*** *и* ***незгоди*** *од детството, а што јадел вчера, не можеше да се сети.*

Несреќен, непријатен настан; непријатност.

... многумина од нив во шамиите носеа печено месо за дечињата и старите што не биле на празнувањето кај манастирот: неколку недели потоа се раскажуваа најинтересните ***згоди*** *и* ***незгоди*** *и така се готвеа за други празнувања...* М. Фотев*, Потомците на Кај.*

ЗГОДЕН – НЕЗГОДЕН
ПОДХОДЯ́ЩИЙ – НЕПОДХОДЯ́ЩИЙ
УДО́БНЫЙ – НЕУДО́БНЫЙ

Добро прилагоден; што одговара на приликите, на потребите, на некоја цел; прикладен, поволен.

▪ *Празниците се* ***згодни*** *за одмор.*
▪ *Ова е* ***згодна*** *прилика да му кажам.*

Неприлагоден, што не одговара на потребите, на приликите, на некоја цел; неприкладен, неповолен.

▪ ***Незгодно*** *време за посета.*
▪ *Ова е* ***незгодно*** *место за средба.*

ЗГОДНО – НЕЗГОДНО
УДО́БНО – НЕУДО́БНО

На згоден начин.

▪ *Дали е* ***зг̄одно*** *да г̄о замолам?*

На незгоден начин.

▪ ***Незг̄одно*** *ми е од нег̄о.*

ЗГОДЕН – НЕУБАВ/ГРД
КРАСИ́ВЫЙ/ПРИГО́ЖИЙ – НЕКРАСИ́ВЫЙ/БЕЗОБРА́ЗНЫЙ
СИМПАТИ́ЧНЫЙ – УРО́ДЛИВЫЙ

Убав, привлечен.

▪ ***Зг̄одна*** *девојка.*

Што не е убав; грд; непривлечен.

▪ ***Неубава*** *девојка.*

ЗГОЛЕМЕН – НАМАЛЕН
УВЕЛИ́ЧЕННЫЙ – СОКРАЩЁННЫЙ
ПОВЫ́ШЕННЫЙ – СНИ́ЖЕННЫЙ

Поголем; увеличен; продолжен.

Помал; снижен; скратен.

Сп̄оред видот т̄ интервалите се делат т̄ на чисти, г̄олеми, мали, ***намалени*** *и* ***зг̄олемени****, а п̄онеког̄аш и на двап̄ати* ***намалени*** *или двап̄ати* ***зг̄олемени***. К. Лазаров, *Основи на музичкат̄а т̄еорија.*

св. **ЗГОЛЕМИ(СЕ) – НАМАЛИ(СЕ)/СМАЛИ(СЕ)**
УВЕЛИ́ЧИТЬ(СЯ) – УМЕ́НЬШИТЬ(СЯ)
ПОВЫ́СИТЬ(СЯ) – СНИ́ЗИТЬ(СЯ)

Направи да биде поголем (во количина, износ, број, големина); направи да изгледа поголем; увеличи; стане поголем.

▪ *Ги* ***зг̄олемија*** *ценит̄е.*
▪ ***Се зг̄олеми*** *интересот̄.*

Направи да биде помал (во количина, износ, број, големина); направи да изгледа помал; скрати; стане помал.

▪ *Ги* ***намалија*** *ценит̄е.*
▪ ***Се намали*** *интересот̄.*

Газдат̄а сеп̄ак наскоро сфат̄и дека јас не сум т̄ука да му г̄о ***смалам*** *п̄ритисокот̄ т̄уку да му г̄о* ***зг̄олемам***. Д. Михајловски, *Избор.*

несв. **ЗГОЛЕМУВА(СЕ) – НАМАЛУВА(СЕ)/СМАЛУВА(СЕ)**
УВЕЛИ́ЧИВАТЬ(СЯ) – УМЕНЬША́ТЬ(СЯ)
ПОВЫША́ТЬ(СЯ) – СНИЖА́ТЬ(СЯ)

Прави да биде поголем (во количина, износ, број, големина); прави да изгледа поголем; увеличува; станува поголем.

Прави да биде помал (во количина, износ, број, големина); прави да изгледа помал; крати; станува помал.

▪ *Ги* ***зго̄лемуваа̄т*** *цените.*
▪ ***Се зго̄лемува*** *интересо̄т.*

▪ *Ги* ***намалуваа̄т*** *цените.*
▪ ***Се намалува*** *интересо̄т.*

Усто̄ремен кон сонцето̄, имаше чувство̄ дека е избраник на судбината... Ту ја ***намалуваше*** *то̄у ја* ***зго̄лемуваше*** *брзината̄ на лето̄т.* Т. Ширилов*, Тимоте̄ј и Лидија.*

св. **ЗГОЛЕМИ(СЕ) – ОПАДНЕ**
УВЕЛИ́ЧИТЬ(СЯ) – УМЕ́НЬШИТЬ(СЯ)
ПОВЫ́СИТЬ(СЯ) – СНИ́ЗИТЬ(СЯ)

Стане поголем, појак, повреден, позначаен.

Стане помал, послаб, помалку вреден, незначаен.

▪ *Го* ***зго̄лемија*** *курсо̄т на евро̄то.*
▪ ***Се зго̄леми*** *посе̄тено̄ста на те̄атар.*

▪ ***Опа̄дна*** *купо̄вната мо́к.*
▪ ***Опа̄дна*** *посе̄тено̄ста на кафулињата.*

несв. **ЗГОЛЕМУВА(СЕ) – ОПАЃА**
УВЕЛИ́ЧИВАТЬ(СЯ) – УМЕНЬША́ТЬ(СЯ)
ПОВЫША́ТЬ(СЯ) – СНИЖА́ТЬ(СЯ)

Станува поголем, појак, повреден, позначаен.

Станува помал, послаб, помалку вреден, незначаен.

▪ *Се* ***зго̄лемува*** *станда̄рдо̄т.*

▪ ***Опа̄ѓа*** *купо̄вната мо́к.*

ЗГОЛЕМУВАЊЕ – ПАД
УВЕЛИЧЕ́НИЕ/ПОВЫШЕ́НИЕ – СНИЖЕ́НИЕ/УПА́ДОК

Подигање на повисок степен; повишување, увеличување.

Паѓање на понизок степен; намалување, снижување.

▪ ***Зго̄лемување*** *на извозо̄т.*
▪ ***Зго̄лемување*** *на квалите̄то̄т.*

▪ ***Пад*** *на извозо̄т.*
▪ ***Пад*** *на квалите̄то̄т.*

ЗГОЛЕМУВАЊЕ – ОПАЃАЊЕ
УВЕЛИЧЕ́НИЕ/ПОВЫШЕ́НИЕ – СНИЖЕ́НИЕ

Повишување, увеличување.

Намалување, снижување.

...многу весници во светот па и кај нас повремено преземаат т.н. тиражни акции за да го спречат ***опаѓањето*** *на тиражот или да предизвикаат негово* ***зголемување****.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

св. **ЗГОЛЕМИ(СЕ) – УБЛАЖИ(СЕ)**
УВЕЛИ́ЧИТЬ(СЯ) – УМЕ́НЬШИТЬ(СЯ)/СМЯГЧИ́ТЬ(СЯ)

Направи да биде поголем, подолготраен, построг; стане поголем, построг.

Направи да биде помал, намали, смекне; стане помал, помек.

▪ *Невработеноста ја* ***зголеми*** *сиромаштијата.*
▪ ***Се зголеми*** *дисциплината.*

▪ *Пријателите му ја* ***ублажија*** *болката.*
▪ ***Се ублажија*** *критериумите.*

несв. **ЗГОЛЕМУВА(СЕ) – УБЛАЖУВА(СЕ)**
УВЕЛИ́ЧИВАТЬ(СЯ) – УМЕНЬША́ТЬ(СЯ)/СМЯГЧА́ТЬ(СЯ)

Прави да биде поголем, подолготраен, построг; станува поголем, построг.

Прави да биде помал, намалува, смекнува; станува помал, помек.

▪ *Невработеноста ја* ***зголемува*** *сиромаштијата.*
▪ ***Се зголемува*** *дисциплината.*

▪ *Пријателите му ја* ***ублажуваат*** *болката.*
▪ ***Се ублажуваат*** *критериумите.*

ЗГОРА – ЗДОЛА
СВЕ́РХУ – СНИ́ЗУ

На површината или на врвот на нешто; одозгора.

Под површината на нешто; одоздола.

▪ ***Згора*** *направи спални, а* ***здола*** *голема и убава дневна соба.*
▪ *Лебот беше* ***згора*** *препечен, а* ***здола*** *жив.*

И што сме биле прости ***здола*** *наспроти што се местиме* ***згора****.* Д. Солев*, Црно огледало.*

св. **ЗГРБАВИ СЕ – ИСПРАВИ СЕ**
ССУТУ́ЛИТЬСЯ – ВЫ́ПРЯМИТЬСЯ

Стане грбав.

▪ *На старост* ***се згрбави****.*

Заземе вертикална положба.

▪ ***Исправи се****, не оди згрбавено.*

несв. **ЗГРБАВУВА СЕ – ИСПРАВА СЕ**
СУТУ́ЛИТЬСЯ – ВЫПРЯМЛЯ́ТЬСЯ

Станува грбав.

▪ *Не* ***се згрбавува****.*

Зазема вертикална положба.

▪ ***Се исправа*** *кога оди.*

св. **ЗДИПЛИ – РАЗДИПЛИ**
СЛОЖИ́ТЬ – РАЗВЕРНУ́ТЬ

Превитка, свитка на дипли (обично ткаенина, облека).

▪ *Го* ***здипли*** *чаршафот.*

Развитка нешто свиткано на дипли (ткаенина, облека).

▪ ***Раздипли*** *го, да го видиме.*

Тој посегна во тагарчикот и оттаму ја извади дулбијата-дипленица, ја ***раздипли*** *и ја насочи кон портата на аноѓ... Денко ја* ***здипли*** *дулбијата, ја врати назад во тагарчикот...* В. Урошевиќ, *Невестата на змејот.*

ЗДРАВ – БОЛЕН
ЗДОРО́ВЫЙ – БОЛЬНО́Й

Кој нема болест или телесни и душевни маки; кој е со нормални витални функции.

Кој боледува; има телесни или душевни маки.

Човек да ме прашаше вчера, во никој случај не ќе можев да му речам дека, еве, веќе денеска ќе сум останат без неа. Не да не беше ***болна****. Та зар сум јас* ***здрав****?* М. Јовановски, *Патот до осаматa;*

И порачаа да одам в џандармерија. Рекле: ***болен****,* ***здрав****, можел, не можел, - да дојде. Ако треба и со лазење ќе дојде.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

Сум прележал докрајпат ни ***здрав*** *ни* ***болен****, ми носеле доктури, ме чепкале, ме штуреле, под мишка нешто ми клавале, јазикот ми го тегнеле, ама ништо не ми нашле, ме оставиле свиен в постела.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос;*

Здравиот *човек сака илјада работи, но* ***болниот*** *само една. Само едното здравје го сака* ***болниот*** *човек.* П.М. Андреевски, *Последните селани.*

ЗДРАВЈЕ – БОЛЕСТ
ЗДОРО́ВЬЕ – БОЛЕ́ЗНЬ

Состојба на правилно, нормално функционирање на организмот.

▪ ***Здравјето*** *треба да се чува.*

Состојба на нарушено финкционирање на на организмот.

▪ *Има разни* ***болести*** *по светот.*

...разликата меѓу исламот и христијанството, меѓу ***здравјето*** *и* ***болеста****, меѓу животот и смртта, ако сакаш, ти е колку луша кромид.* Д. Михајловски, *Колумни.*

ЗДРАВ – НЕЗДРАВ
ЗДОРО́ВЫЙ – НЕЗДОРО́ВЫЙ

1. Што има добро физичко и душевно здравје; кој покажува здравје; 2. Корисен за здравје; 3. Нормален, правилен.

▪ ***Здрав*** *човек.*
▪ ***Здрава*** *храна.*

1. Што нема добро физичко и душевно здравје; кој не покажува здравје; 2. Штетен за здравје; 3. Ненормален, неправилен.

▪ ***Нездрав*** *човек.*
▪ ***Нездрава*** *храна.*

ЗДРАВ – СКИНАТ
ЦЕ́ЛЫЙ – РВА́НЫЙ/РАЗО́РВАННЫЙ

Цел, неоштетен.

▫ ***Здрава*** *облека.*

Што има дупки или скинатици.

▪ ***Скината*** *облека.*

ЗДРАВ – СКРШЕН
ЦЕ́ЛЫЙ – РАЗБИ́ТЫЙ/ПОВРЕЖДЁННЫЙ

Цел, неповреден, неоштетен.

▫ ***Здрава*** *чаша.*

Што е оштетен или расипан, што не е цел.

▪ ***Скршена*** *чаша.*

ЗДРАВО – ДО ГЛЕДАЊЕ
ПРИВЕ́Т – ДО СВИДА́НИЯ/ПОКА́

За изразување добри желби при средба или при заминување.

▪ ***Здраво****, како си?*

Поздрав што се употребува при заминување.

▪ ***До гледање****. Ќе се видиме пак.*

ЗДРАВО – ПРИЈАТНО
ПРИВЕ́Т – ВСЕГО́ ХОРО́ШЕГО/ПРОЩА́Й

За изразување добри желби при средба или при заминување.

▪ ***Здраво,*** *колега!*

Поздрав што се употребува при заминување.

▪ ***Пријатно!***

несв. **ЗЕМА – ВРАЌА**
БРАТЬ – ОТДАВА́ТЬ

Прима со некаква цел, под некакви услови; позајмува.

▪ ***Земам*** *книги од библиотека.*

Дава назад нешто земено, позајмено.

▪ *Ги* ***враќам*** *книгите навреме.*

св. **ЗЕМЕ – ВРАТИ**
ВЗЯТЬ – ОТДА́ТЬ

Прими со некаква цел, под некакви услови; позајми.

▪ ***Зедов*** *пари од другарка ми.*

Даде назад нешто земено, позајмено.

▪ *Го* ***вратив*** *долгот.*

ЗЕМЈА – НЕБО
ЗЕМЛЯ́ – НЕ́БО

Планета; горниот слој на кората на почвата; простор за живеење.

Воздушен простор над земјата; *во религ.* простор за живеење по смртта.

*Се затвори **небото**, се смеша со **земјата**. Не се гледа ни поле ни планина. И снегот нè превртува.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

*Еден сунизок старец од соседството... што тој час поминуваше оттаму, и довикна загрижено: „Девојко, зошто седиш на **земјата**?“ „Затоа што не можам да седнам на **небото**“, му одговори весело таа...* Т. Ширилов, *Тимотеј и Лидија;*

*Ех,- воздивна, - живот кучешки, брату, и на **небото** ти правеле како и на **земјата**!* Ж. Чинго, *Накусо;*

*Детето не се плаши дека ќе умре тоа; детето е загрижено и уплашено за сè што е **земја** и **небо**.* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

ЗЕМЕН/ЗЕМСКИ – НЕБЕСКИ/НЕБЕСЕН
ЗЕМНÓЙ – НЕБЕ́СНЫЙ

1. Што се однесува на земјата; 2. На човечкиот живот на земјата.

▪ ***Земна** површина.*

1. Што се однесува на небото; 2. На човечкиот живот по смртта.

▪ ***Небесни** тела.*

*Кумирите ти го шират, крепат, **земското**, минливо царство а мојот цар ти го покажува патот кон **небесното,** вечно царство кое не е надвор од тебе туку се наоѓа внатре во тебе, во твојата свест која токму заради **земската** слава и суета ти е затемнета.* Д. Михајловски, *Избор.*

ЗИМА – ЛЕТО
ЗИМÁ – ЛÉТО

Најладното годишно време што доаѓа по есента.

▪ *Минатата **зима** беше многу ладна.*

Најтоплото годишно време што доаѓа по пролетта.

▪ ***Летото** го поминавме на море.*

*Простете, ви се молам, што еве веќе два дена сме влезени во **летото** а јас недовешно ве враќам во изминатата **зима**...* Д. Михајловски, *Колумни.*

ЗИМЕ – ЛЕТЕ
ЗИМÓЙ – ЛÉТОМ

Во зима, преку зима, во текот на зима.

Во лето, преку лето, во текот на лето.

*... нашиве жени тогаш и уште долго потоа, сè уште носеа шајакна облека и **лете** и **зиме**, едни дебели шегуни дури до колена, оградени само со градиве каде што женине носеа шарени кадифени крпи, а мајките оттаму ги вадеа боските кога ги цицаа доенчињата.* М. Фотев, *Потомците на Кат;*

*Барале што барале, гласниците се умориле, некои се откажале, некои се вратиле... се испооженеле, се задомиле,... **зиме** си дремеле покрај огнот, **лете**, во некоја ладовина, им раскажувале приказни на внуците.* В. Урошевиќ, *Невестата на змејот.*

ЗИМСКИ – ЛЕТЕН
ЗИ́МНИЙ – ЛЕ́ТНИЙ

Што припаѓа на зима, што е својствен за зима; што е наменет за зима.

Што припаѓа на лето, што е својствен за лето; што е наменет за лето.

*Ти, сонце наше, секогаш си блескало кога небото е ведро, без оглед на тоа дали се наоѓаш во својата **летна** или во својата **зимска** резиденција.* Т. Ширилов, *Тимотеј и Лидија.*

несв. ЗИМУВА – ЛЕТУВА
ОТДЫХА́ТЬ ЗИМО́Й – ОТДЫХА́ТЬ ЛЕ́ТОМ

Ја поминува зимата или дел од зимата надвор од местото на живеење.

Го поминува летото или дел од летото надвор од местото на живеење.

▪ ***Зимува** на Попова Шапка.*

▪ ***Летувам** во Дојран.*

ЗИМУВАЊЕ – ЛЕТУВАЊЕ
ЗИ́МНИЙ О́ТДЫХ – ЛЕ́ТНИЙ О́ТДЫХ

Поминување на зимата во зимски центар; зимски одмор.

Поминување на летото во центар за летување; летен одмор.

▪ *На **зимување** одам ретко.*

▪ *На **летување** одам во јули.*

ЗНАЕН – НЕЗНАЕН
ИЗВЕ́СТНЫЙ – НЕИЗВЕ́СТНЫЙ
ЗНАКО́МЫЙ – НЕЗНАКО́МЫЙ

Познат; што го знаат повеќе лица; славен.

Непознат; што не го знаат; анонимен.

Затоа како и кон другите личности од неговите романи, и кон Борис Тушев сме свртени од аспектот на тој порив ***знаен*** *и* ***незнаен****, кон неговите* ***знајни*** *и* ***незнајни*** *причини и кон сето негово однесување.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Јас и нашиот поп Гогов, кога видовме во каква положба се најдува жената, та јас лично појдов да барам помош, од своите роднини, пријатели Македонци, ***знаени*** *и* ***незнаени****.* Ж. Чинго*, Накусо;*

Самиот со болештини во себе, се лекуваше со ***знаени*** *и* ***незнаени*** *растенија и треви, познавајќи ги по цут и по мирис...* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

ЗНАЕЊЕ – НЕЗНАЕЊЕ
ЗНА́НИЕ – НЕЗНА́НИЕ

Располагање со некакви податоци; информираност; умеење, вештина.

Отсуство на знаење; немање податоци; неинформираност; неумеење, неспособност.

... затоа Ти се молиме Тебе, вечниот и бесмртен Татко на еднородниот твој син и пресветиот Твој дух да го ослободиш од телото на Варвара и успокоение да му дадеш во ***знаење*** *и* ***незнаење*** *да се доближи до твојата благост...* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

ЗРЕЛ – ЗЕЛЕН
ЗРЕ́ЛЫЙ – ЗЕЛЁНЫЙ/НЕ ЗРЕ́ЛЫЙ

1. Узреан, стасан;
2. Потполно развиен физички и умствено;
3. Паметен, искусен.

1. Што не е зрел;
2. Неразвиен потполно (умствено); 3. Глуп, неискусен.

▪ *Крушите се* ***зрели****.*

▪ *Не се јаде* ***зелено*** *овошје.*

▫*Дали и јас, кога бев млад и* ***зелен*** *– се запраша* ***зрелиот*** *поет – бев како него?* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

S

несв. **СИДА – РАЗSИДУВА**
СТРО́ИТЬ – РАЗРУША́ТЬ
СОЗДАВА́ТЬ – УНИЧТОЖА́ТЬ

1. Гради со редење цигли, камен и сл.; прави куќа, зграда; 2. Создава.

1. Руши нешто sидано; 2. Уништува.

Пуштете ѓи, велам, а в ум си мислам: с иба мајка народот, пак се разлоши, се противи. Од една страна ***suga****, од друѓа* ***razsuдува****.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

несв. **СИДА – РУШИ**
СТРО́ИТЬ – РАЗРУША́ТЬ
СОЗДАВА́ТЬ – УНИЧТОЖА́ТЬ

1. Гради со редење цигли, камен и сл.; прави куќа, зграда; 2. Создава.

1. Прави да падне нешто sидано; 2. Уништува.

▪ *Во ѓрадот ѓи* ***рушат*** *старите зѓради и* ***sugaат*** *нови.*

И имаше таму еден мост – коѓа ѓо ***sugале****, кажуваат,* ***се рушел*** *мостот, така, сам од себе, морале мајка со дете да cosugаат внатре, да стои мостот, да крепи.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот.*

И

несв. **ИДЕ(СИ) – ОДИ(СИ)**
ИДТИ́/ПРИХОДИ́ТЬ – ИДТИ́/УХОДИ́ТЬ
Е́ХАТЬ/ПРИЕЗЖА́ТЬ – Е́ХАТЬ/УЕЗЖА́ТЬ

Доаѓа, стигнува, допатува.

▪ ***Иде*** *наваму.*
▪ *Тој* ***си иде*** *рано дома.*
▪ *Тој* ***иде*** *со автобус.*

Заминува, отпатува.

▪ ***Оди*** *натаму.*
▪ ***Одам*** *на факултет.*
▪ ***Си одам*** *со кола.*

▫ *Човекот со плач* ***иди*** *на светов и со плач* ***си оди*** *од светов, рече Дуко Вендија, одејќи рамо израмо со Родена Мегленоски.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

ИЗВЕСНО – НЕИЗВЕСНО
ИЗВЕ́СТНО – НЕИЗВЕ́СТНО

Сигурно, без двоумење; познато, јасно, определено.

▪ ***Извесно*** *е неговото доаѓање.*

Несигурно; непознато, нејасно, неопределено.

▪ ***Неизвесно*** *е неговото заминување.*

св. ИЗВОДЕНИ(СЕ) – ИСУШИ(СЕ)
НАМОЧИ́ТЬ – ВЫ́СУШИТЬ

Направи да биде водено, мокро.

▪ ***Изводени*** *маица.*
▪ *Ми* ***се изводени*** *коса.*

Направи да биде суво.

▪ ***Исуши*** *маица.*
▪ *Ми* ***се исуши*** *коса.*

ИЗВОР – УТОКА
ИСТО́К – У́СТЬЕ

Место каде нешто извира.

Место каде се влева.

Татковите мисли не запираа, патуваа секогаш напред, минуваа нови граници, запираа крај други реки. Продолжуваа неговите мисли кон ***утоките****, а Мајчините кон* ***изворите****...* Л. Старова, *Татковите книги;*

...нормативно се поставува еден модел на двонасочна комуникација во која работните луѓе и граѓаните се во позиција на комуникатори и реципиенти, на ***извор*** *и* ***утока*** *на информациите.* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

ИЗГРАДЕН – СРУШЕН
ПОСТРО́ЕННЫЙ – РАЗРУ́ШЕННЫЙ

Направен со градење; создаден.

▪ ***Изграден*** *е нов театар.*

Паднат на земја; уништен.

▪ *Стариот мост е* ***срушен****.*

ИЗГРАДЕН – НЕИЗГРАДЕН
ОФО́РМЛЕННЫЙ – НЕОФО́РМЛЕННЫЙ
СЛОЖИ́ВШИЙСЯ – НАЧИНА́ЮЩИЙ

Оној кој добил, постигнал, определен, завршен облик

Оној кој не постигнал определен, завршен облик

во својот развој (во професијата во образованието); зрел.

▪ *Тој е **изг̄раден** п̄исат̄ел.*

во својот развој (во професијата, во образованието); незрел.

▪ *Се г̄леда дека е **неизг̄раден** новинар.*

св. **ИЗГРАДИ – РАЗРУШИ**
ПОСТРО́ИТЬ – РАЗРУ́ШИТЬ
СОЗДА́ТЬ – УНИЧТО́ЖИТЬ

Направи, создаде.

▪ ***Изг̄ради** дом.*
▫ ***Изг̄ради** односи.*

Направи да падне; уништи.

▪ ***Разруши** дом.*
▫ ***Разруши** живот̄.*

ИЗГРЕВ – ЗАОД/ЗАЛЕЗ
ВОСХО́Д – ЗАКА́Т

Изгревање на сонце, месечина.

▪ *Го г̄ледам **изг̄ревот̄** на сонцет̄о.*

Заоѓање на сонце, месечина.

▪ *Вчера имаше п̄реубав **залез**.*

*Раиз, човекот̄ со кралско име, врсникот̄ на Бург̄иба, си г̄о заокружил денот̄ со **изг̄ревот̄** и **залезот̄** на сонцет̄о во Карт̄аг̄ина.* Л. Старова*, Амбасади.*

несв. **ИЗГРЕВА – ЗАОЃА**
ВОСХОДИ́ТЬ – ЗАХОДИ́ТЬ

Се појавува над хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцет̄о **изг̄рева** наут̄ро.*

Се губи зад хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцет̄о **заоѓа** навечер.*

св. **ИЗГРЕЕ – ЗАЈДЕ**
ВЗОЙТИ́ – ЗАЙТИ́

Се појави над хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцет̄о **изг̄реа**.*

Се изгуби зад хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцет̄о **зајде.***

ИЗГРЕВАЊЕ – ЗАОЃАЊЕ
ВОСХО́Д – ЗАКА́Т

Појава на сонце, месечина.

▪ *Сонцето беше на* ***изгревање.***

Губење на сонце, месечина.

▪ *На* ***заоѓање*** *сонцето беше црвено.*

ИЗГРЕЈСОНЦЕ – ЗАЈДИСОНЦЕ
ВОСХО́Д – ЗАКА́Т

Појавување на сонцето.

▪ *Станува на* ***изгрејсонце*** *и пие кафе.*

Заоѓање на сонцето.

▪ *Се врати на* ***зајдисонце****.*

ИЗГУБЕН – НАЈДЕН
ПОТЕ́РЯННЫЙ – НА́ЙДЕННЫЙ

Она што е оставено на непознато место од невнимание, од заборав.

Откриено со барање или случајно.

Таа ноќ, на клупата во паркот каде што е ***изгубена*** *и* ***најдена*** *славната тетратка допадливи стихови, Цеко Цветков ги испушта првите и последни солзи радосници.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ИЗЛЕЧИВ – НЕИЗЛЕЧИВ
ИЗЛЕЧИ́МЫЙ – НЕИЗЛЕЧИ́МЫЙ

Што може да се излечи.

▪ *Таа болест е лесно* ***излечива****.*

Што не може да се излечи.

▪ *Боледува од* ***неизлечива*** *болест.*

ИЗМОРЕН – ОДМОРЕН
УСТА́ЛЫЙ – ОТДОХНУ́ВШИЙ

Што се изморил.

▪ *Ќе легнам,* ***изморен*** *сум.*

Што ја повратил силата, свежината; свеж.

▪ ***Одморен*** *сум и подготвен за работа.*

св. **ИЗМОРИ(СЕ) – ОДМОРИ(СЕ)**
УСТА́ТЬ – ОТДОХНУ́ТЬ

Предизвика умор; почувствува умор.

Даде одмор некому со цел да поврати сили; поврати сила со одморање.

▪ *Ги **измори** мајсторите.*
▪ ***Се изморив** од работа.*

▪ *Дај им пауза, **одмори** ги.*
▪ *Седни, **одмори се**.*

св. **ИЗМРСИ – ОДМРСИ/РАЗМРСИ**
ЗАПУ́ТАТЬ – РАСПУ́ТАТЬ

Направи да стане меѓусебно испреплетен; неуредно врзе; заплетка.

Ослободи од замрсена состојба; отплетка.

▪ *Ги **измрси** конците.*

▪ *Ги **размрси** конците.*

ИЗОБИЛСТВО/ИЗОБИЛИЕ – МИЗЕРИЈА
ИЗОБИ́ЛИЕ – НИЩЕТА́

Огромна количина, повеќе од потребното; богатство.

Крајна беда; многу помалку од потребното.

▪ *Живее во **изобилство**.*

▪ *Живее во **мизерија**.*

св. **ИЗРАДУВА(СЕ) – ОГОРЧИ(СЕ)**
ОБРА́ДОВАТЬ(СЯ) – ОГОРЧИ́ТЬ(СЯ)

Исполни со или предизвика радост; развесели; покаже или почувствува радост; развесели се.

Направи да се чувствува огорчен; предизвика горчина; стане огорчен.

▪ *Го **израдував** со честитка.*
▪ ***Се израдува** на книгата.*

▪ *Го **огорчи** со лоша вест.*
▪ ***Се огорчи** кога му кажав дека не доаѓам.*

св. **ИЗРАДУВА(СЕ) – НАЖАЛИ(СЕ)/НАТАЖИ(СЕ)**
ОБРА́ДОВАТЬ(СЯ) – ОПЕЧА́ЛИТЬ(СЯ)

Исполни со радост; развесели; покаже или почувствува радост; развесели се.

Направи да се чувствува тажен; предизвика тага; стане тажен, жален.

▪ *Ме* ***израдува*** *средбата со пријателите.*
▪ *Многу* ***се израдував*** *на подарокот.*

▪ *Ја* ***натажи*** *со твоите зборови.*
▪ ***Се нажали*** *кога си одев.*

ИЗУТРИНА – ВЕЧЕР
У́ТРО – ВЕ́ЧЕР

Рано наутро, утро.

Вечерно време.

Душата му пееше, зар човек тукутака излудува, па од ***изутрина*** *до* ***вечер****, цел ден, да може храбро да остане на едно такво место*. Ж. Чинго, *Големата вода.*

ИЗУТРИНА – НАВЕЧЕР
У́ТРОМ – ВЕ́ЧЕРОМ

Рано наутро, наутро.

Вечерно време; навечер.

Мајо Черѓарот во нашиот крај доаѓаше секоја пролет, ќе ја намести черѓата крај воденицата на Видевци, или долу, пред водениците на Гредовци и правеше кошници...: обично тој Циганин доаѓаше ***навечер*** *и* ***изутрина*** *селаните ќе го видеа како се намести под сенката, седнат на две-три перници, пуши и плете...* М. Фотев, *Потомците на Кат.*

несв. **ИМА – НЕМА**
ЕСТЬ – НЕТ

1. Поседува; сопственик е на нешто; 2. Се појавува.

1. Не поседува; не е сопственик на ништо; 2. Не се појавува.

Абе, ти ко да фрли камен на нас? Те нема, те ***нема****, и пак те* ***нема****, а кога те* ***има*** *врвиш ко покрај турски гробишта. Шо си се дигнал толку?* Д. Михајловски, *Избор;*

Богат не е оној што ***има*** *пари, вели, туку тој што* ***нема*** *сиромашна душа*. П.М. Андреевски, *Пиреј;*

... а францускиот војник ќе ти дадеше сè што ***имаше*** *и што* ***немаше****, што се вели, само да можеше да добие парче топол, џенкарен церепнарник...* М. Фотев, *Потомците на Кат;*

Има *сили за ситe желби на светов, а* ***нема*** *никој да го види таков – готов повеќе да се даде, одошто сам да земе*. Д. Солев, *Црно огледало.*

ИМАШЛИВ – НЕМАШЛИВ
ИМУ́ЩИЙ – НЕИМУ́ЩИЙ

Кој има свој имот; доволно богат.

Кој нема доволно; сиромашен.

▪ *Од сите браќа само тој беше **имашлив**, другите беа **немашливи**.*

ИНТЕРЕСЕН – НЕИНТЕРЕСЕН
ИНТЕРЕ́СНЫЙ – НЕИНТЕРЕ́СНЫЙ

Што предизвикува интерес; пријатен; забавен.

Што предизвикува досада; досаден.

▪ ***Интересно** момче.*
▪ ***Интересно** место.*

▪ ***Неинтересно** момче.*
▪ ***Неинтересно** место.*

ИНТЕРЕСЕН – ЗДОДЕВЕН/ДОСАДЕН
ИНТЕРЕ́СНЫЙ – СКУ́ЧНЫЙ

Што предизвикува интерес; пријатен; забавен.

Што предизвикува досада; неинтересен.

▪ ***Интересна** книга.*
▪ ***Интересен** соговорник.*

▪ ***Здодевна** книга.*
▪ ***Здодевен** соговорник.*

ИНТЕРЕСНО – ЗДОДЕВНО/ДОСАДНО
ИНТЕРЕ́СНО/ЗАНИМА́ТЕЛЬНО – СКУ́ЧНО/НАДОЕ́ДЛИВО

На интересен начин; забавно.

На здодевен начин; неинтересно.

▪ *Предава **интересно**.*

▪ *Предава **здодевно**.*

ИСКРЕН – НЕИСКРЕН
И́СКРЕННИЙ – НЕИ́СКРЕННИЙ

Кој го изразува она што го мисли и го чувствува; кој не се преправа, отворен.

Кој не го изразува она што го мисли и го чувствува; кој се преправа.

▪ ***Искрен** одговор.*
▪ ***Искрен** другар.*

▪ ***Неискрен** одговор.*
▪ ***Неискрен** другар.*

ИСКРЕНО – НЕИСКРЕНО
И́СКРЕННО – НЕЙСКРЕННО

На искрен начин;
отворено.

- ***Искрено*** *зборува.*
- ***Искрено*** *постапува.*

На неискрен начин;
лажливо.

- ***Неискрено*** *зборува.*
- ***Неискрено*** *постапува.*

ИСКРЕНОСТ – НЕИСКРЕНОСТ
И́СКРЕННОСТЬ – НЕЙСКРЕННОСТЬ

Својство на оној што
е искрен.

- ***Искреноста*** *не е секогаш добра.*

Својство на оној што
не е искрен.

- ***Неискреноста*** *се забележува.*

св. ИСКРИВИ(СЕ) – ИСПРАВИ(СЕ)
ИСКРИВИ́ТЬ(СЯ)/ИЗОГНУ́ТЬ(СЯ)/СОГНУ́ТЬ(СЯ) – ВЫ́ПРЯМИТЬ(СЯ)

Направи да биде крив,
кос, свиткан; свитка се.

- *Го* ***искриви*** *судот.*
- ***Се искриви*** *од седење пред компјутер.*

Направи да биде
прав, исправен; заземе
вертикална положба.

- *Го* ***исправи*** *судот.*
- ***Исправи се****, не оди згрбавен!*

несв. ИСКРИВУВА(СЕ) – ИСПРАВА(СЕ)
ИЗГИБА́ТЬ(СЯ) – ВЫПРЯМЛЯ́ТЬ(СЯ)

Прави да биде крив, кос,
свиткан; свиткува се.

- *Го* ***искривува*** *судот.*
- ***Се искривува*** *од седење пред компјутер.*

Прави да биде
исправен, прав; зазема
вертикална положба.

- *Го* ***исправа*** *судот.*
- ***Исправај се****, не оди згрбавен!*

ИСКУСЕН – НЕИСКУСЕН
О́ПЫТНЫЙ – НЕО́ПЫТНЫЙ

Кој има големо искуство;
кој има знаење, вештина
стекнати со пракса.

Кој е без или нема доволно
искуство; кој нема знаење,
вештина стекнати со пракса.

▪ *Тој е* ***искусен*** *го̄тва̄ч.*
▪ *Таа е* ***искусна*** *во рабо̄та̄та.*

▪ *Тој е* ***неискусен*** *го̄тва̄ч.*
▪ *Таа е* ***неискусна*** *во рабо̄та̄та.*

ИСПРАВЕН – ДЕФЕКТЕН
ИСПРА́ВНЫЙ/ГО́ДНЫЙ – ДЕФЕ́КТНЫЙ/НЕГО́ДНЫЙ

Што работи, функционира, што не е оштетен, што е без недостаток.

Што не работи, не функционира, што е оштетен, што има недостаток.

▪ *Пе̄гла̄та е* ***испра̄вна.***

▪ *Пе̄гла̄та е* ***дефе̄кта̄н.***

ИСПРАВЕН – РАСИПАН
ИСПРА́ВНЫЙ – ИСПО́РЧЕННЫЙ

Што работи, функционира, што не е оштетен, што е без недостаток.

Што не работи, не функционира, што е оштетен, што има недостаток.

▪ *Фрижидеро̄т е* ***испра̄вен****.*

▪ *Фрижидеро̄т е* ***расипан****.*

ИСПРАВЕН – НЕИСПРАВЕН
ИСПРА́ВНЫЙ – НЕИСПРА́ВНЫЙ
ПРА́ВИЛЬНЫЙ – НЕПРА́ВИЛЬНЫЙ

1. Што работи, функционира, што не е оштетен, што е без недостаток; 2. Коректен, правилен.

1. Што не работи, не функционира, што е оштетен, што има недостаток; 2. Неправилен, некоректен.

▪ *Кола̄та е* ***испра̄вна.***
▪ *Донесе* ***испра̄вна*** *одлука.*

▪ *Кола̄та е* ***неиспра̄вна.***
▪ *Донесе* ***неиспра̄вна*** *одлука.*

ИСПРАВНО – НЕИСПРАВНО
ПРА́ВИЛЬНО/ТО́ЧНО – НЕПРА́ВИЛЬНО/НЕТО́ЧНО

На исправен начин, како што треба.

На неисправен начин, како што не треба.

▪ ***Испра̄вно*** *по̄ста̄пува.*
▪ ***Испра̄вно*** *ја реши задача̄та.*

▪ ***Неиспра̄вно*** *по̄ста̄пува.*
▪ ***Неиспра̄вно*** *ја реши задача̄та.*

ИСПРАВНОСТ – НЕИСПРАВНОСТ
ИСПРА́ВНОСТЬ – НЕИСПРА́ВНОСТЬ

Особина на она што е исправно.	Особина на она што е неисправно.
▪ *Дава гаранција за **исправност**.*	▪ *Прави рекламација за **неисправност**.*

св. **ИСПРАТИ – ДОБИЕ**
ПОСЛА́ТЬ/ОТПРА́ВИТЬ – ПОЛУЧИ́ТЬ

Прати некому нешто преку посредник; по пошта; преку друго лице.	Земе, прими нешто преку посредник; по пошта; преку друго лице.
▪ ***Испрати** писмо.*	▪ ***Добие** писмо.*

несв. **ИСПРАЌА – ДОБИВА**
ПОСЫЛА́ТЬ/ОТПРАВЛЯ́ТЬ – ПОЛУЧА́ТЬ

Праќа некому нешто преку посредник; по пошта; преку друго лице.	Зема, да прима нешто преку посредник; по пошта; преку друго лице.
▪ ***Испраќа** пакет.*	▪ ***Добива** пакет.*

ИСПРАЌАЧ – ПРИМАЧ/ПРИМАТЕЛ
ОТПРАВИ́ТЕЛЬ – ПОЛУЧА́ТЕЛЬ

Лице што испраќа нешто (писмо, пратка, информација).	Лице што прима нешто (писмо, пратка, информација).
▪ *Адреса на **испраќачот**.*	▪ *Адреса на **примачот**.*

*Од гледна точка на намерата (од страна на **испраќачот**) или ефектот (од страна на **примачот**) најчесто се изделуваат три функции понекогаш нарекувани основни или примарни: информативна, воспитна... и забавна.* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

несв. **ИСПУШТА – КРЕВА**
РОНЯ́ТЬ – ПОДНИМА́ТЬ

Дозволува нешто да паѓа од рака, несакајќи.	Зема, подига нешто испуштено, паднато.
▪ *Го **испушта** пенкалото.*	▪ *Го **крева** пенкалото.*

св. **ИСПУШТИ – КРЕНЕ**
УРОНИ́ТЬ – ПОДНЯ́ТЬ

Дозволи нешто да падне од рака, несакајќи.

▪ *Ја **испуштив** запалката.*

Земе, подигне нешто испуштено, паднато.

▪ *Ја **кренав** запалката.*

ИСТ – ПОИНАКОВ
ТАКО́Й ЖЕ – ИНО́Й

Што не е поинаков; еднаков, идентичен.

▪ *Ти сакаш **иста** блуза како мојата.*

Што не е ист; различен.

▪ *Ти сакаш **поинаква** блуза од мојата.*

„Да. И видов и научив“.
„Што?“
*„Дека светот е **поинаков**, животот е **ист**“.* Д. Солев*, Мртва трка.*

ИСТ – РАЗЛИЧЕН
ОДИНА́КОВЫЙ – РАЗЛИ́ЧНЫЙ

Што не е различен; еднаков, идентичен.

▪ *Ние сме **исти** по карактер.*

Што не е ист; нееднаков; разновиден.

▪ *Ние сме **различни** по карактер.*

*Треба да знаеш дека бог е **ист** за сите и во сите, а **различните** вери се само различни патишта за стигање до тој еден ист бог во сите нас.* Д. Михајловски*, Избор;*

*... **истото** гласило во **различни** временски периоди може да се класифицира на различни позиции во системот на печатот.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ИСТОК – ЗАПАД
ВОСТО́К – ЗА́ПАД

1. Една од четирите страни на светот, спротивна на запад; 2. Дел од хоризонтот откаде изгрева сонцето; 3. Земји и народи во источниот дел на земјата.

1. Една од четирите страни на светот, спротивна на исток; 2. Дел од хоризонтот од каде заоѓа сонцето; 3. Земји и народи Западна Европа.

*На **исток**-реки, на **запад**-езера, на север-планини, на југ-широко море.* Х. Крстевски, *Раскази од Равен;*

*А само едно џаде што се продолжува кон **запад** и **исток** – и ништо повеќе.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен;*

*Попусто Кипријан, загледан во светлите нокни точки од север до југ и од **исток** до **запад**, претскажуваше богат род и ситост.* С. Јаневски, *Кучешко распетие.*

ИСТОЧЕН – ЗАПАДЕН
ВОСТО́ЧНЫЙ – ЗА́ПАДНЫЙ

1. Што се однесува на исток; 2. Свртен кон исток; 3. Што доаѓа, потекнува од исток.

1. Што се однесува на запад; 2. Свртен кон запад; 3. Што доаѓа, потекнува од запад.

***Источните** заминуваат на исток, **западните** на запад, северните на север, а јужните на југ.* Х. Крстевски, *Раскази од Равен;*

*И обајцата беа пленици на по еден голем, неостварлив сон. Татко ми на **источниот**, К.К. на **западниот** сон.* Л. Старова, *Татковите книги.*

ИСТОЧНО – ЗАПАДНО
НА ВОСТО́К(Е) – НА ЗА́ПАД(Е)

На исток; кон исток.

▪ *Ние се наоѓаме **источно** од Скопје.*
▪ *Одиме **источно**.*

На запад; кон запад.

▪ *Ние сме **западно** од Матка.*
▪ *Одиме **западно**.*

*Каде, прашуваше, прием, повторуваше, **источно** или **западно**? И потоа даваше команди...* П. М. Андреевски, *Последните селани.*

ИСТОРИЈА – СЕГАШНОСТ
ИСТО́РИЯ – НАСТОЯ́ЩЕЕ

Минатото во целина; минати настани што се однесуваат на определен народ, земја итн.

Денешно време; денешница.

*Иронијата на студентот предметниот наставник ја нарече „страшна вистина“ за односот на уште пострашните денешни млади луѓе кон сопствената **историја**, заборавајќи, притоа, дека на тие млади луѓе, пред сè им треба сопствена **сегашност**.* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

ИСТОРОДЕН – РАЗНОРОДЕН
ОДНОРО́ДНЫЙ – РАЗНОРО́ДНЫЙ

Составен од делови од ист вид; хомоген.

▪ ***Истородни*** *предмети.*

Различен по природа или по состав; хетероген.

▪ ***Разнородни*** *предмети.*

ИТАНИЦА – ЈАВАШ *разг.*
ВТОРОПЯ́Х – НЕСПЕША́

Итајќи, брзајќи; со брзање.

▪ *Јаде* ***итаница.***

Не брзајќи, без брзање.

▪ *Не брзај,* ***јаваш.***

ИТАР – БУДАЛА
СООБРАЗИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕСООБРАЗИ́ТЕЛЬНЫЙ
СМЕКА́ЛИСТЫЙ – ДУРА́К

Што е паметен, интелигентен; остроумен, досетлив, снаодлив.

▪ *Тој е многу* ***итар****.*

Глупав човек; умствено ограничен.

▪ *Тој е тотална* ***будала.***

ИТАР – ГЛУПАВ/ГЛУП
СООБРАЗИ́ТЕЛЬНЫЙ – ГЛУ́ПЫЙ

Што е паметен, интелигентен; остроумен, досетлив, снаодлив.

▪ ***Итар*** *човек секаде се снаоѓа.*

Што не е паметен; што е умствено ограничен.

▪ ***Глупав*** *човек не може да се снајде никаде.*

ИТРЕЦ – БУДАЛА
ХИТРЕ́Ц – ДУРА́К

Итро или лукаво лице.

Умствено ограничено лице.

Од нив не се ни подобри ни полоши ***будалиште****, ниже како тебе. Мислиш дека си* ***итрец****, нели?* С. Јаневски*, Кучешко распеание.*

J

ЈАВЕН – ТАЕН
Я́ВНЫЙ/ОТКРЫ́ТЫЙ – ТА́ЙНЫЙ/СКРЫ́ТЫЙ

Отворен, познат; што е достапен за сите; наменет за сите.

- ***Јавно*** *гласање.*
- ***Јавен*** *документ.*
- ***Јавен*** *непријател.*

Затворен, непознат; што е достапен за малкумина; што не е наменет за сите.

- ***Тајно*** *гласање.*
- ***Таен*** *документ.*
- ***Таен*** *непријател.*

Спротивно на вештината на прикривање и на ***тајното****, концептот на* ***јавното*** *мислење повикуваше на отвореност која мора да обезбеди прегледност на целите.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ЈАВНО – ТАЈНО
Я́ВНО/ОТКРЫ́ТО – ТА́ЙНО/СЕКРЕ́ТНО

На јавен начин; отворено.

- ***Јавно*** *кажува дека краде.*

На таен начин; скришно.

- ***Тајно*** *го кројат планот.*

ЈАВЕН – ЗАТВОРЕН
Я́ВНЫЙ – СКРЫ́ТЫЙ

Отворен; оној што е достапен за сите; наменет за сите.

- ***Јавна*** *седница.*
- *Хотел од* ***јавен*** *тип.*

Што е достапен за тесен круг лица; што не е наменет за сите.

- ***Затворена*** *седница.*
- *Хотел од* ***затворен*** *тип.*

ЈАВЕН – ПРИВАТЕН
ОБЩЕ́СТВЕННЫЙ – ЧА́СТНЫЙ

Што се однесува, што ѝ припаѓа на целата општествена заедница.

- ***Јавно*** *претпријатие.*

Што се однесува, што му припаѓа на одредено лице, семејство, група.

- ***Приватно*** *претпријатие.*

Информациско-комуникацискиот систем во Република Македонија (од 1991г.) може да се структурира ... и според други крите-

риуми (на пример, според сопственоста или наменатa на медиумите: ***приватни****, државни,* ***јавен*** *сервис, комерцијални радио и ТВ станици).* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ЈАВНО – ПРИВАТНО
ОБЩЕ́СТВЕННО – ЧА́СТНО/ЛИ́ЧНО

Што се однесува, што и́ припаѓа на целата општествена заедница.

Што се однесува, што му припаѓа на одредено лице, семејство, група.

...слично како на некогашните партиски состаноци на кои ***приватното****, често, стануваше* ***јавно*** *и обратно,* ***јавното*** *требаше да се усвои како* ***приватно****, како дел на личноста, сè во функција на општиот интерес.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ЈАВЕН – (С)КРИШЕН
Я́ВНЫЙ/ОТКРЫ́ТЫЙ – ТА́ЙНЫЙ/СКРЫ́ТЫЙ

Отворен, познат; што е достапен за сите; наменет за сите.

- ***Јавна*** *средба.*
- ***Јавна*** *љубов.*
- ***Јавно*** *место.*

Затворен, таен; што е достапен за малкумина; што не е наменет за сите.

- ***Скришна*** *средба.*
- ***Скришна*** *љубов.*
- ***Скришно*** *место.*

ЈАВНО – (С)КРИШУМ
Я́ВНО/ПУБЛИ́ЧНО – ТАЙКО́М

Отворено, нескриено; пред други, пред сите.

- ***Јавно*** *зборуваат.*
- ***Јавно*** *се бакнуваат.*

На скришен начин; скриено од други.

- ***Скришум*** *оговараат.*
- ***Скришум*** *се бакнуваат.*

Мајка ѝ пак, отиде уште подалеку. Каде ***потскришум****, каде* ***јавно****, почна да му праќа преку Тода на Крлето секој ден, секој друг ден нешто за јадење, му прати чорапи, гаќи, фанела...* С. Попов*, Крпен живот.*

несв. **ЈАВУВА СЕ – ГУБИ СЕ**
ПОЯВЛЯ́ТЬСЯ – ИСЧЕЗА́ТЬ

Јавува се, станува очигледен; покажува се, искрснува.

Исчезнува; излегува од видното поле.

- *Наутро* ***се јавува****, а потоа* ***се губи****, го нема цел ден.*

Има луѓе што ***се јавуваат*** *ко ветар, а* ***се губат*** *ко вода. Сега, да речеме, е овде, ама дури да ви кажам, тој веќе си отишол...*П. М. Андреевски, *Последните селани;*

Луѓето ***се јавуваа*** *и* ***се губеа*** *како сенки, како некој лош ветар да ги гонеше, бегаа, не се знаеше, каде и зошто одеа.* Ж. Чинго, *Накусо.*

ЈАДАР – СИТЕН
КРУ́ПНЫЙ – МЕ́ЛКИЙ

Голем, крупен, масивен.

Мал по големина, висина, по обем, по раст.

▪ ***Јадра*** *мома.*
▪ ***Јадри*** *патлицани.*

▪ ***Ситна*** *мома.*
▪ ***Ситни*** *патлицани.*

ЈАК – СЛАБ
КРЕ́ПКИЙ/СИ́ЛЬНЫЙ – СЛА́БЫЙ

Кој се истакнува со голема физичка снага; силен; издржлив, отпорен; духовно силен, цврст.

Што не се истакнува со физичка снага; немоќен, неиздржлив, неотпорен; духовно лабилен.

▪ *Тој е* ***јак****, ќе издржи.*
▪ *Колата има* ***јак*** *мотор.*
▪ *Тој има* ***јака*** *волја за учење.*

▪ *Тој е* ***слаб*** *нема да издржи.*
▪ *Колата има* ***слаб*** *мотор.*
▪ *Тој има* ***слаба*** *волја за учење.*

ЈАСЕН – НЕЈАСЕН
Я́СНЫЙ/ПОНЯ́ТНЫЙ – НЕЯ́СНЫЙ/НЕПОНЯ́ТНЫЙ
СВЕ́ТЛЫЙ – ХМУ́РЫЙ

1. Одреден; чист,
2. Безоблачен; 3. Читлив; разбирлив, сфатлив.

2. Неодреден; 2. Матен, маглив; 3. Нечитлив; неразбирлив, несфатлив.

▪ ***Јасен*** *одговор.*
▪ ***Јасен*** *ракопис.*

▪ ***Нејасен*** *одговор.*
▪ ***Нејасен*** *ракопис.*

ЈАСНО – НЕЈАСНО
Я́СНО – НЕЯ́СНО

На јасен начин; одредено; сфатливо, разбирливо.

На нејасен начин; неодредено; несфатливо, неразбирливо.

▪ *Зборува* ***јасно.***
▪ *Мене ми е* ***јасно.***

▪ *Зборува* ***нејасно.***
▪ *Мене ми е* ***нејасно.***

Пишува ли нешто над портата? Пишува ***нејасно****, па* ***јасно****, и пак* ***нејасно****, но да се задржува човек е сомнително, покажуваш дека си новак, дојденец, туку ќе те вчапи некој за јаката и темната ќе те земе.* О. Николова*, Вежби за Ибн Пајко.*

ЈАСНОСТ – НЕЈАСНОСТ
ЯСНОСТЬ – НЕЯСНОСТЬ

Особина на она што е јасно.

Особина на она што не е јасно.

▪ ***Јасноста*** *на секој збор во договорот е многу важна.*
▪ ***Нејасностите*** *предизвикуваат различни толкувања.*

ЈАСЕН – МРАЧЕН
СО́ЛНЕЧНЫЙ/Я́РКИЙ/СВЕ́ТЛЫЙ – ХМУ́РЫЙ/ТУ́СКЛЫЙ

Кој сјае, блеска; светол, сјаен; што не е мрачен; бистар, прозрачен; отворен.

Кој нема сјај; темен; матен; маглив, облачен; затворен, нејасен.

▪ ***Јасно*** *небо.*
▫ ***Јасен*** *поглед.*

▪ ***Мрачно*** *небо.*
▫ ***Мрачен*** *поглед.*

ЈАСЕН – МАГЛИВ/МАГЛОВИТ
Я́СНЫЙ/СВЕ́ТЛЫЙ – ПА́СМУРНЫЙ
БЕЗО́БЛАЧНЫЙ – О́БЛАЧНЫЙ

Бистар, светол; безоблачен; определен.

Полн со магла; матен, нејасен.

▪ ***Јасно*** *време.*
▫ ***Јасно*** *секавање.*

▪ ***Магливо*** *време.*
▫ ***Магловито*** *секавање.*

ЈАСНОСТ – МАГЛИВОСТ/МАГЛОВИТОСТ
Я́СНОСТЬ – ТУМА́ННОСТЬ

Особина или состојба на она што е јасно.

Особина или состојба на она што е магливо.

▪ *Треба да има* ***јасност*** *и прецизност во дефинициите, а не* ***магливост*** *и недореченост.*

ЈАСЕН – НЕРАЗБИРЛИВ
Я́СНЫЙ – НЕЯ́СНЫЙ/НЕПОНЯ́ТНЫЙ

Разбирлив, сфатлив, недвосмислен.

▪ ***Јасна*** *дефиниција.*

Тежок, нејасен, несфатлив.

▪ ***Неразбирлива*** *лекција.*

ЈАСЕН – КОНФУЗЕН
Я́СНЫЙ/ПОНЯ́ТНЫЙ – НЕЯ́СНЫЙ/НЕПОНЯ́ТНЫЙ

Способен јасно да размислува, да се изкажува; разбирлив, сфатлив, недвосмислен.

▪ ***Јасно*** *излагање.*

Неспособен јасно да размислува, да се искажува; нејасен, неразбирлив; збркан, збунет.

▪ ***Конфузно*** *излагање.*

ЈАСНО – КОНФУЗНО
Я́СНО – НЕЯ́СНО/СМУЩЁННО

На јасен начин, разбирливо.

▪ *Зборува* ***јасно*** *и разбирливо.*

На конфузен начин, збркано.

▪ *Зборува* ***конфузно*** *и збркано.*

К

КАНЕТ – НЕКАНЕТ
ЗВА́НЫЙ – НЕЗВА́НЫЙ

Оној што е повикан некаде, што му е понудено да дојде.

▪ ***Канет*** *сум на свадба.*

Оној што не е повикан, не му е понудено да дојде.

▪ *На слава се оди* ***неканет.***

Го нема нашиот Равен надалеку, повтараа покајно равенчаните-повратници, надвикувајќи ги сеченитe, подсеченитe и ситe ***канети*** *и* ***неканети*** *гости.* Х. Крстевски, *Раскази од Равен.*

св. **КАЧИ(СЕ) – СИМНЕ(СЕ)**
ПОДНЯ́ТЬ(СЯ)/ПОСАДИ́ТЬ – СНЯТЬ/СПУСТИ́ТЬ(СЯ)
СЕСТЬ – ВЫ́САДИТЬ/СОЙТИ́

1. Стави на повисоко место; премести се на повисоко место; 2. Прими некого, нешто во превозно средство; влезе во возило; 3. Зголеми цена; зголеми се (цена, температура и сл.).

▪ *Ги* ***качи*** *книгите на полица.*
▫ ***Се качи*** *платата.*
▪ *Го* ***качи*** *синот во кола.*
▪ ***Се качив*** *во такси.*

1. Стави на пониско место; премести се на пониско место; 2. Застане и дозволи да излезе од превозно средство; излезе од возило; 3. Намали цена; намали се (температура, цена и сл.).

▪ *Ги* ***симна*** *книгите од полица.*
▫ ***Се симна*** *платата.*
▪ *Го* ***симнав*** *синот од кола.*
▪ *Се* ***симна*** *од такси..*

Сега по сокакот, како сронет камен, ќе ***се симне*** *некој од градот, од неговата чаршија, уште никој не* ***се искачува*** *за да ја донесе смислата на неговата врева.* Д. Солев*, Црно огледало.*

несв. **КАЧУВА(СЕ) – СИМНУВА (СЕ)**
ПОДНИМА́ТЬ(СЯ)/САЖА́ТЬ – СНИМА́ТЬ/СПУСКА́ТЬ(СЯ)
САДИ́ТЬ(СЯ) – ВЫСА́ЖИВАТЬ/ВЫХОДИ́ТЬ

1. Става на повисоко место; преместува се на повисоко место; 2. Прима некого, нешто во превозно средство; влегува во возило; 3. Зголемува цена; зголемува се (цена, температура и сл.).

▪ *Ги* ***качува*** *книгите на полица.*
▫ *Ги* ***качува*** *цените.*
▪ *Го* ***качува*** *синот во кола.*
▪ ***Се качува*** *во такси.*

1. Става на пониско место; преместува се на пониско место; 2. Застанува и дозволува да излезе од превозно средство; излегува од возило; 3. Намалува цена; намалува се (температура, цена и сл.).

▪ *Ги* ***симнува*** *книгите од полица.*
▫ *Ги* ***симнува*** *цените.*
▪ *Го* ***симнува*** *синот од кола.*
▪ ***Се симнува*** *од такси.*

Тоа тренчето да ти биде брзо како куршум, нè меткаше де во некое долинче, де низ некои дупки, нè ***симнуваше****, нè* ***качуваше*** *и не нè оставаше да се надочудиме а камоли малку да си ги удриме латвиците.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

св. **КАЧИ(СЕ) – СЛЕЗЕ**
ПОДНЯ́ТЬ(СЯ)/СЕСТЬ – СПУСТИ́ТЬ(СЯ)/СОЙТИ́

1. Премести се на повисоко место; 2. Влезе во превозно средство.

- ***Се качив*** *на дрво, на планина.*
- ***Се качи*** *во кола, на велосипед.*
- ***Се качи*** *со лифт.*

1. Премести се на пониско место; 2. Излезе од превозно средство.

- ***Слегов*** *од дрво, од планина.*
- ***Слезе*** *од кола од велосипед.*
- ***Слезе*** *со лифт.*

Појди, дојди – влези в мрак. ***Искачи се*** *–* ***слези*** *пак. За стаорци нема фак.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот.*

несв. **КАЧУВА СЕ – СЛЕГУВА**
ПОДНИМА́ТЬСЯ – СПУСКА́ТЬСЯ
САДИ́ТЬЯ – ВЫХОДИ́ТЬ/СЛЕЗА́ТЬ

1. Премесува се на повисоко место; 2. Влегува во превозно средство или седнува на превозно средство.

- ***Се качува*** *на дрво.*
- ***Се качувам*** *со лифт.*
- ***Се качува*** *во кола, на велосипед.*

1. Преместува се на пониско место;2.Излегува одпревозно или напушта превозно средство.

- ***Слегува*** *од дрво.*
- ***Слегувам*** *со лифт.*
- ***Слегува*** *од кола, од велосипед.*

Јас пак сè по некои планини ***се качувам****, вели Мисајлејца Прпушоска. По едни планини* ***се качувам****, вели, по други* ***слегувам****.* П.М. Андреевски*, Пиреј;*

Туку гледате едни ***се качуваат****, други* ***слегуваат****. Ни добро утро, ни добра вечер, секој си е сам*. Ж. Чинго*, Големата вода.*

св. **КАЧИ(СЕ) – СПУШТИ(СЕ)**
ПОДНЯ́ТЬ(СЯ) – СПУСТИ́ТЬ(СЯ)/СНИ́ЗИТЬ(СЯ)

1. Премести на повисоко место;

1. Премести на пониско место; премести се

премести се на повисоко место пешки или со превозно средство; 2. Зголеми; зголеми се.	на пониско место пешки или со превозно средство; 2. Намали; намали се.
▪ ***Се качив*** *пешки.* ▫ *Ја* ***качија*** *струјата.*	▪ ***Се спушти*** *брзо.* ▫ ***Се спушти*** *цената.*

св. **ИСКАЧИ СЕ – СПУШТИ СЕ**
ПОДНЯ́ТЬСЯ – СПУСТИ́ТЬСЯ

Премести се на повисоко.	Премести се на пониско.

Потоа Методија ме доведе до скалите низ кои ***се спуштивме****, а кога* ***се искачивме*** *најгоре ме турна горе на поплочената широчина...* Д. Михајловски*, Избор.*

несв. **КАЧУВА(СЕ) – СПУШТА(СЕ)**
ПОДНИМА́ТЬ(СЯ) – СПУСКА́ТЬ(СЯ)/СНИЖА́ТЬ(СЯ)

1. Преместува на повисоко место; преместува се на повисоко место пешки или со превозно средство; 2. Зголемува; зголемува се.	1. Преместува на пониско место; преместува се на пониско место пешки или со превозно средство; 2. Намалува; намалува се.
▪ ***Се качува*** *на планина пешки или со жичарница.* ▪ ***Се качува*** *на петти кат.* ▫ *Ја* ***качува*** *цената.*	▪ ***Се спушта*** *од планина пешки или со скии.* ▪ ***Се спушта*** *од петти кат.* ▫ ***Се спуштаат*** *цените.*

Тате потоа го слушам како ***се качува*** *на кров, ги отвора ќерамидите...нешто прередува, потчукнува, „Нема да врни“, вели потоа кога* ***се спушта*** *и кога повторно седнува на сандакот...* Д. Михајловски*, Избор;*

Се ***качувавме*** *и се* ***спуштавме****. Најпретоварените коли се движеа под заштита по заобиколни, помалку тешки патишта.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

КАЧУВАЊЕ – СПУШТАЊЕ
ПОДЪЁМ – СПУСК

1. Преместување на повисоко место; 2. Зголемување.	1. Преместување на пониско место; 2. Намалување.

▪ ***Качувањето*** *е заморно и тешко.*
▫ ***Качување*** *на цените.*

▪ ***Спуштањето*** *е полесно.*
▫ ***Спуштање*** *на цените.*

Од цело мое неколкугодишно дружење со човеков паметам само едно заедничко ***спуштање*** *со скии и едно* ***качување*** *до големото езеро горе на Пелистер.* Д. Михајловски*, Избор.*

КВАЛИТАТИ́ВЕН – КВАНТИТАТИ́ВЕН
КВАЛИТАТИ́ВНЫЙ – КВАНТИТАТИ́ВНЫЙ
КА́ЧЕСТВЕННЫЙ – КОЛИ́ЧЕСТВЕННЫЙ

Што се однесува на квалитет.

Што се однесува на квантитет.

Наспроти неповолните материјални, просторни и технички услови програмата на Телевизија Скопје од година во година, во ***квалитативен*** *и* ***квантитативен*** *обем, бележи сè поголем растеж.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

КВАЛИТЕ́Т – КВАНТИТЕ́Т
КВАЛИТЕ́Т/КА́ЧЕСТВО – КВАНТИТЕ́Т/КОЛИ́ЧЕСТВО

Својство; достоинство; степен на употребливост.

Категорија што ги определува предметите и појавите по бројност, обем, количина.

Примената на овој метод всушност значи појавите и збиднувањата во новинарството... да се прикажуваат како премин на ***квантитетот*** *во нов* ***квалитет****.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

КВАЛИТЕ́Т – СЛАБОСТ
ДОСТО́ИНСТВО/ПРЕИМУ́ЩЕСТВО/СИ́ЛЬНАЯ ЧЕРТА́ – СЛА́БОСТЬ

Позитивно својство; доблест.

Слаба страна; недостаток.

Значи, обидувајќи се да ги открие и одреди ***квалитетите*** *и* ***слабостите*** *во себеси, човек е секогаш во опасност да се најде или обвинет или фатен во обид за рушење или поткопување на еден веќе легализирано постоечки систем во него самиот.* М. Јовановски*, Патот до осаматa.*

КВАЛИТЕ́ТЕН – НЕКВАЛИТЕ́ТЕН
КА́ЧЕСТВЕННЫЙ – НЕКА́ЧЕСТВЕННЫЙ

Што е со добар квалитет; се одликува со квалитет; што има добри својства.

Што е со лош квалитет; што не се одликува со квалитет; што нема добри својства.

- ***Квалитетна*** *кожа.*
- ***Квалитетни*** *производи.*
- ***Квалитетна*** *градба.*

- ***Неквалитетна*** *кожа.*
- ***Неквалитетни*** *производи.*
- ***Неквалитетна*** *градба.*

КВАЛИТЕ́ТНО – НЕКВАЛИТЕ́ТНО
КА́ЧЕСТВЕННО – НЕКА́ЧЕСТВЕННО

На квалитетен начин.

На неквалитетен начин.

- *Работи* ***квалитетно****.*

- *Работи* ***неквалитетно****.*

КОЛЕКТИ́В – ПОЕДИНЕЦ
КОЛЛЕКТИ́В – ОТДЕ́ЛЬНАЯ ЛИ́ЧНОСТЬ/ИНДИВИ́Д

Заедница воопшто; група луѓе здружени со заедничка работа, заеднички интереси или заедничка цел.

Одделна личност, индивидуа, единка.

Кај механичката солидарност... индивидуалната свест, главно, се поклопува со колективните сфаќања па, во таа смисла, нашата индивидуалност и не постои, ***поединецот*** *„не припаѓа сам на себе“, туку на* ***колективот*** *кој, повеќе или помалку, го определува неговиот стил и начин на живот.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

КОЛЕКТИ́ВЕН – ПОЕДИНЕЧЕН
КОЛЛЕКТИ́ВНЫЙ – ОТДЕ́ЛЬНЫЙ/ЕДИНИ́ЧНЫЙ

Заеднички, општ; што се однесува на колектив, што е својствен на колектив, што му служи на колектив.

Единечен, одделен, земен одделно.

Општинските весници се наменети за широка јавност.... Нивниот пласман се одвива преку ***колективна*** *и* ***поединечна*** *претплата, а продажбата се врши преку киосците на НИП „Нова Македонија“ на територијата на секоја општина.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

КОЛЕКТИ́ВЕН – ИНДИВИДУА́ЛЕН
КОЛЛЕКТИ́ВНЫЙ – ИНДИВИДУА́ЛЬНЫЙ/ЛИ́ЧНЫЙ

Заеднички, општ; што се однесува на колектив, што е својствен на колектив, што му служи на колектив.

Што е својствен за една индивидуа; што се однесува на еден човек; посебен, личен.

Во тој наш обид стигнавме до поимот на аномичната свест, како агрегат на ментални и психички својства на нашиот човек, кој се појавува како во ***индивидуалната****, така и во* ***колективната*** *свест...*J. Корубин*, Аномично општество;*

Во своите кристални едноставни и директни поетски повици, во чудесната синтеза меѓу ***индивидуалната*** *поетска судбина и* ***колективната*** *палестинска меморија, во своето пеење Махмуд Дарвиш супериорно се надоврзува на големите медитерански митови, како и на арапските од предисламската епоха.* Л. Старова*, Амбасади.*

КОЛОС – ЏУЏЕ
КОЛО́СС – КА́РЛИК

1. Гигантски (човек, животно, статуа);
2.Човек со исклучителни постигања во одредена област.

1.Лице со ненормално мал раст; животно, растение со помал раст од вообичаениот;
2. Безначајна личност.

▪ ***Колосот*** *од Родос.*

▪ *Снежана и седумте* ***џуџиња****.*

КОНКРЕТЕН – АПСТРАКТЕН
КОНКРЕ́ТНЫЙ – АБСТРА́КТНЫЙ

Што може да се прими со сетилата; што постои во реалноста; прецизен, јасен.

Што е одвоен од реалноста; теоретски премногу обопштен; нејасен.

...за овој човек нема морална тежина. За него другиот е всушност ***апстрактен*** *субјект па, оттука и нема* ***конкретно*** *зло.* J. Корубин*, Аномично општество.*

КОНКРЕТНО – АПСТРАКТНО
КОНКРЕ́ТНО – АБСТРА́КТНО

На конкретен начин.

▪ *Кажува* ***конкретно****.*

На апстрактен начин.

▪ *Објаснува* ***апстрактно****.*

КОНСТРУКТИ́ВЕН – ДЕСТРУКТИ́ВЕН
КОНСТРУКТИ́ВНЫЙ – ДЕСТРУКТИ́ВНЫЙ

Кој служи за создавање; кој дејствува позитивно; творечки.

▪ ***Конструктивно*** *делување.*

Кој разорува, руши; разорен, погубен, уништувачки.

▪ ***Деструктивно*** *делување.*

КОНЦЕНТРИ́РАН – РАСЕАН
СОСРЕДОТО́ЧЕННЫЙ/СО́БРАННЫЙ – РАССЕ́ЯННЫЙ

Кој може да го сосредоточи вниманието; прибран.

▪ *Тој е* ***концентриран****, се обидува да се сети на главните настани.*

Кој не може да го сосредоточи вниманието; неприбран.

▪ *Тој е* ***расеан****, ги меша датите и редоследот на настаните.*

КОНЦИЗЕН – ОПШИРЕН
СЖА́ТЫЙ – ОБШИ́РНЫЙ/ДЕТА́ЛЬНЫЙ

Збиен, кус и содржаен; јасен.

▪ *Даде* ***концизен*** *одговор.*

Изложен нашироко, со многу подробности.

▪ *Напиша* ***опширен*** *извештај.*

КОНЦИЗНО – ОПШИРНО
СЖА́ТО – ОБШИ́РНО

На концизен начин.

▪ *Објаснува* ***концизно****, без многу детали.*

На опширен начин.

▪ *Зборуваше* ***опширно*** *и долго.*

КОРИСЕН – ШТЕТЕН
ПОЛЕ́ЗНЫЙ – ВРЕ́ДНЫЙ

Што носи корист; што влијае позитивно.

▪ ***Корисно*** *овошје.*

Што прави, нанесува предизвикува штета; што влијае негативно.

▪ ***Штетни*** *лекови.*

Неговата активност во Собранието не само што не е ***корисна****, туку е и* ***штетна****! Меѓутоа во никој случај не можеше тоа свое лично уверување јавно да го изнесе, зашто не располагаше со факти.* В. Костов*, Нов ум.*

КОРИСНО – ШТЕТНО
ПОЛЕ́ЗНО – ВРЕ́ДНО

Што носи корист; што влијае позитивно.

▪ *Одморот влијае* ***корисно*** *на здравјето.*

Што прави, нанесува предизвикува штета.

▪ *Цигарата влијае* ***штетно****.*

КОРИСТ – ШТЕТА
ПО́ЛЬЗА/ВЫ́ГОДА – ВРЕД/УЩЕ́РБ/ПО́РЧА

Материјална добивка; поволен резултат, поволна последица.

▪ *Имам* ***корист*** *од оваа работа.*
▪ *Од читањето имаш* ***корист****.*

Материјална загуба; неповолен резултат, неповолна последица.

▪ *Трпам* ***штета*** *со оваа работа.*
▪ ***Штетите*** *се прават од невнимание.*

несв. **КОРИСТИ – ШТЕТИ**
ПОМОГА́ТЬ – ВРЕДИ́ТЬ

Носи корист, помага.

▪ *Компјутерот ми* ***користи*** *за пишување на разни јазици.*

Нанесува штета; уништува.

▪ *Долгото седење пред компјутер* ***штети*** *на видот.*

КРАТОК/КУС – ПОДРОБЕН
КРА́ТКИЙ – ПОДРО́БНЫЙ

Збиен, мал по обем, без подробности.

▪ ***Краток*** *опис.*

Изложен нашироко, со многу подробности.

▪ ***Подробен*** *опис.*

КРАТКО/КУСО – ПОДРОБНО
КРА́ТКО – ПОДРО́БНО

Збиено, без детали.

▪ *Раскажа* ***кратко****.*

Долго, со детали.

▪ *Раскажа* ***подробно****.*

КРАТОК/КУС – ОПШИРЕН/ОПСЕЖЕН
КРА́ТКИЙ – ОБШИ́РНЫЙ

Збиен, мал по обем.

▪ ***Краток*** *одговор.*

Изложен нашироко, со многу подробности.

▪ ***Опширен*** *одговор.*

КРАТКО/КУСО – ОПШИРНО/ОПСЕЖНО
КРА́ТКО – ОБШИ́РНО

Збиено, без детали.

▪ *На темата се задржа* ***кратко****.*

Долго, со детали.

▪ *Раскажа* ***опширно*** *за сè.*

несв. **КРЕВА – НАВЕДНУВА/ВЕДНЕ**
ПОДНИМА́ТЬ – ОПУСКА́ТЬ

Поместува од пониска на повисока положба; исправа.

Витка надолу; наведнува; спушта надолу.

Роса Трпкова тоа добро го знаеше,... како го ***веднеше*** *погледот под електричната светилка а како го* ***креваше*** *под лоената свека...* Д. Солев*, Црно огледало;*

... штом ќе ја крцнев вратата, ја ***креваше*** *главата, чинеше за'ржи, нешто ќе му зашеташе по кожата сè додека не го допрев влакното што гореше како жар, после се смируваше, ја* ***наведнуваше*** *главата и продолжуваше да прежива.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

св. **КРЕНЕ – НАВЕДНЕ**
ПОДНЯ́ТЬ – ОПУСТИ́ТЬ

Помести од пониска на повисока положба; исправи.

▪ *Ја* ***крена*** *главата.*

Свитка надолу; наведне; спушти надолу.

▪ *Ја* ***наведна*** *главата.*

несв. **КРЕВА(СЕ) – СПУШТА(СЕ)**
ПОДНИМА́ТЬ(СЯ) – ОПУСКА́ТЬ(СЯ)/СНИЖА́ТЬ(СЯ)

1. Поместува некого или нешто на повисока положба; поместува се на повисоко;
2. Исправа; исправа се;
3. Зголемува; зголемува се.

1. Поместува некого или нешто на пониска положба; поместува се на пониско;
2. Витка надолу; наведнува; наведнува се;
3. Намалува; намалува се.

„Ролетни“? ... Зарем сакаш и ние да станеме како комшиите кои без чувство, секое сабајле и секоја вечер со одвратна грѓотница ги ***спуштаат*** *и ги* ***креваат*** *како да се сами на светo“?* Д. Михајловски*, Избор;*

Чудни деца! Зошто избегаа? Меѓутоа, набргу заборави на нив, оти рацете му ***се креваа*** *и* ***спуштаа****, а и сѐ уште му скокаа дамарите што ги закопа во темелот, беше среќен, некако виствински, трајно. И ниско, ниско ја спушти главата за да не му ја видат солзата во окото, а кога пак ја крена, забележа дека Вани е веќе намуртен и лут.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

И додека му ги затвораше вилиците, една исплашена сојка првна меѓу буките, врескајќи ко жена, почна да ***се крева*** *и да* ***се спушта*** *над вршките не знаејќи на кое дрво да застане.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

св. **КРЕНЕ(СЕ) – СПУШТИ(СЕ)**
ПОДНЯ́ТЬ(СЯ) – ОПУСТИ́ТЬ(СЯ)/СНИ́ЗИТЬ(СЯ)

1. Помести некого или нешто на повисока положба; помести се на повисоко;
2. Исправи; исправи се;
3. Зголеми; зголеми се.

1. Помести некого или нешто на пониска положба; помести се на пониско;
2. Свитка надолу; наведне; наведне се;
3. Намали; намали се.

И ниско, ниско ја ***спушти*** *главата за да не му ја видат солзата во окото, а кога пак ја* ***крена****, забележа дека Вани е веќе намуртен и лут.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

...го гледал ко нетука додека овој, со својата блага добродушност, не го ***кренал*** *и не го бакнал во знак на поздрав и не го* ***спуштил*** *внимателно повторно на земја*. Д. Михајловски, *Избор.*

КРОТОК – ПАЛАВ
КРО́ТКИЙ/СМИ́РНЫЙ – ОЗО́РНОЙ/ШАЛОВЛИ́ВЫЙ

Мирен, благ, спокоен.

▪ ***Кротток*** *човек.*

Немирен, бесен.

▪ ***Палаво*** *дете.*

КРУПЕН – СИТЕН
КРУ́ПНЫЙ – МЕ́ЛКИЙ

1. Што има големи димензии; 2. Што се состои од делови со голем обем; 3. Важен, значаен.

1. Што има мали димензии; 2. Што се состои од мали делови; 3. Второстепен, споредeн.

Но, место сè – се истури дожд. Сонцето пече, а истура дожд. ***Крупни*** *капки во* ***ситна*** *прав.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Трепките, на рабовите на очните капаци, се ***ситни*** *гранки со* ***крупни*** *плодови од солзи. Понекогаш насолзеното око е блескав орнамент и тогаш солзите прилегаат на украсни цицињa вклопени во бижутеријата на трепките како кристални призми.* Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија.*

КРУПНО – СИТНО
КРУ́ПНО – МЕ́ЛКО

Во големи честички; на дебели парчиња; грубо.

▪ *Сечи го патлиџаноt* ***крупно****.*

На многу мали честички; на тенки парчиња; фино.

▪ *Магдоносот го дробам* ***ситно****.*

КУЛТУРА – НЕКУЛТУРА
КУЛЬТУ́РА – НЕКУЛЬТУ́РА/БЕСКУЛЬТУ́РЬЕ

Воспитаност; добро одесување.

Невоспитаност; лоши манири.

Ние зборуваме за политичка ***култура****, а бевме сведоци на една политичка* ***некултура****.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

КУЛТУРЕН – НЕКУЛТУРЕН
КУЛЬТУ́РНЫЙ – НЕКУЛЬТУ́РНЫЙ
ВОСПИ́ТАННЫЙ – НЕВОСПИ́ТАННЫЙ

Што има високо ниво на култура; добро воспитан.

Што има ниско ниво на на култура; невоспитан.

▪ ***Културен*** *човек.*
▪ ***Културен*** *однос.*

▪ ***Некултурен*** *човек.*
▪ ***Некултурен*** *однос.*

КУЛТУРЕН – ПРИМИТИ́ВЕН
КУЛЬТУ́РНЫЙ – ПРИМИТИ́ВНЫЙ

Што има високо ниво на култура; добро воспитан.

Што има ниско ниво на на култура; необразован; невоспитан.

▪ ***Културен*** *човек.*

▪ ***Примитивно*** *однесување.*

КУЛТУРЕН – ПРОСТ
КУЛЬТУ́РНЫЙ – ПРИМИТИ́ВНЫЙ

Што има високо ниво на култура; добро воспитан.

Што има ниско ниво на на култура; необразован; невоспитан.

▪ *Тој е* ***културен*** *и шетан човек.*

▪ *Многу е* ***прост****, не знае да се поздрави.*

КУПЕЧКИ – ДОМАШЕН
ПОКУПНО́Й – ДОМА́ШНИЙ

Што е купен.

Што е изработен дома.

▪ ***Купечка*** *баклава.*
▪ ***Купечко*** *вино.*

▪ ***Домашна*** *баклава.*
▪ ***Домашно*** *вино.*

св. **КУПИ – ПРОДАДЕ**
КУПИ́ТЬ – ПРОДА́ТЬ

Добие во сопственост плаќајќи со пари.

Даде, отуѓи во замена за пари.

Добро, ќе ***продадам*** *сè, вели Теофил, ама нема кој да* ***купи****.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

несв. **КУПУВА – ПРОДАВА**
ПОКУПА́ТЬ – ПРОДАВА́ТЬ

Добива во сопственост плаќајќи со пари.

Дава, отуѓува во замена за пари.

Најголеми џамбази беа на пазарот, ***купуваа*** *и* ***препродаваа****, од мене ќе ти* ***купат****, после мене ќе ми го* ***продаваат****, белаверсан работа, ајде да не го купиш.* Ж.Чинго*, Накусо;*

... некоја си слугинка за еден ден обрнала черек милион; неписмен овчар од Вајоминг сал за еден ден ***продавал*** *и* ***купувал*** *илјадо акции... Голема јагма беше тоа, синко мој.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен;*

И тргнаа уште од четвртокот за да пазарат во петокот..., со паните во ќесињата. Нема што да ***продаваат*** *освен што ќе* ***купуваат****.* С. Попов*, Крпен живот.*

КУПУВАЧ – ПРОДАВАЧ
ПОКУПА́ТЕЛЬ – ПРОДАВЕ́Ц

Човек што купува нешто.

Човек што продава нешто.

Пазарите се срцето на градот, а еден голем град каков што е Скопје мора да има големо срце. Како голема хидраулична пумпа што ги привлекува ***продавачите*** *и* ***купувачите****, а веќе со следниот замав ги исфрла како далга далеку од себе.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Природно, како во секоја трговија и во оваа трговија со зачадени џамчиња не изостана ценкањето, разни коментари, а под сета таа груба, жестока трговска работа, и кај ***продавачите*** *и кај* ***купувачите*** *се чувствуваше еден поинаков трепет, сепак ова не беше обична трговија...* Ж. Чинго*, Накусо.*

КУПОВЕН – ПРОДАЖЕН
ПОКУПА́ТЕЛЬНЫЙ – ПРОДА́ЖНЫЙ

Што се однесува на купување; вредност при купување.

Што се однесува на продажба; вредност при продавање.

▪ ***Куповен*** *курс на еврото.*

▪ ***Продажен*** *курс на доларот.*

КУПУВАЊЕ – ПРОДАВАЊЕ/ПРОДАЖБА
КУ́ПЛЯ – ПРОДА́ЖА

Набавување нешто за пари.

Давање, отуѓување нешто за пари.

Дано ја обиколи по дворот, како да ја одмерува не за ***продавање*** *туку за* ***купување****, па го затекна и дворот напуштен.* Д. Солев*, Мртва трка.*

Л

ЛЕВ – ДЕСЕН
ЛЕ́ВЫЙ – ПРА́ВЫЙ

1. Што е на страната на срцето; 2. Што е политички либерален, ѝ припаѓа на левицата.

1. Што е на спротивната страна од срцето; 2. Што е политички конзервативен, ѝ припаѓа на десницата.

*Во **десната** рака тој го носеше своето патно куферче, а во **левата**, под мишка еден пакет со книги.* Б. Конески*, Средба во рајот;*

*Ништожност, дури и безумник би сфатил, доволно беа само неколку **десни** и неколку **леви** „мисли“ на татенцето и работата веќе беше сосема јасна.* Ж. Чинго*, Големата вода;*

*Со ѓавола си ја есапеше. Од борч кусур правеше. **Лево** око за **десно** продаваше, а со другото намигаше. Чешитиште беше тој Аритон.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен;*

*Јаор на Крстина Тулумот одеше пред сите: под **левата** мишка држеше лозова прачка и таа требаше да значи виолина, а во **десната** рака имаше друга прачка и таа му беше место тргало за виолината.* М. Фотев*, Потомците на Кат;*

*ø Во овие земји, во кои што-туку се појави плурализмот прашањето за леви и десни партии можеше лесно да се претвори во обид за враќање назад. Во тоа развивање на демократијата не изостана заземањето на некаква страна, како еден вид идентификација, како формирање на едно „ние“: ние **десните**, вие **левите** и обратно.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ЛЕВАК – ДЕСНАК
ЛЕ́ВША – ПРА́ВША

Оној што работи, пишува со лева рака.

Тој што работи, пишува со десна рака.

Таа... раката, сеедно лева или десна,
*Бидејќи денеска има и **деснаци** и **леваци**,*
Та најмалку е важно од каде накај каде,
Со која накај што и накај кого! Г. Тодоровски*, Зборови од земја и од злато.*

ЛЕВИЦА – ДЕСНИЦА
ЛЕ́ВАЯ РУКА́/ЛЕ́ВЫЕ – ПРА́ВАЯ РУКА́/ПРА́ВЫЕ

1. Лева рака; 2. Дејци со либерални политички начела

1. Десна рака; 2. Дејци со конзервативни политички начела.

*Тоа ме потсети на последните години од владеењето на некогашниот режим на една партија кога прашањето за **левицата** и **десницата** беше поставено на форумите на таа партија...* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ЛЕВИЧАР – ДЕСНИЧАР
ЛЕ́ВЫЙ/ЛЕ́ВША – ПРА́ВЫЙ/ПРА́ВША

1. Припадник на политичка левица; 2. Што пишува, работи со лева рака.

1. Припадник на политичка десница; 2. Што пишува, работи со десна рака.

*Таквата ориентација, всушност, стана светски хит, па во „третиот пат“ се измешаа социјалдемократи и конзервативци, „**левичари**“ со „**десничари**“ итн.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ЛЕВО – ДЕСНО
НАЛЕ́ВО/СЛЕ́ВА – НАПРА́ВО/СПРА́ВА

На лева страна, од лева страна.

На десна страна, од десна страна.

*Веднаш станавме сите и низ читалната па по скалите **десно** горе, па **лево**, па право по катакомбите ја минавме аулата, свртевме десно и се најдовме во читалната на Нешев.* Д. Михајловски*, Избор;*

*Тој слезе од автобусот, со страв погледна **лево** и **десно** и кога не виде никој познат отиде до багажникот да си ги земе куферите.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

ЛЕГАЛЕН – ИЛЕГА́ЛЕН
ЛЕГА́ЛЬНЫЙ – НЕЛЕГА́ЛЬНЫЙ

Кој е дозволен со закон; законски; неприкриен, јавен.

Кој не е дозволен со закон; незаконски; прикриен, таен.

*... со тоа се појавиле насекаде **легални** и **илегални** списи и весници.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ЛЕГАЛНО – ИЛЕГА́ЛНО
ЛЕГА́ЛЬНО – НЕЛЕГА́ЛЬНО

На легален начин; законски.

▪ *Продава **леѓално**.*

На илегален начин; незаконски.

▪ *Продава **илеѓално**.*

ЛЕГАЛЕН – ДИВ
ЛЕГА́ЛЬНЫЙ – НЕЛЕГА́ЛЬНЫЙ/ИЛЕГА́ЛЬНЫЙ

Дозволен со закон, признат.

▪ ***Леѓална** трговија.*

Нелегален, незаконски, таен.

▫ ***Дива** трговија.*

ЛЕСЕН – ТЕЖОК
ЛЁГКИЙ – ТРУ́ДНЫЙ/ТЯЖЁЛЫЙ

1. Што е со мала тежина;
2. Што не бара голем напор;
3. Што не е тешко сфатлив;
4. Едноставен, јасен.

1. Што е со голема тежина;
2. Што бара голем напор;
3. Што е тешко сфатлив;
4. Сложен, компликуван.

*Роса Трајкова тоа добро го знаеше... како отвораше книга со **тешки**, а како со **лесни** корици...* Д. Солев*, Црно огледало;*

*Секој од нив се помрдви оние што ги знаев... **Лесен** да им е **тешкиов** камен на штурава земја.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

ЛЕСНО – ТЕШКО
ЛЕГКО́ – ТРУ́ДНО

На лесен начин; без мака, без напор, со леснотија.

На тежок начин; со мака, со напор, со тешкотија.

*ø Во тоа време веќе нè имаа дадено по фабрики, работевме ова, она, и **лесно** и **тешко**, додека не нè научија да стоиме зад машини.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

*Нашите навики и нашиот менталитет се такви што нештата **тешко** се менуваат. **Лесно** е да се зборува за воведување на правна држава..., но како тоа ќе се спроведе во дело-зависи од оние што ја практикуваат власта.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ЛЕСНОТИЈА – ТЕШКОТИЈА
ЛЁГКОСТЬ – ТРУ́ДНОСТЬ

Својство на тоа што се прави лесно.

▪ *Раскажува со **леснотӣја.***
▪ *Се качува со **леснотӣја**.*

Својство на тоа што се прави тешко.

▪ *Се изразува со **те̄шкотӣи**.*
▪ *Се качува со **те̄шкотӣја**.*

ЛЕСЕН – МАЧЕН
ЛЁГКИЙ – МУЧИ́ТЕЛЬНЫЙ

1. Што не бара голем напор;
2. Што е добиен без напор.

▪ ***Лесна** работа̄.*
▪ ***Лесна** заработӯвачка.*

1. Што бара голем напор;
2. Што е добиен со тежок, напорен труд.

▪ ***Мачна** работа̄.*
▪ ***Мачна** заработӯвачка.*

ЛЕСНО – МАЧНО
ЛЕГКО́ – МУЧИ́ТЕЛЬНО

На лесен начин.

▪ *Живее **лесно**.*

На мачен начин; тешко.

▪ *Живее **мачно**.*

ЛИЦЕ – ГРБ
ЛИЦО́ – СПИНА́

Предниот дел на телото, кај што е лицето.

▪ *Свртӣ се со **лице**, не ми го **вртӣ** грбо̄т.*

Заден дел на телото.

ЛИЦЕ – ОПАЧИНА
ЛИЦО́/ЛИЦЕВА́Я СТОРОНА́ – ИЗНА́НКА

Надворешна, предна, горна страна на нешто.

▪ *На лицето̄ има **по̄ртрет̄**.*

Внатрешна, задна, долна страна на нешто.

▪ *На **опачината̄** има бројка.*

ЛИЧЕН – ГРД
ПРЕКРА́СНЫЙ – БЕЗОБРА́ЗНЫЙ
КРАСИ́ВЫЙ – УРО́ДЛИВЫЙ

Што е на лик убав и строен човек.

Што не е убав на лик, и во тело.

*Само да е жена. И да има фустан. Малечка, голема, **грда**, **лична**, цицлеста, газлеста, суварка, ебежлива, типизарка, цимрика, сукало, алапурда...* Х. Крстевски, *Раскази од Равен.*

Љ

несв. **ЉУБИ – МРАЗИ**
ЛЮБИ́ТЬ – НЕНАВИ́ДЕТЬ

Чувствува љубов кон некого или кон нешто; сака.

Чувствува омраза кон некого или кон нешто.

*Никој од нас не знаеше колку кој ја **мрази** или ја **љуби** земјава на чии патеки луѓето, и ние со нив, се шуткаат и се свиваат од замор во потрага по леб и по утешение...* С. Јаневски, *Кучешко распетие.*

ЉУБОВ – ОМРАЗА
ЛЮБО́ВЬ – НЕ́НАВИСТЬ

Чувство на длабока приврзаност кон некого, кон нешто; чувство на наклонетост, симпатија кон некого.

Чувство на големо непријателство; караница, раздор.

*Се меткам пред хартијата, со молба и **омраза**, а сета моја **љубов** е сведена на резултатот.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен;*

*Но каква е разликата меѓу **љубовта** и **омразата** кога обете идат од исто место и, безмалку, од исти пориви.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*И сè како да почнуваше одново, **љубовта**, **омразата**, вистината, лагата, клетвата, молитвата, добрината, пцостите...* Ж. Чинго, *Големата вода;*

*Тоа е она што оваа проза ја прави блиска и на читателот од сосема други јазични подрачја, со оглед дека на поширок филозофски план се судираат принципите на доброто и злото, хуманизациите и дехуманизациите на современата цивилизација, насилствата и отпорите, **љубовта** и **омразата**, храброста и страшливоста, издржливоста и попуштањето.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

М

МАЖЕНА – ЖЕНЕТ
ЗА́МУЖЕМ – ЖЕНА́ТЫЙ

Женско лице во брак.

Машко лице во брак.

*Две **неомажени** сестри и **неоженет** брат. Познати хотелиери и кафанџии од неговиот крај, со кои одржуваше врска уште пред војната.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен.*

МАЖЕНА – НЕМАЖЕНА
ЗАМУ́ЖНЯЯ – НЕЗАМУ́ЖНЯЯ

За женско лице што е во брак.

▪ *Ќерка ми е **мажена.***

За женско лице што што не е во брак.

▪ *Другарка ми е **немажена.***

несв. **МАЖИ(СЕ) – ЖЕНИ(СЕ)**
ВЫ́ЙТИ/ВЫХОДИ́ТЬ ЗА́МУЖ – ЖЕНИ́ТЬСЯ
ВЫ́ДАТЬ ЗА́МУЖ – ЖЕНИ́ТЬ

Стапи, стапува во брак (жена). Подготвува женско лице да стапи во брак.

▪ *Ја **мажиме** ќерката.*
▪ *Ќерка ми **се мажи**.*

Стапи, стапува во брак (маж). Подгорвува машко лице да стапи во брак.

▪ *Го **жениме** синот.*
▪ *Син ми **се жени**.*

*Сега мажите не **се женат**, туку **се мажат**, се чу меѓу луѓето. Но сè што зборуваа тие само едната таа можеше да го каже.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*Зашто, според природниот поредок, барем овде во неговата Брезница, каде што многу работи се пренесуваат... и патуваат од колено на колено, луѓето **се женат** и **се мажат** за да народат деца, а децата се креваат на нозе за да се оженат и да бидат рака за полесно опстанување во животот...* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

св. **ОМАЖИ(СЕ) – ОЖЕНИ(СЕ)**
ВЫ́ЙТИ ЗА́МУЖ – ЖЕНИ́ТЬСЯ

Стапи во брак (за жена).

Стапи во брак (за маж).

Не е важно што ќе биде: машко или женско. Ќе расте ќе порасне; Илко ќе го ***омажи*** *или* ***ожени*** *и живот со него ќе живее.* С. Попов*, Крпен живот.*

несв. **МАЖИ СЕ – РАЗВЕДУВА СЕ**
ВЫХОДИ́ТЬ ЗА́МУЖ – РАЗВОДИ́ТЬСЯ

Стапува во брак.
(жена)

Растура брак,
разделува се.

▪ ***Се мажи*** *и* ***се разведува*** *неколкупати.*

св. **ОМАЖИ СЕ – РАЗВЕДЕ СЕ**
ВЫ́ТИ ЗА́МУЖ – РАЗВЕСТИ́СЬ

Стапи во брак.
(жена)

Растури брак,
раздели се.

▪ ***Се омажи*** *за убаво момче.*

▪ ***Се разведе*** *по две години.*

МАЗЕН – РАПАВ
ГЛА́ДКИЙ – ШЕРША́ВЫЙ
РО́ВНЫЙ – НЕРО́ВНЫЙ

Што има рамна површина,
што не е рапав.

Што не е рамен, мазен,
или полиран.

▪ ***Мазен*** *sug.*

▪ ***Рапав*** *sug.*

МАЈКА – ТАТКО
МАТЬ – ОТЕ́Ц

Жена во однос на своите
деца.

Маж во однос на своите
деца.

Тогаш ***мајка*** *ми нежно ќе ја земеше оставената книга, небаре тоа беше продолженият дојпир на* ***татко*** *ми, и внимателно ќе ја положеше на еден од рафтовите...* Л. Старова*, Татковите книги.*

МАЈЧИН – СТРАНСКИ
РОДНО́Й – ИНОСТРА́ННЫЙ

Свој, сопствен, што
потекнува од мајката.

Што не е свој, што му
припаѓа на друг; туѓ.

Единствена утеха ми беше учењето на ***мајчиниот*** *јазик и тој предмет најмногу го сакав иако лично сметам дека учењето*

странски *јазик само ја затајува интелектуалната моќ на поединецот...* Д. Михајловски*, Избор.*

МАКСИ – МИНИ *немен. прид.*
МА́КСИ – МИ́НИ

Должина на здолниште или фустан до глуждовите на нозете; многу долг или широк.

Должина на здолниште или фустан над колената; минијатурен, краток.

▪ *На матурската вечер Марија беше облечена во* ***макси****-фустан.*
▪ *Сега се носат* ***мини****-здолништа.*

Еден тип и една типка
Во типичен ***макси****- ден*
Мини*-муабет од нога*
Во лер подзатераа. Г. Тодоровски*, Зборови од земја и од злато.*

МАКСИМА́ЛЕН – МИНИМА́ЛЕН
МАКСИМА́ЛЬНЫЙ – МИНИМА́ЛЬНЫЙ

Најголем, највисок, краен.

Што е најмал, најситен, краен.

Така, на пример, со едногласно решение на Советот, прифатено по предлог на Врховниот раководен орган, по сопствена иницијатива на држава-членка, можат да воведуваат ***мимимални*** *и* ***максимални*** *износи царински давачки за јаглен и челик во трговијата со трети држави.* Т. Бендевски*, Право на Европска унија;*

Се работи за тоа, со ***минимално*** *одлагање (во минимален рок) да се упатат публикациите во* ***максимален*** *број продажни места.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

МАКСИМА́ЛНО – МИНИМА́ЛНО
МАКСИМА́ЛЬНО – МИНИМА́ЛЬНО

Во најголема мера, до крајни граници.

▪ *Зголеми* ***максимално****.*

Во најмала мера, до крајни граници.

▪ *Зголеми* ***минимално****.*

МАКСИМУМ – МИНИМУМ
МА́КСИМУМ – МИ́НИМУМ

Најголема можна количина, величина; најголем износ; најголема вредност.

▪ *Можам да носам* ***максимум*** *три кила.*

Најмала можна количина, величина; најмал износ; најмала вредност.

▪ *Ми требаат* ***минимум*** *два дена за да напишам писмо.*

МАЛОЛЕТЕН – ВОЗРАСЕН
НЕСОВЕРШЕННОЛЕ́ТНИЙ – ВЗРО́СЛЫЙ

Што е на мала возраст; што нема години за правна одговорност.

Што е полнолетен; што е во години.

▪ *Тој е* ***возрасен*** *човек, не е* ***малолетен*** *да го учам.*

МАЛОЛЕТЕН – ПОЛНОЛЕТЕН
НЕСОВЕРШЕННОЛЕ́ТНИЙ – СОВЕРШЕННОЛЕ́ТНИЙ

Што е на мала возраст; што нема години за правна одговорност.

Што е на возраст кога се добиваат според закон сите права и обврски.

▪ ***Малолетен*** *е, не може да полага возачки испит.*

▪ *Има лична карта,* ***полнолетен*** *е.*

МАТЕРИЈА́ЛЕН – ДУХОВЕН
МАТЕРИА́ЛЬНЫЙ – ДУХО́ВНЫЙ

Што се однесува на материја, што е од материја; физички; телесен.

Што се однесува на човековата свест; на умствената дејност на човекот; на духот.

▪ ***Материјален*** *свет.*

▪ ***Духовен*** *свет.*

Дури тогаш, кога ***материјалниот*** *Исус умре за да го отстапи местото на* ***духовниот****, невидливиот Христ, мнозина поверуваа и тргнаа да го следат.* Д. Михајловски*, Избор;*

Во основата на алхемичарските сфаќања лежи мислата дека сè во природата, и она што е од ***духовен****, и она што е од* ***материјален*** *вид, се стреми кон совршенство.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот.*

МАТЕРИЈА́ЛЕН – МОРАЛЕН
МАТЕРИА́ЛЬНЫЙ – МОРА́ЛЬНЫЙ

Што се однесува на имот, пари, имотна состојба.

Што се однесува на морал; на духовниот и интелектуалниот свет на човекот.

Политичката одговорност е, обично, од ***морална*** *или* ***материјална*** *природа, но речиси никогаш не го повредува физичкиот интегритет на оние што донеле погрешни одлуки.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

МАТЕРИЈАЛИ́ЗАМ – ИДЕАЛИ́ЗАМ
МАТЕРИАЛИ́ЗМ – ИДЕАЛИ́ЗМ

Филозофско учење според кое материјата е почеток и основа на сè; сфаќање според кое материјалната страна на животот, односно богатството е најважно.

Филозофско учење според кое основа на сè е духот, идејата; сфаќање според кое благородните и возвишени идеали се најважни.

МАТЕРИЈАЛИ́СТ – ИДЕАЛИ́СТ
МАТЕРИАЛИ́СТ – ИДЕАЛИ́СТ

Приврзаник на материјализмот; човек кому му е најважна материјалната страна на животот.

Приврзаник на идеализмот; што верува во идеали; наивен и непрактичен човек.

МЕК – ТВРД
МЯ́ГКИЙ – ТВЁРДЫЙ/ЧЁРСТВЫЙ

1. Што ја менува лесно формата со притисок, удар, допир; 2. За вода што содржи малку варовник; 3. Попустлив.

▪ ***Меко*** *седиште.*

1. Што не ја менува формата со притисок, удар, допир; 2. За вода што содржи многу варовник; 3. Непопустлив.

▪ ***Тврдо*** *седиште.*

▫ *По лика на родот од Роса****, тврд*** *во гласот а* ***мек*** *по душа, тој се изгуби во светот и сè поретко дава глас од себеси.* Д. Солев*, Црно огледало.*

МЕК – СТРОГ
МЯ́ГКИЙ/СНИСХОДИ́ТЕЛЬНЫЙ – СТРО́ГИЙ/ТРЕ́БОВАТЕЛЬНЫЙ
ДО́БРЫЙ – ЧЁРСТВЫЙ

Попустлив, питом, полн со обзири; неодлучен, лабав.

Непопустлив, остар; непоколеблив, доследен.

▫ *Многу е **мек** кон учениците.*

▪ *Татко ми е **строг** човек.*

МИЛОСТ – НЕМИЛОСТ
МИ́ЛОСТЬ – НЕМИ́ЛОСТЬ

Чувство на наклонетост; внимание, нежност кон некого; сочувство, поддршка; љубов, милина.

Отсуство на наклонетост, на милост; отсуство на поддршка, на сочувство.

*Зашто некој од нив нема доволно сила да му се спротивстави и решението го наоѓаат во препуштањето на неговата **милост** и **немилост**:* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

*...тој не сака на децата сега да им стави на знаење дека крева раце од животот и целиот, телом и духом, се предава на нивна **милост** и **немилост**.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

МИЛУМ – СИЛУМ
ПО-ХОРО́ШЕМУ – НАСИ́ЛЬНО/СИ́ЛОЙ

Со добро; на мирен начин, без употреба на сила.

Со лошо; со сила, со употреба на сила.

*„Ајде остави го **милум** и поклони се на нашите богови кои со векови наназад ни го красат, крепат и шират царството да не морам **силум** да ти го дотерувам умот!“* Д. Михајловски*, Избор.*

МИНАТ – СЕГАШЕН
ПРОШЕ́ДШИЙ – НАСТОЯ́ЩИЙ

Што бил или се случил порано; што бил или се случил во блиско или во далечно минато.

Што е или се случува во овој момент или во ова време.

▪ ***Минато** време.*

▪ ***Сегашно** време.*

*Ја прифаќаат живејачката како неповторливо ехо, како далечно сениште и како јасно соочување со спротивноста на времињата **минати** и времињата **сегашни**.* Д. Михајловски*, Избор.*

МИНАТО – СЕГАШНОСТ
ПРО́ШЛОЕ – НАСТОЯ́ЩЕЕ

Минато време; она што се случило во минатото.

Сегашно време; времето што го живееме сега; денешно време.

Тој во себе имаше едно чудно спокојство, една рамнотежа меѓу ***минатото*** *и* ***сегашново****, па од тоа беше и горд и цврст:* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

... Алимпие ги согледуваше сите земни појави и личности низ временската димензија, а пак тоа за него беше историјата сфатена како колективна живејачка на неговиот народ и претставена на дијаграмот на ***минатото****,* ***сегашноста*** *и иднината.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

МИНАТ – ИДЕН
ПРОШЕ́ДШИЙ – БУ́ДУЩИЙ

Што бил или се случил порано; што бил или се случил во блиско или во далечно минато.

Што ќе се случува во иднина; што доаѓа, што ќе биде.

▪ ***Минатиот*** *месец беше топло.*

▪ ***Иднata*** *недела ќе се видиме.*

МИНАТО – ИДНИНА
ПРО́ШЛОЕ – БУ́ДУЩЕЕ

Минато време; она што се случило во минатото.

Идно време; времето што доаѓа, што претстои.

Дојрва требаше да научи дека мислата знае само за прилично прави линии што не можат никако да се поклопат со криватa линија на животот. Ни во однос на ***минатото****, а уште помалку во однос на* ***иднината****.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Каде е ***минатото***
Минатото *по кое пекаме,*
И каде е ***иднината***
Иднината *што нема да ја дочекаме-*
Таа што ветува. Б. Конески*, Избрани дела;*

Во интернатот како сите да се без потекло, без ***минато*** *и без* ***иднина****.* Д. Солев*, Црно огледало.*

МИР – ВРЕВА
ТИШИНА́ – ШУМ

Состојба без бука, врева; тишина, спокојство.

▪ *Ноќе во паркот владееше* ***мир****.*

Гласно, силно зборување, викање, џагор.

▪ *На централните улици има* ***врева****.*

МИР – КАРАНИЦА/КАВГА
МИР – ССО́РА

Отсуство на расправии; слога, разбирање.

▪ *Живееме во* ***мир*** *и слога.*

Расправија; гласно расправање.

▪ *Нема* ***караници****.*

Поарно сув леб со ***мир****, отколку печено јагне со* ***кавга****. Посл.*

МИР – НЕМИР
СПОКО́ЈСТВИЕ – БЕСПОКО́ЙСТВО

Состојба без возбудување; спокојство, душевна рамнотежа.

Состојба на возбуденост; неспокојство, вознемиреност.

Уште неслободен од една империја која сепак му вештуваше личен спас, ***мир*** *за срцето, за младоста, но* ***немир*** *за душата на својот идентитет, тој и не можеше да мечтае дека, покрај рецидивите на старата Империја, го чека новото време на Империјата на фашизмот, па на сталинизмот.* Л. Старова, *Татковините книги.*

МИРЕН – НЕМИРЕН
СПОКО́ЙНЫЙ – БЕСПОКО́ЙНЫЙ

1. Што не го нарушува мирот; послушен, кроток; 2. Што е без бранови; 3. Што е без војна; 4. Што покажува душевна рамнотежа; спокоен.

▪ ***Мирно*** *дете.*
▪ ***Мирно*** *време.*
▪ ***Мирна*** *река.*

1. Што го нарушува мирот; палав, бесен; 2. Разбранет; 3. Што има нереди, војни; 4. Возбуден, неспокоен.

▪ ***Немирно*** *дете.*
▪ ***Немирно*** *време.*
▪ ***Немирна*** *река.*

МИРЕН – БУРЕН
СПОКО́ЙНЫЙ/МИ́РНЫЙ – БУ́РНЫЙ

Што е спокоен, тивок; што не предизвикува возбуда; што нема брзи, нагли, силни промени и случувања.

Неспокоен, немирен; што предизвикува возбуда; што има брзи, нагли, силни промени и случувања.

▪ ***Мирно*** *море.*
▪ *Вчера имавме* ***мирен*** *ден.*

▪ ***Бурно*** *море.*
▪ *Нѐ очекуваат* ***бурни*** *времиња.*

МИРНО – БУРНО
СПОКО́ЙНО – БУ́РНО

Спокојно, тивко.

Немирно, живо, силно, гласно.

▪ *Реагира* ***мирно****.*

▪ *Реагира* ***бурно****.*

МИРЕН – ГНЕВЕН
СПОКО́ЙНЫЙ – ГНЕ́ВНЫЙ

Што е спокоен; што не е возбуден; што не е лут.

Што е многу налутен; бесен; исполнет со гнев.

Едни раце два-
раце господови,
раце целатови,
раце гробарови,
раце војникови,
раце човекови
и раце етиц.
без кои гревот помал ќе е грев
без кои доброто смисла ќе нема,
светли и темни,
нежни и груби,
мирни *и* ***гневни****,*
неопходни наши
трансмисии и парадокси! Г. Тодоровски*, Зборови од земја и од злато.*

МИРЕН – НАСИЛЕН
МИ́РНЫЙ – НАСИ́ЛЬСТВЕННЫЙ

1. Што не го нарушува мирот; 2. Што се прави без насилство, без војна; 3. Што покажува душевна рамнотежа; спокоен.	1. Што го нарушува мирот; 2. Што се прави со нереди, со војна; 3. Што употребува сила; агресивен.
▪ ***Мирни*** *демонстрации.*	▪ ***Насилни*** *демонстрации.*

Сета драма...во идните години ќе се растргнува токму во опцијата да се создаде мултиетничка и мултиконфесионална демократска Палестина. Само ќе остане неизвесноста: дали ова да биде со ***мирни*** *и или со* ***насилни*** *средства.* Л. Старова*, Амбасади.*

МИРЕН – ПАЛАВ
СПОКО́ЙНЫЙ – ОЗОРНО́Й/ШАЛОВЛИ́ВЫЙ

Што не го нарушува мирот; послушен, кроток.	Што го нарушува мирот; немирен, непослушен,бесен.
▪ ***Мирни*** *деца.* ▪ ***Мирно*** *куче.*	▪ ***Палави*** *деца.* ▪ ***Палаво*** *куче.*

несв. **МИРИ(СЕ) – КАРА(СЕ)**
МИРИ́ТЬ(СЯ) – ССО́РИТЬ(СЯ)

Прави, посредува да се смират, повторно да воспостават односи; повторно воспоставува односи со некого.	Предизвикува караница; прекин на односите; прекинува односи со некого.
▪ *Татко́то ги* ***мири*** *децата.* ▪ *Често* ***се караат*** *и* ***се мират****.*	▪ *Мајката ги* ***скарува*** *синот и снаата.*

св. **СМИРИ(СЕ) – СКАРА(СЕ)**
ПОМИРИ́ТЬ(СЯ) – ПОССО́РИТЬ(СЯ)

Направи, помогне да се смират; повторно воспостави односи со некого.	Предизвика караница; прекине односи со некого.
▪ *Ги* ***смири*** *колешките.* ▪ ***Се смирија*** *колешките.*	▪ *Ги* ***скара*** *комшиите.* ▪ ***Се скараа*** *комшиите.*

МЛАД – СТАР
МОЛОДО́Й – СТА́РЫЙ

1. Кој има малку години; мал по возраст; 2. Што е направен, произведен, израснат неодамна; 3. Формиран, изграден неодамна.

▪ ***Младо*** *момче.*
▪ ***Млад*** *даб.*
▫ ***Млада*** *држава.*

1. Кој има многу години; кој достигнал старост; 2. Што е направен, произведен, израснат одамна; 3. Формиран изграден одамна.

▪ ***Стар*** *човек*
▪ ***Стар*** *даб.*
▪ ***Стара*** *држава.*

Мојата мајка е ***стара****, и јас ѝ ја оставив ќерката да ѝ се најде во старост, да знаете, јас не земам за жена* ***млада*** *девојка: младите не знаат да простат и секој ден ти носат караници на главата.* М. Фотев*, Потомците на Кат;*

Ракијата е убава, велам, ако е ***стара*** *и домашна, а жената е убава, ако е* ***млада*** *и туѓа.* П. М. Андреевски*, Пиреј;*

Таму има едно девојче што се плаши од грубоста на ***младите*** *луѓе и затоа засакува* ***стар*** *човек.* Б. Конески*, Средба во рајот.*

несв. **МЛАДЕЕ – СТАРЕЕ**
МОЛОДЕ́ТЬ – СТАРЕ́ТЬ

Станува помлад; подмладува се.

▪ *Откако се вљуби почна да* ***младее****.*

Станува постар.

▪ *Населението почнува да* ***старее****.*

МЛАДЕШКИ – СТАРЕЧКИ/СТАРСКИ
ЮНОШЕСКИЙ – СТА́РЧЕСКИЙ

Типичен за млади луѓе; млад или помлад на изглед.

▪ ***Младешки*** *живот.*
▪ ***Младешко*** *лице.*

Типичен за стари луѓе; така како кај старите.

▪ ***Старечки*** *живот.*
▪ ***Старечко*** *однесување.*

МЛАДОЛИК – СТАРОЛИК
МОЛОЖА́ВЫЙ – СТАРООБРА́ЗНЫЙ

Кој изгледа помлад од од своите години.

Кој има старечки лик, кој оддава впечаток на стар.

▪ *Мојот тато е* ***младолик*** *за неговите години.*

▪ *Млад е, а има* ***старолико*** *лице.*

МЛАДОСТ – СТАРОСТ
МО́ЛОДОСТЬ – СТА́РОСТЬ

Животно доба од крајот на детството до зрелата возраст.

Животно доба по зрелоста, кога постепено слабее дејноста на организмот.

Мислите на страв, мислите на болка и мислите на грижа ја предизвикуваат грдоста што ја викаме ***старост****! Мислите на веселост, мислите на љубов и мислите на идеали ја создаваат убавината што ја викаме* ***младост****.* Д. Михајловски*, Избор;*

Има таква љубов што сака да ни помогне и, кога треба, да земе спремно на себе дел од нашата тежина. Таа прави де е ***младоста*** *убава и полетна, а* ***староста*** *да иде како спокојно зреење.* Б. Конески*, Средба во рајот;*

Тоа се две трики слабости, без кои му се чини ***младоста*** *не само незамислива туку и* ***староста*** *неосмислена.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Збирај на ***младост****, да имаш на* ***старост****. Посл.*

МНОГУ – МАЛКУ
МНО́ГО – МА́ЛО

1. Во голема количина; 2. Во голема мера; 3. Временски долго; 4. Во голем степен; повеќе од доволно.

1. Во мала количина; 2. Во мала мера; 3. Временски кратко; 4. Во мал степен; недоволно.

Донесов две-три бутилчики ама ги смукнавме уште првиот ден, па на другите им го покажував шишето, и им велев, ета називаетсја вотка, така да знаете ни ***многу*** *ни* ***малку*** *туку 40 града оган ми ти има!* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Вистина, сиромашните имаат ***малку****, ама даваат* ***многу****.* П. М. Андреевски*, Последните селани;*

Кој сака ***многу****, без* ***малку*** *останува. Посл.*

МНОГУМИНА/МНОЗИНА – МАЛКУМИНА/МАЛЦИНА
МНО́ГО ЛЮДЕ́Й/МНО́ГИЕ – МА́ЛО/НЕМНО́ГО ЛЮДЕ́Й

Многу луѓе.

Малку луѓе.

▪ ***Многумина*** *дојдоа на изложбата.*

▪ ***Малкумина*** *го решија тестот.*

МНОГУБРОЕН – МАЛУБРОЕН
МНОГОЧИ́СЛЕННЫЙ – МАЛОЧИ́СЛЕННЫЙ

Што е во голем број.

Што е во мал број.

▪ *Имавме* ***многубројни*** *проблеми за решавање.*

▪ ***Малубројни*** *се оние што доаѓаат редовно на час.*

МНОЗИНСТВО – МАЛЦИНСТВО
БОЛЬШИНСТВО́ – МЕНЬШИНСТВО́

Поголем дел, поголем број од целина, од група.

Помал дел, помал број од целина, од група.

▪ *Законот беше усвоен со* ***мнозинство*** *гласови.*

▪ *Парламентарното* ***малцинство*** *гласаше против.*

И што е толку лошо ако ***малцинството*** *во таа нова општина што ќе ме централизира стане* ***мнозинство****? Не се белким нашите ко оние на Косово, а? Нема белким, ако сѝобудалат заради нешто да ми го запалат свети Ѓорѓи?* Д. Михајловски, *Колумни.*

МОБИЛИЗАЦИЈА – ДЕМОБИЛИЗАЦИЈА
МОБИЛИЗА́ЦИЯ – ДЕМОБИЛИЗА́ЦИЯ

Повикување на воените обврзници во активна служба.

Премин на вооружените сили од воена во мирновременска служба.

▪ *Се врши* ***мобилизација****, не е на добро.*

▪ ***Демобилизацијата*** *ја дочекаа со радост.*

св. несв. **МОБИЛИЗИ́РА – ДЕМОБИЛИЗИ́РА**
МОБИЛИЗОВА́ТЬ – ДЕМОБИЛИЗОВА́ТЬ

Повика и вклучи во воена служба.

Отпушти од воена служба.

▪ *Го* ***мобилизираа*** *млад.*

▪ *Го* ***демобилизираа*** *по војната.*

МОДЕРЕН – СТАРОМОДЕН
МО́ДНЫЙ – СТАРОМО́ДНЫЙ

Што одговара на актуелната мода; што е актуелен, современ.

Што не одговара на актуелната мода; што не е актуелен, не е современ.

▪ ***Модерно*** *палто.*
▫ ***Модерни*** *сфаќања.*

▪ ***Старомоден*** *фустан.*
▫ ***Старомодни*** *сфаќања.*

МОДЕРЕН – ЗАСТАРЕН
МО́ДНЫЙ – УСТАРЕ́ЛЫЙ

Што е во склад со сегашноста; современ.

Што не е повеќе актуелен; што е надминат.

▪ ***Модерен*** *метод на учење.*

▪ ***Застарен*** *начин на лечење.*

МОЖЕН – НЕМОЖЕН
ВОЗМО́ЖНЫЙ – НЕВО́ЗМОЖНЫЙ

Што може да постои; што може да се замисли; што може да се случи; остварлив.

Што не може да постои; што не може да се замисли; што не може да се случи; неостварлив.

На поворјницата се изредија сите ***можни*** *и* ***неможни*** *благослови и на сите Митра викаше„амин“, иако во себеси си повторуваше на благословот „да ни е жив новиот човек“.* С. Попов*, Крпен живот.*

МОЖНО – НЕМОЖНО
МО́ЖНО – НЕВОЗМО́ЖНО/НЕЛЬЗЯ́

Остварливо, возможно.

Неостварливо, невозможно.

▪ *Дали е* ***можно*** *да се помине или е* ***неможно****?, праша тој.*

МОЖНОСТ – НЕМОЖНОСТ
ВОЗМО́ЖНОСТЬ – НЕВОЗМО́ЖНОСТЬ

Остварливост, возможност.

Неостварливост, неисполнивост.

▪ *Имаа* ***можност*** *за средба.*

▪ *Ја нервираше* ***неможноста*** *да се видат.*

МОЈ – ТУЃ
МОЙ – ЧУЖО́Й

Што ми припаѓа мене;
што ми е близок; свој.

Што му припаѓа на друг;
што не е свој; странски.

Верувајте ми, ја пресеков секоја можност, го потиснав секој нагон, ***туѓ*** *или* ***мој****, што можеше намерно или случајно да предизвика кога било и каква било живост во тој, од човечка гледна точка, ептен мртов стан.* Д. Михајловски*, Избор;*

По својот толкав престој горе сакаше да знае дали има нешто негово на небото. Што е ***мое****, а што е* ***туѓо*** *на небово? Како да ги одредам межниците?* Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија.*

МОЛК – ВРЕВА
ТИШИНА́ – ШУМ/ГАМ

Длабока тишина, молчење.

Гласно, силно зборување, викање, џагор.

▪ *Кога влезе учителката во класот престана* ***вревата*** *и завладеа* ***молк****.*

МОЛК – БУКА
МОЛК – ШУМ

Длабока тишина; молчење.

Гласен, непријатен звук од движење, тропање, викање.

Ушите му сунат, од ***молкот*** *на Праѓа преку* ***буката*** *на патот до мрморот на овој град.* Д. Солев*, Црно огледало.*

МОМА – МОМЧЕ
ДЕ́ВУШКА – ЮНОША/ПА́РЕНЬ

Младо лице од женски пол што не е во брак.

Младо лице од машки пол што не е во брак.

На Велигден рано в црква одат само старците, мали деца, ***момчиња*** *што си дошле од овци, од говеда и* ***моми*** *што сакаат да се причестат.* С. Попов*, Крпен живот.*

МОНТА́ЖА – ДЕМОНТА́ЖА
МОНТА́Ж/СБО́РКА – ДЕМОНТА́Ж/РАЗБО́РКА

Составување и местење машини, апарати, градби, конструкции од готови делови.

Расклопување машини, апарати, градби, конструкции и вадење од нивното место.

Во 1986 година завршува најсложената... операција на РТС во нејзиното постоење: преку своевиден технички подвиг на вработените од техниката, по целосната ***демонтажа*** *и* ***монтажа*** *на уредите, без прекин на програмата, беше извршено пренесување на сигналот од населбата Нерези во новиот РТВ дом...* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

МОРАЛЕН – АМОРАЛЕН
МОРА́ЛЬНЫЙ – АМОРА́ЛЬНЫЙ
НРА́ВСТВЕННЫЙ – БЕЗНРА́ВСТВЕННЫЙ

Што се однесува на морал; што ги почитува моралните норми; чесен, исправен.

Што се однесува на аморал; што не ги почитува моралните норми; нечесен, неискрен.

▪ ***Моралните*** *вредности денес се поинакви.*

▪ *Тој е* ***аморален*** *и неодговорен тип.*

МОЌ – НЕМОЌ
СИ́ЛА – БЕССИ́ЛИЕ
МОЩЬ/МОГУ́ЩЕСТВО – СЛА́БОСТЬ/БЕСПО́МОЩНОСТЬ

Голема сила, способност за дејствување, за совладување; власт, влијание.

Недостиг, немање сила; слабост; беспомошност.

▪ *Има* ***моќ,*** *не можат да го победат.*

▪ *Го загрижуваше* ***немоќта*** *на татко му.*

'Армијата е нација во нацијата: таа е порок на нашето време'!, запрев на една мисла на Вињи, кога високиот офицер со босанско, муслиманско презиме на 'иќ' задоволно го завршуваше предавањето, покажувајќи ја ***моќта*** *на нашата одбранбена стратегија и* ***немоќта*** *на 'западниот империјализам' да нè загрози преку Јадранското Море!* Л. Старова, *Амбасади.*

МОќЕН – НЕМОќЕН
СИ́ЛЬНЫЙ – БЕССИ́ЛЬНЫЙ

Што има голема сила, јак, снажен; што има влијание, власт; што може.

Што му недостига сила, јачина, снага; што нема власт, влијание; беспомошен.

▪ *Тој е **моќен** да се справи со сите проблеми.*

▪ ***Немоќен** е да ги реши овие прашања.*

*Кон **немоќните**, кон отсутните, сме секогаш безмилосни отколку пред **моќните**. Храброста е да се најде вистинска рамнотежа.* Л. Старова*, Амбасади.*

МОќНОСТ – НЕМОќНОСТ
СИ́ЛА – БЕССИ́ЛИЕ

Особина на она што е моќно; сила, снага.

Особина на она што е немоќно; слабост, бессилие.

▪ *Ја злоупотребуваше својата **моќност**.*

▪ ***Немоќноста** да ја продолжи работата го фрли во очај.*

МОќЕН – СЛАБ
МО́ЩНЫЙ – БЕСПО́МОЩНЫЙ
МОГУ́ЩЕСТВЕННЫЙ – СЛА́БЫЙ

Што има голема сила, јак, снажен.

Што му недостига сила, јачина, снага.

▪ ***Моќен** противник.*
▪ ***Моќен** мотор.*

▪ ***Слаб** противник.*
▪ ***Слаб** мотор.*

МРЗЛИВ – ВРЕДЕН
ЛЕНИ́ВЫЙ – ТРУДОЛЮБИ́ВЫЙ

Што не сака да работи; што избегнува работа; неработлив.

Што работи со љубов; што работи напорно и пожртвувано.

▪ *Тој има **мрзлива** жена.*
▪ *Тешко се соработува со **мрзлив** човек.*

▪ *Брат ми е **вреден** човек.*
▪ *Во класот имаме многу **вредни** ученици.*

МРЗЛИВ – ТРУДОЉУБИВ
ЛЕНИ́ВЫЙ – ТРУДОЛЮБИ́ВЫЙ

Што не сака да работи;
што избегнува работа.

▪ ***Мрзлив*** *човек.*

Што не избегнува работа;
што работи напорно.

▪ ***Трудољубив*** *човек.*

МРЗЛИВОСТ – ТРУДОЉУБИВОСТ
ЛЕНЬ – ТРУДОЛЮ́БИЕ

Отсуство на желба
за работа.

Желба за работа; љубов
кон работата.

▪ ***Мрзливоста*** *и* ***трудољубивоста*** *се најчесто застапени теми во фолклорот.*

МРЗЛИВ – РАБОТЛИВ
ЛЕНИ́ВЫЙ – РАБОТЯ́ЩИЙ

Што не сака да работи;
што избегнува работа.

▪ ***Мрзлива*** *снаа.*

Што работи со љубов;
што работи напорно.

▪ ***Работлива*** *свекрва.*

МРЗЛИВОСТ – РАБОТЛИВОСТ
ЛЕНЬ – ТРУДОЛЮ́БИЕ

Отсуство на желба
за работа.

▪ *Од* ***мрзливост*** *гладува.*

Желба за работа; љубов
кон работата.

▪ *Ја наградуваат неговата* ***работливост****.*

МРСЕН – ПОСЕН
СКОРО́МНЫЙ – ПО́СТНЫЙ

Храна што содржи
маснотии; јадење
направено со продукти
од животинско потекло.

▪ ***Мрсно*** *сирење.*

Храна што не содржи
продукти од животинско
потекло; храна што не
содржи маснотии.

▪ ***Посна*** *манџа.*

МРСЕЊЕ – ПОСТЕЊЕ
ЕСТЬ СКОРО́МНОЕ – ПОСТ

Јадење масна храна.

Воздржување од масна храна.

▪ *Пред Велиг̑ден нема* ***мрсење****.*

▪ ***Пос̄т̄ењет̄о*** *било корисно за орг̑анизмот̄.*

несв. **МРСИ – ПОСТИ**
СКОРО́МИТЬСЯ – ПОСТИ́ТЬСЯ

Јаде мрсна храна.

Јаде посна храна.

▪ ***Мрсам*** *во п̄ет̄ок.*

▪ ***Пос̄т̄и*** *секој п̄ет̄ок.*

МУДАР – ГЛУПАВ/ГЛУП
МУ́ДРЫЙ – ГЛУ́ПЫЙ

Паметен, разумен; итар.

Што има ограничени умствени способности; ограничен, тап; бесмислен.

▪ *Донесе* ***мудро*** *решение.*

▪ *Најправи* ***г̑луп̄ава*** *шег̑а.*

МУДРОСТ – ГЛУПОСТ
МУ́ДРОСТЬ – ГЛУ́ПОСТЬ

Особина на оној што е мудар; својство на она што е мудро; способност за зрело расудување, умствена зрелост.

Особина на оној што е глуп; својство на она што е глупо; ограниченост.

▪ ***Мудрос̄т̄а*** *доаѓ̑а и со г̑одинит̄е.*

▪ ***Глупос̄т̄а*** *нема г̑раници.*

Н

НА – ПОД
НА – ПОД

Означува предмет, место на чија површина се наоѓа нешто; предмет, место кон чија површина е упатен некој или нешто.

Укажува на предмет, место, под кого нешто или некој се наоѓа или нешто се случува или се упатува.

▪ ***На*** *планината има езеро.*

▪ ***Под*** *планината има село.*

НА *разг.* – ДАЈ
НА – ДАЙ

Частица што се употребува при подавање.

Заповедна форма од даде.

▪ ***На*** *ти ги книгите.*
▪ ***На****, земи пари.*

▪ ***Дај*** *ми ги клучевите.*
▪ ***Дај*** *повеќе.*

НАВАКА – НАТАКА
СЮДА́ – ТУДА́

1. На оваа страна, во оваа насока; 2. Од одреден момент во минатото до сега.

1. На таа страна, во таа насока; 2. Во продолжение.

Се зашуткав ***натака навака****, ја прегазив Давидица и ги прашав првите двајца орачи што ги сретнав дали ги виделе манастирските воленца.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

св. НАВАЛИ(СЕ) – ИСПРАВИ(СЕ)
НАГНУ́ТЬ(СЯ) – ВЫ́ПРЯМИТЬ(СЯ)

Настрани, наведне на една страна; настрани се, наведне се на една страна.

Намести нешто да стои право; застане право.

▪ *Ја* ***навали*** *вазната, ќе падне.*
▪ ***Се навалил*** *како да е старец.*

▪ ***Исправи*** *ја свеќата.*
▪ ***Исправи се*** *кога пишуваш.*

несв. **НАВАЛУВА(СЕ) – ИСПРАВА(СЕ)**
ГНУ́ТЬ(СЯ)/НАКЛОНЯ́ТЬ(СЯ) – ВЫПРЯМЛЯ́ТЬ(СЯ)

Настранува, наведнува на една страна; настранува се, наведнува се на една страна.

Мести нешто да стои право; застанува право.

▪ *Ја* ***навалува*** *вазната.*
▪ ***Се навалува*** *како да е стар̀ец.*

▪ ***Ја испр̀ава*** *свеќата.*
▪ ***Испр̀авај се*** *кога̀ пишуваш.*

НАВАМУ – НАТАМУ
СЮДА́ – ТУДА́

1. На оваа страна, во оваа насока; 2. Од одреден момент во минатото до сега.

1. На таа страна, во таа насока; 2. Во продолжение.

Ние ***натàму****, тùе* ***наваму****, едни* ***натàму****, дрȕги* ***наваму****, а ние стр̀аневме каде белееја фустани.* Т. Георгиевски*, Земјàта на Христ̀ос;*

Јас да тùи се смалам колку едно тòпувче и да тùи се најдам во едно цедило врзано за две цр̀еши, летàм ***наваму****,* ***натàму*** *и слушам едно нани, нани, мајкино...* Т. Георгиевски*, Земјàта на Христ̀ос;*

Лидија и Тимотеј веќе г̄и имаа сетено лùтите рани љубовни зададени од сабјàта на љубовта... Таа двàјати мина низ срцàта нивни: еднаш ***наваму****, прекутр̀уа, во негòвото, и еднаш* ***натàму****, цик-цак, во нејзиното.* Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија.*

св. **НАВЕДНЕ(СЕ) – ИСПРАВИ(СЕ)**
НАГНУ́ТЬ(СЯ)/НАКЛОНИ́ТЬ(СЯ) – ВЫ́ПРЯМИТЬ(СЯ)

Мрдне глава или тело надолу или напред; свитка надолу; свитка се напред, надолу.

Мрдне глава или тело нагоре; намести право, исправено; застане право, исправено.

▪ *Ја* ***наведнàв*** *г̄лавàта.*
▪ ***Се наведнàв*** *да г̄о бакнам.*

▪ *Ја* ***испр̀авив*** *книг̄àта.*
▪ ***Се испр̀ави*** *пр̀ед мене.*

Така удираме: ***наведни се****,* ***испр̀ави се****, а нивàта само ви се з̄големува. Да ја одиш не се доодува, мислиш.* П. М. Андреевски*, Пирèј.*

несв. **НАВЕДНУВА(СЕ) – ИСПРАВА(СЕ)**
ГНУ́ТЬ(СЯ)/НАКЛАНЯ́ТЬ(СЯ) – ВЫПРЯМЛЯ́ТЬ(СЯ)

Мрда глава или тело надолу или напред; витка надолу; витка се напред, надолу.

Мрда глава или тело нагоре; става право, исправено; застанува право, исправено.

▪ *Ја* ***наведнува*** *главата.*

▪ *Го* ***исправам*** *грбот.*

НАВИКА/НАВИК – ОДВИКА/ОДВИК
НА́ВЫК/ПРИВЫ́ЧКА – ОТВЫКА́НИЕ/ОТВЫ́ЧКА

Поведение, начин на однесување, склоност што со долго повторување станала вообичаена, постојана.

Напуштање, губење навика.

Навиката *е една мака, што велат, а* ***одвиката*** *сто и една... Еднаш дури и мене ме натера да се натијам.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

св. **НАВИКНЕ(СЕ) – ОДВИКНЕ(СЕ)**
ПРИВЫ́КНУТЬ – ОТВЫ́КНУТЬ

Направи да добие некаква навика; стекне навика; стекне се со навика; научи се.

Натера некого да напушти навика; изгуби навика; одучи се.

▪ *Го* ***навикна*** *на шетање.*
▪ ***Се навикнав*** *на убав живот.*

▪ *Го* ***одвикна*** *од пиење.*
▪ *Не* ***се одвикна*** *од пиење.*

несв. **НАВИКНУВА(СЕ) – ОДВИКНУВА(СЕ)**
ПРИВЫКА́ТЬ – ОТВЫКА́ТЬ

Прави да добие некаква навика; стекнува навика; стекнува се со навика; учи се.

Тера некого да напушти навика; губи навика; одучува се.

▪ *На убаво брзо* ***се навикнуваме****.*

▪ *Од коцкање тешко* ***се одвикнува.***

несв. **НАГОВАРА – ОДВРАЌА**
УГОВА́РИВАТЬ – ОТГОВА́РИВАТЬ

Убедува, тера некого на нешто; поттикнува.

Убедува некого да се откаже од нешто; оттргнува од намера.

▪ *Го* ***наговара*** *да му прави друштво.*

▪ *Го* ***одвраќа*** *од намерата да се откаже од испит.*

св. **НАГОВОРИ – ОДВРАТИ**
УГОВОРИ́ТЬ – ОТГОВОРИ́ТЬ

Убеди, натера некого на нешто; поттикне.

Убеди некого да се откаже од нешто; оттргне од намера.

▪ *Го* ***наговори*** *да купи нова кола.*

▪ *Го* ***одврати*** *од намерата да оди во Шпанија.*

НАГОРЕ – НАДОЛУ
ВВЕРХ – ВНИЗ

Насочено во височина, кон горе; кон повисоко место, кон врвот.

Насочено кон пониско место, кон долу.

На средето куќата се дели на два дела, но не со преграда, ами со една долга греда колку што е широка куќата... спружена од едниот до другиот sид поземи; таа греда се вика „долното било“. Од гредата ***нагоре*** *„горни крај“, а од неа* ***надолу*** *– „долни крај“, каде што останууваат и вратите.* С. Попов*, Крпен живот;*

Знаете, не ми падна тешко ни од качувањето ***нагоре надолу****, ни од носењето на штиците, од редењето – ама ете, нешто во градите ме стисна.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Пука глината на нивите, пука кожата на образот, пука обрачот на срцето. Огнот расте – однатре нанадвор, однадвор навнатре, оддолу ***нагоре****, одгоре* ***надолу****, вдолж и попреку – смалувајќи ги нештата до нивниот зародиш во згаснатата жар.* Д. Солев*, Црно огледало.*

НАГОРНИНА – НАДОЛНИНА
ПОДЪЁМ – СПУСК

Дел од пат што се искачува нагоре;

Дел од пат што се спушта надолу;

стрмно место.

▪ *По* ***наѓорнина*** *се оди тешко.*

место по кое се слегува.

▪ *По* ***надолнина*** *е лесно.*

НАГРАДА – КАЗНА
НАГРА́ДА – НАКАЗА́НИЕ

Признание за особени заслуги, успеси, постигања; надомест, плата за извршена работа.

Мерка што се применува кон некого поради некаква вина, направен престап, пропуст, злосторство и сл.

Секој се раѓа со пресуда на челото, со тоа што таа пресуда во почетокот не е ни ***награда*** *ни* ***казна****.* М. Јовановски*, Патот до осаматa.*

св. ## НАГРАДИ – КАЗНИ
НАГРАДИ́ТЬ – НАКАЗА́ТЬ

Додели, даде награда; плати за извршена работа.

Донесе одлука за казна, изрече казна.

▪ *Го* ***наградија*** *за одличен успех.*

▪ *Го* ***казнија*** *поради неуспех.*

несв. ## НАГРАДУВА – КАЗНУВА
НАГРАЖДА́ТЬ – НАКА́ЗЫВАТЬ

Доделува, дава награда; плаќа за извршена работа.

Донесува одлука за казна, изрекува казна.

▪ *Ги* ***наградуваат*** *за одличен успех.*

▪ *Го* ***казнуваат*** *често поради брзо возење.*

НАД – ПОД
НАД/НАДО – ПОД/ПОДО

1. На повисоко место од нешто; 2. Повеќе; 3. Подолго.

▪ ***Над*** *масата има ѓоблен.*
▪ *Чекам* ***над*** *дваесет минути.*

1. На пониско место од нешто; 2. Помалку; 3. Пократко.

▪ ***Под*** *масата лежи маче.*
▪ *Нема да трае* ***под*** *два часа.*

„Се надевам дека го поддржавте, мислам му влеавте надеж“? Реков. „Надеж, нему“? Не, вие не сфаќате за каков човек ви зборувам. Едноставно тој беше ***над*** *надежта или* ***под*** *неа...* Д. Михајловски*, Избор;*

*Од примерот се гледа дека целата и половината пауза се бележат со еднаков знак, со тоа што знакот за цела пауза се пишува **под** четвртата линија, а знакот за половина пауза се пишува **над** третата линија.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

НАДАРЕН – БЕЗДАРЕН
ОДАРЁННЫЙ – БЕЗДА́РНЫЙ

Талентиран.

▪ ***Надарена** е за музика.*

Лишен од талент.

▪ *Тој е **бездарен** за пеење.*

НАДЗЕМЕН – ПОДЗЕМЕН
НАДЗЕ́МНЫЙ – ПОДЗЕ́МНЫЙ

Што се наоѓа над површината на земјата.

▪ ***Надземен** транспорт.*

Што се наоѓа под површината на земјата.

▪ ***Подземен** транспорт.*

*Како се забавува растењето на дрвото? – Со кратење на кореновиот систем, ама мора да има балансиран однос на **надземниот** и **подземниот** дел на растението, Интервју.*

НАЛЕВО – НАДЕСНО
ВЛЕ́ВО/НАЛЕ́ВО – ВПРА́ВО/НАПРА́ВО

На лева страна; од лева страна.

На десна страна; од десна страна.

*Ама ти послушавме, а и што можевме друго, па тој ррр ррр и ние клекни стани, клекни стани, сврти се **налево**, сврти се **надесно**, рацете на слабини па напред назад, или виј се од половината нагоре...* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

*Во тој вител од натиснати луѓе двајцата беа носени ту **налево** ту **надесно**...* Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија.*

НАМЕРЕН – СЛУЧАЕН
НАМЕ́РЕННЫЙ/СОЗНА́ТЕЛЬНЫЙ – СЛУЧА́ЙНЫЙ

Што е направен со намера; смислен, свесен.

▪ ***Намерна** средба.*
▪ ***Намерен** удар.*

Што е направен без намера; непланиран, неочекуван.

▪ ***Случајна** средба.*
▪ ***Случаен** удар.*

НАМЕРНО/НАРОЧНО – СЛУЧАЈНО
НАРО́ЧНО – СЛУЧА́ЈНО

Смислено, свесно, плански; со цел; специјално.

Ненамерно, непредвидено.

Верувајте ми, ја пресеков секоја можност, го потиснав секој нагон, туѓ или мој, што можеше ***намерно*** *или* ***случајно*** *да предизвика кога било и каква било живост во тој, од човечка гледна точка, епитен мртов стан.* Д. Михајловски*, Избор;*

Требаше одеднаш да му пристапам, да трчкам да го привтасам во ходникот, да го пречекам како ***случајно*** *на скали или, боже мој!, да му одам* ***нарочно*** *за тоа в канцеларија.* Б. Конески*, Средба во рајот.*

НАМЕРНО – НЕНАМЕРНО
НАМЕ́РЕННО – НЕЧА́ЯННО

Смислено, свесно, плански.

Несмислено, непредвидено.

... има некој во училиштето којшто, ***намерно*** *или* ***ненамерно****, сеедно, поставува толку високи критериуми за претежно ниската култура на живеење во повоената Битола.* Д. Михајловски*, Избор.*

НАМЕРНО – ТУКУТАКА
НАМЕ́РЕННО/НАРО́ЧНО – ПРО́СТО ТАК

Со намера; нарочно.

▪ ***Намерно*** *дојде, да дознае.*

Без причина; без цел.

▪ *Тој не дојде* ***тукутака****.*

св. НАНИЖЕ – РАЗНИЖЕ/ОДНИЖЕ
НАНИЗА́ТЬ – РАЗНИЗА́ТЬ/РАСПУСТИ́ТЬ

Надене на конец, направи низа.

▪ ***Нанижа*** *ѓердан од бисер.*
▪ ***Нанижа*** *низа пиперки.*

Извади од конец, растури низа.

▪ ***Разнижа*** *ѓердан.*
▪ *Ја* ***разнижа*** *низата.*

НАПАД – ОДБРАНА
НАПАДЕ́НИЕ – ОБОРО́НА

1. Дејство против некого или нешто заради уништување,

1. Активност, дејство заради спречување и отстранување

нанесување пораз; 2. Вербално обвинување; остра критика.

▪ *Ја брани земјата од* ***напад***.
▪ *Имаше* ***напади*** *на изнесените тези.*

на некаква опасност (напад и сл.); 2. Заштита од вербален напад, од критика.

▪ *Земјата е подготвена за* ***одбрана***..
▪ *Тој се вклучи во* ***одбрана*** *на книгата.*

св. **НАПАДНЕ – ОДБРАНИ(СЕ)**
НАПА́СТЬ – ЗАЩИТИ́ТЬ(СЯ)

1. Изврши напад;
2. Изврши вербален напад, искритикува.

▪ *Го* ***нападнаа*** *кучиња на улица.*
▪ *Го* ***нападна*** *квалитетот на услугата.*

1. Одбие напад; ослободи од опасност; 2. Одбрани се од напад, заштити.

▪ *Едвај* ***се одбрани*** *од кучиња.*
▪ *Го* ***одбрани*** *своето дело.*

несв. **НАПАЃА – БРАНИ(СЕ)**
НАПАДА́ТЬ – ЗАЩИЩА́ТЬ(СЯ)

1. Врши напад;
2. Врши вербален напад, критикува.

▪ *Ме* ***напаѓаа*** *на улица.*
▪ *Го* ***напаѓа*** *неговото дело.*

1. Одбива напад;
2. Брани (се) од напад.

▪ ***Се бранам*** *од кучиња.*
▪ *Го* ***брани*** *своето дело.*

НАПАД – ЗАШТИТА
НАПАДЕ́НИЕ – ЗАЩИ́ТА

1. Дејство насочено кон уништување или пораз на некого или нешто; 2. Остра критика.

▪ *Во* ***напад*** *се пуштија сите.*
▪ *Не дозволува никакви* ***напади*** *врз неа.*

1. Засолнување од опасност; 2.Поддршка,покровителство, одбрана.

▪ *Полицијата ќе обезбеди* ***заштита***.
▪ *Таа е под* ***заштита*** *на шефот.*

св. **НАПАДНЕ – ЗАШТИТИ(СЕ)**
НАПА́СТЬ – ЗАЩИТИ́ТЬ(СЯ)/ОТСТОЯ́ТЬ

1. Изврши напад; во напад е; обиде се да повреди, наштети; 2. Искритикува.	1. Одбрани(се) од напад, од повреда, од уништување; 2. Од критика.
▪ *Го* ***нападнаа*** *физички.*	▪ *Ја* ***заштити*** *од хулиганите.*
▪ *Ја* ***нападнаа*** *за книгата.*	▪ *Ја* ***заштити*** *од колегите.*

несв. **НАПАЃА – ЗАШТИТУВА(СЕ)/ШТИТИ(СЕ)**
НАПАДА́ТЬ – ЗАЩИЩА́ТЬ(СЯ)/ОХРАНЯ́ТЬ

1. Извршува напад; во напад е; обидува се да повреди, наштети; 2. Критикува.	1. Брани(се) од напад, од повреда, од уништување; 2. Од критика.
▪ *Го* ***напаѓаа*** *физички.*	▪ *Ја* ***заштитува*** *од хулиганите.*
▪ *Ја* ***напаѓаат*** *за книгата.*	▪ *Ја* ***заштитува*** *од колегите.*

св. **НАПАДНЕ – ОТСТАПИ**
НАПА́СТЬ – ОТСТУПИ́ТЬ

Изврши напад; во напад е.	Повлече се; оддалечи се; попушти.
▪ *Војската* ***нападна***.	▪ *Војската* ***отстапи***.

несв. **НАПАЃА – ОТСТАПУВА**
НАСТУПА́ТЬ – ОТСТУПА́ТЬ

Врши напад; во напад е.	Повлекува се; оддалечува се; попушта.
▪ *Полицијата* ***напаѓа***.	▪ *Криминалците* ***отстапуваат***.

св. **НАПАДНЕ – ПОВЛЕЧЕ СЕ**
НАПА́СТЬ – ОТСТУПИ́ТЬ

Изврши напад; во напад е.	Отстапи; оддалечи се; попушти.
▪ *Другарите го* ***нападнаа***.	▪ *Тој се* ***повлече*** *во себе.*

Двајцата од оние кои му се прикрадуваа на Ќелешот за да го ***нападнат*** *од грб почнаа да се* ***повлекуваат****, но стрелите на Денко беа побрзи...* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот.*

несв. **НАПАЃА – ПОВЛЕКУВА СЕ**
НАСТУПА́ТЬ – ОТСТУПА́ТЬ

Врши напад; во напад е.

Отстапува; оддалечува се; попушта.

▪ *Играчите на „Вардар“* ***напаѓаат****.*

▪ *Играчите на „Динамо“* ***се повлекуваат****.*

Син на воин, рано почнал да ја учи вештината да ***напаѓа*** *со копје и да се брани со меч и штит, да не* ***се повлекува*** *ни голорак пред оружје на враг.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

НАПНАТ – ОЛАБАВЕН
НАТЯ́НУТЫЙ – ОСЛА́БЛЕННЫЙ
НАПРЯЖЁННЫЙ – РАССЛА́БЛЕННЫЙ

1. Силно оптегнат, затегнат;
2. Што е душевно напрегнат, нервозен, загрижен.

1. Што не е добро стегнат;
2. Ослободен од напнатост; смирен, опуштен.

▪ *Многу е* ***напнат*** *конецот, ќе се скине.*
▫ *Секогаш е* ***напнат*** *пред пишување.*

▪ ***Олабавена*** *е жицата.*
▫ *Сега е* ***олабавен****, положи два испита.*

НАПОЛНЕТ – ИСПРАЗНЕТ
ПО́ЛНЫЙ/ЗАРЯ́ЖЕННЫЙ – ПУСТО́Й/РАЗРЯ́ЖЕННЫЙ

Исполнет со нешто колку што собира, докрај.

Со извадена содржина, празен.

▪ *Куферот е* ***наполнет.***
▪ *Телефонот е* ***наполнет.***

▪ *Куферот е* ***испразнет.***
▪ *Телефонот е* ***испразнет.***

св. **НАПРАВИ – РАСИПЕ**
СДЕ́ЛАТЬ/ПОПРА́ВИТЬ – ИСПО́РТИТЬ/СЛОМА́ТЬ

Поправи; изгради; постигне.

Направи да не работи; разруши; растури; намали.

▪ ***Напра̄ви*** *радио.*
▪ ***Напра̄ви*** *ӣграчка.*
▪ ***Напра̄ви*** *ред.*

▪ ***Расипе̄*** *радио.*
▪ ***Расипе̄*** *ӣграчка.*
▪ ***Расипе̄*** *ред.*

св. **НАПРАВИ – УРНЕ**
СОЗДА́ТЬ – РАЗРУ́ШИТЬ

Изгради; создаде.

▪ ***Напра̄вив*** *куќа.*

Разруши; растури.

▪ ***Урнав*** *куќа.*

несв. **НАПРЕГА(СЕ)/НАПРЕГНУВА(СЕ) – ОПУШТА(СЕ)**
НАПРЯГА́ТЬ(СЯ) – РАССЛАБЛЯ́ТЬ(СЯ)

Прави да стане напрегнат; изложува на притисок; вложува голем напор; со сите сили се стреми да направи, да постигне.

▪ *Ги* ***напре̄га*** *ӯшите, сака да чуе.*
▪ ***Се напре̄га*** *да про̄чита.*

Прави да стане помалку напрегнат, неспокоен, загрижен; станува опуштен; релаксира се; ослободува се од страв, трема.

▪ *Ме* ***опӯшта*** *тивка музика.*
▪ ***Се опӯшта*** *со пливање.*

св. **НАПРЕГНЕ(СЕ) – ОПУШТИ(СЕ)**
НАПРЯ́ЧЬ(СЯ) – РАССЛА́БИТЬ(СЯ)

Направи да стане напрегнат; изложи на притисок; вложи голем напор; со сите сили се стреми да направи, да постигне.

▪ *Ги* ***напре̄гна*** *силите и успеа.*
▪ ***Се напре̄гна*** *да разбере.*

Направи да стане помалку напрегнат, неспокоен, загрижен; стане опуштен; релаксира се; ослободи се од страв, трема.

▪ *Ме* ***опӯшти*** *виново.*
▪ ***Се опӯшти*** *со пливање.*

НАПРЕД – НАЗАД
ВПЕРЁД – НАЗА́Д

1. Во насока или на место пред себе; во насока на движењето; 2. Кон подобра позиција, степен; 3. Во или кон предниот дел; 4. Кон иднината.

1. Во спротивна насока од местото на поаѓање; 2. Кон полоша позиција, степен; 3. Во или кон задниот дел; 4. Кон историјата.

Ама ти послушавме, а и што можевме другo, па тој ррр ррр и ние клекни стани, клекни стани, сврти се налево, сврти се надесно, рацете на слабини па ***напред назад****, или виј се од половината нагоре...* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Таму на камените сокаци, меѓу сниските реликтни дуќани што се одржуваа упорно во животот, тој имаше чувство дека е воден од повисока сила и еднаш му се случи да минува од едниот до другиот крај, ***напред*** *и* ***назад****, сè до утрото, понесувајќи силен впечаток дека за сето тоа време се возел во кинеска рикша.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Е, што е тоа брзање, сè само брзање, вели Варвара. И ти правиш ко времето, вели, тоа само ***напред*** *оди, а* ***назад*** *не се враќа.* П. М. Андреевски*, Последните селани.*

НАПРЕДЕН – НАЗАДЕН
ПЕРЕДОВО́Й – ОТСТА́ЛЫЙ

Што застапува нови, модерни идеи; што има и користи современи технологии и методи; развиен; прогресивен.

Што застапува поранешни, стари идеи, сфаќања; што не е доволно развиен; што заостанува; ретроградан.

▪ ***Напредно*** *општество.*
▪ ***Напредни*** *идеи.*

▪ ***Назаден*** *човек.*
▪ ***Назадно*** *сфаќање.*

несв. НАПРЕДУВА – НАЗАДУВА
ПРЕУСПЕВА́ТЬ – ОТСТАВА́ТЬ

Оди, се движи напред; се развива; постигнува успех, резултати.

Не напредува, не се развива; заостанува; се враќа на полоша позиција; не постига резултати.

▪ *Добар е на училиште,* ***напредува****.*

▪ ***Назадува*** *во службата, не се снаоѓа со новите техники.*

...нашиот израз реторичен не ***напредува****, ами всушност* ***назадува****. Ние може да мислиме дека тој е ефикасен затоа што гласови сме добиле, Интервју.*

НАПРЕДЕН – ЗАОСТАНАТ
ПЕРЕДОВО́Й – ОТСТА́ЛЫЙ

Што застапува нови, модерни идеи; што има и користи современи технологии и методи; развиен.

Што застапува поранешни, стари идеи, сфаќања; што не е доволно развиен; што заостанува.

▪ ***Напредно*** *општество.*
▪ ***Напредни*** *методи во наставa.*

▪ ***Заостанато*** *општество.*
▪ ***Заостанати*** *методи во наставa.*

НАПРЕДОК – СТАГНАЦИЈА
ПРОГРЕ́СС – ЗАСТО́Й/СТАГНА́ЦИЯ

Движење напред, напредување.

Застој, опаѓање, запирање.

▪ ***Напредок*** *во економијата.*

▪ ***Стагнација*** *во економијата.*

несв. **НАПРЕДУВА – СТАГНИ́РА**
РАЗВИВА́ТЬСЯ – ОТСТАВА́ТЬ В РАЗВИ́ТИИ

Оди, се движи напред; се развива; постигнува успех, резултати.

Не напредува, стои; заостанува; се враќа на полоша позиција; не постига резултати.

▪ *Производството* ***напредува****.*

▪ *Производството* ***стагнира****.*

НАТАЛИТЕ́Т – МОРТАЛИТЕ́Т
РОЖДА́ЕМОСТЬ – СМЕ́РТНОСТЬ

Број на живородени деца во однос на бројот на населението во определен период.

Број на умрени лица во однос на бројот на населението во определен период.

▪ *Драстично е намален* ***наталитетот*** *во Европа*

▪ *Во неразвиените земји расте* ***морталитетот****.*

несв. **(НА)ТОВАРА(СЕ) – РАСТОВАРА(СЕ)**
ЗАГРУЖА́ТЬ – РАЗГРУЖА́ТЬ

1. Товара, става товар; товара се; 2. Задолжува, оптовара; оптоварува се со задолжение.

▪ *Ја* ***натовара*** *колата со овошје.*
▪ ***Се натоварам*** *со работа.*

1. Ослободува од товар; ослободува се од товар; 2. Ослободува од задолжение; ослободува се од задолжение.

▪ *Го* ***растовара*** *бостаноѓ во двор.*
▪ ***Се растоварува*** *од работа.*

св. **(НА)ТОВАРИ(СЕ) – РАСТОВАРИ(СЕ)**
НАГРУЗИ́ТЬ – РАЗГРУЗИ́ТЬ

1. Товари, стави товар; товари се; 2. Задолжи, оптовари; оптовари се со задолжение.

▪ *Го* ***натоварија*** *камионоѓ со мебел.*
▪ ***Се натоварив*** *со обврски.*

1. Ослободи од товар; ослободи се од товар; 2. Ослободи од задолжение; ослободи се од задолжение.

▪ *Ја* ***растоварија*** *стоката пред продавница.*
▪ ***Се растоварив*** *од обврски.*

НАУТРО – НАВЕЧЕР
У́ТРОМ – ВЕ́ЧЕРОМ

1. Во текот на утрото;
2. Секое утро;
3. Определено утро.

1. Во текот на вечерта;
2. Секоја вечер;
3. Определена вечер.

Се моли така жената, душа ќе излезе од неа, се моли и ***наутро*** *и* ***навечер****, целата само во молитва се стори, сиротa Арна Размеска.* Ж. Чинго*, Накусо;*

Така чекори, така пуши, така зборува – правејќи круг низ градот, натоварен од поштата ***наутро*** *и растоварен од поштата* ***навечер****, како врзан коњ на тврдо гумно.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Кој ***наутро*** *се смее,* ***навечер*** *ќе плаче. Посл.*

НАШ – ТУ́Ѓ
СВОЙ/НАШ – ЧУЖО́Й

1. Што ни припаѓа нам; 2. Што ни е познат; што ни е близок; 3. Домашен.

1. Што му припаѓа на друг; 2. Што не ни е познат; што ни е далечен; 3.Странски.

▪ ***Наша*** *куќа.*
▪ ***Наш*** *човек.*
▪ ***Наше*** *производство.*

▪ ***Туѓа*** *куќа.*
▪ ***Туѓ*** *човек.*
▪ ***Туѓо*** *производство.*

Туѓата *кокошка е поголема од* ***нашата*** *мисирка. Посл.*

НАШ – СТРАНСКИ
НАШ/РОДНО́Й – ИНОСТРА́ННЫЙ
ОТЕ́ЧЕСТВЕННЫЙ – ЗАГРАНИ́ЧНЫЙ

Што ни припаѓа нам; на нашата земја на нашиот народ; домашен.

Што припаѓа на друга земја, на друг народ; туѓ.

▪ ***Наш*** *јазик.*
▪ ***Наш*** *производ.*

▪ ***Странски*** *јазик.*
▪ ***Странски*** *производ.*

Бидејќи јагликата е предвесник на пролетта
а ботаничарите и фармацеутите ја фалат
заради многу аскробинска киселина
бидејќи ***наши*** *и* ***странски*** *аналитичари*
наоѓале во листот нејзин и во цветот нејзин
дури и по 500 и по 600 мг% од витаминот це. Г. Тодоровски, *Зборови од земја и од злато.*

НЕВЕСТА – МЛАДОЖЕНЕЦ/МОМЧЕ
НЕВЕ́СТА/МОЛОДУ́ХА – ЖЕНИ́Х/МОЛОДОЖЁН

Девојка или жена на ден на мажење; млада мажена жена.

Маж на денот на женидбата; зет.

Ете, и ти со ***невеста****, и јас со* ***момче****, па што!* С. Попов, *Крпен живот.*

НЕВИН – ВИНОВЕН
НЕВИ́ННЫЙ – ВИНОВА́ТЫЙ
НЕВИНО́ВНЫЙ – ВИНО́ВНЫЙ

Што нема вина.

▪ ***Невин*** *го избркаа од работа.*

Што има вина.

▪ ***Виновна*** *ли сум што љубам?*

Зола го обвини армискиот генералштаб за фабрикување лажни докази за да ја сокрие сопствената грешка кога сфатил... дека тој бил ***невин****, а друг офицер бил* ***виновен****.* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

НЕПОСРЕДЕН – ПОСРЕДЕН
НЕПОСРЕ́ДСТВЕННЫЙ – ОПОСРЕ́ДСТВОВАННЫЙ

Што се прави, што се случува без посредување; директен, личен.

Што се прави по заобиколен пат, со посредување; индиректен.

Сигурно не е без значење споменатата просторна и социјална дистрибуција на тиражот, односот меѓу објективниот и субјективниот контакт на читателите со весникот, односот меѓу реалните и потенцијалните читатели, односот меѓу ***непосредниот*** *и* ***посредниот*** *контакт на јавноста со овој медиум.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

НЕПОСРЕДНО – ПОСРЕДНО
НЕПОСРЕ́ДСТВЕННО/ЛИ́ЧНО – ОПОСРЕ́ДСТВОВАННО

Без посредување; лично, директно.

Со посредување; индиректно.

...Ѓорѓија Крпач по ништо не се разликуваше од стариот освен по една ситница: секогаш кога луѓето околу него, ***посредно*** *или* ***непосредно****, ќе ја споменеа смртта, на наспаното лице редовно му заигруваше чудна, таинствена насмевка*. Д. Михајловски*, Избор;*

Назад на тереното во името на нашата европска иднина и во името на сите оние што ***непосредно*** *или* ***посредно*** *го сетиле мирисот на насилната смрт за да се спречи и најмалата можност од нови трауми и нови умирања*. Д. Михајловски*, Колумни.*

НЕСЕБИЧЕН – СЕБИЧЕН
БЕСКОРЫ́СТНЫЙ – ЭГОИСТИ́ЧНЫЙ/СЕБЯЛЮБИ́ВЫЙ

Што не е себичен; што не мисли само на својот интерес; што не е егоист.

Што мисли само на себе и на својот интерес; егоист.

▪ ***Несебична*** *постапка.*

▪ ***Себичен*** *човек.*

НЕСЕБИЧНОСТ – СЕБИЧНОСТ
БЕСКОРЫ́СТНОСТЬ – ЭГОИСТИ́ЧНОСТЬ/СЕБЯЛЮ́БИЕ

Особина на оној што не е себичен, што не е егоист.

Особина на оној што е себичен; егоизам.

Од друга страна, ***несебичноста****, како спротивност на* ***себичноста*** *и нарцисоидноста како нејзина крајна деформација, може да биде институција што допушта негативните добри и лоши расположенија да ни се прикажат безопасни...* М. Јовановски*, Патот до осаматa.*

НЕСПОРЕН/БЕСПОРЕН – СПОРЕН
БЕССПО́РНЫЙ – СПО́РНЫЙ

Што не предизвикува спор; јасен, расчистен; несомнен; сосема очигледен.

▪ ***Неспорна*** *победа.*

Што предизвикува спор; што не е расчистен; што е под знак прашање.

▪ ***Спорно*** *прашање.*

НЕЧИСТ – ЧИСТ
ГРЯ́ЗНЫЙ – ЧИ́СТЫЙ

1. Валкан, неуреден; што не внимава на чистота; 2. Нечесен, неморален.

1.Чист, уреден; што внимава на чистота; 2.Чесен, морален.

▫ *Неговото отсуство меѓу заговорниците, најдобро го потврдува тоа. Во* ***нечистите*** *работи, потиснати од него, тој секојпат сака да остане* ***чист****. Тоа е негов начин.* В. Костов*, Нов ум.*

НЕЧИСТОТИЈА – ЧИСТОТИЈА
ГРЯЗЬ – ЧИСТОТА́

1. Состојба на она што не е чисто; што е валкано; што е со флеки; 2. Што не е чисто во морална и естетска смисла.

1. Состојба на она што е чисто; што е без валканици, без флеки; 2. Состојба на она што е морално и естетски чисто.

▪ ***Чистотијата*** *е половина здравје, а* ***нечистотијата*** *– другата половина.*

НОВ – СТАР
НО́ВЫЙ – СТА́РЫЙ

1. Скоро направен или штотуку откриен, набавен; 2. Неупотребуван или малку употребуван;

1. Одамна направен; одамна во употреба; 2. Што постои одамна, што се појавил одамна;

неодамна појавен; непознат, 3. Малку познат; 4. Наследник.

3. Одамна познат. 4. Претходник.

Еве ја, – нема ја, еве ја, – нема ја, ги кладе во гајле луѓето. Божем со ***нова*** *невеста, ами, галиба, и* ***старата*** *отиде.* С. Попов*, Крпен живот;*

Изутрина селаните малку почекаа да не дојдат ***нови*** *војски на местото на* ***старите****, или да не дојде однекаде некоја забрана и се втурна мало и големо во штабот да граба.* М. Фотев*, Потомците на Кат;*

Откако ја бара секаде каде што може по двапати да намине, тој крева најпосле раце па краде од печатницата хартија ја врзува тетратката и пак си ги испишува стиховите – нешто со ***стара****, нешто со* ***нова*** *инспирација.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Метафората – треба да се урне Картагина – ги надживеа ***новите*** *времиња и* ***старите*** *протагонисти.* Л. Старова*, Амбасади;*

Во ***старо*** *село* ***нов*** *адет не бидува. Посл.*

НОВ – ДРЕВЕН
НО́ВЫЙ/СОВРЕМЕ́ННЫЙ – ДРЕ́ВНИЙ

Што е, што постои од неодамна, од блиско минато; што потекнува што постои од неодамна; современ.

Што бил, што постоел многу одамна, во далечното минато; што потекнува, што постоел во далечното минато; прастар.

▪ ***Нов*** *град.*

▪ ***Древен*** *град.*

НОРМАЛЕН – НЕНОРМАЛЕН/АБНОРМА́ЛЕН
НОРМА́ЛЬНЫЙ – НЕНОРМА́ЛЬНЫЙ

1. Што одговара на определена норма или стандард; вообичаен, типичен; 2. Душевно и емотивно здрав.

1. Што отстапува од определена норма или стандард; необичен; 2. Душевно и емотивно нездрав, луд, пореметен.

„Ама ти е мал умот“! И ред други ***нормални*** *и* ***ненормални*** *навреди ми изналети.* Д. Михајловски*, Избор.*

НОРМАЛНО – НЕНОРМАЛНО/АБНОРМА́ЛНО
НОРМА́ЛЬНО – НЕНОРМА́ЛЬНО

На нормален начин; вообичаено.

▪ *Се однесува* ***нормално****.*

На ненормален начин; необично, лудо.

▪ *Постапува* ***ненормално****.*

НОРМАЛЕН – ЛУД
НОРМА́ЛЬНЫЙ – СУМАШЕ́ДШИЙ/БЕЗУ́МНЫЙ

Правилен, каков што треба да биде; редовен; вообичаен, психички и душевно здрав.

Неразумен, непромислен; необичен; бесмислен; психички и душевно пореметен.

▪ *Агресивноста е* ***нормална*** *реакција на* ***лудиот*** *човек.*
▪ *Тоа е* ***нормална*** *постапка.*

▪ *Ти си* ***луд*** *ако мислиш дека ќе успееш толку брзо.*

НОРМАЛНО – ЛУДО
НОРМА́ЛЬНО – БЕЗУ́МНО

На нормален начин; правилно, вообичаено.

▪ *Живее* ***нормално****.*
▪ ***Нормално*** *учи.*

На луд начин; неразумно, необично.

▪ ***Лудо*** *се однесува.*
▪ ***Лудо*** *се бори за позиција.*

НУЖЕН – НЕНУЖЕН
НУ́ЖНЫЙ/НЕОБХОДИ́МЫЙ – НЕНУ́ЖНЫЙ

Што е потребен, што е неопходен; што мора да се изврши, да се оствари.

Што не е нужен; излишен, непотребен; што не мора да се изврши, да се оствари.

▪ ***Нужна*** *е добра подготовка за да се положи.*
▪ *Проблемите ги набројавме,* ***ненужна*** *е понатамошна дебата.*

О

св. **ОБВИНИ(СЕ) – ЗАШТИТИ(СЕ)**
ОБВИНИ́ТЬ – ЗАЩИТИ́ТЬ

Припише, фрли вина на некого за нешто; обвини се; почувствува вина.

▪ *Ме* ***обвинија*** *за кражба.*
▪ ***Се обвини*** *што не го предупреди.*

Одбрани некого од напад, од обвинение; одбрани се од напад од обвинение.

▪ *Ме* ***заштитија*** *колегите.*
▪ ***Се заштити*** *со аргументи.*

несв. **ОБВИНУВА(СЕ) – ШТИТИ(СЕ)/ЗАШТИТУВА(СЕ)**
ОБВИНЯ́ТЬ – ЗАЩИЩА́ТЬ

Припишува, фрла вина на некого за нешто; обвинува се; чувствува вина.

▪ *Го* ***обвинува*** *за неверство.*
▪ *За неправдата што му ја нанесов ќе* ***се обвинувам*** *цел живот.*

Брани некого од напад, од обвинение; брани се од напад од обвинение.

▪ *Го* ***штити*** *добар адвокат.*
▪*Не знам да се* ***заштитувам.***

св. **ОБВИНИ(СЕ) – ОДБРАНИ(СЕ)**
ОБВИНИ́ТЬ – ЗАЩИТИ́ТЬ

Припише, фрли вина на некого за нешто; обвини се; почувствува вина.

▪ *Ќе те* ***обвинат*** *за неработење.*
▪ ***Се обвинив*** *себеси за да го заштитам син ми.*

Заштити некого од напад, од обвинение; заштити се од напад од обвинение.

▪ *Никој нема да те* ***одбрани****.*
▪ *Успеа да* ***се одбрани*** *од непријателите.*

несв. **ОБВИНУВА(СЕ) – БРАНИ(СЕ)**
ОБВИНЯ́ТЬ – ЗАЩИЩА́ТЬ

Припишува, фрла вина на некого за нешто; обвинува се; чувствува вина.

▪ *За сè* ***се обвинува*** *себеси.*

Штити некого од напад, од обвинение; штити се од напад од обвинение.

▪ *Не* ***се бранам****, виновен сум.*

Кои беа, како се викаа, на каков крст му се молеа?... Немаат судија, немаат свидетел да ги ***брани*** *или да ги* ***обвинува****.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

ОБЕДИНЕТ – РАЗДВОЕН
ОБЪЕДИНЁННЫЙ – РАЗЪЕДИНЁННЫЙ
СПЛОЧЁННЫЙ – РАЗОБЩЁННЫЙ

1. Што е споен или се обединил; здружен; сплотен; 2. Што има исто мислење или е во согласност.

1. Разделен, расцепкан; што се раздвоил; што не е здружен; сплотен; 2. Што нема исто мислење.

▪ ***Обединет*** *колектив.*

▪ ***Раздвоени*** *мислења.*

св. **ОБЕДИНИ(СЕ) – РАЗЕДИНИ(СЕ)**
ОБЪЕДИНИ́ТЬ(СЯ) – РАЗЪЕДИНИ́ТЬ(СЯ)

Соедини, спои во една целина; создаде единство, здружи; влезе во сојуз, стане целина; здружи се, сплоти се.

Раздели, расцепка целина; излезе од сојуз, раздружи се; раздели се.

▪ ***Се обединија*** *сите членови.*
▪ ***Се обединија*** *тимовите во лига.*

▪ ***Се разедини*** *членството.*
▪ *Го* ***разединија*** *синдикатот.*

несв. **ОБЕДИНУВА(СЕ) – РАЗЕДИНУВА(СЕ)**
ОБЪЕДИНЯ́ТЬ(СЯ) – РАЗЪЕДИНЯ́ТЬ(СЯ)

Соединува, спојува во една целина; создава единство, здружува; влегува во сојуз, станува целина; здружува се, сплотува се.

Разделува, расцепкува целина; разбива единство, предизвикува раздор; излегува од сојуз, разделува се.

▪ *Партиите ги* ***обединуваат*** *своите приврзаници, но го* ***разединуваат*** *народот.*

Обајцата, еден со меч друг со перо, во еден долг период ќе ги ***обединува*** *заедничката, света мисија, како ретко кои други во светот. На крајот ќе се* ***разделат****, пред да ги совлада смртта во окупирана Палестина...* Л. Старова*, Амбасади.*

ОБЕДИНЕТ – РАЗЕДИНЕТ
ОБЪЕДИНЁННЫЙ – РАЗЪЕДИНЁННЫЙ

1. Што е споен или се обединил; здружен; сплотен; 2. Што има исто мислење или е во согласност.

1. Разделен, расцепкан; што се раздвоил; што не е здружен; не е сплотен; 2. Што нема исто мислење.

▪ *Ќе победиме со* ***обединети*** *сили.*

▪ *Со* ***разединет*** *народ лесно се манипулира.*

Овде живеел владетелот на Југославија, најголемиот дел на Балканот во кој беа ***обединети****, па подоцна* ***разединети*** *неколку балкански држави.* Л. Старова*, Амбасади.*

ОБЕДИНУВАЧКИ – РАЗЕДИНУВАЧКИ
ОБЪЕДИНЯЮЩИЙ – РАЗЪЕДИНЯЮЩИЙ

Што обединува; што може да обедини, да обединува.

Што разединува; што може да разедини, да разединува.

И покрај големите разлики на балканските народи во нивниот етнички и национален идентитет, беше свесен дека тие поседуваа повеќе ***обединувачки****, отколку* ***разединувачки*** *елементи, како во ретко кој друг поголем европски предел.* Л. Старова*, Амбасади.*

св. **ОБЕЛИ – ОЦРНИ**
ОБЕЛИ́ТЬ – ОЧЕРНИ́ТЬ

1. Направи да биде бело; 2. Најде решение за тешкотија, непријатна ситуација.

1. Направи да биде црно; 2. Нанесе срам, предизвика непријатност.

▪ *Ги* ***обели*** *судовите.*
▫ *Ми го* ***обели*** *образот синот.*

▪ *Ја* ***оцрни*** *косата.*
▫ *Ме* ***оцрни*** *пред народот.*

несв. **ОБЕЛУВА – ОЦРНУВА**
ОБЕЛЯ́ТЬ – ОЧЕРНЯ́ТЬ

1. Прави да биде бело; 2. Наоѓа решение за тешкотија, за непријатна ситуација.

1. Прави да биде црно; 2. Нанесува срам, предизвикува непријатност.

▪ *Му* ***обелува*** *косата.*
▫ *Синот ми го* ***обелува*** *образот.*

▪ *Ја* ***оцрнува*** *косата.*
▫ *Синот ми го* ***оцрнува*** *образот.*

ОБИЧЕН – НЕОБИЧЕН
ОБЫ́ЧНЫЙ – НЕОБЫ́ЧНЫЙ

Што не се истакнува со ништо; што нема посебно обележје; што постанал навика; секојдневен, редовен, вообичаен.

Што се издвојува со нешто; што има посебно својство; несекојдневен, редок, чуден.

Но еве сега се истава од нејзиниот пат, зашто не може со ***обични*** *зборови да ја домами необичноста, зашто и* ***необичните*** *си имаат секој свој пат и тешко се среќаваат.* Б. Конески, *Средба во рајот;*

Обичен *граѓанин си, бараш прием, се најавуваш, оставаш лична карта, тропаш, влегуваш, разговараш, излегуваш: Или, ако решиш да станеш* ***необичен*** *граѓанин, првин влегуваш во некоја партија, па најчесто како министер во владата, а кога ќе ѝ поминe мандатот, излегуваш.* Д. Михајловски, *Колумни.*

ОБИЧНО – НЕОБИЧНО
ОБЫ́ЧНО – НЕОБЫ́ЧНО

На вообичаен начин.

На необичен начин.

Во него имаше нешто ***необично****, нешто друго, човечко! Не беше тој* ***обично*** *детиште, не!* Ж. Чинго, *Големата вода.*

ОБИЧЕН – ОСОБЕН/ПОСЕБЕН
ОБЫКНОВЕ́ННЫЙ – ОСО́БЕННЫЙ/СПЕЦИА́ЛЬНЫЙ

Што не се истакнува со ништо; што нема посебно обележје; што постанал навика; секојдневен, редовен, вообичаен.

Што се издвојува со нешто; што има посебно својство; несекојдневен, чуден; посебен, специјален.

▪ *Правам* ***обичен*** *ручек.*

▪ *Правам* ***посебен*** *ручек, за особено мили гости.*

ОБИЧЕН – ЕГЗОТИЧЕН
ОБЫ́ЧНЫЙ – ЭКЗОТИ́ЧНЫЙ

Што не се истакнува со ништо; што нема посебно обележје; што постанал вообичаен.

Необичен, несекојдневен, чуден, возбудлив.

▪ *Помина уште еден* ***обичен*** *работен ден.*

▪ *Далечните и* ***егзотични*** *земји се привлечни за туристи и за авантуристи.*

ОБЈЕКТИВЕН – НЕОБЈЕКТИВЕН
ОБЪЕКТИ́ВНЫЙ – НЕОБЪЕКТИ́ВНЫЙ

Реален, праведен, непристрасен.

Нереален, неправеден, пристрасен.

Средствата за јавно информирање имаат и своја „вина“ во создавањето на таква атмосфера, но нивниот проблем пред сè треба да се бара во нивната ***објективна*** *или* ***необјективна*** *информација пласирана на страниците на весникот.* Т. Груевски*, Историјата на новинарството.*

ОБЈЕКТИВЕН – СУБЈЕКТИВЕН
ОБЪЕКТИ́ВНЫЙ – СУБЪЕКТИ́ВНЫЙ

Што постои независно од човекот и од неговото сознание; реален, стварен, вистински; што е праведен, непристрасен, без предрасуди.

Заснован на лично мислење, вкус; личен; пристрасен.

Треба да се каже дека ниедна промена во општеството не може да се случи само под влијание на некои внатрешни или надворешни ***субјективни*** *фактори. За нешто да се случи треба да постојат и* ***објективни*** *услови за тоа.* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Сигурно не е без значење споменатата просторна и социјална дистрибуција на тиражот, односот меѓу ***објективниот*** *и* ***субјективниот*** *контакт на читателите со весникот, односот меѓу реалните и потенцијалните читатели, односот меѓу непосредниот и посредниот контакт на јавноста со овој медиум.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ОБЈЕКТИВНО – СУБЈЕКТИВНО
ОБЪЕКТИ́ВНО – СУБЪЕКТИ́ВНО

Стварно, реално; правично, непристрасно.

На субјективен начин, лично.

▪ ***Објективно*** *ги проценува работите.*

▪ *Оценува* ***субјективно****.*

ОБЈЕКТИВНОСТ – СУБЈЕКТИВНОСТ
ОБЪЕКТИ́ВНОСТЬ – СУБЪЕКТИ́ВНОСТЬ

Својство, особина на оној што е објективен, на она што е објективно; праведност, непристрасност.

Својство, особина на оној што е субјективен, на она што е субјективно; неправедност, пристрасност.

▪ *Реткa е* ***објективноста*** *кога се во прашање блиски луѓе.*
▪ *Има* ***субјективност*** *во оценувањето на студентите.*

несв. **ОБЛЕКУВА(СЕ) – СОБЛЕКУВА(СЕ)**
НАДЕВА́ТЬ/ОДЕВА́ТЬ(СЯ) – РАЗДЕВА́ТЬ(СЯ)

Става облека на тело; става облека на своето тело.

Вади облека од тело; вади облека од своето тело.

А Теофил мора секој ден да е со неа и да ѝ прави измет. Да ја брише и подмива, да ја ***слекува*** *и* ***облекува****.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

св. **ОБЛЕЧЕ(СЕ) – СОБЛЕЧЕ(СЕ)**
НАДЕ́ТЬ/ОДЕ́ТЬ(СЯ) – СНЯТЬ/РАЗДЕ́ТЬ(СЯ)

Стави облека на тело; стави облека на свое тело.

Извади облека од тело; извади облека од своето тело.

Лидија веднаш ***се соблече*** *и* ***си облече*** *нови атлазни пижами и си обу кратки но чудесно везени бели чорапи и седна скрснозе на средината на креветот и не го иставаше погледот од Тимотеј.* Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија.*

ОБЛЕЧЕН – СОБЛЕЧЕН
ОДЕ́ТЫЙ – РАЗДЕ́ТЫЙ

Што има облека на телото.

▪ *Излезе убаво* ***облечен****.*

Што е без облека; гол.

▪ *Не можам да отворам,* ***соблечен*** *сум.*

ОБЛЕЧЕН – ГОЛ
ОДЕ́ТЫЙ – ГО́ЛЫЙ

Што е со облека; што има облека.

▪ ***Облечена*** *сум, може да одиме.*

Што е без облека; соблечен; што не е доволно облечен.

▪ *Многу си* ***гола****, свежо е надвор.*

несв. ОБУВА(СЕ) – СОБУВА(СЕ)
ОБУВА́ТЬ(СЯ) – РАЗУВА́ТЬ(СЯ)

Става обувки, чорапи; става си обувки, чорапи.

▪ *Го* ***обува*** *детето.*
▪ ***Се обувам****.*

Вади обувки, чорапи; вади свои обувки, чорапи.

▪ *Ги* ***собува*** *чевлите.*
▪ ***Се собувам****.*

Се собува*, ја истура водата од чевлите и пак* ***се обува****.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

св. ОБУЕ(СЕ) – СОБУЕ(СЕ)
ОБУ́ТЬ(СЯ) – РАЗУ́ТЬ(СЯ)

Стави обувки, чорапи; стави си обувки, чорапи.

Извади обувки, чорапи некому; извади свои обувки, чорапи.

А тој сè даваше за нив. Себеси ќе ***се собуе****, примерно, а нив ќе* ***обуе****.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

ОБУЕН – СОБУЕН
ОБУ́ТЫЙ – РАЗУ́ТЫЙ

Што има обувки на нозете.

▪ *Тој сиие* ***обуен****.*

Необуен, што ги извадил обувките, чорапите.

▪ *По тревата шета* ***собуен****.*

ОБУЕН – БОС
ОБУ́ТЫЙ – БОСО́Й/РАЗУ́ТЫЙ

Што има обувки на нозете.

▪ ***Обуен*** *е во кожени чизми.*

Необуен, што е со голи стапала, нозе.

▪ *Денес никој не оди* ***бос****.*

св. **ОВОЗМОЖИ – ОНЕВОЗМОЖИ**
СДЕ́ЛАТЬ ВОЗМО́ЖНЫМ – СДЕ́ЛАТЬ НЕВОЗМО́ЖНЫМ

Направи да стане возможно; создаде услови, помогне да се изврши нешто.

▪ *Ми* ***овозможи*** *научен престој.*

Направи нешто невозможно; спречи нешто да се случи; спречи нечија намера, осуети.

▪ *Ми* ***оневозможи*** *учество на конференцијата.*

ОВА – ОНА
О́ТО – ТО

Показна заменка со која говорителот укажува на лице или предмет што е во негова непосредна просторна или временска близина.

Показна заменка со која се укажува на предмет или лице што е просторно или временски оддалечено од говорителот и од соговорникот.

...обајцата дебели и недоквакани и жестоко „бистреа“ политика..., те вака ќе било те онака ќе било, зависи од ***ова****, зависи од* ***она****...* Д. Михајловски*, Избор;*

Ни кажуваа за ***ова*** *за* ***она****, дека ти сме тука за малку...* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

ОВОЈ – ОНОЈ
О́ТОТ – ТОТ

Показна заменка со која говорителот укажува на лице или предмет што е во негова непосредна просторна или временска близина.

Показна заменка со која се укажува на предмет или лице што е просторно или временски оддалечено од говорителот и од соговорникот.

Затоа и печатот треба да престане со тие бесмислици и баналности, односно со опишувањата на вештините на фудбалерот што на ***овој*** *или на* ***оној*** *начин ја сместил топката во мрежата на гол.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ОВДЕ – ОНДЕ
ТУТ/ЗДЕСЬ/СЮДА́ – ТАМ/ТУДА́

На ова место; тука; ваму.

На она место; онаму.

*...„Кажете ми човек, жив или мртов што нема своја приказна... **Овде** се родил **онде** се родил, вака растел онака растел, несвесен се вљубил свесен се одљубил, млад се женел стар се женел не се женел, болен бил не бил болен, пред умирање кажал нешто не кажал ништо, умирал бавно умирал брзо и точка.* Д. Михајловски*, Избор;*

*Подоцна, наслушувајќи **овде** и **онде**, сеедно, или исчепкувајќи претпоставки, не ми беше тешко да составам од разнобојни парченца некаков Антим...* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

ОГРАНИЧЕН – БЕЗГРАНИЧЕН
ОГРАНИ́ЧЕННЫЙ – БЕЗГРАНИ́ЧНЫЙ

Што има граници; определен со граници; што е недоволен, мал.

▪ *Имам **ограничено** време.*
▪ ***Ограничена** е слободата.*

Што нема граници; што не е определен со граници; бескраен; преголем.

▪ *Се нудат **безгранични** можности за патување.*
▪ *Нема **безгранична** слобода.*

ОГРАНИЧЕНО – БЕЗГРАНИЧНО
ОГРАНИ́ЧЕННО – НЕОГРАНИ́ЧЕННО

На ограничен начин.

▪ *Мисли **ограничено.***

На неограничен начин.

▪ *Зборува **безгранично.***

ОГРАНИЧЕНОСТ – БЕЗГРАНИЧНОСТ
ОГРАНИ́ЧЕННОСТЬ – БЕЗГРАНИ́ЧНОСТЬ

Својство на ограничен.

Својство на безграничен.

▪ *Поради **ограниченоста** на времето за престој не можев да видам сè.*
▪ ***Безграничноста** на пустината и жештината на песокот ме изморија.*

ОГРАНИЧЕН – НЕОГРАНИЧЕН
ОГРАНИ́ЧЕННЫЙ – НЕОГРАНИ́ЧЕННЫЙ

Што има граници;
определен со граници;
што е недоволен, мал.

▪ *Престојот ни е **ограничен** на два месеца.*

Што нема граници; што
не е определен со граници;
што нема ограничување.

▪ *Имаме **неограничена** слобода во границите на правните и моралните норми*

несв. **ОГРЕВА – ЗАОЃА**
ВОСХОДИ́ТЬ – ЗАХОДИ́ТЬ

За сонце, месечина-изгрева,
појавува се на хоризонтот.

▪ *Сонцето **огрева** наутро.*

За сонце, месечина- губи
се, исчезнува од хоризонтот.

▪ *Сонцето **заоѓа** навечер.*

св. **ОГРЕЕ – ЗАЈДЕ**
ВЗОЙТИ́ – ЗАЙТИ́

За сонце, месечина-изгрее,
појави се на хоризонтот.

▪ *Сонцето **огреа**, а тој сиие.*

За сонце, месечина- изгуби
се, исчезне од хоризонтот.

▪ *Сонцето **зајде** брзо.*

ОД – ДО
С/ОТ – ДО

1. Почетна точка на
простирање, движење;
2. Почеток на некој
временски отсек, траење.

1. Крајна точка на
простирање, движење;
2. Крајна граница на некој
временски отсек, траење.

▪ *Пазарот е отворен **од** осум **до** осумнаесет часот.*

*Секој што барем еднаш се качил на Големо Езеро знае многу добро колку е најорна таа угорница **од** Нижојоле **до** седлото...* Д. Михајловски, *Избор;*

*'Да се урне или не Картагина!', беше за мене дилемата, парадигмата, која не престануваше да се наложува со својата актуелност, **од** античките па сè **до** денешните времиња.* Л. Старова, *Амбасади.*

ОДАМНА – НЕОДАМНА
ДАВНÓ – НЕДÁВНО

Пред многу време, пред многу години, некогаш.

▪ ***Одамна*** *не сум била во Праѓа.*

Пред кусо време, сега бргу, не многу одамна.

▪ ***Неодамна*** *ја видов Марија.*

ОДАМНЕШЕН – СКОРАШЕН
ДÁВНИЙ – НЕДÁВНИЙ

Што потекнува, постои или живее многу одамна; стар.

▪ *Тој ми е* ***одамнешен*** *пријател.*

Што потекнува, постои, живее од неодамна, од скоро време; што е од неодамна.

▪ *Ова е* ***скорашна*** *идеја.*

ОДБЛИЗУ/ОДБЛИСКУ – ОДДАЛЕКУ
ВБЛИЗИ́ – ИЗДАЛЕКÁ
С БЛИ́ЗКОГО РАССТОЯ́НИЯ – С БОЛЬШÓГО РАССТОЯ́НИЯ

Од непосредна близина, од мало растојание.

▪ *Го видов* ***одблизу****.*

Од далечина, од големо растојание.

▪ *Те познав* ***оддалеку****.*

ОДГОВОРЕН – НЕОДГОВОРЕН
ОТВÉТСТВЕННЫЙ – БЕЗОТВÉТСТВЕННЫЙ

Што совесно ги исполнува обврските; морално свесен и подготвен да даде објаснување за своите постапки; способен за разумно однесување; совесен.

▪ *Можеш да му ја довериш задачата, тој е* ***одговорен*** *студент.*

Што не ги исполнува совесно обврските; што не е подготвен да даде објаснување за своите постапки; неспособен за разумно однесување; несовесен.

▪ *Тој е* ***неодговорен****, заборавил што ти вети.*

ОДГОВОРНО – НЕОДГОВОРНО
ОТВЕ́ТСТВЕННО – БЕЗОТВЕ́ТСТВЕННО

На одговорен начин.

▪ *Многу* ***одговорно*** *ја врши својата работа.*

На неодговорен начин.

▪ ***Неодговорно*** *се однесува и има проблеми на работа.*

ОДГОВОРНОСТ – НЕОДГОВОРНОСТ
ОТВЕ́ТСТВЕННОСТЬ – БЕЗОТВЕ́ТСТВЕННОСТЬ

Чувство за обврска; свест за своите постапки.

Немање чувство за своите обврски; немање свест за своите постапки.

▪ ***Одговорноста*** *е важна во секоја работа.*
▪ *Многу фирми пропаднале поради* ***неодговорност*** *на раководството.*

ОДГОРЕ – ОДДОЛУ
СВЕ́РХУ – СНИ́ЗУ

Од горна; од надворешна страна.

Од долна; од внатрешна страна.

Пука глината на нивите, пука кожата на образот, пука образот на срцето. Огнот расте – однатре нанадвор, однадвор навнатре, ***оддолу*** *наѓоре,* ***одгоре*** *надолу, вдолж и попреку – смалувајќи ги нештата до нивниот зародиш во згаснатата жар.* Д. Солев*, Црно огледало.*

несв. **ОДЗЕМА – ВРАЌА**
ОТНИМА́ТЬ – ВОЗВРАЩА́ТЬ

Зема нешто што припаѓало на друг; лишува некого од нешто (обично насилно).

▪ *На неспособните родители им ги* ***одземаат*** *децата.*

Дава назад нешто земено, грабнато; добива назад нешто одземено.

▪ *Ја* ***враќаат*** *стоката ако платиш царина.*

св. **ОДЗЕМЕ – ВРАТИ**
ОТНЯ́ТЬ – ВЕРНУ́ТЬ

Земе нешто што припаѓало на друг; лиши некого од нешто (обично насилно).

Даде назад нешто земено, грабнато; добие назад нешто одземено.

▪ *Му ја* ***одзедоа*** *возачката дозвола поради брзо возење.*

▪ *По три месеци му ја* ***врати́ја****.*

ОДЕДНАШ/НАЕДНАШ – ПОСТЕПЕНО
СРА́ЗУ/РА́ЗОМ/ОДНИ́М МА́ХОМ – ПОСТЕПЕ́ННО

Одненадеж, неочекувано; со еден потег; наеднаш; во ист миг, истовремено.

Што се одвива без остри промени, со благи промени, степен по степен; дел по дел.

▪ *Не се рашаваат ситѐ проблеми* ***одеднаш.***
▪ *Не влегувај* ***одеднаш****, водата е ладна.*

▪ ***Постепено*** *ќе учиме.*
▪ *Треба* ***постепено*** *да влегуваш, телото да ти се навикне.*

Промените што во текот на годините настанаа во начинот на кој го сфаќам животот не ги предизвика таа, туку тие дојдоа по природен пат сами по себе и не, се разбира ***наеднаш****, туку* ***постепено****. Нив самиот живот ги предизвика.* В. Костов*, Нов ум.*

ОДЕЊЕ – ВРАЌАЊЕ
УХО́Д – ВОЗВРАЩЕ́НИЕ

Напуштање на некое место. заминување; тргнување.

Повторно доаѓање на местото на заминување.

*...****одењето*** *и* ***враќањето*** *во него, особено за младите кои, нормално, секогаш ги следат законите на своето тело а не на разумот, повеќе наликуваше на ризично префрлање преку возбудените води на Ахерон со темниот сплав на Харон одошто на вообичаено излегување в град.* Д. Михајловски, *Колумни;*

Најмалку по четиринаесет во денот, дваесет на ***одење*** *и дваесет на* ***враќање****, тој од сè срце убаво го тепаше својот другар*. Ж. Чинго*, Накусо;*

Да го сретне на улица, божем случајно, на ***одење*** *или на* ***враќање*** *од работа; лесно можеше да се смисли таков случај но тешко можеше да се збидне таква згода.* Д. Солев*, Мртва трка.*

несв. ОДИ(СИ) – ВРАЌА СЕ
УХОДИ́ТЬ – ВОЗВРАЩА́ТЬСЯ

Напушта некое место, оддалечува се.

Повторно доаѓа на на местото од каде тргнал.

*Расположен како зрела лубеничка под искусна тупаница – така Роберт Гајдик **одеше** и **се враќаше** од работа.* Д. Солев, *Црно огледало;*

*Едни **одеа**, други **се враќаа**. Меѓу една поголема група што се враќаа М. ја забележа и Ленка со татко му.* В. Костов, *Нов ум.*

св. ОТИДЕ(СИ) – ВРАТИ СЕ
УЙТИ́ – ВЕРНУ́ТЬСЯ

Напушти некое место, оддалечи се.

- ***Отиде** на одмор.*
- *Тој **си отиде.***

Повторно дојде на местото од каде тргнал.

- ***Се врати** пошладне.*
- ***Се вратив** (дома) со воз.*

*За вистината неотти некој пак да речеше премногу се возбуди, напротив, не рекоа ништо, која мајка ќе **оди**, ќе **се врати**.* Ж. Чинго, *Големата вода;*

*Па после, ти велам, се искрадува Мисајле Ковачот, се истргува некако, никој не виде во тој прилеп, кога **отиде**, туку еве го **се врати** со пушка в раце.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

*Русијан **отиде** в град да ја бара Симонида. Не **се врати**.* С. Јаневски, *Кучешко распетие.*

ОДЛЕВО – ОДДЕСНО
СЛЕ́ВА – СПРА́ВА

Од левата страна.

Од десната страна.

- *Ќе влегуваме **одлево**, а ќе излегуваме **оддесно**.*

ОДНАПРЕД/ОТСПРЕДИ – ОДНАЗАД/ОДЗАДИ
СПЕ́РЕДИ – СЗА́ДИ

Од предна страна; на почеток.

Од задна страна; на крај.

*Сега, меѓу глуждовите, го следам просејувањето на времето, но тоа не ми се враќа ни **отспреди** ни **одзади**.* Д. Солев, *Црно огледало;*

*Неговото излезе како што му велеше Бина на плетчето: и **отспреди** пој и **одзади** пој. Ништо ни доби ни загуби.* С. Попов, *Крпен живот;*

*Две-три молитви **однапред**, една-две **одназад** и со едно: „Христос истина, бог наш...“ свршува отпуштот и селаните излегуваат со по едно залаче од поскурите – нафора.* С. Попов, *Крпен живот.*

ОДНАТРЕ – ОДНАДВОР
ИЗНУТРИ́ – СНАРУ́ЖИ

Од внатрешна страна.

Од надворешна страна.

Кутрата Варвара: кога можела да трпи да биде толку извалкана ***однадвор****, а уште повеќе* ***однатре****? А сега сè е бајато кај неа: и постелата и воздухот и душата нејзина.* П.М. Андреевски*, Последните селани;*

Пука глината на нивите, пука кожата на образот, пука обрачот на срцето. Огнот расте – ***однатре*** *нанадвор,* ***однадвор*** *навнатре, оддолу нагоре, одгоре надолу, вдолж и попреку – смалувајќи ги нештата до нивниот зародиш во згаснатата жар.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ОДОБРЕНИЕ – ОСУДА
ОДОБРЕ́НИЕ – ОСУЖДЕ́НИЕ

Позитивно мислење; поддршка; пофалба.

Негативно мислење; негирање, обвинување.

▪ *Предлогот наиде на* ***одобрение****.*

▪ *Неговото непристојно однесување е за секаква* ***осуда****.*

св. **ОДОБРИ – ОСУДИ**
ОДО́БРИТЬ – ОСУДИ́ТЬ

Има, искаже позитивно мислење; согласи се.

Искаже негативно мислење; обвини.

▪ *Комисијата го* ***одобри*** *законот.*

▪ *Опозицијата го* ***осуди*** *законот.*

несв. **ОДОБРУВА – ОСУДУВА**
ОДОБРЯ́ТЬ – ОСУЖДА́ТЬ

Има, искажува позитивно мислење; согласува се.

Искажува негативно мислење; обвинува.

Таквата свест за себе си, сепак, не е сосема „неправедна“ кон другите. Таа им го дава правото и на другите да бидат такви, па оттука, иако многумина не ја ***одобруваат****, сепак, не ја* ***осудуваат****, барем не јавно.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ОДОВДЕ/ОДАВДЕ – ОДОНДЕ/ОДАНДЕ
ОТСЮ́ДА – ОТТУ́ДА

Од оваа страна, место; од овој правец.

▪ *Излези* ***одовде****.*

Од онаа страна, место; од оној правец.

▪ *Влезот е* ***одонде****.*

ОДОЗГОРА/ОЗГОРА – ОДОЗДОЛА/ОЗДОЛА
СВЕ́РХУ – СНИ́ЗУ

Од горна страна, од горе; на горна страна, горе.

Од долна страна, од долу; на долна страна, долу.

Нозете ***оздола*** *му беа набабрени, џликосани, а* ***озгора****, од среде вжареното небо, право во џилот, го удираше непоносливо зверијеното, џобудалено сонце.* Д. Михајловски*, Избор.*

ОДРЕДЕН – НЕОДРЕДЕН
ОПРЕДЕЛЁННЫЙ – НЕОПРЕДЕЛЁННЫЙ

Утврден, установен; точно, јасно определен.

Неутврден, неустановен; неопределен јасно.

Ако внимателно се следи тонски ***одреден*** *или* ***неодреден*** *ритмички тек, ќе се осети џојавата на наизменично движење на нагласени и ненагласени делови...* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

св. **ОКУРАЖИ(СЕ) – ОБЕСКУРАЖИ(СЕ)**
ОБО́ДРИТЬ – ОБЕСКУРА́ЖИТЬ
НАБРА́ТЬСЯ ХРА́БРОСТИ – ЛИШИ́ТЬ(СЯ) ХРА́БРОСТИ

Охрабри, поддржи некого; охрабри се.

▪ *Мајка му го* ***окуражи*** *да се јави на конкурс.*

Направи некој да изгуби храброст; обесхрабри се.

▪ *Од строгиот џоглед на учителот* ***се обескуражи****.*

несв. **ОКУРАЖУВА(СЕ) – ОБЕСКУРАЖУВА(СЕ)**
ОБОДРЯ́ТЬ – ОБЕСКУРА́ЖИВАТЬ
НАБИРА́ТЬСЯ ХРА́БРОСТИ – ЛИША́ТЬ(СЯ) ХРА́БРОСТИ

Охрабрува, поддржува некого; охрабрува се.

▪ *Го* ***окуражува*** *да напише.*

Прави некој да изгуби храброст; обесхрабрува се.

▪ ***Се обескуражува*** *пред џублика.*

св. **ОЛЕСНИ – ОТЕЖНЕ**
ОБЛЕГЧИ́ТЬ/ПОЛЕГЧА́ТЬ – ОТЯГОТИ́ТЬ/ОТЯЖЕЛЕ́ТЬ/ОБРЕМЕНИ́ТЬ
СТАТЬ ЛЕ́ГЧЕ – СТАТЬ ТЯЖЕЛЕ́Е

Направи да биде полесно некому; помогне да се изврши полесно некоја работа; стане полесно.

▪ *Се трудам да му го* ***олеснам*** *животот.*
▪ *Кога го видов,* ***ми олесна****.*

Направи да биде потешко некому; створи тешкотии во извршувањето на некоја работа; стане потешко.

▪ *Лошото време им ја* ***отежна*** *работата.*
▪ *Му* ***отежна*** *снагата, тешко се движи.*

Но, во рамките на своите ингеренции, државата сепак успевала да ги диференцира подобните од неподобните издавачи, да им ги ***олесни*** *или* ***отежни*** *условите за работа...* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

несв. **ОЛЕСНУВА – ОТЕЖНУВА**
ОБЛЕГЧА́ТЬ – ОТЯГОЩА́ТЬ

Прави некому да му биде полесно.

▪ *Со твојот однос ми ја* ***олеснуваш*** *работата.*

Прави некому да му биде потешко.

▪ *Администрацијата ми ја* ***отежнува*** *работата.*

ОЛЕСНИТЕЛЕН – ОТЕЖНУВАЧКИ
ОБЛЕГЧА́ЮЩИЙ – ОТЯГЧА́ЮЩИЙ

Што олеснува.

▪ ***Олеснителна*** *околност е неговото добро поведение.*

Што отежнува.

▪ *За него ќе биде* ***отежнувачка*** *околност изјавата на сведоците.*

св. **ОМЕКНЕ – СТВРДНЕ(СЕ)**
СМЯГЧИ́ТЬ/СМЯГЧИ́ТЬСЯ – ЗАТВЕРДЕ́ТЬ/УПЛОТНИ́ТЬСЯ

Направи нешто да биде меко или помеко; стане мек.

Направи нешто да биде тврдо или потврдо; стане тврд.

▪ *Шампоно̄т ми ја* ***омекна*** *коса̄та.*
▪ *Крушѝте* ***омекнаа****.*

▪ *Лако̄т ми ѓи* ***ст̄врдна*** *нокѝте.*
▪ *Лебо̄т* ***се ст̄врднал****.*

несв. **ОМЕКНУВА – СТВРДНУВА(СЕ)**
СМЯГЧА́ТЬ – УПЛОТНЯ́ТЬ

Прави нешто да биде меко или помеко; станува мек.

▪ *Маска̄та ми ја* ***омекнува*** *кожа̄та.*
▪ *Пашликаните* ***омекнуваа̄т****.*

Прави нешто да биде тврдо или потврдо; станува тврд.

▪ *Суша̄та ја* ***ст̄врднува*** *земја̄та.*
▪ *Бето̄ноѿ* ***се ст̄врднува****.*

ОМИЛЕН – ОМРАЗЕН
ЛЮБИ́МЫЙ – НЕНА́ВИСТНЫЙ

Што ужива љубов; драг, сакан, популарен.

▪ ***Омилена*** *ми е кошарка̄та.*

Што предизвикува чувство на омраза; несакан, непопуларен.

▪ ***Омразена*** *ми е рабо̄та̄та.*

св. **ОНЕСВЕСТИ(СЕ) – ОСВЕСТИ(СЕ)**
УПА́СТЬ В О́БМОРОК – ПРИЙТИ́ В СЕБЯ́

Предизвика некој да загуби свест; падне во несвест.

▪ *Ко̄га ѓо виде* ***се онесвести****.*

Помогне некому да поврати свест; врати се во свесна состојба.

▪ *Го* ***освести*** *со шамари.*

несв. **ОНЕСВЕСТУВА(СЕ) – ОСВЕСТУВА(СЕ)**
ПА́ДАТЬ В О́БМОРОК – ПРИХОДИ́ТЬ В СЕБЯ́

Предизвикува некој да загуби свест; паѓа во несвест.

▪ *Че̄сто* ***се онесвеста̄ува****.*

Помага некому да поврати свест; враќа се во свесна состојба.

▪ ***Се освеста̄ува*** *брзо.*

св. **ОПАМЕТИ(СЕ) – ОГЛУПИ**
ПОУМНЕ́ТЬ – ПОГЛУПЕ́ТЬ

Повлијае врз некого да биде разумен, да постапува

Направи некого глупав; стане глупав.

разумно; вразуми; вразуми
се, стане паметен.

▪ ***Се опаметѝ****, почна да работи.*

▪ *Тој* ***оглупѐ*** *откако се вљуби.*

несв. **ОПАМЕТУВА (СЕ) – ОГЛУПУВА**
УМНЁТЬ – ГЛУПЁТЬ

Влијае врз некого да биде
разумен, да постапува
разумно; вразумува;
вразумува се, станува паметен.

Прави некого глупав;
станува глупав.

▪ ***Се опаметува****, почна*
да работи.

▪ *Почна да* ***оглупува*** *откако*
се вљуби.

св. **ОПАШЕ – СОПАШЕ**
ОПОЯ́САТЬ – РАСПОЯ́САТЬ/РАЗВЯЗА́ТЬ

Обвие појас околу
половината; врзе нешто
околу половината,
околу појасот.

Извади или откопча појас;
одврзе нешто што било
врзано околу половината,
околу појасот.

▪ ***Опаша*** *шамија и отиде*
на плажа.

▪ ***Сопаши*** *го ременот, те*
стегa.

несв. **ОПАШУВА – СОПАШУВА**
ОПОЯ́СЫВАТЬ – РАСПОЯ́СЫВАТЬ/РАЗВЯ́ЗЫВТЬ

Обвива појас околу
половината; врзува
нешто околу половината,
околу појасот.

Вади или откопчува појас;
одврзува нешто што било
врзано околу половината,
околу појасот.

▪ *Го* ***опашува*** *ременот.*

▪ ***Сопашува*** *ремен.*

ОПРАВДАН – НЕОПРАВДАН
УВАЖИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕУВАЖИ́ТЕЛЬНЫЙ

Што може да се оправда
или одбрани; основан.

Што не може да се оправда
или одбрани; неоснован.

▪ *Оправдани изостаноци*

▪ *Неоправдани изостаноци*

ОПРЕДЕЛЕН – НЕОПРЕДЕЛЕН
ОПРЕДЕЛЁННЫЙ – НЕОПРЕДЕЛЁННЫЙ

1. Точно утврден во однос на време, место, граници итн.; 2. Јасен, оформен, сигурен; 3. *линг.* Што упатува на конкретен човек или предмет.

▪ ***Определен*** *е терминот за конференцијата.*

1. Што не е точно утврден во однос на време, место, граници итн.; 2. Нејасен, неоформен, несигурен. 3. *линг.* Што не упатува на конкретен човек или предмет.

▪ *Тој е* ***неопределен*** *по ова прашање.*

ОПРЕДЕЛЕНО – НЕОПРЕДЕЛЕНО
ОПРЕДЕЛЁННО – НЕОПРЕДЕЛЁННО

Одредено, јасно, недвосмислено.

▪ *Зборува* ***определено****.*

Неодредено, нејасно, двосмислено.

▪ *Кажа нешто* ***неопределено****.*

ОПРЕДЕЛЕНОСТ – НЕОПРЕДЕЛЕНОСТ
ОПРЕДЕЛЁННОСТЬ – НЕОПРЕДЕЛЁННОСТЬ

Својство на она што е определено; јасност, точност.

▪ ***Определеноста*** *на гласачите му донесоа победа.*

Својство на она што не е определено; нејасност, неточност.

▪ ***Неопределеноста*** *на на гласачите е висока.*

ОПТИМИ́ЗАМ – ПЕСИМИ́ЗАМ
ОПТИМИ́ЗМ – ПЕССИМИ́ЗМ

Расположение кога човекот ги гледа само светлите страни, кога верува во иднината, се надева на успех.

Расположение кога човекот ги гледа само мрачните страни, кога не верува во иднината, кога не очекува ништо добро.

Сега сфаќам дека ако се спореда тој нејзин ***оптимизам*** *и тој нејзин* ***песимизам*** *ќе се види дека меѓу нив и нема голема разлика. Таа едноставно, на свој здраворазумски начин, беше реална.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ОПТИМИ́СТ – ПЕСИМИ́СТ
ОПТИМИ́СТ – ПЕССИМИ́СТ

Човек полн со оптимизам; оптимистички расположен.

Човек склон кон мрачен поглед на животот.

...нокта кога влеговме во новиот милениум, некој ми го постави прашањето што мислам за иднината. И дали сум во таа смисла ***песимист*** *или* ***оптимист***. Ј. Корубин, *Аномично општество.*

ОПТИМИСТИЧЕН – ПЕСИМИСТИЧЕН
ОПТИМИСТИ́ЧНЫЙ – ПЕССИМИСТИ́ЧНЫЙ

Исполнет со оптимизам.

▪ ***Оптимистичен*** *човек.*

Исполнет со песимизам.

▪ ***Песимистичен*** *поглед.*

ОПТИМИСТИЧКИ – ПЕСИМИСТИЧКИ
ОПТИМИСТИ́ЧЕСКИ – ПЕССИМИСТИ́ЧЕСКИ

Што се однесува на оптимизам, на оптимист.

▪ *Даваше* ***оптимистички*** *прогнози.*

Што се однесува на песимизам, на песимист.

▪ *Гледа* ***песимистички*** *на на работите.*

св. **ОПТОВАРИ(СЕ) – РАСТОВАРИ(СЕ)**
ОБРЕМЕНИ́ТЬ/НАГРУЗИ́ТЬ – ОБЛЕГЧИ́ТЬ/РАЗГРУЗИ́ТЬ

Стави поголем товар; зададе тешка работа, големи обврски, грижи; преземе многу обврски, грижи.

▪ *Го* ***оптоварија*** *со многу часови.*

Симне товар; ослободи од грижи, обврски; ослободи се од обврски, грижи.

▪ ***Се растовари*** *од дополнителни административни функции.*

несв. **ОПТОВАРУВА(СЕ) – РАСТОВАРУВА(СЕ)**
ОБРЕМЕНЯ́ТЬ/НАГРУЖА́ТЬ – ОБЛЕГЧА́ТЬ/РАЗГРУЖА́ТЬ

Става поголем товар; задава тешка работа, големи обврски, грижи, проблеми; презема многу обврски, грижи.

▫ *Ги* ***оптоваруваат*** *асистентите.*

Симнува товар; ослободува од грижи, обврски; ослободува се од обврски, грижи.

▪ *Го* ***растовараат*** *мебелот.*

св. **ОПУСТИ – ОЖИВИ**
ОПУСТЕ́ТЬ – ОЖИ́ТЬ

Стане пуст, празен.	Наполни се со луѓе; исполни се со врева; живне.
▪ ***Опусте*** *улицата.*	▪ ***Оживеа*** *старата чаршија.*

несв. **ОПУСТУВА – ОЖИВУВА**
ПУСТЕ́ТЬ – ОЖИВА́ТЬ

Станува пуст, празен.	Полни се со луѓе; полни се со врева; живнува.
▪ ***Опустуваат*** *улиците.*	▪ ***Оживува*** *старата чаршија.*

ОПШТ – КОНКРЕТЕН
О́БЩИЙ – КОНКРЕ́ТНЫЙ

Што зема сè во обзир; генерален.	Што е точно определен, јасен.

Според тоа, проследувањето и проучувањето на печатот мора да го примени аналитичко-синтетичкиот метод за да може од една страна да навлезе во карактеристичните ***конкретни*** *појави на печатот, а од друга страна, да извлекува* ***поопшти****, синтетички сознанија за него.*Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ОПШТ – ЛИЧЕН
О́БЩИЙ – ЛИ́ЧНЫЙ

Што им е својствен на сите, што се однесува на сите; што им припаѓа на сите, заеднички, колективен.	Што се однесува, што е својствен на определено лице; што му припаѓа на едно лице.

Интересот обично се формира и постои во три вида: како ***личен****, потоа посебен (на одредена група) и* ***општ*** *(како интерес на општеството во целина, на сите).* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Кога Диркем зборува за поделениот труд и функциите во општеството, за „органска солидарност“ тој го има предвид ***личниот*** *интерес, но само во рамките на определените општоприфатени вредности. Да не се повредуваат тие вредности – тоа е* ***општиот*** *интерес.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ОПШТ – ПОЕДИНЕЧЕН
ÓБЩИЙ – ОТДЁЛЬНЫЙ

Што им е својствен на сите, што се однесува на сите; што им припаѓа на сите, заеднички, колективен.	Што се однесува, што е својствен на одделно лице; што му припаѓа на поединец.

Ако во нашата практика и во филозофијата на македонската политика не влезе како приоритетна тезата дека најпрвин постои ***општиот****, а потоа* ***поединечниот*** *интерес, многу лесно е... повторно да добиеме слична состојба како досега...* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ОПШТ – ПОСЕБЕН
ÓБЩИЙ – ОТДЁЛЬНЫЙ

Што зема сè во обзир, генерален; што им е својствен на сите, што се однесува на сите; што им припаѓа на сите, заеднички, колективен.	Што се однесува на одделна област, на одделен предмет, на одделна група, на одделно лице.

Интересот обично се формира и постои во три вида: како личен, потоа ***посебен*** *(на одредена група) и* ***општ*** *(како интерес на општеството во целина, на сите).* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Кога тој интерес ќе се подигне на нивото на единствена цел на поединецот тогаш ***посебните*** *и* ***општите*** *интереси за него се обична апстракција...* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Доколку со неконтролираната миграција се јавува опасност од загрозување на демографскиот состав на населението, Комисијата, на предлог на Владата на Луксембург, може да воведе ***посебен*** *режим за населување на недржавјани на Луксембург на неговата територија, кој ќе се разликува од* ***општиот*** *режим.* Т. Бендевски*, Право на Европска унија.*

ОПШТЕСТВЕН – ПРИВАТЕН
ОБЩЁСТВЕННЫЙ – ЧÁСТНЫЙ/ЛИ́ЧНЫЙ

Што му припаѓа, што се однесува на општеството;	Што му припаѓа, што се однесува на одделно лице;

што е во општествена сопственост.

што е во индивидуална сопственост.

*...се зголемува значењето на секоја информација од **приватен** и **општествен** карактер и сè поголеми маси луѓе се вовлекуваат во дискусиите...* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

ОРГАНИЗИ́РАН – СПОНТАН
ОРГАНИЗО́ВАННЫЙ – СПОНТА́ННЫЙ

Планомерен; што се одликува со точен ред и план на исполнување, дејствување.

Непланиран; што се случува без влијание однадвор.

▪ ***Организирани** протести.*

▪ ***Спонтани** протести.*

ОРИГИНА́Л – КОПИЈА
ОРИГИНА́Л – КО́ПИЯ

Вистински, некопиран; дело (уметничко, научно) создадено со сопствен труд, изворен примерок.

Предмет направен исто како друг; дупликат; тоа што е изработено по углед на нешто; повторување, отсуство на оригиналност.

▪ *Од **оригиналот** направија многу **копии**.*

ОРИГИНА́Л – ФАЛСИФИКА́Т
ОРИГИНА́Л – ФАЛЬСИФИКА́Т

Вистински, некопиран; дело (уметничко, научно) создадено со сопствен труд, изворен примерок.

Предмет направен слично на оригиналот; лажен, невистински, неприроден.

▪ ***Оригиналот** се чува во сеф.*

▪ *Дипломата е **фалсификат**.*

ОРИГИНА́Л – ПРЕВОД
ОРИГИНА́Л – ПЕРЕВО́Д

Авторски текст; изворен примерок.

Текст што е преведен од еден на друг јазик.

▪ *Преводот треба да се прави од **оригиналот**.*

▪ *Романот е **превод** од руски.*

Но макаѓа е во ѓоа шѓо ***преводоѓ****, како од Боѓа наметнаѓ начин за читање на* ***оригиналоѓ****... никоѓаш не завршува, шѓо значи, не води кон разбирање, ѓуку, наѓроѓив, кон неразбирање!* Д. Михајловски, *Колумни.*

ОРИГИНА́ЛЕН – ЛАЖЕН
ПО́ДЛИННЫЙ – ФАЛЬШИ́ВЫЙ

Вистински, некопиран; создаден со сопствен труд, изворен.

Направен слично на оригиналот; вештачки, невистински, фалсификуван.

▪ ***Орѓинални*** *ѓари.*

▪ ***Лажни*** *ѓари.*

ОРИГИНА́ЛЕН – БА́НА́ЛЕН
ОРИГИНА́ЛЬНЫЙ – БАНА́ЛЬНЫЙ

Необичен, интересен, своеобразен.

Обичен, секојдневен, излитен, лишен од оригиналност.

▪ *Секоѓаш има* ***ориѓинални*** *идеи.*
▪ ***Ориѓинален*** *одѓовор*

▪ *Водаѓ* ***банални*** *разѓовори.*
▪ ***Баналeн*** *одѓовор*

ОРИГИНА́ЛНО – БА́НА́ЛНО
ОРИГИНА́ЛЬНО – БАНА́ЛЬНО

Необично, оригинално.

Општо, обично, секојдневно.

▪ *Објаснува* ***ориѓинално***

▪ *Објаснува* ***банално***

ОРИГИНА́ЛЕН – ОРДИНА́РЕН
ОРИГИНА́ЛЬНЫЙ – ОРДИНА́РНЫЙ

Необичен, интересен, своеобразен.

Обичен, секојдневен, редовен, просечен.

▪ ***Ориѓинална*** *забава.*

▪ ***Ординарна*** *лаѓа.*

св. ОСАМНЕ – СТЕМНИ(СЕ)
РАССВЕСТИ́ – СТЕМНЕ́ТЬ
ОКАЗА́ТЬСЯ ЗАСТИ́ГНУТЫМ РАССВЕ́ТОМ – ОКАЗА́ТЬСЯ ЗАСТИ́ГНУТЫМ ТЕМНОТО́Й

1. Настане зора, раздени се; затекне некого зора;

1. Настане темница, падне мрак; затекне некого мрак;

2. Ослободи се од проблеми.

▪ *На половина пат ме* ***осамна****.*

2. Онерасположи се, загрижи се.

▪ *Кога ми рече дека паднал, ми* ***се стемни.***

Токо, така си е таа: ако на некој не му ***се стемне****, на друг нема да му* ***осамне****.* С. Попов*, Крпен живот.*

несв. **ОСАМНУВА – СТЕМНУВА(СЕ)**
РАССВЕТА́ТЬ – ТЕМНЕ́ТЬ
БЫТЬ ЗАСТИ́ГНУТЫМ РАССВЕ́ТОМ – БЫТЬ ЗАСТИ́ГНУТЫМ ТЕМНОТО́Й

1. Настанува зора, разденува се; затекнува некого зора; 2. Ослободува се од проблеми, расположува се.

▪ *Го* ***осамнува*** *во бар.*

1. Настанува темница, паѓа мрак; затекнува некого мрак; 2. Онерасположува се, загрижува се.

▪ *Кога ќе го видам, ми* ***се стемнува.***

ОСВЕТЛЕН – ТЕМЕН
ОСВЕЩЁННЫЙ – ТЁМНЫЙ

Што е со светлина, од кој зрачи светлина.

▪ ***Осветлена*** *улица.*

Што е со малку или без светлина; мрачен.

▪ ***Темна*** *улица.*

св. **ОСВЕТЛИ – ЗАТЕМНИ**
ОСВЕТИ́ТЬ – ЗАТЕМНИ́ТЬ

Направи да биде светло.

▪ *Сонцето ја* ***осветли*** *собата.*

Направи да биде темно или потемно.

▪ *Новата зграда го* ***затемни*** *станот.*

несв. **ОСВЕТЛУВА – ЗАТЕМНУВА**
ОСВЕЩА́ТЬ – ЗАТЕМНЯ́ТЬ

Прави да биде светло.

▪ *Ја* ***осветлува*** *собата со свеќа.*

Прави да биде темно или потемно.

▪ *Зградата го* ***затемнува*** *станот.*

ОСНОВЕН – СПОРЕДЕН
ОСНОВНО́Й – ВТОРОСТЕПЕ́ННЫЙ

Што ја прави основата; главен, примарен, суштествен.

Што не е главен; што има помало или релативно помало значење, важност; второстепен.

Причината за оваа појава е тоа што покрај ***основниот*** *тон на еден звучен извор се јавуваат уште и* ***споредни****, повисоки тонови со послаба јачина кои редовно го следат, односно тоа се таканаречените аликвотни тонови.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

св. ОСПОСОБИ(СЕ) – ОНЕСПОСОБИ(СЕ)
СДЕ́ЛАТЬ ПРИГО́ДНЫМ/ОБУЧИ́ТЬ – СДЕ́ЛАТЬ НЕПРИГО́ДНЫМ
СТАТЬ ПРИГО́ДНЫМ/ОБУЧИ́ТЬСЯ – СТАТЬ НЕПРИГО́ДНЫМ

Квалификува или обучи некого за нешто; обучи се, стекне квалификации

▪ *Ги* ***оспособи*** *децата, им даде занает.*

Направи или предизвика да стане неспособен, лиши од способност; стане неспособен.

▪ *Ракијата го* ***онеспособи*** *за работа.*

ОСТАР – ТАП
О́СТРЫЙ – ТУПО́Й

Што е со тенок врв, раб, крај, што може да сече, да боде; што е со тенко сечило.

▪ ***Остар*** *молив.*
▪ ***Остар*** *нож.*

Што нема остар врв, раб; што сече или боде тешко; што нема тенко сечило.

▪ ***Тап*** *молив.*
▪ ***Тап*** *нож.*

несв. ОСТРИ – ТАПИ
ТОЧИ́ТЬ/ОСТРИ́ТЬ – ТУПИ́ТЬ

Прави да биде остар.

▪ *Ги* ***остри*** *ножиците.*

Прави да биде тап.

▪ *Го* ***тапи*** *ножот.*

несв. **ОТВОРА(СЕ) – ЗАТВОРА(СЕ)**
ОТКРЫВА́ТЬ(СЯ) – ЗАКРЫВА́ТЬ(СЯ)

1. Прави достапен, слободен за влез, излез; 2. Расклопува; шири; отпакува; 3. Пушта во погон, во работа; 4. Одвртува, отклучува; 5. Започнува собир, манифестација.

1. Прави недостапен за влез, излез; 2. Заклопува; пакува; 3. Прави фирма, фабрика да престане со работа; 4. Завртува, заклучува; 5. Завршува собир, манифестација.

*Го **затвораше** и го **отвораше** писмото и повторно го читаше. Го збунуваше кусата содржина...* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*На отец Висарион му се **отвора** гушата и лицето, а му се **затвора** устата. Ништо не зборува.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

*Платинестата госпоѓа си оттиде. По неа замина и Стефан Марковиќ. Вратата се **отвораше** и **затвораше**.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен;*

*Таму, внатре, во неговите гради нешто се **подотвори**, а ете, и веќе пак се **затвора**.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос;*

▫ *Согласно со Деловникот, претседателот раководи со работата на Парламентот и на неговите органи. Тој ги **отвора**, ги прекинува и ги **затвора** седниците.* Т. Бендевски, *Право на Европска унија.*

св. **ОТВОРИ(СЕ) – ЗАТВОРИ(СЕ)**
ОТКРЫ́ТЬ(СЯ) – ЗАКРЫ́ТЬ(СЯ)

1. Направи достапен, слободен за влез, излез; 2. Расклопи; рашири; отпакува; 3. Пушти во погон, во работа; 4. Одврти, отклучи; 5. Започне собир, манифестација.

1. Направи недостапен за влез, излез; 2. Заклопи; спакува; 3. Направи фирма, фабрика да престане со работа; 4. Заврти, заклучи; 5. Заврши собир, манифестација.

*„Доцна е сега да ме мафташ“! Рече Александра. „Ја **затворив** портата и за тебе и повеќе не мислам да ја **отворам**“!* Д. Михајловски, *Избор;*

*Имав голема желба да имам кафетерија. Кога бев во Македонија имав отворено една, потоа додека играв во странство ја **затворив** и еве сега повторно во најскоро време ќе **отворам** спорт-кафе во Велес...Интервју;*

Отвориле *предвреме, или* ***затвориле*** *по одредениот час. Налет нека е таква печалба.* С. Попов*, Крпен живот;*

Не беше Трајо; виде Ивана како Пауна стана и ја ***затвори*** *вратата, но не помина многу време вратата повторно* ***се отвори*** *и некој пак како да влезе во куќата.* Ж. Чинго*, Накусо.*

ОТВОРАЊЕ – ЗАТВОРАЊЕ
ОТКРЫ́ТИЕ – ЗАКРЫ́ТИЕ

1. Почеток на работно време на продавници, дуќани; 2. Почеток на работа на нова фирма, фабрика; 3. Почеток на манифестација.

1. Крај на работно време на продавници, дуќани; 2. Престанок на работа на фирма, фабрика; 3. Крај на манифестација.

Освен тоа, тој крцкот и шум што настануваше при залопувањето и одлопувањето на влезната врата беше прецизно карактеристичен за таа врата, така што верувам дека би го распознал и меѓу маса други крцкоти и шумови што би предизвикувало ***затворање*** *и* ***отворање*** *врати.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

ОТВОРЕН – ЗАТВОРЕН
ОТКРЫ́ТЫЙ – ЗАКРЫ́ТЫЙ/ЗА́МКНУТЫЙ

1. Што не е затворен, заклучен, блокиран; што дозволува влез, излез; што не е запечатен; заклопен; што не е покриен; 2. Што не ги крие своите чувства; искрен; јавен, слободен.

1. Што нема пристап, што не дозволува излез, влез; што е заклопен; запечатен; што е покриен; 2. Што ги крие своите чувства; неискрен; таен.

Икар, веќе пораснат, се обидувал да ја установи разликата меѓу темницата кога очите му се ***отворени*** *и кога очите му се* ***затворени*** *со клепките, но немало никаква разлика...* Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија;*

Има отворени врати низ кои не може да се мине. Отворањето врата е избор. Има врати кои остануваат секогаш ***отворени****. Има врати секогаш* ***затворени****.* Л. Старова*, Амбасади.*

ОТВОРЕН – СКРИЕН
ОТКРЫ́ТЫЙ – СКРЫ́ТЫЙ

Што е достапен; што не е таен; што може да се види; што не ги крие своите намери.

Што не е достапен; што е таен; што не може да се види; што ги крие своите намери.

Па, сепак, таа ***скриена*** *девијантност, на еден наизглед невидлив начин, понекогаш нанесува поголеми штети на поединците и на општествениот живот, отколку* ***отворените*** *облици на девијантно однесување.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ОФАНЗИ́ВА – ДЕФАНЗИ́ВА
НАСТУПЛЕ́НИЕ – ОТСТУПЛЕ́НИЕ

Напад на поголеми воени единици заради постигнување стратегиски цели; напредување.

Одбрана; состојба во која една страна е само во позиција да се брани.

ОФИЦИЈА́ЛЕН – НЕОФИЦИЈА́ЛЕН
ОФИЦИА́ЛЬНЫЙ – НЕОФИЦИА́ЛЬНЫЙ

Службен, што доаѓа од службена, надлежна страна; службено овластен; што има службен облик, формален, официјализиран; бирократски.

Што не е официјален; што не е официјално овластен или потврден.

▪ ***Официјални*** *разговори.*

▪ ***Неофициjална*** *средба.*

ОФИЦИЈА́ЛНО – НЕОФИЦИЈА́ЛНО
ОФИЦИА́ЛЬНО – НЕОФИЦИА́ЛЬНО

На официјален начин; по официјален пат; службено.

На неофициjален начин; по неофициjален пат.

▪ *Допатува* ***официјално****.*

▪ *Нè посети* ***неофициjално****.*

св. **ОХРАБРИ(СЕ) – ОБЕСХРАБРИ(СЕ)**
ОБО́ДРИТЬ(СЯ)/ПРИДА́ТЬ ХРА́БРОСТИ – ЛИШИ́ТЬ(СЯ) ХРА́БРОСТИ

Влее храброст
или самодоверба;
собере храброст.

▪ ***Се охрабри*** *и ја издаде книгата.*

Лиши од храброст,
самодоверба; деморализира;
изгуби храброст.

▪ *Сакаше да ѝ приџде, но другарите го* ***обесхрабрија****.*

*несв.***ОХРАБРУВА(СЕ) – ОБЕСХРАБРУВА(СЕ)**
ОБОДРЯ́ТЬ(СЯ)/ПРИДАВА́ТЬ ХРА́БРОСТИ – ЛИША́ТЬ(СЯ) ХРА́БРОСТИ

Влева храброст
или самодоверба;
собира храброст.

▪ *Го* ***охрабрувам*** *да продолжи со спорт.*

Лишува од храброст,
самодоверба; деморализира;
губи храброст.

▪ *Кога ќе ја види конкуренцијата,се* ***обесхрабрува*** *и се повлекува.*

ОЧИКЛЕН – СМОТАН/МУТАВ *разг.*
ЛОВКИЙ/СМЕКА́ЛИСТЫЙ– ГЛУ́ПЫЙ/НЕЛО́ВКИЙ/НЕСМЕКА́ЛИСТЫЙ

Вешт, снаодлив, итар.

▪ ***Очиклен*** *човек, секаде се снаоѓа.*

Невешт, несмасен, глуп.

▪ *Многу си* ***смотан****, не можеше да препишеш од некого?*

П

св. **ПАДНЕ – СТАНЕ**
УПА́СТЬ – ВСТАТЬ

Изгуби потпора, рамнотежа
и, повлечен од сопствената
тежина, урне се наземи од
високо или од положбата во
која стои.

Исправи се на нозе,
заземе стоечка положба.

Замини, уроку, во горски височини, во речни длабочини, во нокни темнини, кај што петел не кукурига, кај што квачка не квака, кај што куче не лае, кај што мачка не мјаука, кај што глувци оро играат, кај што песоглавци шетаат, кај што караконџоли летаат,

кај што врколаци претаат. ***Падни*** *таму и да не* ***станеш*** *никогаш, а ние да полетаме како овој пердув...* В. Урошевиќ, *Невестата на змејот;*

Ту, ебаго, вели Теофил, не ***падна*** *којзнае од колку високо! Ај,* ***стани****, ништо не ти е, вели. Мачкина кашлица, вели и ми подава рака.* П.М. Андреевски, *Последните селани.*

несв. **ПАЃА – СТАНУВА**
ПА́ДАТЬ – ВСТАВА́ТЬ

Губи потпора, рамнотежа и, повлечен од сопствената тежина, урива се наземи од високо или од положбата во која стои.

Исправа се на нозе, зазема стоечка положба.

▪ *Секоја зима баба ми* ***паѓа*** *по двајати.*

▪ *Децата* ***паѓаат*** *и* ***стануваат*** *лесно.*

несв. **ПАЛИ – ГАСИ**
ЗАЖИГА́ТЬ – ГАСИ́ТЬ

1. Предизвикува горење; потпалува; 2. Прави нешто да гори да свети; вклучува топлотно тело, печка; пушта мотор во дејство; 3. Држи сè под контрола.

1. Прави да престане да гори, да свети;2.Исклучува светло, топлотно тело, мотор;3.Држи сè под контрола. (во пар со пали).

▪ ***Пали*** *оган.*

▪ ***Гаси*** *оган.*

▫ *Пред да дојде Бобе, тука, во Горно маало,* ***палеше*** *и* ***гасеше*** *Моне Џаро.* Х. Крстевски, *Раскази од Равен;*

▫ *Гого Кајка разбра дека неговиот пријател како свршеник на внуката од сестра ѝ на Менка, жената на Панчо Михајлов, тука и* ***пали*** *и* ***гаси****.* Х. Крстевски, *Раскази од Равен.*

св. **ЗАПАЛИ(СЕ) – ИЗГАСИ(СЕ)/ИЗГАСНЕ(СЕ)**
ЗАЖЕ́ЧЬ – ПОГАСИ́ТЬ/ПОТУШИ́ТЬ

Направи нешто да почне да гори, да свети; почне да гори, да свети.

Направи нешто да престане да гори, да свети; престане да гори, да свети.

▪ ***Запали*** *свеќа.*
▪ ***Запали*** *светло.*
▪ ***Се запали*** *оган.*

▪ ***Изгаси*** *свеќа.*
▪ ***Изгаси*** *светло.*
▪ ***Се изгаси*** *оган.*

*Ама постојат такви искри што ни **угаснуваат** ни се **запалуваат**, туку потајум тлеат.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

ПАЛЕЊЕ – ГАСЕЊЕ
ЗАЖИГА́НИЕ – ПОТУХА́НИЕ

1. Правење оган;
2. Вклучување светло, печка, мотор.

▪ *Забрането **палење** оган.*

1.Уништување оган;
2. Исклучување светло, печка, мотор.

▪ *До април нема **гасење** печка.*

ПАМЕТЕН – БУДАЛА
У́МНЫЙ – ДУРА́К

Што има памет; што има способност за расудување; разбран, мудар; остроумен снаодлив, просветен; што е со здрав, нормален ум.

Глупак, нетокму, што не е сосема здрав со паметот.

*Ако еден **будала** фрли камен в бунар, сто **паметни** не можат да го извадат. Посл.*

ПАМЕТЕН – ГЛУПАВ/ГЛУП
У́МНЫЙ – ГЛУ́ПЫЙ

Што има памет; што има способност за расудување; разбран, мудар; остроумен снаодлив, просветен; што е со здрав, нормален ум.

Што има ограничени умствени способности; тап, заостанат; бесмислен.

▪ ***Паметниот** запишува, **глупавиот** памти.*

ПАМЕТНО – ГЛУПАВО/ГЛУПО
У́МНО – ГЛУ́ПО

На паметен начин, разумно.

▪ ***Паметно** направи што отиде да прашаш.*

На глупав начин, неразумно, бесмислено.

▪ ***Глупаво** постапи, не требаше да се расправаш.*

ПАМЕТЕН – ЛУД
У́МНЫЙ – СУМАСБРО́ДНЫЙ

Што има памет; што има способност за расудување; разбран, мудар; остроумен снаодлив, просветен; што е со здрав, нормален ум.

Што го изгубил разумот; будала; што постапува неразумно, ирационално; немирен, палав.

Пред тоа, во Долна Долина се знаеше за еден ред на животот, и да сакаше човек не можеше да предизвикува изненадување во секојдневието, или ако се најдеше таков селанец, требаше да биде ***луд****, бесен, а уште повеќе, требаше да биде многу* ***паметен****, па таа негова памет да го принудеше да ги измени начинот на својот живот во нашиот крај.* М. Фотев*, Потомците на Кат.*

ПАМЕТЕН – УЛАВ
У́МНЫЙ – БЕЗУ́МНЫЙ

Што има памет; што има способност за расудување; разбран, мудар; остроумен снаодлив, просветен; што е со здрав, нормален ум.

Што го изгубил разумот; будала; што постапува неразумно, ирационално; немирен, палав.

Во домот можеше да се сретне секаков свет. Имаше секакви, какви ги дал господ. И ***паметни*** *и* ***улави****, зли и благородни, од сите сорти. Домот со своите жители личеше на гнездо од кукавица.* Ж. Чинго*, Големата вода.*

ПАМЕТЕН – ПРОСТ
У́МНЫЙ – ОГРАНИ́ЧЕННЫЙ/НАИ́ВНЫЙ

Што има памет; што има способност за расудување; разбран, мудар; остроумен снаодлив, просветен; што е со здрав, нормален ум.

Што е глуп или необразован; заостанат; неснаодлив; наивен.

▪ ***Паметен*** *е, ќе стигне сам.*

▪ *Многу е* ***прост****, не знае да се снајде.*

несв. **ПАМТИ/ПАМЕТИ/ПОМНИ – ЗАБОРАВА**
ПО́МНИТЬ – ЗАБЫВА́ТЬ

Држи, чува во сеќавање, не заборава, запамтува.

Престанува да памти; не се сеќава; испушта од памет.

▪ *Ги **памти** сите песни.*

▪ ***Заборава** да јаде.*

св. **ЗАПАМТИ/ЗАПАМЕТИ/ЗАПОМНИ – ЗАБОРАВИ**
ЗАПО́МНИТЬ – ЗАБЫ́ТЬ

Задржи во сеќавање некого или нешто; запомни.

Изгуби сеќавање на некого или на нешто.

▪ *Го **запаметив** текстот.*
▪ *Ја **запаметив** улицата.*

▪ *Го **заборавив** текстот.*
▪ *Ја **заборавив** улицата.*

ПАР – НЕПАР
ЧЁТ – НЕ́ЧЕТ

Чифт, парен број.

Тек, непарен број.

ПАРЕН – НЕПАРЕН
ЧЁТНЫЙ – НЕЧЁТНЫЙ

Што се дели со два.

Што не се дели со два.

*Во средниот век теоријата познава осум модуси врз кои се темели мелодијата на грегоријанскиот корал, од кои четири се автентични и исто толку плагални модуси ... изведени од автентичните. Овие модуси покрај името се означувале со латински редни броеви и тоа автентичните со **непарни**, а плагалните со **парни** броеви.* К. Лазаров, *Основи на музичката теорија;*

*Не случајно тек броевите се врзани со Бог, а чифтот со ѓаволот. Текот (**непарните**) секогаш означуваат единство, обединување, а чифтот (**парните**) поделеност, двојство.* Д. Михајловски, *Колумни.*

несв. **ПЕЕ – ПЛАЧЕ**
ПЕТЬ – ПЛА́КАТЬ

Изведува мелодични тонови; е ведар, расположен, весел.

Лее солзи; со глас изразува тага, болка; е нерасположен, незадоволен.

Проклет да бидам, јас ***пеев***, ***плачев****, се смеев, лазев, летав, паѓав, умирав, оживував, голтав вода, тонев, се губев.* Ж. Чинго*, Големата вода;*

Скокаат, врескаат, ***пеат***, ***плачат****, се потат и препотуваат, се даваат од изобилството прав кренат од нечистото душеме.* Ж. Чинго*, Големата вода.*

ПЕТКА/ПИСМО – ГЛАВА
РЕ́ШКА – ОРЁЛ

Предна страна на монета; аверс.

Задна страна на монета; реверс.

ПИЈАН – ТРЕЗЕН
ПЬЯ́НЫЙ – ТРЕ́ЗВЫЙ

Кој се опил, се напил; својствен на човек во пијана состојба.

Што не е под дејство на алкохол; својствен на човек во трезна состојба.

Што мисли ***трезниот***, ***пијаниот*** *го кажува. Посл.*

несв. **ПИЈАНИ(СЕ) – ТРЕЗНИ(СЕ)**
ПЬЯНЕ́ТЬ/ОПИВА́ТЬСЯ – ТРЕЗВЕ́ТЬ

Доведува (се) во пијана состојба со алкохол.

▪ ***Се пијани*** *секој ден.*

Прави да стане трезен; станува трезен.

▪ *Го* ***трезнат*** *со расолница.*

св. **ОПИЈАНИ(СЕ) – ОТРЕЗНИ(СЕ)**
ОПЬЯНЕ́ТЬ – ОТРЕЗВЕ́ТЬ

Направи некого пијан; стане пијан; напие се.

▪ ***Се опијани*** *со вотка.*

Направи некого трезен; стане трезен.

▪ ***Се отрезни*** *со кафе.*

ПИЈАНИЦА – ТРЕЗВЕНИК
ПЬЯ́НИЦА – ТРЕ́ЗВЕННИК

Што пие често алкохол; што се опива често.

Што се воздржува од пиење алкохол.

несв. **ПИКА – ВАДИ**
ПИХА́ТЬ/СОВА́ТЬ – ВЫНИМА́ТЬ/ВЫТА́СКИВАТЬ

Става во некоја внатрешност.

▪ *Не знае кај ѓи* ***пика*** *париште.*

Извлекува од некоја внатрешност.

▪ *Го* ***вади*** *паричникот.*

св. **ПИКНЕ – ИЗВАДИ**
ЗАСУ́НУТЬ – ВЫ́НУТЬ/ВЫ́ТАЩИТЬ

Стави во некоја внатрешност.

▪ *Не знам кај го* ***пикнав*** *билетот.*

Извлече од некоја внатрешност.

▪ *Го* ***извади*** *паричникот.*

Така мене, браќе, ми светна за оние икончиња. Дај, реков, да му се помолам на добриот бог, можеби ќе угрее ден и за мене. Појдов во визба си ѓи ***извадив*** *и така си ѓи* ***пикнав*** *на старото место.* Ж. Чинго*, Накусо.*

ПИСМЕН – НЕПИСМЕН
ГРА́МОТНЫЙ – НЕГРА́МОТНЫЙ

1. Кој знае да чита и пишува; ги знае граматичките правила; 2. Правилно и добро напишан текст; 3. Образован, упатен.

1. Кој не знае да чита и пишува; кој не ги знае граматичките правила; 2. Неправилно и лошо напишан текст; 3. Необразован.

... човекот може да биде ***писмен****, а сè уште недоволно писмен за комуницирање со пишаниот збор. Според тоа, кога би ѓи зеле предвид не само оние што се обично неписмени туку и оние што се функционално* ***неписмени****, кругот на потенцијални читатели на весниците значително се стеснува.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ПИСМЕНО – НЕПИСМЕНО
ГРА́МОТНО – НЕГРА́МОТНО

На писмен начин; правилно и добро напишано и кажано.

▪ ***Писмено*** *се изразува и на хартија и усно.*

На неписмен начин; неправилно и лошо напишано и кажано.

▪ ***Неписмено*** *раскажува.*

ПИСМЕНОСТ – НЕПИСМЕНОСТ
ГРА́МОТНОСТЬ – БЕЗГРА́МОТНОСТЬ/НЕГРА́МОТНОСТЬ

1. Правилно пишување и зборување; 2. Образованост.

▪ ***Писменост*** *не е само знаење на буквите.*

1. Неправилно пишување и зборување; 2. Необразованост.

▪ *Се намалува* ***неписменоста****.*

ПИСМЕН – УСТЕН
ПИ́СЬМЕННЫЙ – У́СТНЫЙ

Што е изразен со писмо; напишан.

▪ ***Писмен*** *испит.*

Што се изведува усно, со зборување, а не со пишување.

▪ ***Устен*** *испит.*

ПИСМЕНО – УСНО
ПИ́СЬМЕННО – У́СТНО

На писмен начин; со пишување.

▪ *Полага* ***писмено****.*

На устен начин; со зборување.

▪ *Полага* ***усно****.*

Под слабата, застрашувачка светлина на месечината, во огромната, добро проветрена гостинска соба, момчето минува низ пеколот на исчекувањето да се оствари грдиот еврејски ритуал втиснат во неговата ментална конституција од неговата мајка до чија свест ***писмено*** *или најверојатно* ***усно****, стигнала злогласната верзија на Служението...* Д. Михајловски, *Колумни.*

несв. **ПИШУВА – БРИШЕ**
ПИСА́ТЬ – СТИРА́ТЬ

Бележи на хартија или на друга површина букви, бројки итн.

Со триење отстранува нешто напишано на хартија или на друга површина.

Ете, што е животот, рече Дуко Вендија, ништо не е. ***Пиши, бриши****. Ќе пишуваш, пишуваш, рече, а смртта наеднаш сè ќе ти избрише.* П.М. Андреевски, *Пиреј.*

св. **НАПИШЕ – ИЗБРИШЕ**
НАПИСА́ТЬ – СТЕРЕ́ТЬ

Забележи на хартија или на друга површина букви, бројки итн.

Со триење отстрани нешто напишано на хартија или на друга површина.

▪ ***Напиша*** *на табла.*

▪ ***Избриша*** *од табла.*

Ете, што е животот, рече Дуко Вендија, ништо не е. Пиши, бриши. Ќе ***пишуваш****, пишуваш, рече, а смртта наеднаш сè ќе ти* ***избрише***. П.М. Андреевски*, Пиреј.*

ПЛАНИ́РАН – СПОНТАН
ЗАПЛАНИ́РОВАННЫЙ – СПОНТА́ННЫЙ

Однапред договорен или предвиден; што е во согласност со план.

Непланиран; што се случува без влијание однадвор.

▪ ***Планиран*** *говор.*

▪ ***Спонтан*** *говор.*

ПЛАНСКИ – СТИХИЈНО/СТИХИСКИ
ПЛА́НОВО – СТИХИ́ЙНЫЙ

Според план; со план.

Без план, без систем, без метод; неорганизирано.

▪ *Учебниците се издаваат* ***планski***.

▪ *Се гради* ***стихијно***.

несв. **ПЛЕТЕ – РАСПЛЕТУВА**
ПЛЕСТИ́ – РАСПУСКА́ТЬ

Прави облека, кошница, венец поврзувајќи конец, прачки, лента во котелци.

Распушта нешто сплетено.

▪ ***Плете*** *џемпер.*

▪ ***Расплетува*** *џемпер.*

св. **СПЛЕТЕ – РАСПЛЕТЕ**
СВЯЗА́ТЬ – РАСПУСТИ́ТЬ

Направи облека, кошница, венец поврзувајќи конец, прачки, лента во котелци.

Распушти нешто сплетено.

▪ ***Сплете*** *елече.*

▪ ***Расплете*** *елече.*

ПЛИМА – ОСЕКА
ПРИЛИ́В – ОТЛИ́В

Периодично кревање на нивото на водата на морски брег.

Периодично повлекување на нивото на водата на морски брег.

ПЛОДЕН – НЕПЛОДЕН
ПЛОДОРО́ДНЫЙ/ПЛОДОВИ́ТЫЙ – БЕСПЛО́ДНЫЙ

1. Што дава многу плод, раѓа; што дава потомство, што раѓа многу; 2. Што дава резултати, што создава многу; корисен.

▪ ***Плодна*** *земја.*
▫ ***Плоден*** *умет̄ник.*

1. Што не дава плод, што не раѓа, што не се размножува; 2. Што не дава резултати, што не е корисен.

▪ ***Неп̄лодна*** *г̄одина.*
▫ ***Неп̄лодни*** *п̄рег̄овори.*

ПЛОДЕН – ЈАЛОВ
ПЛОДОРО́ДНЫЙ/ПЛОДОВИ́ТЫЙ – БЕСПЛО́ДНЫЙ

1. Што дава многу плод, раѓа; што дава потомство, што раѓа многу; 2. Што дава резултати, што создава многу; корисен.

▪ ***Плодна*** *крава.*
▫ ***Плодна*** *дискусија.*

1. Што не дава плод, што не раѓа, што не се размножува; 2. Што не дава резултати, што не е корисен.

▪ ***Јалова*** *крава.*
▫ ***Јалова*** *дискусија.*

ПЛУС – МИНУС
ПЛЮС – МИ́НУС

1. Знак (+) што означува собирање или позитивна вредност во математиката; 2. Дополнителна вредност, добивка; 3. Предност, позитивна страна.

▪ *Три* ***п̄лус*** *два се п̄ет̄.*
▪ *Темп̄ерат̄ура̄т̄а е* ***п̄лус*** *давесет̄ ст̄епени.*
▪ *Добив* ***п̄лус*** *илјада денари за бензин.*

1. Знак (–) што означува вадење или негативна вредност во математиката; 2. Намалена вредност, добивка; 3. Недостаток, негативна страна.

▪ *Пет̄* ***минус*** *т̄ри се два.*
▪ *Надвор е* ***минус*** *десет̄ ст̄епени.*
▪ *Јас сум во* ***минус*** *со ова п̄ат̄ување.*

несв. **ПОАЃА – ПРИСТИГА/СТИГНУВА**
ОТПРАВЛЯ́ТЬСЯ – ПРИБЫВА́ТЬ

Почнува да се движи, да оди; тргнува, заминува некаде.

▪ *Возот **поаѓа** во седум.*

Доаѓа, допатува на определено место.

▪ *Тој **пристигa** в недела.*

св. **ПОЈДЕ – ПРИСТИГНЕ/СТИГНЕ**
ОТПРА́ВИТЬСЯ – ПРИБЫ́ТЬ

Почне да се движи, да оди; тргне, замине некаде.

▪ *Ќе **појдеме** утре сабајле.*

Дојде, допатува на определено место.

▪ *Ќе **стигнеме** во пет часот.*

ПОАЃАЊЕ – ПРИСТИГАЊЕ
ОТПРАВЛЕ́НИЕ – ПРИБЫ́ТИЕ

Почеток на патување; тргнување.

▪ ***Поаѓањето** е навечер.*
▪ *На **поаѓање** плачеше.*

Време или чин на доаѓање; стигнување.

▪ ***Пристигањето** е наутро.*
▪ *Се сретнавме на **пристигање**.*

ПОБЕДА – ПОРАЗ
ПОБЕ́ДА – ПОРАЖЕ́НИЕ

Успех во војна; во борба; во натпревар, во игра.

Неуспех во војна; во борба; во натпревар, во игра.

*„Не разбираш!“ му рече учителот, „не станува збор за никаква **победа** зашто меѓу **победата** и **поразот** разликата е многу мала, а болката секогаш иста.* Д. Михајловски*, Избор;*

*... пробивајќи се зад невидливите sидишта на тајните на опстојувањето врз оваа педа земја среде Балканот, освоена со крв и жед за животен простор, пред илјада и триста и повеќе години, и исто толку години бранета и одбранувана, со ценатa на недобројани погроми, трагики**, порази**, и конечни морални и духовни **победи** на просторот каде што нашиот народец историјата на големата преселба на народите го обврзала да опстојува.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

ПОБЕДЕН – ПОРАЗЕН
ПОБЕДОНО́СНЫЙ – УНИЧТОЖА́ЮЩИЙ
ПОБЕ́ДНЫЙ – РАЗГРО́МНЫЙ

Што се однесува на победа; победоносен.

▪ ***Победна*** *песна.*

Што се однесува на пораз.

▪ ***Поразна*** *битка.*

св. **ПОБЕДИ – ИЗГУБИ/ЗАГУБИ**
ПОБЕДИ́ТЬ/ВЫ́ИГРАТЬ – ПОТЕРЯ́ТЬ/ПРОИГРА́ТЬ

Извојува победа во војна, во битка, во натпревар, во игра.

▪ *Ја* ***загуби*** *битката.*
▪ ***Загуби*** *во шах.*

Претрпи пораз во војна, во битка, во натпревар, во игра.

▪ *Го* ***победи*** *непријателот.*
▪ ***Победи*** *во шах.*

Мислиш на Георгија му било сеедно што ***победил*** *а* ***загубил*** *толку свои верни поданици кои претходно воодушевено го поздравувале...* Д. Михајловски*, Избор.*

несв. **ПОБЕДУВА – ГУБИ**
ВЫИ́ГРЫВАТЬ – ПРОИ́ГРЫВАТЬ

Извојува победа во војна, во битка, во натпревар, во игра.

Трпи пораз во војна, во битка, во натпревар, во игра.

... жалиш што не си со оние што ***победуваат*** *и* ***губат****, со оние што те мразат и ти завидуваат, со оние кои и ти исто ги мразиш и им завидуваш, а од кои ти се згади.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

ПОБЕДНИК – ГУБИТНИК
ПОБЕДИ́ТЕЛЬ – ПРОИГРА́ВШИЙ/НЕУДА́ЧНИК

Тој што победува; што успева.

Тој што губи; што не успева.

Мојата прогноза пред извесно време беше дека Македонија ќе се најде во „пат-позиција“. Имено, не ќе има апсолутни ***победници*** *меѓу македонските политички фактори, ниту апсолутни* ***губитници****.* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Голема моќ е да умееш да бидеш ***губитник****,* ***победник*** *во поразот, кој сам по себе ни го наложува трагизмот на животот.* Л. Старова*, Амбасади.*

ПОБЕДЛИВ – НЕПОБЕДЛИВ
ПОБЕДИ́МЫЙ – НЕПОБЕДИ́МЫЙ

Што може да биде победен.	Што не може да биде победен.
▪ *Секој е* ***победлив*** *ако му ги знаеш слабите страни.*	▪ *Тој е* ***непобедлив*** *боксер.*

ПОВЕ́КЕ – ПОМАЛКУ
БО́ЛЬШЕ/БОЛЕЕ – МЕ́НЬШЕ/МЕНЕЕ

Во поголема количина, мера, интензитет; подолго време.	Во помала количина, мера, интензитет; пократко време.

И тој, ама и јас, имавме изострен слух и секое чкрипење нè вадеше од памет, него ***повеќе*** *зашто можеше да си дозволи да реагира а мене, се разбира* ***помалку****...*Д. Михајловски*, Избор;*

Колку што таа од викендот очекуваше ***повеќе*** *толку* ***помалу*** *доби.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Ако е за право, никој не знаеше од кај почна таа приказна, но сите веруваа во неа. Некои ***повеќе****, некои* ***помалку****, ама сите како да сакаа да веруваат во неа.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

несв. **ПОВИВА – РАСПОВИВА**
ПЕЛЕНА́ТЬ – РАСПЕЛЁНЫВАТЬ

Завиткува, обвива со пелени.	Вади, одмотува пелени.

Татко се врати само да има уште една мака згора. Ќе се избричи, ќе ги ласне чевлите и ќе излезе да брои муви. И после го кутна болеста и мајка, ко дете, го ***повива****, го* ***расповива****.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

св. **ПОВИЕ – РАСПОВИЕ**
ЗАПЕЛЕНА́ТЬ – РАСПЕЛЕНА́ТЬ

Завитка, обвие со пелени.	Извади, одмота пелени.
▪ *Го* ***повив*** *бебето да спие.*	▪ *Го* ***расповив*** *да го капам.*

св. **ПОВИШИ – СНИЖИ**
ПОВЫ́СИТЬ – СНИ́ЗИТЬ

Зголеми број, износ, цена, количина, интензитет.

Намали број, износ, цена, количина, интензитет.

Ваквиот распоред на тоновите овозможува да се вметнат уште тонови и тоа меѓу оние чие растојание е цел степен, а се добиваат на тој начин што секоја нота на основниот тон може да се ***повиши*** *или* ***снижи****, со што тонскиот систем ја добива својата потполност.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

несв. **ПОВИШУВА – СНИЖУВА**
ПОВЫША́ТЬ – СНИЖА́ТЬ

Зголемува број, износ, цена, количина, интензитет.

Намалува број, износ, цена, количина, интензитет.

Сомнатите предзнаци ја ***повишуваат*** *или* ***снижуваат*** *нотата на секој основен тон за половина степен.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

ПОВИШУВАЊЕ – СНИЖУВАЊЕ
ПОВЫШЕ́НИЕ – СНИЖЕ́НИЕ

Зголемување, покачување.

Намалување, стишување.

Повишувањето *и* ***снижувањето*** *на тоновите се врши со помош на знаци кои се викаат предзнаци. Знакот за* ***повишување*** *се вика повишувалка, а знакот за* ***снижување*** *– снижувалка.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

ПОВОЛЕН – НЕПОВОЛЕН
ПОДХОДЯ́ЩИЙ – НЕПОДХОДЯ́ЩИЙ
БЛАГОПРИЯ́ТНЫЙ – НЕБЛАГОПРИЯ́ТНЫЙ

Што одговара; што има добра цена; добри услови; што влијае добро; што има предност.

Што не одговара; што има лоша цена; лоши услови; што влијае лошо; што нема предност.

... политичките сили настојуваат својот притисок да го прикријат, односно да го трансформираат како економски, донесувајќи соодветни одлуки со кои одредени гласила се стават во ***поповолна*** *или* ***понеповолна*** *положба.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ПОГОДЕН – НЕПОГОДЕН
ПОДХОДЯ́ЩИЙ – НЕПОДХОДЯ́ЩИЙ
УДО́БНЫЙ – НЕУДО́БНЫЙ

Што одговара на потребите, на ситуацијата, на времето; згоден, поволен.

Што не одговара на потребите, на ситуацијата, на времето; незгоден, неповолен.

▪ *Најде* ***по̄го̄дна*** *прилика да се прошета.*
▪ *Ова е* ***не̄по̄го̄дна*** *емисија за деца.*

▪ *За диета ова е* ***не̄по̄го̄дно*** *јадење.*
▪ ***Не̄по̄го̄дните*** *временски услови ја спречија жетвата.*

св. **ПОГОДИ – ПРОМАШИ**
ПОПА́СТЬ/УГАДА́ТЬ/ВЫ́БРАТЬ – ПРОМАХНУ́ТЬСЯ/ОШИБИ́ТЬСЯ

1. Удри во целта со фрлање, гаѓање; 2. Успешно одбере соодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Даде правилен одговор.

1. Не успее да погоди во целта со фрлање, гаѓање; 2. Избере несоодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Погреши.

▪ *Го* ***по̄го̄ди*** *човекот, падна.*
▪ *Го* ***по̄го̄ди*** *патот.*

▪ *Го* ***промаши*** *одговорот.*
▪ *Ја* ***промаши*** *улицата.*

ПОГОДОК – ПРОМАШУВАЊЕ
ПОПАДА́НИЕ/УДА́Р В ЦЕЛЬ – ПРО́МАХ/ВЫ́СТРЕЛ МИ́МО

Успешен удар во целта при фрлање, гаѓање; гол, кош, поен.

Непогодување на целта при фрлање, гаѓање; непостигање гол, кош, поен.

▪ *Во денешниот натпревар тој имаше пет* ***по̄го̄доци*** *и две* ***промашувања****.*

св. **ПОГОДИ – УТНЕ** *разг.*
ПОПА́СТЬ – ПРОМАХНУ́ТЬСЯ/ОШИБИ́ТЬСЯ

1. Удри во целта со фрлање, гаѓање; 2. Успешно одбере соодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Даде правилен одговор.

1. Неуспее да погоди во целта со фрлање, гаѓање; 2. Избере несоодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Погреши.

▫ *Не го* ***погодив*** *времето.*
▪ *Го* ***погоди*** *одговорот.*

▫ *Го* ***утнав****, си беше отишол.*
▪ *Го* ***утна*** *одговорот.*

ПОД – ТАВАН
ПОЛ – ПОТОЛО́К

Долна површина на просторија по која се оди.

Горна внатрешна површина на просторија.

„Слика“- му текна на поетот и тој ги вложи сите расположиви умни напори да ја поврати својата вообичаена разумност и бистрина. Ама попусто; ***подот****,* ***таванот*** *и судовите играа хаотичен танц, менувајќи си ги местата и запирајќи се, само за миг, во безбројни косини и агли.* Д. Михајловски*, Избор.*

ПОДВИЖЕН – НЕПОДВИЖЕН
ПОДВИ́ЖНЫЙ – НЕПОДВИ́ЖНЫЙ

Што може да се движи, да се преместува, да се мрда; жив, лесен, брз.

Што не може да се движи, да се преместува, да се мрда; тром, бавен, тежок.

Телевизија - вид на телекомуникација со чија помош се врши пренос на променливи слики на ***непoдвижни*** *или* ***подвижни*** *објекти.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ПОДВИЖЕН – ТРОМ
ПОДВИ́ЖНЫЙ – ВЯ́ЛЫЙ/МЕДЛИ́ТЕЛЬНЫЙ/НЕПОВОРО́ТЛИВЫЙ

Што може да се движи, брзо; енергичен, лесен, брз.

Што се движи, работи, бавно, тешко, без енергија.

▪ *Многу е* ***подвижен****, пет минути не седнува.*

▪ ***Тром*** *е, не го бива за фудбал.*

св. ПОДДРЖИ – ОДВРАТИ
ПОДДЕРЖА́ТЬ – ОТГОВОРИ́ТЬ

Даде поддршка; одобри.

Повлијае некој од нешто да се откаже.

▪ *Родителите ја* ***поддржаа*** *идејата да студира јазик.*

▪ *Татко му го* ***одврати*** *од намерата да купи стара кола.*

несв. **ПОДДРЖУВА – ОДВРАЌА**
ПОДДЕ́РЖИВАТЬ – ОТГОВА́РИВАТЬ

Дава поддршка; одобрува.

Влијае некој од нешто да се откаже.

ПОДЕМ – ПАД
ПОДЪЁМ – СПАД

Развиток, напредок, успех; зголемување обем, сила, моќ.

Неуспех, трпење загуби; намалување обем, сила, моќ.

▪ ***Подем*** *на производството.*
▪ ***Подем*** *на стандардот.*

▪ ***Пад*** *на производството.*
▪ ***Пад*** *на стандардот.*

Макијавелистичката опција ќе го обзема и напушта Арафат во текот на целиот живот. За разлика од криватa на владетелите, со јасна линија на ***подемот*** *и* ***падот****, Арафат ќе остварi повеќе такви криви на владеењето, со чести полети и падови...*Л. Старова*, Амбасади.*

несв. **ПОДИГА(СЕ) – СПУШТА(СЕ)**
ПОДНИМА́ТЬ(СЯ) – СПУСКА́ТЬ(СЯ)/ОПУСКА́ТЬ(СЯ)

1. Става, преместува, мрда на повисоко место; крева се; станува од седечка или лежечка положба; 2. Крева, повишува, покачува ниво, критериум, цена.

1.Става, преместува, мрда на пониско место; приземјува; поместува се на пониско место; 2. Смалува ниво, критериум, вредност.

▪ *Ја* ***подига*** *главата.*
▫ *Цените* ***се подигаат****.*

▪ *Ја* ***спушта*** *главата.*
▫ *Цените* ***се спуштаат****.*

св. **ПОДИГНЕ(СЕ) – СПУШТИ(СЕ)**
ПОДНЯ́ТЬ(СЯ) – СПУСТИ́ТЬ(СЯ)/ОПУСТИ́ТЬ(СЯ)

1. Стави, премести, мрдне на повисоко место; крене се; стане од седечка или лежечка положба; 2. Крене, повиши, покачи ниво, критериум, цена.

1. Стави, премести, мрдне на пониско место; приземји; помести се на пониско место; 2. Смали ниво, критериум, вредност.

▪ *Ја* ***подигна*** *раката.*
▫ ***Се подигна*** *критериумот.*

▪ *Ја* ***спушти*** *раката.*
▫ ***Се спушти*** *критериумот.*

несв. **ПОДИГА(СЕ) – СНИЖУВА(СЕ)**
ПОВЫША́ТЬ(СЯ) – ПОНИЖА́ТЬ(СЯ)

Става на повисоко ниво; зголемува; прави да биде повисоко; станува повисок; зголемува се.

Става на пониско ниво; смалува; станува понизок; намалува се.

▪ ***Се подига*** *нивото на езерото.*
▫ *Ја* ***подигаат*** *платата.*
▫ ***Се подига*** *квалитетот.*

▪ ***Се снижува*** *водата.*
▫ *Ја* ***снижуваат*** *вредноста.*
▫ ***Се снижуваат*** *даноците.*

св. **ПОДИГНЕ(СЕ) – СНИЖИ(СЕ)**
ПОВЫ́СИТЬ(СЯ) – ПОНИ́ЗИТЬ(СЯ)

Стави на повисоко ниво; зголеми; направи да биде повисоко; стане повисок; зголеми се.

Стави на пониско ниво; смали; стане понизок; намали се.

▪ ***Се подигна*** *нивото на езерото.*
▫ *Го* ***подигна*** *гласот.*
▫ ***Се подигна*** *стандардот.*

▪ ***Се снижи*** *водата.*
▫ *Го* ***снижи*** *гласот.*
▫ ***Се снижија*** *цените.*

св. **ПОДМЛАДИ(СЕ) – ОСТАРИ**
ОМОЛОДИ́ТЬ/ПОМОЛОДЕ́ТЬ – ПОСТАРЕ́ТЬ/СОСТА́РИТЬ(СЯ)

Направи да изгледа помлад или како да е млад; стане повторно млад или како да е млад.

Направи да стане стар; стане стар.

▪ *Новата љубов го* ***подмлади***.

▪ *Од грижи* ***остаре*** *предвреме.*

несв. **ПОДМЛАДУВА(СЕ) – СТАРЕЕ**
МОЛОДИ́ТЬ/МОЛОДЕ́ТЬ – СТА́РИТЬ/СТАРЕ́ТЬ

Прави да изгледа помлад или како да е млад; станува повторно млад или како да е млад.

Прави да стане стар; станува стар.

▪ *Фризурата те* ***подмладува***.

▪ *Човекот* ***старее*** *брзо.*

ПОДНОСЛИВ – НЕПОДНОСЛИВ
СНО́СНЫЙ/ТЕРПИ́МЫЙ – НЕВЫНОСИ́МЫЙ

Што може да се поднесе; издржлив; прифатлив.

▪ ***Поднослӣва*** *зима.*

Што не може да се поднесе; неиздржлив; неприфатлив.

▪ ***Не̄подносливи*** *услови.*

св. **ПОДОБРИ(СЕ) – ВЛОШИ(СЕ)**
УЛУ́ЧШИТЬ(СЯ) – УХУ́ДШИТЬ(СЯ)

Направи да биде подобар; стане подобар.

▪ *Ги* ***по̄добри*** *условӣте.*

Направи да биде полош; стане полош.

▪ *Ги* ***вло̄ши*** *условӣте.*

несв. **ПОДОБРУВА(СЕ) – ВЛОШУВА (СЕ)**
УЛУЧША́ТЬ(СЯ) – УХУДША́ТЬ(СЯ)

Прави да биде подобар; станува подобар.

▪ ***Се по̄добрува̄т*** *односӣте.*

Прави да биде полош; станува полош.

▪ ***Се вло̄шува̄т*** *односӣте.*

ПОДОБРУВАЊЕ – ВЛОШУВАЊЕ
УЛУЧШЕ́НИЕ – УХУДШЕ́НИЕ

Чин или процес на правење или станување подобар.

▪ *Со* ***по̄добрување*** *на условӣте ќе се зго̄леми квалите̄то̄т.*

Чин или процес на правење или станување полош.

▪ ***Вло̄шувањето*** *на ме̄ѓусебнӣте односи е сè по̄видливо.*

ПОДРЕДЕН – НАДРЕДЕН
ПОДЧИНЁННЫЙ – РУКОВОДЯ́ЩИЙ

Што има помала важност или позиција; потчинет.

Што е на повисока позиција или има повисок ранг.

св. **ПОЕВТИНИ – ПОСКАПИ**
СНИ́ЗИТЬ ЦЕ́НУ/ПОДЕШЕВЕ́ТЬ – ПОВЫСИТЬ ЦЕ́НУ/ПОДОРОЖА́ТЬ

Направи поевтин; стане поевтин.

▪ *Го* ***по̄евтӣнија*** *зеленчуко̄т.*

Направи поскап; стане поскап.

▪ ***Поскапе*** *регӣстрација̄та.*

несв. **ПОЕВТИНУВА – ПОСКАПУВА**
СНИЖА́ТЬ ЦЕ́НУ/ДЕШЕВЕ́ТЬ – ПОВЫША́ТЬ ЦА́НУ/ДОРОЖА́ТЬ

Прави поевтин;
станува поевтин.

▪ *Од нокеска* ***поевтинува*** *бензинот.*

Прави поскап;
станува поскап.

▪ ***Поскапува*** *струјата.*

ПОЕВТИНУВАЊЕ – ПОСКАПУВАЊЕ
СНИЖЕ́НИЕ ЦЕН – ПОДОРАЖА́НИЕ

Намалување, снижување
на цените.

Зголемување, повишување
на цените.

... ТВ сликата од 'Зебра' на Борјан Јовановски: се мачи тој со прецизни прашања да извлече колку проценти поскапува телефонскиот импулс а соговорникот... одговара: 'Видете, не сте во право, нема ***поскапување*** *туку* ***поевтинување****...* Д. Михајловски, *Колумни.*

св. **ПОЕДНОСТАВИ(СЕ) – УСЛОЖНИ(СЕ)**
УПРОСТИ́ТЬ(СЯ) – УСЛОЖНИ́ТЬ(СЯ)/ОСЛОЖНИ́ТЬ(СЯ)

Направи да биде
поедноставен, поупростен;
направи да биде полесен
за правење, за разбирање;
стане поедноставен,
за правење, за разбирање.

▪ *Ја* ***поедноставија*** *постапката за полагање.*

Направи да биде посложен;
направи да биде потежок за
правење, за разбирање; стане
посложен, потежок за
правење, полесен за
разбирање.

▪ ***Се усложни*** *начинот на вадење лична карта.*

несв. **ПОЕДНОСТАВУВА(СЕ) – УСЛОЖНУВА(СЕ)**
УПРОЩА́ТЬ(СЯ) – УСЛОЖНЯ́ТЬ(СЯ)/ОСЛОЖНЯ́ТЬ(СЯ)

Прави да биде поедноставен,
поупростен; прави да биде
полесен за правење, за
разбирање; станува
поедноставен, полесен за
правење, за разбирање.

▪ ***Се поедноставува*** *процедурата за добивање виза.*

Прави да биде посложен;
прави да биде потежок за
правење, за разбирање;
станува посложен, потежок
за правење, за разбирање.

▪ *Со новиот закон* ***се усложнува*** *приемот на нови студенти.*

ПОЗИТИВ – НЕГАТИВ
ПОЗИТИ́В – НЕГАТИ́В

Фотографија копирана од негатив.

Слика, лик на кој светлите места одговараат на темните делови во природата и обратно.

*Во фотографијата: служи, во облик на пластична лента или лист, со различни формати, за снимање слики (**негатив**) со помош на фотоапарат, односно да се изработи дијапозитив, да се копира слика на хартија и на други материјали (**позитив**).* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

ПОЗИТИ́ВЕН – НЕГАТИ́ВЕН
ПОЛОЖИ́ТЕЛЬНЫЙ – ОТРИЦА́ТЕЛЬНЫЙ
ПОЗИТИ́ВНЫЙ – НЕГАТИ́ВНЫЙ

1. Потврден; што искажува одобрување, согласност; 2. Добар, со добри својства; 3. Што работи со добивка; 4. Што има бројна вредност поголема од нула.

1. Одречен; што искажува несогласност;2.Лош, со лоши својства; 3. Кој работи со загуба; 4. Што има бројна вредност помала од нула.

*Да бев начисто со себе, било во **позитивна** било во **негативна** смисла, ќе појдев право в постела – да го довршам в перница доживувањето на љубовта...* Д. Солев, *Црно огледало;*

*Определбата за граѓанско општество, како декларација, во колективната свест не беше сфатена, па наместо таа да доживее **позитивна** конотација, доживеа таква **негативна** смисла која се преобрази во она што го нарековме масовен морален релативизам.* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

ПОЗИТИ́ВНО – НЕГАТИ́ВНО
ПОЛОЖИ́ТЕЛЬНО – ОТРИЦА́ТЕЛЬНО
ПОЗИТИ́ВНО – НЕГАТИ́ВНО

На позитивен начин; потврдно.

На негативен начин; одречно.

*Глобализацијата се оценува, истовремено, и **позитивно** и **негативно**, ако така може да се рече.* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

ПОЗИЦИЈА – ОПОЗИЦИЈА
ПРА́ВЯЩАЯ ПА́РТИЯ – ОППОЗИЦИО́ННАЯ ПА́РТИЯ

Партија што е на власт; владејачка партија; власт.	Група, партија што истапува против власта, против владина политика.

Опасноста е во тоа што судирот во Струга покажа дека власта не се судри само со ***опозицијата*** *(која, нормално, секогаш ги демне грешките на* ***позицијата*** *со цел да ги искористи за својата кауза), туку со народот, или, поточно, со својот народ.* Д. Михајловски, *Колумни.*

ПОЗНАТ – НЕПОЗНАТ
ЗНАКО́МЫЙ – НЕЗНАКО́МЫЙ
ИЗВЕ́СТНЫЙ – НЕИЗВЕ́СТНЫЙ

1. За што се знае однапред; 2. За кого знаат сите или многумина; славен; 3. Позната величина со чија помош се наоѓа непознатата.	1.За што не се знае однапред; 2. За кого не знае никој или малкумина; анонимен; 3.Непозната величина (број).

...со широка насмевка на лице гази цврсто пред нив под пеколното сонце со намера, ако треба, да го помине вака целиот ***познат*** *и* ***непознат*** *свет.* Д. Михајловски, *Избор;*

Секаде каде ќе сретневме луѓе, ***познати*** *и* ***непознати****, добри и лоши, на сите им го кажувавме името на нашата мајка, името на нашиот татко, имињата на нашите сестри и браќа, нашите кришни знаци.* Ж. Чинго, *Големата вода;*

ø Куќата ни беше на пат, а тоа беше главниот пат за во Долината. Од некое време, цела таа година, во булуци секој ден проаѓаа ***познати*** *и* ***непознати****, идеа од околните места, од планините од далеку.* Ж. Чинго, *Накусо;*

Во тој пекол најпосле го видов сиот наш несреќен живот, војната, темните војски, ***познатите*** *и* ***непознатите*** *мртви по полињата, по патиштата...*Ж. Чинго, *Големата вода.*

ПОЗНАТ – АНОНИ́МЕН
ИЗВЕ́СТНЫЙ – АНОНИ́МНЫЙ/МАЛОИЗВЕ́СТНЫЙ

Прочуен, прослaвен; што го знаат.	Безимен; непознат. што не го знаат.
▪ ***Познат*** *писател.*	▪ ***Анонимен*** *писател.*

св. **ПОЈАВИ СЕ – ИСЧЕЗНЕ**
ПОЯВИ́ТЬСЯ – ИСЧЕ́ЗНУТЬ

Јави се, покаже се;
настане; излезе; никне.

▪ ***Се п̄ојавија*** *п̄роблеми.*

Снема; загуби се;
престане да постои.

▪ ***Исчезна****, не видов кај о̄т̄иде.*

несв. **ПОЈАВУВА СЕ – ИСЧЕЗНУВА**
ПОЯВЛЯ́ТЬСЯ – ИСЧЕЗА́ТЬ

Јавува се, покажува се;
настанува; излегува; никнува.

▪ ***Се п̄ојавуваа̄т̄*** *цве̄т̄ови.*

Снемува; губи се;
престанува да постои.

▪ ***Исчезнува*** *сонце̄т̄о.*

св. **ПОЈАВИ СЕ – СНЕМА**
ПОЯВИ́ТЬСЯ – ПРОПА́СТЬ/ИСЧЕ́ЗНУТЬ

Јави се, покаже се; настане;
излезе; никне; дојде.

Загуби се; исчезне;
престане да постои;
изгуби се.

Ќе ***се п̄ојави*** *некаде и ко чудо ќе го̄* ***снема****. Ако не беше т̄ој, велеа, се̄г̄а и ние ќе бевме заборавени. Вака, барем влег̄ува некој во село-во, да видиме и т̄уг̄́ човек.* П.М. Андреевски, *Последнӣт̄е селани.*

несв. **ПОЈАВУВА СЕ – СНЕМУВА**
ПОЯВЛЯ́ТЬСЯ – ИСЧЕЗА́ТЬ/ТЕРЯ́ТЬСЯ

Јавува се, покажува се;
настанува; излегува;
никнува; доаѓа, добива.

▪ ***Се п̄ојавува*** *минус.*

Губи се; исчезнува;
престанува да постои;
губи се.

▪ *Ги* ***снемува*** *кнӣг̄ӣт̄е.*

св. **ПОЈАВИ СЕ – ИЗГУБИ СЕ**
ПОЯВИ́ТЬСЯ – ИСЧЕ́ЗНУТЬ/ПОТЕРЯ́ТЬСЯ

Јави се, покаже се;
настане; излезе.

Загуби се; исчезне;
снема.

▪ ***Се п̄ојави*** *еден облак, но брзо* ***се изг̄уби****.*

несв. **ПОЈАВУВА СЕ – ГУБИ СЕ**
ПОЯВЛЯ́ТЬСЯ – ИСЧЕЗА́ТЬ/ТЕРЯ́ТЬСЯ

Јавува се, покажува се; настанува; излегува.

Исчезнува; снемува.

Но тоа го прави и Теофил: се појавува, ***се губи*** *и пак* ***се појавува****. Веќите само ги собира и исправа, како бранчиња што удираат во остро засечено корито.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

ПОЈДОВЕН – КРАЕН
НАЧА́ЛЬНЫЙ/ИСХО́ДНЫЙ – КОНЕ́ЧНЫЙ

Од кој се поаѓа; почетен.

Што е на крајот; заден, последен.

Дали е тоа ***појдовната*** *и* ***крајната*** *точка на прскалката за миење на улиците и местото каде барабанцијата ги добиваше своите прогласи?* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

св. **ПОКАЧИ(СЕ) – НАМАЛИ(СЕ)**
ПОВЫ́СИТЬ(СЯ) – СНИ́ЗИТЬ(СЯ)

Зголеми; направи поголем повисок, подолг (цена, брзина, време, износ); зголеми се.

Снижи; направи помал, понизок,покус,(цена, брзина, време, износ); снижи се.

▪ *Ги* ***покачија*** *колите.*

▪ ***Се намали*** *платата.*

несв. **ПОКАЧУВА(СЕ) – НАМАЛУВА(СЕ)**
ПОВЫША́ТЬ(СЯ) – СНИЖА́ТЬ(СЯ)

Зголемува; прави поголем повисок, подолг (цена, брзина, време); зголемува се.

Снижува; прави помал, понизок,покус (цена, брзина, време); снижува се.

▪ *Од утре сè* ***се покачува****.*

▪ ***Се намалува*** *човечкиот век.*

св. **ПОКАЧИ(СЕ) – СНИЖИ(СЕ)**
ПОВЫ́СИТЬ(СЯ) – СНИ́ЗИТЬ(СЯ)

Зголеми; направи поголем повисок, подолг (цена, брзина, време); зголеми се.

Намали; направи помал, понизок, покус (цена, брзина, време); намали се.

▪ *Го* ***покачи*** *гласот.*

▪ *Го* ***снижи*** *гласот.*

несв. **ПОКАЧУВА(СЕ) – СНИЖУВА(СЕ)**
ПОВЫША́ТЬ(СЯ) – СНИЖА́ТЬ(СЯ)

Зголемува; прави поголем повисок, подолг (цена, брзина, време); зголемува се.

▪ ***Се покачува*** *квалитетот.*

Намалува; прави помал, понизок, покус (цена, брзина, време); намалува се.

▪ ***Се снижува*** *квалитетот.*

св. **ПОКАЧИ СЕ – ПАДНЕ**
ПОВЫ́СИТЬ(СЯ) – УПА́СТЬ/СНИ́ЗИТЬ(СЯ)

Зголеми се; порасне (цена, брзина, квалитет, ниво итн.).

▫ *Се* ***покачија*** *цените.*

Намали се; снижи се (цена, брзина, квалитет, ниво итн.).

▫ ***Падна*** *цените.*

несв. **ПОКАЧУВА СЕ – ПАЃА**
ПОВЫША́ТЬ(СЯ) – ПА́ДАТЬ/СНИЖА́ТЬ(СЯ)

Зголемува се; расте (цена, брзина, квалитет, ниво итн.).

▫ ***Се покачува*** *стандардот.*

Намалува се; снижува се (цена, брзина, квалитет, ниво итн.).

▫ ***Паѓа*** *стандардот.*

св. **ПОКЛОПИ – ОТКЛОПИ**
ЗАКРЫ́ТЬ – ОТКРЫ́ТЬ

Покрие со капак; стави капак; затвори.

▪ ***Поклопи*** *тенџере.*

Симне капак од нешто; отвори капак; отвори.

▪ ***Отклопи*** *тегла.*

несв. **ПОКЛОПУВА – ОТКЛОПУВА**
ЗАКРЫВА́ТЬ – ОТКРЫВА́ТЬ

Покрива со капак; става капак; затвора.

▪ ***Поклопува*** *тенџере.*

Симнува капак од нешто; отвора капак; отвора.

▪ ***Отклопува*** *тегла.*

ПОКОРЕН – НЕПОКОРЕН
ПОКО́РНЫЙ – НЕПОКО́РНЫЙ
ПОСЛУ́ШНЫЙ – СТРОПТИ́ВЫЙ

Што се покорува, што е послушен.

Што не се покорува, што се бори, што се спротивставува.

▪ ***Покорен*** *народ.*

▪ ***Непокорен*** *народ.*

несв. **ПОКРИВА – ОТКРИВА**
ПОКРЫВА́ТЬ – ОТКРЫВА́ТЬ

1. Става нешто врз некого или нешто за да се заштити, да се стопли, да се сокрие; става на себе покривка; 2. Става покрив; 3. Крие, прикрива; штити, брани;

1. Трга покривка од некој што е покриен, од нешто што е покриено; трга од себе покривка; 2. Вади покрив; 3. Открива нешто што се прикривало; кажува.

▪ ***Се покривам*** *со јорган.*
▫ *Му ги* ***покрива*** *лагите.*

▪ ***Се открива*** *ноќе и настинува.*
▫ *Тајните* ***се откриваат****.*

св. **ПОКРИЕ – ОТКРИЕ**
ПОКРЫ́ТЬ – ОТКРЫ́ТЬ

1. Стави нешто врз некого или нешто за да се заштити, да се стопли, да се сокрие; стави на себе покривка; 2. Стави покрив; 3. Скрие, прикрие; заштити, одбрани;

1. Тргне покривка од некој што е покриен, од нешто што е покриено; тргне од себе покривка; 2. Извади покрив; 3. Открие нешто што се прикривало; каже.

▪ *Го* ***покри*** *со ќебе.*
▫ *Го* ***покрив****.*

▪ *Ја* ***откри*** *куќата.*
▫ ***Открив*** *дека лаже.*

ПОКРИЕН – ОТКРИЕН
ЗАКРЫ́ТЫЙ – ОТКРЫ́ТЫЙ

Што има покривка врз себе; што има покрив; што не се гледа.

Што нема покривка врз себе; што нема покрив; што се гледа.

▪ ***Покриено*** *дете.*
▪ ***Покриена*** *куќа.*

▪ ***Откриено*** *дете.*
▪ ***Откриена*** *куќа.*

ПОЛЕЗЕН – ШТЕТЕН
ПОЛЕ́ЗНЫЙ – ВРЕ́ДНЫЙ

Што носи полза; што е корисен.

Што предизвикува штета; што носи штета.

Во таа смисла стои забелешката дека лажниот оптимизам може да биде колку ***полезен****, толку и* ***штетен****.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ПОЛЕЗНО – ШТЕТНО
ПОЛЕ́ЗНО – ВРЕ́ДНО

На полезен начин; со полезно влијание; корисно.

На штетен начин; со штетно влијание.

▪ ***Полезно*** *е да се пешачи.*

▪ ***Штетно*** *е да се нервираш.*

св. **ПОЛЕТА – СЛЕТА**
ПОЛЕТЕ́ТЬ/УЛЕТЕ́ТЬ – ПРИЗЕМЛИ́ТЬСЯ
ВЗЛЕТЕ́ТЬ – СЛЕТЕ́ТЬ

Оддалечи се летајќи.

▪ *Авионот* ***полета*** *во пет.*

Спушти се летајќи.

▪ *Птицата* ***слета*** *на прозорец.*

несв. **ПОЛЕТУВА – СЛЕТУВА**
ВЗЛЕТА́ТЬ – СЛЕТА́ТЬ
УЛЕТА́ТЬ – ПРИЗЕМЛЯ́ТЬСЯ

Оддалечува се летајќи.

▪ *Авионот* ***полетува*** *од Скопје.*

Спушта се летајќи.

▪ *Авионот* ***слетува*** *на Шереметево.*

ПОЛЕТУВАЊЕ – СЛЕТУВАЊЕ
ОТЛЁТ – ПРИЛЁТ

Чин на кревање во воздух на летало; време и место на поаѓање на авион.

▪ ***Полетувањето*** *е попладне.*

Чин на спуштање на земја на летало; време и место на приземјување на авион.

▪ *Имаме* ***слетување*** *во Охрид.*

ПОЛН – ПРАЗЕН
ПО́ЛНЫЙ – ПУСТО́Й

Што има во себе онолку колку што може да собере.

Што нема ништо во себе; што не е наполнет.

Се врти сѐ во неа,
се испомешува сѐ-
се испретурале плика
***полни**, **празни**, **полни**, **празни**.* Г. Тодоровски, *Зборови од земја и од злато;*

***Полни** пепелници, **празни** чаши и шишиња. По ѕидовите поп и рокенрол постери и слики.* Г. Стефановски, *Hi-Fi.*

несв. **ПОЛНИ(СЕ) – ПРАЗНИ(СЕ)**
НАПОЛНЯ́ТЬ(СЯ) – ОПОРОЖНЯ́ТЬ(СЯ)
ЗАРЯЖА́ТЬ(СЯ) – РАЗРЯЖА́ТЬ(СЯ)

Прави да биде полно; става колку што може да собере; станува полно.

Прави нешто да биде празно; станува празно.

▪ *Ја **полни** торбата со круши.*
▪ *Се **полни** театарот.*

▪ *Ги **празни** фиоките.*
▪ ***Се испразни** салата.*

св. **НАПОЛНИ(СЕ) – ИСПРАЗНИ(СЕ)**
НАПО́ЛНИТЬ – ОПОРО́ЖНИ́ТЬ
ЗАРЯДИ́ТЬ(СЯ) – РАЗРЯДИ́ТЬ(СЯ)

Исполни со нешто колку што собира, докрај.

Извади содржина, направи нешто да биде празно.

▪ *Ја **наполни** кесата со пипер.*
▪ ***Се наполни** телефоното.*

▪ *Ја **испразни** кесата.*
▪ ***Се испразни** телефоното.*

несв. **ПОМАГА – ОДМАГА**
ПОМОГА́ТЬ – ПРЕПЯ́ТСТВОВАТЬ

Олеснува или овозможува некому да направи нешто; пружа помош, поддршка во нешто; носи корист; користи.

Прави тешкотии или пречки; попречува; носи штета, штети.

Пукам, којзнае кај пукам, а цевката се загрева, ме дожежува на прстите. Фала му на дождот што ја лади. Едно ти ***одмага****, во друго ти* ***помага****.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

св. **ПОМОГНЕ – ОДМОГНЕ**
ПОМО́ЧЬ – ПОМЕША́ТЬ

Олесни или овозможи некому да направи нешто; пружи помош, поддршка во нешто; донесе корист.

▪ *Мајка ми му* ***помогна*** *да стане.*

Направи тешкотии или пречки; попречи; донесе штета, наштети.

▪ *Не ми помогна, а ми* ***одмогна*** *со лоши информации.*

ПОНУДА – ПОБАРУВАЧКА
ПРЕДЛОЖЕ́НИЕ – СПРОС

Количина и вид на стока што се нуди на пазарот.

Потреба од определена стока на пазарот.

Како индикатор за несовпаѓањето на комуникациската ***понуда*** *и* ***побарувачка*** *се појавува зголемената ремитенда, односно непродадениот тираж.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

несв. **ПОПРАВА (СЕ) – СЛАБЕЕ**
ПОПРАВЛЯ́ТЬСЯ – ХУДЕ́ТЬ/СЛАБЕ́ТЬ

Прави да стане дебел или подебел; здебелува се; станува посилен, поздрав, појак.

▪ ***Се поправам*** *брзо.*

Предизвикува да стане слаб или послаб; станува слаб; намалува тежина; опаѓа, попушта.

▪ ***Слабеам*** *бавно.*

св. **ПОПРАВИ (СЕ) – ОСЛАБИ**
ПОПРА́ВИТЬСЯ – ПОХУДЕ́ТЬ/ОСЛАБЕ́ТЬ

Направи да стане дебел или подебел; здебели се; стане посилен, поздрав, појак.

▪ *Го* ***поправи*** *со многу јадење.*

Предизвика да стане слаб или послаб; стане слаб; намали тежина; опадне, попушти.

▪ *Не му дава да јаде, го* ***ослабе****.*

ПОПУЛА́РЕН – НЕПОПУЛА́РЕН
ПОПУЛЯ́РНЫЙ – НЕПОПУЛЯ́РНЫЙ
ИЗВЕ́СТНЫЙ – НЕИЗВЕ́СТНЫЙ

Што е познат, што ужива симпатии, доверба кај широк круг луѓе; што е широко прифатлив, што наоѓа одобрување кај широк круг луѓе.

Што не е широко познат; што не е широко прифатлив, што не наоѓа одобрување кај широк круг луѓе.

▪ ***По̄пуларен*** *весник.*
▫ ***По̄пуларни*** *мерки.*

▪ ***Непо̄пуларен*** *весник.*
▫ ***Непо̄пуларни*** *мерки.*

ПОПУЛА́РНО – НЕПОПУЛА́РНО
ПОПУЛЯ́РНО – НЕПОПУЛЯ́РНО

1. Што е актуелно за одреден период; 2. Што е општоприфатливо; 3. Што се практикува во одреден период; 4. На популарен начин.

1. Што не е актуелно за одреден период; 2. Што не е општоприфатливо; 3. Што не се практикува во одреден период; 4. На непопуларен начин.

▪ ***По̄пуларно*** *беше да се оди на ӣгранки.*
▪ ***По̄пуларно*** *е седењето по̄ кафулиња.*

▪ ***Непо̄пуларно*** *е да возиш фиќо.*
▪ ***Непо̄пуларно*** *е носење униформа.*

ПОПУСТЛИВ – НЕПОПУСТЛИВ
УСТУ́ПЧИВЫЙ – НЕУСТУ́ПЧИВЫЙ

Што попушта; што лесно отстапува, што не дава отпор; што не е строг.

Што не попушта; што не отстапува; што е строг.

▪ ***По̄пусто̄лив*** *о̄професор.*

▪ ***Непо̄пусто̄лив*** *то̄тко.*

ПОПУСТЛИВ – СТРОГ
СНИСХОДИ́ТЕЛЬНЫЙ – ТРЕ́БОВАТЕЛЬНЫЙ

Што попушта; што лесно отстапува, што не дава отпор; што не е строг.

Што не попушта; што не отстапува; што има строги критериуми.

▪ ***По̄пусто̄лив*** *о̄професор.*

▪ ***Сто̄го̄*** *то̄тко.*

ПОРАНЕШЕН – СЕГАШЕН
ПРЕ́ЖНИЙ – ТЕПЕ́РЕШНИЙ

Што бил претходно; претходен.

Што се однесува на времето на зборување; што постои сега; денешен.

На пример, да ја земеме „Борба“ и тоа според ***поранешниот*** *и* ***сегашниот*** *основач... Промената на основачот не може да биде ирелевантна за концепцијата или ориентацијата на весникот...* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

св. **ПОРАНИ – ЗАДОЦНИ**
ПРИЙТИ́ РА́НО/ПРИЙТИ́ РА́ньШЕ ВРЕ́МЕНИ – ОПОЗДА́ТЬ

Дојде, појде, настапи пред предвиденото време.

Дојде, појде, настапи по предвиденото време.

▪ *Денес* ***поранив*** *на работа.*
▪ *Зимата* ***порани****.*

▪ *Денес* ***задоцнив*** *на работа.*
▪ *Пролетта* ***задоцни****.*

ПОРАНО – ПОДОЦНА
РА́ньШЕ – ПО́ЗЖЕ

Пред нешто друго; во минатото, претходно; некогаш.

По наведеното време; во некое време во иднина.

„Ех, несреќа! Што можеш, чкртнато, од таму уште никој не се вратил, сите нè чека тоа, кој ***порано****, кој* ***подоцна****, кому како му е писано, (Ех, пусти човек гостин е на земјава!).* Ж. Чинго*, Накусо;*

Јас не знам зошто се раѓаме, вели, кога мора да умреме?! А сите ќе умреме: како кој и кога било. Некои ***порано****, некои* ***подоцна****.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

ПОРАНО – СЕГА
РА́ньШЕ – ТЕПЕ́РЬ

Пред некое време; во некое минато време.

Во овој час; во ова време; во денешно време.

▪ ***Порано*** *се живееше мирно.*

▪ ***Сега*** *сите трчаат по пари.*

Стариот вели: ***Сега*** *имаш многу, а сепак не си така среќен како* ***порано****, нешто те мачи.* ***Порано*** *имаше малку, а животот ти беше порадосен, побогат.* В. Костов*, Нов ум.*

ПОРАСТ – ПАД
ПОДЪЁМ/РОСТ – СПАД

Развиток, напредок, успех; зголемување обем, сила, моќ, интензитет.

▪ ***Пораст*** *на населението.*

Неуспех, трпење загуби; намалување обем, сила, моќ, интензитет.

▪ ***Пад*** *на доларот.*

св. ПОРОБИ – ОСЛОБОДИ(СЕ)
ПОРАБОТИ́ТЬ – ОСВОБОДИ́ТЬ

Одземе независност; направи роб; освои, окупира.

▪ *Ја* ***поробија*** *земјата.*

Спаси од ропство, избави од туѓа власт; направи слободна територија.

▪ *Ја* ***ослободија*** *земјата.*

несв. ПОРОБУВА – ОСЛОБОДУВА(СЕ)
ПОРАБОЩА́ТЬ – ОСВОБОЖДА́ТЬ

Одзема независност; прави роб; освојува, окупира.

▪ *За жал, и денес* ***поробуваат*** *и земји и народи.*

Спасува од ропство, од туѓа власт; прави слободна територија.

▪ *Постепено се* ***ослободуваат*** *од туѓата власт.*

ПОРОБУВАЧ – ОСЛОБОДИТЕЛ
ПОРАБОТИ́ТЕЛЬ – ОСВОБОДИ́ТЕЛЬ

Тој што поробил или поробува.

▪ *Се борат против* ***поробувачите****.*

Тој што ослободил или ослободува.

▪ *Тие се наши* ***ослободители****.*

ПОСТОЈАН – ПРИВРЕМЕН
ПОСТОЯ́ННЫЙ – ВРЕ́МЕННЫЙ

Што трае долго време; неограничен.

▪ *Имам* ***постојана*** *работа.*

Што трае кратко време; ограничен.

▪ *Ова е* ***привремено*** *решение.*

ПОСТОЈАНО – ПРИВРЕМЕНО
ПОСТОЯ́ННО – ВРЕ́МЕННО

Цело време, за цело време.

▪ *Овде живее* ***постојано****.*

Кратко време, за кратко време.

▪ *Овде живее* ***привремено****.*

ПОСТОЈАН – ПРОМЕНЛИВ
ПОСТОЯ́ННЫЙ – ПЕРЕМЕ́НЧИВЫЙ

Што не подлежи на промени; неизменлив, константен.

Што подлежи на промени; што се менува.

„Нам, на селаните, среќата ни е ***променлива****, а несреќата* ***постојана****“, велеше Лазор Ноченски...* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

ПОТВРДЕН – ОДРЕЧЕН
УТВЕРДИ́ТЕЛЬНЫЙ – ОТРИЦА́ТЕЛЬНЫЙ

Што потврдува; што искажува согласност; одобрување; позитивен.

▪ *Добив* ***потврден*** *одговор.*

Што одрекува; што искажува несогласност; негативен.

▪ *Добив* ***одречен*** *одговор.*

св. **ПОТВРДИ – ОДРЕЧЕ**
ПОТВЕРДИ́ТЬ – ОСПО́РИТЬ

Посведочи дека е нешто точно, правилно, вистинито; одобри, согласи се; прифати, озакони.

▪ *Лекарот* ***потврди*** *дека бев болен.*

Повлече даден збор, ветување; негира, оспори; одбие.

▪ *Обвинетиот го* ***одрече*** *претходното признание.*

несв. **ПОТВРДУВА – ОДРЕКУВА**
ПОТВЕРЖДА́ТЬ – ОСПА́РИВАТЬ

Сведочи дека е нешто точно, правилно, вистинито; одобрува, согласува се; прифаќа, озаконува.

Повлекува даден збор, ветување; негира, оспорува; одбива.

▪ *Ги* ***потврдуваат*** *одлуките за печатење книги.*

▪ *Комисијата го* ***одрекува*** *предлогот на вработените.*

св. **ПОТВРДИ – ОТФРЛИ**
ПОТВЕРДИ́ТЬ – ОТВЕ́РГНУТЬ/ОТБРО́СИТЬ

Одобри, согласи се; прифати, озакони.

Одбие, не даде согласност, не прифати.

Но дури и да е така, ми се чини дека сето кажано ќе остане и за некакви идни анализи кои, несомнено, нешто од сето тоа ќе ***отфрлат****, но нешто и ќе* ***потврдат****.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

несв. **ПОТВРДУВА – ОТФРЛА**
ПОТВЕРЖДА́ТЬ – ОТВЕРГА́ТЬ/ОТБРА́СЫВАТЬ

Одобрува, согласува се; прифаќа, озаконува.

Одбива, не дава согласност, не прифаќа.

▪ *Судот не ги* ***потврдува*** *сите обвинениј*а.

▪ *Ги* ***отфрла*** *нападите од соседите.*

ПОТПОЛН – ДЕЛУМЕН
ПО́ЛНЫЙ/ЦЕ́ЛЫЙ – ЧАСТИ́ЧНЫЙ

Целосно опфатен; исцрпен; севкупен; што не е поделен; не е делумен.

Неполн; што се однесува само на еден дел од целина.

▪ *Даде* ***потполна*** *информација.*

▪ *Даде* ***делумна*** *информација.*

ПОТПОЛНО – ДЕЛУМНО
ТОТА́ЛЬНО/ЦЕ́ЛОСТНО – ЧАСТИ́ЧНО

Комплетно; сосема.

Парцијално; во определена мера.

▪ ***Потполно*** *завршена работа.*

▪ ***Делумно*** *завршена работа.*

св. **ПОТРЕФИ** *разг.* **– ПРОМАШИ**
ПОПА́СТЬ/УГАДА́ТЬ/ВЫ́БРАТЬ – ПРОМАХНУ́ТЬСЯ/ОШИБИ́ТЬСЯ

1. Удри во целта со фрлање, гаѓање; 2. Успешно одбере

1.Неуспее да погоди во целта со фрлање, гаѓање; 2. Избере

соодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Даде правилен одговор.

несоодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Погреши.

▪ *Го* ***потрефи*** *човекот, падна.*
▪ *Го* ***потрефи*** *патот.*

▪ *Го* ***промаши*** *одговорот.*
▪ *Ја* ***промаши*** *улицата.*

св. **ПОТРЕФИ** *разг.* **– УТНЕ** *разг.*
ПОПА́СТЬ – ПРОМАХНУ́ТЬСЯ/ОШИБИ́ТЬСЯ

1.Удри во целта со фрлање, гаѓање; 2. Успешно одбере соодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Даде правилен одговор.

1.Неуспее да погоди во целта со фрлање, гаѓање; 2. Избере несоодветно лице, момент, место, време, правец; 3. Погреши.

▪ ***Потрефи*** *во целта.*
▫ *Не го* ***потрефив*** *времето.*

▪ *Ја* ***утна*** *целта.*
▫ *Го* ***утнав****, си беше отишол.*

ПОЧЕТЕН – КРАЕН
НАЧА́ЛЬНЫЙ – КОНЕ́ЧНЫЙ

Што е на почеток; што се однесува на почеток.

Што на крајот; последен, конечен, заклучен.

...не станува збор за природно суштествување на митското во нас, туку за негова (зло)употреба во прагматички политички цели, за политичко конструирање на нови митови во кои историјата го нуди ***почетното*** *а сегашноста* ***крајното****.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

ПОЧЕТОК – КРАЈ
НАЧА́ЛО – КОНЕ́Ц

Прв момент на некое дејство или појава; гранична појдовна точка (просторна, временска).

Завршен момент на некое дејство или појава; гранична завршна точка (просторна, временска).

Светиниколчани ноќе одеа дома да спијат, но секоја вечер доцна се задржуваа на брегот, кога се собираа таа вечер луѓето, езерото беше црнина, како оттаму да започнуваше ***крајот****, или* ***почетокот*** *на светот...* М. Фотев*, Потомците на Кат;*

Таа неизвесност во која заживеа Давид се протегна низ времето, станувајќи без ***крај*** *и* ***почеток****, мала, но во него голема како и самиот век и свет.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Една по друга, книгите на Луан Старова се објавија во декадата од поновата историја на Балканот, на ***крајот*** *на минатиот и на* ***почетокот*** *на овој век и милениум, којшто пак излезе и срамен и крвав за овие простори, со недобројни лузни и красти коишто долго ќе се паметат и исто толку долго ќе се лекуваат.* Л. Старова, *Татковиште книги.*

ПОЧЕТОК – ФИНА́ЛЕ
НАЧА́ЛО – ФИНА́Л

Прв момент на некое дејство или појава.

▪ ***Почетокот*** *на претставата беше здодевен.*

Завршен момент на некое дејство или појава.

▪ ***Финалето*** *беше одлично.*

ПОЧЕТЕН – ЗАВРШЕН
НАЧА́ЛЬНЫЙ – ЗАКЛЮЧИ́ТЕЛЬНЫЙ

Што е на почеток; што се однесува на почеток.

Што на крајот; последен, конечен, заклучен.

Во автентичниот модус ***завршниот*** *тон во мелодијата е воедно и* ***почетен*** *тон од скалата и се вика нота финалис.*К. Лазаров, *Основи на музичката теорија.*

св. **ПОЧНЕ – ЗАВРШИ**
НАЧА́ТЬ – ЗАКО́НЧИТЬ

Пристапи кон дејство; направи почеток, започне; покаже први признаци на дејство или состојба.

Доведе до крај; направи да биде цел, комплетен.

Било да го одржуваме постоечкиот систем со кој сме оцениле дека треба да бидеме задоволни или да сме изградиле нов добро избран систем, со тоа работата врз себеси човек ни малку не ја ***завршил*** *туку само ја* ***почнал***. М. Јовановски, *Патот до осаматa;*
Борис*: На тоа мора да се стави крај.*
Соња*: Кој ќе го стави крајот? Ти?*
Борис*: Јас! Јас* ***почнав****, јас ќе* ***завршам***. Г. Стефановски, *Hi-Fi.*

несв. **ПОЧНУВА – ЗАВРШУВА**
НАЧИНА́ТЬ – ЗАКА́НЧИВАТЬ

Пристапува кон дејство; прави почеток, започнува; покажува први признаци на дејство или состојба.

Доведува до крај; прави да биде цел, комплетен.

▪ ***Почнувам*** *да пеам.*

▪ ***Завршувам*** *со работа.*

несв. **ПОЧИТУВА – НАРУШУВА**
СОБЛЮДА́ТЬ – НАРУША́ТЬ

Се придржува кон правни и морални норми; запазува, чува (права, ред, хигиена, дисциплина итн.).

Не се придржува кон правни и морални норми; крши, не запазува(права, ред, хигиена, дисциплина итн.).

▪ *Го* ***почитува*** *законот.*
▪ ***Почитува*** *ред.*

▪ ***Нарушува*** *сообраќајни правила.*
▪ ***Нарушува*** *ред.*

ПРАВ – КРИВ
ПРЯМО́Й/ПРА́ВЫЙ – КРИВО́Й/ВИНО́ВНЫЙ

1. Рамен, несвиткан, неискривен; 2. Невин, што нема вина.

1.Свиткан, извиен, искривен; 2. Виновен.

Патиштата се изодуваат на смени. Во почетокот се ***криви****, а отпосле се исправуваат, во долга* ***права*** *линија.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Дојрва требаше да научи дека мислата знае само за прилично ***прави*** *линии што не можат никако да се поклопат со* ***кривата*** *линија на животот. Ни во однос на минатото, а уште помалку во однос на иднината.* М. Јовановски, *Патот до осаматa;*

Знаеш богдачува што бидува?
Никој не те праша: ***прав*** *си ја* ***крив****.*
Туку ти рикнала пред порта мечка:
Денес ундисуваш,
Утре те нема жив. Б. Конески*, Избрани дела;*

Ох, молчи, молчи, брану див, кажи во овој случај кој е ***прав****, кој е* ***крив****, - и, се разбира, во часот стивна браноt, стана една долга пауза, крајбрежните води тивко шумолеа...*Ж. Чинго*, Големата вода.*

ПРАВДА – КРИВДА
ПРА́ВДА – НЕПРА́ВДА
СПРАВЕДЛИ́ВОСТЬ – НЕСПРАВЕДЛИ́ВОСТЬ

Праведна постапка, праведен однос кон некого; непристрасност; чесност.

Неправедна постапка, однос кон некого; пристрасност, чесност.

ПРАВДА – НЕПРАВДА
ПРАВДИНА – НЕПРАВДИНА
ПРА́ВДА – НЕПРА́ВДА

Справедливост; тоа што му припаѓа секому според закон или заслуга.

Несправедливост; неправедна постапка; неисполнување на законските права.

А тие ***неправдите****, боже мој, а тие, на крајот, си се нормална работа, живот е тоа; отсекогаш така, ќе има и* ***правди*** *и* ***неправди****!* Ж. Чинго*, Накусо;*

Да се каже, на пример, дека има една категорија луѓе што си го подредиле животот према ***неправдата*** *која ја прифатиле и ја озакониле како* ***правда****. Тоа е деформација на моралот.* В. Костов*, Нов ум.*

ПРАВЕДЕН – НЕПРАВЕДЕН
СПРАВЕДЛИ́ВЫЙ – НЕСПРАВЕДЛИ́ВЫЙ

Што е во согласност со правните и моралните норми; што е непристрасен.

Што не е во согласност со правните и етичките норми; нечесен, пристрасен.

Не може, никогаш не ќе може една војна проблемите на луѓето да ги реши. Колку и да е силна, колку и да е ***праведна*** *за едните,* ***неправедна*** *за другите, војната ќе наложи нови граници.* Л. Старова*, Татковините книги.*

ПРАВЕДНО – НЕПРАВЕДНО
СПРАВЕДЛИ́ВО – НЕСПРАВЕДЛИ́ВО

1. На праведен начин;
2. Законски засновано;
3. Оправдано, чесно.

1. На неправеден начин;
2. Законски незасновано;
3. Неоправдано, нечесно.

Во ист гроб мајка и син. Прво син, па мајка. ***Неправедно*** *по редослед,* ***праведно*** *по место.* Д. Солев, *Црно огледало;*

Затоа, кога сме во состојба на лошо расположение, треба да смогнеме да разликуваме дали лошото расположение е предизвикано ***праведно*** *или* ***неправедно****.* М. Јовановски, *Патот до осамата;*

Тоа е, би рекле, еден вид морална амнезија во која се губи границата помеѓу „она што е допуштено и она што е забрането“, помеѓу „она што е ***праведно*** *и она што е* ***неправедно****“.* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

ПРАВЕДЕН – ГРЕШЕН
ПРА́ВЕДНЫЙ – ГРЕ́ШНЫЙ

1. Што е заснован на правдата; 2. Што работи според правдата; исправен; 3. Кој живее според начелата на религиозниот морал.

1. Што не е заснован на правдата; 2. Што не работи според правдата; 3. Што не ги почитува начелата на религиозниот морал.

ø Плачат за ***праведните****, исто како и за* ***грешните****. Си ги квасат очите, лицата, алиштата. Некои со горчливи и солени солзи, некои со несолени.* П.М. Андреевски, *Последните селани.*

ПРАВИЛЕН – ПОГРЕШЕН
ПРА́ВИЛЬНЫЙ – ОШИ́БОЧНЫЙ

1. Што одговара на стварноста; 2. Вистинит, точен, исправен; 3. Што е таков како што треба; добар; 4. Што задоволува определени пропорции и критериуми.

1. Што не одговара на стварноста; 2.Невистинит, неточен, неисправен; 3. Што не е таков како што треба; 4. Што не задоволува определени пропорции и критериуми.

▪ ***Правилна*** *одлука.*

▪ ***Погрешен*** *одговор.*

ПРАВИЛНО – ПОГРЕШНО
ПРА́ВИЛЬНО – ОШИ́БОЧНО

На правилен начин.

На погрешен начин.

▪ ***Правилно*** *постапи што дојде.*

▪ ***Погрешно*** *одговори.*

ПРАВИЛЕН – НЕПРАВИЛЕН
ПРА́ВИЛЬНЫЙ – НЕПРА́ВИЛЬНЫЙ

1. Што се заснова на правила, што е во склад со правила; 2. Што одговара на стварноста; вистинит, точен, исправен; 3. Што е таков како што треба; добар; 4. Што задоволува определени пропорции и критериуми; 5. Рамномерен, ритмичен, воедначен.

1. Што не се заснова на правила, што не е во склад со правила; 2.Што не одговара на стварноста; невистинит, неточен, неисправен; 3. Што не е таков како што треба; 4. Што не задоволува определени пропорции и критериуми; 5. Нерамномерен, неритмичен, невоедначен.

▪ ***Правилна*** *постапка.*

▪ ***Неправилна*** *постапка.*

Дванаесетделниот такт може да биде ***правилен*** *и* ***неправилен****. Ако е составен од четири триделни такта е* ***правилен*** *и има четири еднакви групи, а во комбинации на дводелни и триделни тактови е* ***неправилен****.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

ПРАВИЛНО – НЕПРАВИЛНО
ПРА́ВИЛЬНО – НЕПРА́ВИЛЬНО/ОШИ́БОЧНО

На правилен начин, како што треба.

На неправилен начин, погрешно.

Во тој случај тактирањето на ***правилно*** *и* ***неправилно*** *составените тактови ќе се одвива само со означување на движењата на главните делови од тактот.* К. Лазаров*, Основи на музичката теорија.*

ПРАВИЧЕН – НЕПРАВИЧЕН
ПРА́ВЕДНЫЙ/БЕЗГРЕ́ШНЫЙ – НЕПРА́ВЕДНЫЙ

Што е во согласност со правните и моралните норми; што е непристрасен.

Што не е во согласност со правните и етичките норми; нечесен, пристрасен.

▪ ***Правичен*** *човек.*
▪ ***Правична*** *одлука.*

▪ ***Неправичен*** *човек.*
▪ ***Неправична*** *одлука.*

ПРАВИЛО – ИСКЛУЧОК
ПРА́ВИЛО – ИСКЛЮЧЕ́НИЕ

Закономерност; стабилен сооднос на накои појави,

Тоа што не се вклопува во општото правило;

процеси; закон, пропис што ги утврдува принципите, стандардите на однесување, дејствување; норма на поведение, обичај, навика.

отстапување од него.

▪ *Работиме според* ***правилата.***

▪ *Правиме* ***исклучоци*** *за пријатели.*

ПРАЗНИК – ДЕЛНИК
ПРА́ЗДНИКИ – БУ́ДНИ

Ден што се празнува во чест на важен настан, на важна личност; ден или денови што се празнуваат во чест на некој светец; радосен и весел ден поради нешто убаво.

Работен ден; обичен ден.

Подобро е човек да има два костума, отколку еден. Едниот да му е за ***делник****, а другиот за* ***празник****,* Б. Конески*, Интервју;*

Што да се прави, ноќта ми стана ден, денот ноќ, не ви знаев ни ***делник****, ни* ***празник****, ни ден, ни ноќ...* Ж. Чинго*, Накусо;*

Алах, Алах! Не се знаеше ни ***делник****, ни* ***празник****, ни ден, ни ноќ, како еднаш обиколувајќи ја земјата што им рече Алах на своите советници, - „Што гледам овде на земјава свети советници, не се знае ни кој пие, ни кој плаќа“.* Ж. Чинго*, Накусо.*

ПРАЗНИЧЕН – ДЕЛНИЧЕН/РАБОТЕН
ПРА́ЗДНИЧНЫЙ – БУ́ДНИЧНЫЙ

Ден во кој не се работи; ден што се празнува; својствен за празник.

Ден во кој се работи; обичен, секојдневен.

▪ ***Празничен*** *ден.*

▪ ***Работен*** *ден.*

ПРАКТИЧЕН – НЕПРАКТИЧЕН
ПРАКТИ́ЧНЫЙ – НЕПРАКТИ́ЧНЫЙ

Кој знае да се снајде во секојдневниот живот, искусен, снаодлив,

Кој не знае да се снајде во секојдневниот живот; неискусен, неснаодлив;

деловен; што е применлив во практика, корисен, поволен, што одговара на потребите.

што е лош или неприменлив во практика, неповолен, што не одговара на потребите.

Сандра во прво време се прашуваше дали е тоа поза, во облекувањето, речникот и темите, но таа во својата основа беше ***практична*** *млада жена и набрзо се откажа од барањето одговор на* ***непрактичните*** *нешта.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

св. **ПРАША – ОДГОВОРИ**
СПРОСИ́ТЬ – ОТВЕ́ТИТЬ

Обрати се некому со прашање со цел да дознае, да разјасни нешто.

Даде одговор.

Кого требаше да го прекорам, да го ***прашам****, да ми* ***одговори*** *што се случува? Стоев збунет како мало дете...* Д. Михајловски*, Избор.*

несв. **ПРАШУВА – ОДГОВАРА**
СПРА́ШИВАТЬ – ОТВЕЧА́ТЬ

Обраќа се некому со прашање со цел да дознае, да разјасни нешто.

Дава одговор.

Јаде кога ќе му принесат, пие кога ќе го принудат, ***одговара*** *кога ќе го* ***прашаат****.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ПРАШАЊЕ – ОДГОВОР
ВОПРО́С – ОТВЕ́Т

Обраќање што бара одговор.

Соопштение, информација, исказ, предизвикан со прашање.

Како да се сети крив дека не може да даде друг ***одговор*** *на ова важно* ***прашање****.* Б. Конески*, Средба во рајот;*

На сите Наумови ***прашања*** *неговата втора жена нема соодветни* ***одговори****.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Имаше уште безброј ***прашања*** *што можев да му ги поставам на Татко а чии* ***одговори*** *ми се наложуваа со бавното откривање на тајните на неговите книги.* Л. Старова*, Татковите книги.*

ПРВ – ЗАДЕН
ПЕ́РВЫЙ – ПОСЛЕ́ДНИЙ

1. Што е во набројување пред сите други или пред сѐ друго; 2. Најблизок; 3. Најдобар, најсолиден.

1. Што е во набројување по сите други или по сѐ друго; 2. Што е на крај; 3. Најлош.

Насproти ѓоривоѓ за неѓде ***ѓрв***
Дајбоже ниѓде да не сум ***заден***. Г. Тодоровски, *Зборови од земја и од злаѓо.*

ПРВ – ПОСЛЕДЕН
ПЕ́РВЫЙ – ПОСЛЕ́ДНИЙ

1. Што е во набројување пред сите други или пред сѐ друго; 2. Најблизок; 3. Најдобар, најсолиден.

1. Што е во набројување по сите други или по сѐ друго; 2. Што е на крај; 3. Најлош.

Тие сиѓурно мислаѓ, велам, ако овдека сме ***ѓоследни****, кај боѓа ќе бидеме* ***ѓрви***. П.М. Андреевски, *Пиреј;*

Од ***ѓрвата*** *до* ***ѓоследната*** *меѓа на живоѓоѓ се сѓасува во неколку чекори.* С. Јаневски, *Кучешко расѓеѓие;*

Од каде, ѓак, ѓој Илија Кривошија, ѓ.е. Букурешлија? Од ***ѓрвиоѓ*** *свијок. Од* ***ѓоследниоѓ*** *свијок. Од секој свијок*. Д. Солев, *Црно оѓледало;*

Таа ноќ, на клуѓата во ѓаркоѓ каде шѓо е изѓубена и најдена славната ѓетраѓка доѓадливи сѓихови, Цеко Цвеѓиков ѓи исѓушѓа ***ѓрвиѓе*** *и* ***ѓоследни*** *солзи радосници*. Д. Солев, *Црно оѓледало;*

И ѓосле цел ден осѓанавме ѓладни. А и мене, колнаѓа, ми ѓо разневиде деноѓ. Тоа ми беше ***ѓрво*** *и* ***ѓоследно*** *куѓување леб. Друѓиоѓ ден, ушѓе раноѓо, сѓанав и месив.* П.М. Андреевски, *Последниѓе селани;*

Поарно во село да бидеш ***ѓрв****, оѓколку во ѓрадоѓ* ***ѓоследен***. *Посл;*

...навикаѓа на дел од чиѓаѓелиѓе кои, ѓо ѓравило, весникоѓ ѓо чиѓааѓ од назад кон најред, ѓоѓаш овие ***ѓоследни*** *сѓраници сѓануувааѓ* ***ѓрви*** *и добивааѓ доминанѓно месѓо во редоследоѓ на информирањеѓо.* Т. Груевски, *Историја на новинарсѓвоѓо;*

... а зѓради ѓовисоки дури и од чеѓири каѓа ѓочнаа да никнаѓ како ѓечурки ѓо дожд означувајќи ѓо економскиоѓ ѓодем на социјалисѓичка Југославија, ѓаражиѓе шѓо задолжиѓелно се ѓрадеа со нив, за ***ѓрв*** *и* ***ѓоследен*** *ѓаѓ ја извршуваа својаѓа висѓинска функ-*

ција – станаа домови за новите, престижни коли кои македонските граѓани ко побудалени ги купуваа со лична карта и со многу поволни кредити! Д. Михајловски, *Колумни.*

ПРГАВ – ТРОМ
РАСТОРÓПНЫЙ/ЛÓВКИЙ – ВЯ́ЛЫЙ/МЕДЛИ́ТЕЛЬНЫЙ

Кој е во постојано движење, жив, енергичен.

▪ *Верверичката е* ***прѓаво*** *животно.*
▪ ***Прѓав*** *човек.*

Кој се движи тешко, бавно, мрзливо, без волја.

▪ *Многу* ***трома*** *и мрзлива жена.*
▪ ***Тром*** *човек.*

ПРЕД – ЗАД
ПЕ́РЕД – ЗА

1. На извесно растојание од предната страна на нешто; или на некого; 2. Понапред од некого; 3. Порано од нешто; или од некого; 4. Дејство што се врши во нечие присуство.

1. На извесно растојание од задната страна од нешто или од некого; 2. Поназад од некого; 3. Подоцна од нешто или од некого; 4.Дејство што се врши во нечие отсуство.

А овие што се ***зад*** *нив и* ***пред*** *нив, немале никој свој во Владово и затоа ги тераа во Воден.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос;*

А кога пукна, и ***пред*** *него и* ***зад*** *него, се осва планината.* П.М. Андреевски, *Последните селани.*

ПРЕД – ПО
ДО – ПÓСЛЕ

1. На извесно растојание од предната страна на нешто; или на некого; 2. Понапред од некого; 3. Порано од нешто; или од некого.

1. На извесно растојание од задната страна од нешто или од некого; 2. Поназад од некого; 3. Подоцна од нешто или од некого.

Станувам, го запалувам кандилото и тоа ***пред*** *мене, јас* ***по*** *него, слегувам долу низ ќепеник.* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

Другите поколенија, ***пред*** *нас и* ***по*** *нас, имаат други задачи.* М. Јовановски, *Патот до осамата;*

Цветков тогаш ја прави грешката, една меѓу многуте ***пред*** *и* ***по*** *тоа.* Д. Солев, *Црно одледало.*

ПРЕДГОВОР – ПОГОВОР
ПРЕДИСЛО́ВИЕ – ПОСЛЕСЛО́ВИЕ

Воведен текст во книга со кратка иформација за темата, за начинот на изработка, за намената и сл. корисни податоци за првична ориентација на читателот.

Текст со заклучни белешки на крајот од книга.

ПРЕДЕН – ЗАДЕН
ПЕРЕ́ДНИЙ – ЗА́ДНИЙ

Што се наоѓа напред; што е на челна страна.

Што се наоѓа назад; што е на последна страна, место.

Под целиот, пак, горни крај е земникот или визбата. Тој се состои од два дела. ***Предниот*** *земник и вистинскиот –* ***задниот*** *земник.* С. Попов*, Крпен живот.*

ПРЕДНОСТ – СЛАБОСТ
ПРЕИМУ́ЩЕСТВО – НЕДОСТА́ТОК

Силна страна; позитивна страна.

Слаба страна; негативна страна.

Три ноќи мозгаше да ги разлачи своите ***слабости*** *од* ***предностите****. Четвртата утврди дека слаби точки му се концентрацијата, режимот на живеење... За* ***предности*** *ги сметаше огромната волја, упорноста и возраста.* Д. Михајловски*, Избор.*

ПРЕДОК – ПОТОМОК
ПРЕ́ДОК – ПОТО́МОК

Далечен претходник по род; сонародници од поранешни поколенија.

Човек во однос на своите родители; идни поколенија.

...Татко почна да се прашува која беше неговата татковина, татковината на неговите ***предци****, татковината на неговите* ***потомци****.* Л. Старова*, Татковите книги.*

ПРЕПРЕДЕН – ГЛУПАВ/ГЛУП
ИЗВОРО́ТЛИВЫЙ/ХИ́ТРЫЙ – ГЛУ́ПЫЙ/НЕДАЛЁКИЙ
ПРОНЫ́РЛИВЫЙ – ОГРАНИ́ЧЕННЫЙ

Снаодлив, итар, искусен.

▪ ***Прѣпреден*** *човек.*

Тап, неинтелигентен, неснаодлив.

▪ ***Глуп*** *човек.*

ПРЕСЕН – БАЈАТ *разг.*
СВЕ́ЖИЙ – НЕСВЕ́ЖИЙ/ЧЁРСТВЫЙ

Неодамна произведен или подготвен; свеж.

▪ ***Пресен*** *леб.*

Одамна произведен или подготвен; сув, тврд, стар.

▪ ***Бајат*** *леб.*

ПРЕСЕН – КИСЕЛ
СВЕ́ЖИЙ – КИ́СЛЫЙ

Што е во природна состојба.

▪ ***Пресно*** *млеко.*

Што е вештачки скиселен.

▪ ***Кисело*** *млеко.*

ПРЕТПЛАДНЕ – ПОПЛАДНЕ
ДО ПОЛУ́ДНЯ – ПО́СЛЕ ПОЛУ́ДНЯ

Време во денот од утро до пладне.

Целиот овој распоред важеше за едно ***претпладне*** *или* ***попладне****, па во зависност од тоа дали вежбите ги правеше сабајле или порачек,* ***попладне*** *или* ***претпладне*** *ги вршевме веќе вообичаените тури трчање на Гази Баба, до Кале, по којот.* Д. Михајловски*, Избор.*

Време во денот од пладне до вечер.

ПРЕТПЛАДНЕВЕН – ПОПЛАДНЕВЕН
ПРЕДПОЛУ́ДЕННЫЙ – ПОСЛЕПОЛУ́ДЕННЫЙ

Што се случува, се врши претпладне; што се однесува на претпладне.

▪ ***Претпладневна*** *забава.*

Што се случува, се врши попладне; што се однесува на попладне.

▪ ***Попладневен*** *одмор.*

ПРЕТПОСТАВЕН – ПОТЧИНЕТ
РУКОВОДЯ́ЩИЙ – ПОДЧИНЁННЫЙ

Што има повисока службена позиција од другите; шеф, раководител.

Вработен што се потчинува на лице повисоко по ранг.

▪ *Тој ми е* ***претпоставен****.*

▪ *Јас сум му* ***потчинет****.*

ПРЕТХОДЕН – СЛЕДЕН
ПРЕДЫДУ́ЩИЙ – ПОСЛЕ́ДУЮЩИЙ

Што бил непосредно пред сегашниот; бивш, поранешен.

Што доаѓа веднаш по сегашниот; нареден, иден, втор.

Методските единици систематски се надоврзуваат една на друга, така што секоја ***претходна*** *претставува здрава основа на која се надоврзува* ***следната*** *методска единица.* К. Лазаров, *Основи на музичката теорија.*

несв. **ПРЕТХОДИ – СЛЕДУВА**
ПРЕДШЕ́СТВОВАТЬ – СЛЕ́ДОВАТЬ

Се случувал, бил пред нешто друго.

Доаѓа непосредно по нешто друго.

▪ *Пред мечот* ***претходеше*** *добра подготовка.*

▪ *По успешно завршената работа* ***следуваше*** *награда.*

ПРЕТХОДЕН – НАРЕДЕН
ПРЕДЫДУ́ЩИЙ – ПОСЛЕ́ДУЮЩИЙ

Што бил непосредно пред сегашниот; бивш, поранешен.

Што доаѓа по сегашниот; следен, иден, втор.

▪ ***Претходната*** *недела бев зафатен.*

▪ ***Наредната*** *недела ќе дојдам.*

ПРЕТХОДНИК – НАСЛЕДНИК
ПРЕДШЕ́СТВЕННИК – НАСЛЕ́ДНИК

Што што бил или дејствувал пред некој друг.

Што следи по некого; продолжувач на дело, работа по некој друг.

▪ ***Претходникот*** *беше многу работлив.*

▪ ***Наследникот*** *е уште повреден.*

ПРЕФРИГАН *разг.* **– ГЛУПАВ/ГЛУП**
ИЗВОРО́ТЛИВЫЙ/ХИ́ТРЫЙ – ГЛУ́ПЫЙ/НЕДАЛЁКИЙ
ПРОНЫ́РЛИВЫЙ – ОГРАНИ́ЧЕННЫЙ

Снаодлив, итар, искусен, препреден.

Тап, неинтелигентен, неснаодлив.

▪ *Добриот слуѓа мора да биде или страшно* ***ѓлуп*** *или неизмерно* ***префриган****.*

ПРЕЧЕК – ИСПРАЌАЊЕ
ВСТРЕ́ЧА/ПРИЁМ – ПРО́ВОДЫ

1. Прифаќање и поздравување некого на местото на доаѓање; дочек, прием;
2. Празнување во очекување важен настан, празник.

1. Придружување некого до местото на негово заминување;
2. Одбележување крај на празник, настан.

▪ ***Пречек*** *на делегација.*
▪ ***Пречек*** *на нова година.*

▪ ***Испраќање*** *гости.*
▪ ***Испраќање*** *на зимата.*

св. **ПРЕЧЕКА – ИСПРАТИ**
ВСТРЕ́ТИТЬ – ПРОВОДИ́ТЬ

1. Прифати некого според вообичаени правила на однесување; 2. Прими некого на местото на пристигање или на договорено место;
3. Одбележи доаѓање на празник.

1. Придружи некого при заминување, збогува се;
2. Придружи некого до местото на заминување или до договорено место;
3. Одбележи завршување на празник.

▪ *Ги* ***пречека*** *гостите на улица.*
▪ *Го* ***пречека*** *со гравче.*

▪ *Ги* ***испрати*** *до дома.*
▪ *Го* ***испрати*** *со солзи.*

несв. **ПРЕЧЕКУВА – ИСПРАЌА**
ВСТРЕЧА́ТЬ – ПРОВОЖА́ТЬ

1. Прифаќа посетител според вообичаени правила

1. Придружува посетител при заминување, збогува се;

на однесување; 2. Прима посетител на местото на пристигање или на договорено место;
3. Одбележува доаѓање на празник.

2. Придружува посетител до местото на заминување или до договорено место;
3. Одбележува завршување на празник.

Овде, кај што веќе толку му беше омразно и тешко, никој не го ***испраќаше****, а таму кај што се упати, никој не го* ***чека****.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен;*

Њујоршкото пристаниште секојдневно ***пречекуваше*** *и* ***испраќаше*** *во внатрешноста на земјата илјадници емигранти. Бројот на Македонците ... беше значителен, особено по Илинденското востание и по поделбата на Македонија.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

св. **ПРИБЛИЖИ(СЕ) – ОДДАЛЕЧИ(СЕ)**
ПРИБЛИ́ЗИТЬ(СЯ) – ОТДАЛИ́ТЬ(СЯ)/УДАЛИ́ТЬ(СЯ)

1. Постави блиску; направи да биде блиску или поблиску;
2. Дојде блиску или поблиску.

▪ *Ја* ***приближи*** *сликата.*
▪ ***Се приближи*** *до мене.*

1. Постави далеку; направи да биде далеку или подалеку;
2. Помести се, отиде далеку.

▪ *Го* ***оддалечи*** *телевизорот.*
▪ ***Се оддалечи*** *од градот.*

несв. **ПРИБЛИЖУВА(СЕ) – ОДДАЛЕЧУВА(СЕ)**
ПРИБЛИЖА́ТЬ(СЯ) – ОТДАЛЯ́ТЬ(СЯ)/УДАЛЯ́ТЬ(СЯ)

1. Става блиску; прави да биде блиску или поблиску;
2. Доаѓа блиску или поблиску.

▪ *Ја* ***приближува*** *масата.*
▪ ***Се приближува*** *до градот.*

1. Става далеку; прави да биде далеку или подалеку;
2. Поместува се, оди далеку.

▪ *Го* ***оддалечува*** *телевизорот.*
▪ ***Се оддалечува*** *од градот.*

ПРИБРАН – НЕПРИБРАН
АККУРА́ТНЫЙ/УРАВНОВЕ́ШЕННЫЙ – НЕАККУРА́ТНЫЙ/ВСПЫ́ЛЬЧИВЫЙ

1. Среден, уреден;
2. Смирен, ладен;
3. Свесен.

▪ ***Прибран*** *човек.*

1. Несреден, неуреден;
2. Нервозен; 3. Расеан.

▪ ***Неприбран*** *човек.*

ПРИБРАН – РАСФРЛАН
УПОРЯ́ДОЧЕННЫЙ/ПРИ́БРАННЫЙ – РАЗБРО́САННЫЙ

Среден, уреден; ставен во ред.

▪ ***Прибрана*** *соба.*

Несреден, несобран. растурен.

▪ ***Расфрлани*** *алишта.*

несв. ПРИВЛЕКУВА – ОДБИВА
ПРИВЛЕКА́ТЬ – ОТТА́ЛКИВАТЬ

Предизвикува приближување; поттикнува, обраќа внимание кон нешто; предизвикува желба кај некого да се приближи, да учествува во нешто, да почне да се занимава со нешто; предизвикува интерес, внимание кон себеси.

Предизвикува одбивање; предизвикува негативен однос кон нешто; придонесува некој да изгуби желба да учествува во нешто, да се занимава со нешто; предизвикува антипатија кон себе.

Тие беа ѕвезди што ***привлекуваа****, а не* ***одбиваа****.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

св. ПРИВЛЕЧЕ – ОДБИЕ
ПРИВЛЕ́ЧЬ – ОТТОЛКНУ́ТЬ

Предизвика приближување; поттикне, обрати внимание кон нешто; предизвика желба кај некого да се приближи, да учествува во нешто, да почне да се занимава со нешто; предизвика интерес, внимание кон себеси.

Предизвика одбивање; предизвика негативен однос кон нешто; придонесе некој да изгуби желба да учествува во нешто, да се занимава со нешто; предизвика антипатија кон себе.

▪ *Го* ***привлече*** *со својата убавина.*

▪ *Го* ***одби*** *со својот однос.*

ПРИВЛЕЧЕН – ОДБИВЕН/ОДБОЕН
ПРИВЛЕКА́ТЕЛЬНЫЙ – ОТТА́ЛКИВАЮЩИЙ

Што привлекува; што е интересен, што побудува, предизвикува симпатии.

Што одбива; што предизвикува негативен однос кон себе;

нељубезен, ладен, непријатен.

▪ ***Привлечен*** *човек.*

▪ ***Одбивен*** *човек.*

ПРИВЛЕЧНО – ОДБИВНО
ПРИВЛЕКА́ТЕЛЬНО – ОТТА́ЛКИВАЮЩЕ

На привлечен начин, допадливо.

На одбивен, непривлечен начин.

▪ *Делува* ***привлечно****.*

▪ *Делува* ***одбивно****.*

ПРИВЛЕЧНОСТ – ОДБИВНОСТ/ОДБОЈНОСТ
ПРИВЛЕКА́ТЕЛЬНОСТЬ – НЕПРИВЛЕКА́ТЕЛЬНОСТЬ

Особина на оној што е привлечен, на она што е привлечно.

Особина на оној што е одбивен, на она што е одбивно.

▪ *Таа беше свесна за својата* ***привлечност.***

▪ *Со своето држење предизвикуваше* ***одбивност*** *кај колегите.*

ПРИВРЗАНИК – ПРОТИВНИК
ПРИВЕ́РЖЕНЕЦ/СТОРО́ННИК – ПРОТИ́ВНИК

Тој што е привржан, предан, верен на одредено движење, идеја, учење, политика, личност; следбеник.

Тој што е против одредено движење, идеја, учење, политика, личност; непријател.

▪ ***Привржаниците*** *на новото движење излегоа на улица.*
▪ *Тој е* ***противник*** *на сè што е ново.*

ПРИЈАТЕЛ – НЕПРИЈАТЕЛ
ПРИЯ́ТЕЛЬ – НЕПРИЯ́ТЕЛЬ
ДРУГ/ЛЮБИ́ТЕЛЬ – НЕДРУ́Г/ВРАГ

1. Лице со кого имаме заемна доверба, почит, љубов; 2. Поклоник, љубител.

1. Лице со кого имаме лош однос; спротивставено мислење, делување; 2. Противник.

*Мал беше бројот на оние деца што веруваа дека и луѓето што немаат карактеристика значат нешто; можеби тие, еве, толку многу страдаат, исто толку љубат, исто толку се наши **пријатели**. Мајко моја, луѓето што немаа карактеристика или што им беше бележана беа наши **непријатели**.* Ж. Чинго, *Големата вода;*

*И сите плачат еднодушно: и **пријателите** и **непријателите**. И секој со своја причина.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*И таа, опиена од глетката, пак не се откажа од свеста дека богот му е единствен **пријател** на човекот, додека ѓаволот, од време и век, бил неговиот **непријател**.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен.*

ПРИЈАТЕЛСКИ – НЕПРИЈАТЕЛСКИ
ДРУ́ЖЕСТВЕННО – ВРАЖДЕ́БНО
ДРУ́ЖЕСКИЙ – ВРА́ЖЕСКИЙ

На пријателски начин; што се однесува на пријател; дружељубив, добронамерен.

▪ ***Пријателски те советувам.***
▪ ***Пријателска*** *посета.*

На непријателски начин; што се однесува на непријател; недобронамерен, злобен.

▪ *Непријателски ме гледа.*
▪ ***Непријателска*** *порака.*

ПРИЈАТЕЛСТВО – НЕПРИЈАТЕЛСТВО
ДРУ́ЖБА – ВРА́ЖДА

Однос и дејство засновани на заемна доверба, почитување, љубов.

▪ *Со него ме врзува **пријателство**.*

Однос заснован на омраза, на нетрпеливост, на спротивставеност.

▪ *Меѓу нас нема **непријателство**.*

ПРИЈАТЕЛ – ДУШМАН *разг.*
ДРУГ – ВРАГ

1. Лице со кого имаме заемна доверба, почит, љубов; 2. Поклоник, љубител.

1. Лице со кого сме во лоши, непријателски односи; 2. Противник.

*Господ да ме варди од **пријателите**, а од **душманите** сам ќе се вардам. Посл.*

ПРИЈАТЕЛСКИ – ДУШМАНСКИ *разг.*
ДРУ́ЖЕСТВЕННО – ВРАЖДЕ́БНО
ДРУ́ЖЕСКИЙ – ВРА́ЖЕСКИЙ

На пријателски начин; што се однесува на пријател; дружељубив, добронамерен.

На душмански начин; што се однесува на душман; непријателски, злобен.

▪ ***Пријателски*** *се насмевна.*
▪ ***Пријателска*** *насмевка.*

▪ ***Душмански*** *поглед.*
▪ ***Душмански*** *поглед.*

ПРИЈАТЕН – НЕПРИЈАТЕН
ПРИЯ́ТНЫЙ – НЕПРИЯ́ТНЫЙ

1. Што причинува задоволство; 2. Привлечен, симпатичен, добар, убав; 3. Згоден, удобен.

1. Што предизвикува незадоволство; 2. Непривлечен, одбивен, лош; 3. Незгоден, неудобен.

▪ ***Пријатна*** *средба.*

▪ ***Непријатна*** *средба.*

Во нормално расположение се наоѓаме кога не сме свесни за сопствената состојба на духот, кога никому не сме сториле ништо добро и ништо лошо, кога никој не ни сторил ни нешто добро ни нешто лошо, кога во нас не одзвучува ***пријатната*** *или* ***непријатната*** *последица на нешто сторено во минатото.* М. Јовановски*, Патот до осаматa.*

ПРИЈАТНО – НЕПРИЈАТНО
ПРИЯ́ТНО – НЕПРИЯ́ТНО/ПРОТИ́ВНО

1. На пријатен начин; 2. Удобно, згодно.

1. На непријатен начин; 2. Неудобно, незгодно.

▪ *Се чувствувам* ***пријатно****.*

▪ ***Непријатно*** *е да влегуваш без најава.*

ПРИЈАТЕН – ОДВРАТЕН
ПРИЯ́ТНЫЙ – ОТВРАТИ́ТЕЛЬНЫЙ/ПРОТИ́ВНЫЙ

1. Што причинува задоволство; 2. Привлечен, симпатичен, добар; 3. Убав, згоден.

1. Што предизвикува гадење; 2. Многу лош; одбивен; 3. Многу непријатен.

▪ ***Пријатен*** *одмор.*
▪ ***Пријатен*** *човек.*

▪ ***Одвратно*** *место.*
▪ ***Одвратен*** *човек.*

ПРИЈАТНО – ОДВРАТНО
ПРИЯ́ТНО – ОТВРАТИ́ТЕЛЬНО/ПРОТИ́ВНО

На пријатен начин; удобно, згодно.

На непријатен начин; многу лошо; многу непријатно; грозно.

▪ *Поминавме* ***пријатно*** *таму.*

▪ ***Одвратно*** *беше таму.*

ПРИЛИВ – ОДЛИВ
ПРИЛИ́В – ОТЛИ́В

1. Периодично кревање на нивото на водата на морски брег; 2. Добивање средства, пари итн.

1. Периодично повлекување на нивото на водата на морски брег; 2. Намалување, трошење на средства, пари итн.

▪ *Немаме* ***прилив****, никој не плаќа.*

▪ *Фирмата има поголем* ***одлив*** *на пари поради новите цени.*

несв. ПРИМА – ОДБИВА
ПРИНИМА́ТЬ – ОТВЕРГА́ТЬ/ВОЗВРАЩА́ТЬ/ОТКА́ЗЫВАТЬ

1. Зема, прифаќа нешто дадено, испратено; 2. Прифаќа некого на должност, на работа, во организација; 3. Согласува се.

1. Враќа, не прима нешто дадено, испратено; 2. Не прифаќа некого на должност, на работа; 3. Не се согласува.

▪ *Ги* ***прима*** *писмата.*
▪ ***Прима*** *извинување.*

▪ *Ги* ***одбива*** *писмата.*
▪ ***Одбива*** *да се извини.*

св. ПРИМИ – ОДБИЕ
ПРИНЯ́ТЬ – ОТВЕ́РГНУТЬ/ВЕРНУ́ТЬ

1. Земе, прифати нешто дадено, испратено; 2. Прифати некого на должност, на работа, во организација; 3. Согласи се.

1. Врати, не прими нешто дадено, испратено; 2. Не прифати некого на должност, на работа; 3. Не се согласи.

▪ *Ги* ***прими*** *документите.*
▪ *Ја* ***прими*** *поканата.*

▪ *Ги* ***одби*** *документите.*
▪ *Ја* ***одби*** *поканата.*

ПРИМАРЕН – СЕКУНДА́РЕН
ПЕРВОСТЕПЕ́ННЫЙ – ВТОРОСТЕПЕ́ННЫЙ

Првичен; главен, најважен.

Вторичен; помалку важен.

При тоа исто значење има усогласувањето како на ***примарното****, така и на* ***секундарното*** *право на европските заедници и на Европската унија.* Т. Бендевски*, Право на Европска унија.*

ПРИРОДЕН – ВЕШТАЧКИ
НАТУРА́ЛЬНЫЙ/ЕСТЕ́СТВЕННЫЙ – ИСКУ́ССТВЕННЫЙ

1. Што е создаден од природата; 2. Што се врши по законот на природата; 3. Изворен, оригинален; 4. Нормален, неизвештачен.

1. Што е создаден од човекот; 2. Што не се врши по законот на природата; 3. Направен налик на природниот; 4. Неприроден, извештачен.

Најдобри и највредни бонсаи се оние кои се колектирани од природата, кои во себе го носат белегот на времето, на кои се препознава дејството на ветровите, на сушите... Ако тој белег, таа трага не се добие по ***природен*** *пат, мора да ја „најавите“* ***вештачки****. Интервју.*

ПРИРОДНО – ВЕШТАЧКИ
ЕСТЕ́СТВЕННО – ИСКУ́ССТВЕННО

На природен начин.

▪ *Нивата се наводнува* ***природно.***

На вештачки начин.

▪ *Нивата се наводнува* ***вештачки****.*

ПРИСОЕН – ОСОЕН
НАХОДЯ́ЩИЙСЯ НА СОЛНЦЕПЁКЕ – ТЕНИ́СТОЕ МЕ́СТО

Сончев, осветлен од сонце.

Изложен на сенка; неосветлен од сонце.

... да се тргне од некој темничав осој, по пат ***осоен*** *да се мине... и потоа да се стигне до некој присој, до прозорит предел* ***присоен****, на топлиште, тоа бездруго ќе претставува едно јуначно патување.* Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија.*

ПРИСОЈ – ОСОЈ
СО́ЛНЕЧНАЯ СТОРОНА́/СОЛНЦЕПЁК – ТЕНИ́СТОЕ МЕ́СТО

Сончева страна; место каде силно пече сонце.

Место под сенка; место каде не грее сонце.

Се јави на мест̄о ни ***осој****, ни* ***п̄рисој****, вели Трајан Ендековски. А беше силна г̄орешт̄ина ког̄а воздухот̄ се собира на ве́г̄и-ве́г̄и.* П. М. Андреевски*, Последнит̄е селани;*

... да се тр̄г̄не од некој т̄емничав ***осој****, п̄о п̄ат̄ осоен да се мине... и п̄от̄оа да се ст̄иг̄не до некој* ***п̄рисој****, до п̄розорит̄ п̄редел п̄рисоен, на т̄оп̄лиш̄т̄е, т̄оа бездруг̄о ќе п̄рет̄ст̄авува едно ј̄уначно п̄ат̄ување.* Т. Ширилов*, Тимот̄еј и Лидија.*

св. ПРИСТИГНЕ – ЗАМИНЕ
ПРИБЫ́ТЬ/ПРИЙТИ́ – ОТБЫ́ТЬ/ПРОЙТИ́

1. Дојде, допатува;
2. Настапи.

1. Отиде, отпатува;
2. Помине.

▪ ***Прист̄иг̄на*** *возот̄.*
▪ ***Прист̄иг̄на*** *зимат̄а и никако да* ***замине****.*

▪ *Ќе* ***замине*** *п̄оп̄ладне.*

несв. ПРИСТИГНУВА – ЗАМИНУВА
ПРИБЫВА́ТЬ – ОТПРАВЛЯ́ТЬСЯ
НАСТУПА́ТЬ – ПРОХОДИ́ТЬ

1. Доаѓа, допатува;
2. Настапува.

1. Оди, отпатува;
2. Поминува.

Тројц̄ат̄а браќа Бакаловци г̄ласно п̄лачеа на авт̄обускат̄а ст̄аница во Охрид, додека околу нив п̄ат̄ници и авт̄обуси ***п̄рист̄иг̄нуваа*** *и* ***заминуваа****.* З. Ковачевски*, Аристот̄ел од Ресен.*

ПРИСТОЕН – НЕПРИСТОЕН
ПРИСТО́ЙНЫЙ – НЕПРИСТО́ЙНЫЙ
ПРИЛИ́ЧНЫЙ – НЕПРИЛИ́ЧНЫЙ

Што одговара на правилата на однесување; умесен, учтив, културен.

Што противречи на правилата на однесување; неучтив, неумесен, некултурен.

▪ ***Прист̄оен*** *човек.*
▪ ***Прист̄оен*** *однос.*

▪ ***Неприст̄оен*** *човек.*
▪ ***Неприст̄оен*** *однос.*

ПРИСТОЈНО – НЕПРИСТОЈНО
ПРИСТО́ЙНО – НЕПРИСТО́ЙНО
ПРИЛИ́ЧНО – НЕПРИЛИ́ЧНО

На пристоен начин; како што треба, како што е ред.

▪ *Треба **пристојно** да се облечеш.*

На непристоен начин; без почитување ред и правила.

▪ *Се однесува **непристојно**.*

ПРИСТОЈНОСТ – НЕПРИСТОЈНОСТ
ПРИСТО́ЙНОСТЬ – НЕПРИСТО́ЙНОСТЬ

Особина на оној што е пристоен, на она што е пристојно.

▪ *На **пристојност** нè учат од мали.*

Особина на оној што е непристоен, на она што е непристојно.

▪ *Не трпам **непристојност.***

ПРИСТРАСЕН – НЕПРИСТРАСЕН
ПРИСТРА́СТНЫЙ – БЕСПРИСТРА́СТНЫЙ

Субјективен, неправеден; заснован на предубедувања, предрасуди; што зазема страна.

▪ ***Пристрасно** оценување.*

Што не е пристрасен; објективен, праведен. што не зазема страна.

▪ ***Непристрасно** оценување.*

ПРИСТРАСНО – НЕПРИСТРАСНО
ПРИСТРА́СТНО – БЕСПРИСТРА́СТНО

На пристрасен начин; субјективно, неправедно.

▪ ***Пристрасно** настапуваш.*

На непристрасен начин; објективно, праведно.

▪ *Оценувам **непристрасно**.*

ПРИСТРАСНОСТ – НЕПРИСТРАСНОСТ
ПРИСТРА́СТНОСТЬ – БЕСПРИСТРА́СТНОСТЬ

Особина на оној што е пристрасен; субјективност; неправичност.

▪ *Во оценувањето има **пристрасност.***

Особина на оној што не е пристрасен; што е објективен, правичен.

▪ *Со **непристрасност** се добиваат реални показатели.*

ПРИСУСТВО – ОТСУСТВО
ПРИСУ́ТСТВИЕ – ОТСУ́ТСТВИЕ

1. Престој, наоѓање на определено место во определено време;
2. Имање.

▪ ***Присуството*** *е задолжително.*

1. Неприсутност на определено место во определено време;
2. Немање.

▪ ***Отсуството*** *се казнува парично.*

несв. ## ПРИСУСТВУВА – ОТСУСТВУВА
ПРИСУ́ТСТВОВАТЬ – ОТСУ́ТСТВОВАТЬ

Престојува, наоѓа се, доаѓа на одредено место во одредено време.

▪ ***Присуствува*** *на час.*

Не престојува, не се наоѓа, не доаѓа на одредено место во одредено време.

▪ ***Отсуствува*** *од работа.*

ПРИСУТЕН – ОТСУТЕН
ПРИСУ́ТСТВУЮЩИЙ – ОТСУ́ТСТВУЮЩИЙ

Што се наоѓа на определено место во определено време; постои, има; концентриран, што следи што се случува, што се зборува.

Што не се наоѓа на определено место во определено време; не постои, нема; што е оттргнат со мислите на друго место; што не следи што се случува, што се зборува.

Со солзи на очите им раскажуваше за ***отсутните*** *Татко, Мајка, браќата,... на* ***присутните*** *кои го славеа неговото враќање во родниот град*. Л. Старова*, Амбасади;*
Седејќи замолкнат брзајќи накај Скопје
да си го доврши романот пешти по ред
седејќи во автомобилот ***отсутен*** *подолго*
или пак троа ***присутен*** *во нешто свое*
во нешто само свое во нешто многу свое. Г. Тодоровски*, Зборови од земја и од злато.*

ПРИСУТНОСТ – ОТСУТНОСТ
ПРИСУ́ТСТВИЕ – ОТСУ́ТСТВИЕ

Престој, наоѓање на определено место во определено време; постоење.

▪ *Има* ***присутност*** *на концертите.*

Неприсутност на определено место во определено време; немање, непостоење.

▪ ***Отсу́тноста*** *на седници е честа.*

св. **ПРИФАТИ – ОДБИЕ**
ПРИНЯ́ТЬ – ОТВЕ́РГНУТЬ

Согласи се; одобри; одговари позитивно; преземе; утврди со гласање, усвои.

Отфрли, одрече; одговари негативно; отфрли со гласање.

Така таа ги раздвојуваше сите нешта на светот: ги ***прифаќаше*** *оние што ѝ годеа, а ги* ***одбиваше*** *оние што ѝ се противеа.* Д. Солев*, Мртва трка.*

несв. **ПРИФАЌА – ОДБИВА**
ПРИНИМА́ТЬ – ОТВЕРГА́ТЬ

Согласува се; одобрува; одговара позитивно; презема; утврдува со гласање, усвојува.

▪ ***Прифаќа*** *предлози.*
▪ ***Прифаќа*** *покана.*

Не се согласува; не одобрува; одговара негативно; отфрла; не прифаќа со гласање.

▪ ***Одбива*** *предлози.*
▪ ***Одбива*** *покана.*

св. **ПРИФАТИ – ОТФРЛИ**
ПРИНЯ́ТЬ – ОТВЕ́РГНУТЬ

Согласи се, одобри; преземе, прими; одговори позитивно.

Одбие, одрече; не преземе, не прими; одговори негативно.

Тие со тоа на неговиот дом му даваа живот чија топлина требаше тој да ја ***прифати*** *или да ја* ***отфрли****.* М. Јовановски*, Патот до осаматa.*

несв. **ПРИФАЌА – ОТФРЛА**
ПРИНИМА́ТЬ – ОТВЕРГА́ТЬ

Согласува се, одобрува; презема, прима; одговора позитивно.

Одбива, одрекува; не презема, не прима; одговора негативно.

▪ ***Прифаќа*** *одговорност.*
▪ ***Прифаќа*** *пријателство.*

▪ ***Отфрла*** *одговорност.*
▪ ***Отфрла*** *помош.*

ПРИХОД – РАСХОД
ПРИХО́Д – РАСХО́Д

Прилив на средства; пари или материјална вредност стекнати со работа; заработка; стекнати од некаков имот, акции и сл.

Одлив, трошење на средства; потрошени пари или материјал; потрошувачка.

Финансискиот суд ги контролира сите ***приходи*** *и* ***расходи*** *на Заедницата и на органите формирани од Заедницата, доколку со актот на нивното основање не биде исклучена ваква контрола.* Т. Бендевски*, Право на Европска унија.*

ПРОГРЕС – ПАД
ПРОГРЕ́СС – УПА́ДОК

Придвижување кон напред; подобрување во процес на развиток; напредок.

Ослабување на дејност; намалување на активност; влошување на процес на развиток.

... за други ***падовите*** *се иреверзибилен знак на одењето напред, на* ***прогресот****; за трети таквиот прогрес претставуваше запирање на историјата, со дефинитивната и непобедлива пазарна економија и демократија!* Л. Старова*, Амбасади.*

ПРОГРЕС – РЕГРЕС
ПРОГРЕ́СС – РЕГРЕ́СС

Придвижување кон напред; подобрување во процес на развиток; напредок.

Ослабување на дејност; намалување на активност; влошување на процес на развиток.

▪ *Има* ***прогрес*** *во работата.*

▪ *Има* ***регрес*** *во развојот.*

ПРОГРЕСИ́ВЕН – КОНЗЕРВАТИ́ВЕН
ПРОГРЕССИ́ВНЫЙ – КОНСЕРВАТИ́ВНЫЙ

Што се стреми кон прогрес; напреден.

▪ ***Прогресивни*** *идеи.*

Што не прифаќа новини; што го брани старото.

▪ ***Конзервативни*** *сфаќања.*

ПРОГРЕСИ́ВНО – КОНЗЕРВАТИ́ВНО
ПРОГРЕССИ́ВНО – КОНСЕРВАТИ́ВНО

На прогресивен начин.

▪ *Делува* ***прогресивно****.*

На конзервативен начин.

▪ *Размислува* ***конзервативно****.*

св. **ПРОДОЛЖИ – СКРАТИ/СКУСИ**
ПРОДЛИ́ТЬ – СОКРАТИ́ТЬ

1. Направи да биде подолг;
2. Увеличи рок, време.

▪ *Го* ***продолжи*** *одморот.*
▪ *Ги* ***продолжи*** *ракавите.*

1. Направи да биде покус;
2. Намали рок, време.

▪ *Го* ***скрати*** *работното време.*
▪ *Ги* ***скрати*** *ракавите.*

несв. **ПРОДОЛЖУВА – СКРАТУВА**
ПРОДЛЕВА́ТЬ – СОКРАЩА́ТЬ

1. Прави да биде подолг;
2. Увеличува рок на нешто.

▪ ***Продолжува*** *патување.*

1. Прави да биде пократок;
2. Намалува рок, време.

▪ ***Скратува*** *рок на плаќање.*

ПРОЛОГ – ЕПИЛОГ
ПРОЛО́Г – ЭПИЛО́Г

Воведен дел на уметничко дело.

Заклучен дел на уметничко дело.

ПРОСТ – СЛОЖЕН
ПРОСТО́Й – СЛО́ЖНЫЙ

1. Лесен за разбирање или за правење; 2. Без многу детали.

▪ ***Проста*** *задача.*

1. Заплетен, тежок; за разбирање, за за правење; 2. Со многу детали.

▪ ***Сложена*** *задача.*

ПРОСТО – СЛОЖЕНО
ПРО́СТО – СЛО́ЖНО

На прост начин;
едноставно, лесно.

▪ *Објаснува* ***просто****.*

На сложен начин;
замрсено, тешко.

▪ *Објаснува* ***сложено****.*

ПРОСТОРЕН – ТЕСЕН
ПРОСТО́РНЫЙ/ШИРО́КИЙ – У́ЗКИЙ

Што има доволно простор;
широк, пространа.

▪ ***Просторен*** *стан.*

Што нема доволно простор;
ограничен.

▪ ***Тесен*** *стан.*

ПРОФЕСИОНА́ЛЕЦ – АМАТЕ́Р
ПРОФЕССИОНА́Л – ЛЮБИ́ТЕЛЬ

Човек што се занимава со
нешто професионално;
стручњак, специјалист.

▪ *Тој е* ***професионалец***
во фудбалот.

Човек што се занимава со
нешто во слободно време
од љубов; почетник,
недоучен, нестручен.

▪ *Тој е* ***аматер*** *во шахот.*

ПРОФЕСИОНАЛИ́ЗАМ – АМАТЕРИ́ЗАМ
ПРОФЕССИОНАЛИ́ЗМ – САМОДЕ́ЯТЕЛЬНОСТЬ

Стручност во работа.

Бавење со нешто од љубов;
нестручност.

Во тој долг период се менуваше и статусот на спортот, односно неговиот општествен третман, се менуваше соодносот меѓу масовниот и елитниот спорт, меѓу ***аматеризмот*** *и* ***професионализмот****...* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ПРОФЕСИОНА́ЛНО – АМАТЕ́РСКИ
ПРОФЕССИОНА́ЛЬНО – ЛЮБИ́ТЕЛЬСКИ

На професионален
начин; стручно; како
професионалец.

▪ *Игра* ***професионално****.*

На аматерски начин;
нестручно; почетнички;
како аматер.

▪ *Игра* ***аматерски.***

ПРОШИРЕН – СТЕСНЕТ
УВЕЛИ́ЧЕННЫЙ – СУ́ЖЕННЫЙ
РАСШИ́РЕННЫЙ – СОКРАЩЁННЫЙ

Распространет; зголемен во обем, во бројност.

▪ ***Проширен*** *е весникоѿ во Македонија.*

Намален во ширина, во обем, во бројност; ограничен.

▪ ***Сѿеснеѿ*** *му е круѓоѿ на ѿоддржувачи.*

св. **ПРОШИРИ(СЕ) – СТЕСНИ(СЕ)**
РАСШИ́РИТЬ(СЯ)/УВЕЛИ́ЧИТЬ(СЯ) – СУ́ЗИТЬ(СЯ)/СТЕСНИ́ТЬ(СЯ)
РАСПРОСТРАНИ́ТЬ(СЯ) – УМЕ́НЬШИТЬ(СЯ)

Зголеми ширина, површина, обем, граници, бројност, знаења; распространи; зголеми се во ширина, во површина, во обем; распространи се.

▪ *Се* ***ѿпрошири*** *ѓрадоѿ.*

Намали ширина, површина, обем, граници, бројност, знаења; ограничи; намали се во ширина, во површина, во обем; ограничи се; намали се.

▪ *Се* ***сѿесни*** *времеѿо.*

несв. **ПРОШИРУВА(СЕ) – СТЕСНУВА(СЕ)**
РАСШИРЯ́ТЬ(СЯ)/УВЕЛИ́ЧИВАТЬ(СЯ) – СУЖА́ТЬ(СЯ)/СТЕСНЯ́ТЬ(СЯ)
РАСПРОСТРАНЯ́ТЬ(СЯ) – УМЕНЬША́ТЬ(СЯ)

Зголемува ширина, површина, обем, граници, бројност, знаења; зголемува се во ширина, во површина, во обем; распространува; распространува се.

▪ *Го* ***ѿпроширувааѿ*** *асорѿиманоѿ.*

Намалува ширина, површина, обем, граници, бројност,знаења; намалува се во ширина, во површина, во обем; ограничува; ограничува се.

▪ *Го* ***сѿеснувааѿ*** *иѓралишѿеѿо.*

св. **ПРУЖИ – СОБЕРЕ**
ПРОТЯНУ́ТЬ/ВЫ́ТЯНУТЬ – УБРА́ТЬ/СОБРА́ТЬ
ПОВЕ́СИТЬ – СНЯТЬ

Испружи; подаде; обеси.

▪ ***Пружи*** *нозе.*
▪ ***Пружи*** *рака.*
▪ ***Пружи*** *алишѿа.*

Повлече, спушти; симне.

▪ ***Собра*** *нозе.*
▪ ***Собра*** *рака.*
▪ ***Собра*** *алишѿа.*

несв. **ПРУЖА – СОБИРА**
ПРОТЯ́ГИВАТЬ/ВЫТЯ́ГИВАТЬ – УБИРА́ТЬ/СОБИРА́ТЬ
ВЕ́ШАТЬ – СНИМА́ТЬ

Пружа; подава; обесува.

- ***Пружа*** *нозе.*
- ***Пружа*** *рака.*
- ***Пружа*** *алишта.*

Повлекува, спушта; симнува.

- ***Собира*** *нозе.*
- ***Собира*** *рака.*
- ***Собира*** *алишта.*

ПУСТ – НАСЕЛЕН
БЕЗЛЮ́ДНЫЙ/ПУСТЫ́ННЫЙ/НЕОБИТА́ЕМЫЙ – НАСЕЛЁННЫЙ

Ненаселен; место каде што нема луѓе или има малку луѓе.

- ***Пусто*** *место.*

Место каде што има жители.

- ***Населено*** *место.*

Р

РАБОТА – ОДМОР
РАБО́ТА – О́ТДЫХ

Примена на физички или умствен напор за остварување на определена цел; труд, дејствување.

- *Имам* ***работа****.*

Покус или подолг прекин на работата за обновување на физичките и умствените сили.

- *На* ***одмор*** *сум една недела.*

РАБОТЕН – НЕРАБОТЕН
РАБО́ЧИЙ – НЕРАБО́ЧИЙ/ВЫХОДНО́Й

Време предвидено за работа.

- ***Работен*** *ден.*

Време кога не се работи.

- ***Неработен*** *ден.*

несв. **РАБОТИ – СТОИ**
РАБО́ТАТЬ/ФУНКЦИОНИ́РОВАТЬ – СТОЯ́ТЬ

Што е во работна состојба; што функционира; што е активен.

Што не е во работна состојба; што не функционира; што не работи; пасивен.

Па, сеѓак, со времето се случуваше нешто чудно: Човек мисли дека тоа ***стои*** *додека всушност само часовникот не* ***работи****, не го регистрира неговото течење на смеѓка на секого од нас.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

РАБОТЛИВ/РАБОТЕН – МРЗЛИВ
ТРУДОЛЮБИ́ВЫЙ – ЛЕНИ́ВЫЙ

Кој сака да работи; вреден; марлив, трудољубив.

Што не сака да работи; што избегнува работа.

▪ ***Работлив*** *човек.*

▪ ***Мрзлив*** *човек.*

РАБОТЛИВ/РАБОТЕН – НЕРАБОТЛИВ
ТРУДОЛЮБИ́ВЫЙ – ЛЕНИ́ВЫЙ

Кој сака да работи; вреден; марлив, трудољубив.

Што не сака да работи; што избегнува работа; мрзлив.

▪ ***Работлив*** *син.*

▪ ***Неработлив*** *син.*

РАБОТНИК – НЕРАБОТНИК
ТРУДОЛЮБИ́ВЫЙ ЧЕЛОВЕ́К – ЛЕНТЯ́Й/БЕЗДЕ́ЛЬНИК

Тој што сака да работи; вреден, трудољубив.

Тој што не сака да работи; мрзливец.

▪ *Тој е ѓолем* ***работник****.*

▪ *Во ниедна фирма не сакаат* ***неработници****.*

РАДО – НЕРАДО
ОХО́ТНО/С УДОВО́ЛЬСТВИЕМ – НЕОХО́ТНО

Со задоволство; со радост.

Без волја; без желба.

▪ ***Радо*** *седам во ресторан.*

▪ ***Нерадо*** *одам на работа.*

РАДОСЕН – ЈАДОСАН
РА́ДОСТНЫЙ – ОГОРЧЁННЫЙ
ВЕСЁЛЫЙ – ГРУ́СТНЫЙ/ОЗАБО́ЧЕННЫЙ

Полн со радост; весел; што изразува радост.

Загрижен, несреќен, лут; што има мака.

▪ ***Радосна*** *сум кога ѓо ѓледам.*

▪ ***Јадосан*** *е од односот на синот.*

РАДОСЕН – ТАЖЕН
РА́ДОСТНЫЙ/СЧАСТЛИ́ВЫЙ – ГРУ́СТНЫЙ

Полн со радост; весел; што изразува радост; што прави радост.

Што чувствува тага; што изразува тага; што предизвикува тага.

Тогаш започнаа долго да се поздравуваат Трена и Гелевица како најдобри пријателки: Тихон ги слушаше и помалку беше ***тажен*** *поради тоа, зашто, иако Гелевица никогаш не му имаше зборувано лошо за неговата жена, знаеше оти ја мрази поради лошите зборови што ги шираше Трена да дојдат до ушите на болната, туку беше и* ***радосен****, зашто знаеше, не ќе му вика Трена ако навраќа овие денови додека ловат риба, да поразговараат навечер...* М. Фотев*, Потомците на Кат.*

РАДОСНО – ТАЖНО
РА́ДОСТНО – ГРУ́СТНО

На радосен начин; со радост.

▪ *Оттиде* ***радосно*** *на испит.*

На тажен начин; со тага.

▪ *Седи* ***тажно*** *настрана.*

РАДОСТ – ТАГА
РА́ДОСТЬ – ПЕЧА́ЛЬ/ТОСКА́

Чувство на големо душевно задоволство; тоа што предизвикува радосно чувство; добро расположение; веселост.

Чувство на душевна болка; жал, мака.

„Колкава беше тагата на Георгија по победата. Зашто ни ***радоста*** *од триумфот по заминувањето на Турците... не можеа да ја сотрат* ***тагата*** *по загубените воини.* Д. Михајловски*, Избор;*

... се пикнав со Борис Тушев и во неговата уста и со негови зборови кажував за неговиот живот, за времето, за просторот, за луѓето, за надежите и поразите, за ***радоста****, за среќата, за* ***тагата****, за болката за смртта.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Големиот Рок, тој стар и острелушен прч, гледаше одвременавреме во растреперената Морфа, низ чии насолзени очи се мешаа ***радоста*** *и* ***тагата*** *и не знаеше што се случува со неа.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен.*

несв. **РАДУВА СЕ – ТАГУВА/ТАЖИ**
РА́ДОВАТЬСЯ – ГРУСТИ́ТЬ/ПЕЧА́ЛИТЬСЯ/ТОСКОВА́ТЬ

Чувствува радост; изразува радост.

Чувствува тага; изразува тага.

Писание, вели Уља, било пишано: на лева страна да се ***радуваш,*** *а на десна да плачеш, да* ***тажиш***. П.М. Андреевски*, Пиреј.*

несв. **РАДУВА(СЕ) – НАТАЖУВА(СЕ)/РАСТАЖУВА(СЕ)**
РА́ДОВАТЬ(СЯ) – ПЕЧА́ЛИТЬ(СЯ)

Прави, предизвикува радост; чувствува радост; изразува радост.

▪ *Ме* ***радува*** *успехот.*

Прави, предизвикува тага, жал: чувствува тага; изразува тага.

▪ *Се* ***натажува*** *кога го гледа болното дете.*

РАДОСЕН – ЖАЛЕН
РА́ДОСТНЫЙ – ПЕЧА́ЛЬНЫЙ

Полн со радост; весел; што изразува радост; што прави радост.

▪ ***Радосна*** *вест.*

Што чувствува жал; што изразува жал; што предизвикува жал.

▪ ***Жална*** *вест.*

РАДОСНО – ЖАЛНО
РА́ДОСТНО – ПЕЧА́ЛЬНО

На радосен начин; со радост.

▪ *Прифати* ***радосно***.

На жален начин; со жал.

▪ *Плаче* ***жално***.

РАДОСТ – ЖАЛОСТ/ЖАЛ
РА́ДОСТЬ – ГРУСТЬ

Чувство на големо душевно задоволство; тоа што предизвикува радосно чувство; добро расположение; веселост.

Чувство на душевна болка; тага, мака.

Бавчичето наше
не ***радост*** *а* ***жал***
ми скорива жива. Г. Тодоровски*, Зборови од земја и од злато;*

Се поздрави со Стоја и со Трајка, им ја честита новата снаа и, по обичајот, си го зеде пагурчето од камарчето над огнот. Да му се најде нешто в раце: невела да седи човек празен на ***радост*** *или на* ***жалост****, „господ да чува“!.* С. Попов*, Крпен живот;*

Никаде да не одиш со грд човек. Ни на ***радост****, ни на* ***жалост****. Со грд човек, му рече, секаде ќе ти биде грда работата.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

несв. **РАДУВА(СЕ) – НАЖАЛУВА(СЕ)**
РА́ДОВАТЬ(СЯ) – ПЕЧА́ЛИТЬ(СЯ)

Прави, предизвикува радост; чувствува радост; изразува радост.

Прави, предизвикува тага, жал: чувствува тага; изразува тага.

Очи, очи на моето дете!
Со вас зборам и ***се радувам****,*
А со себе - ***се нажалувам***
Игро проста до живопинско! Б. Конески*, Избрани дела.*

РАДОСЕН – ОГОРЧЕН
РА́ДОСТНЫЙ – ОГОРЧЁННЫЙ/ГО́РЕСТНЫЙ

Полн со радост; весел; што изразува радост; што прави радост.

Многу несреќен, незадоволен; повреден.

▪ ***Радосен*** *човек.*

▪ ***Огорчен*** *човек.*

РАДОСТ – БОЛКА
РА́ДОСТЬ – БОЛЬ

Чувство на големо душевно задоволство; тоа што предизвикува радосно чувство; добро расположение; веселост.

Чувство на страдање; душевна мака.

... се пикнав со Борис Тушев и во неговата уста и со негови зборови кажував за неговиот живот, за времето, за просторот, за луѓето, за надежите и поразите, за ***радоста****, за среќата, за тагата, за* ***болката*** *за смртта.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Го гледаш: тој секогаш е еднакво оддалечен и од ***болката*** *и од* ***радоста****. И можеби затоа не ја разбира нивната разлика.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

несв. **РАДУВА(СЕ) – ЛУТИ(СЕ)**
РА́ДОВАТЬ(СЯ) – СЕРДИ́ТЬ(СЯ)

Прави, предизвикува радост; чувствува радост; изразува радост.	Предизвикува кај некого лутина; прави да биде лут; чувствува лутина; изразува лутина.

*„Ти не си му никаква ќерка, туку беше негова жена“, ѝ дофрлуваа жените и не знаеја дали да **се радуваат**, или да **се лутат** поради тоа.* М. Фотев, *Потомците на Кат.*

несв. **РАЃА СЕ – УМИРА**
РОЖДА́ТЬСЯ – УМИРА́ТЬ

Доаѓа на свет со раѓање; појавува се.	Престанува да живее; исчезнува.

*Како **се раѓаа** и како **умираа** песните?* Ж. Чинго, *Големата вода;*

*Мислите беа како некои живи организми. **Се раѓаа**, се развиваа и **умираа**.* М. Јовановски, *Патот до осамата;*

*И пак редот на безредието продолжуваше: **се умираше** и **се раѓаше**, се скрбеше и се пееше.* С. Јаневски, *Кучешко распетие.*

*св.***РОДИ(СЕ) – УМРЕ**
РОДИ́ТЬСЯ – УМЕРЕ́ТЬ

Дојде на свет со раѓање; појави се.	Престане да живее; исчезне.

***Умрел** Герасим Гологазов, вели Теофил. – Тој и не требало да **се роди**, вели Варвара. Да го видиш, па да ти текне за него...* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*Човек треба кога ќе **се роди** да си напише писмо, вели Јон, а кога ќе **умре** да го добие. Ебати, поштите, вели, ебати светот, вели и шмрчка со носот, плаче.* П.М. Андреевски, *Пиреј.*

РОДЕН – УМРЕН
РОДИ́ВШИЙСЯ – УМЕ́РШИЙ

Што дошол на свет; што се појавил.	Што престанал да живее; што исчезнал.

ø Остоиќ: *Ме интересираат манастирски книги... Би можел ли да ги погледнам? Тоа се веројатно молитвеници и книги на **родени** и **умрени**.* Г. Стефановски, *Лет во место.*

РАЃАЊЕ – УМИРАЊЕ
РОЖДЕ́НИЕ – УМИРА́НИЕ/СМЕРТЬ

Процес на доаѓање на овој свет; појавување.

Процес на заминување од овој свет; исчезнување.

Вели сѐ ќе почне од почеток, сѐ ново, - препрашува Климо Анѓелоски со длanka мазнејќи си го потпалениот од сонцето лев образ, десниот го оставил на земјата, - сѐ, сѐ, велиш, и животот, и ***раѓањето****, и* ***умирањето.****..* Ж. Чинго, *Накусо;*

Кога би дошол да седне овде вчера и ако се заѓледаше, сигурно ќе присуствуваше на чинот на едно ***раѓање****, при почетокот на едно* ***умирање****, нерадосно и неочекувано, помисли Давид.* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

РАЃАЊЕ – СМРТНОСТ
РАЖДА́ЕМОСТЬ – СМЕ́РТНОСТЬ

Број на живородени деца во одреден период.

Број на умирања во одреден период.

▪ ***Смртноста*** *е поголема од* ***раѓањето****.*

РАЗБИРЛИВ – НЕРАЗБИРЛИВ
ПОНЯ́ТНЫЙ – НЕПОНЯ́ТНЫЙ

Што може да се разбере; јасен; логичен; сфатлив.

Што не може да се разбере; нејасен; нелогичен; несфатлив.

▪ ***Разбирлив*** *проблем.*
▪ ***Разбирлив*** *однос.*

▪ ***Неразбирлив*** *проблем.*
▪ ***Неразбирлив*** *однос.*

св. **РАЗБОЛИ(СЕ) – ОЗДРАВИ**
ЗАБОЛЕ́ТЬ – ВЫ́ЗДОРОВЕТЬ
СТАТЬ ПРИЧИ́НОЙ БОЛЕ́ЗНИ – ВЫ́ЛЕЧИТЬ

Стане болен; направи некој да стане болен.

Стане здрав, преболе; направи некој да стане здрав.

▪ ***Се разболе*** *од грип.*
▪ *Ти го* ***разболе*** *тапко ми.*

▪ ***Оздраве*** *со добра нега.*
▪ *Ме* ***оздраве*** *со убави зборови.*

Ќе чекаме, вели Теофил, треба и здравјето да знаеш да го чекаш... И што си се уплашила па ти толку, вели, секому му иде да ***се разболи*** *и да* ***оздрави***. П.М. Андреевски, *Последните селани.*

несв. **РАЗБОЛУВА(СЕ) – ОЗДРАВУВА**
РАЗБА́ЛИВАТЬСЯ – ВЫЗДОРА́ВЛИВАТЬ
СТАНО́ВИТЬСЯ ПРИЧИ́НОЙ БОЛЕ́ЗНИ – ВЫЛЕ́ЧИВАТЬ

Станува болен; прави некој да стане болен.

Станува здрав, преболува; враќа некому здравје; излекува.

▪ ***Оздравува*** *брзо.*

▪ *Често се* ***разболува****.*

Чорбаџии осиромашуваа, сиромаси се збогатуваа, болни ***оздравуваа****, здрави* ***се разболуваа*** *... така, „господ си правеше скали од луѓе“.* С. Попов, *Крпен живот.*

св. **РАЗБОЛИ(СЕ) – ИЗЛЕЧИ(СЕ)**
СТАТЬ ПРИЧИ́НОЙ БОЛЕ́ЗНИ – ВЫ́ЛЕЧИТЬ
ЗАБОЛЕ́ТЬ – ВЫ́ЛЕЧИТЬ(СЯ)

Направи да биде болен; стане болен.

Исцели; врати некому здравје; оздрави.

▪ *Ме* ***разболе*** *со студената вода.*
▪ ***Се разболев*** *од грип.*

▪ *Ме* ***излечи*** *со топол чај.*
▪ ***Се излечив*** *брзо.*

РАЗБРАН – НЕРАЗБРАН
РАЗУ́МНЫЙ – НЕРАЗУ́МНЫЙ
ПОНЯ́ТЛИВЫЙ – НЕПОНЯ́ТЛИВЫЙ

Што разбира; што расудува; со кого може да се разбереш.

Што не разбира; што не расудува; со кого не може да се разбереш.

▪ ***Разбран*** *човек.*

▪ ***Неразбран*** *човек.*

св. **РАЗВЕСЕЛИ(СЕ) – РАСТА́ЖИ(СЕ)**
РАЗВЕСЕЛИ́ТЬ(СЯ) – ОПЕЧА́ЛИТЬ(СЯ)

Направи весел, радосен, весел; стане весел, израдува се.

Направи тажен, невесел; стане тажен, невесел.

▪ *Ме* ***развесели*** *твоето доаѓање.*

▪ *Го* ***растажи*** *со приказната.*

▪ ***Се развесели*** *и цело време иг̄раше.*

▪ ***Се раст̄ажи*** *ког̄а виде како живеат̄.*

несв. **РАЗВЕСЕЛУВА(СЕ) – РАСТАЖУВА(СЕ)**
ВЕСЕЛИ́ТЬ(СЯ) – ПЕЧА́ЛИТЬ(СЯ)/ОГОРЧА́ТЬ(СЯ)

Прави весел, радосен, весел; станува весел, радува се.

Прави тажен, невесел; станува тажен, невесел.

▪ *Ме* ***развеселува*** *ког̄а доаѓ̄а.*
▪ ***Се развеселува*** *п̄онеког̄аш.*

▪ *Го* ***раст̄ажува*** *лесно.*
▪ ***Се раст̄ажува*** *ког̄а г̄леда*

РАЗВИЕН – НЕРАЗВИЕН
РАЗВИТО́Й – НЕРАЗВИТО́Й
ЗРЕ́ЛЫЙ – НЕЗРЕ́ЛЫЙ

Што достигнал висок степен на развиток; што станал цврст, зрел; оформен.

Што не е развиен; што не е цврст, зрел; што не е оформен.

Пог̄олемиот̄ живот̄ен ст̄андард не значи и некаков среден ст̄андард, зат̄оа ш̄то да се биде п̄рӣпадник на средната класа во ***развиените*** *земји и во оние* ***п̄онеразвиените*** *не е ист̄о во мат̄еријална смисла.* Ј. Корубин*, Аномично оп̄ш̄тество;*

Комп̄арации т̄реба да се вршат̄ како со ***п̄оразвиените*** *т̄ака и со* ***п̄онеразвиените*** *земји.* Т. Груевски*, Ист̄орија на новинарст̄вот̄о.*

РАЗВИЕН – ЗАОСТАНАТ
РАЗВИТО́Й – ОТСТА́ЛЫЙ

Што достигнал висок степен на развиток; што станал цврст, зрел; оформен.

Што не е развиен; што е некултурен, примитивен назаден, непросветен.

▪ ***Развиен*** *крај.*

▪ ***Заост̄анат̄*** *крај.*

св. **РАЗДЕНИ(СЕ) – СТЕМНИ(СЕ)**
РАССВЕСТИ́ – СТЕМНЕ́ТЬ
ЗАСТА́ТЬ РАССВЕ́ТОМ – ЗАСТА́ТЬ ТЕМНОТО́Й

Настапи ден; осамне, зазори се.

Стане ноќ; смрачи се; стане темен.

▪ *Ке т̄рг̄неме ког̄а ќе се* ***раздени****.*

▪ *Ке т̄рг̄неме ког̄а ќе се* ***ст̄емни****.*

Се тепаат луѓето, како што се тепавме ние после. Ќе прати писменце Комитетот: тој и тој да го снема. И ќе го снема... После ќе дојде писменце... тој и тој да го ***стемни****, да не го* ***раздени****. И не ќе го раздени. Така секој со секого се клевети и се виде дека од човекот немало поголем нечовек...* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

несв. **РАЗДЕНУВА(СЕ) – СТЕМНУВА(СЕ)**
РАССВЕТА́ТЬ – ТЕМНЕ́ТЬ

Настапува ден; осамнува, зазорува се.

Станува ноќ; смрачува се; станува темен.

Дур на некој не му ***се стемни****, на друг не му* ***се разденува****. Посл.;*

св. **РАЗУБАВИ(СЕ) – ОГРДИ**
ПОХОРОШЕ́ТЬ – ПОДУРНЕ́ТЬ

Стане убав или поубав; направи да стане убав или поубав.

▪ *Се вљуби и* ***се разубави****.*
▪ *Паркот ја* ***разубави*** *населбата.*

Стане грд или погрд; направи да стане грд или погрд.

▪ *Од проблеми остаре и* ***огрде****.*
▪ *Со тој мост го* ***огрдеа*** *градот.*

РАЈ – ПЕКОЛ
РАЙ – АД

1. Во религиозно-мистичните претстави: место каде душите на умрените праведници престојуваат во блаженство; 2. Поим за прекрасно место, средина; прекрасно чувство.

1. Во религиозно-мистичните претстави: место каде душите на умрените грешници трпат вечни маки; 2. Поим за неподнослива положба; морално и физичко страдање.

Ех, Леме, Леме, братучед Леме (господе, колку години имавме), каде си сега момче – во ***рајот*** *или во* ***пеколот****?* Ж. Чинго*, Накусо;*

Во татковите книги беше целиот живот. Ако му беше животот минување по ***пеколот*** *и чистилиштето, тогаш книгите го претставуваа* ***рајот****.* Л. Старова*, Татковите книги.*

РАЈСКИ – ПЕКОЛЕН
РА́ЙСКИЙ – А́ДСКИЙ

Што се однесува на рај; убав, прекрасен; полн со уживење.

▪ *Оваа лето* ***рајски*** *се одморив.*

Што се однесува на пекол; неподнослив, тежок, мачен.

▪ *Поминав* ***пеколен*** *период.*

РАМЕН – НЕРАМЕН
РО́ВНЫЙ – НЕРО́ВНЫЙ

1. Што има рамна површина; без длапки, испакнатини; мазен; 2. Што нема свиоци, кривини; рамномерен, воедначен.

▪ ***Рамен*** *пат.*

1. Што нема рамна површина; што има испакнатини, длапки; 2. Што има свиоци, кривини; што не воедначен, рамномерен.

▪ ***Нерамен*** *пат.*

РАМЕН – РАПАВ
ГЛА́ДКИЙ – ШЕРША́ВЫЙ

Што има рамна површина, што не е рапав.

▪ ***Рамен*** *паркет.*

Што не е рамен, мазен, или полиран.

▪ ***Рапав*** *паркет.*

РАМНОСТРАН – РАЗНОСТРАН
РАВНОСТОРО́ННИЙ – РАЗНОСТОРО́ННИЙ

Што има еднакви страни по должина.

▪ ***Рамностран*** *триаголник.*

Што има различни страни по должина.

▪ ***Разностран*** *триаголник.*

РАН – ДОЦЕН
РА́ННИЙ – ПО́ЗДНИЙ

Што се случува или настанува пред вообичаено или определено време, или на самиот почеток на тоа време кога уште не се очекува; предвремен.

Што се случува или настанува по вообичаеното или по определено време.

*Живеејќи долги години на бреговите на едно од најстарите и најубави езера во светот, Охридското Езеро, уште од **раните** па до **доцните** години на животот ги следев со посебно внимание миграциските процеси на птиците и рибите кои започнуваа и завршуваа во езерото и неговите брегови, како еден од планетарните центри на големите преселби.* Л. Старова*, Амбасади.*

РАНО – ДОЦНА
РА́НО – ПО́ЗДНО

Предвреме; пред определено време; во почетокот на некој временски период.

По определено, договорено време; на крајот од некој некој временски период.

*Но таквото негово разбирање на работите, пред сè поради кусоста на животот, си имаше своја цена која мораше, **порано** или **подоцна**, да се плати.* Д. Михајловски*, Избор;*

*Доаѓаш **доцна**, рече тој бавно. Но – и да дојдеше **порано**, додека сестра ти беше тука, ќе беше исто така лошо – ќе морав да те убијам.* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот.*

св. **РАСИПЕ(СЕ) – ПОПРАВИ(СЕ)**
СЛОМА́ТЬ(СЯ) – ПОЧИНИ́ТЬ
ИСПО́РТИТЬ(СЯ) – ПОПРА́ВИТЬ(СЯ)

1. Направи да биде неисправен; да не работи; стане неисправен; престане да работи;
2. Направи да биде лош; стане лош или полош.

1. Направи да работи; отстрани грешка, дефект; стане исправен, коректен;
2. Направи да биде добар или подобар; стане добар или подобар.

▪ ***Расипе*** *радио.*
▫ ***Расипе*** *односи.*
▫ ***Се расипа*** *човекот.*

▪ ***Поправи*** *радио.*
▫ ***Поправи*** *односи.*
▫ ***Се поправи*** *човекот.*

несв. **РАСИПУВА(СЕ) – ПОПРАВА(СЕ)**
ЛОМАТЬ(СЯ) – ЧИНИ́ТЬ
ПО́РТИТЬ(СЯ) – ПОПРАВЛЯ́ТЬ(СЯ)

1. Прави да биде неисправен; да не работи; станува неисправен; престанува да работи;

1. Прави да работи; отстранува грешка, дефект; станува исправен, коректен;
2. Прави да биде добар

2. Прави да биде лош;
станува лош или полош.

▪ ***Расипува*** *машина.*
▫ ***Расипува*** *односи.*

или подобар; станува
добар или подобар.

▪ ***Поправа*** *машина.*
▫ ***Поправа*** *односи.*

РАСКОШ – БЕДА
РО́СКОШЬ – БЕ́ДНОСТЬ/НИЩЕТА́

Изобилие; богатство;
убавина.

▪ *Живее во* ***раскош.***
▪ ***Раскошот*** *не расипува карактер.*

Крајна сиромаштија;
ништожност.

▪ *Живее во* ***беда****.*
▪ ***Бедата*** *го прави несреќен човекот.*

РАСКОШЕН – БЕДЕН
РОСКО́ШНЫЙ – БЕ́ДНЫЙ

Што се одликува со раскош,
со богатство; добар, убав
богат, сјаен.

▪ ***Раскошна*** *куќа.*
▪ ***Раскошен*** *живот.*
▫ ***Раскошна*** *убавина.*

Што се одликува со беда,
со крајна сиромаштија;
лош, сиромашен, недоволен.

▪ ***Бедни*** *услови.*
▪ ***Беден*** *живот.*
▫ ***Бедни*** *познавања.*

РАСКОШ – МИЗЕРИЈА
РО́СКОШЬ – НИЩЕТА́

Изобилие; богатство;
убавина.

▪ *Живее во* ***раскош****.*

Крајна сиромаштија;
ништожност.

▪ *Живее во* ***мизерија****.*

РАСКОШЕН – МИЗЕРЕН
РОСКО́ШНЫЙ – НИ́ЩЕНСКИЙ/БЕ́ДНЫЙ

1. Што се одликува со
раскош, со богатство;
2. Добар, убав богат,
сјаен.

▪ *Живее во* ***раскошен*** *хотел.*
▪ ***Раскошен*** *пречек.*
▫ ***Раскошен*** *јазик.*

1. Што се одликува со
мизерија, со крајна
сиромаштија; 2. Лош,
сиромашен, ништожен.

▪ *Живее во* ***мизерна*** *соба.*
▪ ***Мизерен*** *пречек.*
▫ ***Мизерно*** *знаење.*

св. **РАСПОЛОЖИ(СЕ) – ОНЕРАСПОЛОЖИ(СЕ)**
ПРИВЕСТИ́ В ХОРО́ШЕЕ НАСТРОЕ́НИЕ – ИСПО́РТИТЬ НАСТРОЕ́НИЕ
ПРИЙТИ́ В ХОРО́ШЕЕ НАСТРОЕ́НИЕ – РАССТРО́ИТЬСЯ

Направи добро расположение; стане добро расположен.

▪ *Го* ***расположи*** *со хонорарот.*
▪ ***Се расположив*** *со тебе.*

Расипе расположение; стане лошо расположен.

▪ *Го* ***онерасположи*** *со хонорарот.*
▪ ***Се онерасположи*** *од времето.*

РАСТ – ПАД
РОСТ/УВЕЛИЧЕ́НИЕ – ПАДЕ́НИЕ/УПА́ДОК

Зголемување износ, обем, количина; засилување.

▪ ***Раст*** *на производство.*
▪ ***Раст*** *на оптимизмот.*
▪ ***Раст*** *на криминалот.*

Намалување износ, обем, количина; слабеење.

▪ ***Пад*** *на производство.*
▪ ***Пад*** *на оптимизмот.*
▪ ***Пад*** *на криминалот.*

РАЦИОНА́ЛЕН – ЕМОТИ́ВЕН/ЕМОЦИОНА́ЛЕН
РАЦИОНА́ЛЬНЫЙ – ЭМОЦИОНА́ЛЬНЫЙ

Заснован на разум; насочен кон практична цел; воздржан од емоции; разумен, прибран.

▪ ***Рационална*** *постапка.*
▪ ***Рационална*** *личност.*

Заснован на чувство, на емоции; непрактичен; полн со емоции; чувствителен, неприбран.

▪ ***Емоционална*** *постапка.*
▪ ***Емоционална*** *личност.*

РАЦИОНА́ЛНО – ЕМОТИВНО/ЕМОЦИОНА́ЛНО
РАЦИОНА́ЛЬНО – ЭМОЦИОНА́ЛЬНО

На рационален начин; разумно, прибрано.

На емоционален начин; чувствително, неразумно.

Јунакот на романот е судрен ***емотивно*** *и* ***рационално*** *со светот околу себе.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Ја осудуваат заедно ситуацијата, Заре Бранковски колку што може ***емоционално*** *а Цеко Цветков колку што може* ***рационално****.* Д. Солев*, Црно огледало.*

РАЦИОНА́ЛЕН – ИРАЦИОНА́ЛЕН/НЕРАЦИОНА́ЛЕН
РАЦИОНА́ЛЬНЫЙ – НЕРАЦИОНА́ЛЬНЫЙ

Заснован на разум; насочен кон практична цел; логичен; разумен, сфатлив.	Што не е заснован на разум; непрактичен; нелогичен; несфатлив.

Враќањето кон митското мислење или создавањето на нови митски претстави во колективната свест станува... силно оружје на политиката за мобилизација на масите, при што се брише границата не само меѓу ***рационалното*** *и* ***ирационалното****, туку и меѓу она што било реалност вчера и она што е реалност денес.* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Според тоа, произлегува дека проблемот не е во постоењето на личниот интерес, туку во средствата и начините со кои тој се остварува и, во тој правец, во неговата ***рационална*** *и* ***нерационална*** *природа.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

РЕАЛЕН – НЕРЕАЛЕН/ИРЕА́ЛЕН
РЕА́ЛЬНЫЙ – НЕРЕА́ЛЬНЫЙ

Вистински; што постои; што е остварлив; опиплив.	Што не постои во реалноста; што не е остварлив.
▪ ***Реална*** *надеж.*	▪ ***Нереална*** *надеж.*

РЕАЛНОСТ – НЕРЕАЛНОСТ/ИРЕА́ЛНОСТ
РЕА́ЛЬНОСТЬ – НЕРЕА́ЛЬНОСТЬ

Она што е реално, стварно; стварност; конкретен живот.	Она што не е реално, што не постои; нестварност.

РЕАЛЕН – ИДЕА́ЛЕН
РЕА́ЛЬНЫЙ – ИДЕА́ЛЬНЫЙ

Што не е измислен; разумен; остварлив.	Што соодветствува со идеал; возвишен; одличен.

Во таа „разорна демонија на политичките митови“ се раѓа еден посебен облик на аномична свест во која се спојуваат, на неприроден начин, исконското и прагматичното, минатото и сегашноста, ***идеалното*** *со* ***реалното****.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

РЕАЛНОСТ – ИЛУ́ЗИЈА
РЕА́ЛЬНОСТЬ – ИЛЛЮ́ЗИЯ

Стварност; она што е реално; што постои; што е остварливо.

Мечта; она што се чини; што не постои во реалноста; лажно чувство.

Балзаковиот јунак, по големите разочарувања што ги доживува, се ослободува од ***илузиите*** *и се свртува кон* ***реалноста****. Ќе ни се случи ли нам тоа?* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

РЕАЛНОСТ – ИМАГИНАЦИЈА
РЕА́ЛЬНОСТЬ – ВООБРАЖЕ́НИЕ

Стварност; она што е реално; што постои; што е остварливо.

Мечта, замисла; нешто што не постои, што не е остварливо.

Тој дури и заборави дека биков не е жив, дека е само слика вешто нацртана на платното, во неговата ***имаѓинација****, којашто беше главниот алат на неговиот занает, во пијанството откачена од* ***реалноста*** *веќе го слушаше тајнежот на копитата и рикањето на силниот бојовник.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

РЕАЛНОСТ – МИТ/ЛЕГЕНДА
РЕА́ЛЬНОСТЬ – МИФ/ЛЕГЕ́НДА

Она што е реално, стварно; стварност; конкретен живот.

Невистинит расказ; измислица.

Хозе Ортега и Гасет му е наклонет на митот, па ***реалноста*** *ја смета за нешто што го урива* ***митот****, што е негова критика.* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Но нашите ***легенди*** *не можеа да постојат вон* ***реалноста****. Тие беа слеани со неа. Но за нас беше битно – дали* ***легендата*** *ќе ја мине границата на* ***реалноста****. Каде се границите на* ***легендата****, а каде е* ***реалноста****?* Л. Старова*, Амбасади.*

РЕАЛНОСТ – УТОПИЈА
РЕА́ЛЬНОСТЬ – УТО́ПИЯ

Она што е реално, стварно; стварност;

Што е резултат на фантазија; што е

конкретен живот;
остварливост.

▪ *Во **реалноста** не е сè розово.*

неостварливо;
неостварлива желба.

▪ *Комунизмот беше **утопија**.*

РЕАЛЕН – ФАНТАСТИЧЕН
РЕА́ЛЬНЫЙ – ФАНТАСТИ́ЧЕСКИЙ
ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ – ВООБРАЖА́ЕМЫЙ

Она што е реално, стварно;
стварност; нормален;
остварлив.

▪ ***Реален** проект.*
▪ ***Реална** сума.*

Што е резултат на фантазија;
натприроден; волшебен;
неостварлив.

▪ ***Фантастичен** проект.*
▪ ***Фантастична** сума*

РЕАЛНОСТ – ФАНТАЗИЈА
РЕА́ЛЬНОСТЬ – ФАНТА́СТИКА

Она што е реално,
стварно; стварност;
конкретен живот;
остварливост.

Што е резултат на
фантазија; што е
неостварливо;
неостварлива желба.

*Јас мислам дека многу останало од сето тоа што го доживував и го чувствував како дете, во години кога си многу љубопитен, кога се радуваш на сè, кога **фантазијата** е посилна од **реалноста** и кога од ситни мали нешта правиш таков богат имагинарен свет близок до сказните. Интервју.*

РЕГУЛА́РЕН – НЕРЕГУЛА́РЕН
РЕГУЛЯ́РНЫЙ/УСТАНО́ВЛЕННЫЙ – НЕРЕГУЛЯ́РНЫЙ

Редовен; прописен;
уреден; правилен; нормален.

▪ ***Регуларна** средба.*
▪ ***Регуларна** добивка.*

Нередовен; непрописен;
неуреден.

▪ ***Нерегуларна** средба.*
▪ ***Нерегуларна** добивка.*

РЕД – НЕРЕД
ПОРЯ́ДОК – БЕСПОРЯ́ДОК

Правилна, средена
состојба; имање и
почитување закони;
дисциплина.

Несредена состојба;
хаос; нарушување на
ред и закон; отсуство
на дисциплина.

Останало во толкувањето на тоа време сфаќањето дека Словените, како варвари, по својата природа биле повеќе наклонети кон ***нередот*** *отколку кон* ***редот****, повеќе рушители отколку градители, и како такви дале голем придонес и во создавањето на ханската и во градењето на Самоиловата држава.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

РЕД – АНАРХИЈА
ПОРЯ́ДОК – АНА́РХИЯ/ХА́ОС

Правилна, средена состојба; имање и почитување закони; дисциплина.	Безвластие; хаос; нарушување на ред и закон; отсуство на дисциплина.
▪ *Завладеа* ***ред****.*	▪ *Заврши* ***анархијата****.*

РЕД – БЕЗРЕДИЕ
ПОРЯ́ДОК – БЕСПОРЯ́ДОК

Правилна, средена состојба; имање и почитување закони; дисциплина.	Безвластие; хаос; неред; нарушување на ред и закони; отсуство на дисциплина.

Чудно како: ***безредие*** *со* ***ред*** *и* ***ред*** *во* ***безредие****.* М. Јовановски*, Патот до осаматa;*

И пак ***редот*** *на* ***безредието*** *продолжуваше: се умираше и се раѓаше, се скрбеше и се пееше.* С. Јаневски*, Кучешко распетие.*

РЕД – ХАОС
ПОРЯ́ДОК – ХА́ОС

1. Правилен распоред на предмети, лица; 2. Уредност; имање закони и правила; почитување на закони, правила; 3. Дисциплина.	1. Отсуство на каков било распоред на предмети, лица; 2. Неуредност; немање закони, правила; непочитување на закони, правила; 3. Збрка; отсуство на дисциплина
▪ *Постои* ***ред*** *во куќата.* ▪ *Има* ***ред*** *во сообраќајот.*	▪ *Владее* ***хаос*** *во куќата.* ▪ *Има* ***хаос*** *во сообраќајот.*

РЕДОВЕН – ВОНРЕДЕН
РЕГУЛЯ́РНЫЙ/ОБЫ́ЧНЫЙ – ВНЕОЧЕРЕДНО́Й

Што се случува по утврден ред; во одредено време; според утврдени правила; секојдневен, вообичаен, обичен; нормален.

Што се случува надвор од утврден ред; од утврдено време; без утврдени правила; несекојдневен, посебен.

▪ ***Редовен*** *лет.*
▪ ***Редовна*** *ситуација.*

▪ ***Вонреден*** *лет.*
▪ ***Вонредна*** *ситуација.*

С

САБА́ЈЛЕ *разг.* **– ПОРУЧЕК**
У́ТРОМ – ПО́СЛЕ ОБЕ́ДА/ПОСЛЕОБЕ́ДЕННОЕ ВРЕ́МЯ

Прва половина од денот; наутро.

Втора половина од денот; попладне.

Целиот овој распоред важеше за едно претпладне или попладне, па во зависност од тоа дали вежбите ги правеше ***сабајле*** *или* ***поручек****, попладне или претпладне ги вршевме веќе вообичаените тури трчање на Гази Баба, до Кале, по кејот.* Д. Михајловски*, Избор.*

САБА́ЈЛЕ *разг.* **– ВЕЧЕР**
У́ТРО – ВЕ́ЧЕР

Почеток на денот; прва половина од денот; утро што доаѓа.

Крај на денот; од зајдисонце до полноќ; вечер што доаѓа.

„Ролетни“? ... Зарем сакаш и ние да станеме како комшиите кои без чувство, секое ***сабајле*** *и секоја* ***вечер*** *со одвратна грготница ги спуштаат и ги креваат како да се сами на светo“?* Д. Михајловски*, Избор.*

несв. **САКА – НЕЈЌЕ/НЕ САКА**
ХОТЕ́ТЬ/ЛЮБИ́ТЬ – НЕ ХОТЕ́ТЬ/НЕ ЛЮБИ́ТЬ

1. Има желба; има намера; има потреба; расположен е за нешто; 2. Љуби.

1. Нема желба; нема намера; нема потреба; не е расположен за нешто; 2. Не љуби.

Така си е тоа, му велам, ако некој трча пред тебе ***сакал нејќел*** *и ти ќе држиш чекор по него, туку – што мислиш, а?* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Сакал-нејќел *и јас морав да се вклучам во една варијанта на замислен напад од Запад*. Л. Старова*, Амбасади.*

несв. **САКА – МРАЗИ**
ХОТЕ́ТЬ/ЛЮБИ́ТЬ – НЕНАВИ́ДЕТЬ

Чувствува љубов кон некого, кон нешто; има склоност, страст кон нешто, некого

Чувствува омраза кон некого; нема склоност, не поденесува нешто, некого; не трпи.

А што ќе правевме, ако не се родеа тие што ги ***сакаме****, вели Теофил, а тие што ги* ***мразиме****?* П.М. Андреевски*, Последните селани;*

Единствено знаеше дека би можела да го изневери, и тоа беше сосем доволен мотив да мисли дека ја ***мрази*** *и да заборави дека ја* ***сака****.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Филип сè уште под впечатокот на разделбата со сопствениот син. – Ќе биде sверче како мене – помислува со нежност. И ќе ме ***мрази*** *како никој што не ме мразел. Зашто оној кој се* ***сака*** *може да се омрзне најлуто.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Се повратил човек во родниот град
по многу време и мака.
што оставил еднаш тој не најде пак,
тој не најде ништо
да ***мрази*** *и* ***сака****.* Б. Конески*, Избрани дела.*

св. **ЗАСАКА(СЕ) – ЗАМРАЗИ(СЕ)**
ПОЛЮБИ́ТЬ – ВОЗНЕНАВИ́ДЕТЬ/РАЗЛЮБИ́ТЬ

Почне да сака; вљуби се.

- *Ја* ***засака*** *работата.*
- *Ја* ***засака*** *девојката.*
- ***Се засакаа*** *и не можеа еден без друг.*

Почне да мрази; почувствува омраза кон некого, кон нешто.

- *Ја* ***замрази*** *работата.*
- *Ја* ***замрази*** *девојката.*
- *Престанаа да се сакаат, дури* ***се замразија****.*

несв. **ОБОЖАВА – МРАЗИ**
ОБОЖА́ТЬ – НЕНАВИ́ДЕТЬ

Сака премногу некого или нешто; има склоност, страст кон нешто, некого.

▪ *Го* ***обожавам*** *Чехов.*
▪ ***Обожавам*** *лубеница.*

Чувствува омраза кон некого; нема склоност, не поднесува нешто, некого; не трпи.

▪ *Ја* ***мразам*** *учителката.*
▪ ***Мразам*** *да пешачам.*

САМОГЛАСКА – СОГЛАСКА *лингв.*
ГЛА́СНЫЙ – СОГЛА́СНЫЙ

Глас што се образува со помалку шум во усната празнина од согласките; буква што го означува тој глас; вокал.

Глас што се образува со шум поради триење на воздухот меѓу преградите во говорните органи или со експлозија при отворање на затворени говорни органи; буква што го означува тој глас консонант.

Не вредеше да се должи со другарот Петар Иваз. А и тој си го имаше однапред измерено бројот на зборовите! Дури и ***согласките*** *и* ***самогласките****.* Л. Старова*, Амбасади.*

САМОСТОЕН – ЗАВИСЕН
САМОСТОЯ́ТЕЛЬНЫЙ – ЗАВИ́СИМЫЙ

Што постои сам за себе; независен; што се врши со сопствени сили, без туѓа помош; слободен.

▪ ***Самостојна*** *држава.*

Што зависи од некого, од од нешто; потчинет на туѓа власт, на туѓа волја; што не е слободен.

▪ ***Зависна*** *држава.*

СВЕЖ – БАЈАТ *разг.*
СВЕ́ЖИЙ – НЕСВЕ́ЖИЙ/ЧЁРСТВЫЙ

Неодамна произведен или подготвен; што не е застарен; скорашен, нов.

▪ ***Свежа*** *риба.*
▪ ***Свежа*** *вест.*

Што е застојан, стар; што не е свеж; што е застарен; одамнешен, стар.

▪ ***Бајата*** *риба.*
▪ ***Бајата*** *вест.*

СВЕСЕН – НЕСВЕСЕН
СОЗНА́ТЕЛЬНЫЙ – НЕСОЗНА́ТЕЛЬНЫЙ
ОБДУ́МАННЫЙ – НЕОСО́ЗНАННЫЙ

Што има свест; што може оценува правилно; што го разбира светот околу себе; направен со размислување; намерен.

Што нема свест; што не може да оценува правилно; што не го разбира светот околу себе; направен без размислување; ненамерен.

...„Кажете ми човек, жив или мртов што нема своја приказна... Овде се родил онде се родил, вака растел онака растел, ***несвесен*** *се вљубил* ***свесен*** *се одљубил, млад се женел стар се женел не се женел, болен бил не бил болен, пред умирање кажал нешто не кажал ништо, умирал бавно умирал брзо и точка*. Д. Михајловски, *Избор.*

СВЕСНО – НЕСВЕСНО
СОЗНА́ТЕЛЬНО – НЕСОЗНА́ТЕЛЬНО/НЕОСО́ЗНАННО

На свесен начин; намерно.

На несвесен начин; ненамерно.

Можеби ***несвесно****, можеби* ***свесно****, јас сега не можам точно да кажам, тој почна на мене да гледа како на некој створ пратен од бога да му помогне во остварувањето на неговите амбиции.* Д. Михајловски, *Избор;*

Додека трае мајкината грижа за своето чедо без оглед на годините, размислував завршувајќи со читањето на писмото, тоа ***свесно*** *или* ***несвесно*** *ги живее најубавите, најбезгрижните години во животот, животот добива поголема смисла...* Л. Старова, *Амбасади;*

Но јас не собрав храброст за тоа и затоа, повеќе ***несвесно*** *одошто* ***свесно****, страхував дека онаа ноќ цел на посетата на покојната би можел да бидам и јас.* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

СВЕТЛИНА – ТЕМНИНА/ТЕМНИЦА
СВЕТ – ТЕМНОТА́

1. Светлинска енергија што што го прави видлив светот околу нас; 2. Осветлено место; време кога има светлина.

1. Отсуство на светлина; темница; што го прави невидлив светот околу нас; 2. Неосветлено место; време кога нема светлина.

Тоа приказна во која Икар, митскиот летач во височините, ќе се обиде да го допре сонцето, но наместо ***светлината****, ќе падне*

...во бездната на ***темнината****, губејќи ги своите восочни крилја стопени од прејакото сонце...*Т. Ширилов*, Тимотеј и Лидија;*

Не дека не ја сакаше ***темницата*** *повеќе од* ***светлината****, туку затоа што оваа нова, вознемирена* ***темница*** *на ноќта, му вештуваше друга, поинаква, постварна, посветла* ***светлина*** *која, со сета решеност одлучи да ја стигне.* Д. Михајловски*, Избор;*

Затоа ти велам појправај се сега дури си во ***светлина*** *да не мораш да го правиш истото во вечна* ***темница*** *и на вечни маки.* Д. Михајловски*, Избор.*

СВЕТОЛ – ТЕМЕН
СВЕ́ТЛЫЙ – ТЁМНЫЙ

1. Добро осветлен; јасен; без облаци, без магла, ведар; 2. Што има отворена боја.

▪ ***Светол*** *ден.*

▪ ***Светла*** *блуза.*

1. Слабо осветлен; мрачен; 2. Што има затворена боја;

▪ ***Темен*** *ден.*

▪ ***Темна*** *маица.*

СВЕТЛИНА – МРАК
СВЕТ – МРАК

1. Светлинска енергија што што го прави видлив светот околу нас; 2. Осветлено место; 3. Време кога има светлина.

1. Отсуство на светлина; темница; што го прави невидлив светот околу нас; 2. Неосветлено место; 3. Време кога нема светлина.

Господе, си мислам, значи над букиве има видело, ***светлина****. Значи* ***мракот*** *е само над луѓето, до кај што држат буките.* П.М. Андреевски*, Пиреј;*

Како низ некој бескраен тунел од кој постојано измолкнува и пак заоѓа, така нему му се прикажуваше тој чудесен вител на ***светлината*** *и* ***мракот*** *по тој долг пат низ Америка*. Х. Крстевски*, Раскази од Равен.*

СВЕТОЛ – МРАЧЕН
СВЕ́ТЛЫЙ – МРА́ЧНЫЙ

1. Добро осветлен; јасен; 2. Радосен, пријатен, убав.

▪ ***Светла*** *соба.*

▫ ***Светло*** *лице.*

1. Слабо осветлен; темен; 2. Лошо расположен; мачен, тежок.

▪ ***Мрачна*** *соба.*

▫ ***Мрачно*** *лице.*

СВЕТОВЕН – ДУХОВЕН
МИРСКО́Й – ДУХО́ВНЫЙ

Што не е духовен; што не се однесува на религија; секуларен.

▪ ***Световен*** *празник.*

Црковен; што се однесува на духовништвото.

▪ ***Духовен*** *празник.*

СВЕТОВЕН – ЦРКОВЕН
СВЕ́ТСКИЙ – ЦЕРКО́ВНЫЙ

Што не е духовен; што не се однесува на религија; секуларен.

Духовен; што се онесува на духовништвото; на црквата.

На католичките свештеници не им е дозволено да се занимаваат со новинарство и да соработуваат со ***световни*** *весници без дозвола на* ***црковната*** *власт.* Т. Груевски, *Историја на новинарството.*

СВИТЛИВ – КРТ
ЭЛАСТИ́ЧНЫЙ/ГИ́БКИЙ – ЛО́МКИЙ/ЖЁСТКИЙ

Што може да се витка, еластичен.

▪ ***Свитлива*** *пластика.*

Што не е свитлив; што се крши лесно.

▪ ***Крта*** *пластика.*

СВОЈ – ТУЃ
СВОЙ – ЧУЖО́Й

Сопствен, роден, близок; домашен.

Што припаѓа на друг; странски.

Одамна ме мачеше прашањето на враќање од светот во кореното, од талкањето во спокојот, од ***туѓи*** *зборови во* ***свои****, од животот на другите во својот сопствен.* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос;*

Кој се радува на ***туѓата*** *несреќа, ќе плаче на* ***својата****.* *Посл.*

СВОЈ – ТУЃИНЕЦ
СВОЙ – ЧУЖО́Й

Сопствен, роден, близок; познат; домашен.

▪ *Ги дочекав* ***своите****.*

Што е од друго место; од странска земја; далечен, непознат.

▪ *Тука не доаѓаат* ***туѓинци****.*

СÈ – НИШТО
ВСЁ – НИЧТÓ

1. Целото што го има; сите нешта; во полн состав, без исклучок; 2. За некој што има многу важна функција, што решава многу работи.

1. Ни еден предмет, ни една појава, ни едно дело; 2. За некој што не значи ништо, што не решава ништо, што нема никаква функција.

„Што мислите, колеѓи, што ќе стане со нашите просветителски идеи среде фаталистичката филозофија на Истокот во која човекот е ***ништо*** *а силата е* ***сè****“?* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Така Варвара, како да се врати на почетокот, кога човек нема ***ништо****, а сака речиси* ***сè****.* П.М. Андреевски*, Последните селани;*

Милан, да беше во состојба да оди понатаму, докрај, да ја имаше таа храброст, ќе видеше дека таа кревкост што сакала да се искаже низ плач, од него бара ***сè*** *или* ***ништо***. М. Јовановски*, Патот до осамата.*

СЕВЕР – ЈУГ
СÉВЕР – ЮГ

Страна на светот и насока спротивна на југ; земја или предел на таа страна; народ што живее на таа страна; место или предел со ладна клима.

Страна на светот и насока спротивна на север; земја или предел на таа страна; народ што живее на таа страна; место или предел со топла клима.

„По цел ден врне, птиците се селат на ***север****, на летување никој не оди на* ***југ****, сите возат лево место десно“.* Д. Михајловски*, Избор;*

Западните ѓи испраќаа на исток, источните на запад, јужните на ***север****, а северните на* ***југ****.* Х. Крстевски*, Раскази од Равен.*

СЕВЕРЕН – ЈУЖЕН
СÉВЕРНЫЙ – ЮЖНЫЙ

Што се наоѓа на север; што доаѓа од север; што се однесува на север.

Што се наоѓа на југ; што доаѓа од југ; што се однесува на југ.

Сите тие денови, сите тие лоши, зимски денови, колку да беше времето проклето, секогаш дали дуваше ***северен****, мразовен ветар*

*или паѓаше голем, црн снег, **јужен**, Кајтеновиот син се крадеше од домските простории и седно со своето дрво се прикриваше, во некоја дупка, во некоја темница.* Ж. Чинго, *Големата вода;*

*Западните ги испраќаа на исток, источните на запад, **јужните** на север, а **северните** на југ.* Х. Крстевски, *Раскази од Равен.*

СЕВЕРНО – ЈУЖНО
НА СЕ́ВЕРЕ – НА Ю́ГЕ

На север, на северна страна.

На југ, на јужна страна.

▪ *Се наоѓам **северно** од Скопје.*

▪ ***Јужно** од Скопје е Охрид.*

СЕГА – ПОСЛЕ/ПОТОА
СЕЙЧА́С – ПОТО́М

Во овој час; во ова време; во овој миг.

По некое време, не сега; подоцна.

▪ ***Сега** ќе дојдам.*

▪ ***После** ќе ти кажам.*

СЕГА – УТРЕ
НЫ́НЧЕ – ЗА́ВТРА

Во ова време; во денешно време.

Во иднина.

▪ ***Сега** се шетаме многу.*

▪ ***Утре**, кога ќе пораснат децата,не знам како ќе биде.*

СЕГАШЕН – ИДЕН
НАСТОЯ́ЩИЙ – БУ́ДУЩИЙ

Што се однесува на времето на зборување; што постои сега; денешен.

Што следува по сегашниот, нареден, претстоен.

*Другите рибарот веќе ги беше дал под рака, така што најнеугледните од нив се најдоа на излогот – на показ и приказ под погледите на некогашните, **сегашните** и **идните** познавачи на рибата.* Д. Солев, *Црно огледало;*

*Познато е дека националната стратегија се гради трпеливо и со ангажирање на интелектуалниот потенцијал кој подолгорочно треба да ги прави **сегашните** и **идните** анализи.* Ј. Корубин, *Аномично општество.*

СЕГАШНОСТ – ИДНИНА
НАСТОЯ́ЩЕЕ – БУ́ДУЩЕЕ

Време и настани што се случуваат денес.	Време и настани што што следуваат по сегашноста.

*...„правед̀но“ оп̀шт̀ество на рамноправни луѓе, оп̀шт̀ество со кое т̀ие луѓе сами ќе уп̀равуваат, свест̀ на една димензија, една зададена ист̀орија, **сег̀ашност̀** и **иднина** – на идеолог̀ија која искл̀учуваше секакво п̀оинакво мислење...* Ј. Корубин, *Аномично оп̀шт̀ество;*

*... Алимп̀ие г̀и сог̀ледуваше сип̀е земни п̀ојави и личност̀и низ временската димензија, а п̀ак т̀оа за нег̀о беше ист̀ор̀ијата сфат̀ена како колект̀ивна живејачка на нег̀овиот̀ народ и пр̀ет̀ставена на дијаг̀рамот̀ на минат̀ото, **сег̀ашност̀а** и **иднинат̀а**.* З. Ковачевски, *Ар̀ист̀отел од Ресен.*

СЕКАДЕ/СЕГДЕ – НИКАДЕ/НИГДЕ
ВЕЗДЕ́ – НИГДЕ́

На сите места; на сите страни.	На ниедно место; на ниедна страна.

*Уш̀т̀е не е фат̀ен, вели п̀оп̀от̀ не п̀овлекувајќи г̀о ѝрвенилот̀о од лицет̀о. Т̀ие г̀о г̀ледаат **секаде**, вели, а нег̀о **ниг̀де** г̀о нема.* П.М. Андреевски, *Последнѝт̀е селани;*

*И Цеко Цвет̀ков, ког̀о никог̀аш никој и **никаде** не г̀о канел, оди **секаде** каде ш̀т̀о ќе г̀о п̀овикаат.* Д. Солев, *Црно оглед̀ало;*

*Пренесувајќи г̀и мислит̀е и зборовит̀е на луѓет̀о пр̀ет̀очени во новинарски т̀екст̀, на младиот̀ чит̀ат̀ел му овозможуваат „нечуеното да г̀о чуе, невиденото да г̀о види, да биде **сег̀де** а **никаде** да не замине.* Т. Груевски, *Ист̀ор̀ијата на новинарст̀вот̀о.*

СЕКОГАШ – НИКОГАШ
ВСЕГДА́ – НИКОГДА́

Во секое време, во секоја доба; во секоја прилика.	Во никое време; во ниедна прилика.

*Вкусноп̀от̀о јадење **никог̀аш** не се заборава, си мисли Алексо Жешков, **секог̀аш** ќе т̀и г̀о памет̀и уст̀ата.* П.М. Андреевски, *Последнѝт̀е селани.*

СЕКОЈ – НИКОЈ
ВСЯ́КИЙ/ЛЮБО́Й/КА́ЖДЫЙ – НИКТО́

Секој поединец; кој било без исклучок.

▪ ***Секој*** *знае за не̄го.*

Ни еден човек.

▪ ***Никој*** *не ̄го знае.*

СЕРИО́ЗЕН – НЕСЕРИО́ЗЕН
СЕРЬЁЗНЫЙ – НЕСЕРЬЁЗНЫЙ

Што мисли длабоко; важен и суштествен по содржина.

▪ ***Сериозен*** *човек.*

Што не мисли длабоко; лекомислен.

▪ ***Несериозен*** *̄предло̄г.*

СЕРИО́ЗНО – НЕСЕРИО́ЗНО
СЕРЬЁЗНО – НЕСЕРЬЁЗНО

На сериозен начин.

▪ ***Сериозно*** *се однесува.*

На несериозен начин; лекомислено.

▪ ***Несериозно*** *се однесува.*

СЕРИО́ЗНО – НА ШЕГА
ВСЕРЬЁЗ – В ШУ́ТКУ

На сериозен начин.

▪ ***Сериозно*** *ме сфа̄ти.*

На шеговит начин.

▪ ***На ше̄га*** *му ̄предложив.*

св. **СЕТИ СЕ – ЗАБОРАВИ**
ВСПО́МНИТЬ – ЗАБЫ́ТЬ

Возобнови во својата памет; врати меморија.

▪ ***Се се̄тив*** *на наслово̄т.*

Испушти од памет.

▪ *Му ̄го* ***заборавив*** *лице̄то.*

несв. **СЕ́ЌАВА СЕ – ЗАБОРАВА**
ВСПОМИНА́ТЬ – ЗАБЫВА́ТЬ

Возобновува во својата памет; враќа меморија.

▪ ***Се се́ќавам*** *на ̄тие денови.*

Испушта од памет; престанува да памти.

▪ ***Заборавам*** *да ја̄дам.*

СЕЧИЈ – НИЧИЈ
О́БЩИЙ/ПРИНАДЛЕЖА́ЩИЙ КА́ЖДОМУ – НИЧЕ́Й

Што му припаѓа секому.

Што не му припаѓа никому.

Во пазарната економија се влезе со егалитарна и самоуправна психологија, психологија на тоа дека, не само што сè е ***сечие*** *и* ***ничие****, туку дека тоа* ***сечие*** *и* ***ничие*** *може да биде присвоено од позицијата на власт.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

СИГУРЕН – НЕСИГУРЕН
УВЕ́РЕННЫЙ – НЕУВЕ́РЕННЫЙ
НАДЁЖНЫЙ – НЕНАДЁЖНЫЙ

1. Што не се колеба; 2. Што не се сомнева во себе; 3. Што влева доверба**.**

▪ ***Сигурен*** *сум дека го видов.*

1. Што се колеба; 2. Што се сомнева во себе; 3. Што не влева доверба.

▪ ***Несигурен*** *е тој, замоли некој друг.*

СИГУРНОСТ – НЕСИГУРНОСТ
УВЕ́РЕННОСТЬ – НЕУВЕ́РЕННОСТЬ
НАДЁЖНОСТЬ – НЕНАДЁЖНОСТЬ

Состојба, особина на оној што е сигурен; на она што е сигурно; безбедност.

▪ *Овде* ***сигурноста*** *ти е загарантирана.*

Состојба, особина на оној што несигурен; на она што е несигурно; небезбедност.

▪ *Зборува со* ***несигурност****.*

СИЛА – СЛАБОСТ
СИ́ЛА – СЛА́БОСТЬ

1. Јачина, интензитет на изразување на нешто; физичка снага на човекот и на животните; 2. Духовна моќ на човекот; 3. Волја.

▪ *Има* ***сила*** *да шета.*
▪ *Немам* ***сила*** *да те слушам.*

1. Недостиг на физичка сила, енергија; 2. Духовна немоќ на човекот; 3. Отсуство на волја.

▪ *Чувствува* ***слабост*** *во нозете.*
▪ *Чувствува духовна* ***слабост****.*

*Не покажувам **слабост**, туку **сила**. Се држам како вистински маж.* В. Костов, *Нов ум.*

СИЛЕН – СЛАБ
СИ́ЛЬНЫЙ – СЛА́БЫЙ

Физички и духовно јак; цврст, постојан; стабилен, непоколеблив.	Што има мала физичка сила; што нема јако тело; нестабилен, колеблив.

*Тој е **слаб** – си рече поетот со сожалување и покровителско чувство – а се зафатил со дело што не можеле да го понесат и далеку **посилни** плеќи.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен;*

*Едно време толку многу ме занесе што моравме да помислиме, – сигурно тој беше некој старински човек, божем во старо време малите луѓе биле големи, **слабите најсилни**, секако се преторувале, – навистина така било во старо време, – сосема ја оставивме играта и се загледавме во него сиромашкиот, – како деца проклето кога ќе се загледаат во нешто.* Ж. Чинго, *Накусо;*

*Треба така да го одмериш ударот, да одговара на душата на трупецот. Да не биде ни многу **силен**, зашто тогаш чивијата, сеедно колку цврсто ја држиш, ќе летне наземи, ни премногу **слаб**, зашто тогаш пак ништо не си направил.* З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен.*

СИЛНО – СЛАБО
СИ́ЛЬНО – СЛА́БО

Со голема сила; јако.	Со мала сила; малку, недоволно.
▪ ***Силно** викаат.*	▪ ***Слабо** се слуша.*

СИМПАТИЧЕН – АНТИПАТИЧЕН
СИМПАТИ́ЧНЫЙ – НЕСИМПАТИ́ЧНЫЙ

Што предизвикува симпатија; привлечен.	Што предизвикува антипатија; одвратен, одбивен.
▪ ***Симпатичен** човек.*	▪ ***Антипатичен** човек.*

СИМПАТИЈА – АНТИПАТИЈА
СИМПА́ТИЯ – АНТИПА́ТИЯ

Чувство на привлечност кон некого.	Чувство на одбивност кон некого; одвратност.

▪ *Чувствува* ***симпатија*** *кон Ана.*

▪ *Имам* ***антипатија*** *кон него.*

СИНГУЛАР – ПЛУРАЛ *грам.*
ЕДИ́НСТВЕННОЕ ЧИСЛО́ – МНО́ЖЕСТВЕННОЕ ЧИСЛО́

Граматичка форма на зборот за означување еден предмет, еден поим, едно лице; еднина.

Граматичка форма на зборот што означува повеќе од еден предмет, еден поим, повеќе од едно лице; множина.

СИТ – ГЛАДЕН
СЫ́ТЫЙ – ГОЛО́ДНЫЙ

1. Што го задоволил гладот; што е доволно нахранет; што има доволно; богат;
2. Што го има, што е во преголема мера.

1. Што чувствува глад; што изразува глад; што е сиромав;
2. Желен; што чувствува недостиг од нешто, потреба, за нешто.

Сит гладен *не верува. Посл.*

СИТОСТ – ГЛАД
СЫ́ТОСТЬ – ГО́ЛОД

Состојба на оној што е сит; презаситеност.

Состојба на оној што е гладен; потреба за нешто.

▪ ***Ситоста*** *го прави човекот нечувствителен.*

▪ *Постојано чувствувам* ***глад.***

СИТЕ – НИКОЈ/НИЕДЕН
ВСЕ – НИКТО́

Во полн состав, без исклучок; целото што го има; комплет.

Ни еден човек; ни едно нешто.

Ако мајката, си реков, навистина дошла, тогаш таа секако не дошла да се соочи со ***сите*** *нас, туку со* ***никого*** *од нас.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Сите *траги од волкот влегуваат во куќата, велеа, а* ***ниедна*** *не излегува.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

СКЛАДЕН – НЕСКЛАДЕН
ГАРМОНИ́ЧНЫЙ – ДИСГАРМОНИ́ЧНЫЙ

Правилно распореден; пропорционално граден; добро составен; воедначен; хармоничен; што одговара на нешто.

▪ ***Складно*** *пеење.*
▪ ***Складно*** *тело.*

Неправилно распореден; непропорционално граден; лошо составен; невоедначен; дисхармоничен; што не одговара на нешто.

▪ ***Нескладно*** *пеење.*
▪ ***Нескладно*** *тело.*

СКЛАДНОСТ – НЕСКЛАДНОСТ
ГАРМОНИ́ЧНОСТЬ – ДИСГАРМО́НИЯ

Хармоничност.

▪ *Зборува во* ***складност*** *со темата.*

Дисхармоничност.

▪ ***Нескладност*** *во пеењето.*

св. СКЛОПИ – РАСКЛОПИ
СОБРА́ТЬ – РАЗОБРА́ТЬ

1. Создаде, востанови, составувајќи одделни делови; монтира; спои; здипли; 2. Затвори.

▪ *Го* ***склопи*** *моторот.*
▪ *Ги* ***склопи*** *очите.*

1. Раздели на делови; демонтира; раздипли; 2. Отвори.

▪ *Го* ***расклопи*** *моторот.*
▪ *Ја* ***расклопи*** *мајата.*

несв. СКЛОПУВА – РАСКЛОПУВА
СОБИРА́ТЬ – РАЗБИРА́ТЬ

1. Создава, востановува нешто, составувајќи одделни делови; монтира; спојува; дипли; 2. Затвора.

1. Разделува на делови; демонтира; раздиплува; 2. Отвора.

▪ *Цел ден* ***склопува расклопува*** *машини. Тоа му е работа.*

св. **СКЛУЧИ – РАСКИНЕ**
ЗАКЛЮЧИ́ТЬ – РАСТО́РГНУТЬ

Прифати, потпише (договор, пакт).

▪ ***Склучија*** *до̄говор.*

Прекине дејство (на договор, пакт).

▪ *Го* ***раскинаа*** *до̄говоро̄т.*

несв. **СКЛУЧУВА – РАСКИНУВА**
ЗАКЛЮЧА́ТЬ – РАСТОРГА́ТЬ

Прифаќа, потпишува (договор, пакт).

▪ ***Склучуваа̄т*** *мировни до̄говори.*

Прекинува дејство (на договор, пакт).

▪ ***Раскинуваа̄т*** *мировни до̄говори.*

СКОК – ПАД
СКАЧО́К – ПАДЕ́НИЕ

Нагло зголемување, кревање; брз успех.

▪ *Фирма̄та бележи* ***скок*** *во про̄изводство̄то.*

Спуштање, намалување; пропаст; неуспех.

▪ *Има* ***па̄д*** *на про̄дажба̄та.*

СКРОМЕН – АРОГА́НТЕН
СКРО́МНЫЙ/СДЕ́РЖАННЫЙ – НАДМЕ́ННЫЙ/НА́ГЛЫЙ

Повлечен, срамежлив; воздржан; невообразен.

▪ ***Скромен*** *однос.*

Надуен; груб; горд; вообразен, безобразен.

▪ ***Аро̄га̄нте̄н*** *однос.*

СКРОМНОСТ – АРОГАНЦИЈА/АРОГА́НТНОСТ
СКРО́МНОСТЬ/СДЕ́РЖАННОСТЬ – НАДМЕ́ННОСТЬ/НА́ГЛОСТЬ

Невообразеност; воздржаност; срамежливост.

▪ *Ми се до̄па́ѓа* ***скромноста̄*** *кај лу́ѓе̄то.*

Надуеност; гордост; безобразност.

▪ *Не тр̄пи* ***аро̄ганција****.*

СКРОМЕН – НЕСКРОМЕН
СКРО́МНЫЙ – НЕСКРО́МНЫЙ

Оној што не ги истакнува своите квалитети, заслуги;

Лишен од скромност; неумерен во своите

повлечен; воздржан;
умерен во своите барања;

▪ ***Скромно*** *облекување.*

барања.

▪ ***Нескромни*** *желби.*

СКРОМНО – НЕСКРОМНО
СКРО́МНО – НЕСКРО́МНО

На скромен начин;
умерено, повлечено.

▪ *Се облекува* ***скромно****.*

На нескромен начин;
неумерено.

▪ *Се однесува* ***нескромно****.*

СКРОМНОСТ – НЕСКРОМНОСТ
СКРО́МНОСТЬ – НЕСКРО́МНОСТЬ

Особина на оној што е скромен, на она што е скромно.

▪ *Големӣте лу́ѓе се одликуваа̄т со* ***скромно̄ст****.*

Особина на оној што е нескромен, на она што е нескромно.

▪ ***Нескромно̄ста*** *е карак̄терӣстӣка на несӣгурнӣте лу́ѓе.*

СЛАВЕН – АНОНИ́МЕН
СЛА́ВНЫЙ – АНОНИ́МНЫЙ
ИЗВЕ́СТНЫЙ – НЕИЗВЕ́СТНЫЙ

Општопознат; знаменит.

▪ ***Славна*** *лично̄ст.*

Непознат.

▪ ***Анонимен*** *пӣсате̄л.*

СЛАДОК – ГОРЧЛИВ
СЛА́ДКИЙ – ГО́РЬКИЙ

1. Што има вкус на мед, шеќер; 2. Пријатен, убав; исполнет со задоволство.

▪ ***Сла̄тко*** *кафе.*
▫ ***Сладок*** *живо̄т.*

1. Што има непријатен вкус на пелин, на кинин; 2. Тежок, мачен.

▪ ***Горчливо*** *кафе.*
▫ ***Горчливо*** *искуство.*

СЛАДОК – КИСЕЛ
СЛА́ДКИЙ – КИ́СЛЫЙ

Што има вкус на мед, шеќер.

▪ ***Слатко*** *овошје.*

Што има вкус на лимон, на оцет.

▪ ***Кисело*** *овошје.*

СЛЕАНО – ОДДЕЛНО/РАЗДЕЛНО
СЛИ́ТНО – РАЗДЕ́ЛЬНО

Заедно, без пауза; без цртичка.

▪ ***Слеано*** *се пишува зборот 'полкило'.*

Изделено, посебно.

▪ ***Одделно*** *се пишува 'мајка ми'.*

СЛИЧЕН – РАЗЛИЧЕН
ПОДО́БНЫЙ – РАЗЛИ́ЧНЫЙ

Што личи на некого, на нешто; што има заеднички црти, особини со некого или со нешто.

Што не личи на некого, на нешто; што има поинакви црти, особини од некого или од нешто.

Во нив, браќе, ти имаше изобилство животен оптимизам, секој ден живееја со надеж за утрешниот ден, и, така, со бескраен оптимизам кон животот. Ете каква човечка особина ги красеше нашите херои. Такви какви што си беа, ***различни*** *и* ***слични****, дури исти.* Ж. Чинго*, Накусо.*

СЛИЧНОСТ – РАЗЛИКА
СХО́ДСТВО – РАЗЛИ́ЧИЕ

Својства, црти на лицата и предметите што ги прави слични.

Својства, црти на лицата и предметите што ги прави различни.

Сега, кога не беа заедно, се гледаа повеќе нивните ***разлики*** *одошто нивните* ***сличности****. Не само надворешни, што беа видливи за секој што ќе ги погледнеше еден покрај друг, туку и внатрешни, што не беа уочливи додека човек не ги запознае подобро.* Д. Солев*, Мртва трка;*

Но и покрај ***сличностите*** *и допирните точки помеѓу слободата на движење на лица и слободата на движење на услуги, постои и суштинска* ***разлика****.* Т. Бендевски*, Право на Европска унија.*

СЛОБОДЕН – ПОТЧИНЕТ
СВОБО́ДНЫЙ – ПОДЧИНЁННЫЙ/ЗАВИ́СИМЫЙ

Што ужива слобода; што не е во ропство; што не зависи од туѓа волја.

▪ ***Слободен*** *народ.*

Што не е слободен; што е под туѓа власт; што зависи од туѓа волја.

▪ ***Потчинет*** *народ.*

СЛОБОДЕН – ЗАВИСЕН
СВОБО́ДНЫЙ – ЗАВИ́СИМЫЙ

Што ужива слобода; што не е во ропство; што не зависи од туѓа волја.

▪ ***Слободен*** *човек.*

Што не е слободен; што е под туѓа власт; што зависи од туѓа волја.

▪ ***Зависен*** *човек.*

СЛОБОДЕН – ЗАФАТЕН
СВОБО́ДНЫЙ – ЗА́НЯТЫЙ

Што не е зафатен; што не е пополнет; што нема работа.

▪ ***Слободна*** *маса.*

Што не е слободен; што е пополнет; што има работа.

▪ ***Зафатена*** *маса.*

СЛОБОДЕН – ТЕСЕН
СВОБО́ДНЫЙ – ТЕ́СНЫЙ/У́ЗКИЙ

Што не е тесен; широк, просторен.

▪ ***Слободен*** *фустан.*

Недоволен, мал по површина; мал по ширина; припиен.

▪ ***Тесен*** *фустан.*

СЛОГА – НЕСЛОГА
СОГЛА́СИЕ – НЕСОГЛА́СИЕ
ЕДИНОДУ́ШИЕ – РАЗНОГЛА́СИЕ

Меѓусебно разбирање; хармонија.

▪ *Во колективот има* ***слоѓа****.*

Отсуство на слога; меѓусебно неразбирање. дисхармонија.

▪ *Коѓа има* ***неслоѓа*** *работата не оди.*

несв. **СЛОЖУВА СЕ – ПРОТИВИ СЕ**
СОГЛАША́ТЬСЯ – ВОЗРАЖА́ТЬ

Дава согласност; дава потврден одговор.

Не се согласува; не дава потврден одговор.

▪ *Сите* ***се сложуваат*** *со идејата. Само еден* ***се спротиви****.*

СЛУЖБЕН – ПРИВАТЕН
СЛУЖЕ́БНЫЙ/ДЕЛОВО́Й – ЧА́СТНЫЙ

Што се однесува на службата; што се врши по должност, официјално.

Што се однесува на личниот живот; што се врши лично, неофицијално.

▪ ***Службени*** *односи.*

▪ ***Приватен*** *живот.*

СЛУЖБЕНО – ПРИВАТНО
СЛУЖЕ́БНО – ЧА́СТНЫМ О́БРАЗОМ

На службен начин; по должност; официјално.

На лична основа; неофицијално.

▪ *Патувам* ***службено****.*

▪ *Дојдов* ***приватно****.*

несв. **СМЕЕ СЕ – ПЛАЧЕ**
СМЕЯ́ТЬСЯ – ПЛА́КАТЬ

Изразува задоволство и радост со усни (на глас или тивко).

Изразува тага, болка со солзи (на глас или тивко).

Го гледавме и не знаевме што да правиме. Дали да ***се смееме*** *или да* ***плачеме****, дали да му се воодушевуваме или да го жалиме.* Д. Михајловски*, Избор;*

Плачеш *или* ***се смееш****, го праша возачот. Под носот на Гошета лазеше мува и тоа токму меѓу насмеаниот и расплаканиот дел на устата.* П.М. Андреевски*, Последните селани;*

Проклет да бидам, јас пеев, ***плачев****,* ***се смеев****, лазев, летав, паѓав, умирав, оживував, голтав вода, тонев, се губев.* Ж. Чинго*, Големата вода.*

СМЕЕЊЕ – ПЛАЧЕЊЕ
СМЕХ – ПЛАЧ

Состојба на радост, на задоволство; радување.

Состојба на тага, болка; жалење.

*Којзнае што е за **смеење**, вели Цара Петревска, никогаш не си на сигурно. Оти и за **смеење** треба да ја зинеш устата, и за **плачење** треба да ја зинеш. И сè што прават луѓето е и за **смеење** и за **плачење**.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*Понекогаш бевме и за **плачење** и за **смеење**, се случуваше во едно котле да надробиме млеко, а после Борис чинеше врти врти со дрвената лажица внатре и туку вели, овој залак е од мојот леб, овој од твојот!* Т. Георгиевски, *Земјата на Христос.*

СМЕЛ – НЕСМЕЛ
СМЕ́ЛЫЙ – НЕСМЕ́ЛЫЙ/НЕУВЕ́РЕННЫЙ

Што не се плаши; решителен; сигурен.

▪ ***Смела** одлука.*

Што се плаши; нерешителен; несигурен.

▪ ***Несмел** чекор.*

СМЕЛ – ПЛАШЛИВ
СМЕ́ЛЫЙ – НЕСМЕ́ЛЫЙ/РО́БКИЙ

Што не се плаши; решителен.

▪ ***Смел** настај.*

Што се плаши; нерешителен.

▪ ***Плашлив** настај.*

СМЕЛО – ПЛАШЛИВО
СМЕ́ЛО – НЕСМЕ́ЛО/РО́БКО

На смел начин; храбро, решително.

▪ ***Смело** реагира.*

На плашлив начин; нерешително.

▪ ***Плашливо** одговара.*

СМИРЕН – ВОЗБУДЕН
СМИ́РНЫЙ/СПОКО́ЙНЫЙ – ВЗВОЛНО́ВАННЫЙ

Спокоен, тивок; што владее со себе.

Неспокоен, нервозен; немирен.

Ѓорѓија Крпач викан Крпачо, речиси за нула време, од типично ***смирен*** *заљубеник во деноќ, стана* ***возбуден*** *чекач на ноќта.* Д. Михајловски*, Избор.*

СМИРЕН – НЕРВОЗЕН
СМИ́РНЫЙ/ТИ́ХИЙ – НЕ́РВНЫЙ/РАЗДРАЖЁННЫЙ

Спокоен, тивок; што владее со себе.

▪ ***Смирена*** *реакција.*

Неспокоен, немирен; што се раздразнува лесно.

▪ ***Нервозна*** *реакција.*

СМИСЛА – БЕСМИСЛИЦА
СМЫСЛ – БЕССМЫ́СЛИЦА

Внатрешна содржина, значење на нешто што се постига со разум; цел, разумна поткрепа.

Нешто неразумно; што нема разумна поткрепа, цел; глупост.

Виде како немањето ***смисла*** *во она што го прави го води во целосна* ***бесмисла****. Затоа два месеци исчезна од културниот живот на градот.* Д. Михајловски*, Избор.*

СМРТЕН – БЕСМРТЕН
СМЕ́РТНЫЙ – БЕССМЕ́РТНЫЙ

Што е подвргнат на смрт според природата; што мора да умре некогаш.

Што не умира, вечен; славен, незаборавен.

... Цеко Цеков не ќе сака да биде лишен од својот натамошен живот. Напротив, ќе прави сè одново и одново да доаѓа до нивната првичност, зашто и тие задоволства се колку ***бесмртни*** *во својот интензитет толку* ***смртни*** *во својата трајност.* Д. Солев*, Црно огледало.*

СНОСЕН – НЕСНОСЕН
СНО́СНЫЙ – НЕСНО́СНЫЙ

Што може да се поднесе; што може да се истрпи.

▪ ***Сносни*** *услови.*

Што не може да се поднесе; што не може да се истрпи.

▪ ***Несносни*** *услови.*

св. **СОБЕРЕ – ИЗВАДИ/ОДЗЕМЕ**
СЛОЖИ́ТЬ – ВЫ́ЧЕСТЬ/ОТНЯ́ТЬ

Изврши операција на собирање.	Изврши операција на вадење.

▪ *Ги изброја паричите,* ***собра извади*** *и ништо не му остана.*

несв. **СОБИРА – ВАДИ/ОДЗЕМА**
СКЛА́ДЫВАТЬ – ВЫЧИТА́ТЬ/ОТНИМА́ТЬ

Врши операција на собирање.	Врши операција на вадење.

А навечер ќе чекам да излезе месечината и ќе се потпирам на џенџерето: ќе ***собирам,*** *ќе* ***одземам****. Чкртај, присипај...* П.М. Андреевски, *Пиреј.*

св. **СОБЕРЕ – РАСТУРИ**
СОБРА́ТЬ – РАЗБРОСА́ТЬ

Соедини на едно место.	Размести, расфрли на разни места, во разни насоки.
▪ ***Собере*** *играчки.*	▪ ***Растури*** *книги.*

несв. **СОБИРА – РАСТУРА**
СОБИРА́ТЬ – РАЗБРА́СЫВАТЬ

Соединува на едно место.	Разместува, расфрла на разни места, во разни насоки.
▪ ***Собира*** *играчки.*	▪ ***Раструра*** *книги.*

СОВЛАДЛИВ – НЕСОВЛАДЛИВ
ПРЕОДОЛИ́МЫЙ – НЕПРЕОДОЛИ́МЫЙ

Што може да се совлада.	Што не може да се совлада.
▪ ***Совладлив*** *проблем.*	▪ ***Несовладлив*** *материјал.*

СОВРЕМЕН – ЗАСТАРЕН/СТАР
СОВРЕМЕ́ННЫЙ – УСТАРЕ́ЛЫЙ/СТА́РЫЙ

1. Што се однесува на денешно време; сегашен; 2. Што е во чекор со времето; модерен.

▪ ***Современ*** *начин.*

1. Што се однесува на старо, минато време; 2. Што е излезен од употреба; што не е модерен.

▪ ***Застарена*** *техника.*

СОВРЕМЕН – КОНЗЕРВАТИ́ВЕН
СОВРЕМЕ́ННЫЙ – КОНСЕРВАНТИ́ВНЫЙ

Што е во чекор со времето; модерен.

▪ ***Современ*** *поглед.*

Што е против секакви промени, новини; зачмаен.

▪ ***Конзервативно*** *мислење.*

СОВРЕМЕН – ПАТРИЈАРХА́ЛЕН
СОВРЕМЕ́ННЫЙ – ПАТРИАРХА́ЛЬНЫЙ

Што живее во чекор со времето; што го прифаќа сегашното; модерен, нов.

▪ *Не е сè позитивно во* ***современиот*** *начин на живеење.*

Што е верен на стари традиции; што не го прифаќа новото; застарен; конзервативен.

▪ *Растела во* ***патријархално*** *семејство.*

СОВРЕМЕН – СТАРОМОДЕН
СОВРЕМЕ́ННЫЙ – СТАРОМО́ДНЫЙ

Што се однесува на денешно време; сегашен; што е во чекор со времето; модерен.

▪ ***Современ*** *човек.*

Што се однесува на старо, минато време; што е излезен од употреба, од мода; што не е модерен.

▪ ***Старомоден*** *човек.*

СОВРЕМЕН – ДРЕВЕН
СОВРЕМЕ́ННЫЙ – ДРЕ́ВНИЙ

Што се однесува на денешно време; сегашен; модерен.

▪ ***Современа*** *градба.*

Што постоел што се појавил во далечно минато; многу стар.

▪ ***Древен*** *град.*

св. **СОГЛАСИ СЕ – ОТКАЖЕ СЕ**
СОГЛАСИ́ТЬСЯ – ОТКАЗА́ТСЬЯ

Сложи се; прифати.

Одговори одречно; повлече се.

▪ ***Се согласи*** *да работи.*

▪ ***Се откажа*** *од работа.*

несв. **СОГЛАСУВА СЕ – ОТКАЖУВА СЕ**
СОГЛАША́ТЬСЯ – ОТКА́ЗЫВАТСЬЯ

Сложува се; прифаќа.

Одговара одречно; повлекува се.

▪ ***Се согласува*** *со решението.*

▪ ***Се откажува*** *од решението.*

св. **СОГЛАСИ СЕ – СПРОТИВСТАВИ СЕ**
СОГЛАСИ́ТЬСЯ – ВОЗРАЗИ́ТЬ

Сложи се; прифати.

Отфрли; побуни се; изрази несогласување.

▪ ***Се согласи*** *со предлогот.*

▪ ***Се спротивстави*** *на предлогот.*

несв. **СОГЛАСУВА СЕ – СПРОТИВСТАВУВА СЕ**
СОГЛАША́ТЬСЯ – ВОЗРАЖА́ТЬ

Сложува се; прифаќа.

Отфрла; буни се; изразува несогласување.

▪ ***Се согласува*** *со предлогот.*

▪ ***Се спротивставува*** *на предлогот.*

несв. **СОГЛАСУВА СЕ – ОСПОРУВА**
СОГЛАША́ТЬСЯ – СПО́РИТЬ

Прифаќа; согласува се.

Не прифаќа; изразува несогласност.

▪ ***Се согласија*** *по долга дискусија.*

▪ ***Ја оспорува*** *одлуката на судот.*

несв. **СОЗДАВА – РУШИ**
СОЗДАВА́ТЬ – РАЗРУША́ТЬ

Ствара, гради, прави.

▪ ***Создава*** *гр̄ад.*

Уништува, растура.

▪ ***Руши*** *гр̄ад.*

св. **СОЗДАДЕ – РАЗРУШИ**
СОЗДА́ТЬ – РАЗРУ́ШИТЬ

Створи, изгради, направи.

▪ ***Создаде*** *семејс̄тво.*

Уништи, растури.

▪ ***Разруши*** *семејс̄тво.*

СОЗДАВАЊЕ – РУШЕЊЕ
СОЗДА́НИЕ – РАЗРУША́НИЕ

Процес на творење, градење.

Процес на уништување.

▪ *Народо̄т се бори за* ***создавање*** *по̄убав све̄т без* ***рушење*** *на ста̄рото.*

несв. **СОЗДАВА – УНИШТУВА**
СОЗДАВА́ТЬ – УНИЧТОЖА́ТЬ

Ствара, гради, прави.

▪ ***Создава*** *прӣјателс̄тво.*

Руши, растура.

▪ ***Уништува*** *прӣјателс̄тво.*

св. **СОЗДАДЕ – УНИШТИ**
СОЗДА́ТЬ – УНИЧТО́ЖИТЬ

Створи, изгради, направи.

▪ ***Создаде*** *фирма.*

Разруши, растури.

▪ ***Уништи*** *фирма.*

СОЗДАВАЊЕ – УНИШТУВАЊЕ
СОЗДА́НИЕ – УНИЧТОЖЕ́НИЕ

Процес на творење, градење.

Процес на рушење, разградување.

Имам чувс̄тво дека ние сѐ уш̄те сме во една фаза на по̄литич̄ка борба на ***уништување****, а не на* ***создавање****.* Ј. Корубин*, Аномично о̄шт̄ество.*

СОЗДАВАЊЕ – ПРОПАЃАЊЕ
СОЗДА́НИЕ – ИСЧЕЗНОВЕ́НИЕ
СОТВОРЕ́НИЕ – ПРО́ПАСТЬ

Процес на творење, градење.

Процес на исчезнување.

*Чинарот е див, дрво што трпело и трпи сè. Од **создавањето** на светот и сè до неговото **пропаѓање**.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

СОЈУЗНИК – ПРОТИВНИК
СОЮ́ЗНИК – ПРОТИ́ВНИК

Што дејствува во согласност со некого или со нешто; што е во сојуз со некого.

Што дејствува против некого или против нешто; непријател; соперник.

▪ *Секоја земја има свои **сојузници** и **противници**.*

СОН – ЈАВЕ
СОН – ЯВЬ

Физиолошка состојба на спокој кога потполно или делумно се прекинува свеста; гледање слики, личности настани во тек на спиење.

Состојба на будност; реалност, стварност.

*Тоа е темата на романот „Змиски ветар“ што со мотивот на враќањето завива, и ги корне **јавето** и **соното** на неговите личности.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

*Така, слушајќи го погледот од **соното** во **јавето**, си се препознавме – како дома.* Д. Солев*, Црно огледало;*

*Природно, рече несигурно Кириле и му се чинеше дека сето тоа во **сон** го слуша, а не на **јаве**.* Ж. Чинго*, Накусо.*

СОН – НЕСОНИЦА
СОН – БЕССО́НИЦА

Физиолошка состојба на спокој кога потполно или делумно се прекинува свеста.

Отсуство на сон; немање сон како болест.

▪ *Имам добар **сон**.*

▪ *Патам од **несоница**.*

СОН – РЕАЛНОСТ
СОН – ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНОСТЬ

Мечта, фантазија.

▪ *Имам неоствaрлив* ***сон****.*

Стварност; објективниот свет во сета негова разнообразност.

▪ ***Реалноста*** *е груба.*

СОНЦЕ – СЕНКА
СО́ЛНЦЕ – ТЕНЬ

Светлина, топлина што доаѓа од ѕвездата сонце; место изложено на сонце.

Место каде не паѓаат директно сончеви зраци; место засолнето од сонце.

Еве што значи куќа со домаќин. Домаќиноот е и ***сонце*** *и* ***сенка****.* П.М. Андреевски*, Пиреј;*

Ти си најде ***сенка****, - рече едниот – а јас ќе се лекувам овде на* ***сонце****.* Б. Конески*, Средба во рајот.*

СОНЧЕВ – ДОЖДЛИВ
СО́ЛНЕЧНЫЙ – ДОЖДЛИ́ВЫЙ

Светол; исполнет со светлина и топлина.

▪ ***Сончево*** *време.*

Врнежлив; со чести или постојани врнежи.

▪ ***Дождливо*** *време.*

СОНЧЕВ – МРАЧЕН
СО́ЛНЕЧНЫЙ – ПА́СМУРНЫЙ/О́БЛАЧНЫЙ

Со силна светлина од сонцето; јасен.

▪ ***Сончев*** *ден.*

Со небо покриено со облаци; облачен, темен.

▪ ***Мрачен*** *ден.*

СОНЧЕВ – ОБЛАЧЕН
СО́ЛНЕЧНЫЙ – О́БЛАЧНЫЙ

Со силна светлина од сонцето; јасен.

▪ ***Сончево*** *небо.*

Со небо покриено со облаци.

▪ ***Облачно*** *небо.*

СООДВЕТЕН – НЕСООДВЕТЕН
СООТВЕ́ТСТВУЮЩИЙ – НЕСООТВЕ́ТСТВУЮЩИЙ

Што одговара на нешто; таков каков што треба.

▪ *Нема **сообвет̄ен** одг̄овор.*

Што не одговара на нешто; што не е таков како што треба.

▪ *Носи **несообвет̄на** облека.*

СООДВЕТНО – НЕСООДВЕТНО
СООТВЕ́ТСТВЕННО – НЕСООТВЕ́ТСТВЕННО

На соодветен начин; во склад со нешто.

▪ *Реаг̄ира **сообвет̄но**.*

На несоодветен начин; на неправилен начин.

▪ *Реаг̄ира **несообвет̄но**.*

СОПСТВЕН – ТУ́Ѓ
СО́БСТВЕННЫЙ/ЛИ́ЧНЫЙ – ЧУЖО́Й

Што му припаѓа некому според право на сопственост; свој, личен.

▪ ***Сопс̄твена** куќа.*
▪ ***Сопс̄твена** мисла.*

Што му припаѓа на друг или на други.

▪ ***Туѓа** куќа.*
▪ ***Туѓа** мисла.*

*Скромнот̄о **сопс̄твено** умет̄ничко искуст̄во како да се компензирало за смет̄ка на орг̄анскот̄о усвојување на „**туѓат̄а**“ литерат̄урна т̄радиција.* А. Шешкен, *Ст̄удии за македонскат̄а литерат̄ура.*

св. **СОСТАВИ – РАЗДЕЛИ/РАЗДВОИ**
СОЕДИНИ́ТЬ – РАЗЪЕДИНИ́ТЬ/РАЗДЕЛИ́ТЬ

Од многу делови направи целина; спои; поврзе едно со друго; обедини, здружи.

▪ *Ги **сост̄ави** лист̄овит̄е.*

Одвои; раздвои на делови; разедини; направи да се раздвои, раздружи.

▪ *Ги **раздвои** лист̄овит̄е.*

СОЦИЈА́ЛЕН – АСОЦИЈА́ЛЕН
СОЦИА́ЛЬНЫЙ – АСОЦИА́ЛЬНЫЙ

Друштвен; што прифаќа заедница, друштво.

▪ ***Социјален** т̄ий.*

Што не прифаќа друштво; што е рамнодушен кон општествените потреби.

▪ ***Асоцијален** т̄ий.*

СОЧЕН – СУВ
СО́ЧНЫЙ – СУХО́Й

Што е полн со сок; свеж; месна̄т.

▪ ***Сочно*** *ја̄болко.*

Лишен од свежина, од сочност.

▪ ***Суво*** *ја̄болко.*

св. СПАСИ СЕ – ПОГИНЕ
СПАСТИ́СЬ – ПОГИ́БНУТЬ

Избегне смрт; доварди се од нешто опасно по живо̄т; остане жив.

Изгуби живо̄т; умре од неприро̄дна смрт; исчезне.

▪ *Во ѣожаро̄т* ***се сп̄асија*** *сит̄е. Само еден* ***п̄ог̃ина****.*

несв. СПАСУВА СЕ – ГИНЕ
СПАСА́ТЬСЯ – ГИ́БНУТЬ

Избегнува смрт; ослободува се од нешто опасно по живо̄т; останува жив.

Губи живо̄т; умира од неприро̄дна смрт; исчезнува.

▪ ***Се сп̄асуваа*** *со бе̄ање.*

▪ ***Гинеа*** *слабӣт̄е.*

СПЕЦИЈА́ЛЕН – СЛУЧАЕН
СПЕЦИА́ЛЬНЫЙ – СЛУЧА́ЙНЫЙ

Смислен, свесен, намерен, планира̄н.

▪ ***Сп̄ецијална*** *п̄рилика.*

Ненамерен, непредвиден, непланира̄н.

▪ ***Случајна*** *средба.*

СПЕЦИЈА́ЛНО – СЛУЧАЈНО
НАМЕ́РЕННО/СПЕЦИА́ЛЬНО – СЛУЧА́ЙНО

Смислено, свесно, плански, со цел, намерно.

▪ ***Сп̄ецијално*** *му кажав.*

Ненамерно, непредвидено, непланско.

▪ ***Случајно*** *му кажав.*

СПЕЦИЈА́ЛЕН – ОБИЧЕН
СПЕЦИА́ЛЬНЫЙ – ОБЫ́ЧНЫЙ/ОБЫКНОВЕ́ННЫЙ

Посебен, нарочен; посебно наменет, предвиден за

Што не се изделува со ништо; секојдневен, вообичаен;

нешто; што се однесува на одделна гранка на нешто; карактеристичен за некоја специјалност.

нормален; едноставен, прост.

▪ ***Сп̄ецијален*** *ручек.*
▪ ***Сп̄ецијален*** *ден.*

▪ ***Обичен*** *ручек.*
▪ ***Обичен*** *ден.*

СПЕЦИФИЧЕН – ОБИЧЕН
СПЕЦИФИ́ЧНЫЙ – ОБЫ́ЧНЫЙ
СПЕЦИФИ́ЧЕСКИЙ – ОБЫКНОВЕ́ННЫЙ

Посебен; својствен само на определен предмет, лице, појава.

Што не се изделува со ништо; секојдневен, вообичаен; нормален; едноставен.

▪ ***Сп̄ецифична*** *сит̄уација.*

▪ ***Обична*** *сит̄уација.*

св. СПОИ(СЕ) – РАЗДВОИ(СЕ)/ОДВОИ(СЕ)
ОБЪЕДИНИ́ТЬ(СЯ) – РАЗЪЕДИНИ́ТЬ(СЯ)

Од многу делови состави целина; состави; поврзе едно со друго; обедини, здружи; обедини се, здружи се.

Одвои; оддели на делови; разедини; направи да се раздели;одвои се, раздели се.

▪ ***Сп̄ои*** *часови.*

▪ ***Раздвои*** *друг̄ари.*

св. СПОИ(СЕ)/СОЕДИНИ(СЕ) – ОТЦЕПИ(СЕ)
СОЕДИНИ́ТЬ(СЯ) – ОТДЕЛИ́ТЬ(СЯ)

Од многу состави едно цело; состави; поврзе едно со друго; обедини, здружи; обедини се, здружи се.

Одвои; оддели од група, од целина; оддели се, излезе од група, од целина.

▪ ***Се сп̄оија*** *две фирми.*

▪ ***Се от̄цеп̄и*** *од г̄руп̄ата.*

св. СПОИ(СЕ) – РАЗДЕЛИ(СЕ)
СОЕДИНИ́ТЬ(СЯ) – РАЗДЕЛИ́ТЬ(СЯ)

Од многу состави едно цело; состави; поврзе едно со друго; обедини, здружи; обедини се, здружи се.

Одвои; оддели на делови; разедини; направи да се одвои;раздвои се, раздели се.

▪ *Идеј̄ат̄а г̄и* ***сп̄ои****.*

▪ ***Се разделија*** *друг̄арски.*

СПОИВ – НЕСПОИВ
СОЕДИНИ́МЫЙ – НЕСОЕДИНИ́МЫЙ

Што може да се спои;
што може да функционира
заедно со нешто, со некого.

Што не може да се спои;
што не може да
функционира заедно
со нешто, со некого.

▪ ***Споиви*** *се двете гр̄уп̄и.*

▪ ***Несп̄оива*** *комбинација.*

СПОКОЕН – НЕСПОКОЕН
СПОКО́ЙНЫЙ – НЕСПОКО́ЙНЫЙ
МИ́РНЫЙ/ТИ́ХИЙ – ТРЕВО́ЖНЫЙ/БЕСПОКО́ЙНЫЙ

Што е во состојба на мир;
малку подвижен или
неподвижен; исполнет со
спокојство, мирен; лишен
од грижи, од нервози.

Што не е во состојба на мир;
подвижен, немирен,
разбрануван; исполнет со
немир, со грижи;
лишен од мир, спокојство.

▪ ***Спокојни*** *времиња.*
▪ ***Спокоен*** *сон.*

▪ ***Несп̄окојни*** *времиња.*
▪ ***Несп̄окоен*** *сон.*

СПОКОЈНО – НЕСПОКОЈНО
СПОКО́ЙНО – БЕСПОКО́ЙНО

На спокоен начин;
мирно, безгрижно.

На неспокоен начин;
загрижено; немирно.

▪ *Седи* ***спокојно****.*

▪ *Живее* ***несп̄окојно****.*

СПОКОЈСТВО – НЕСПОКОЈСТВО
СПОКО́ЙСТВИЕ – БЕСПОКО́ЙСТВО

Мир, тишина; безгрижност;
опуштеност.

Вознемиреност; немир.

▪ *Овде владее* ***спокојст̄во****.*

▪ *Чувст̄вувам* ***несп̄окојст̄во****.*

СПОКОЕН – БУРЕН
СПОКО́ЙНЫЙ – БУ́РНЫЙ

Што е во состојба на мир;
малку подвижен или
неподвижен; исполнет со
спокојство, мирен; бавен.

Исполнет со немири, со
бури; раздвижен,
разбрануван;
силно и нагло изразен.

▪ ***Спокојно*** *море.*
▪ ***Спокоен*** *живот.*

▪ ***Бурно*** *море.*
▪ ***Бурен*** *живот.*

СПОКОЈНО – БУРНО
СПОКО́ЙНО/ТИ́ХО – БУ́РНО/РЕ́ЗКО

На спокоен, мирен начин.

▪ *Реагира* ***спокојно.***

На бурен начин; силно, остро.

▪ *Реагира* ***бурно.***

СПОКОЕН – БУЧЕН
СПОКО́ЙНЫЙ – ШУ́МНЫЙ

Исполнет со спокојство, со мир; тивок, мирен.

▪ ***Спокојна*** *улица.*

Исполнет со шум, со бука; шумен, гласен.

▪ ***Бучна*** *улица.*

СПОКОЕН – ШУМЕН
СПОКО́ЙНЫЙ – ШУ́МНЫЙ

Исполнет со спокојство, со мир; тивок, мирен.

▪ ***Спокоен*** *град.*

Исполнет со шум, со бука; што шуми; бучен, гласен.

▪ ***Шумен*** *град.*

СПОКОЕН – ВОЗНЕМИРЕН
СПОКО́ЙНЫЙ – ВЗВОЛНО́ВАННЫЙ

Исполнет со спокојство, со мир; тивок, мирен.

▪ ***Спокоен*** *човек.*

Исполнет со немир; што изразува немир.

▪ ***Вознемирен*** *човек.*

СПОКОЈНО – ВОЗНЕМИРЕНО
СПОКО́ЙНО – ВЗВОЛНО́ВАННО

На спокоен начин; мирно; безгрижно; опуштено.

▪ *Спие* ***спокојно****.*

На немирен начин; загрижено; неспокојно.

▪ *Зборува* ***вознемирено****.*

СПОСОБЕН – НЕСПОСОБЕН
СПОСО́БНЫЙ/ОДАРЁННЫЙ – НЕСПОСО́БНЫЙ

Што има способности за нешто; надарен; што има моќ за нешто; што е спремен да направи нешто.

▪ ***Способен*** *ученик.*

Што нема способности; што нема дарба, талент; што нема моќ; што не е спремен за нешто.

▪ ***Неспособен*** *службеник.*

СПОСОБНОСТ – НЕСПОСОБНОСТ
СПОСО́БНОСТЬ/ОДАРЁННОСТЬ – НЕСПОСО́БНОСТЬ

Природна дарба, талент; умеење, моќ за нешто.

Отсуство на дарба, талент; немање моќ, знаење за нешто.

Процентот на изборната аристиненција е доволно предупредување за нив и доволна причина да се замислат: дали победи нивната ***способност*** *или* ***неспособноста*** *на противникот?* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

СПРАВЕДЛИВ – НЕСПРАВЕДЛИВ
СПРАВЕДЛИ́ВЫЙ – НЕСПРАВЕДЛИ́ВЫЙ

Што дејствува непристрасно, во склад со вистината; што се врши на законски и чесен начин; вистински, правилен.

▪ ***Справедлива*** *одлука.*

Што дејствува пристрасно; што се врши на незаконски, на нечесен начин; неправилен.

▪ ***Несправедлива*** *одлука.*

СПРАВЕДЛИВО – НЕСПРАВЕДЛИВО
СПРАВЕДЛИ́ВО – НЕСПРАВЕДЛИ́ВО

На справедлив начин; чесно; законски.

▪ ***Справедливо*** *наградува.*

На несправедлив начин; нечесно; незаконски.

▪ ***Несправедливо*** *наградува.*

СПРАВЕДЛИВОСТ – НЕСПРАВЕДЛИВОСТ
СПРАВЕДЛИ́ВОСТЬ – НЕСПРАВЕДЛИ́ВОСТЬ

Особина на она што е справедливо; правичност; чесност.

Особина на она што не е справедливо; неправичност; нечесност.

▪ *Нема **спра̄ведливоста̄** во светот̄.*

▪ ***Неспра̄ведливоста̄** уништ̄ува човечки животӣ.*

св. **СПРЕЧИ – ДОЗВОЛИ**
ВОСПРЕПЯ́ТСТВОВАТЬ – РАЗРЕШИ́ТЬ/ПОЗВО́ЛИТЬ

Создаде пречка; оневозможи нешто; не дозволи.

Даде дозвола; овозможи нешто.

▪ *Ја **спречи** средбата̄.*

▪ ***Дозволи** да си ӣгра.*

несв. **СПРЕЧУВА – ДОЗВОЛУВА**
ПРЕПЯ́ТСТВОВАТЬ – РАЗРЕША́ТЬ/ПОЗВОЛЯ́ТЬ

Создава пречка; оневозможува нешто; не дозволува.

Дава дозвола; овозможува нешто.

▪ *Ја **спречува** изг̄радбата̄.*

▪ ***Дозволува** да се г̄ради.*

св. **СПРЕЧИ – ОВОЗМОЖИ**
ВОСПРЕПЯ́ТСТВОВАТЬ/ПОМЕША́ТЬ – ДАТЬ ВОЗМО́ЖНОСТЬ

Создаде пречка; оневозможи нешто; не дозволи.

Даде можност; направи да стане можно.

▪ *Го **спречи** во најредувањето̄.*

▪ ***Овозможи** да најредува.*

несв. **СПРЕЧУВА – ОВОЗМОЖУВА**
ПРЕПЯ́ТСТВОВАТЬ/МЕША́ТЬ – ДАВА́ТЬ ВОЗМО́ЖНОСТЬ

Создава пречка; оневозможува нешто; не дозволува.

Дава можност; прави да стане можно.

▪ *Го **спречува** во најредувањето̄.*

▪ ***Овозможува** да најредува.*

СРАЗМЕРЕН – НЕСРАЗМЕРЕН
СОРАЗМЕ́РНЫЙ – НЕСОРАЗМЕ́РНЫЙ

Пропорционален; што има правилен сооднос, сразмер на деловите спрема целото.

Непропорционален; што нема правилен сооднос, сразмер на деловите спрема целото.

▪ ***Сразмерна** по̄делба.*

▪ ***Несразмерна** г̄олемина.*

СРАЗМЕРНО – НЕСРАЗМЕРНО
СОРАЗМЕ́РНО – НЕСОРАЗМЕ́РНО

На сразмерен начин; пропорционално.

▪ *Троши* ***сразмерно*** *со платата.*

На несразмерен начин; непропорционално.

▪ *Троши* ***несразмерно****.*

св. **СРЕДИ – РАСТУРИ**
ПРИВЕСТИ́ В ПОРЯ́ДОК – РАЗБРОСА́ТЬ

1. Направи ред; исчисти.

▪ ***Среди*** *во кујна.*

1. Направи неред; расфрли.

▪ ***Растури*** *во кујна.*

несв. **СРЕДУВА – РАСТУРА**
ПРИВОДИ́ТЬ В ПОРЯ́ДОК – РАЗБРА́СЫВАТЬ

1. Прави ред; чисти.

▪ ***Средува*** *библиотека.*

1. Прави неред; расфрла.

▪ ***Растура*** *во двор.*

СРЕДБА – РАЗДЕЛБА
ВСТРЕ́ЧА/СВИДА́НИЕ – РАЗЛУ́КА

Договорен или случаен состанок; видување.

Напуштање, разделување.

Мошне често неговиот херој е распнат меѓу ***средбата*** *и* ***раздел-бата****, помеѓу* ***средбата*** *што се копнее и* ***разделбата*** *што откинала нешто од него.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос;*

Меѓутоа, за оваа збирка раскази е забележително и тоа што речиси сета е напишана во знак на ***разделби*** *и мечти за* ***средби****.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

св. **СРЕТНЕ СЕ – РАЗДЕЛИ СЕ**
ВСТРЕ́ТИТЬСЯ – РАССТА́ТЬСЯ

Најде се со некого намерно или случајно.

Замине секој на своја страна.

Дека јас и суровиот господин Бутчик многу сме се зближиле, почувствував кога требаше да си заминам од Париз. „Ете, – рече тој – ќе ***се сретнат*** *луѓе, ќе се спријателат, а потоа веднаш треба да* ***се разделат****“.* Б. Конески*, Средба во рајот.*

несв. **СРЕТНУВА СЕ – РАЗДЕЛУВА СЕ**
ВСТРЕЧА́ТЬСЯ – РАССТАВА́ТЬСЯ

Наоѓа се со некого намерно или случајно.

Заминува секој на своја страна.

▪ ***Се сретнуваме*** *навечер.*

▪ ***Се разделуваме*** *наутро.*

СРЕЌА – НЕСРЕЌА
СЧА́СТЬЕ – НЕСЧА́СТЬЕ

Состојба и чувство на задоволство од пријатен момент, од пријатна случка, од пријатен период во животот, од пријатен и убав живот.

Состојба на незадоволство, на тага од непријатен момент, од непријатна случка, од лош период во животот, од лош живот.

*...таа куќа ја имаше таа **среќа**, или **несреќа** да биде постојано поврзана со промените кои доаѓаа наизменично во селото преку штабот, како државна установа од која се пренесуваа кај селаните законите и желбите на државите што владееја повремено во тој крај.* М. Фотев, *Потомците на Кат;*

*На мажите само стапчето ви останало за фалење, вели Варвара, тоа е сета ваша **среќа**. Да видиш, да не веруваш, вели Теофил, ама тоа е нашата **несреќа**.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*Нам, на селаните, **среќата** ни е променлива, а **несреќата** постојана, велеше Лазор Ночески...* П.М. Андреевски, *Пиреј;*

*Признавам, јас сум нововработен во заводот, со акцијата, неговата **несреќа** – испадна моја голема **среќа**, така си е тоа во животот, значи, мене и другата, моралната страна на проблемот ме притиска во душава, а човекот и лично не го познавам.* Ж. Чинго, *Накусо.*

СРЕЌЕН – НЕСРЕЌЕН
СЧАСТЛИ́ВЫЙ – НЕСЧА́СТНЫЙ

Душевно задоволен; полн со радост; што има среќа; што носи среќа.

Душевно незадоволен; полн со тага; што нема среќа; што носи несреќа.

*Двајцата беа сами и така живееја од ден на ден. Понекогаш **среќни**, понекогаш **несреќни**, навикнати и на добро и на лошо, тие прилегаа на мирни јагништа.* Ж. Чинго, *Накусо;*

О, каква вода, каква голема вода зашуме во нашиот глув дом, нашиот ***несреќен*** *живот наеднаш беше* ***среќен****, друг.* Ж. Чинго*, Големата вода.*

СРЕЌНО – НЕСРЕЌНО
СЧАСТЛИ́ВО – НЕСЧАСТЛИ́ВО

На среќен начин;
успешно, поволно.

▪ *Живее* ***среќно****.*

На несреќен начин;
неуспешно, неповолно.

▪ *Живее* ***несреќно****.*

СРЕЌНИК – НЕСРЕЌНИК
СЧАСТЛИ́ВЕЦ – НЕСЧАСТЛИ́ВЕЦ
СЧАСТЛИ́ВЧИК – НЕУДА́ЧНИК

Среќен човек.

▪ ***Среќник*** *е, доби наследство.*

Несреќен човек.

▪ *Го загуби синот,* ***несреќник****.*

ЗА СРЕЌА – ЗА НЕСРЕЌА
К СЧА́СТЬЮ – К НЕСЧА́СТЬЮ

Модален израз што
изразува задоволство.

▪ ***За среќа****, имав време.*

Модален израз што
изразува жалење.

▪ ***За несреќа****, ми избегa авионот.*

СРЕЌА – МАЛЕР *разг.*
СЧА́СТЬЕ – НЕСЧА́СТЬЕ/ГО́РЕ

Успех како резултат
на случајност.

▪ *Во последно време имам* ***среќа****.*

Неуспех како резултат
на случајност.

▪ *Денес ме бие* ***малер****, ништо не ми оди.*

СРЕЌЕН – БАКСУЗ *разг.*
СЧАСТЛИ́ВЫЙ – НЕСЧА́СТНЫЙ/НЕСЧАСТЛИ́ВЕЦ

Што има среќа;
што носи среќа.

▪ *Ти си* ***среќен.***

Што нема среќа;
што носи несреќа.

▪ *Ти си* ***баксуз.***

СРОДЕН – РАЗЛИЧЕН
СРО́ДНЫЙ – РАЗЛИ́ЧНЫЙ

Сличен по содржина, по битни обележја; што има заедничко потекло.

▪ ***Сродни*** *јазици.*

Што не личи со друг; што има поинакви обележја. што е од различно потекло.

▪ ***Различни*** *особини.*

СРОДНОСТ – РАЗЛИКА
СХО́ДСТВО – РАЗЛИ́ЧИЕ

Својства, црти на лицата и предметите што ги прави сродни.

▪ *Има* ***сродност*** *меѓу нив.*

Својства, црти на лицата и предметите што ги прави различни.

▪ ***Разликата*** *е во бојата.*

СТАБИЛЕН – НЕСТАБИЛЕН
СТАБИ́ЛЬНЫЙ – НЕСТАБИ́ЛЬНЫЙ

1. Добро прицврстен;
2. Постојан, непроменлив;
3. Цврст; што си стои на зборот.

▪ ***Стабилно*** *време.*
▪ ***Стабилна*** *маса.*

1. Лошо прицврстен;
2. Непостојан, променлив;
3. Колеблив; што не си стои на зборот.

▪ ***Нестабилно*** *време.*
▪ ***Нестабилен*** *стол.*

СТАБИЛНОСТ – НЕСТАБИЛНОСТ
СТАБИ́ЛЬНОСТЬ – НЕСТАБИ́ЛЬНОСТЬ

Особина на нешто што е стабилно, на некој што е стабилен.

▪ ***Стабилност*** *во работата.*

Особина на нешто што не е стабилно, на некој што не е стабилен.

▪ ***Нестабилност*** *во однесувањето.*

СТАБИЛЕН – ПРОМЕНЛИВ
ПОСТОЯ́ННЫЙ/СТАБИ́ЛЬНЫЙ – ПЕРЕМЕ́НЧИВЫЙ

1. Што не е подложен на промени; 2. Постојан, цврст, непроменлив.

1. Што се менува лесно; подложен на промени;
2. Непостојан, колеблив.

▪ ***Стабилно*** *време.*
▪ ***Стабилен*** *карактер.*

▪ ***Променливо*** *време.*
▪ ***Променлив*** *карактер.*

СТАБИЛНОСТ – ПРОМЕНЛИВОСТ
ПОСТОЯ́ННОСТЬ/СТАБИ́ЛЬНОСТЬ – ПЕРЕМЕ́НЧИВОСТЬ

Особина на оној што е стабилен, на она што е стабилно.

▪ ***Стабилноста*** *на денарот е загарантирана.*

Особина на оној што е променлив, на она што е променливо.

▪ ***Променливоста*** *на времето пречи на здравјето.*

СТАБИЛЕН – ЛАБИЛЕН
СТАБИ́ЛЬНЫЙ – ЛАБИ́ЛЬНЫЙ

Постојан, цврст; што не се менува; траен.

▪ ***Стабилен*** *карактер.*

Непостојан,лабав; несигурен; што се менува; променлив

▪ ***Лабилен*** *карактер.*

СТАБИЛЕН – КОЛЕБЛИВ
УСТО́ЙЧИВЫЙ – НЕУСТО́ЙЧИВЫЙ/ША́ТКИЙ

Цврст; сигурен; одлучен; што не се колеба.

▪ ***Стабилен*** *карактер.*

Неодлучен; несигурен; слаб; што се колеба.

▪ ***Колеблив*** *карактер.*

св. несв. СТАБИЛИЗИ́РА(СЕ) – ДЕСТАБИЛИЗИ́РА(СЕ)
СТАБИЛИЗИ́РОВАТЬ(СЯ) – ДЕСТАБИЛИЗИ́РОВАТЬ(СЯ)

(На)прави стабилен, траен; Стане (станува) стабилен, постојан.

▪ *Времето* ***се стабилизира****.*
▪ *Ситуацијата* ***се стабилизира****.*

(На)прави нестабилен; стане (станува) нестабилен, променлив.

▪ *Времето* ***се дестабилизира****.*
▪ *Ситуацијата* ***се дестабилизира****.*

несв. **СТАВА – ВАДИ**
КЛАСТЬ – ДОСТАВА́ТЬ
НАДЕВА́ТЬ – ВЫНИМА́ТЬ/СНИМА́ТЬ

1. Сместува, положува на некое место; 2. Облекува, обува; внесува; 3. Вложува. 4. Вградува, монтира.

1. Изнесува од некое место; 2. Соблекува, собува; 3. Подига. 4. Отстранува, демонтира.

▪ ***Ставa*** *во џеб.*
▪ ***Ставa*** *блуза.*
▪ ***Ставa*** *пари во банка.*

▪ ***Вади*** *од џеб.*
▪ ***Вади*** *чевли.*
▪ ***Вади*** *пари од банка.*

Веќе во октомври Николче го исфрли прилогот за време „од време на време“ од зборовите на столарот и почна секојдневно да ги ***вади*** *и да ги* ***ставa*** *панзурите.* Д. Михајловски*, Избор.*

св. **СТАВИ – ИЗВАДИ**
ПОЛОЖИ́ТЬ – ДОСТА́ТЬ
НАДЕ́ТЬ – ВЫ́НУТЬ/СНЯТЬ

1. Смести, положи на некое место; 2. Облече, обуе; 3. Внесе; вложи; 4. Монтира.

1. Изнесе од некое место; 2. Соблече, собуе; симне, 3. Подигне; 4. Демонтира.

▪ ***Стави*** *во фиока.*
▪ ***Стави*** *чизми.*

▪ ***Извади*** *од фиока.*
▪ ***Извади*** *чизми.*

СТАНДАРДЕН – НЕСТАНДАРДЕН
СТАНДА́РТНЫЙ – НЕСТАНДА́РТНЫЙ

Што одговара на определен стандард; типичен; што е во склад со важечките мерила, норми, обичаи.

Што не одговара на одреден стандард; нетипичен; што не е во склад со важечките мерила, норми, обичаи.

▪ ***Стандардна*** *постапка.*

▪ ***Нестандардна*** *постапка.*

св. **СТАНЕ – КЛЕКНЕ**
ВСТАТЬ – СЕСТЬ НА КО́РТОЧКИ

Крене се на нозе; заземе стоечка положба.

Спушти се, свиткувајќи колена.

Ама ти послушавме, а и што можевме друго, па тој ррр ррр и ние ***клекни стани клекни стани****, сврти се налево, сврти се надесно, рацете на слабини па напред назад, или виј се од половината нагоре...* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

несв. **СТАНУВА – КЛЕКНУВА**
ВСТАВА́ТЬ – САДИ́ТЬСЯ НА КО́РТОЧКИ

Крева се на нозе; зазема стоечка положба.

Спушта се, свиткувајќи колена.

▪ *Секое утро* ***клекнува*** *и* ***станува*** *по десет пати.*

св. **СТАНЕ – ЛЕГНЕ**
ВСТАТЬ – ЛЕЧЬ

Крене се на нозе; заземе стоечка положба; излезе од постела по спиење.

Заземе водорамна положба; испружи се; спушти се обично во постела за спиење.

Впрочем, вистински важното и тешко дофатливото не изгледа толку важно, а можеби и не е како што е да ***легнеш*** *да преспиеш и да* ***станеш*** *да се нахраниш.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Чудо време нè држеа така, како војска, стиснато, наутро – ***легни стани*** *во дворот, потоа покасок, по покасокот нè собираа во едни големи одаи каде пљачките ни ги залепуваа за кожата.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

несв. **СТАНУВА – ЛЕГНУВА**
ВСТАВА́ТЬ – ЛОЖИ́ТЬСЯ

Крева се на нозе; зазема стоечка положба; излегува од постела по спиење.

Зазема водорамна положба; испружа се; спушта се обично во постела за спиење.

Станувавме *и* ***легнувавме*** *со мислата за каталогот.* Л. Старова*, Татковите книги;*

Прокоп Трпков ***станува*** *наутро заедно со петлите. Тој навик му е уште од дете, кога* ***легнуваше*** *со кокошките.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Роса Трпкова тоа добро го знаеше, не преку неговите зборови, колку по тоа – како ја допираше дрвената а како ја одбиваше металната лажица, како ***стануваше*** *на гола а како на послана штица,*

како ***легнуваше*** *на чамов миндер со сламени перници и како* ***легнуваше*** *на железен кревет со цинкови ногари.* Д. Солев*, Црно огледало.*

несв. **СТОИ – ЛЕЖИ**
СТОЯ́ТЬ – ЛЕЖА́ТЬ

Наоѓа се во вертикална положба; е во исправена положба.

Наоѓа се во хоризонтална положба; е во испружена положба.

▪ ***Стојам*** *на автобуска станица.*

▪ ***Лежам*** *до девет часот.*

СТОЕЧКИ – ЛЕЖЕЧКИ
СТОЙМЯ́ – ЛЁЖА

Во стоечка положба; од стоечка положба;

Во лежечка положба; од лежечка положнба.

▪ *Јаде* ***стоечки****.*

▪ *Чита* ***лежечки****.*

св. **СТАНЕ – СЕДНЕ**
ВСТАТЬ – СЕСТЬ

Крене се на нозе; заземе стоечка положба.

Заземе седечка положба; заземе место одредено за седење.

▪ ***Стана*** *од маса.*

▪ ***Седна*** *на маса.*

несв. **СТАНУВА – СЕДНУВА**
ВСТАВА́ТЬ – САДИ́ТЬСЯ

Крева се на нозе; зазема стоечка положба.

Зазема седечка положба; зазема место одредено за седење.

... а да ја видиш онаа вода што се оди со денови, еднаш ни рекоа денеска морето ќе игра, а кога игра морето, не играјте вие и кога зеде да рипа, да ***станува*** *и да* ***седнува****, леле мајко, поплашена кобила, фучи и се пресега преку бродот...* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

несв. **СТОИ – СЕДИ**
СТОЯ́ТЬ – СИДЕ́ТЬ

Наоѓа се во вертикална положба; е во исправена положба.

▪ *На час обично **стојам**.*

Наоѓа се во неподвижна положба со исправен грб и задник во седечка положба.

▪ ***Седам** во кола и ќе чекам.*

СТОЕЧКИ – СЕДЕЧКИ
СТОЙМЯ́/СТО́Я – СИДМЯ́/СИ́ДЯ

Во стоечка положба; од стоечка положба.

▪ *Раскажува **стоечки**.*

Во седечка положба; од седечка положнба.

▪ *Пишува **седечки**.*

СТАРОСЕДЕЛЕЦ – ДОЈДЕНЕЦ
КОРЕННО́Й ЖИ́ТЕЛЬ – ПОСЕЛЕ́НЕЦ

Староседелец; човек што се родил во местото на живеење.

▪ *Тој е **староседелец** во Скопје.*

Доселеник; човек што се доселил во местото на живеење.

▪ *Тој е **дојденец**, не е роден тука.*

*Изгубените биле само изгубени, никој не можел ни со молитва ни со магија да им го врати животот, зад нив... останувале сказанија и од ден на ден, од лето до лето, им се менело потеклото и името, биле **староседелци** или **дојденци**, Латини, Саси, јудејски трговци...* С. Јаневски, *Кучешко распетие.*

СТАРТ – ФИНА́ЛЕ/ФИНИШ
СТАРТ– ФИНА́Л/ФИ́НИШ

1. Почеток; 2. Почетен момент на спортски натпревар; 3. Место или линија од каде почнува натпревар во трчање.

▪ ***Стартот** е по пет минути.*

1. Крај;2.Заклучен момент на спортски натпревар; 3. Краен пункт, крај на натпревар во трчање.

▪ ***Финишот** е во парк.*

св. несв. **СТАРТУВА – ФИНИШИ́РА**
СТАРТОВА́ТЬ – ФИНИШИ́РОВАТЬ

1. Почне; 2. Почне спортски натпревар; 3. Почне натпревар во трчање.

1. Заврши; 2. Стави крај на спортски натпревар; 3. Стигне до крајна точка во натпревар во трчање.

▪ *Натпреварот* ***стартува*** *утре.*

▪ ***Финишира*** *по една недела.*

СТВАРЕН – ИМАГИНА́РЕН
ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ – ВООБРАЖА́ЕМЫЙ

Што постои во реалноста; вистински.

Што постои само во мечта; нестварен, замислен.

▪ ***Стварно*** *место.*

▪ ***Имагинарно*** *место.*

СТВАРНОСТ – ИЛУЗИЈА
ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНОСТЬ – ИЛЛЮ́ЗИЯ
РЕА́ЛЬНОСТЬ – МЕЧТА́

Објективен свет во сите негови форми и појави; животна средина; вистинска ситуација.

Мечта; нешто неостварливо; лажни чувства, лажна претстава за нештата; заблуда.

Жените во своите намери успеваат и поради тоа што дури и ***илузиите*** *им се* ***стварност****, поради што, по неуспехот, повеќе очајуваат.* М. Јовановски*, Патот до осамата;*

Лажниот, најчесто политички и идеолошки интониран оптимизам е, всушност, темелот врз кој израснуваат ***илузиите****. А тие се најлошата варијанта на политичка* ***стварност****.* Ј. Корубин*, Аномично општество.*

СТВАРЕН – МИСТИЧЕН
ДЕЙСТВИ́ТЕЛЬНЫЙ – МИФИ́ЧЕСКИЙ

Што постои во реалноста; вистински; опиплив.

Таинствен; мистериозен необјаснив; натприроден.

Од третиот чин до крајот на петтиот повеќе не поставував никакви прашања. Едноставно се препуштив на нафаката, па ги прифатив како ***стварни****,* ***мистичните*** *суштества што со толкава страст и енергија ја играа оваа пиеса...* Д. Михајловски*, Избор.*

несв. **СТЕГА(СЕ) – РАЗЛАБАВУВА(СЕ)**
СТЯ́ГИВАТЬ(СЯ) – РАСПУСКА́ТЬ
СЖИМА́ТЬ(СЯ) – ОСЛАБЛЯ́ТЬ/ОСЛАБЕВА́ТЬ

Прави да биде стегнат, цврст; станува цврст, силен; јакне.

▪ ***Стегa*** *шраф.*

Прави да биде лабав; слаб; станува лабав; попушта; губи јачина; слабее.

▪ ***Разлабавува*** *шраф.*

св. **СТЕГНЕ(СЕ) – РАЗЛАБАВИ(СЕ)**
СТЯНУ́ТЬ(СЯ) – РАСПУСТИ́ТЬ
СЖАТЬ(СЯ) – ОСЛА́БИТЬ/ОСЛАБЕ́ТЬ

Направи да биде стегнат, цврст; стане цврст, силен; зајакне.

▪ ***Стегне*** *шраф.*

Направи да биде лабав; слаб; стане лабав; попуши; изгуби јачина; ослабе.

▪ ***Разлабави*** *шраф.*

СТЕГНАТ – ЛАБАВ
ЗАКРЕПЛЁННЫЙ – ША́ТКИЙ
СТЯ́НУТЫЙ – НЕЗАТЯ́НУТЫЙ

Прицврстен; стабилен; затегнат.

▪ *Сијалицата е* ***стегната****.*

Неприцврстен; расклатен; нестабилен.

▪ *Сијалицата е* ***лабава****.*

СТЕГНАТ – ОЛАБАВЕН
СТЯ́НУТЫЙ/ЗАТЯ́НУТЫЙ – ОСЛА́БЛЕННЫЙ
НАПРЯЖЁННЫЙ – РАССЛА́БЛЕННЫЙ

1. Цврсто затегнат, врзан;
2. Напнат, повлечен, воздржан.

▪ *Ременот е* ***стегнат****.*
▫ *Многу е* ***стегнат*** *и повлечен.*

1. Што не е добро стегнат;
2. Ослободен од напнатост; опуштен.

▪ *Врвката е* ***олабавена****.*
▫ *Кога ја виде мајка си, стана* ***поолабавен****.*

св. СТЕГНЕ(СЕ) – ОЛАБАВИ(СЕ)
СЖА́ТЬ(СЯ) – ОСЛА́БИТЬ/РАССЛА́БИТЬ(СЯ)

1. Направи нешто да е стегнато; затегне; 2. Мобилизира се; засили се; 3. Уплаши се, повлече се.

▪ *Ја **стегнав** чешмата.*
▫ *Треба да **се стегнеш** и да положиш.*
▫ *Што си **се стегнал**, тоа не боли.*

1. Направи нешто да е лабаво; разлабави (се); 2. Опушти се; попушти во интензитет; 3. Опушти се, ослободи се од напнатост.

▪ *Го **олабави** шрафот.*
▫ ***Се олабави**, слабо учи.*
▫ ***Олабави се**, не е страшно.*

СТРУЧЕН – НЕСТРУЧЕН
ПРОФЕССИОНА́ЛЬНЫЙ – НЕПРОФЕССИОНА́ЛЬНЫЙ

Што има занаење и вештина во определена струка; што ја познава добро својата струка.

▪ *Ќе викнеме **стручен** човек, ќе ни помогне.*

Што нема доволно знаења и вештини во определена струка; што не ја познава струката.

▪ *Нека не фаќа, тој е **нестручен** за струја.*

СТРУЧНО – НЕСТРУЧНО
ПРОФЕССИОНА́ЛЬНО – НЕПРОФЕССИОНА́ЛЬНО

На стручен начин; професионално.

▪ *Работи **стручно**.*

На нестручен начин; непрофесионално.

▪ *Работи **нестручно**.*

СТРУЧНО – ЛАИЧКИ
ПРОФЕССИОНА́ЛЬНО – НЕПРОФЕССИОНА́ЛЬНО

На стручен начин; професионално.

▪ *Објаснува **стручно**.*

На нестручен начин; непрофесионално.

▪ *Објаснува **лаички**.*

СУВ – ВРНЕЖЛИВ
СУХО́Й – ДОЖДЛИ́ВЫЙ

Што не е дождлив или има малку врнежи.

▪ ***Суво*** *време.*

Што има доволно врнежи, што има често врнежи.

▪ ***Врнежливо*** *време.*

СУШЕН – ВРНЕЖЛИВ
ЗАСУ́ШЛИВЫЙ – ДОЖДЛИ́ВЫЙ

Што не е дождлив или има ретко врнежи.

▪ ***Сушен*** *период.*

Што има доволно врнежи, што има често врнежи.

▪ ***Врнежлива*** *пролет.*

СУВ – МОКАР
СУХО́Й – МО́КРЫЙ

Што не содржи влага, што не е мокар.

▪ *Патот е* ***сув****.*

Натопен со вода; воден, влажен.

▪ *Тревата е* ***мокра****.*

Ја соблече ***мократа*** *кошула и си навре* ***сува*** *што му ја подаде мајка му, потоа долго гледаше во луѓето околу себе кои молчеа, пушеа, и незабележливо си ја спушти главата во скутот на мајка си.* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

СУВ – ВЛАЖЕН
СУХО́Й – ВЛА́ЖНЫЙ

Што не содржи влага, што не е мокар; што не е влажен.

▪ ***Сува*** *коса.*

Исполнет со влага; мокар, суров.

▪ ***Влажна*** *коса.*

СУВ – ВОДЕН
СУХО́Й – МО́КРЫЙ

Што не содржи влага, што не е мокар.

▪ ***Сува*** *коса.*

Натопен со вода; воден, влажен; мокар.

▪ ***Водена*** *коса.*

СУВ – СУРОВ
СУХО́Й – СЫРО́Й

Што не содржи влага, што не е мокар.

Исполнет со влага; мокар, влажен.

▪ ***Суви*** *дрва.*

▪ ***Сурови*** *дрва.*

ø Меѓу ***сувото*** *и* ***суровото*** *е застанато сега, вели, и горе, горе, така било од секогаш, така е и сега.* П.М. Андреевски*, Пиреј.*

СУПЕРИО́РЕН – ИНФЕРИО́РЕН
ВЫШЕСТОЯ́ЩИЙ – НИЖЕСТОЯ́ЩИЙ

1. Што е подобар, што ги надминува другите со своите особини; што има повисок ранг; 2. Што гледа од висина, има високо мислење за себе; надуен.

1. Што е помалку вреден, помалку добар во некој однос; 2. Понизен.

▪ *Тој е* ***суперио́рен*** *во фирмата.*

▪ *Тој е во* ***инферио́рна*** *положба во однос на другарите.*

Т

ТАЗЕ *разг.* **– БАЈАТ** *разг.*
СВЕ́ЖИЙ – НЕСВЕ́ЖИЙ/ЧЁРСТВЫЙ

1. Неодамна произведен или подготвен; 2. Што не е застарен; скорашен, нов; свеж.

1. Одамна произведен или подготвен; 2. Застарен; одамнешен, стар.

▪ ***Тазе*** *леб.*
▪ ***Тазе*** *вести.*

▪ ***Бајат*** *леб.*
▪ ***Бајати*** *вести.*

ТАКТИЧЕН – НЕТАКТИЧЕН
ТАКТИ́ЧНЫЙ – БЕСТА́КТНЫЙ

Што има такт, чувство за мера; направен со такт.

Што нема такт, чувство за мера; направен без такт.

▪ ***Тактична*** *постапка.*

▪ ***Нетактична*** *постапка.*

ТАКТИЧНО – НЕТАКТИЧНО
ТАКТИ́ЧНО – БЕСТА́КТНО

На тактичен начин; деликатно.

▪ *Треба* ***тактично*** *да му укажеш на грешките.*

На нетактичен начин; без такт.

▪ ***Нетактично*** *го убедуваш да се запише на факултет.*

ТАКТИЧНОСТ – НЕТАКТИЧНОСТ
ТАКТИ́ЧНОСТЬ – БЕСТА́КТНОСТЬ

Чувство за мера; умешност за културно и соодветно однесување.

▪ *Со* ***тактичност*** *можеш да го убедиш.*

Немање чувство за мера; отсуство на умешност за соодветно однесување.

▪ *Со твојата* ***нетактичност*** *си ги намалуваш шансите за успех.*

ТАЛЕ́НТ – АНТИТАЛЕ́НТ
ТАЛА́НТ – БЕСТАЛА́ННОСТЬ

1. Дарба; извонредни способности, квалитети;
2. Лице со такви способности; надарено лице.

▪ *Тој е* ***талент*** *за јазик.*

1. Лишен од талент;
2. Лице без талент.

▪ *Тој е* ***антиталент*** *за готвење.*

ТАТКОВИНА – ТУЃИНА
РО́ДИНА – ЧУЖБИ́НА

Родна земја.

▪ ***Татковината*** *ми е Македонија.*

Туѓа земја, странска земја.

▪ *Русија не ми е* ***туѓина****.*

несв. ТВРДИ – ОДРЕКУВА
УТВЕРЖДА́ТЬ – ОТРИЦА́ТЬ

Кажува, изнесува нешто со убеденост дека е вистина.

Го повлекува кажаното, изнесеното.

▪ ***Тврдеше*** *дека бил на концертот, а сега* ***одрекува****.*

ТЕЛО – ДУХ
ТЕ́ЛО – ДУХ

Човечки организам во неговата надворешна физичка форма.	Свест; внатрешна нематеријална страна на човекот; психичка состојба и способност; тоа што побудува дејство, активност; тоа што го определува поведението.

Летните горештини беа пеколни, пари имаше малку, ***телото*** *откажуваше. Но* ***духот*** *издржа.* Д. Михајловски*, Избор;*

Тие сакаа да ми го земат мојот ***дух****, ама* ***телото*** *ми го отфрлаа, мислејќим уметноста на чија слава сакаа да се греат осиромашува како и златото, ако се подели со друг народ.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Ова е приказна за Ефтим Робе и за противречноста меѓу ***телото*** *и* ***духот****.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен.*

ТЕЛЕСЕН – ДУХОВЕН
ТЕЛЕ́СНЫЙ – ДУХО́ВНЫЙ

Што се однесува на телото; материјален, физички.	Што се однесува на умствената дејност; што се однесува на духот.
▪ *Правам* ***телесни*** *вежби.*	▪ ***Духовната*** *состојба му е лоша.*

ТЕЛО – ДУША
ТЕ́ЛО – ДУША́

Човечки организам во неговата надворешна физичка форма.	Внатрешен, психички свет на човекот; неговата свест, како определба на неговото поведение, карактер.

Водачот во таква положба, со умор во ***телото*** *и* ***душата****, по недобиениот бој, станува меланхолично расположен.* З. Ковачевски*, Аристотел од Ресен;*

Се гледаше дека се движи со ***телото****, ама* ***душата*** *ѝ ја немаше никаде. Мислиш дека не ја носи со себе.* П.М. Андреевски*, Последните селани;*

*За Давида, во секој случај, ова беше време што минуваше толку пријатно. Просто чувствуваше како и **душата** и **телото** му почнуваат, па скоро се исплаши кога некако неочекувано виде дека луѓето стануваат да си одат.* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

ТЕЛЕСЕН – ДУШЕВЕН
ТЕЛЕ́СНЫЙ – ДУШЕ́ВНЫЙ

Што се однесува на телото; материјален, физички.

Што се однесува на душата, на внатрешниот свет; ментален, психички.

▪ *Човекот има потреба и од **телесни** и од **душевни** задоволства.*

ТЕМЕЛЕН – ПОВРШЕН
ОСНОВА́ТЕЛЬНЫЙ – ПОВЕ́РХНОСТНЫЙ

Што има цврст темел, основа; добро заснован; длабоко проучен, сестрано обработен, подготвен, организиран; што длабоко проучува, сестрано обработува.

Што се ограничува само на она што е површина; што се гледа на прв поглед, без навлегување во суштината на работите; несериозен, плиток, непромислен.

▪ ***Темелен** е во работата.*

▪ *Се занимава со **површни** работи.*

ТЕМЕЛНО – ПОВРШНО
ОСНОВА́ТЕЛЬНО – ПОВЕ́РХНОСТНО

На темелен начин; длабоко, сестрано, како што треба; солидно.

Без задлабочување, набрзина, недоволно.

▪ ***Темелно** проучува.*

▪ *Објаснува **површно**.*

ТЕМЕЛНОСТ – ПОВРШНОСТ
ГЛУБИНА́ – ПОВЕ́РХНОСТНОСТЬ

Особина на оној што е темелен; на она што е темелно.

Особина на оној што е површен; на она што е површно.

▪ *Треба* ***темелност*** *во секоја работа ако сакаме резултати.*

▪ *Науката не трпи* ***површност****.*

ТЕОРЕТСКИ – ПРАКТИЧЕН
ТЕОРЕТИ́ЧЕСКИЙ – ПРАКТИ́ЧЕСКИЙ

Што се однесува на теоријата; заснован на теорија; што служи за запознавање на теоријата; што е црпен или научен само од книги и не е во врска со животот и со практиката; апстрактен.

Што се однесува на практиката; примена на знаењата на дело, во практика; што се однесува на животното искуство, на реалните потреби.

...речиси една деценија живееме, барем ние, овде и сега, во една специфична аномична состојба што, не само ***теоретски****, туку и* ***практично*** *го реафирмира, во една нова светлина, поимот на аномијата...* Ј. Корубин*, Аномично општество;*

Оттука неминовноста... да се ревидираат не само ***теоретските*** *становишта, туку и* ***практичните*** *решенија произлезени од советската теорија за печатот.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ТЕОРИЈА – ПРАКТИКА
ТЕО́РИЯ – ПРА́КТИКА

Учење; систем на научни принципи, идеи што го обопштуваат практичното искуство, ги одразуваат природните, општествените закони и мислења; систем на обопштени знаења и принципи што образуваат наука или дел на некоја наука.

Примена и утврдување на теоретските знаењата на дело; практична работа како основа на искуство и умешност во определена професија.

Воопшто, Роберт беше повеќе човек на техниката одошто на литературата, повеќе човек на ***практиката*** *одошто на* ***теоријата****.* Д. Солев*, Црно огледало;*

Историскиот развиток на музичката ***теорија*** *и* ***практика*** *постепено доведува до некои хроматски „промени“ во овие скали.* К. Лазаров, *Основи на музичката теорија.*

ТЕЧЕН – ЦВРСТ
ЖИ́ДКИЙ – ТВЁРДЫЙ

Што има својство да тече и да добива форма на садот во кој се наоѓа.

Што ја задржува формата и големината за разлика од течното и гасовитото.

▪ ***Течна*** *храна.*
▪ ***Течна*** *материја.*

▪ ***Цврста*** *храна.*
▪ ***Цврста*** *материја.*

ТИВОК – ШУМЕН
ТИ́ХИЙ/СПОКО́ЙНЫЙ – ШУ́МНЫЙ/ОЖИВЛЁННЫЙ

Што не е гласен, шумен; спокоен, мирен; кроток.

Што дава шум; гласен; што има шум, врева.

▪ ***Тивко*** *место.*

▪ ***Шумно*** *место.*

ТИВКО – ШУМНО
ТИ́ХО – ШУ́МНО

На тивок начин; мирно.

На шумен начин; шумејќи; гласно.

▪ *Влегува* ***тивко****.*

▪ *Работи* ***шумно****.*

ТИХ – БУЧЕН
ТИ́ХИЙ – ШУ́МНЫЙ

Што не е гласен, шумен; спокоен, мирен; кроток.

Што дава бука; гласен; што има бука, врева.

▪ ***Тивко*** *друштво.*

▪ ***Бучно*** *друштво.*

ТИШИНА – БУЧАВА
ТИШИНА́ – ШУМ

Отсуство на шум, бучава, врева; молк.

Присуство на шум, бучава, врева.

Да беше саботa место недела и да беше ***тишина*** *место оваа* ***бучава****, Самоил ќе можеше да го слушне испробувањето на сиренитe за давање тревога.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ТИШИНА – ВРЕВА
ТИШИНА́ – ШУМ

Отсуство на шум, бучава, врева; молк.

Присуство на шум, бучава; гласно зборување.

Вистина е оти куќата без книги за мајка ми ќе значеше и мир, чистота, помалку прашина, повеќе воздух, но од друга страна, тоа ќе значеше и почеток на една ***тишина*** *што ја совладува* ***вревата*** *на животот и означуваше некаков крај*...Л. Старова, *Татковите книги.*

ТИПИЧЕН – АТИПИЧЕН
ТИПИ́ЧНЫЙ – НЕТИПИ́ЧНЫЙ

Што има особини својствени на определен тип, карактеристичен за една средина, народ, време итн; обичен, вообичаен.

Што отстапува од моделот; што не е карактеристичен за една средина, народ, време итн; необичен, невообичаен.

▪ ***Типичен*** *претставник на северен човек.*

▪ *Ова е* ***атипично*** *однесување.*

несв. **ТОВАРА(СЕ) – РАСТОВАРА(СЕ)**
НАГРУЖА́ТЬ(СЯ) – РАЗГРУЖА́ТЬ(СЯ)
ЗАГРУЖА́ТЬ – ВЫГРУЖА́ТЬ

1. Качува товар; полни со товар; зема товар; 2. Оптоварува некого со многу работа, со задолженија; прифаќа задолженија.

1. Симнува товар; празни товар; ослободува се од товар; 2. Ослободува некого од вишок работа, од задолженија; ослободува се од задолженија.

▪ *Ја* ***товара*** *колата.*
▫ ***Се товара*** *со работа.*

▪ *Го* ***растовара*** *камионот.*
▫ ***Се растовара*** *од обврски.*

св. **ТОВАРИ(СЕ) – РАСТОВАРИ(СЕ)**
НАГРУЗИ́ТЬ(СЯ) – РАЗГРУЗИ́ТЬ(СЯ)
ЗАГРУЗИ́ТЬ – ВЫ́ГРУЗИТЬ

1. Качи товар; наполни со товар; земе товар; 2. Оптовари некого со

1. Симне товар; испразни товар; ослободи се од товар; 2. Ослободи некого

многу работа, со задолженија; прифати задолженија.

▪ *Ја* ***товари*** *стоката.*
▫ ***Се товари*** *со работа.*

од вишок работа, од задолженија; ослободи се од задолженија.

▪ *Го* ***растовари*** *вагонот.*
▫ ***Се растовари*** *од некои обврски.*

ТОГАШ – СЕГА
ТОГДА́ – СЕЙЧА́С

1. Во она време, не сега; 2. Во некое конкретно минато време.

1. Во овој час; во ова време; 2. Во денешно време.

Тоа беше сè што можев да смислам, и ***тогаш*** *и* ***сега*** *кога ќе дојдам до тој миг на настаноt.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

ТОГАШЕН – СЕГАШЕН
ТОГДА́ШНИЙ – ТЕПЕ́РЕШНИЙ

Што бил во минато конкретно време; во минат конкретен период.

▪ ***Тогашен*** *амбасадор.*

Што се однесува на сегашноста, времето на зборување; што постои сега; денешен.

▪ ***Сегашен*** *пријател.*

ТОКМУ – НЕТОКМУ
НОРМА́ЛЬНЫЙ – НЕНОРМА́ЛЬНЫЙ
ДОСТА́ТОЧНО – НЕДОСТА́ТОЧНО

Нормален; психички здрав; доволно; колку што треба; како што треба.

▪ *Јас сум* ***токму*** *со памет.*
▪ ***Токму*** *така направив.*

Ненормален; психички болен; недоволно; неточно; не како што треба.

▪ *Тој е* ***нетокму*** *што се јавува волку рано за неважни работи.*
▪ *Сè му е* ***нетокму****, само се жали.*

несв. **ТОПЛИ(СЕ) – ЛАДИ(СЕ)**
ГРЕ́ТЬ(СЯ)/НАГРЕВА́ТЬ – ОХЛАЖДА́ТЬ(СЯ)
ПОДОГРЕВА́ТЬ – ОСТЫВА́ТЬ

Зголемува температура; станува топол; подгрева; грее се себеси; станува топло.

Снижува температура; станува ладен, свеж; оладува се себеси; станува ладно.

▪ *Го* ***топли*** *ручеко̄т.*

▪ ***Се лади*** *по̄д сенка.*

▫ *Тој ме пра̄шува за дома, јас за Америка и, од кај се најде овдека, го̄ пра̄шувам. И во те̄мница̄та само не̄говите̄ зборови ми све̄та̄т. Ме* ***топла̄т****, ме* ***лада̄т****...* П.М. Андреевски*, Пире̄ј.*

св. **СТОПЛИ(СЕ) – ОЛАДИ(СЕ)**
СОГРЕ́ТЬ(СЯ)/ПОДОГРЕ́ТЬ – ОХЛАДИ́ТЬ(СЯ)/ОСТУДИ́ТЬ

Даде топлина; направи да биде топло, подгрее; згрее се себеси; стане топло.

Снижи температура; стане ладен, свеж; олади се себеси.

▪ *Го* ***стопли*** *ја̄дењето̄.*
▪ ***Се стопли*** *во це̄перо̄т.*

▪ ***Се олади*** *супа̄та̄.*
▪ ***Се оладив*** *во езеро̄то̄.*

ТОПОЛ – ЛАДЕН
ТЁПЛЫЙ – ХОЛО́ДНЫЙ

1. Загреан; 2. Што дава топлина; 3. Што има топлина; 4. Клима со висока темпратура; 5. Срдечен, нежен; 6. Одредени бои и тонови што сугерираат топлина.

1. Оладен; 2. Што дава ниска температура; 3. Што нема топлина; 4. Клима со ниска температура; 5. Незаинтересиран, рамнодушен; 6.Тонови и бои што сугерираат студенило.

▪ ***Топла*** *вода.*
▫ ***Топол*** *пре̄јем.*

▪ ***Ладна*** *вода.*
▫ ***Ладен*** *пре̄јем.*

ТОПЛО – ЛАДНО
ТЕПЛО́ – ХО́ЛОДНО

1. Топлина; 2. Пријателски, срдечно, љубезно.

1. Ладно место, ладен воздух; 2. Рамнодушно, без емоции.

ø Од ***топлото*** *ожеднав.*
▫ *Ме пречека* ***топло****.*

ø Од ***ладното*** *ме боли глава.*
▫ *Се поздравија* ***ладно****.*

ТОПОЛ – СТУДЕН
ТЁПЛЫЙ – ХОЛО́ДНЫЙ

1. Загреан; 2. Што дава топлина; 3. Што има топлина; 4. Клима со висока темпратура; 5. Срдечен, нежен; 6. Одредени бои и тонови што сугерираат топлина.

1. Оладен; 2. Што дава ниска температура; 3. Што нема топлина; 4.Клима со ниска температура; 5. Незаинтересиран, рамнодушен; 6. Тонови и бои што сугерираат студенило.

Студениот *мермер обликуван во* ***топло*** *зрачење ми откри, како што можам да протолкувам сега, дека тој го прифаќа моето сознавање оставајќи ме најолно самостојно да се одлучам.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

ТОПЛО – СТУДЕНО
ТЕПЛО́ –ХО́ЛОДНО

1. Топлина; 2. Пријателски, срдечно, љубезно.

1. Студенило; 2. Рамнодушно; без емоции.

Сè ми е наопаку. Како може на север да е ***топло*** *а на југ* ***студено****?* Д. Михајловски*, Избор;*

ø Јас не знам колку долго останав тука крај прозорецот; веројатно лицето ми се вкочанило, ако веќе не бев целиот вкочанет, мраз, празен, ништо не чувствував, ни ***топло*** *ни* ***студено****, едноставно тука стоев како закован.* Ж. Чинго*, Накусо.*

ТОПЛИНА/ТОПЛО – СТУД/СТУДЕНИЛО
ТЕПЛО́/ТЕПЛОТА́ – ХО́ЛОД/СТУ́ЖА

1. Воздух со висока температура; 2. Време со висока температура; 3. Пријателско чувство; убави емоции.

▫ *Во неговите очи зрачеше* ***топлина****.*

1. Воздух со ниска температура; 2. Време со ниска температура; 3. Нечувствителен; што не покажува емоции.

▫ *Меѓу нив се чувствуваше* ***студенило****.*

Отвори ја вратата од балконот, а ***студот*** *како побеснето куче ќе се втурнеше во* ***топлината***. З. Ковачевски, *Аристотел од Ресен.*

ТОТАЛЕН – ПАРЦИЈА́ЛЕН
ТОТА́ЛЬНЫЙ – ЧАСТИ́ЧНЫЙ

Цел; целосен; сеопфатен; потполн.

▪ ***Тотални*** *промени.*

Делумен; неполн; што што опфаќа само дел.

▪ ***Парцијални*** *промени.*

ТОТАЛНО – ПАРЦИЈА́ЛНО
ТОТА́ЛЬНО/ЦЕ́ЛОСТНО – ЧАСТИ́ЧНО

Сосема; потполно; во полна мера.

▪ *Те разбирам* ***тотално***.

Делумно; донекаде.

▪ *Работата е* ***парцијално*** *завршена.*

ТОЧЕН –НЕТОЧЕН
ТО́ЧНЫЙ/ВЕ́РНЫЙ – НЕТО́ЧНЫЙ/НЕВЕ́РНЫЙ
ПУНКТУА́ЛЬНЫЙ – НЕПУНКТУА́ЛЬНЫЙ

1. Што е во полн склад со вистината; вистинит; 2. Што нема грешки; правилен; 3. Што функционира добро; прецизен; 4. Што доаѓа навреме; пунктуален.

▪ ***Точна*** *информација.*
▪ ***Точна*** *задача.*
▪ ***Точна*** *дата.*

1. Што не е во склад со вистината; невистинит; 2. Што има грешки; погрешен; 3. Што не функционира добро; непрецизен; 4. Што доцни; непунктуален.

▪ ***Неточна*** *информација.*
▪ ***Неточна*** *задача.*
▪ ***Неточна*** *дата.*

ТОЧНО – НЕТОЧНО
ПРА́ВИЛЬНО – НЕПРА́ВИЛЬНО
ВЕ́РНО – НЕВЕ́РНО

Исправно; коректно; правилно; како што треба.

▪ *Одговори* ***точно***.

Неисправно; некоректно; неправилно; погрешно.

▪ *Одговори* ***неточно***.

ТОЧЕН – ПОГРЕШЕН
ТО́ЧНЫЙ – ОШИ́БОЧНЫЙ

Што е во полн склад со вистината; вистинит; што нема грешки; правилен; вистински.

▪ ***Точна*** *проценка.*
▪ ***Точен*** *одговор.*

Што не е во склад со вистината; невистинит; што има грешки; погрешен.

▪ ***Погрешно*** *мислење.*
▪ ***Погрешен*** *одговор.*

ТОЧНО – ПОГРЕШНО
ВЕ́РНО – ОШИ́БОЧНО

1. Исправно; коректно; правилно; како што треба; 2. Она што е точно.

▪ *Ги реши* ***точно*** *задачите.*

1. Неисправно; некоректно; неправилно; погрешно; 2. Она што е погрешно.

▪ *Напиша* ***погрешно****.*

ø Основи на неговиот аргумент беа претпоставките дека луѓето со својот разум можат да разликуваат меѓу ***точното*** *и* ***погрешното****, доброто и лошото, а за да го примени таквиот талент, човекот мора да има неограничен пристап до идеите и мислите на другите луѓе.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

ТРАГЕДИЈА – КОМЕДИЈА
ТРАГЕ́ДИЯ – КОМЕ́ДИЯ

1. Драмско дело што прикажува тешки животни конфликти со тажни последици; 2. Голема несреќа; потресна случка.

▪ *Не гледам* ***трагедии****.*
▪ *Се случи* ***трагедија****.*

1. Драмско дело со весела, со смешна содржина; со среќен крај; 2. Забавна случка; смешна случка.

▪ *Сакам* ***комедии****.*
▪ *Одговорот му беше* ***комедија****.*

ТРАГИЧАР – КОМИЧАР
ТРА́ГИК – КО́МИК

1. Актер што игра трагични улоги;

1. Актер што игра комични улоги;

2. Писател на трагедии.

▪ *Тој е* ***тра̄гичар****.*

2. Писател на комедии.

▪ *Тој е по̄знат* ***комичар****.*

ТРАГИЧЕН – КОМИЧЕН
ТРАГИ́ЧНЫЙ – КОМИ́ЧНЫЙ
ТРАГИ́ЧЕСКИЙ – КОМИ́ЧЕСКИЙ

Полн со трагика; тажен; потресен; ужасен.

▪ ***Тра̄гична*** *по̄следица.*

Смешен; забавен.

▪ ***Комичен*** *случај.*

ТРАГИЧНО – КОМИЧНО
ТРАГИ́ЧНО – КОМИ́ЧНО

На трагичен начин; жално, потресно.

▪ ***Тра̄гично*** *завршува.*

На комичен начин; весело; забавно.

▪ ***Комично*** *раскажува.*

ТРАЕН – ПРИВРЕМЕН
ПОСТОЯ́ННЫЙ – ВРЕ́МЕННЫЙ

Што трае долго; што е наменет за долго време; стален; постојан.

▪ ***Трајно*** *решение.*

Што трае кратко; што е наменет за кратко време; времен.

▪ ***Привремено*** *решение.*

ТРАЈНО – ПРИВРЕМЕНО
ПОСТОЯ́ННО – ВРЕ́МЕННО

На траен начин; стално.

▪ *Ќе го̄ решиме* ***тра̄јно*** *случајо̄т.*

Ограничено; кратко; времено.

▪ ***Привремено*** *ќе живееш ша̄ка.*

несв. ТРОШИ – ШТЕДИ
РАСХО́ДОВАТЬ/ТРА́ТИТЬ – ЭКОНО́МИТЬ/БЕРЕ́ЧЬ

Плаќа пари за нешто; користи, употребува попусто, многу; губи.

▪ ***Трошам*** *па̄ри за цига̄ри.*

Не троши пари; не користи, не употребува попусто; чува.

▪ ***Ша̄тедам*** *па̄ри за одмор.*

ТРПЕЛИВ – НЕТРПЕЛИВ
ТЕРПЕЛИ́ВЫЙ – НЕТЕРПЕЛИ́ВЫЙ
СТО́ЙКИЙ – НЕВОЗДЕ́РЖАННЫЙ

Што може да трпи; толерантен.

▪ ***Трпелив*** *човек.*

Што не може да трпи; нетолерантен.

▪ ***Нетрпелив*** *човек.*

ТРПЕЛИВО – НЕТРПЕЛИВО
ТЕРПЕЛИ́ВО – НЕТЕРПЕЛИ́ВО
СТО́ЙКО – НЕВОЗДЕ́РЖАННО

На трпелив начин; толерантно.

▪ ***Трпеливо*** *чекам.*

На нетрпелив начин; нетолерантно.

▪ *Се однесува* ***нетрпеливо****.*

ТРПЕЛИВОСТ – НЕТРПЕЛИВОСТ
ТЕРПИ́МОСТЬ – НЕТЕРПИ́МОСТЬ

Особина на оној што е трпелив; толерантност.

▪ *Со* ***трпеливост*** *се поститнува сè.*

Особина на оној што е нетрпелив; нетолерантност.

▪ *Те чекам со* ***нетрпеливост****.*

ТУЖИТЕЛ – ОБВИНЕТ
ИСТЕ́Ц – ОТВЕ́ТЧИК

Лице што поднесува тужба.

Лице против кого е поднесена тужба.

ТУКА/ОВДЕ – ТАМУ
ЗДЕСЬ/СЮДА́ – ТАМ/ТУДА́

На ова место.

На тоа место.

Може некогаш ќе треба да му речам, оти што водиме будалски и празни разговори, ако продолжиме така, ќе се замразиме: „туку ги знам луѓето со нив сум бил и ***таму*** *и* ***тука****, и мене ми се чини не се тие луѓе.* М. Фотев*, Потомците на Кат.*

Ќ

Ќ́АР *разг.* **– ЗИЈАН** *разг.*
ПРОК/ВЫ́ГОДА – УБЫ́ТОК
ВЫ́ИГРЫШ – ПРО́ИГРЫШ

Добивка; заработка; корист. Загуба; штета.

*Ни **ќ́ар** ни **зијан**, - рече Трајко ко̄га си дојде со нова̄та невес-та̄, една од по̄рта̄, друга̄ в по̄рта̄.* С. Попов, *Кр̄пен живо̄т;*
***Ќ́ар** ли сум или **зијан**, се пребројувам.* Д. Солев, *Црно о̄гледало;*
***Ќ́аро̄т** и **зијано̄т** се браќа. Посл.*

св. несв. **Ќ́АРИ** *разг.* **– ЗИЈАНИ** *разг.*
ЗАРАБО́ТАТЬ – ПРОИГРА́ТЬ
ИЗВЛЕ́ЧЬ ПО́ЛЬЗУ – ПОТЕРПЕ́ТЬ УБЫ́ТОК

Добие; заработи; има корист. Губи; трпи штета.

▪ ***Ќ́ари** ракија и мезе.* ▪ ***Зијани** п̄ари на коцка.*

Ќ́ЕРКА – СИН
ДОЧЬ – СЫН

Женско лице во однос на своите родители. Машко лице во однос на своите родители.

*Го нема то̄ј Бо̄гдан, наст̄ојчиви беа, а т̄и ќе му раѓаш **син**, **ќ́ерка**. Но **син** или **ќ́ерка**, то̄ј не ќе дочека.* С. Јаневски, *Кучешко рас-п̄ет̄ие.*

У

УБАВ – ГРД
КРАСИ́ВЫЙ – БЕЗОБРА́ЗНЫЙ
ХОРО́ШИЙ – УРО́ДЛИВЫЙ/ГА́ДКИЙ

Што претставува наслада за очите; со пријатна надворешност; добар; пријатен.

Неубав; со непријатна надворешност; лош; непријатен.

▪ ***Убав** лебед.*
▫ ***Убава** по̄ст̄ајка.*

▪ ***Грдо** п̄ајче.*
▫ ***Грда** по̄ст̄ајка.*

Како можеа толку ***убави****, толку градски, вака* ***грдо*** *да се зацапаат во една , благо речена, од естетски аспект, нападно селска надворешност, никогаш не ми стана јасно.* Д. Михајловски*, Избор.*

УБАВО – ГРДО
КРАСИ́ВО – НЕКРАСИ́ВО/ПЛО́ХО/БЕЗОБРА́ЗНО

На убав начин; добро.

▪ *Се облекува* ***убаво****.*
▫ ***Убаво*** *му се обраќа.*

На неубав начин; лошо.

▪ *Се облекува* ***грдо****.*
▫ ***Грдо*** *му се обраќа.*

ø Со своето присуство го засолнуваат, притоа, изобилието од ***грдо*** *и до јасна видливост го извлекуваат малкуто* ***убаво*** *што го има во тоа.* М. Јовановски*, Патот до осамата.*

УБАВИНА – ГРДОСТ
КРАСОТА́ – УРО́ДСТВО

Збир на квалитети што претствуваат задоволство за око, за уво; што е пријатно, што предизвикува восхит.

Тоа што предизвикува гадење, одбивност; што е непријатно за око, за уво.

Мислите на страв, мислите на болка и мислите на грижа ја предизвикуваат ***грдоста*** *што ја викаме старост! Мислите на веселост, мислите на љубов и мислите на идеали ја создаваат* ***убавината*** *што ја викаме младост.* Д. Михајловски*, Избор.*

УБАВ – ГАДЕН
ХОРО́ШИЙ – ОТВРАТИ́ТЕЛЬНЫЙ
КРАСИ́ВЫЙ – ГА́ДКИЙ

Што предизвикува задоволство, восхит; добар; пријатен.

▪ ***Убаво*** *време.*
▫ ***Убав*** *однос.*

Што предизвикува гадење, одбивност; грд; лош; непријатен.

▪ ***Гадно*** *време.*
▫ ***Гаден*** *човек.*

УБАВО – ГАДНО
КРАСИ́ВО/ХОРОШО́ – БЕЗОБРА́ЗНО/ГА́ДКО

На убав начин; добро.

▪ ***Убаво*** *зборува за тебе.*

На гаден начин; лошо, одвратно.

▪ ***Гадно*** *е за гледање.*

УБАВ – НЕУБАВ
КРАСИ́ВЫЙ – НЕКРАСИ́ВЫЙ
ХОРО́ШИЙ – НЕХОРО́ШИЙ

Што претставува наслада за очите; со пријатна надворешност; добар; пријатен.

Грд; со непријатна надворешност; лош; непријатен.

▪ ***Убава*** *прошетка.*

▪ ***Неубаво*** *место.*

УБАВО – НЕУБАВО
КРАСИ́ВО – НЕКРАСИ́ВО
ХОРОШО́ – НЕХОРОШО́

На убав начин; добро.

На неубав начин; лошо.

▪ ***Убаво*** *му реков.*

▪ ***Неубаво*** *се облекува.*

УБАВ – ЛОШ
КРАСИ́ВЫЙ/ХОРО́ШИЙ – НЕКРАСИ́ВЫЙ/ПЛОХО́Й
ПРИЯ́ТНЫЙ – НЕПРИЯ́ТНЫЙ

Што предизвикува задоволство, восхит; добар; пријатен.

▪ ***Убаво*** *место.*
▪ ***Убав*** *мирис.*
▪ ***Убав*** *пречек.*

Што предизвикува гадење, одбивност; грд; лош; непријатен.

▪ ***Лошо*** *место.*
▪ ***Лош*** *мирис*
▪ ***Лош*** *пречек.*

УБАВО – ЛОШО
ХОРОШО́ – ПЛО́ХО
КРАСИ́ВО – НЕКРАСИ́ВО

На убав начин; добро; пријатно.

На лош начин; грдо; непријатно.

Каде одиш, момче, – прашаше добриот чичко Глоѓ. – Сепак овде е ***поубаво****. Јас знам едно полошо место од Пасквел. Во рајот е* ***полошо****.* Ж. Чинго*, Накусо.*

св. **УБЕДИ – ОДВРАТИ**
УБЕДИ́ТЬ/УГОВОРИ́ТЬ – ОТГОВОРИ́ТЬ

Натера некого да се согласи.

▪ *Ја **убеди** да оста̄не.*

Направи да се откаже од планираното, од намерата.

▪ *Ја **одврати** од па̄тувањето.*

несв. **УБЕДУВА – ОДВРАЌА**
УБЕЖДА́ТЬ/УГОВА́РИВАТЬ – ОТГОВА́РИВАТЬ

Тера некого да се согласи.

▪ *Го **убедува** да чита̄.*

Прави да се откаже од планираното, од намерата.

▪ *Го **одвраќа** од лоши намери.*

св. **УБЕДИ(СЕ) – РАЗУБЕДИ(СЕ)**
УБЕДИ́ТЬ(СЯ) – РАЗУБЕДИ́ТЬ(СЯ)

Направи некој да поверува; направи некој да се согласи; поверува.

▪ *Нѐ **убеди** дека е пра̄вилно.*
▪ ***Се убеди** дека е та̄ка.*

Направи некој да го смени мислењето; направи да се откаже од намерата; смени мислење.

▪ *Нѐ **разубеди** и се отка̄жавме.*
▪ ***Се разубеди**, не верува.*

несв. **УБЕДУВА(СЕ) – РАЗУБЕДУВА(СЕ)**
УБЕЖДА́ТЬ(СЯ) – РАЗУБЕЖДА́ТЬ(СЯ)

Прави некој да поверува; прави некој да се согласи; се труди да поверува.

▪ *Го **убедувам** да дојде.*
▪ ***Се убедува** дека му е добро.*

Прави некој да го смени мислењето; прави да се откаже од намерата; менува мислење.

▪ *Го **разубедувам** да не оди.*
▪ ***Се разубедува** лесно.*

св. **УВЕЛИЧИ(СЕ) – НАМАЛИ(СЕ)**
УВЕЛИ́ЧИТЬ(СЯ) – УМЕ́НЬШИТЬ(СЯ)

Направи голем или поголем; зголеми (количина, износ,

Направи мал или помал; скрати (количина, износ,

обем итн.); стане голем или поголем.

▪ *Ги* ***увеличија*** *данокиште.*
▪ ***Се увеличи*** *вредноста.*

обем итн.); стане мал или помал.

▪ *Ги* ***намалија*** *данокиште.*
▪ ***Се намали*** *вредноста.*

несв. **УВЕЛИЧУВА(СЕ) – НАМАЛУВА(СЕ)**
УВЕЛИ́ЧИВАТЬ(СЯ) – УМЕНЬША́ТЬ(СЯ)

Прави голем или поголем; зголемува (количина, износ, обем итн.); станува голем или поголем.

▪ *Ги* ***увеличуваат*** *ценише.*
▪ ***Се увеличува*** *бројот на*

Прави мал или помал; крати (количина, износ, обем итн.); станува мал или помал.

▪ *Ги* ***намалуваат*** *платише.*
▪ ***Се намалува*** *криминалот.*

св. **УВЕРИ(СЕ) – РАЗУВЕРИ(СЕ)**
УВЕ́РИТЬ(СЯ) – РАЗУВЕ́РИТЬ(СЯ)

Направи некој да поверува; поверува; стане сигурен.

▪ ***Се увери*** *дека не ѓреши.*

Направи некој да го смени мислењето; смени мислење.

▪ ***Се разувери*** *кога дозна.*

несв. **УВЕРУВА(СЕ) – РАЗУВЕРУВА(СЕ)**
УВЕРЯ́ТЬ(СЯ) – РАЗУВЕРЯ́ТЬ(СЯ)

Прави некој да поверува; поверува; станува сигурен.

▪ ***Се уверува*** *дека е добро.*

Прави некој да го смени мислењето; менува мислење.

▪ ***Се разуверува*** *кога ќе му објасниш.*

св. **УВЕЗЕ – ИЗВЕЗЕ**
ВВЕЗТИ́ – ВЫ́ВЕЗТИ

Внесе странски поизводи во земјата.

▪ ***Увезе*** *италијански чевли.*

Изнесе свои производи во странство.

▪ ***Извезе*** *македонски ајвар.*

несв. **УВЕЗУВА – ИЗВЕЗУВА**
ВВОЗИ́ТЬ – ВЫ́ВОЗИТЬ

Внесува странски поизводи во земјата.

▪ ***Увезува*** *компјутери.*

Изнесува свои производи во странство.

▪ ***Извезува*** *текстил.*

УВЕЗЕН – ИЗВЕЗЕН
ИМПОРТИ́РОВАННЫЙ – ЭКСПОРТИ́РОВАННЫЙ

Што е донесен од странство.

▪ ***Увезена*** *стока.*

Што е однесен во странство.

▪ ***Извезен*** *текстил.*

УВОЗ – ИЗВОЗ
ВВОЗ/И́МПОРТ – ВЫ́ВОЗ/Э́КСПОРТ

Внесување странски производи во земјата; импорт.

Изнесување свои производи во странство; експорт.

Договорот дозволува отстапување од определбата за слободно движење на стоките, дозволувајќи забрана, односно ограничување на ***увозот****,* ***извозот*** *или транзитот на стоки ако за тоа има оправдување поради заштита на моралот...*Т. Бендевски*, Право на Европска унија.*

УВОЗЕН – ИЗВОЗЕН
И́МПОРТНЫЙ – Э́КСПОРТНЫЙ
ВВОЗНО́Й – ВЫ́ВОЗНОЙ

Што се однесува на увоз; што е од увоз; што може да се увезе; што е наменет за увоз.

▪ ***Увозна*** *стока.*
▪ ***Увозна*** *дозвола.*

Што се однесува на извоз; што е извезен; што може да се извезе; што е наменет за извоз.

▪ ***Извозна*** *стока.*
▪ ***Извозна*** *дозвола.*

УВОЗНИК – ИЗВОЗНИК
ИМПОРТЁР – ЭКСПОРТЁР

Што увезува; што се занимава со увоз.

▪ ***Увозник*** *е фирмата „Нон-стоп“.*

Што извезува; што се занимава со извоз.

▪ *Тој е* ***извозник*** *на зеленчук.*

УГЛЕДЕН – НЕУГЛЕДЕН
АВТОРИТЕ́ТНЫЙ – НЕАВТОРИТЕ́ТНЫЙ

Што ужива углед, почит; уважен; ценет; виден; истакнат.

▪ ***Угледна*** *личност.*

Што не ужива углед; што не е истакнат; мал; незабележлив.

▪ ***Неугледна*** *личност.*

УГОРЕ – УДОЛУ
ВВЕРХ/КВЕ́РХУ – ВНИЗ/КНИ́ЗУ

Насочено во височина, кон горе; кон повисоко место, кон врвот; нагоре.

Насочено кон пониско место, кон долу; надолу.

Што да се прави – ***угоре*** *високо,* ***удолу*** *длабоко!* В. Урошевиќ*, Невестата на змејот;*

Но брегу, многу брегу ми домачна. Тоа катерење ***угоре-удолу****, тоа јазење а таму а ваму...* Х. Крстевски*, Раскази од Равен;*

Станиште веќе беше заминато ***угоре****, мене ми остана да слезам* ***удолу****.* Д. Солев*, Црно огледало.*

УГОРЕН – УДОЛЕН
ПОДНИМА́ЮЩИЙСЯ В ГО́РУ – СПУСКА́ЮЩИЙСЯ
ВОСХОДЯ́ЩИЙ – НИСХОДЯ́ЩИЙ

1. Што се движи, што е насочен кон повисоко место; нагорен; 2. Што се подобрува; зајакнува.

▪ ***Угорно*** *место.*

1. Што се движи, што е насочен кон пониско место; надолен; 2. Што се влошува; слабее.

▪ ***Удолно*** *место.*

УГОРНИЦА – УДОЛНИЦА
ПОДЪЁМ – СПУСК

Дел од пат што се искачува нагоре; стрмно место.

Дел од пат што се спушта надолу; место по кое се слегува.

Ѓорѓија гледаше во ***угорницата*** *пред себе, виде дека е на крајот од силите, сакаше да се врати и едноставно да се пушти надолу по* ***удолницата****, препуштајќи се целосно на нафакаата, ама нешто внатре,... не му даваше да се враќа...* Д. Михајловски*, Избор;*

*Животот е една голема **узорница**, а уште поголема **удолница** по која трчаме. Цел живот трчаме за да го откриеме нејзиниот крај, нејзиниот гасер.* П.М. Андреевски, *Пиреј.*

несв. **УГРЕВА – ЗАОЃА/ЗАЈДУВА**
ВОСХОДИ́ТЬ – ЗАХОДИ́ТЬ

Појавува се над хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцето **угрева** наутро.*

Губи се зад хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцето **заоѓа** навечер.*

св. **УГРЕЕ – ЗАЈДЕ**
ВЗОЙТИ́ – ЗАЙТИ́

Појави се над хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцето **угреа** рано наутро.*

Изгуби се зад хоризонтот (сонце, месечина).

▪ *Сонцето **зајде** одамна.*

УДОБЕН – НЕУДОБЕН
УДО́БНЫЙ – НЕУДО́БНЫЙ

Пријатен; згоден, добар за користење; погоден.

▪ ***Удобна** фотеља.*

Непријатен; незгоден, лош за користење; непогоден.

▪ ***Неудобен** кревет.*

УДОБНО – НЕУДОБНО
УДО́БНО – НЕУДО́БНО

На удобен начин; пријатно; згодно.

▪ *Овде седам **удобно**.*

На неудобен начин; непријатно; незгодно.

▪ ***Неудобно** ми е да замолам.*

УМ – СРЦЕ
УМ – СЕ́РДЦЕ

Способност на човекот да мисли; основа на свесен, разумен живот.

Орган, како симбол на емоции, расположби, чувства на човекот.

▪ ***Умот** со вистина се просветлува, а **срцето** со љубов се грее.*

УМЕЕЊЕ – НЕУМЕЕЊЕ
УМЕ́НИЕ – НЕУМЕ́НИЕ

Способност за нешто стекнато со знаење, со искуство.

▪ *Со **умеење** сѐ се прави.*

Отсуство на знаење, вештина.

▪ *Ме загрижува твоето **неумеење** да се снајдеш.*

УМЕН – ГЛУПАВ/ГЛУП
У́МНЫЙ – ГЛУ́ПЫЙ

Што поседува ум; што употребува ум; што изразува ум; разумен; интелигентен; мудар. паметен.

▪ ***Умно** решение.*
▪ ***Умно** лице.*

Со ограничени умствени способности; неинтелигентен; лишен од разумна, од интересна содржина.

▪ ***Глупав** човек.*
▪ ***Глупаво** прашање.*

УМНО – ГЛУПАВО/ГЛУПО
У́МНО – ГЛУ́ПО

На умен начин; мудро, паметно.

▪ ***Умно** постапува.*

На глуп начин; неразумно.

▪ ***Глупо** се однесува.*

УМЕН – БУДАЛА
У́МНЫЙ – ДУРА́К

Што поседува ум; што употребува ум; што изразува ум; разумен; паметен.

Со ограничени умствени способности; нетокму; нездрав; несериозен; што прави глупости.

*Има право Цара, си вели, немало мера колку еден човек може да биде **будала**. Сигурно јас сум **будала** за повеќемина. Не му е секому дадено да биде **умен**.* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*Само тогаш добриот не е **будала** и **умниот** расипан.* М. Јовановски, *Патот до осамата.*

УМЕН – УЛАВ
У́МНЫЙ – БЕЗУ́МНЫЙ

Што поседува ум; што употребува ум; што изразува ум; разумен; паметен.

Луд; нетокму; нездрав; несериозен; што прави глупости; немирен.

*Од **улав** човек не чекај **умна**, вели Трајан Ендековски, а нему и овој ум му е многу...* П.М. Андреевски, *Последните селани;*

*ø Поарно со **умен** да плачеш одошто со **улав** да се смееш. Посл.*

УМЕРЕН – НЕУМЕРЕН
УМЕ́РЕННЫЙ – НЕУМЕ́РЕННЫЙ

Што има мера; што знае мера; што не претерува; што не е претеран.

Што нема мера; што не знае за мера; што претерува; претеран.

- ***Умерен** човек.*
- ***Умерена** тежина.*

- ***Неумерен** човек.*
- ***Неумерено** јадење.*

УМЕРЕНО – НЕУМЕРЕНО
УМЕ́РЕННО – НЕУМЕ́РЕННО

На умерен начин; со мера.

На неумерен начин; без мера.

- ***Умерено** пие.*

- ***Неумерено** пие.*

УМЕРЕНОСТ – НЕУМЕРЕНОСТ
УМЕ́РЕННОСТЬ – НЕУМЕ́РЕННОСТЬ

Особина на умерен.

Особина на неумерен.

- ***Умереноста** е човечка доблест.*

- ***Неумереноста** е човечка слабост.*

УМЕРЕН – ЕКСТРЕМЕН
УМЕ́РЕННЫЙ – ЭКСТРЕМИ́СТСКИЙ

Што не оди во крајности; што има мера; што има граници.

Што има крајни погледи, размислувања; претеран.

- ***Умерени** барања.*

- ***Екстремни** мерки.*

УМЕРЕНО – ЕКСТРЕМНО
УМЕ́РЕННО – ЭКСТРЕМА́ЛЬНО

На умерен начин; со мера; воздржано.

▪ *Дејствува* ***умерено***.

На екстремен начин; крајно; претерано.

▪ *Дејствува* ***екстремно***.

УМЕРЕНОСТ – ЕКСТРЕМНОСТ
УМЕ́РЕННОСТЬ – ЭКСТРЕМИ́ЗМ

Особина на умерен; воздржаност.

▪ ***Умереноста*** *во политиката дава позитивни резултати.*

Крајност; претераност.

▪ ***Екстремноста*** *е одлика на несигурни лидери.*

УМЕРЕН – РАДИКА́ЛЕН
УМЕ́РЕННЫЙ – РАДИКА́ЛЬНЫЙ

Што не оди во крајности; што не е застапник на радикални идеи и дејства.

▪ ***Умерена*** *политика.*

Што оди во крајности; што е застапник на брзи и коренити промени.

▪ ***Радикална*** *политика.*

УМЕРЕНО – РАДИКА́ЛНО
УМЕ́РЕННО – РАДИКА́ЛЬНО

На умерен начин; неутрално.

▪ *Делува* ***умерено***.

На радикален начин; коренито.

▪ *Делува* ***радикално***.

УМЕСЕН – НЕУМЕСЕН
УМЕ́СТНЫЙ – НЕУМЕ́СТНЫЙ

Што е на свое место; што е во склад со приликата, времето, потребите; разумен; оправдан.

▪ ***Умесна*** *забелешка.*

Што не е на свое место; што не е во склад со приликата, времето, потребите; неразумен; неоправдан.

▪ ***Неумесен*** *однос.*

УМЕСНО – НЕУМЕСНО
УМЕ́СТНО – НЕУМЕ́СТНО

На умесен начин; на место; згодно; добро; оправдано.

▪ ***Умесно*** *зборува.*

На неумесен начин; незгодно; непотребно; неоправдано.

▪ ***Неумесно*** *коментира.*

УМЕШЕН – НЕУМЕШЕН
УМЕ́ЛЫЙ/ЛО́ВКИЙ – НЕУМЕ́ЛЫЙ/НЕЛО́ВКИЙ

Што има и покажува умствени и физички способности; вешт; искусен.

▪ ***Умешен*** *говорник.*

Што нема умствени и физички способности; невешт; неискусен.

▪ ***Неумешен*** *чекор.*

УМЕШНО – НЕУМЕШНО
УМЕ́ЛО/ЛО́ВКО – НЕУМЕ́ЛО/НЕЛО́ВКО

На умешен начин; вешто.

▪ *Работи* ***умешно****.*

На неумешен начин; невешто.

▪ *Работи* ***неумешно****.*

УМЕШНОСТ – НЕУМЕШНОСТ
УМЕ́НИЕ/ЛО́ВКОСТЬ – НЕУМЕ́НИЕ/НЕЛО́ВКОСТЬ

Својство или особина на оној што е умешен; вештина.

▪ *Треба* ***умешност*** *за добар пинцур.*

Својство или особина на оној што е неумешен; отсуство на вешина.

▪ *Го нервираше* ***неумешноста*** *да состави убаво писмо.*

несв. **УМИРА – ОЖИВУВА**
УМИРА́ТЬ – ОЖИВА́ТЬ

Губи знаци на живот; замира; угинува; исчезнува.

Враќа се во живот; живнува; враќа сили, свежина.

Проклет да бидам, јас пеев, плачев, се смеев, лазев, летав, паѓав, ***умирав****,* ***оживував****, голтав вода, тонев, се губев.* Ж. Чинго*, Големата вода.*

св. **УМРЕ – ОЖИВЕЕ**
УМЕРЕ́ТЬ – ОЖИ́ТЬ

Изгуби знаци на живот; замре; угине; исчезне.

Врати се во живот; живне; врати сили, свежина.

Чудењето беше уште поголемо што ова дојде како некој да ***умрел*** *и повторно да* ***оживеал****.* П.М. Андреевски*, Последните селани.*

несв. **УМИРА – ВОСКРЕСНУВА**
УМИРА́ТЬ – ВОСКРЕСА́ТЬ

Губи знаци на живот; замира; угинува; исчезнува.

Враќа се во живот.

св. **УМРЕ – ВОСКРЕСНЕ**
УМЕРЕ́ТЬ – ВОСКРЕ́СНУТЬ

Изгуби знаци на живот; замре; угине; исчезне.

Врати се во живот.

св. **УНАПРЕДИ – УНАЗАДИ**
РАЗВИ́ТЬ – ПРИВЕСТИ́ В УПА́ДОК
ПРОДВИ́НУТЬ ВПЕРЁД – ПОТЯНУ́ТЬ НАЗА́Д

Подобри; придвижи напред; довери повисока положба; повиши ранг.

▪ *Го* ***унапредија*** *во повисок чин.*

Влоши; врати во полоша состојба; даде пониска позиција; симне ранг.

▪ *Ја* ***уназади*** *својата позиција.*

несв. **УНАПРЕДУВА – УНАЗАДУВА**
РАЗВИВА́ТЬ – ПРИВОДИ́ТЬ В УПА́ДОК
ПРОДВИГА́ТЬ ВПЕРЁД – ТЯНУ́ТЬ НАЗА́Д

Подобрува; придвижува напред; доверува повисока положба; повишува ранг.

▪ *Добрите работници ги* ***унапредуваат****.*

Влошува; враќа во полоша состојба; дава пониска позиција; симнува ранг.

▪ *Ја* ***уназадува*** *фабриката.*

УНИКА́Т – КОПИЈА
УНИКА́ЛЬНОЕ ИЗДЕ́ЛИЕ/ПО́ДЛИННИК – КО́ПИЯ

Единствен примерок; неповторлив, уникатен примерок.

▪ ***Уникатот*** *се чува во сеф.*

Дупликат; што имитира уникатен, оригинален предмет.

▪ *Овде е изложена* ***копија****.*

УПАДЛИВ – НЕУПАДЛИВ
ВЫРАЗИ́ТЕЛЬНЫЙ – НЕВЫРАЗИ́ТЕЛЬНЫЙ
ЗАМЕ́ТНЫЙ – НЕЗАМЕ́ТНЫЙ

Што паѓа во очи; воочлив; лесно забележлив.

▪ *Има* ***упадлива*** *фризура.*

Што не паѓа во очи; невоочлив; незабележлив.

▪ *Има* ***неупадлива*** *стрелка на патот.*

УПОТРЕБЛИВ – НЕУПОТРЕБЛИВ
ГО́ДНЫЙ К УПОТРЕБЛЕ́НИЮ – НЕПРИГО́ДНЫЙ

Што може да се употребува; што е соодветен, добар за употреба.

▪ ***Употреблива*** *машина.*

Што не може да се употребува; што не е соодветен, добар за употреба.

▪ ***Неупотреблива*** *храна.*

св. **УПРОСТИ(СЕ) – УСЛОЖНИ(СЕ)**
УПРОСТИ́ТЬ(СЯ) – ОСЛОЖНИ́ТЬ(СЯ)

Направи да биде поедноставен, поупростен; направи лесен, полесен за правење, за разбирање; стане поедноставен, полесен за правење, за разбирање.

▪ *Ја* ***упрости*** *постапката за вадење лични карти.*

Направи да биде посложен; направи да биде потежок за правење, за разбирање; стане посложен, потежок за правење, за разбирање.

▪ ***Се усложни*** *патувањето со воз.*

несв. **УПРОСТУВА(СЕ) – УСЛОЖНУВА(СЕ)**
УПРОЩА́ТЬ(СЯ) – УСЛОЖНЯ́ТЬ(СЯ)

Прави да биде поедноставен, поупростен; прави да биде лесен, полесен за правење, за разбирање; посложен, станува поедноставен, полесен за правење, за разбирање.

Прави да биде посложен; прави да биде потежок за правење, за разбирање; станува потежок за правење, за разбирање.

▪ ***Се упростува*** *начинот на полагање.*

▪ *Ги* ***усложнува*** *работите.*

УРБАН – РУРАЛЕН
ГОРОДСКО́Й – СЕ́ЛЬСКИЙ

Градски; својствен на град, на градска средина; на градски живот.

Селски; својствен на на село, на селска средина; на селски живот.

Денес постојат средства за јавно комуницирање и во ***руралните*** *и во* ***урбаните*** *средини во Република Македонија.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

УРЕДЕН – НЕУРЕДЕН
ПОДТЯ́НУТЫЙ – НЕРЯ́ШЛИВЫЙ
У́БРАННЫЙ – БЕСПОРЯ́ДОЧНЫЙ
РЕГУЛЯ́РНЫЙ – НЕРЕГУЛЯ́РНЫЙ

1. Што внимава на својот изглед; чист; среден;
2. Педантен во работа; ставен на свое место;
3. Што е во склад со закон, пропис, норма.

1. Што не внимава на својот изглед; нечист,
2. Непедантен во работа; несреден; расфрлан;
3. Што не е во склад со закон, пропис, норма.

▪ ***Уредна*** *фризура.*
▪ ***Уредни*** *документи.*

▪ ***Неуредна*** *коса.*
▪ ***Неуредни*** *документи.*

УРЕДНО – НЕУРЕДНО
АККУРА́ТНО – НЕАККУРА́ТНО
РЕГУЛЯ́РНО – НЕРЕГУЛЯ́РНО

1. На уреден начин; педантно; редовно;

1. На неуреден начин; несредено; 2. Без

точно; 2. Во склад со ред, норми, прописи.

почитување ред, норми, закони.

▪ ***Уредно*** *ѓи извршува задачиште.*

▪ ***Неуредно*** *доаѓа на работа.*

УРЕДНОСТ – НЕУРЕДНОСТ
АККУРА́ТНОСТЬ – НЕАККУРА́ТНОСТЬ

Особина, својство на оној што е уреден; на она што уредно.

Особина, својство на оној што е неуреден; на она што е неуредно.

▪ *Ми се допаѓа кога има* ***уредност****.*

▪ *Овде владее* ***неуредност****.*

св. УСВОИ – ОТФРЛИ
ПРИНЯ́ТЬ – ОТВЕ́РГНУТЬ

Согласи се, одобри; прифати; реши позитивно.

Одбие, одрече; реши негативно.

▪ ***Усвои*** *предлог.*

▪ ***Отфрли*** *предлог.*

несв. УСВОЈУВА – ОТФРЛА
ПРИНИМА́ТЬ – ОТВЕРГА́ТЬ

Согласува се; одобрува; одговара позитивно; утврдува со гласање.

Не се согласува; не одобрува; одговара негативно; отфрла со гласање.

▪ ***Усвојува*** *закон.*

▪ ***Отфрла*** *решение.*

св. УСЕЛИ(СЕ) – ИСЕЛИ(СЕ)
ВСЕЛИ́ТЬ(СЯ) – ВЫ́СЕЛИТЬ(СЯ)

Смести некого во стан, во куќа, насели; смести се; насели се.

Направи или присили некого да напушти место на живеење; напушти место на живеење (стан, куќа).

▪ *Се* ***усели*** *во нов стан.*

▪ *Ме* ***исели*** *од стариот стан.*

несв. **УСЕЛУВА(СЕ) – ИСЕЛУВА(СЕ)**
ВСЕЛЯ́ТЬ(СЯ) – ВЫСЕЛЯ́ТЬ(СЯ)

Сместува некого во стан, во куќа, населува; сместува се; населува се.

Прави или присилува некого да напушти место на живеење; напушта место на живеење (стан, куќа).

▪ *Се **уселува** во куќа.*

▪ *Ме **иселува** од станот.*

УСПЕХ – ПАД
УСПЕ́Х – УПА́ДОК

Добри резултати; добра завршница.

Полоши резултати; намалена активност.

*Женскиот печат во Македонија ги поминува сите фази на нашиот развој кој е преполн со противречности: и **успеси** и **падови** и кризи и време на благосостојба и услови на поголем развој.* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

УСПЕХ – НЕУСПЕХ
УСПЕ́Х/УДА́ЧА – НЕУСПЕ́Х

Добри резултати; добра завршница.

Лоши резултати; лоша завршница.

*Често **успехот** или **неуспехот** на ТВ емисијата зависи од вештината на режисерот...* Т. Груевски*, Историја на новинарството.*

УСПЕШЕН – НЕУСПЕШЕН
УСПЕ́ШНЫЙ – НЕУСПЕ́ШНЫЙ
УДА́ЧНЫЙ – НЕУДА́ЧНЫЙ

Што успеал; што постигнува успех; што носи успех.

Што не успеал; што не постигнува успех; што не носи успех.

▪ ***Успешен** човек.*
▪ ***Успешен** ден.*

▪ ***Неуспешен** обид.*
▪ ***Неуспешна** недела.*

УСПЕШНО – НЕУСПЕШНО
УСПЕ́ШНО – НЕУСПЕ́ШНО

На успешен начин; со успех.

На неуспешен начин; без успех.

▪ *Годината заврши* ***успешно***.

▪ *Испитот помина* ***неуспешно***.

св. **УСПОКОИ(СЕ) – ОБЕСПОКОИ(СЕ)**
УСПОКО́ИТЬ(СЯ) – ОБЕСПОКО́ИТЬ(СЯ)

Направи спокоен; смири; стане спокоен; смири се.

Причини неспокојство; загрижи; стане неспокоен; загрижи се.

▪ *Тивката музика ме* ***успокои***.

▪ *Викањето ме* ***обеспокои***.

несв. **УСПОКОЈУВА(СЕ) – ОБЕСПОКОЈУВА(СЕ)**
УСПОКА́ИВАТЬ(СЯ) – БЕСПОКО́ИТЬ(СЯ)

Прави спокоен; смирува; станува спокоен; смирува се.

Причинува неспокојство; загрижува; станува неспокоен; грижи се.

▪ *Зеленилото* ***успокојува***.

▪ *Неговото доцнење ме* ***обеспокојува***.

св. **УСПОКОИ(СЕ) – ВОЗНЕМИРИ(СЕ)**
УСПОКО́ИТЬ(СЯ) – ОБЕСПОКО́ИТЬ(СЯ)

Направи спокоен; смири; стане спокоен; смири се.

Причини неспокојство; загрижи; стане неспокоен; загрижи се.

▪ *Мајка ми ме* ***успокои***.

▪ *Телефоното ме* ***вознемири***.

несв. **УСПОКОЈУВА(СЕ) – ВОЗНЕМИРУВА(СЕ)**
УСПОКА́ИВАТЬ(СЯ) – БЕСПОКО́ИТЬ(СЯ)

Прави спокоен; смирува; станува спокоен; смирува се.

Причинува неспокојство; загрижува; станува неспокоен; грижи се.

... одеднаш се тргнувавме од невозможната помисла деке покојник не постои и тогаш погледот одеше до лицето на покојната, чиј безживотен мир ***вознемируваше*** *и* ***успокојуваше***. М. Јовановски, *Патот до осаматa.*

св. **УСРЕ́КИ(СЕ) – УНЕСРЕ́КИ(СЕ)**
ОСЧАСТЛИ́ВИТЬ – ОБЕЗДО́ЛИТЬ
СТАТЬ СЧАСТЛИ́ВЫМ – СТАТЬ НЕСЧА́СТНЫМ

Направи среќен; донесе среќа; стане среќен.

▪ *Неѓовоѿо раѓање ме* ***усреќи***.

Направи несреќен; донесе несреќа; стане несреќен.

▪ *Слабиоѿ усѿех ме* ***унесреќи***.

несв. **УСРЕ́КУВА(СЕ) – УНЕСРЕ́КУВА(СЕ)**
ОСЧАСТЛИ́ВЛИВАТЬ – ОБЕЗДО́ЛИВАТЬ
СТАНОВИ́ТЬСЯ СЧАСТЛИ́ВЫМ – СТАНОВИ́ТЬСЯНЕСЧА́СТНЫМ

Прави среќен; носи среќа; станува среќен.

▪ *Ме* ***усреќува*** *добро друшѿво.*

Прави несреќен; носи несреќа; станува несреќен.

▪ *Ме* ***унесреќува*** *ѿомислаѿа за војна.*

УТРО – ВЕЧЕР
У́ТРО – ВЕ́ЧЕР

Почеток на денот; време од изгрејсонце до пладне.

Време пред настапување на ноќта.

Туку ѓледаѿе едни се качувааѿ, други слеѓувааѿ. Ни добро ***уѿро****, ни добра* ***вечер****, секој си е сам.* Ж. Чинго, *Големаѿа вода;*

Јас сум роб, Варваро, а може ѿовеќе од ѿоа! Оѿи јас и очиѿе свои не смеам да ѓи кренам. Да видам кое време е: дали е ***уѿро****, дали –* ***вечер****, дали ведро или облачно.* П.М. Андреевски, *Последниѿе селани;*

Едниоѿ сосед кове на доѓрадбаѿа од ***уѿро*** *до* ***вечер****, другиоѿ ѓо рамни ѿревникоѿ...* Д. Солев, *Црно оѓледало.*

УТРИНСКИ – ВЕЧЕРЕН
У́ТРЕННИЙ – ВЕЧЕ́РНИЙ

Што се јавува, што се случува наутро.

Што се јавува, што се случува навечер.

...сѿоред некои други елеменѿи или белези овој весник ѓо задржува иденѿиѿеѿоѿ како ***вечерен*** *весник, сѿоред некои други каракѿериѿики ѿој посеѿува на* ***уѿринскиѿе*** *весници, дневниѿе весници, па во ѿаа смисла ѿовремено се ѿојавува како конкурен ѿ на „Нова Македонија“.* Т. Груевски, *Исѿорија на новинарсѿвоѿо.*

УЧЕН – НЕУК
ОБРАЗО́ВАННЫЙ – НЕОБРАЗО́ВАННЫЙ

Школуван; образован;
што стекнал знаење.

▪ *Никој **учен** не се родил.*

Нешколуван; необразован;
што не стекнал знаење.

▪ ***Неуки** се раѓаме.*

УЧТИВ – НЕУЧТИВ
ВЕ́ЖЛИВЫЙ – НЕВЕ́ЖЛИВЫЙ
УЧТИ́ВЫЙ – НЕУЧТИ́ВЫЙ

Што ги почитува правилата
на однесување; љубезен;
внимателен; пристоен.

▪ ***Учтиво** однесување.*

Што не ги почитува
правилата
на однесување; нељубезен;
невнимателен; непристоен.

▪ ***Неучтиво** однесување.*

УЧТИВО – НЕУЧТИВО
ВЕ́ЖЛИВО – НЕВЕ́ЖЛИВО

На учтив начин;
пристојно.

▪ *Зборува **учтиво**.*

На неучтив начин;
непристојно.

▪ *Се обраќа **неучтиво**.*

УЧТИВОСТ – НЕУЧТИВОСТ
ВЕ́ЖЛИВОСТЬ – НЕВЕ́ЖЛИВОСТЬ

Учтиво однесување;
пристојност.

▪ ***Учтивоста** е пријатна и
на работа и на улица.*

Неучтиво однесување;
непристојност.

▪ ***Неучтивоста** потекнува
од семејството.*

Ф

ФАЈДЕ *разг.* **– ШТЕТА**
ПО́ЛЬЗА/ВЫ́ГОДА/ПРОК – УЩЕ́РБ/УБЫ́ТОК

Корист; ќар; добивка.

▪ *Има* ***фајде*** *од лекот.*

Загуба; зијан.

▪ *Нема* ***штета*** *од чајот.*

несв. **ФАЛИ СЕ – ЖАЛИ СЕ**
ВЫРАЖА́ТЬ БЛАГОДА́РНОСТЬ/УДОВЛЕТВОРЕ́НИЕ – ЖА́ЛОВАТЬСЯ

Изразува задоволство од
од некого, од нешто.

▪ ***Се фали*** *од синот.*

Изразува незадоволство
од некого, од нешто.

▪ ***Се жали*** *од колегата.*

св. **ПОФАЛИ(СЕ) – ПОЖАЛИ СЕ**
ПОХВАЛИ́ТЬ(СЯ)/ПОХВА́СТАТЬСЯ – ПОЖА́ЛОВАТЬСЯ

Изрече позитивни зборови
за некого или за нешто;
изрече позитивни зборови
(за себе, за нешто свое).

▪ *Го* ***пофали*** *синот.*
▪ ***Се пофали*** *со колата.*

Искаже поплака,
незадоволство (некому,
од нешто, од некого).

▪ *Му* ***се пожали*** *на синот.*
▪ ***Се пожали*** *од колата.*

несв. **ФАЛИ – КУДИ**
ХВАЛИ́ТЬ – ХУЛИ́ТЬ/ОСУЖДА́ТЬ

Кажува добри зборови
за некого.

▪ *Го* ***фалат*** *момчето.*

Осудува; оцрнува; шири
лоши зборови за некого.

▪ *Ја* ***кудат*** *девојката.*

св. **ПОФАЛИ – ПОКУДИ**
ПОХВАЛИ́ТЬ – ПОРИЦА́ТЬ/ОСУДИ́ТЬ

Даде позитивно мислење;
искаже признание.

▪ *Ме* ***пофалија*** *на училиште.*

Даде негативно мислење,
осуди.

▪ *Ме* ***покудија*** *дома.*

ПОФАЛБА – ПОКУДА
ПОХВАЛА́/ОДОБРЕ́НИЕ – ОСУЖДЕ́НИЕ/ХУЛА́

Позитивна оценка, убаво мислење.

Негативна оценка, лошо мислење; прекор.

▪ *За својата работа добива и* ***пофалби*** *и* ***покуди****.*

несв. **ФАЛИ – КРИТИКУВА**
ХВАЛИ́ТЬ – КРИТИКОВА́ТЬ

Кажува пофални зборови.

Осудува; кажува негативни зборови.

▪ *Ја* ***фалаш*** *книгата.*
▪ *Ме* ***фалаш****.*

▪ *Ја* ***критикуваш*** *книгата.*
▪ *Ме* ***критикуваш****.*

ФИЗИЧКИ – ПСИХИЧКИ
ФИЗИ́ЧЕСКИЙ – ПСИХИ́ЧЕСКИЙ

Што се однесува на материјата; физички; материјален.

Што се однесува на психата; душевен; ментален.

Чудно како за само една недела Ѓорѓија целосно се смени. Не само ***физичкиот*** *изглед туку и* ***психички****.* Д. Михајловски*, Избор.*

ФИЗИЧКИ – ДУХОВЕН
ФИЗИ́ЧЕСКИЙ – ДУХО́ВНЫЙ

Што се однесува на материјата; физички; материјален.

Што се однесува на умствената дејност; што се однесува на духот.

После овие пароли, кои ги извикува Мангар а не јас, што ја докажува неговата не само ***физичка*** *туку и* ***духовна*** *кондиција, не ми останува ништо друго освен да се избричам.* Д. Солев*, Црно огледало.*

ФИЗИЧКИ – ДУХОВНО
ФИЗИ́ЧЕСКИ – ДУХО́ВНО

На физички начин.

На духовен начин.

Миризбата на јасминовите цутови, бојата на портокалевите и лимонови цветови, зреењето на калинките, играта на мор-

*скиите бранови во близината ме пренесуваа во еден свет на кој **физички** му припаѓав, но не и целосно емотивно, **духовно**. Како да водев два живота во еден, едниот против другиот...* Л. Старова*, Амбасади.*

ФИЗИЧКИ – ДУШЕВЕН
ФИЗИ́ЧЕСКИЙ – ДУШЕ́ВНЫЙ

Што се однесува на телото; материјален, физички.	Што се однесува на душата, на внатрешниот свет; ментален, психички.

*Таа метафора за нешто што се издигнува како возвишена мисла, заедно со многуте други мисли, над грдотијата на секојдневноста, што во најтешките часови на искушението, на **физичките** и **душевни** страдања, го извишува херојот во некоја друга сфера...* Т. Георгиевски*, Земјата на Христос.*

ФИЛАНТРО́П – МИЗАНТРО́П
ФИЛАНТРО́П – МИЗАНТРО́П

Оној што ги сака луѓето; човекољубец.	Оној што ги мрази луѓето; човекомразец.

ФИЛАНТРОПИЈА – МИЗАНТРОПИЈА
ФИЛАНТРО́ПИЯ – МИЗАНТРО́ПИЯ

Човекољубие.	Омраза кон луѓето.

ФОРМА – СОДРЖИНА
ФО́РМА – СОДЕРЖА́НИЕ

Надворешен изглед; облик.	Тоа што ја сочинува суштината на нешто.

*Конечно сфатив колку **формата** и **содржината** можат да се надополнуваат во процесот на откривањето на невидливото.* М. Јовановски*, Патот до осаматa;*

*Развојот на мрежата на институтите на европските заедници и на Европската унија и дефинирањето на нивните надлежности е следено со противречности... кои имаат основа во различните интереси на државите-членки и различните пристапи во врска со **формата** и **содржината** на интеграциските процеси.*Т. Бендевски*, Право на Европска унија.*

ФОРМАЛЕН – СОДРЖИНСКИ
ФОРМА́ЛЬНЫЙ – СМЫСЛОВО́Й

Што се однесува на формата; на обликот; на надворешниот изглед.

Што се однесува на содржината; на суштината.

▪ ***Формалната*** *страна е важна.*

▪ ***Содржинската*** *страна е поважна.*

ФОРМАЛЕН – НЕФОРМАЛЕН
ОФИЦИА́ЛЬНЫЙ – НЕОФИЦИА́ЛЬНЫЙ

Што има официјален облик; договорен; пропишан.

Што не е официјален; што не е официјално договорен.

▪ ***Формален*** *состанок.*

▪ ***Неформална*** *средба.*

св. несв. **ФОРМИ́РА(СЕ) – РАСФОРМИ́РА(СЕ)**
ФОРМИРОВА́ТЬ(СЯ) – РАСФОРМИРОВА́ТЬ(СЯ)

